УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА

# "БРИТАНСКАТА ДИПЛОМАТИЈА И МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ 1918 - 1934"

-Магистерска работа-

**Ментор:**
Проф. Др. Даринка ПАЧЕМСКА-ПЕТРЕСКА

**Кандидат:**
Симона ГЕРАСИМОВА-ЈОВАНОВСКА

Скопје, 2005 година

## СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР .......... 1

I глава БРИТАНСКАТА ДИПЛОМАТИЈА И ИНТЕРЕСНИТЕ СФЕРИ НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА .......... 5

1. Британската дипломатија до Балканските војни .......... 5
2. Интересните сфери на Британската дипломатија до Првата светска војна .......... 27
3. Британската дипломатија во Првата светска војна до 1918 година .......... 34

II глава ПАРИСКАТА МИРОВНА КОНФЕРЕНЦИЈА И СТАВОВИТЕ НА БРИТАНСКАТА ДИПЛОМАТИЈА ВО ОДНОС НА МАКЕДОНСКОТОПРАШАЊЕ .......... 47

III глава СТАВОВИ И ДЕЛУВАЊЕ НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА ВО МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ И СОБИРИ ПО ОДНОС НА МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ .......... 78

1. Во Друштвото на народите .......... 78
2. Во одделни тела формирани од Друштвото на народите .......... 116

IV глава ВЛИЈАНИЕТО НА БРИТАНСКАТА ДИПЛОМАТИЈА ВО ВРСКА СО ОДНОСИТЕ НА БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ И МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ .......... 133

1. Британската дипломатска активност по Првата светска војна .......... 133
2. Влијанието врз Грција .......... 138
3. Влијанието врз Бугарија и бугарско-југословенските односи .......... 158
4. Односот кон Балканските конференции и Балканскиот пакт .......... 193
5. Односот кон Албанија .......... 200

V глава ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ВО ВЕЛИКА БРИТАНИЈА ЗА МАКЕДОНИЈА .......... 204

1. Пропагандите и јавното мислење во Велика Британија .......... 204
2. Делувањето на Балканскиот комитет .......... 211
3. Друштвото за Блискиот и Средниот Исток и други друштва во Лондон .......... 232
4. Печатот и одразот на неговите ставови кај владите на балканските држави .......... 243

VI глава БРИТАНСКАТА ДИПЛОМАТИЈА ЗА НАСТАНИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА И МАКЕДОНИЈА 1918-1934 ........ 265

1. Сознанија за идентитетот на Македонците ........ 265
2. Македонските организации и револуционерни дејци ........ 285
3. Британската дипломатија за состојбата и настаните во Македонија ........ 309

VII глава БРИТАНСКИТЕ ДИПЛОМАТСКИ ИЗВЕШТАИ КАКО ЗНАЧАЕН ИЗВОР НА ИСТОРИЈАТА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ........ 349

1. Државен архив на Велика Британија ........ 349
2. Пристапот кон архивската граѓа ........ 358
3. Истражувања во Државниот архив во Лондон ........ 374

ЗАКЛУЧОК ........ 381

БИБЛИОГРАФИЈА ........ 390

# ПРЕДГОВОР

Македонското прашање по неговата појава не престанало да ги преокупира дипломатиите на големите сили и во периодот меѓу двете светски војни. Ова е период кога Велика Британија, како една од победничките во Првата светска војна, на Парискаta мировна конференција и по неа ќе има во доста прашања и пресудна улога, настојувајќи да ја сочува стекнатата империјална надмоќ на сите континенти, како и да ја сочува рамнотежата во интересите во Европа и да се спротивстави на опасноста од ширењето на комунизмот.

Како резултат на Балканските војни, Македонија и македонскиот народ се најдоа окупирани и поделени, истоштени од тешките војни водени на нејзината територија, но и со натамошна борба во докажувањето на национален идентитет и создавање на самостојна држава. Оттука и будното следење од страна на британската дипломатија на настаните на Балканскиот Полуостров е тесно поврзано и со следење и влијание врз настаните во сите делови на поделена Македонија и делувањето на македонското ослободително движење.

Во македонската историографија проучувањето на односот на Велика Британија кон македонското прашање во овој период е присутно во одделен монографски труд "Велика Британија и македонското прашање на Парискаta мировна конференција во 1919 година" од Христо Андонов - Полјански. Во рамките на "Македонското прашање во Друштвото на народите" Војислав Д. Кушевски го расветлува и влијанието на британската дипломатија. Одделни прилози, тесно поврзани со македонското прашање се од Живко Аврамовски: "Некои аспекти на македонското прашање во односите на Југославија со Грција и Бугарија од 1918 до 1925 година" и "Британската дипломатија и македонското прашање (1929-1930)". Истиот го зафаќа и македонското прашање во рамките на проучувањата посветени пошироко на настани на Балканскиот Полуостров, како што е монографијата "Балканске земље и велике силе 1935-1937" и одделните негови прилози: "Енглеска и питање Балканског пакта 1930-1933 године", "Европске силе и склапање Балканског споразума" и

"Проект балканского гарантийного пакта (1925-1926)". Канадскиот историчар од македонско потекло, Ендру Росос посебно се осврнува на "Британското министерство за надворешни работи и македонскиот национален идентитет 1918-1941" (The British Foreign Office and Macedonian National Identity, 1918-1941).

За периодот меѓу двете светски војни присутни се одделни прилози посветени на британската дипломатија и македонското прашање и од историчари од соседните земји, како што се тие на бугарскиот историчар Васил Ат. Василев, српските историчари Вук Винавер и Богумил Храбак и грчкиот историчар Димитри Кицикис.

Во македонската историографија, од проучувањата извршени од Христо Андонов -Полјански, Јован Донев, Петар Стојанов и Тодор Чепреганов присутни се повеќе монографски трудови и студии за односот на Велика Британија кон македонското прашање во периодот до 1918 година, како и во периодот на Втората светска војна. Така, од големиот број на прилози од Хр. Андонов-Полјански ги наведуваме само пообемните: "Британската библиографија за Македонија"; "Велика Британија и Македонија - Културно-историски поглед"; "Мисијата на Вилјем Мартин Лик во Македонија"; "Вилијам Гледстон за Македонија". Од Јован Донев: "Македонија во британско-руските односи 1907-1908. Тактика или стратегија" и "Големите сили и Македонија за време на Првата балканска војна. Некои меѓународни политичко-правни аспекти на односот на *големите сили кон Македонија за време на Првата балканска војна*". Од Петар Стојанов "Македонија во политиката на големите сили во времето на Балканските војни 1912-1913." Од Тодор Чепреганов монографиите: "Велика Британија и Македонското национално прашање (август 1944-1948)"; "Судирот на британските и германските интереси на Балканот во текот на Втората светска војна" и "Британската управа за специјални операции (СОЕ) во Македонија: Британските воени мисии во Македонија (1942-1945)".

Не само значајната и во извесни периоди водечката улога на Велика Британија, биле пресудните и во македонската историографија да се пристапи кон истражувања на архивски извори, пред сè во Лондон, за

минатото на македонскиот народ. Присутноста на интересот на Велика Британија кон Балканскиот Полуостров, а во тие рамки и кон Македонија, како еден од централните делови на Полуостровот, присутен во текот на неколку столетија, а засилен по избивањето на Големото источно прашање, довеле во архивските депоа на Велика Британија да се најдат енормно мноштво на документи кои, во забележливото отсуство на такви сочувани во Македонија, а и кај соседните на неа земји, оправдано беа и остануваат во интересот на историчарите. Најилустративно ова го искажал професорот Христо Андонов -Полјански во писмо упатено од него до блискиот пријател проф. Гане Тодоровски од еден од неговите престои во Лондон: "Кога преку ден работам, а сум зафатен цел ден од девет часот наутро до седум часот навечер, се чувствувам особено својствен самиот на себе, вовлечен сум во друг свет, во светот на минатото. Секој ден нов податок за оваа наша пуста "ветрометина", која ја знаат овдека уште од 15 век и чие име било англицизирано таму некаде во 19 век, ја совладува мојата пустот и ме весели. А многу страници биле напишани и вагони хартија овдека биле изарчени за таа наша "страдалница". Не можеш да веруваш дека сум собрал, дека имам материјали ( за тоа) што се случувало кај нас секој ден и тоа во секој поглед!"[1]. Ова е и една од причините да посветиме одделно внимание во овој наш труд и на прашањето за архивите во Велика Британија, нивната организација, можности за истражување, како и за досегашните истражувања вршени од страна на македонски историчари и некои од објавените резултати од овие истражувања.

Истражувањата се вршени само од архивите и библиотеките во Скопје, поради немање можност за престој во други земји. Преку користењето на индикациите од достапната литература, имав можност да порачам и добијам одреден број на документи од Државниот архив на Велика Британија, коишто ги оценив како значајни во расветлувањето на ставовите на британската дипломатија кон македонското прашање во период меѓу двете светски војни. Такви се, пред сè, меморандумите коишто во Министерството во Лондон се составувале за одделни прашања, а кои-

[1] Г.Т. "На овој мал (и тажен) век... " (Записи за Христо-Андонов Полјански), во кн. Христо Андонов-Полјански, Македонското прашање, Скопје, 1990, стр. 357

што станувале актуелни и кон кои требало да се завземе став. Овие меморандуми имале карактер на синтеза и претставуваат колективна работа и став на целиот апарат на Министерството за надворешни работи и соодветните амбасади. При ова, задолжен референт пристапувал кон проучување на расположливата документација и соодветна литература, на што и се укажува во самите меморандуми. До усвојувањето на меморандумот како завршен документ требало да се разгледаат и сугестии искажувани од одделните дипломатски претставништва и други компетентни институции и лица, што овие документи ги прави многу поцелосни за ставот на британската дипломатија кон прашањето што се обработува во дадениот меморандум. Иако покрај овие документи ми беа достапни и извесен број на редовни извештаи испраќани до Лондон, како и некои француски дипломатски документи за ставовите на Лондон, сепак, тоа е толку малку со оглед на постојните документи коишто ги чекаат македонските историчари, нешто што води кон мислата дека овој труд е само фрлање на еден поглед во прашањето, или подобро, на низа прашања, коишто бараат идни дополнувања.

# I глава

# БРИТАНСКАТА ДИПЛОМАТИЈА И ИНТЕРСНИТЕ СФЕРИ НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА

## 1. Британската дипломатија до Балканските војни

Велика Британија, една од најразвиените капиталистички земји во текот на XIX век, иако свртена кон бројните колонии што ги стекнала на сите континенти, во рамките на нејзините интересни сфери, постојано имала и жив интерес кон настаните на Балканскиот Полуостров и патиштата што се вкрстуваат на него, а преку кои можеле и да бидат загрозени нејзините интереси. Интересот кон Османската Империја, зголемен од средината на XVIII век, а особено кон најзиното наследство и опстанок,[1] "во прво време ја ангажирал британската дипломатија кон спречување на влијанието на Австрија на Балканскиот Полуостров, но доближувањето и директното ангажирање на Франција на Балканот бил "сигнал за посилно ангажирање на британската дипломатија и на нејзините политички фактори на овој терен (Медитеранот, Блискиот Исток и Турција). Се настојувало да се минира француското влијание и посилно да се обезбедат британските позиции"[2]. Појавата на француската војска на Балканскиот Полуостров и опасноста

[1] Стойчо Гърнчаров во кн. Балканският свят, София, 2001 на стр. 157-158 го констатира следново: "Од крајот на XVIII век Велика Британија, отпрвин скриено, а потем отворено се искажува како главен руски противник во Дарданелите. Трикратната појава на руската флота во "британското езеро" Средоземното Море во 1769-1774, 1798-1800 и 1805-1807 г. во Лондон предизвикала голема вознемиреност за безбедноста на британските комуникации со Индија по суво, а кои минувале преку Турција, како и за целосното господарење во Средоземното Море. Тогаш се родила идејата за зачувување на целовитоста на слабата Османска империја како стожер на основните стратешки точки за Велика Британија. Доктрината за недопирливост на Турција била јасно формулирана од министерот за надворешни работи Џорџ Кенинг во 1807 г. и тоа во времето на англиско-турската војна. Токму поради ова, доктирната била чувана во тајност. Веќе по победата врз Напалеон наследникот на Кенинг во Форин офис, Роберт Кјаслери, отворено изјавил: Колку да е варварска Турција, за системот на Европа таа е нужно зло.."

[2] Христо Андонов Полјански, Европските држави и Македонското прашање, во кн. Македонското прашање, Скопје, 1990, стр. 67.

од Франција во западните предели на Османлиската Империја претставувала и директна загрозеност на британските позиции на овој терен, што можело да има реперкусии од поширок домен. Оттука и засилената активност на британската дипломатија и на теренот на Македонија, која особено дошла до израз преку успешната мисија на Виљем Мартин Лик (William Martin Leake, 1777-1860), од која британската влада, а денес и историографијата се здобиле со богати сознанија за Македонија и положбата во неа во првата деценија на XIX-от век.[3] Велика Британија, економски и воено силна, по Наполеоновите војни продолжува да биде силен фактор во решавањето на судбините на државите и народите во Европа, а посебно на Балканскиот Полуостров. Велика Британија и во новонастаната положба настојувала и ја сочувала својата слобода да дејствува сама. Наспроти тесната соработка меѓу Русија, Австрија и Прусија во Светата Алијанса забележани се грубите одбивања искажани од Џорџ Кенинг: "Секој за себе, а еден Бог за сите.."[4]. Заедно со другите тогашни европски големи сили, Велика Британија одиграла значајна улога и во создавањето на новите балкански држави, како и во редицата други настани. Познат е договорот со Русија и Франција во Лондон (јуни 1827 г.), според кој преку поставување на поморски блокади да ја натераат Турција на своите државјани Грци да им го признае правото на самоуправување. За таа цел В. Британија ја испратила својата флота пред Александрија. Велика Британија, со заемот што го дала на партијата на Маврокордатос во 1824 г., де факто, грчките востаници ги признала како една од страните која е во војна, а не како бунтовници. За административното извршување на овој заем бил ангажиран поетот лорд Џ. Бајрон. Владата на В. Британија во текот на востанието доделила и втор заем, а на 24 јуни 1827 година во Лондон Велика Британија, Русија и Франција потпишуваат договор за заедничко делување за да се спречи загушувањето на грчкото востание. Така, во октомври 1827 година флотите на овие три земји ги напаѓаат и уништуваат турската и еги-

[3] Христо Андонов-Полјански, Мисијата на Виљем Мартин Лик во Македонија. - Годишен зборник на Филозофски факултет на Универзитетот-Скопје, кн. 21, стр. 49-71.
[4] С. Грънчаров, Балканският свят, стр. 143

петската флота кај Наварино.[5] Воените дејствија и успесите, особено на руската војска, довеле до потпишувањето на Едренскиот мировен договор во 1829 г. Создавањето на независна грчка држава, признавањето на самостојноста и на Србија и на романските покраини Молдавија и Влашка, истовремено се и почеток на јакнење на улогата на Велика Британија во прашањата поврзани со Блискиот Исток.

Настаните во врска со Египет, Лондонскиот договор (1840 г.) и посебно склучената во 1841 година Конвенција за мореузите, врз основа на која Босфор и Дарданелите се затворени за минување на воени бродови за сите народи, претставуваат значаен успех на Велика Британија, т.е. на лордот Палмерстон и неговата политика.Тој го спречил натамошниот развиток на египетската војска, го сопрел ширењето на француското влијание во турското царство и ја спречил Русија од Црното Море да направи сопствено езеро од кое нејзините бродови би господареле со Источниот Медитеран.

Настојувањата на големите сили да ја искористат за свои цели очигледната слабост на Османската Империја доведуваат и до нивни меѓусебни судири. Русија особено настојувала да се прошири на југ на Балканскиот Полуостров и да загосподари со Црното Море, нешто на кое В. Британија гледала како закана врз нејзините интереси кон Исток. Позната е епизодата со царот Николај I кој на британскиот амбасадор му понудил да се договорат двете сили околу поделбата на Османската Империја. Кога Русија во Цариград го испратила на преговори кнезот Меншиков, британскиот амбасадор бил главниот советник на султанот Абдул Меџит, кого султанот го сметал за осведочен пријател и непомирлив непријател на Русија. Советите на британскиот амбасадор Стратфорд де Редклиф за умереност во преговорите со Русија, султанот, сепак, не ги прифатил и на повидок била нова Руско-турска војна. В. Британија и Франција во 1854 г. го потпишуваат со Османската Империја познатиот договор, дека ќе ја бранат нејзината територија без да бараат ништо за себе. Кримската војна од 1854 и 1855 г. завршува со потпишувањето на Парискиот мировен договор во 1856 г. (м.

[5] С. Грънчаров, Балканският.. стр. 159-160.

март) со кој Црното Море е прогласено за неутрално, на Молдавија и Влашка им е призната независност, по р. Дунав да се одвива слободна пловидба и Русија да се откаже од својата покровителска улога врз православните цркви во Османската Империја. За големото ангажирање на В. Британија во Кримската војна и веднаш по неа илустративен е и примерот: "Веќе во 1855 година дошол еден англиски официр во Битола со задача да врши регрутација и да повикува доброволци од христијанското население"[6].

Парискиот мир 1856 г. и донесувањето на Хатихумајунот во истата година, како обврска од мировниот договор, значат нов бран на директно влијание на европските држави во работите на Османската Империја, и таа се поставува во полуколонијална зависност. Европските држави започнале преку своите капитали да продираат во неа, со што се создал нов момент во односите кон Источното прашање, во чии рамки се кроела судбината на Македонија. Истовремено со економскиот продор се зголемува и политичкото влијание низ подрачјата на Империјата."

Тоа предизвикало длабоки општествено-економски промени, кое се одразило и врз разраснувањето на национално-ослободителните движења, до нова постановка и на македонското прашање. Македонија станува прицелна точка во интересот на европските капиталистички држави. Во време на Кримската војна, а особено непосредно по неа, низа европски држави започнале со отворање на конзулати, вицеконзулати и други претставништва и агенции, кои одиграле големи улоги во запознавањето на ситуацијата во Македонија, на нејзините економски и други капацитети и на политичката состојба на овој терен."[7] Велика Британија во Солун има постојано свој генерален конзулат во текот на XIX век кој се надоврзува на работата на британските конзулати во Солун од претходните векови, а кои биле во организација на Левантинската компанија. Британскиот конзулат во Битола отпочнал со работа на 12 февруари 1852 г. и работи до 1915 година. Во Скопје британскиот вицеконзулат е отворен на 18 август 1857 и работи до 12 април

[6] Историја на македонскиот народ, кн. 2, Скопје, 1969 г., стр. 34.
[7] Хр. Андонов-Полјански, Европски држави . . . стр. 66

1862 год. кога неговата дејност е пренесена на конзулатот во Битола. Повторно е отворен вицеконзулатот во Скопје на 23 август 1898 г. и работи до 1914 год.[8]

Востаничките настани во Османската Империја во седумдесетите години одново поинтензивно ќе ги ангажираат европските дипломатии. Судирите на интересите на Русија со тие на Австрија и на Велика Британија продолжуваат со тоа што тие на извесен начин силно се одразуваат и врз судбината на народите во Османската Империја на Балканскиот Полуостров.

Во врска со ангажирањето на Велика Британија околу воведувањето на извесни реформи во Османлиската империја во текот на првата половина на XIX век, забележливо е дека В. Британија била "витално заинтересирана за надворешните односи на Турција, а чија стабилност значела зачувување на постојната рамнотежа меѓу големите сили, Велика Британија, имајќи ги предвид сопствените интереси, упорно и жилаво ќе настојува, на разни начини, користејќи го и спроведувањето на реформите во Османската Империја, да го измести руското влијание врз Цариград .. "[9].

Востанието во Херцеговина во 1875 г., а потоа во Бугарија Априлското востание во 1876 г., како и истата година во мај Разловечкото востание, со сите жестокости во нивното загушување кои предизвикаа остри реакции во јавноста на големите сили, беа сигнал од страна на истите да се преземат нови чекори кон одредување на натамошната судбина на Османската Империја. Русија поставува ултиматуми пред Портата особено по неуспесите што ги доживува Србија во војната со Империјата. На повидок била опасноста од една руско-турска војна што ја натерало владата на Велика Британија да се појави како иницијатор за свикување на конференција во врска со настанатата криза. Така на 4 ноември 1876 г. владата на Бенџамин Дизраели решила да го испрати својот предлог до големите сили, повикувајќи

[8] види: Британски конзули во Македонија 1797-1915 година, Скопје, 2002, стр. 447-448

[9] Глигор Тодоровски, Реформите на големите европски сили во Македонија (1829-19O9), Т. I, Реформите во Македонија до Илинденското востание, Скопје, 1984, стр. 34-35 - авторот изнесува поблиски податоци и во врска со мировните договори и другите реформски акти од овој период.

ги на Конференција, што би се одржала во Цариград, а на која би требало да одлучуваат за: зачувување на независноста и територијалната целост на Османската Империја; свечена декларација дека тие не бараат и нема да бараат никакви територијални придобивки, никакво исклучително влијание во турските работи, а по прифаќањето на овие услови да се предложи смирување на востаничките дејствија преку, меѓу другото, давање на еден систем на месна административна автономија. Како претставници на В. Британија на Конференцијата се јавуваат маркизот Солзбери, истакнат дипломат и државник и амбасадорот во Цариград Хенри Елиот.

На пат кон Цариград, маркизот Солзбери ги посетил Париз, Берлин, Виена и Рим за да ги консултира тамошните влади во врска со претстојната конференција. Наишол на разни ставови, меѓу кои е забележано како во Франција министерот за надворешни работи Деказ бил готов да се согласи со окупација на востанатите области и тоа: Австрија да ја окупира Босна, Русија -Бугарија, а Англија-Македонија[10]. Самиот тек на Цариградската конференција и особено игрите и ангажирањето на британската дипломатија во науката предизвикаа доста интерес. Застапувањето на две спротивни становишта, едно од маркизот Солзбери, кое било и во прилог на поробените народи на Балканскиот Полуостров, и друго од амбасадорот Хенри Еванс по директен налог на Дизраели, а во прилог на Портата и посебните интереси на Велика Британија, било забележено веднаш и од другите присутните претставници на Конференцијата[11].

За развојот и придонесот на британската дипломатија во оваа кризна фаза, во македонската истриографија, акад. Манол Пандевски пишува: "Владата на Б. Дизраели повела една мошне сложена игра во отворената криза, проследувајќи едновремено неколку цели: да ја турне Турција во војна со Русија, а потоа да ја искористи за себе турската исцрпеност; да го задржи што подалеку од мореузите и егејското крајбрежие руското влијание; да и даде поддршка на Портата во нејзиниот отпор против какво и да е

[10] Крсте Битоски, За Цариградската конференција - во кн.: Македонија во Источнатакриза 1875-1881, Скопје, МАНУ, 1978, стр.445.
[11] види повеќе кај К. Битоски во наведено дело на стр, 441-459.

порадикално реформирање на Европска Турција, со што би им се излегло во пресрет на барањата на поробените балкански народи и би се зголемило руското влијание овде итн. По однос на Турција, таа политика само навидум била контроверзна, зашто, додека, од една страна, упорно го поддржувала опстанокот на анахрониот османски систем во Македонија и во соседните до неа земји, од друга страна, таа го окупирала Кипар и настојувала да ја потчини ослабената Турција во целина под британско влијание. Спрема поробените јужнословенски народи Дизраели водел доследно непријателска политика, со настојување неа да ја прикаже како усилба за "заштита" на Турција од руската опасност."[12].

Војната која на 27 април 1877 г. била објавена меѓу Русија и Турција донела значајни промени како на Балканскиот Полуостров, така и во односите меѓу големите сили замешани во балканските прашања. Руските победи и нивното приближување кон Цариград ја продлабочуваат кризата во меѓудржавните односи и растела опасноста од руско-англиски судир. Така, на денот на потпишувањето на договорот во Сан Стефано, на 12 километри од Цариград, во заливот Муданија, оддалечен педесетина километри од Цариград се наоѓала закотвена една британска воена ескадра. Русија, свесна за нејзините меѓународни обврски, од една страна, како и за нејзината економска и воена моќ, од друга страна, во Сан Стефано потпишала само Прелиминарен договор. Велика Британија е една од најактивните сили во поништувањето на овој договор и во свикувањето на меѓународна конференција на која би се определиле условите на мировниот договор што треба да се потпише меѓу Русија и Турција, за која цел е свикан Конгрес во Берлин. "Отстапувајќи пред заканувачкиот притисок на британскиот кабинет, со кој немала постигнато никаква формална договореност за отворените територијални прашања и не можејќи без еден таков договор да излезе на Конгресот, руската дипломатија на 30 мај 1878 г. потпишала во Лондон два меморандума со британската влада. И макар што првиот мемерандум ги

[12] Манол Пандевски, Македонија во меѓународните спогодби и договори во времето на Источната криза- во кн.: Македонија во Источната криза 1875-1881.Скопје, МАНУ, 1978, стр. 57.

определувал основните контури на идните конгресни решенија во Берлин, тој оставал и многу отворени прашања, особено во поглед на Јужна Бугарија, околу кои ќе се разгорат остри руско-англиски судири на самиот Конгрес. Лондонскиот меморандум "за измени на Санстефанскиот договор" ја предрешил судбината и на Македонија. Според него, ревизијата на санстефанските одредби се сведувала на следново: прво, крајбрежниот егејски појас да остане и натаму во Турција, "со цел да се оддалечи Бугарија од Егејското Море", што од британска страна се аргументирало со одлуките од Цариградската конференција."[13]

Во 1878 г. на чело на британската дипломатија се нашол лордот Солзбери, кој сметал дека политиката на подржување на Турција значело играње на погрешна карта[14]. Нагодувајќи се со Русија и со силен притисок врз Османската Империја за да В. Британија војнички го окупира Кипар, а од друга страна и потпишувајќи и соодветен договор со Австрија (на 6 јуни) за настапот на Конгресот во Берлин, дипломатијата на Велика Британија можела на самиот Берлински конгрес да ги наметнува своите интереси прикажувајќи се и како "заштитничка" на Османската Империја. За тоа, колку В. Британија е "заштитничка" на Османската Империја, бугарскиот научник А. Пантев вака се искажува: "Политиката на Англија во заштита на целовитоста на Османската Империја не треба да се апсолутизира и да се користи како клуч за објаснување на нејзиниот однос кон сите појави и настани на Балканот. Доволно е да се присетиме на односот на Англија кон ослободувањето на Грција, издвојувањето на Либан, Кипар, Египет и др., па да се убедеме, дека таа ја штитела целовитоста на Османската Империја само тогаш, кога таа целовитост била загрозена од Русија или од други причини тоа било неповолно за британската политика."[15]

Берлинскиот конгрес завршил со потпишување на Берлинскиот договор кој го заменил Санстефанскиот договор. Русија била најголемиот губитник додека, покрај Велика Британија која го добила Кипар и Австро-

---

[13] М. Пандевски, Македонија во меѓународните спогодби.. стр.180
[14] Vladimir Dedijer, Interesne sfere, Beograd, 1980, str. 92.
[15] Андрей Пантев, Англия срещу Русия на Балканите 1879 - 1894.- София 1972, стр.25-26.

Унгарија ги добива Босна и Херцеговина, се формира Кнежеството Бугарија, Источна Румелија како автономна покраина, се прошируваат териториите на Србија, Црна Гора и на Грција. За Македонија од битно значење бил членот 23 на Берлинскиот договор. Иако Македонија во него не е спомната со вистинското име, општо е прифатено мислењето дека овој член се однесува на неа. Според содржината на членот 23 од Берлинскиот договор, Високата Порта била задолжена во европскиот дел на Османската Империја, односно во Македонија, да воведе реформи, слични на оние предвидени во Органскиот устав, применет на островот Крит од 1868 година. Тие требало да бидат прилагодени кон месните прилики во кои претходно ќе дошло до израз месното население. Во врска со спроведувањето на одредбите од Берлинскиот договор, а посебно на членот 23 и примената на неопходните реформи, во историографијата ги наоѓаме следниве искажувања: "Во поттикнувањето на Турција за спровдување во живот на решенијата од Берлинскиот договор, по прашањето за реформи во европскиот дел на Турција, не била активна само англиската дипломатија, иако треба да се констатира дека таа, не само во оваа фаза на спроведување на реформи во Македонија, односно во европскиот дел на Турција, била најактивна."[16] Бугарскиот историчар Андреј Пантев, кој се задржал повеќе на проучување и на британските дипломатски извори[17], ја има изнесено следнава констатација: "Веднаш по Берлинскиот конгрес Русија настојувала Портата веднаш и целосно да пристапи кон извршување на задолженијата согласно клаузулите на Берлинскиот мировен договор за спроведување на реформи во Македонија и определување на границите со Грција и Црна Гора. Велика Британија се спротивставила на руската иницијатива и отворено го поттикнувала султанот да не ги исполнува наметнатите му со договорот задолженија, коишто бездруго имале крајно ограничен и половичен карактер. Англиската конзервативна влада превзела разни дејствија - од усни уверувања до военоморски демонстрации - за да ја убеди Портата во својата целосна поткрепа и ја направи способна да се спротивстави на руските барања."[18] За одбележување е и ангажирањето на В.

[16] Гл. Тодоров, Реформите на големите европски сили, кн. I, стр. 93

Британија во загушувањето на востаничките дејствија во Македонија после Берлинскиот конгрес. Во 1879 година за да стигнат воени засилувања на турската војска која се борела против учесниците во Кресненското востание, британската влада од свои сопствени интереси помогнала во бродови на турската влада за да ги пренесе поскоро своите војски со нив од Мала Азија до егејското приморје[19].

Во м. април 1880 г. во Лондон по втор пат Либералната партија предводена од Вилијам Гледстон формира влада. Уште во предизборието В. Гледстон остро ја осудувал надворешната политика што ја воделе конзервативците и изјавил дека во надворешната полтика Англија нема да води повеќе изолирана политика, туку ветил дека сите спорни меѓународни прашања ќе се решаваат во рамките на така наречениот "европски концерт". Промената на надворешната политика на Велика Британија со либералите доаѓа од нивната приврзаност кон интересите на трговско-индустриската буржоазија. Уште во средината на 1880 г. либералната влада превзела енергични мерки за извршување на некои од одредбите на Берлинскиот договор за определување на границите на Грција и Црна Гора. Со ова се сакало да се добие довербата на Грција, чиешто место во економскиот продор на Балканскиот Полуостров е особено значајно, а од друга страна и се наоѓа на правецот на британските интересни сфери во Средоземноморието, т.е. настојување на Велика Британија да го сочува воспоставеното господарење врз Средоземното Море.

Истакнатиот британски политичар од XIX от век Вилијам Гледстон со своите ставови во врска со македонското прашање, кое се наметнува веднаш по Берлинскиот конгрес, го има свртено вниманието на проф. Хр. Андонов-Полјански кој со своите истражувања го открива прилогот на В. Гледстон во заштитата на интересите на јужнословенските народи на Балканот преку развиената голема агитација особено во периодот 1875-1880 г. Во 1876 г. се ангажирал и во новофромираното друштво во Лондон "Лига за помош на

---

[17] види и А. Пантев, Англия и реформената акция в европейска Турция (1895-1903), сп. Исторически преглед, XXVII, кн. 6, София, 1971, стр. 17 -

[18] Ан. Пантев, Англия срещу Русия на Балканите 1879-1894, София, 1972, стр.30

христијаните во Турција". Во времето на одржувањето на Берлинскиот конгрес Гледстон се залагал да се реши прашањето на поробените словенски народи врз принципот: "Балканот на балканските народи", при што сметал дека ова е едниственото праведно решение на Источното прашање. Во 1881 г. Гледстон ја регистрирал и неповолната положба на Македонците создадена со неисполнувањето на одредбите од Берлинскиот договор. Неговото познавање на положбата во која се наоѓале поробените народи под османската управа придонело тој јавно да се искаже и за можното најдобро решение на македонското прашање, кое особено силно се наметнува во крајот на XIX и почетокот на XX век: "А зошто да не биде Македонија на Македонците, како што е Бугарија на Бугарите и Србија на Србите? Иако се тие мали и слаби, нека се оставaт да се поврзат меѓусебно за одбрана, така што не ќе можат да бидат голтнати од другите, било големи или мали, кое веројатно ќе дојде како последица од нивните меѓусебни караници."[20] Британската дипломатија била активна и при обединувањето на Кнежството Бугарија со Источна Румелија во 1885 г. Од страна на Австро-Унгарија и Италија од Велика Британија било побарано на секој начин да се спречи развивање на бунтовничко движење во Македонија, а таа извршила во таа смисла силен притисок врз владата во Софија.[21] За тоа каков бил прилогот на Велика Британија во поткрепа на обединувањето искажано е мислење, дека таа "пружила реална помош и заштита" при што "нејзината поткрепа не треба да биде игнорирана. Држењето на В. Британија не се должело на силно хуманитарно расположение, чувства или традиција, туку на единствениот фактор, којшто вистински дејствувал во нејзината политика - сопствените ѝ интереси."[22] Така, се случило либерална Велика Британија во случајот со абсолутизмот на кнезот Милош да застане зад него, а автократската Русија зад српските уставобранители. Исто како и во случајот со Јонските Острови

---

[19] Историја на македонскиот народ, кн. 2, стр. 98.
[20] Христо Андонов-Полјански,Вилијам Гледстон за Македонија и Македонското прашање.- во кн. Македонското прашање, Скопје, 1990, стр.84-96.
[21] А. Пантев, Англия срещу Русия.. стр. 98-99.
[22] А. Пантев, Англия срещу Русия.. стр. 127.

и во Грција. Размената на "природните" позиции на двете сили на Балканскиот Полуостров се случувала и по други прашање на Балканскиот Полуостров. "Ова се должело не на апстрактни принципни согледувања, туку на конкретните барања на надворешно-политичката стратегија."[23]

Сепак, основно нешто за да се разбере европската, па и светската дипломатија во целост, особено значајно е да се направи осврт врз меѓународната позиција и политика на Велика Британија. Ова е и поради фактот дека, ниту Тројниот сојуз Германија, Австро-Унгарија и Италија, ниту Француско - руската алијанса (после 1881 год.), не биле во состојба да го нарушат status quo-to во Европа без британска помош, а од друга страна другите големи сили каде и да настојувале да се ангажираат во светот наидувале, или се судрувале, со веќе воспоставените британски интереси. Велика Британија со својата поморска сила била во состојба во секој момент да им ги пресече комунакациите на другите сили."Воената доминација и силната економија што ги поседуваше Велика Британија беше основата на нејзината полтика на splendid isolation, што со толкава гордост во јавноста ја пласираа нејзините раководители." [24]

Оваа положба на splendid isolation воопшто не и пречела на Велика Британија својата политика кон Балканскиот Полуостров и настаните на него, пред сè, да ја раководи од нејзините вкупни интереси. Предоминантниот страв од Русија во текот на XIX в. и судирот на интересите со неа кон крајот на истот век, ќе бидат заменети со опасноста што се истакнува со економски и воено зајакнатата Германија и нејзиното засилено влијание во Османската држава. Одржувањето на status quo-to во Европа и зачувувањето на стекнатите позиции наметнале Велика Британија да пристапи кон Француско -руската алијанса наспроти сојузот на Германија, Австро-Унгарија и Италија. Забележено е дека од средината на 90-те години Велика Британија како да се откажува од долго бранетата позиција чувар на целовитоста на Османската империја. Со изградбата на Суецкиот канал како делумно да бил намален

[23] С. Грънчаров, Балканският .. стр. 213.
[24] Јован Донев, Македонија во британско-руските односи 1907-1908.Тактика или стратегија.- Скопје, 1994, стр. 16.

интересот кон Босфорот и Дарданелите, кои отсекогаш биле толку важни за Британската Империја. Премиерот лордот Роберт Солсбери дури сметал дека евентуалната загуба на комуникациите со Индија преку Османската империја се компензира со владеењето на Суецкиот канал, а особено со земјите околу Индискиот Океан и Персискиот Залив.[25] Следејќи ги внимателно настаните во Османлиската империја, како и во новонастанатите балкански држави, особено Грција, Бугарија и Србија, а од друга страна проценувајќи го и секој чекор преземен од страна на другите големи сили, Велика Британија и нејзината дипломатија во поглед на македонското прашање и настаните околу него играла активна улога преземајќи понекогаш и иницијатива за решавање на одделни прашања. Ова особено дошло до израз во врска со предлозите и настојувањата за спроведување на реформи, а во духот на одредбите од членот 23 на Берлинскиот договор[26]. Силината на Илинденското востание, а посебно жестокоста на турските власти со башибозукот, за која британската јавност била добро информирана, ја вознемириле европската дипломатија. Владите на големите сили биле опширно информирани за сите настани во Македонија и решавањето на македонското

[25] С. Грънчаров, Балканският . стр. 456.

[26] Настојувајќи да го открие интересот на В. Британија за спроведување на реформи во Македонија, бугарскиот историчар Андреј Пантев го истакнува следново: Тази държава проявяваше постоянна инициатива по македонския въпрос, неведнъж представяше радикални проекти за реформирането на Македония, показваше значителен интерес към вътрешното развитие на националноосвободителното движение и направи немалко за неговото популяризиране извън границите на Балканския полуостров."Англия е - писа в. Реформи", - която днес чрез правителството си и чрез общественото мнение не оставя македонския въпрос да заглъне." При това Англия беше само косвено заинтересована от териториалните изменения в Македония. Нейната икономика едва ли щеше да пострада или спечели чувствително от една промяна на статуквото в тази провинция в каквото и да било направление. На какво се дължеше тогава тази необичайна активност на дипломацията на една страна, която бе главният вдъхновител на Берлинския договор, т.е. на създаването на македонския въпрос? Би било несправедливо да отричаме или омаловажаваме наистина благородните подбуди в хуманната дейност на редица обществени и религиозни институции в Англия, на отделни английски общественици, учени и журналисти, които оказаха реална подкрепа на изстрадалото население в Македония. Това обаче съвсем не ни задължава да приемем като правдоподобни твърденията на редица известни английски историци, че в официалната си политика в Македония Англия се ръководела единствено от принципите на демокрацията и хуманизма. Предприетите от различните английски правителства инициативи по македонския въпрос и специално в реформената акция обаче имаха съвсем други мотиви. Те бяха органическа част от глобалната стратегическа линия на английския империализъм в целия свят. - А. Пантев, Англия и реформената акция в Европейска Турция (1895-1903)- во: Исторически преглед,год. XXVII, кн. 6, 1971, стр. 5

прашање се наметнало со сета своја силина. И овој пат судрувањето на нивните поединечни интереси и вкупната нивна економска состојба и меѓусебните односи можеле да предизвикаат само свртување кон потребата од спроведувањето на реформите одредени уште на Берлинскиот конгрес, без да се загрози целината на Османската Империја. Британскиот амбасадор во Цариград, сер Никол О'Конор, го информирал министерот за надворешни работи Ленсдаун за текот на востанието и турските подготовки за неговото загушување. Истиот ја согледал сета тежина на настанатиот проблем и можноста за проширување и замешување на други земји во текот на востанието и затоа сугерирал пред британската влада да се испратат од страна на големите европски сили воени пратеници за да ги следат настаните. Оваа сугестија со која се предвидувала заедничка акција, а била презентирана од британската влада пред другите големи сили не била прифатена и пропаднала.[27] Сепак, во спроведувањето на реформите се сметале како "нај-заинтересирани" Русија и Австро -Унгарија и нивната согласност за делување од 1897 година. Тие настојувале да не се поставува македонското прашање и да се сочува целовитоста на Османската Империја. Настојувањата на Велика Британија за заедничко интервенирање на големите европски сили во внатрешните работи на Османската Империја, која предлагала дури и употреба на сила, доколку Империјата на се согласи за воведување на контрола при спроведување на нови реформи во Македонија, не се прифаќале. "Заради заштита на своите економски и политички интереси во Турција и подалеку и заради попречување на германското влијание во Турција, кое сé повеќе зајакнувало, што од друга страна пак, имало реперкусии на глобалните интереси на Велика Британија во подалечниот регион на Блискиот и Средниот Исток, таа мошне внимателно ги следела постапките на германската дипломатија на овие простори. Велика Британија била единствената од големите европски сили која послободно дејствувала, без да води доволно сметка за турскиот суверенитет. Сите нејзини предлози и по однос на реформите во европскиот дел на Турција носеле таков печат и затоа мошне

[27] Гл. Тодоровски, Реформите на големите сили, кн. 2, стр. 11

лесно и категорично биле одбивани од другите партнери во европскиот концер. Затоа и на владата на Велика Британија и било јасно дека секое сепаратно настапување по прашањата од европскиот дел на Турција, однапред било осудено на неуспех. Заради тоа, британската влада не можела одвоено да дејствува и нејзините иницијативи морале да се сообразат со интересите на Русија и на Австро-Унгарија." [28] И покрај настојувањата кои се појавиле и во текот на траењето на Илинденското востание, по секоја цена да се сочува неделивоста на Османската Империја, во водените прелиминарни разговори во Виена[29], Велика Британија била прва која ја иницирала потребата од продлабочени реформи и воведување на контрола што ќе го обезбеди нивното извршување.

Настаните во Македонија во текот на летото 1903 г. значеле согледување на неадекватноста на руско- австро- унгарскиот февруарски предлог за реформи во Македонија, а Велика Британија неуспешниот крај на Февруарската реформска програма го дочекала со предлози за порадикални мерки, кои биле пресметнати да го попречат германското, односно австриското, влијание во европските работи на Османската Империја, а од друга страна предлозите на Велика Британија по однос на македонското прашање објективно претставувале значаен чекор кон настојувањето за автономија и за создавање на посебен статус на Македонија. Во британскиот печат, од почетокот на септември 1903 година, постојано било поставувано прашањето за давање автономија на Македонија."Во исто време на британскиот суверен, Едвард, при неговиот престој во Виена, Голуховски му го изнел ставот на австриската влада дека англиските предлози за автономија или назначување на генерален гувернер, христијанин, во Македонија, било крајно вознемирувачко. Однесувањето на Велика Британија во текот на прелиминарните преговори помеѓу големите европски сили за нова порадикална реформска програма во Македонија, навистина внесло доза на загриженост кај одделни големи европски сили. Разбирливо, дека таквото однесување на Велика

[28] Гл. Тодоровски, Реформите.. кн. 2, стр. 16.
[29] познат е австро-унгарскиот став дека на Македонија не може да и се даде автономија туку треба да се предвидат само далекусежни финансиски и административни реформи

Британија било, пред се, одраз на нејзините интереси кон Турција, но сепак нејзината ориентација за порадикални реформи внесла определена доза на страв кај одделни европски сили, посебно кај Австро-Унгарија, Русија и кај Германија. Поставувањето на проблемот за автономија на Македонија од страна на Велика Британија не морало да значи дека Велика Британија била готова да оди до крај по ова прашање. Меѓутоа, точна била претпоставката дека поставувањето на тој проблем од страна на Велика Британија бил еден од адутите во нејзината борба против сé позасиленото германско влијание во Турција, како и против австро-рускиот сојуз, како "најзаинтересирани" европски сили за прашањата на Балканскиот Полуостров, со желба и таа да стане рамноправен партнер во спроведувањето на идните реформи во Македонија. И покрај фактот што во Велика Британија силно се развило движење за помош на незаштитеното население во Македонија, во текот и по Илинденското востание, сепак, не треба да се смета дека однесувањето на Велика Британија и во предлагањето на порадикални реформи во Македонија било последица на притисокот што го вршело јавното мислење во земјата[30]. Таквиот однос на Велика Британија бил резултат на нејзината над-

---

[30] Ангажирањето на британското јавно мислење во полза на заштита на населението во Македонија од турските злосторства и пружање помош од страна на В. Британија во решавањето на македонското прашање било не само преку исцрпните информации што од Македонија ги испраќале специјали дописници на одделни британски весници, туку и преку за таа цел формирани хуманитарни и др. друштва, како што е во м. јуни 1903 г. во Лондон основаниот Балкански комитет со Комисија за помош на населението во Македонија, организирањето на митинзи и др. слични собири во кои се апелирало за помош на Македонија, неколку опширни дебати во самиот Парламент во врска со настаните во Македонија и ставовите што треба да ги завземе В. Британија кон нив. Сето ова било предмет на проучување и во македонската и странската историографија. Така проф, д-р Христо Андонов-Полјански има објавено: Илинденски одгласи во Велика Британија- Скопје, "Разгледи" г.2,кн.5 (1955); Илинденското востание и меѓународната јавност. Кон осумдесетгодишнината од Илинденското востание (1903-1983). Скопје, Мисла, 1985; Ситуацијата во Македонија по Илинденското востание и мирцштегските реформи-Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, кн.8 (1955), а заедно со други автори книгата "Странскиот печат за Илинденското востание', Скопје 1953 г. во издание на Здружението на новинарите на Македонија. Во 1998 г. во издание на Македонскиот научен институт во Софија е објавена книгата "Английският печат за Илинденско-Преображенското въстание 1903 г." во која со подбор се објавени 92 прилога од 18 британски весници. Од вкупно одржаните 150 митинзи во Лондон и во внатрешноста по Илинденското востание д-р Манол Пандевски во кн. "Македонофилското движење во Западна Европа во 1903 година-Документи (Скопје, 1995 г.)" се задржува на митингот одржан на 29 септември 1903 г. во "Сент Џејмс хол". Во "Британската библиографија за Македонија" проф. Х. Андонов-Полјански дава доста податоци за книги што се појавиле во В. Британија од повеќе автори врз основа на новините проучувања на Македонија, меѓу кои е и неодмна објавената

ворешна полтика за постигнување на одредени цели во нејзината глобална надворешна политика. Овој нејзин однос најмногу бил ориентиран кон вршење притисок врз Русија за решавање на англо-руските спорни прашања и како сојузничка на Јапонија, Велика Британија имала интерес да ја вовлече Русија во овие конфликтни прашања, за Русија да го намали притисокот што го вршела на Далечниот Исток, каде што Јапонија имала посебни интереси."[31]

Во македонската историографија прашањата поврзани со потребите од донесување на реформи, дипломатските игри и натегања, прифаќања и отфрлања од страна на поедини европски големи сили најопширно ги презентираше д-р Глигор Тодоровски во "Реформите на големите европски сили во Македонија (1829-1909), кн. 1, 2 и 3. Секако, најголем простор е посветен на предложените и делумно спроведуваните реформи по Илинденското востание. Русија и Австро-Унгарија, настојувајќи да го задржат местото на "најзаинтересирани сили за настаните на Балканскиот Полуостров", настапуваат со Мирцштегската реформска програма, изработена од министрите за надворешни работи на двете земји, а по средбата на рускиот цар Николај II со австро-унгарскиот Франц Јосиф во Виена на 30 септември 1903 год. Британските настојувања да се надополни порано донесената реформска програма (февруари 1903 г.) бил еден од важните моменти за донесувањето на новата реформска програма. Британската влада со прифаќањето на предлогот од Мирцштег условувала и прифаќање на нејзини предлози за модифицирање на предлогот што дефинитивно ќе биде поднесен до султанот. "И дипломатијата на Велика Британија покажувала видна активност во настојувањето за убедување на Високата порта да ја прифати новата реформска програма, тежнејќи, до колку тоа било можно, да внесе нешто повеќе од она што веќе било прифатено. Нејзината најдалекусежна цел била: христијанин за генерален гувернер во Македонија, меѓутоа, таквото нејзино барање не

во превод на македонски јазик "Македонија. Нејзините народи и нејзината иднина" од Хенри Ноел Брејлсфорд.

[31] Гл. Тодоровски, Реформите.. кн.2, стр. 21-22

нашло поткрепа кај другите големи европски сили."[32]

Велика Британија била вклучена, за ралика од Германија која одбила да учествува, со свои офицери во реформите на жандармеријата врз основа на мирцегшката реформска програма постојано настојувајќи да внесе нови порадикални елементи[33].

Спроведувањето на реформите било тесно поврзано со обезбедување на финансиски средства, нешто што довело В. Британија да се јави како еден од иницијаторите за финансиски реформи во Македонија преку кои со средствата собрани од давачки и царина би се обезбедила и извесна самостојност и порадикална примена на реформските програми. За да се натера Османската Империја да пристапи кон овие реформи се прибегнува дури до воен притисок, така што европските големи сили испраќаат како закана свои бродови и на 26 ноември го окупираат Митилени. Во случајот со реформите на финансиите, В. Британија настојувала, меѓу другото, да спречи средствата собрани од зголемувањето на увозните царини да бидат користени за изградба на Багдатската железница, зад која стоела Германија.

Лошата администрација и управата во Османската империја, исто така, требало да бидат подложени на реформи. Покрај настојувањата за реформирање на жандармеријата, за чие усовршување В. Британија настапувала пред другите големи сили со предлози повеќе пати, средувањето на финансиите и со нивно реформирање постигнување на извесна самостојност во управувањето со трите македонски вилаети, В. Британија е иницијатор и на спроведување на четвртата точка од мирцштегската реформска програма и тоа преку извршувањето на реформи во судството како еден од битните услови за безбедност и подобра управа. Не е никакво чудо што од страна на Германија сите настојувања на порадикални реформи од страна на В. Британија биле во начело одбивани. Тие и кај другите големи европски сили како што се Русија, Австро-Унгарија и Италија, водени од нивните сопствени инте-

[32] Гл. Тодоровски, Реформите,, кн. 2, стр. 58.
[33] При одредувањето на сектори во кои офицерите на една голема сила ќе се задолжени за реформите во жандармеријата, Велика Британија добила најмал по простор и по население Драмскиот сектор. Во м. мај 1904 г. екипата на британските офицери пристигнала во Драма, а во нејзиниот состав биле 5 офицери со раководител Фејрхолм.

реси, не наидувале на поткрепа. Јасно се изразил судирот на интересите на сите големи европски сили особено кога преку спроведувањето на реформските програми се овозможувало поголемо влијание и контрола во европскиот дел на Османската Империја. Овој судир на интереси, а од друга страна и нивната неподготвеност во еден поголем конфликт меѓу себе да ги наметнат своите интереси и пошироко од Балканскиот Полуостров, довеле до тоа и во настојувањата да се спроведат зацртаните уште во 1878 год. реформи, на прво место била грижата да се сочува положбата на status-quo-to. Во македонската историографија веќе неколку пати цитираното обемно дело од д-р Глигор Тодоровски овозможува поблиско следење на сите фази од спроведувањето на реформите и тоа во целина согледувајќи ги настапувањата на сите релеванти големи европски сили, при што, истовремено, се дава оценка и на нивниот одраз врз положбата на македонскиот народ.

Проучувајќи ги британско-руските односи во 1907-1908 година и местото на Македонија во нив, д-р Јован Донев направи широка анализа не само на односите меѓу овие две големи сили во дадениот период, туку се осврна и на внатрешната положба во Османската Империја, како и интересите и ставовите и на другите големи европски сили кон прашањата на спроведувањето на ветените реформи во Македонија. Меѓу другото, д-р Донев констатира, дека британската влада "со помош на македонското прашање вршеше постојан притисок врз австро-унгарско-руската антанта на Балканот, односно во периодот пред и за време на руско-јапонската војна ја ослабуваше руската пресија на Далечниот Исток. Со постојаното инсистирање на доследно спроведување и проширување на реформите во Македонија се отежнуваше внатрешната и надворешната положба на прогерманскиот режим во Цариград. Составен дел на полтиката на "константна пресија" претставуваше и желбата за зацврстување на сопствената позиција во Бугарија, односно отстранување на причините за евентуален бугарско-турски судир. На крајот, иако по своето значење, сигурно, не на последно место политиката на "константна пресија" имаше и свој внатрешен аспект, а чија цел беше намалување на притисокот што британското јавно мнение, а

посебно Балканскиот комитет, го вршеше врз владата со цел таа поенергично да се заложи за решавање на македонското прашање".[34]

Понатаму, согледувајќи ги сите битни услови за ставовите и делувањето на британската дипломатија, д-р Донев ја изнесува и следнава констатација: "Целокупноста на сите овие аспекти, како и неопходноста да се сочува интегритетот на Отоманската империја, односно да се задоволат барањата на македонскиот народ, како најоптимално решение ја нудеше варијантата за давање на политичка автономија на Македонија. Од своја страна пак, оваа варијанта на британската дипломатија и го наметнуваше и најтешкиот проблем, а што се состоеше во изнаоѓање на модалитети што би ја намалиле, односно би ја свеле на симболичност турската власт во Македонија, но и би го сочувала територијалниот интегритет и суверенитет на Отоманската империја."[35] Ваквата можност, да се пристапи кон постепени реформи кои во суштина би воделе кон воспоставување на автономна управа во Македонија британската дипломатија ја согледала во отпочнувањето на руско-австро-унгарските разговори за воведување на реформи особено по Илинденското востание.[36] Оттука и редицата чекори што се преземени сé до постигнувањето на договор меѓу В. Британија и Русија. Сепак до договарања меѓу В. Британија и Русија во врска со нивните интереси и заедничко делување на Балканскиот Полуостров не било можно додека во 1885 г. не се договориле за Авганистан, во 1890 г. за Тибет и во 1895 г. за областа на Памир, т.е. докаде оделе интересните сфери на секоја од нив.[37]

Со средбата на суверените на овие две земји во Ревал на 9 и 10 јуни 1908 година двете големи сили ги усогласиле своите ставови и се изготвени два документа согласно кои во Македонија да се формираат жандармериски

[34] J. Донев, Македонија во британско руските односи., стр.161-162.
[35] J. Донев , Македонија во британско-руските односи.. стр. 162.
[36] За одбележување е извесната блискост на британските реформски предлози од тој период со барањата што двајцата задгранични претставници на ВМРО ги поставиле во нивната "Декларација на Внатрешната организација до големите сили" и тоа: назначување на христијанин за генерален гувернер со независност во извршувањето на функцијата и воведување на меѓународна контрола.- Манол Пандевски, Македонското ослободително движење меѓу 1903 и 1918 година. -во кн. Македонија во војните 1912-1918. Скопје, МАНУ, 1991. Стр. 18.
[37] Види: Dedijer, V., Interesne sfere, Beograd 1980, стр. 112.

мобилни трупи чија основна цел ќе биде да ги спречи натамошните активности на странските чети, како и постигнатата согласност за воспоставување на селски стражи. Исто така, предложени се и решенија кои, како што се мислело, би требало да доведат до елиминирање на постојаниот буџетски дефицит, како и до подобрување на административната управа во трите македонски вилаети. Во месеците јуни и јули 1908 г. другите големи европски сили не ги прифаќаат ставовите на британско-рускиот предлог, што во суштина значел оттргнување на Македонија, под една или друга форма, од турското царство и значело воспоставување на автономна управа во Македонија. Ова директно ги погодувало германските и австро-унгарските интереси на Балканскиот Полуостров, а понатаму и кон Мала Азија и Месопотамија, што предизвикало Германија да ја советува Високата Порта со прогласување на Уставот и поттикнување на револуцијата на Младотурците да дојде до пропаѓање на британско-руската реформска акција во Македонија.

Прогласувањето на Уставот и новата младотурска управа во Отоманската Империја им оневозможија на големите европски сили и понатаму да стојат на своите ставови во врска со реформите во Македонија. Британската дипломатија прави обиди да се задржи и понатаму делувањето на британските офицери ангажирани во реформирањето на жандармеријата, но и од ова е принудена да се откаже и да се јави како прва голема европска сила што го признала доаѓањето на Младотурците на власт. Иако политиката на Велика Британија кон Балканот била оптоварена со низа тешкотии и варирања, кои посебно постоеле во однос на македонското прашање, по доаѓањето на власт во Цариград на проанглиската младотурска гарнитура, за владата во Лондон ова прашање било симнато од дневен ред, со што се сакало да се избегне од појава на антибритански чувства, а со тоа и влошување на британско-турските односи. Во водењето и креирањето на својата балканска политика британската влада се нашла меѓу настојувањата да се спречи продорот на Германија на Балканот и кон Блискиот Исток, истовремено, без да се доведат во прашање воспоставените блиски односи со Русија,

да се внимава на зачувување територијалниот интегритет на Отоманската Империја, за да се сочуваат Протоците, што наметнувало постојана грижа Русија да се држи подалеку од Балканот. Ова јасно се одразило и во држењето на британската дипломатија кон Бугарија. Создавањето на голема словенска држава која би имала излез на Средоземното Море, со што би се создала можност за евентуално руско излегување на море морало да се спречи.

Ставот на британската дипломатија кон младотурците, особено, кон создавањето на веќе најавениот балкански сојуз, најдобро го искажал истакнатиот британски дипломат Николсон пред српскиот посланик во Петровград, Миловановиќ во пролетта 1910 година: "Тој вели дека подршката што Англија и другите сили им ја даваат на младотурците е од привремен карактер, бидејќи набрзо ќе се покаже оти ни политичката состојба, ни мирот на Балканот, што моментално се одржува, не се веќе сигурни. Николсон затоа им препорача на Србија и на Бугарија, пред сé, да имаат предвид дека нивниот сојуз треба да создаде таква положба и таква подготвеност, со чија помош" тоа интересирање, кое сега се концентрира на младотурците, да може да се пренесе на нив штом затоа дојде момент." Овој свој став за потребата од српско-бугарска спогодба, Николсон ќе го повтори набрзо штом ќе стане помошник на британскиот министер за надворешни работи. Такви и слични изјави беа давани и во Софија во текот на 1911 година, објаснувајќи им ја на бугарските владејачки кругови неопходноста од сојуз со Србија."[38]

[38] м-р Јован Донев, Големите сили и Македонија за време на Првата балканска војна-Некои меѓународни полтичко-правни аспекти на односот на големите сили кон Македонија за време на Првата балканска војна, Скопје, 1988, стр.65.

## 2. Интересните сфери на Британската дипломатија до Првата светска војна

Преговорите за градење на Балкански сојуз биле будно следени од британската влада со настојување иницијативата околу овој сојуз да ја води Русија, британската дипломатија да не се експонира за да не се влошуваат односите со Австро-Унгарија, а истовремено да се контролира колкаво ќе биде влијанието на Русија. Во моментот кога Лондон се посомневал дека руското влијание станува доминантно, посебно поради внесувањето на клаузулата за арбитража, како и пресудното влијание на Русија за отпочнување на непријателствата, тој се потрудил, заедно со Франција, да изнајде начин за негово минимизирање. Тоа е пронајдено во можноста кон српско-бугарската спогодба да се приклучи Грција. Ова, бидејќи Лондон сметал за неопходно да го ослабни влијанието на царска Русија над Балканскиот сојуз, со вовлекување на Грција во него, каде економските и политичките позиции на Велика Британија биле доволно јаки.

Формирањето на Балканскиот сојуз и текот на сите настани покажувале дека војната меѓу балканските држави и Отоманската Империја е неизбежна. Дипломатиите на големите сили се нашле пред прашањето колку таа војна ќе ги засегне нив и колку ќе се избегне судирот меѓу нив. Поради тоа, Велика Британија, согледувајќи ги сите околности, силно се ангажирала на прашањето за изнаоѓање начин и средства претстојната војна да се локализира. Во таа смисла приватниот секретар на Едвард Греј пред германскиот вршител на работите во Лондон на 14 октомври 1912 г. изнел предлог Велика Британија и Германија заеднички да дејствуваат со цел да се локализира балканската војна.[39]

Успесите во протерувањето на турската војска скоро од сите делови на Балканскиот Полуостров од страна на Србија, Бугарија, Грција и Црна Гора

[39] Ј. Донев, Големите сили .. стр.81-82.

на извесен начин ги загрозиле и интересите на големите европски сили. Двата блока, Германија, Австро-Унгарија и Италија наспротив Русија, Франција и Велика Британија во барањето на начин да ги спречат понатамошните загрозувања на нивните интереси, а истовремено и опасноста од меѓусебен судир, по повеќе преземени дипломатски чекори и размени на предлози, дури на крајот на ноември прифаќаат заеднички став, и тоа: 1) прашања што тие ќе им ги препуштат на регулирање на балканските држави и 2) прашања за кои големите сили мора да го кажат својот збор, а тоа биле: прашањата за Албанија, Цариград, Одринско, планината Атос, романските побарувања и егејските острови.

Во изнесувањето на предлози во текот на м. ноември извесна основа било настојувањето на 1 ноември 1912 г. на Поенкаре, во договор со Русија и Велика Британија, да отпочнат разговори меѓу големите сили за ликвидирање на непријателствата. Веќе биле, од страна на поедини големи сили, изнесувани мислења тесно поврзани со Македонија. Така, од страна на италијанскиот амбасадор во Лондон на министерот за надворешни работи на Велика Британија била изнесена сугестија Солун да биде неутрализиран, а останатиот дел од Македонија поделен меѓу Бугарија, Грција и Србија. Вакво мислење застапувал и рускиот министер за надворешни работи кој се застапувал Солун да биде слободно пристаниште и помалку би се спротивставил ако биде завземен од Грција одошто од Бугарија. И Австро-Унгарија, која на прво место го протежирала создавањето на автономна држава Албанија, со извесни услови се согласувала Солун да остане слободно пристаниште. Во настојувањата да се спречи излезот на Србија на Јадранското Море, Австро-Унгарија и Германија ја упатуваат Србија низ Вардарската долина да излезе на Егејското Море и да го завземе Солун.

Текот на воените дејства, особено задржувањето на бугарската војска кај Чаталџа, како и влијанието на големите сили, наметнале разговори за примирје кои успешно завршиле на 3 декември 1912 год. а истовремено да се прифати британскиот предлог во Лондон да се одржи "неформална средба на

амбасадорите на големите сили".[40]

Во Лондон се одржувале две паралелни конференции: Мировната конференција на завојуваните страни која отпочнала на 13 декември и амбасадорската на големите сили која отпочнала на 17 декември 1912 година. Со амбасадорската конференција претседавал британскиот министер за надворешни работи сер Едвард Греј. Интересно во врска со овие две конференции е, начинот како големите сили го организираат одржувањето на "неформалниот состанок на амбасадорите на големите сили" и работата на истиот, невообичаена за дотогашните меѓународни конференции, е, пред сé во служба на нивните сопствени интереси. На овој начин тие се обезбедиле директно да не се вмешаат во судирот, што во условите на нивната блоковска поделеност можело да доведе до пропаѓање на конференцијата и до европска војна. Од друга страна, нивните позиции кај балканските држави и Отоманската Империја биле доста силни што им овозможувало нивните одлуки не само да бидат разгледувани туку и да бидат прифаќани. Нивната сила била таква што во случај на непослушност тие биле во можност да извршат притисок. Големите сили, користејќи ги и стекнатото право со Берлинскиот договор за одлучување во решавањето на Источното прашање, и во донесувањето на мировниот договор меѓу завојуваните страни успеваат да се јават како посредувач[41]. На својата средба од 15 март 1913 г. амбасадорите изготвуваат

---

[40] Самиот Е. Греј во британскиот парламент на 11 декември 1912 год. истакнал: "Големите сили кои се неутрални и потписници на Берлинскиот договор, се согласија нивните претставници во Лондон да се состанат заедно на информативни неофицијални консултации. За да разменат мислења, специјално за оние прашања што би можеле директно да ги загрозат интересите на која и да е голема сила..Тие нема да формираат конференција." - Ј. Донев, Големите сили.. стр. 111.

[41] "Англискиот државен секретар за надворешни работи, претседателот на амбасадорската конференција сер Едвард Греј бил избран и за почесен претседател на конференцијата за мирот помеѓу балканските сојузници и Турција. За сето време на конференцијата Греј играл улога на арбитер помеѓу самите балкански сојузници во нивните меѓусебни расправии и спорови за распределбата на освоените турски територии а од друга страна бил и посредник помеѓу нив и Турција. Во повеќето случаи, поддржуван и од амбасадорите на Русија и Франција, Греј успевал да ги заузда балканските партнери и да им наметнува ставови на амбасадорската конференција, трудејќи се, се разбира, секогаш да ги сочува интересите на Англија. Греј и рускиот и францускиот делегат на амбасадорската конференција имале основна задача да ги држат на дофат и да ги неутрализираат сите кризни моменти помеѓу балканските сојузници и Турција, кои би можеле да доведат до војна помеѓу европските сили." - д-р Петар Стојанов, Македонија во политиката на големите сили во времето на балканските војни 1912-1913., Скопје, 1979, стр. 171-172.

предлог на мировен договор кој го доставиле до балканските држави и до Цариград при што, покрај другото, предвидувале: "Границата на Европска Турција ќе почнува на Енос и, следејќи го течението на Марица до Едрене, право на Мидија. Сите територии на запад од оваа линија ќе им бидат отстапени од Турција на сојузниците, со исклучок на Албанија, чие разграничување и режим се резервирани за Силите." Иако балканските држави, сојузници во војната, не исцело ги најдоа задоволени своите апетити и барања во поднесениот од големите сили предлог, тие на 30 мај 1913 г. истиот го потпишуваат, пред сѐ, поради силниот притисок.[42]

Одредувањето на границите на Балканскиот Полуостров, по настаните од Првата Балканска војна, големите сили воопшто не го правеле поради придржување кон некои етнички принципи. Тие сметка за народносниот принцип воделе само ако тој бил во согласност со нивните интереси. На Амбасадорската конференција тие не ги разграничувале балканските народи, туку делеле територии без да водат сметка за националните чувства на тие народи, но внимавајќи притоа да не дојде до нарушување на принципот на рамнотежата. На оваа конфереција Македонија претставувала објект - безимена територија. Територија без сопствен национален идентитет. На неа не се земани ниту поставените барања од страна на Македонската колонија во С.Петербург.[43] Исто така на Конференцијата не бил земен ниту предлогот што нешто порано званично го доставила турската влада во кој се барало: Солун, Битола и Скопје со соодветните територии да формираат автономна провинција Македонија под власта на европски или египетски принц.[44]

Британската дипломатија во врска со националната определеност на населението во Македонија во XIX-от век имала поинаква претстава одошто

---

[42] Во оваа смисла е карактеристичен ставот и на В. Британија. Е. Греј ги примил амбасадорите на Бугарија, Грција и Србија и им поставил ултиматум, или ќе го потпишат мировниот договор, или да го напуштат Лондон.- повеќе кај Ј. Донев, Големите сили.. стр. 11-117.

[43] На 1 март 1913 г. д-р Г.К. Константинович, Д. Чуповски, Н. Димов и Александар Везенков потпишале "Меморандум за независност на Македонија предаден од Македонската колонија во С. Петерсбург до министерот за надворешни работи на Велика Британија сер Едвард Греј и на амбасадорите на големите сили при дворот во Лондон" кој завршува со: " На македонскиот народ му е потребно: 1. Македонија во своите географски, етнографски, историски и економско-политички граници да остане единствена, неделива, незвисна балканска држава. 2. Во најскоро време, да се свика врз основа на општо гласање македонско народно собрание во Солун, кое подробно ќе го разработи внатрешното устројство на

тоа се забелжува пред и во текот на балканските војни.[45] Од друга страна, самиот министер Е. Греј во британскиот парламент на 22 јули 1913 год. одговарајќи на прашањето на пратеникот Ноел Бакстон, "дали населението од провинцијата Битола по чувство и религија е предоминантно бугарско?" ќе рече:"Јас сум неспособен да одговорам со сигурност. Одговорот на вакви прашања општо зависи од симпатиите на тие кои ги прашуваат нив"[46] Акад. М. Пандевски во врска со ова прашање го констатира следново: "На тој начин,[47] наеднаш по поразот на македонските сили во востанието започна битка за делба на интересни сфери во самата Македонија. Оружената антитурска борба на Македонците сега ќе биде деградирана уште во еден пункт: во дипломатската преписка и во немакедонската публицистика се повеќе се затврдуваат термините грчки, српски и бугарски комитети (одн. чети), а кои стоеја наспроти македонската именска определба на Македонската революционерна организација. Во европската јавност се добива нов привид. Овој факт имплицитно им признавал интереси на балканските соседи, па, следствено, и право на мешање во Македонија. Како да останувал последниот чекор: освојувањето и делбата."[48]

Во својата книга посветена на Македонија во политиката на големите сили во времето на балканските војни 1912-1913, д-р Петар Стојанов за поставувањето на македонското прашање на амбасадорската конференција и за нејзината работа заклучува: "Македонското прашање, т.е. судбината и иднината на македонските територии под српска, бугарска и грчка окупација,

---

државата и ќе ги определи своите односи со соседните држави." - во Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том први, Скопје, 1981, стр. 553-555. Види и Блаже Ристовски, Напори на Македонците за афирмирање на националниот идентитет и за обезбедување на територијалниот интегритет на Македонија (1912-1913)- во кн. Македонија во војните 1912-1918, Скопје, МАНУ, 1991, стр. 105-106..

[44] види: Ј. Донев, Големите сили.. стр. 119.

[45] Така, например, во статистичкиот преглед составен од британскиот конзул во Битола во 1897 година се дадени податоци за: Словени (православни, мешани, муслимани); Турци; Албанци (Геги, Тоски, христијани); Грци и Грци муслимани; Власи и Евреи. - Христо Андонов-Полјански, Еден непознат статистички преглед за населението во Битолскиот вилает од 1897 година.- во Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот - Скопје, кн. 21, 1969, стр.73-119.

[46] Ј.Донев, Големите сили.. стр.128.

[47] се мисли со појавата на вооружените чети испраќани од Србија, Грција и од Бугарија - белешка на С.Г.-Ј.

[48] М.Пандевски, Македонското ослободително движење.. стр 21.

исто така, не била ставена на разгледување на конференцијата на амбасадорите. Прашањето за територијалните разграничувања помеѓу новите властодршци во Македонија, повеќе дошле до израз во кулоарите на дипломатијата и на политиката на владите на големите сили, заинтересирани за решавање на спорните прашања во духот на нивните интереси на Балканот и во Македонија. Тие, во зависност од својот однос и политика спрема балканскиот сојуз во целина или поединечно и одделно спрема секоја членка од него, предлагале, нуделе и ветувале разноразни решенија и "компензации" на своите клиенти кои аспирирале на делови или во целост врз македонските територии. На амбасадорската конференција проблемите од поделбата и иднината на одделни делови и населби од македонската територија биле надминувани (со исклучок на Солун, железничките линии и други глобални прашања) исклучиво од делегатите на балканските држави и нивните влади кои, преку амбасадорската конференција или директно преку владите на големите сили, сакале да добијат поддршка и заштита во реализацијата на своите претензии во Македонија."[49]

Владата на Велика Британија, како и тие на останатите големи европски сили, неможејќи да го сочува status-quo-то, а настојувајќи да се остварува извесна рамнотежа за да се избегне судир меѓу самите нив, "ќе се согласи балканските држави да влезат во војна со Турција, но под услов рамнотежата на силите да не биде нарушена. Во овој контекст треба да се напомене дека невозможноста од понатамошно запазување на статус квото не беше резултат само на нараснатите општествено-политички и економски противречија на Балканот, туку територијата на Европска Турција беше цената што членките на Антантата требаа да ја платат за приоѓање на балканските држави кон нивниот блок. Војната се јави како резултат на судирот на интересите на државите на Антантата со државите на Тројниот Сојуз. Секој од блоковите, стремејќи се кон нова распределба на светот, ги

---

[49] д-р П. Стојанов, Македонија во политиката на големите сили во времето на балканските војни 1912-1913, Скопје ИНИ, 1979, стр . 171.

привлекуваше кон себе владите на балканските држави со цел благовремено за себе да обезбеди поволен распоред на силите за претстојната европска војна. Велика Британија, Франција и Русија во поделбата на Македонија гледаа шанса од привлекување на Бугарија, Грција и Србија кон сопствениот блок. "[50]

[50] Ј. Донев, Големите сили.. стр. 130.

## 3. Британската дипломатија во Првата светска војна до 1918 година

Истата насока ќе ја задржи дипломатијата на Велика Британија и во текот и по завршувањето на Втората балканска војна која со Букурешкиот мировен договор ги стави големите европски сили пред свршен чин во поглед на поделбата на Македонија. До отпочнувањето на Првата светска војна, како и во првите години од неа, за дипломатијата на Велика Британија од особена важност било да се привлечат повеќе држави кон Антантата. На Балканскиот Полуостров, во врска со Србија и нејзиното привлекување кон Антантата било најлесно и најприродно, особено по судирот со Австро-Унгарија. Положбата со Грција се покажала нешто покомплицирана особено по убиството на кралот Георг и доаѓањето на престолот на германскиот воспитаник и зет за сестрата на германскиот крал Вилхем II, младиот крал Константин[51]. Бугарија и нејзините игри кон која страна да се приклучи, пред сè водена од настојувањата на тој начин да ја добие Македонија, истотака, во голема мерка ја ангажирале и британската дипломатија, не само пред избивањето на војната туку и во текот на Првата светска војна, скоро сè до 1918 година.

Дипломатијата на Велика Британија со своите сојузници не секогаш имала еднакво мислење во поглед на пристапот кон решавање на прашањата на Балканот што се јавиле во предвечерието на Првата светска војна како и во самиот почеток на истата. Така, пред Бугарија да се вклучи во војната таа имала становиште дека, балканскиот јазол најефикасно може да се реши со создавање на една конфедерација на Бугарија со Србија, Романија, Грција и Црна Гора, при што во таквата заедница во тогашните услови улогата на Бугарија би била значајна и во склопот на Југоисточна Европа[52]. Ова е пред

[51] Кралот Георг е убиен во м. март 1913г., прогерманската политика на кралот Константин довеле и до судир со владата на Венизелос - S.M. Sophocles, A History of Greece , Thessalonike, 1961, p.352-355

[52] Bogumil Hrabak, Sile Antante i Sjedinjene Americke Drzave prema Bugarskoj 1915-1918. - Vranje, 1990, str. 13

сé поради стравот од руското завладување на Босфор и Дарданелите, што довело и до преземање на неуспешната есенска британско-француска кампања во есента 1915 г.

Откако Бугарија дефинитивно пристапила кон Централните сили со потпишувањето на 6 септември 1915 година договор со истите, со што им овозможила на Германија и Австро-Унгарија подлабоко навлегување на Балканот и преку Турција и кон Блискиот Исток, не престанале и понатамошните дипломатски и други акции преку разни ветувања, во кои во добар дел била територијата на Македонија, да се растури или блокира тој сојуз. Во Лондон делуваат бугарски пријатели кои преку печатот ширеле гласови за недоразбирања и судири меѓу Бугарите и австро-унгарските и германски војници во Македонија (тепачка во некое скопско кафеанче), судирите околу границите на завземените територии и др. сл. Дури и во отпочнатите борби против бугарската војска од страна на единиците на Источната армија на Антантата (кои биле стационирани во Солун и уште на 12 октомври 1915 г. француски воени единици упаднале во Вардарска Македонија - тогаш во српска окупација) кои се случиле прв пат на 22 октомври 1915 г. кога бугарската војска прва нападнала на секторот Татарче-Градец, има разлика во држањето на британските од тие на француските воени кругови. Во лондонските воени кругови и во печатот надвладувало мислењето дека е доцна за да се преземе офанзива во Македонија, ова особено го подржувале бројните пријатели на Бугарија во Лондон кои дури и во м. ноември 1915 г. настојувале да ги оправдаат чекорите што ги превзеде Бугарија.

По отпочнувањето на Првата светска војна и вклучувањето во неа на Бугарија есента 1915 година, дипломатијата на В. Британија повеќе пати ќе настојува да најде начини Бугарија да ја привлече кон Антантата и со истата да се склучи сепаратен мир. Во оваа смисла е интересен и Меморадумот на британскиот генерал Howell, кој бил на служба во Солун, а кој бил поделен на политичарите и јавните работници во Лондон. Во него, генералот констатирал дека сегашната положба не може долго да се одржи. Офанзивата против позициите на бугарската војска не би имала изглед на успех бидејќи

покрај целокупната бугарска војна ефектива би биле ангажирани и Турци. Нападот врз турските трупи во Египет и Месопотамија, исто така, посредно зависи од Бугарите, т.е. од нивното ангажирање против Грција, чијашто сообраќајна, па и полтичка позиција била одлучувачка за споменатите две боишта. Во расправијата со Србија околу Македонија е активирана бугарската национална свест. Бугарите сакаат да ги завладеат и Кавала и Солун, како што сакаат да ја остварат и својата доминација во Албанија. Остварувајќи ја бугарската национална програма бугарскиот владетел го зацврстил својот авторитет во земјата, па дури во извесна смисла влијаел и врз бугарските русофили што му овозможило да се пресмета со опозицијата и многумина од нив да уапси. В. Британија направила грешка што дозволила во 1913 г. Турција да си го врати Едрене, при што се ограничила само на протест до Портата. Ако би можеле да се одоброволат Русите кон "неблагодарните Бугари", Сојузниците би требало да стапат во контакт со бугарската страна нудејќи им ја Македонија и областите на Кавала и Лерин (која претставува јужната ивица на битолската рамнина). За ова отстапување на Србија треба да и се дадат компензации на друга страна, а на Грците треба да им се дадат Гевгелија и Дојран, како и јужните делови на Албанија. Британскиот министер претпоставувал дека со ова врз етнички начела ќе се воспостави хармоничен мир на Балканот.[53]

Со идеите преку задоволување на Бугарија со доделување на делови од Македонија, секако, пред сѐ, се настојувало В. Британија што полесно да ја добие војната, а се друго било во заден план. Идејата за склучување на сепаратен мир со Бугарија не само што се прифаќала и била застапувана од извесни кругови блиски на Софија, туку како прашање било поставувано и во Парламентот во Лондон. Така, на 28 март 1916 г. Роналд Мек Неил го прашал министерот за надворешни работи за можноста да се склучи сепаратен мир со некоја од завојуваните страни, мислејќи пред сѐ на Бугарија. Со одобрение од лордот Е. Греј, одговорил лордот Роберт Сесил дека ниту една сојузничка не може да склучи сепаратен мир без согласност на другите земји сојузнички.

[53] ADMAE, Guerre 1914-8, Bulgarie VI, f. 200-2 od 13.III 1916 g.

На седница во Парламентот на 27 април и г. Мек Неил во прилог на своето инсистирање за сепаратен мир го поставил на разгледување горенаведениот меморандум од генералот Хоувел. Ова било спречено со користење на формални пречки од страна на Форин офис.[54]

Дали настојувањата преку ветување на територии од Македонија на Бугарија за истата да се придобие кон Антантата имале некоја основа и во официјалната политика на В. Британија и покрај честите појавувања на оваа идеа, па дури и индиректни понуди од бугарска страна (како што е тоа изјавата на заменик началникот на Генералштабот на бугарската војска генералот Жеков)? В. Британија, заедно со другите сојузници кон крајот на 1915 г. на српската влада, која се наоѓала во Скадар, и ветила дека Србија ќе ја воспостават во нејзината севкупност. Обврската деловите од Македонија што Србија ги окупира во Балканските војни да останат во нејзините граници по завршувањето на војната.[55]

Забележени се и настојувања дури и во британската влада, како тоа на лордот Кичинер на 3 декември 1915 г., В. Британија да ги повлече своите трупи од Солун. Симпатии кон Бугарија се манифестирани и од повеќе разни јавни личности. Интересно е едно излагање, поправо дискусија, на Чарлс Вуд во јануари 1916 г. во Кралското географско друштво во Лондон кога се расправало за создавање на Југославија и приклучување на Далмација кон неа, тој настапил со поставување на прашањето за Македонија. Констатирал дека Србија почнала поинтезивно да се интересира за Македонија дури по 1881 г., под притисок на Австро-Унгарија. Зборувал и за меѓусојузничкиот договор од 1912 г. според кој најголемиот дел од Вардарска Македонија требало да и припадне на Бугарија. Тој во сржта на неговата дискусија ја поставил констатацијата дека со обновувањето на српската држава нема да се дојде до решавање на балканските проблеми, туку со помирување меѓу балканските

---

[54] Hrabak, B., Sile Antante i Sjedinjene Americke Drzave prema Bugarskoj 1915-1918, Vranje 1990, str.44.
[55] Hrabak, B., Sile Antante.. str. 24

народи, да се почитуваат условите настанати во 1915 г., Србија да се помири со загубата на Македонија и да се вратат на основите од договорот со Бугарија од 1912 г.[56]

Во 1915 г. со сличен меморандум до владата настапил и Винстон Черчил, тогаш министер на војската, во кој се застапувал да се излезе во пресрет на бугарските барања за територии во Македонија, бидејќи сметал дека на тој начин многу полесно и побрзо ќе се извојувала победата.[57]

Британските воени сили на Македонскиот фронт во 1916 г., по бугарската офанзива, кај Дојранското Езеро претрпеле значителни загуби.[58] Веќе наведовме дека генералот Киченер бил истакнат бранител на тезата дека треба да се напушти Македонскиот фронт, а сите сили да се префрлат во Франција, каде што би требало да се извојува военото решение. Кон крајот на пролетта 1917 г. и била повлечена една британска дивизија од Македонскиот фронт, нешто што добило силен одглас во германските и бугарските јавни гласила со извесно настојување и во ова да се гледа британски потег кон евентуално склучување на сепаратен мир со Бугарија. [59]

Во македонската историографија Ив. Катарџиев обрнува внимание на ставовите на В. Британија кон Бугарија не само во почетокот и пред Првата светска војна, туку и на влијанието врз британските ставови по ова прашање од двете револуции во Русија (Февруарската и Октомвриската). Констатирајќи уште во почетокот, дека во Првата светска војна, во судирот меѓу големите империјалистички сили за нова поделба на интересните сфери и светските богатства, Балканот се најде во многу значајна позиција од која или ќе се напредува кон Исток и британските и француски колонии, или ова напредување на Централните сили тука ќе биде задржано. Во овој судир на интереси балканските држави наоѓаат своја сметка: "Атмосферата што владееше на Балканот непосредно по Букурешкиот мир, односно помеѓусеб-

---

[56] Evans, A. Les Slaves de l'Adriatique et la Route continental de Constantinople, Lonado, 1916, p. 35-36

[57] Дамянов, Симеон - Проблеми на политиката на Великите сили спрямо България в навечерието на Първата световна война- България в света от древността до наши дни, том втори, София 1979, стр. 74-75

[58] B. Hrabak, Sile Antante..str.67

[59] B. Hrabak, Sile Antante..str.118

ното крваво пресметување на балканските држави, создаваше вонредно поволни услови за распалување на интригите на конкурентските сили и тие се користеа од поволната клима. Се разбира, дека преку интригите во настојувањата за придобивање нови сојузници на Балканот, најшироко и најуспешно било експлоатирано македонското прашање. Се добива впечаток дека тоа добило првенствено значење во светската политика. Од неговото успешно решавање во многу зависеле распоредот на силите, развојот на воениот судир, а донекаде и должината на самата војна."[60]

Промените што настанале во Русија во Февруари 1917 г. и доаѓањето на Миљуков на чело на надворешната политика не само што ја загрижиле Србија поради неговата наклонетост кон бугарските барања, туку ги натерало останатите сојузници во Антантата да гледаат во пропаѓањето на царизмот во Русија и можното нејзино излегување од војната. Во оваа смисла е забележено искажувањето на началникот на штабот на англиската армија, маршалот Хенри Вилсон дека во м. мај 1917 г. инсистирал: "ние би требало да почнеме со разбивањето на германскиот сојуз, со откинување на Бугарија, предложувајќи и го Солун". По Октомвриската револуција и излегувањето на Русија од војната, настојувањата на британската дипломатија да ја отргне Бугарија од сојузот со Централните сили посебно ќе зајакнат и тие ќе траат сé до пробивањето на Македонскиот фронт, т.е. до м. август 1918 година.

Во м. мај 1917 г. од Лондон во придружба на капетанот Манојло Иванов, син на бугарскиот генерал Иванов кој со Србите во 1914 г. се борел против Австријците, во Женева биле испратени два британски високи функционери (дипломат и капетан) со задача да се сретнат со водачите на бугарската опозиција Гешов и Такев и да ветат дека Македонија ќе добие автоно-

[60] Катарџиев, Иван- Антантата и македонското прашање во текот на Првата светска војна, во кн.: Борба до победа, 4, Скопје 1983, стр. 129 - На истата страна во забелешка Катарџиев констатира дека: "Во нашата историографија не му е посветено многу внимание на македонското преашање во текот на Првата светска војна." Неговите настојувања се врз основа на литературата и архивската граѓа со која располагал да ги проучи "најразличните видови на третирања и манифестирања на македонското прашање во последната година од големата војна" иако се задржува и на претходните настани.

мија, ако Бугарија ги напушти Централните сили.[61] Продолжувајќи со настојувањата да најде начин во постигнување на зацртаната цел, британската дипломатија користи повеќе патишта да се влијае на Бугарија и да се стапи во контакт со релевантните фактори во таа земја. Забележено е и делувањето на поранешниот главен преведувач од британската амбасада во Цариград, Фицморис, кој во јули 1917 г. во Лозана, заедно со Бугари, развива дејност преку ветување на територии од Македонија да се привлече Бугарија за сепаратен мир. Уште поголемо ангажирање е забележено во м. септември кога во швајцарското место Тонот се водени разговори меѓу претставниците на комитетот на бугарските партии во опозиција и претставници на Франција, В. Британија и Русија. Така на 22 септември претставникот на В. Британија побарал Бугарија да ја промени политичката ориентација пред јапонските сили да стапат во дејство. При ова се набројуваат отстапките што ќе се направат на Бугарија (Добруџа и линијата Мидија-Родосто), а Македонија би добила независност со Солун како главен град.[62]

Преку користењето на српски документи во македонската истриографија Ив. Катарџиев фрли поглед и на делувањето на одделни британски државјани во Македонија во текот на војната. Откако дава повеќе податоци за француските истражувања вршени со цел да се има јасна слика за состојбите во деловите на Македонија кадешто биле војските на Антантата, особено за народносниот карактер на населението, се задржува и на некои сознанија за британската активност. Така, во извештај на мајорот д-р Милан Г. Петровиќ е констатирано дека: "Англичаните многу живо се интересираат за историското потекло на нашето население во Македонија, за неговото сегашно национално чувство." Дури се констатирало дека англиското интересирање за приликите во Македонија било "далеку најголемо". Забележена е и активноста на професорот од Лондонскиот универзитет д-р Симпсон, кој извесно време работел во британската болница во Кремен, а кој особено

[61] B. Hrabak, Sile Antante.. str. 142

[62] За активностите на комитетот на бугарските партии во опозиција во Швајцарија и контактите со претставниците на Антантата поопширни зборува B. Hrabak, Sile Antante..str. 148-152

обрнал внимание на испитувања на јазикот и со прашањата за народноста на Македонците. Неговата дејност ја продолжила Марија Стјуард. Сите тие, како и госпоѓицата Кемпбел, која делела храна на децата во селата, зборувале дека јазикот на населението е македонски и дека тие не се ништо друго туку Македонци.[63]

Секако, дека со користењето на британската архивска граѓа од периодот на Првата светска војна, ќе се дојде до многу повеќе сознанија како за активностите во поглед на решавањето на македонското прашање, така и во поставувањето на прашањата околу Македонците и нивниот идентитет. Ваквото истражување не е во рамките на темата поставена за овој труд. Остануваат корисните укажувања и согледувања направени од д-р Ив. Катарџиев околу тоа, како дошло до британското размислување за создавање на една Автономна Македонија и нејзината заштита заради опстанок, да се надополнат и продлабочат. Во оваа смисла посебно е интересно писмото на лордот Нортклиф, кој бил на чело на специјално биро во британската влада, до министерот за надворешни работи Балфур, од 25 мај 1918 г. во кое предложил: "Ако се покаже дека е невозможно да се постигне успех со убедување или притисок, за да го примат Србија или Грција етнографскиот принцип за бугарска Македонија - само автономијата на Македонија, создадена со меѓународна жандармерија би дала достатен отпор против српската или грчката и бугарската пропаганда и би воспоставила ред и мир во областа. Посебната полза од создавањето на една автономна Македонија би била уште во тоа што самите македонски Бугари ќе ја претпочитаат автономијата пред непосредното присоединување кон Бугарија".[64]

Во настојувањата на своја страна да ја привлечат и Грција силите на Антантата главна пречка најдоа во новиот владетел, кралот Константин чија поврзаност со Берлин ја веќе констатиравме погоре. Ристо Поплазаров со својот "Прилог кон проучувањето на историјата на Македонија за време на

[63] Ив. Катарџиев, Антантата и македонското прашање.. стр. 158-159
[64] Катарџиев И., Антантата и македонското прашање.. стр. 187-189

Првата светска војна" во македонската истриографија внесе повеќе расветлување на превриарањата и судирите во Грција меѓу двата блока "прогермански" и "проантантски".[65] Настаните околу судирот на интересите на Централните сили и на Антантата и настојувањата таа да се привлече на своја страна во македонската историографија е предмет на разгледување и од страна на Петар Стојанов во неговиот обемен монографски труд "Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912-1918)." Задржувајќи го своето внимание пред се врз состојбата внатре во Македонија и како се одразува врз населението поделбата како и огромниот странски воен потенцијал, заедно со неколкугодишните борби, во двата случаи Поплазаров и Стојанов, одделно се задржуваат и на политичката ситуација во Грција до нејзиното вклучување во војната, судирите меѓу Венизелос, кој ја предводи либералната партија и припадниците на кралската партија. При ова, се даваат и некои податоци за ангажирањето на дипломатијата на В. Британија во сите овие настани. Појавата на В. Британија како заштитник на Грција и нејзините интереси воопшто не била нова, имајќи го во вид основниот интерес на В. Британија за заштита на нејзиниот пат кон колониите на Блискиот Исток и кон Индија, во што Грција секогаш имала свое место поради нејзината географска положба. Не случајно во есента 1912, кога странските конзули го преземаат врз себе управувањето со Солун по повлекувањето на турската војска, кога дошол моментот градот да биде предаден на грчките власти, решавачка улога, покрај францускиот имал британскиот конзул, а самиот новоназначен врховен административен и управен раководител Константин Д. Рактиван, дотогашен министер за правда, во Солун можел да влезе само со помош и заштита од британскиот конзул и британскиот бродски капетан Кардале.[66]

Во почетокот на 1915 г. дипломатијата на В. Британија силно е ангажирана во привлекувањето на Грција на страната на Антантата. Познато е дека по наредба на Едвард Греј британскиот амбасадор во Атина, Франсис

[65] Гласник на ИНИ . год. X, бр. 1, стр. 61-93
[66] П. Стојанов, Македонија во времето.. стр. 145-146

Елиот, од името на трите антантски влади, на грчкиот претседател Венизелос му понудил големи територијални придобивки за Грција во западна Мала Азија за да и помогне на Србија, а на Бугарија да направи извесни територијални отстапки во Источна Македонија, т.е. областа Драма, Серес, Кавала и соодветната околина. "Англиските либарали, кои во ова време беа на власт и кои уште од почетокот на XX век (1904 год.) сметаа "дека Грција треба да се ориентира кон Мала Азија, бидејќи нејзината национална сила во Македонија е многу слаба, алудирајќи на "Мегали Идеа" се надеваа дека во Атина ќе постигнат успех. И навистина, Венизелос, поставувајќи извесни услови, го прифати предлогот и се заложи да се оствари. Истиот ден го испрати до кралот Константин прочуениот прв меморандум (11/24.I.1915) во кој го убедува да се согласи Грција да учествува во војната на страната на Антантата."[67] До м. март 1915 г. Венизелос до кралот ги испратил и познатите втор и трет меморандум во кои, меѓу другото, се залагал кралот да го прифати предлогот на британскиот министер за надворешни работи Е. Греј. Во мемоарите се и размислувањата што може уште да се добие во Македонија и на кој начин.[68] Следат редица притисоци и од страна на Антантата и од страна на Централните сили. Приклучувањето на Венизелос кон Антантата и неговата улога во 1915-1917 година била секогаш со закрила (и дипломатска и воена) и од британците и од французите. Отфрлениот од грчкиот крал Венизелос во Солун, со директно водство и настојување на францускиот генерал Сарај, врховен командант на сојузничките војски во Македонија, а, секако во договор и со британските надлежни власти, во м. август 1916 г. преку покренувањето на така нареченото "Солунско движење", со неговите приврзеници успева да го загрози опстанокот на кралот и неговата прогерманска политика. Во Солун во м. октомври формирал и т.н. "Влада на националната одбрана", доаѓа и до воени судири меѓу воените единици приврзени на кралот и воените единци прврзени на Венизелос (кај Катерини во м. ноември 1916 г.). Францускиот генерал Фурние ја нападнал и Атина, а на 24 ноември владата на Венизелос го прогласила кралот Констан-

[67] Р. Поплазаров, Прилог кон проучувањето.. стр. 64-65

тин за симнат од престолот, така во почетокот на 1917 г., по неуспешните обиди на Антантата да ја набеди Атина да ги прифати нивните барања (затегнатите односи во ноември-декември 1916 г.) дипломатијата на В. Британија (заедно со таа на Франција) забележува успех во привлекувањето на Грција на своја страна, а кон Венизелос како да има долгови кои ќе настојува да ги отплати преку разни отстапки правени во иднина, а пред се и за сметка на Македонија. [69]

Кон крајот на јуни и првите денови на јули 1918 г. дадена е наредба да отпочне општа сојузничка офанзива во Македонија. Со ова се става крај и на секакви понатамошни настојувања за склучување на сепаратен мир со Бугарија. Во Версај, на состанок на Воениот совет на 4 јули 1918 г. помошникот на министерот за надворешни работи, лордот Сесил, сеуште настојувал наместо офанзива да се продолжат преговори со Бугарија и да се направат отстапки во поглед на нејзините барања. Од ова В. Британија званично ќе отстапи дури на 4 септември на конференцијата во Лондон во врска со евентуалната офанзива на Балканот, а свикана по барање на В. Британија.[70] Така, српскиот пратеник во Лондон Ј. Јовановиќ можел во почетокот на м. септември 1918 г. да јави дека во Лондон постепено се пригрнува идејата "дека за една држава на Србите, Хрватите и Словенците - Моравската и Вардарската долина се од битна важност".[71]

Српската и грчката влада, секако, наоѓале начини да бидат информирани за ставовите на британската дипломатија, како и на британското јавно мислење и преземените чекори преку нудење на делови од Македонија Бугарија и Грција да се ангажираат на страната на Антантата Во текот на Првата светска војна не само во неутралната Швајцарија туку и во Лондон и Париз се развива активна пропагандна дејност на балканските држави со цел да се обезбедат нивните аспирации во поглед на Македонија, пред се. Не случајно Никола Пашиќ за претеник во Лондон го испратил Јован Јовановиќ

---

[68] Р. Поплазаров, исто, стр. 66-70
[69] Поплазаров, Р. , Прилог кон.. стр. 83-87
[70] Hrabak, B. Sile Atnatnte.. str. 290
[71] Катарџиев И, Антантата и македонското прашање..стр. 195

кој бил еден од столбовите на српската пропаганда во и за Македонија во повеќе години, а неговите предлози и заклучоци околу дејствувањето на српската влада во овој поглед биле од особена корист. Јовановиќ често ќе интервенира пред британската влада, како и неговиот грчки колега, да не се прават никакви отстапки од ветеното на Србија по војната таа во Македонија да ги задржи териториите освоени во 1912-1913 година.Во овој поглед се од интерес и интервенциите на самиот Н. Пашиќ.[72]

Како пример за загриженоста на грчката и српската влада во врска со делувањето на британската дипломатија и една од нивните интервенции интересно е писмото од министерот за надворешни работи Балфур до ерлот Гранвил на 30 јули 1918 г. Во него се изнесува дека:

"Утрово грчкиот министер се јави кај лордот Р. Сесил и разговараа за балканската ситуација. Тој му го наметнувал многу упорно фактот, дека е безполезно да се очекува Бугарија било кога да биде задоволна. Таа била Прусија на Балканот и ништо освен целосна доминација над Полуостровот не би ја задоволило. Токму затоа, било глупост да се разговара со било кој бугарски емисар за било какво решение на Балканот кое вклучува откажување на територии од страна на Србија или Грција заради Бугарија.

Особено, тој се осврнал на неодамна направениот предлог, дека треба да се создаде независна Македонија кон што би требало да допринесат сите, Грција, Бугарија и Србија. Тој потенцирал дека со ова би се создала нова Источна Румелија, со неизбежен резултат дека таа ќе биде проголтната од Бугарија.

Лордот Р. Сесил го прашал г-дин Генадиус кое решение за македонското прашање тој самиот го предлага, а се што можел да каже како одговор било дека ништо не смее да биде дадено на Бугарија што припаѓа на Грција или Србија. Тој тогаш инсистирал кај лордот Роберт да даде обврска дека ние нема да влеземе во преговори со Бугарија без да ја информираме грчката влада.

[72] Катарџиев, И. Антантата и македонското прашање.. стр.182-195

Неговото лордство одговорил дека тој не би можел да даде таква обврска без консултација со неговите колеги, но тој смета дека е премногу неверојатно дека ние некогаш би направиле договор со Бугарија кој ќе се однесува на грчки територии без прво да се консултира со Грција, и со ова уверување тој /грчкиот амбасадор- н.з./ бил повеќе или помалку задоволен."[73]

[73] ДАРМ. Микрофилм бр. 1034 - ФО 371 3146

## II Глава

# ПАРИСКАТА МИРОВНА КОНФЕРЕНЦИЈА И СТАВОВИТЕ НА БРИТАНСКАТА ДИПЛОМАТИЈА ВО ОДНОС НА МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ

Актуелизирањето на македонското прашање во текот на Првата светска војна, а особено неговото користење од страна на завојуваните страни за привлекување на своја страна на некоја од малите балкански држави, веќе беше предмет на разгледување во претходната глава. Беа изнесени и настојувањата на дипломатијата на В. Британија во редовите на Антантата преку задоволување на одредни барања поврзани со Македонија, да ја привлече Бугарија. Не помалку проблеми требаше да се решат и со ангажирањето на Грција. Сепак, со отпочнување на една војна веднаш се поставува и потребата да се согледа нејзиниот крај и по можност на зелената маса кога се водат мировните преговори да се извлече максимум во корист за својата држава. За таа цел во британското Министерство за надворешни работи, како и при тие на другите завојувани страни, се формираат и специјални служби, се ангажираат истакнати стручнаци од повеќе области, се прават и разни анализи и студии сè со цел на престојната мировна конференција да се настапи солидно подготвен и упатен во сите прашање што ќе се поставуваат.

Од архивата на Министерството за надворешни работи можеме да издвоиме неколку студии, односно "меморандуми", како што се именувани самите документи, во кои, меѓу другото, е размислувано како да се реши судбината на македонското прашање по завршувањето на војната, се разбира, пред сè водејќи сметка тоа да биде вклопено во рамките на интересите на

В. Британија. Составувани и поднесувани во разен период во текот на војната овие документи и не содржат еднакви предлози.

Во Министерството за надворешни работи од страна на неговата Политичка разузнавачка служба /Political Intelligence/ на 7 август 1916 година е презентиран меморандум за идното територијално одредување на Европа.[1] Во него се поаѓа од констатацијата дека било во интерес на Британија да се создаде јак Балкански блок како противтежа на евентуалната германска или руска политичка, економска или трговска експанзија. Проблемот беше да се помират конфликтните балкански стремежи, така по можност да се создаде Балканска конфедерација. Бугарското војување против Сојузниците не би било поважно од фактот дека би било во интерес на Британија да ја остават Бугарија јака, така што "ќе ја охрабрат да се еманципира од германското влијание". Во случај на победа на Сојузниците, принципот за националностите и "разумни" економски олеснувања би служиле како база за определување на териториите; Бугарија би ја добила "неспорната" зона во Македонија, регион предоминантно бугарски и признат како таков со Српско-Бугарскиот договор од 13 март 1912; тешкотии ќе се појават само ако областа биде во српско владеење кога војната ќе заврши; за да се компензира за пругата Скопје-Солун, Србите би имале пристап на Јадранското Море, и заедничка граница со Грција западно од Охридското Езеро; на Грција, "која заслужува само малку обзири од страна на Сојузниците", ќе и биде понуден само Северен Епир; Тракија, западно од линијата Енос-Мидија (дури и територија источно од таа линија), можат веројатно да бидат на Русија; алтернативно Тракија може да и припадне и на Бугарија, и така да биде спречена Русија комплетно да доминира на Балканот; трета можност е Тракија да припадне на Грција, но ваквото решение не се препорачува бидејќи тоа би и го оневзможило на Бугарија пристапот кон Егејското Море, а во секој случај Русија не би го прифатила тоа.

Во 1916 година, во м. мај, В. Британија и Франција веќе го беа постигнале познатиот Сајкс-Пико (Sykes-Picot) договор за меѓусебна поделба

---

[1] PRO CAB 29/1-No 5, "Territorial Settlement in Europe", by Politica Intelligence Foreign Office.

на арапските територии од Отоманската Империја, така што за британската дипломатија останува доста актуелно и понатаму судбината на протоците и појавата на Русите во Медитеранот. Меморандум како да се контролира ваквата појава преку окупирање на острови во Егејското Море до Министерството за надворешни работи поднел адмиралот сер Хенри Џексон (Henry Jackson) First Sea Lord.[2]

Во почетокот на 1917г. дипломатијата на В. Британија сеуште ја држи можноста Бугарија да се издвои од сојузот со Централните сили. Во исто време, во Солун веќе Е. Венизелос и неговите приврзаници имаат формирано паралелна на таа од Атина влада и членови од истата отпочнуваат преку посета на Лондон да влијаат за промена на британскиот став спрема Грција. Оттука и во меморандумот што бил подготвен за Императорскиот воен кабинет (Imperial War Cabinet) на 11 април 1917 г. се сугерира, ако пропаднат намерите со Бугарија да бидат подржани нејзините непријатели: Грција, за која се сметало дека тешко, општо речено, би била од големо значење за исполнување на големите интереси на Велика Британија. Меморандумот завршува со констатацијата, дека "јака и просперитетна Грција истовремено би одговарала и на нашите симпатии и на нашите интереси.".[3]

Октомвриската револуција во Русија пред британската дипломатија поставува нов проблем и тешкотија. Треба да се најде начин на местото на Европска Турција да се создаде пречка на германските аспирации на Балканот, а во тој момент таква улога се гледала во Бугарија. Затоа, се сметало дека оваа цел најдобро би била постигната ако бидат задоволени бугарските барања во Македонија, Грција да се откаже од Кавала, Драма и Серез, а Солун да биде слободно пристаниште.[4]

Во 1918 година пред британските власти во Лондон било забележено делувањето на Бомболов, бугарски револуционер, кој настапил со уверувања дека во Бугарија ќе се организира државен удар, ќе се потпише сепаратен

2 PRO CAB 29/1-No 8, "Possible Peace Terms", 12 Oct.1916.
3 PRO CAB 29/1-No 17, "Possible Terms of Peace", by L.S. Amercy, 11 April 1917.
4 PRO FO 800/214, "Turkey in Europe and Asia", memorandum by W. Tyrrell, 22 oct. 1917.

мир со Антантата и поставил барање, покрај другото, да биде основана автономна Македонија. Британскиот премиер Лојд Џорџ веднаш го прашал грчкиот премиер Е. Венизелос дали може со него да се разговара за создавањето на автономна Македонија, но последниот ова го одбил.[5]

Во август 1918 г., кога веќе на повидок е пробивањето на Македонскиот фронт и воените успеси на Антантата, во Политичкото разузнавачка служба на Министерството за надворешни работи во нов меморандум се утврдува дека Солун дефинитивно ќе и припадне на Грција, а можеби и Кавала.[6]

Со потпишувањето на примирје со Бугарија на 29 септември 1918 г., со членот 1, се одредува бугарските војски веднаш да ги напуштат териториите што во текот на Првата светска војна ги беа заземале од Србија и Грција. Враќањето на српските и грчките воени и цивилни власти во Македонија, согласно Букурешкиот мировен договор, значи и огромна пречка да се поставува на Мировната конференција македонското прашање и неговото решавање во смисла на создавање на една автономна држава.[7]

Сепак, оваа идеа ќе ја најдеме и понатаму присутна во британските дипломатски кругови, како пред отпочувањето на Мировната конференција со работа, така и во времето кога таа веќе работи. Во Министерството за надворешни работи на 20 декември 1918 г. се примени "Сугестии за решавање на македонското прашање" од полковникот Хари Лемб (Harry H. Lamb). Истиот е при британската воена мисија во Солун и во пропратното писмо наведува дека овие "Сугестии" веројатно и неговиот претпоставен (Генералот) веќе ги доставил, но тој како долгогодишен дипломат, нормално, испраќа копија и до МНР. Македонската јавност имаше можност со овој документ да се запознае со објавувањето на истиот во превод.[8] Како конзул на В. Британија во Солун од 1908 до 1914 г. и добар познавач на приликите на

---

5 Petsalis-Diomidis N.,Greece at the Paris Peace Conference (1919)-Thessaloniki, 1978, 59..

6 PRO FO 371/3146-138887, "Boad Lines of a Balkan Settlement", memorandum by Politica Intelligence, Foreign Office, 2 Aug. 1918.

7 Petsalis-Diomidis N., Greece.. 66.

8 Герасимова-Јовановска, С. Предлог за решавање на македонското прашање на Мировната конференција.- "Историја", год.XXXIX, бр. 1-2, Скопје 2003, стр.

Балканскиот Полуостров, Х. Лемб во своите "Сугестии" поаѓа од тоа дека "Тоа (македонското прашање) беше познато како едно од трајните опасности за мирот во Европа, барем по 1903 г. и тоа ќе продолжи да претставува таква опасност се додека не се пронајде соодветно решение на претстојната Мировна конференција". Наведува дека се можни два вида на аргументи општо прифатени во дискусиите за конечното уредување на Македонија. Првиот аргумент, деловите на Македонија да се остават на Грција и Србија онака како што ги окупирале во 1912-1913 г. го отфрла, бидејќи "според мислењето на оние што поблиску ја познаваат Македонија, тоа е несериозно и спротивно на вистинските интереси на самата земја", поради составот на населението[9], а со тоа Македонија и понатаму ќе биде "Опасна зона на Европа". Втората страна на аргументите е ова прашање да биде оставено да се реши на самата конференција, без да се води сметка за чувствата на Грција и Србија, и тоа на тој начин што одлуката би се донела "заснована врз принципот на националноста, границите да бидат одредени толку блиску, колку што тоа е можно, да бидат компатибилни со географските и стратешките условија, на етнолошката линија". Во оваа смисла и дава и подолг опис на тоа каде треба да минува границата со Грција (кои делови да се отстапат), а каде со Србија. Со последната се задржува на српско-бугарскиот договор од 1912 за "спорна" и "неспорна зона". И во овие аргументи наоѓа слабости и гледа натамошни можности за немири и судири "постојана опасност за мирот на Балканот и извор за можни недоразбирања, се разбира и меѓу самите Западни сили."

Х. Лемб во "Сугестиите" на последните страници констатира: "Во додаток на двете гореизнесени алтернативи, сега, секако, постои и трета која се состои во тоа што се враќа на проектот од 1903 за "Автономна Македонија", која, бидејќи нема никакво барање за суверенитет од страна на Турција, исто така сега би била "независна".

---

[9] " значителна и компактна област, скоро целосно зафатена со население од бугарска раса или, што е најбитно согледување во врска со ова, кои биле образувани да се сметаа самите себе за Бугари" - што укажува дека Лемб дошол до поинакви сознанија за националната свест на населението во Македонија.

"Ваквото решение сеуште наоѓа приврзеници во Македонија, а најмногу посебно меѓу сопствениците на имот и трговците во општеството во Солун (редуциран скоро на исчезнување од грчкото лошо управување), и тоа, без сомнение, ќе биде прифатено како "pis aller" или како пожелна алтернатива од оние делови или секции на населението чии што аспирации за некое од горенаведените решенија можеби нема да бидат задоволени. Бугарите, на пример, ако оценат дека тие самите не можат наскоро да се надеваат да ја добијат Централна Македонија, со задоволство би ја виделе неа инкорпорирана во една автономна држава, којашто тие би можеле сеуште, евентуално, да ја присвојат, првенствено пред таа да биде дефинитивно ставена во рацете на Србија и Грција. Но, овие разгледувања самите во себе носат силен аргумент против прифаќањето на вакво решение, бидејќи тоа индицира дека последново би требало да биде разгледувано како финално и неговото прифаќање веднаш би ги отворило вратите за таквите политички маневри, со нивните природни придружници на вооружени чети, со користење на надворешни врски и убиствен раздор, кој, во интерес како на локалното спокојство, така и на општиот мир, би биле предмет на претстојни договарања за еднаш за секогаш да бидат елиминирани. Автономија на Македонија би била прифатлива ако би била придружена со меѓународна контрола, аналогна на мешаната окупација на Крит, или управувана од европски службеници потпомогнати од европски сили."

Се задржувам на овој документ не поради тоа што истиот извршил некое поголемо влијание во британската дипломатија, туку поради фактот дека името на сер Хари Лемб веќе го свртe вниманието на проф. д-р Христо Андонов-Полјански со објавување на еден негов извештај и укажување на други во неговата книга "Велика Британија и македонското прашање на Париската мировна коференција во 1919 година". [10]

---

[10] Андонов-Полјански ХР., Велика Британија и македонското прашање на Париската мировна конференција во 1919 година, -Скопје, 1973 г. стр.28-29 и 91-92.

Полковникот Х. Лемб во 1919 г. е во составот на британската воена мисија во Софија, како советник по политички, економски и други прашања. Покрај долгогодишното искуство од Солун, во 1913 г. бил член на Меѓународната комисија за Албанија.[11] Неговиот интерес и познавање на состојбите во Македонија и меѓу Македонците во емиграција во Бугарија се гледа и од разните извештаи што ги испраќал од Софија, а на кои укажува проф. Андонов-Полјански,[12] но и неговата анализа на побудите да се бара создавање на автономна македонска држава од страна на Исполнителниот комитет, близок на бугарскиот двор и власти, и од друга страна барањето на Привременото претставништво (со Серската група) кои сметале дека автономијата е единствено можно решение за спасување на македонскиот народ. Тој истакнува дека и самото население во автономијата бара спас за својата земја откако "ги осети ефектите на српската, грчката и бугарската администрација".[13]

Во Софија во британската воена мисија бил и капетанот В. Б. Херд (W.B. Heard) кој во специјален извештај со наслов "Балканското прашање" инсистирал како прво гранците на Македонија да се направат провизорно, а крајното решение да се остави за подоцна. Додека во друг извештај (6 април 1919) ги разгледува идеите во Бугарија за автономна Македонија под европска контрола, како и тие за југословенска конфедерација.[14]

Македонската историографија преку веќе цитираното дело од проф . Андонов-Полјански доби и еден концизен преглед на "Некои аспекти на британската политика по македонското прашање до Париската мировна конконференција"[15] Неговата почетна констатација: "Ставот на Велика Брита-

---

[11] Petsalis-Diomidis N., Greece. P. 88.- Истиот автор на стр. 65-66 се осврнува и на "Сугестиите" од м. декември на Лемб и именувајќи го истиот како "бугарофил" констатира дека Х. Николсон ги отфрлил неговите предлози како непрактични.
[12] Андонов-Полјански Хр., Велика Британија и македонското прашање.. стр. 28-29.
[13] Исто..стр.91-92.
[14] Исто стр. 28.
[15] Исто, стр. 15-18.

нија по македонското прашање на Париската мировна конференција во 1919 година не претставува случајна појава што резултирал од создадената ситуација во Европа по завршувањето на Првата светска војна",[16] туку е резултат на долга традиционална политика на британската дипломатија на Балканот, сепак, со извесни "специфични карактеристики во дипломатската комбинаторика" подобро се сфаќа ако се земат во предвид европските проблеми што настанаа по завршувањето на војната, а чие решавање и се наметнува на Велика Британија како сила победничка и како една од најзаинтересираните во прекројувањето на картата на Европа, согласно нејзините капитални интереси. Со победата врз Централните сили се наметна прашањето да се донесе еден погоден мир и да се сочува, во можна мерка, рамнотежата во Европа, но тоа да не оди на штета на британските интереси, на нејзината традиционална политика. В. Британија по војната не е веќе доминантна сила која може да ја наметнува својата политика. Присутни се и спротивни интереси на сојузниците што доведува и до британско-француски и британско-американски несогласувања и долги и мачни убедувања и изнаоѓања разни решенија во текот на работата на Конференцијата и на нејзините тела.

Британска традиција е студиозно и педантно прибирање на информации и запознавање на предметот за кој имаат интерес. Во врска со Македонија и престојната Конференција веќе е напоменато дека преку соодветни служби и лица се обезбедуваат соодветни информации. Присуството на британската војска во Солун значело и согледување на потребата да се објави специјален прирачник за нејзините потреби. Така, веќе во 1916 г. ( преиздаден е и во 1920 и 1921 г.) во Лондон е отпечатен "Прирачник за Македонија и околните територии" за службена употреба,[17] во кој покрај географските одлики, патиштата, климата и хигиентата е даден приказ и на историјата од антиката до крајот на Балканските војни, етнолошки карактеристики, религија, образование, администрацијата и управувањето како и податоци за парите и мерките што се употребуваат. Содржи и одделни описи

[16] Исто, стр. 15.
[17] A Handbook of Macedonia and Surrounding Territories, London, Admirality War Staff Intelligence Division, 1916, 524.

на војнички значајни објекти, како и карти. Веќе наведовме во претходната глава примери дека британски воени и други лица во Македонија во текот на војната собираат информации на теренот. Андонов-Полјански во наведената книга посветува одделна глава, во која го свртува вниманието и врз извештаите што се добивале и во известителните служби.[18]

Во пресрет на Мировната конференција, веќе е кажано, британското министерство за надворешни работи, исто така, врши обемни подготовки, особено во прибирање и обработка на информации и објавување на соодветни прирачници за секое прашање. За таа цел, како што е забележено во "Белешка на издавачот" на прирачникот "МАКЕДОНИЈА",[19] :" Во врска со подготовките што се прават за работата на Мировната конференција, во пролетта 1917 година во Министерството за надворешни работи е основана специјална секција чијашто задача е да ја снабдува британската делегација со информации во најсоодветна форма - географски, економски, историски, социјални, религиозни и политички - што се однесуваат на разни земји, области, острови и др., а со кои тие може да се сретнат." Кога веќе Мировната конференција ја привршува својата работа, во Историската секција одлучуваат подготвените книги по одделни прашања да ги објават, како би биле по достапни со своите многубројни информации. Објавувањето на книгите станало по редот на нивното подготвување за Делегацијата. Со исклучок во нив се дадени, воглавно, податоци од пред почетокот на војната.

Историската секција, покрај наведениот прирачник за Македонија (бр. 21), ги има подготвено и објавени и следниве прирачници кои би биле од интерес за проучување на Македонија и Балканскиот Полуостров.: Источното прашање Бр. 15; Албанија бр. 17; Грција бр. 18; Србија бр. 20 и Бугарија бр. 22.

[18] "Британските мисаии на Балканот и нивниот однос кон македонското прашање во времето на подготовките и текот на Париската мировна конференција" во кн. Велика Британија и македонското прашање на Париската мировна конференција во 1919 година, стр 27-29.
[19] MACEDONIA, Historical Section of the Forrign Office - No 21.- London, 1920.

Иако за постоењето на овој прирачник беше познато и преку библиографијата што ја објави проф. Андонов-Полјански,[20] тој во македонската историографија не е користен, а неговото поврзување со Мировната конференција и работата на британската делегација на истата прават да се фрли еден летимичен поглед и во неговата содржина. На 104 страници во 4 глави разгледувани се прашањата: 1. Глава - Физичка и политичка географија; 2. Глава - Политичка историја; 3. Глава - Социјални и политички услови; 4. Глава - Економска состојба и Додаток со табели и преглед на литература.

Географскиот опис отпочнува со одредување на позицијата и границите на Македонија. Веднаш се констатира дека, областа која се вика Македонија во разни периоди не била иста и таа никогаш не била една административна единица. До војните 1912-1913 ја сочинувале трите вилаети (делови од Косовскиот и Битолскиот и Солунскиот), а границите се совпаѓаат со познатата етнографска карта на Македонија. Вкупна површнина е 64.745 квадратни километри. Откако се дадени податоци за релјефот, морскиот брег, реките и езерата се задржува и на климатските и здравствените услови.

Интересно е да се задржиме на констатациите во врска со населението во Македонија, бидејќи во текот на Конференцијата британската делегација, како и другите, била бомбадирана со севозможни материјали за составот и бројноста на населението во Македонија, а со кои, особено Грција, Србија и Бугарија настојувале да влијаат врз одлуките што ќе се донесат. Точката 5 е посветена на "Раси и јазици". Почнува со констатацијата дека "Во Македонија се концетрирале сите расни судири. Постојат пет главни раси (народи) кои што го населуваат регионот: Турци, Грци, Власи, Албанци и Словени. Овие последните - Словените - се поделени во Срби и Бугари." За Турците се утврдува дека дошле во 14 и 15 век и до 1912 биле владеачката класа. Скоро во сите делови биле сопственици на земја или бегови, додека селани биле најмногу меѓу Места и Драма, меѓу Струма и Брегалница и меѓу Острово и Стари Ѓол. Грците се концентрирани главно во градовите, а посебно во тие во крајбрежието во Солун, Кавала и Серес. На запад од Солун, како во

[20] Андонов-Полјански Хр., Британска библиографија за Македонија, Скопје, 1966, стр. 19.

Костур ги имало во значителен број, додека ги нема во долината на Вардар и Струма, освен во Мелник," кој е грчка колонија, со комплетна грчка култура во него". Селско грчко население постоело северно од Касиа Маунтанија, "а Халкидик е скоро целосно со Грци", во областите на запад и на север од езерото Тахинос и многу ограничено во полето на Серез и Драма. "Регионот на долината на Бистрица има предоминантно грчко население, но не од право Елинистичко население, бидејќи тие се најповеќе од мохамеданска вера." За Власите констатира дека претежно се бават со сточарство, најповеќе се на Пинд, на брдата јужно од Битола, околу Гревена и Костур и во Мегленн. Ги има и во градовите Солун, Серез и Битола "кадешто се покажуваат сосема адаптабилни за живот во град." Албанците или "Шкипетарите", на север се Геги и на југ се Тоски. Тоските притискаат на југозапад од Албанија и сега многу од нив има и во полето на Битола и горниот тек на Бистрица во долината на Костур. "Гегите живеат во и околу Дебар, Тетово и Скопје".

"Во Македонија Словените го сочинуваат најголемиот дел од населението. Изолирани од Словените во Србија и Бугарија сè до скорашни години, тие беа оддвоен народ ( a people apart) до 1870. Како и да е, во 1870 со создавањето на Бугарскиот Егзархат, кај нив почна да се буди национална свест. Додека едни останаа, како што секогаш биле, под Грачката Патријаршија, други ја прифатија Бугарската Егзархија, додека други ја признаа српската национална црква. Од 1887 се одржува пропаганда од грчката, бугарската и српската влада и таа стана особено силна во последните години. Од страна на романската влада отпочна, исто така, влашка пропаганда. Во целина грчките и влашките барања да вклучат извесни Словени Македонци не беше тешко да се одредат, но помеѓу Србите и Бугарите контраверзата беше страшно остра."[21]

Во наредниот пасос се зборува за српско-буагрскиот договор од 1912 г. и поделбата на Македонија на интересни сфери меѓу нив. Потоа се задржува на јазикот: "Македонските Словени зборуваат дијалект, или поправо различни многу слични дијалекти, на словенски јазик. Тие можат да бидат разбрани

[21] MACEDONIA.. 11-12.

и од Србите или од Бугарите, иако нивниот јазик во целина е повеќе сличен на бугарскиот одошто на српскиот; но оваа разлика не мора да е пресудна (must not be pressed)."[22]

Откако констатира дека "Македонските Словени" приврзаници на Егзархијата се помногубројни од тие на српската црква, благодарение на основањето на Егзархијата во 1870 г. што и дало поволни услови, заклучува: "Најдобриот тест за националноста на Балканските Словени е, како правило, нивната лична свест; но толку многу во последниве години е извршен притисок врз Македонските Словени, така да е под сомневање дали би можело многу да се верува ако таа се стави на плебисцит. Бугарите направиле извонредна работа со основање на училишта, а образованието, без сомнение, направило многу за стимулирање на една бугарска свест."[23]

Во наредниот пасос се даваат податоци во кои градови и делови на "грчка Македонија" доминираат Грци или Словени. "Воден, на пример, е комплетно словенски град", во Драма доминираат Турци и "Бугари", а во Серез Турци и Грци. Од Тесалија во Македонија многу Грци се населиле во првите децении на деветнаесетиот век и сл. Присуството на Евреите во Македонија, особено во Солун, нивниот јазик и обичаи и физички одлики, исто така, се евидентирани. Ромите ги има како номадско население "без политички аспирации и национална свест", настрана од другото население. Се утврдува дека во Македонија се зборуваат мноштво разни јазици: "Словените зборуваат еден или друг од разните македонски словенски дијалекти кои се блиски до тој на Србите или на Бугарите". Верата помага да ги држи народите во Македонија поделени. Откако утврдува дека и припадниците на Патријаршијата, на Егзархијата и на српската црква се православни вели дека разликите се сосема мали во црквените обреди, а сепак се доволни за создавање на сериозен антагонизам. За Албанците, констатира дека повеќето се муслимани, но има и православни и католици. Меѓу Евреите има и Донми (исламизирани). Католици има само околу 4.000 унијати.

[22] Исто.. 13.
[23] Исто..13.

Во точката 6. "Население" - се констатира дека во Отоманската Империја немало добри статистики и требало време додека новите власти во Македонија не ја утврдиле бројноста. Се смета дека пред 1912 г. во Македонија имало вкупно 2.250.000 жители, од кои 1.020.000 во српскиот дел; 1.500.000 во грчкиот дел и 120.000 во делот што потпаднал под Бугарија. Ја дава густината на населението во сите делови. Се констатира дека е многу тешко да се утврди националната припадност на населението бидејќи од сите се даваат разни податоци и секој таков е подложен на оспорување од припадникот на друга националност. Балканските војни како и Светската војна придонеле многу за промена на составот на населението. "Сепак, со овие ограничувања, може да се утврди дека пред 1912 г. во Македонија имало: приближно 1,150.000 Словени, 400.000 Турци, 120.000 Албанци, 300.000 Грци, 200.000 Власи, 100.000 Евреи и 10.000 Роми."[24]

Првата глава завршува со податоци за градовите и селата и за порастот на населениот. Поголеми градови се наведени: Солун со околу 180.000 жители и Скопје и Битола со околу 50.000 жители. Констатирана е и тенденцијата за растење на градовите, а од друга страна и покрај високиот број на новородени присутна и високата смртност кај децата. По Балканските војни забележено е емигрирањето на Турците. [25]

Со интересни согледувања и мноштво податоци се одликуваат и втората и четвртата глава, додека за политичките и социјални прилики (трета глава) упатува да се види во прирачниците за Србија, Грција и Бугарија - бр. 20, 18 и 22 од истата серија.

Македонската историографија посвети доста внимание и на прашањето колку самите Македонци и нивниот глас бил присутен на Мировната конференција и колку како таков би можел да има било какво влијание. Констатирано е дека британската делегација, т.е. дипломатијата била редовно запознаена со чекорите преземени од македонските организации (особено на тие во странство) и од одделни личности. Истакнати се и основните

---

[24] Исто.. стр 16-17.
[25] Исто.. 18-19.

појдовни точки на секое обраќање до Мировната конференција и тоа чии интереси се криеле зад нив. Во ова смисла особено придонесуваат проучувањата и студиите на Андонов-Полјански,[26] Љ. Лапе,[27] Катарџиев Ив.[28] Христов Александар,[29] Д. Пачемска-Петреска[30] и др.

Привременото претставништво на обединетата бивша ВМРО за свој претставник што ќе ги застапува нивните ставови т.е. создавање на една независна држава, го испраќа на 25 ноември во Париз, главниот викар на унијатите Французинот Пол Христов. Дејноста и акциите на Пол Христов во Париз, неговите апели до високите форуми на Конференцијата, меѓу другите и до Дејвид Лојд Џорџ, до британската делегација, означуваат значаен момент во потфатите за правилното известување за вистинските желби и стремежите на македонскиот народ на Мировната коференција. Неговото поврзување со британската делегација и неговото обраќање до неа се суштествен знак за правилното запознавање на британската делегација со вистинските стремежи во барањата на Македонците.

Спротивно на вистинските интереси на Македонците пред делегатите на Мировната конференција се појавува дејствувањето на "Исполнителниот

[26] Андонов-Полјански Хр., Велика Британија и македонското прашање.. гл.III Македонските политички организации и групи и нивните апели и односите кон британските политички фактори во времето на подготовките и текот на Париската мировна конференција, стр.19-26.
[27] Лапе Љ., Придонес на македонските студенти во странство за развитокот на македонската национална мисла и одбрана на македонскиот национален индивидуалитет. - во кн.: Македонија во XVIII, XIX и XX век, Скопје, 1992, стр. 481-507;
Истиот, Идејни основи на Привременото претставништво на бившата Обединета внатрешна македонска револуционерна организација и неговата активност на Версајската мировна конференција во Париз 1919 година, - во кн: Македонија во.. стр. 535-587;
Истиот, Активноста на Главниот одбор на македонските друштва во Швајцарија 1918-1919 г. и документацијата за тоа, - во кн.: Македонија во.. стр.588-652;
Истиот, Политичката активност на д-р Анастас Коцарев во Швајцарија од 1917-1919 година, - во кн.: Македонија во .. стр. 653-673;
[28] Катарџиев Иван, Антантата и македонското прашање во текот на Првата светска војна, во кн.: Борба до победа, кн. 4, Скопје, 1981, стр. 128-224.
[29] Христов Александар Т., Македонија на Париската мировна конференција (1919) и македонската политичка мисла, во кн.: Прилози за историјата на македонската политичка мисла (1878-1919), Скопје, 1982, стр.293-326.
[30] Пачемска-Петреска, Даринка, Федеративната идеја во Македонското национално ослободително движење од 1918 до 1941 година, Докторска дисертација, Скопје 1986, стр. 22-91. За поставуваните барања пред Мировната конференција ги разјаснува и истакнатите барања за автонимија со перспектива за балканска федерација.

комитет на македонските братства" во Бугарија. Тој на 5 јануари 1919 г. бара од британската влада да се исполнат одредбите на Сан-Стефанскиот договор и Македонија да се обедини со Бугарија.[31] Иницијатор е на доставување повеќе резолуции и мемоари од братствата до британската влада, сето тоа во исполнување на интересите на бугарската влада.

Британската влада, а посебно Лојд Џорџ и министерот за надворешни работи Артур Џемс Балфур (Arthur James Balfour) во врска со вистинските стремежи на Македонците и нивните очекувања од Мировната конференција добиле и повеќе телеграми и документи од македонски друштва во Швајцарија, а чие присуство во архивата на британското министерство го регистрира Андонов-Полјански.[32]

Самата организација на Мировната конференција, нејзиниот деловник за работа, телата формирани да расправаат по разни прашања, барале големо ангажирање на британската дипломатија. Делегацијата предводена од Дејвид Лојд Џорџ (David Lloyd George), премиер и првенец на британските либерали, го имала за негов заменик министерот за надворешни работи Артур Џемс Балфур (Arthur James Balfour) а во составот влегувале не само истакнати дипломати, туку и видни научни и јавни работници експерти за одделни прашања. Импозантна била и бројката на учесниците во делегацијата, заедно со лицата што требало да ја олеснуваат работата на дипломатите, таа вклучувала некаде околу 600 лица. Кога се има во предвид дека се работело покрај на пленарни седници, и во Советот на десттемина и во Советот на читиритемина, како и во 52 комисии и комитети (со одржани 1646 состаноци) јасно е дека од британската дипломатија и нејзината активност ќе зависат и доста решенија до кои се стигнувало и благодарение на големата еластичност и вештина на британската дипломатија. При ова, треба да се има во вид дека при донесувањето на некоја одлука влијаеле и личните контакти и договарања меѓу членовите на одделни делегации како и нивните водачи, иако, пред сé, секогаш се настојувало на прво место да се одбранат и наложат

[31] Андонов-Полјански Хр., Велика Британија и.. стр.31.
[32] Исто.. стр. 22-24.

сопствените интереси. Членовите на британската делегација имале редица незванични средби со членови на американската делегација. Сепак, британската делегација не застанала зад американската во нејзиното барање македонското прашање да се постави на разгледување и другите предлози со кои настапувале САД на Мировната конференција во врска со Македонија. Меѓу двете делегаци продолжиле отпочнатите договарања од Лондон, при тоа, присутни се америкнските настојувања Македонија да се даде под протекторат на САД и да се здобие со автономија, а потоа и позитивно решавање на заштита на Македонците како малцинство. Во февруари 1919 година членот на американската експертска група Либиер во Париз водел разговори со британскиот новинар Џемс Баучер по прашањето на Македонија за актуелизирање на политичката автономија на Македонија. Баучер го изнел својот образложен план за автономна македонска држава, под протекторат на САД, бидејќи тоа го сакал најголемиот дел од жителите на Македонија, односно на македонскиот народ. За Солун се предвидувало да биде главен град на автономната држава.[33] Ваквите и др. слични барања кај делегацијата на САД наидувале на прием и подршка.[34] Напротив, необичен е односот на британскиот дипломат Харолд Николсон (Harold Nicolson), дипломат кој бил доста активен во работата на конференцијата, кој во својот личен дневник на 20 февруари 1919г. напишал:".. Пак дојде стариот Баучер (Bourchier). Тој бара автономија за Македонија вклучувајќи ги Солун и Скопје, но исклучувајќи ги сите бугарски територии. Мислам како малку да се пореметил. Патетичен е и мразам да го гледам овој стар пријател од моите софиски денови и од моето детство во таква болна положба."[35]

Во повеќе пати цитираното дело на проф. Андонов-Полјански, работено врз основа на огромната архивска граѓа од Државниот архив на Велика

[33] Џемс Баучер изработил и поднел на 26 февруари 1919 г. Меморандум за уредување на Македонија во кој се залага за автономна Македонија - види: Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том први, Скопје, 1981, стр. 606-607.
[34] Миноски Михајло, Соединетите американски држави и Македонија, 1869-1919,- Скопје, 1994, - Глава 5. Американската дипломатија и македонското прашање за време на Париската мировна конференција -стр. 79- 89.
[35] Excerpts from the Diary of Harold Nicolson - in: The Complaints of Macedonia, Genev, 1979, p.150.

Британија, направениот преглед на настаните и извршената анализа со донесените заклучоци го комплетираат и сосема јасно поставуваат прашањето за односот на Велика Британија кон македонското прашање на Мировната конференција. Поради тоа тука и ги наведуваме:

"Степенот на застапеноста на британската делегација по македонското прашање на Париската мировна конференција зависел од цела низа компоненти. Прво, и покрај добро сондираниот терен да се испитаат, разгледаат и да се разработат аспектите на ова прашање, британската политика одела по однапред трасирани ставови во поглед на картата на Балканот. Пред сѐ, во поглед на Македонија, на нејзината територијална поделба; се поаѓало од статус квото и не се одело кон радикални средства - за создавање на нова државна творба на Балканот. Второ, тука влијаеле и сојузничките односи на Велика Британија со Грција и СХС и покрај тоа што на самата Конференција не се одело многу кон задоволување на нивните интереси. Меѓутоа, тука се стремело да се постигне рамнотежа во врска со обидот и за спротивставување на францускота влијание на овој терен."[36]

Поставувањето на македонското прашање на Мировната конференција и интересите околу тоа, д-р Живко Аврамовски ги сумира вака:

"По поразот и капитулацијата на Бугарија, српската влада настојуваше македонското прашање да не се изнесува на Мировната конференција во Париз, туку да се третира како свршена работа. Бугарската влада, пак, инсистираше на неговото изнесување пред Мировната конференција, зашто се надеваше дека ќе добие поддршка од италијанската влада која ќе ги поддржува бугарските претензии на Македонија, за да создаде со тоа притисок врз кралството на СХС од исток и да ги ослаби нејзините позиции во борбата со италијанските претензии на Јадран. Бугарската влада, исто така, очекуваше дека ќе добие поддршка и од бугарофилските кругови во Англија. Таа и со официјално писмо и се обрати на Мировната конференција, во кое предлагаше во Македонија да се изврши плебисцит. Истовремено, таа се обидуваше

---

[36] Андонов-Полјански Хр., Велика Британија и македонското прашање.. стр. 36.

да воспостави контакти и со српската влада, на која и сугерираше по прашањето за разграничување во Македонија да се примени спогодбата од 1912 година, како услов за создавање на атмосфера на добрососедски односи меѓу Бугарија и Кралството на СХС."[37]

Ставот на Велика Британија кон барањата на делегацијата на Кралството СХС на Мировната конференција не бил сосема во прилог на истите. Велика Британија во начело не сакала да допушти каква и да е балканска или небалканска држава во целост да ја определи судбината на Балканот и тука да го установи своето господство. Забележено е и изразување на незадоволство од страна на делегацијата на СХС што делегацијата на Велика Британија не им обрнувала доволно внимание на нивните барања.[38]

Грција во поглед на барањата што ги поставила пред Мировната конференција се водела од идеите на Е. Венизелос за создавање на "Голема Грција", така што во поглед на Македонија покрај задржувањето на територијата освоена во балканските војни, во разните дискусии се покренувало евентуално на Грција да и припаднат Гевгелија и Дојран и се водат дискусии околу Кавала, Тракија и сл. Сите овие и други прашања во врска со разграничувањето се водени во "Комитетот за нови држави и за заштита на малцинствата". Во овој Комитет е разгледуван и предлогот од Грција за размена на население меѓу Бугарија и Грција, како и меѓу Турција и Грција. Кралството СХС не прифатило вакви можности во договорите што тоа требало да ги склучи.

Андонов-Полјански внимателно ги проследил сите активности на британските дипломати во врска со работата на Комитетот за нови држави и заштита на националните малцинства и го оценува несомнениот придонес на британската дипломатија. Со одредувањето на нови граници во Европа и со создавањето на новите држави значителни делови од едни народи останале во туѓа држава. Требало да се најде начин за нивна заштита: "Во тој комплекс

---

[37] Аврамовски Ж., Некои аспекти на македонското прашање во односите на Југославија со Грција и Бугарија од 1918 до 1925 година.- Гласник на Институтот за национална историја, год. HVI, бр.1, Скопје 1972, стр. 69.
[38] Андонов -Полјански, Велика Британија и..стр. 34.

започнало да се разгледува и прашањето на Македонија, иако тоа не било во согласност со вистинските желби и стремежи на македонскиот народ. Раскинат на три дела како резултат на балканските војни, тој очекувал дефинитивно решавање на својата судбина на овој висок меѓународен форум. Меѓутоа, единствено проблемот за неговата заштита наоѓа соодветно место на Конференцијата. Во трите дела на Македонија не била гарантирана заштитата на народот и тој факт служел како појдовна точка во политиката на Силите да донесат решенија во тој поглед, иако тоа, всушност, била извесна минимум програма во неговата ослободителна цел.

Во ова посебна ангажираност покажала британската дипломатија. Во форумите што го третирале овој проблем, нејзината делегација, со доза на опитност и умешност, се трудела да се донесат значајни заклучоци по проблемот."[39]

Иако меѓу делегациите присутни на Париската мировна конференција во врска со македонското прашање се воделе разговори и се менувале мислења, особено во врска со бројните претставки упатени од страна на македонските друштва во Швајцарија и други, како и дејноста на Пол Христов, официјално дискусии по него отпочнале, изгледа, дури по потпишувањето на Версајнскиот договор (28 јуни 1919 г.). На самата Конференција на донесувањето на овој договор, е посветено повеќе време одколку на сите други, бидејќи се работи за договор со Германија во која, особено Франција гледала опасност.[40] Победниците не допуштиле на оваа мировна конференција, како што се практикувало порано, договорот да се постигнува на заедничка маса со победениот, туку готовиот текст на Германија и бил даден на усвојување

[39] Исто..стр. 39.

[40] На самата Конференција пресудна улога имал ставот на "четворицата големи", т.е Дејвид Лојд Џорџ од В. Британија, Вудро Вилсон од САД, Жорж Клемансо од Франција и Виторио Орландо од Италија, кои биле на чело на своите делегации. Додека В. Вилсон настојувал да ги спроведе своите зацртани 14 точки, Ж. Клемансо на прво место ја поставувал безбедноста на Франција во иднина од нејзиниот ривал Германија. "Според Клемансо, предлогот за договорот требало да биде извојување на победа во перманентна безбедност на Франција. За него ништо друго не било толку важно..Тој, од сите четворица, имал најпродлабочени и детални познавања за проблемите во Европа." ( D.C. Somervell. Modern Europe 1871-1950, London, 1957, p. 104). "Во средината меѓу Клемансо и Вилсон доаѓа Лојд Џорџ, кој веќе беше премиер на Велика Британија во последните две години од војната. Неговите ставови беше помалку лесно јасно да се дефинираат, бидејќи тој беше повеќе човек од акција и целисход-

без можности за интервенции во него, т.е. бил наметнат и како таков бил и извор за идните незадоволства. Со овој договор, како и со другите донесени по него, во најголем дел, откако се внесува во Првиот дел "Пактот на Друштвото на народите" како основен и општоважечки акт, се одредувале границите на државата, прашањата од безбедносен карактер и разоружувањето, како и репарациите и оштетата што требало да се плати на победниците.

По донесувањето на Договорот за мир со Германија во Версај, во Сен Жермен на 10 септември 1919 г. е потпишан Договор за мир со Австрија. На 27 ноември 1919 г. во Неј е потпишан Договорот за мир со Бугарија. На 4 јуни 1920 г. во Тријанон е потпишан Договорот за мир со Унгарија, додека договорот за мир со Турција е потпишан во Лозана на 24 јули 1923 г. Поврзано со потпишувањето на мировниот договор со Австрија е и потпишувањето на истиот ден, 10 септември 1919 г. и Договор меѓу сојузниците и здружените сили и Државата на Србите, Хрватите и Словенците (за малцинствата), исто во Сен Жермен, во кој се вклучени како прилози: писмо од Никола П. Пашиќ до Ж. Клемансо во врска со измени и толкувања на овој Договор и одговорот на Ж. Клемансо.[41] Истиот ден кога е потпишан мировниот договор со Бугарија, исто така во Неј, Грција и Бугарија потпишуваат Конвенција за реципрочна емиграција.[42] На 10 август 1920 г. во Севр е потпишан Договор меѓу главните сили и Грција за нејзината независност и правата на малцинствата, а исто така и договор меѓу главните сили и Грција со кој делот од Тракија кој според договорот од Неј, не и припаѓа повеќе на Бугарија, се доделува на Грција.[43] Врз основа на овде наведените договори во новоформираното Друштво на народите се поставувале и барањата за права и заштита на малцинствата.

---

ност, одошто човек од мисла и принципи. Како либерален идеалист.. тој требаше да се очекува да биде на страната на Вилсон, а секако и правел извесни напори така да делува." (D.C. Somervell, Modern Europe..p.105)

[41] Balkanski ugovorni odnosi 1876-1996. II tom. Beograd, 1998, str. 34-49.

[42] Исто. На стр. 55-93 е Договорот за мир, а на стр, 94-97 е Конвенцијата.

[43] Исто. На стр.108-112 договорот за Тракија, а на стр. 113-119 договорот за малцинствата во Грција.

Во Пактот на Друштвото на народите отсуствува регулирањето на заштитата на малцинствата, што е резултат на залагањето на В. Британија и САД да не се загрозат нивните интереси во колониите и со заштитата на црнците[44]. Свесни дека ова прашање се наметнува особено остро во врска со прекројувањето на границите во Европа и создавањето на нови држави, со создавањето на "Комитетот за новите држави и заштита на малцинствата" и неговата работа се пристапило кон изнаоѓање на извесни решенија, секако кои најповеќе оделе на тоа да се заштитат пред сè интересите на земјите победнички.

Сепак, прашањето за заштита на малцинствата не се појавило на Мировната конференција случајно. Европската јавност за време на војната, а и по нејзиното завршување, преку активности на некои национални и меѓународни демократски организации, веќе имала став од потребата и на ова прашање да се посвети соодветно внимание. Забележено е дека на В. Вилсон извесно влијание имало делото на генералот Сматс[45]. Искажувањата на генералот Сматс кои биле за широки права на националните малцинства дури до автономија, прифатени од делегацијата на САД, на самата Мировна конференција наидуваат на неприфаќање и сомнежи. Претставникот на владата на В. Британија лордот Роберт Сесил особено настојувал за изоставањето во Пактот на прашањето за заштитата на малцинствата.[46]

На Мировната конференција, покрај во наведените мировни договори склучени меѓу завојуваните страни, на прашањето на заштита на малцинствата посветено е внимание и во други договори и акти. Создавањето на Полска како нова држава и одредувањето на нејзините граници со зафаќање на значително население од германско потекло, е регулирано со потпишувањето во Версај на 28 јуни 1919 г. на Договор меѓу Сојузниците и придружни-

[44] Владимир Ортаковски, Меѓународната положба на малцинствата, Скопје, 1996, с. 58-60
[45] Smuts C.J., The League of Nations. A Practical Suggestion, London, 1918.
[46] Професорот Воислав Д. Кушевски во македонската историографија даде приказ и на сите овие настани. Види: В.Д. Кушевски, Македонското прашање во Друштвото на наордите, Скопје, 2001, стр. 24-30.

те сили и Полска. Како е поставено прашањето за заштита на малцинствата во овој Договор ќе биде како основа за другите договори и акти во кои се зафаќа и оваа материја.[47]

Веќе е истакнато дека на Мировната конференција со македонското прашање единствено се бавел Комитетот за нови држави и за заштита на малцинствата. Делови од записниците од седниците на овој Комитет во кои се засегнувало и македонското прашање достапни се на македонската јавност, [48] проф. Хр. Андонов-Полјански објави најопширни изводи од овие записници што ни овозможува за британските ставови по македонското прашање застапувани во работата на овој Комитет да имаме повеќе информации.[49]

Поставувањето на македонското прашање од страна на италијанската делегација во Комитетот со тоа што "дека можеби е пожелно да се бара воведување специјален административен систем во Македонија" (32 седница на 10 јули 1919 г.) наишло на силно спротивставување од Французите и се побарале поодредени предлози. Веќе на 33. седница на Комитетот, (15 јули 1919 г.) од италијанската делегација е доставен "Нацрт на членовите за Македонија" што би се вклучиле во Договорот со државата СХС. Италијанците "инсистираа на обезбедување потребните гаранции за заштита на населенијата во Македонија, особено на словенското население кое не е српско", американскиот делегат застапувал дека "нема сомнение дека извесна форма на самоуправа е пожелно да и биде дадена на Македонија од српската влада", французите се спротивставиле, а не е забележено одделно истажување на британската делегација иако се водела "дискусија за историскиот и етнички-

---

[47] Проф. В.Д. Кушевски прави анализа на тоа како се дошло до Договорот со Полска и посебно на тоа како е поставена заштитата на малцинствата, отпорот кон овие решенија од страна на Кралството СХС и Грција и кои се обврските што требало да ги исполнат државите спрема малцинствата. Види: Македонското прашање.. стр.30-36.

[48] Види: Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, Том први, Скопје, 1981, стр. 620-627. Истите изводи се објавени и во: Balkanski ugovorni odnosi 1876-1996. II tom (1919-1945), Priredio Momir Stojkovic, Beograd, 1998, str.49-55.

[49] Хр. Андонов-Полјански, Велика Британија и македонското прашање.. стр.103-141.

от проблем на Македонија". [50] На 35-та седница (18 јули 1919 г.) се одлучува: "Во врска со прашањето на Македонија беше изразена согласност да се изостави додека се донесе дефинитивна одлука."[51]

На својата 38 седница (28 јули 1919г.) е разгледувано писмото-предлози од Венизелос во врска со Нацртот на договорот за мир со Бугарија. Комитетот се задржал на прашањата поврзани со малцинствата, и тоа предложените клаузули за доброволна размена на население. "Комитетот е на мислење дека општата идеја на овие клаузули, како што се оние што се однесуваат на индивидуалната емиграција, е полезна и треба да се прифати.. Освен тоа Комитетот смета дека општата концепција на ова треба да се прошири на сите балкански земји и не треба да се ограничи само на населението од териториите префрлени со сегашниот мир, туку на сите жители од која било балканска држава кои сакаат да се иселат од своето место на живеење и да живеат во некоја друга балканска држава. Ако проширувањето се изврши на овој начин, тоа ќе биде, тие се надеваат, од голема помош за постојано решавање на вознемирувањата, кои долго се случуваа на Балканот и тоа било значајно дополнување на клаузулите што се поврзани со заштитата на малцинствата."[52] За ова се застапувала британската делегација која во секој поглед настојувала да го подржува Венизелос и била свесна што за Грција значи ослободување од присуството на еден мнозински народ во окупираниот дел на Македонија од страна на Грција.

За македонското прашање, како што се гледа од записникот од 39-та седница на Комитетот (30 јули 1919 г.) се повела дискусија врз основа на два предлога. Првиот, италијанскиот за уредување на Македонија како автономна област не бил прифатен. Вториот предлог, од британскиот претставник бил "уредувањето треба да се направи на тој начин што Друштвото на народите ќе се овласти да има претставници во Македонија, со цел да ги чува

[50] Исто, стр. 105.
[51] Исто, стр. 107.
[52] Исто, стр. 110.

гаранциите против угнетувањето." На ова седница не е донесена одлука.[53] Истото се повторило и на 40-та седница, кога е разгледуван Нацртот на договорот со СХС (1 август 1919 г.) при што дефинитивната одлука да се донесе на наредната седница, а во случај на разлики во мислењата двата предлога би се испратиле до Советот на петмината за нивно решение.[54]

Комитетот на седницата од 4 август 1919 г (41 -ва) со извесни модификации ги прифатил да ги достави предлозите од италијанската делегација и од британската на која се придружиле делегациите на САД и Јапонија. Британскиот предлог бил: "Во врска со необичните услови што настанаа во бившите отомански провинции на Србија, како резултат на војните во последните шест години, а со цел да се создаде доверба кај односното население, владата на Србите, Хрватите и Словенците се обврзува да го повика Советот на Друштвото на народите, по свое наоѓање, да именува полномошник, кој ќе се смести во областа и ќе ја советува владата на СХС во извршувањето на напред наведените клаузули. Функциите на полномошникот ќе бидат само советодавни и со периодични извештаи ќе го известува Советот на Друштвото на народите."[55]

Комитетот своите предлози ги доставил за мислење и до владата на СХС, како и тие за "Грчкиот договор" до Атина и на својата 47 седница (28 август 1919 г.), откако ги разгледале одговорите на двете влади во Комитетот се усвоени извештаи до Високиот совет на Комитетот за нови држави. Во извештајот за Нацрт-договорот со СХС се разгледуваат ставовите изнесени од делегацијата на СХС (владата) и се даваат предлози за дефинитивниот текст на Нацрт-договорот кој треба да се достави како дефинитивен до делегацијата на СХС. Прифатен е ставот дека примената на одредбите од Договорот "се однесува за целото Кралство и не се прави разлика меѓу старите и новите провинции". Ова е образложено со големото зголемување на бројот на населението и територијата на Србија. "Како резултат на балканските војни оваа држава се покачи на пет милиони /од поранешните три

[53] Исто, стр. 114.
[54] Исто, стр. 114-115.
[55] Исто, стр. 117. Предлогот бил за член 12 во врска со заштита на малцинствата.

милиони- заб. С.Г./ и новите жители во голем број се Албанци и муслимани, а исто така и Македонци, кои, каква и да е вистината, можеби по нивниот јазик и раса, беа секако во значително поширoки, односно, тесни политички врски со Бугарија."[56] Во врска со ова прашање во Комитетот се појавило и различно мислење за тоа дали границите одредени со Букурешкиот договор се признаени од Големите сили. Издвоени се ставовите на британската и француската делегација. Последната и овој пат се спротивставила на британскиот став, а во прилог на Србија. Во извештајот е констатирано:

"Британската делегација отиде подалеку. Таа тврдеше дека промените на границите направени во 1913 година ќе станат дефинитивни само по нивното признавање faits accomplis од големите сили, што уште не било гарантирано и кое, според британската делегација, се разбира, не ќе биде гарантирано сé додека на бидат дадени вистински гаранции во однос на расата и религиската заштита. Таа изјави, дека од 1830 година наваму ниедна балканска територија не била премината од Турција кон новите држави, без во исто време тие да бидат стипулирани од големите сили со извесни гаранции. Ако овој случај не се постави официјално во 1914 година, тоа е само затоа што европската војна неочекувано се случи и не беше направено какво и да е крајно решение. Прашањето беше дискутирано претходно и беше предмет на резолуциите на 56-та седница на Конференцијата на амбасадорите во Лондон, на 29 јули 1913 година."[57]

Британската делегација се задржала и на обврските кои Србија ги имала врз основа на членовите 35 и 39 од Берлинскиот договор од 1878 г. т.е. дала предлог да се укинат обрските на Србија кон големите сили. Британската делегација посебно инсистирала на прашањата околу донесувањето на Уставот на Кралството СХС. "Британската и јапонската делегација сметаат дека свикувањето на Уставотворното собрание е голем и есенцијален дел на установувањето на обединетата држава. Тоа е, тие сугерираа, фундаменталната намера на Договорот и поради тоа треба да се внесе во записник." И овој

[56] Исто, стр. 119-120.
[57] Исто, стр. 120.

пат силен отпор на овој предлог дошол од француска страна со образложение дека се работи за внатрешно прашање на државата. Потоа, "Британската и јапонската делегација исто така ја истакнаа големата важност на изјавата што се содржи во документите во кои се наведува дека Уставот на државата СХС ќе дозволи широка мрежа на локална автономија, за што тие веруваат дека ќе биде најдобар метод да се совладаат тешкотиите во Македонија и тоа е последица на гаранцијата дека, како што тие сметаат, не е потребно, ниту е пожелно, да се воведе специјален режим за Македонија, што беше претставен од италијанската делегација."[58]

Во истот извештај на Комиетот под точка 4 е констатирано дека, "Комитетот достатно внимание им посвети на својствените тешкотии што се појавија во врска со Македонија и некои области на западната граница на Србија, во кои се наоѓа знатно албанско население." Појавените разлики во однос на внесување специјални одредби во Договорот за овие области, придонеле да се дадат во прилог двата алтернативни предлози: едниот од британската, американската и јапонската делегација и вториот од италијанската делегација.

Француската делегација не прифатила ниту еден од овие предлози. Она во што се согласиле другите делегации било "дека како резултат на акутното непријателство, кое несреќно го раздели населението од овие области за многу години, владата на СХС ќе има тешкотии во зачувување на редот и обезбедување од акти на насилство. Тие се согласија дека прашањето за гаранциите што треба да се уреди за малцинствата, кои се настанати на територијата што порано и припаѓаше на Отоманската Империја, претставува мошне специјален проблем. Тоа население формира бројни групи, што претставуваат племенско мнозинство само во извесни територијални подобласти. Тоа население беше приклучено во новата држава без да има можност доброволно да ја решава својата сопствена судбина." И потоа: "Како резултат на дискусиите, Комитетот за нови држави најде дека во многу случаи е потребно да се испита воведувањето на специјални клаузули за

[58] Исто, стр. 122.

некои случаи. Истата потреба постои за народот на Македонија. За оваа точка се согласни сите делегации, со исклучок на француската делегација која смета дека општите клаузули се задоволувачки."[59]

Британската делегација, заедно со американската и јапонската одново направиле извесна измена на својот поранешен предлог преку една посебна и привремена мерка: "Друштвото на народите да има право да држи претставник во областа, кој ќе може да го известува за какво и да било повредување на одредбите што се содржат во Договорот."[60] И овој предлог наишол на силно спротивставување од француската делегација и не поминал во усвоениот текст на Договорот.

На својата 49-та седница (5 септември 1919 г.) Комитетот расправал во врска со Договорот со Грција и предлогот на Венизелос за доброволна размена на население. Во писмото од Комитетот до Венизелос повторно е укажано дека размената на население би требало да се прифати и од другите балкански држави, бидејќи на овој начин ќе се постигнело трајно смирување на едно немирно подрачје. Во врска со правата на малцинствата во Нацртдоговорот со Грција меѓу Венизелос и Комитетот не дошло до усогласување на ставовите околу училиштата за малцинствата:

"По една важна точка, за која г-н Венизелос изрази цврсто мислење, Комитетот не се чувствуваше во можност да се доближи до неговите желби. Во областите што преминале кон Грција од 1913 година наваму, каде има значителен дел од негрчки жители, членот 9 и пропишува на Грција обврска да предвиди во државните училишта настава на другиот јазик, различен од грчкиот. Според тоа, грчката влада во некои области ќе предвиди за граѓаните на Грција со бугарски јазик настава во духот на нивниот сопствен јазик. Г-н Венизелос смета дека тоа ќе сретне голема опозиција кај грчката влада. Спротивно на ова, Комитетот се изјасни дека целиот предмет на овие договори е на другото население приклучено кон Грција или кон другите држави да му се обезбеди правото на својот сопствен јазик, од кое, како резултат на

[59] Исто, стр. 123-124.
[60] Исто, стр. 125.

ова, беше лишено и дека овој принцип е установен и потврден и во другите слични договори. Исто така може да се сугерира дека ако бугарските училишта се потврдат од грчката влада, ќе има мала опасност тие да се употребат за целите на политичката пропаганда и за интриги, а и како алтернатива за бугарските деца може да се установат приватни училишта под државна управа. Прашањето е принципиелно и Комитетот не се чувствува овластен да му препорачува некаква концепција на г-н Венизелос по оваа точка.."[61]

На 54-та, 55-та, 61-та и 62-та седница Комитетот за нови држави го разгледувал текстот на Нацрт-договорот со Бугарија. Одделно внимание е посветено и на прашањето за доброволна размена на населението. Комитетот и понатаму гледа можност за прифаќање на вакво решавање на малцинско прашање и од другите балкански држви, нешто што СХС веднаш го одбила, а од делегациите во Комитетот извесни резерви кон ова и некои други прашања имала само американската делегација.[62]

За тоа какви биле ставовите на британската дипломатија на Мировната конференција одделни податоци, повеќе врз основа на српски извори, наоѓаме во докторската дисертација на Десанка Тодоровиќ, која во втората глава посветена на "Југославија и мировниот договор со Бугарија" точката 3. Насловена со: "Македонскиот проблем на Конференцијата за мир (политички и малцински)".[63] Истиот автор поставувањето на македонското прашање го следи и пред почетокот на самата Конференција. Така, за македонското прашање, наведува, дека се расправало при прелиминарните разговори во Париз и Лондон и тоа "најповеќе поради новите концепции кои ги поставил американскиот претседател Вилсон. Жорж Клемансо, претседател на француската влада и иден претседавач на конференцијата и Лојд Џорџ, претседател на британската влада, во американскиот предлог гледале ново померување на состојбите и силите на Балканот, потоа и компликации од

[61] Исто, стр. 128.
[62] Исто, стр. 139.
[63] Todorovic, Desanka- Jugoslavija i balkanske drzave 1918-1923., str. 39-45 3. Makedonski problem na Konferenciji mira (politicki i manjinski).

поголем обем, коишто, според нивното мислење, по секоја цена требало да се одбегнат. Лојд Џорџ сметал дека американскиот предлог за Македонија како мандатна единица би предизвикал неслога меѓу балканските држави, и дека Македонија како мала единица лесно би подпаднала под доминацијата на силните соседи. Всушност, Клемансо и Лојд Џорџ го спречувале американ-ското спуштање на Медитеранот, се спротивставувале на јакнењето на аме-риканското влијание врз малите народи, особено поробените, нешто, што веќе се чувствувало, затоа настојувале да ги заобиколат Вилсоновите прин-ципи за самоопределување на народите, особено во случаите кога тие биле спротивни на нивните разбирања за повоеното уредување на Европа.[64]

Сепак, македонското прашање не можело сосема да се одбегне. Се појавило при разгледувањето на мировниот договор со Австрија, особено при одредбите за заштита на малцинствата,[65] т.е. во работата на Комитетот за новите држави и малцинствата. Тогаш паднал и предлог "во Букурешкиот договор од 1913 г. да се внесе специјална одредба за заштита на малцинствата во Македонија"[66] При првото разгледување на италијанскиот предлог за Македонија, британскиот делегат Ален Липер (Allan Leeper) се сложил со американскиот предлог расправата да се одложи за ова прашање до донесу-вањето на новиот југословенски устав. Од српска страна пред Комисијата бил ангажиран и професорот на Сорбона Емил Оман, да ги брани нивните инте-реси. Сепак, забележен е предлог од Ален Липер до српската делегација "да го прифати предлогот за заштита на малцинствата во Македонија и како одделни клаузули да се внесат во мировниот договор со Австрија. При ова, британскиоит делегат Хедлам Морли (Headlam Morley) барал слобода за употреба на јазик и религија за населението кое по 1913 г. попаднало во Кралството Србија."[67] Забележени се и другите настојувања на британската делегација и реагирањата на југословенската делегација, т.е. писмата на

[64] Todorovic, D. Jugoslavija i .. str. 22.
[65] Balkanski ugovorni odnosi 1876-1996., II tom, Bgd. 1998, str.. 31-33. - член 62-69 "Заштита на малцинствата".
[66] Todorovic, D. Jugoslavija i .. str. 42
[67] Todorovic, D. Jugoslavija i .. str. 42.

Никола Пашиќ до Конференцијата во врска со Македонците. Југословенската делегација мировните договори ги потпишувала откако видела дека грчкиот премиер Венизелос ја прифатил Конвенцијата за малцинствата и Македонците во Егејска Македонија ги прифатил како Бугари, а од друга страна се дознале и заканувањата од страна на В. Британија дека ако југословенската делегација не го промени ставот британската влада ќе го отвори пред Мировната конференција целото македонско прашање. Дури и француската делегација, која секогаш била во заштита на српските барања и интереси, извршила притисок при потпишувањето на договорите.[68]

На Мировната конференција во врска со мировните договори се одредувале и границите на државите. Делегацијата на СХС пред Советот на десеторицата настапила на 18 февруари 1919 г. со Меморандум во кој се бара ревизија на границите со Бугарија. Во м. март Комисијата за територијални прашања пристапила кон проучување на овие барања. Французинот Андре Тардје (Andre Tardieu), претстедател на Комисијата, настојувал што повеќе да се излезе во пресрет на српските барања во поглед на границата со Бугарија.Веќе на 13 март Комисијата ја завршила својата работа и го доставила својот предлог. Во него, покрај другото, е прифатено да се корегира српско-бугарската граница од 1913 г. кај Струмица. "Британската страна ги подржувала ставовите на Французите, водејќи политика на компромис, за да добие француска согласност во сферите коишто најповеќе го привлекувале нивното внимание. Во исто време заседавала и комисијата што ги проучувала границите према Тракија, според барањата на грчката делегација, затоа Англија барала согласност од Франција, за да би се Бугарија и Турција оддалечиле од морето и бреговата зона. Кога Тардије предложил ревизија на границата кај Струмица заради скратување на граничната линија, бидејќи т.н. Струмички коридор како клин продирал во југословенската територија, британските и американските членови на комисијата веднаш се сложиле со тоа."[69]

---

[68] Todorovic, D. Jugoslavija i .. str. 44-45.
[69] Todorovic, D. Jugoslavija i .. str. 30 .

Во врска со границите пред Комисијата за територии забележено е и усогласено настапување на Пашиќ и Венизелос. Последниов забранил во Атина понатамошни акции со кои се барало Битола, Дојран и Гевгелија да припаднат на Грција. Заеднички испратиле и нота до Клемансо за комитиски активности покрај границата. Врховниот совет на 16 мај 1919 г. го усвоил предлогот од Комисијата за територијални прашања, при што британскиот делегат Џемс Балфур "подвлекол дека новопредложената граница треба да служи како спона за воспоставување пријателски односи меѓу двата соседни народа."[70] Колку биле успешни и корисни овие територијални поделби, особено на Балканот, подоцнешните настани сосема ги негираа. Останува забележено дека и во прашањата за поделбата на териториите биле потребни усогласувања на интересите на Франција и на Велика Британија.

Така, при разгледувањето на тракиското прашање дошло и до француско-британско договарање, попуштање во интерес на В. Британија, на местата каде што британските интереси биле приоритетни. Грција за сето време на работата на Мировната конференција се сметала за вазал на В. Британија.

[70] Todorovic, D., Jugoslavija i .. str. 32.

## III глава

# СТАВОВИ И ДЕЛУВАЊЕ НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА ВО МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ И СОБИРИ ПО ОДНОС НА МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ

## 1. Во Друштвото на народите

Од Првата светска војна, всушност, како големи сили останале само две земји: Велика Британија и САД. Останатите земји, па дури и Франција, и покрај нејзините огромни колонии, повеќе не можеле да претендираат на господарење со светот. Меѓу овие две големи сили постоеле и редица недоразбирања и спротивставени интереси, како и меѓу Франција и Велика Британија. Нивните интереси многу често и јасно доаѓале до израз и на Париската мировна конференција преку мачните усогласувања на ставовите. Тие ќе се одразуваат и понатаму во настојувањата договореното на Мировната конференција да се спроведе и да се обезбеди основната цел, траен мир.[1]

По потпишувањето на Пактот на Друштвото на народите веднаш се пристапило кон избор на Генерален секретар и создавање на услови за отпочнување со работа на истото. Од м. мај 1919 г до м. ноември 1920 г., кога се одржува првото Генерално собрание на Друштвото на народите, во Париз, а веднаш потоа од 14 ноември до 18 декември 1920 е одржана и првата седни-

[1] Во Пактот на Дрштвото на народите, потпишан во Париз на 28 април 1919 г. како основна цел страните договарачи за негово создавање во преамбулата наведуваат:

"со цел развивање на соработка меѓу народите и да би им се гарантирал мирот и безбедноста, сметајќи дека е потребно:

-да се превземат извесни обврски дека нема да прибегнат кон војна,

- да се одржуваат целосно отворени меѓународни односи базирани на правда и чест,

- строго да се почитуваат наредбите на меѓународното право, кое во иднина ќе се признае како вистинско правило според кое владите ќе се управуваат,

- да се создаде владеење на правото и совесно почитување на сите договорени обврски во взаемните односи на организираните народи,

го усвојуваат овој Пакт со кој се образува Друштво на народите." - Види:Balkanski ugovorni odnosi.. str. 3.

ца на Советот на Друштвото на народите.[2] Генералниот секретар оформува тим од соработници и ја следи Мировната конференција за чии одлуки и следење на реализирање на постигнатите договори ќе биде задолжено Друштвото на народите.[3]

Едно од главните прашања на кое во Друштвото на народите требало што поскоро да се даде одговор, било прашањето со така наречените мандатни територии, т.е. распределбата на поранешните германски колонии, како и деловите од Отоманската Империја (Сирија, Палестина, Либан, Јордан, острови во Егејското Море и др.). Во рамките на настојувањата за мир и општа безбедност се зафаќале прашањата за спречување на воени судири (таков пример има и на Балканот); исцртување и корегирање на границите на државите (примерот со Албанија за која на Париската мировна конференција не била донесена одлука, потоа бараните корекции од Кралството СХС и др.); разоружувањето и контролата на вооружувањето; плаќањето на репарациите; прашањата поврзани со заштитата на малцинствата и др. Во целината на сите овие прашања, барем во некои од нив, помалку или повеќе, на извесен начин, ќе се најде и Македонија и македон-

---

[2] Со членот 2 од Пактот одредено е дека дејноста на Друштвото се одвива преку Генерално собрание, Совет и постојан Секретаријат. Со чл. 3 веќе се одредуваат начинот и правата на делување на Генералното собрание, на кое во работата земале учество земјите членки, потоа, чл. 4 е посветен на Советот, додека во чл. 6 се дадени должностите и правата на Генералниот секретар. Последниов како помошници имал повеќе секретари, кои сам ги назначувал со согласност на Советот. Со чл. 9 е формирана и постојана Комисија, а е допуштено и формирање и на други повремени тела, комисии и сл. за одделни прашања.

[3] Во Секретаријатот, чие седиште било одредено во Женева, биле постојано платени лица задолжени за меѓународните прашања од делокругот на Друштвото, а по потекло од земјите членки. Додека Генералното собрание се свикувало, по правило, еднаш годишно, Советот, како помало тело, заседавало три до четири пати во годината. Пред овие тела било поставено да се решава по редица прашања кои на Мировната конференција не можеа да бидат дефинитивно утврдени, како и по оние коишто произлегуваат од постигнатите договори. Во работата на Друштвото на народите зеле учество: прво: групата на земјите коишто се основачи на Друштвото и учествувале во војната против Германија како и новосоздадените, потоа, во втора група се земји кои биле поканети во Друштвото, 13 воглавно неутрални земји, а за останатите земји се одлучувало подоцна за секоја посебно. Секоја земја имала право на еден глас во Генералното собрание. При ова случајот со Велика Британија е посебен. Таа со доминионите имала 6 гласа, од 1923 г. со Ирска 7 гласа, што е доста во прилог на наметнување на своите ставови. Самиот Совет бил составен од 9 членови од кои 5 биле постојани (Велика Британија, Италија, САД, Франција и Јапонија) и 4 непостојани членови кои се менувале секоја година. Види: Историја дипломатије, св. 3, Дипломатија у периоду припраме Другог светског рата (1919-1939), Београд, 1951, стр.49.

ското прашање. И во оваа прва ваква значајна светска организација, некој ја сметале и како светски парламент,[4] Македонецот ќе настојува да најде помош од тешките угнетувања во кои потпаднал и надеж дека преку исполнувањата на договорите од Мировната конференција може да оствари извесни национални права.

Колкаво е и како е изразено влијанието на Велика Британија и нејзината дипломатија во работата и одлуките на Друштвото на народите. Пред сé, Друштвото на народите својата дејност ја почнува и неколку месеци работи во Лондон (во Женева се преселува дури во есента 1920 г.) Од почетокот на м. мај 1919 г. како Генерален секретар Џемс Ерик Драмонд (Sir Jammes Eric Drummond) ангажира високи британски дипломати за соработници во Секретаријатот. Пред сé, Е. Драмонд го поканил за соработка Харолд Николсон,[5] кој во Министерството, по повлекувањето од амбасадата во Цариград од 1914 г., работел и на подготовките на Мировната конференција, а на истата е во составот на британската делегација како втор секретар. Веќе го регистриравме неговиот одбивен став кон меморандумот што на Мировната конференција сакал да го поднесе новинарот од "Тајмс" Џемс Баучер во прилог на создавање автономна држава од Македонија. Тој во нашата историографија е присутен и како автор на договорот за малцинствата со Грција.[6] На дејноста на Х. Николсон во врска со Балканот е посветен целиот број 10-11-12 од серијата "Меѓународна документација за Македонија" издадена во Женева, во која како предговор е непотпишаниот текст "Порт-

---

[4] Индикативно е дека, меѓу концептите за местото на Друштвото на народите било и едно замислување на истото како Влада на светот, тело за централна контрола на сите војски и со централна светска разузнавачка служба, нешто што било согледано како непрактично уште во летото 1920 година - види: The Complaints of Macedonia, Geneva 1979, Internatiomal documentation on Macedonia, N. 10-11-12, p 17.

[5] Во својот дневник Х. Николсон на 8 мај 1919 г. ја регистрирал средбата со Е. Драмонд, согласноста да работи за Друштвото на народите и првите договарања за наредните чекори. Тој работел скоро една година во Политичката секција на Секретаријатот на Друштвото на народите "како политички експерт и ги собирал доверливите разузнавања кои воделе кон наметнување на одлуки меѓу сојузничките делегации" и бил главната личност за врска меѓу Секретаријатот на Д.Н. и Министерството за надворешни работи на В. Б. - Исто.. стр.12-13.

[6] Ортаковски Владимир, Меѓународната положба на малцинствата, Скопје. 1996, стр. 119.

третот на еден британски дипломат: Харолд Николсон".[7] Неговото име е познато и по повеќето објавени книги кои се прифаќани било како учебници во дипломатијата било како значајни историографски прилози.[8] Искажувањата за Х. Николсон, како дипломат, а и за останатите британски дипломати поврзани со Мировната конференција и со Друштвото на народите, направени во наведениот "Портрет" поаѓаат од тоа колку нивните ставови и делување биле од полза или штета за Бугарија. Во секој случај, останува како битно да се констатира доминантната улога на дипломатијата на Велика Британија во работата на Друштвото на народите, од основањето натаму.

Во врска со влијанието на британската дипломатија во Друштвото на народите веднаш паѓа во очи поставувањето на британскиот дипломат Џ. Е. Драмонд за генерален секратар, место на кое бил цели 14 години, потоа, овластувањата што ги имал сам да одлучува по извесни прашања и особено неговите тесни врски со британското министерство за надворешни работи. Во веќе погоре цитираниот "Портрет" во врска со генералниот секретар Џ. Е. Драмонд се констатира следново:

"Нашиот интерес за првиот Генерален секретар, сер Ерик Драмонд, нарасна поради неговото третирање на повоените политички проблеми во негова надлежност во текот на 14 години на Друштвото на народите. Ниту еден од овие проблеми не беше соодветно разгледан без да помине преку Форин Офис. [9] Двојната игра што еден дипломат мора да ја игра на овој начин беше извонредно илустрирана. Ете зошто оние коишто сакаат да му

[7] The Complaints of Macedonia..p. 7-44 "Portrait of a British Diplomat: Harold Nicolson".

[8] Такви се: "Diplomacy" (повеќе изданија и превод на француски и руски јазик); "The Evolution of diplomatic method", London, 1953; "Peacemaking,1919, London, 1933 (преведена и на француски јазик); "Diaries and letters, 1930\39" објавени три тома во Лондон 1966-1968 г., а е зафатен периодот од 1930 до 1962 г. и други.

[9] За ваквите консултации на Е., Драмонд во Лондон пример изнесува и проф. Кушевски. Тој констатира дека за да земе став спрема поднесените петиции до Друштвото на народите од страна на бугарското друштво "Отец Паисиј", како и таа од Шалев, на 30.10.1930 г. Е. Драмонд разговарал во Лондон со Кадоган. Види: Кушевски В.Д., Македонското прашање во Друштвото на народите, Скопје 2001, стр. 220.

судат само врз основа на една од овие две игри грешат. Сер Ерик Драмонд имаше работа со многу значајни проблеми, но ниту за еден од нив не одлучи тој лично. Тој на прво место го ставаше промовирањето на британските иницијативи. Тој го потчини Друштвото на народите на Лондон, а тоа беше направено од многу причини, вклучувајќи ја и политичката и финансиска слабост на Друштвото. Во многу случаи субординацијата се покажува нормална." [10]

Изборот на сер Ерик Драмонд за генерален секретар на Друштвото на народите се гледа и како "намалување на моќта на Генералниот секретар на новата меѓународна организација. Ова, бидејќи како кандидати за ова место се споменуваат: јужноафриканскиот министер на одбраната, генералот Сматс (General Smuts); претседателот на Чехословачка, Томас Масарик; лордот Роберт Сесил (Lord Robert Cecil); американскиот претседател, Томас Вудроу Вилсон (Thomas Woodrow Wilson) и секретарот на британската влада, Морис Ханкеј (Maurice Hankey).[11]

Друштвото на народите не се јавува како единствено тело кое во повоениот период ќе ги решава сите настанати проблеми околу исполнувањето на договорите од Мировната конференција. Со Версајскиот договор престанале да важат сите дотогаш склучени сојузнички договори, тоа не било во должност на Друштвото на народите, веќе ги нема поранешните сојузнички договори. Поради тоа биле формирани повеќе организации (тела): Комисија за репарации и Комисија за контрола на разоружувањето, Меѓусојузничка комисија за окупираните области и др. Бројноста на овие комисии, несомнено, го отежнувало спроведувањето на Версајскиот договор. Се јавувале прашања коишто требало веднаш да се регулираат. Поради тоа, како постојан орган кој редовно би се бавел со разгледување на овие прашања, организирана е Конференција на амбасадорите, којашто повремено ќе се состанувала. Во нејзината работа учествувале британскиот, италијанскиот и јапонскиот амбасадор во Франција. Претседавал Француз. Амери-

[10] The Complaints of Macedonia.. p. 13.
[11] Исто.. стр. 18.

канскиот амбасадор бил присутен само за да се информира. Донесувањето на одлуките морало да биде едногласно, а во случај на несогласување амбасадорите се обраќале до своите влади.[12]

Во македонската историографија и публицистика, на извесен начин е посветено внимание и на Друштвото на народите и неговата дејност во врска со прашања поврзани со Македонија. Секако, дека постојат и осврти и за неговата организација, појава и значење,[13] неговото место во историјата на македонскиот народ,[14] во врска со одредувањето на границите недефинирани на самата Мировна конференција, посебно прашањето за манастирот Свети Наум,[15] а најмногу околу заштитата на малцинствата, посебно на Македонците во Бугарија, Грција, Југославија и во Албанија.[16] Најголем прилог по ова прашање, а врз основа на исцрпни и аналитички истражувања во Архивата и Библиотеката на Друштвото на народите во Женева, даде проф. д-р Воислав Кушевски кон чии трудови и ние се повикуваме.[17]

---

[12] Историја дипломатије, т.3..стр. 89.

[13] Тупурковски д-р Васил, Обединетите нации и мирот, Скопје 1982, - стр. 37-82 - "Колективната безбедност во системот на Лигата на народите".

[14] Историја на македонскиот народ, кн. трета, Скопје 1969 г., стр. 250-253 и др.
Историја на македонскиот народ, том четврти, Скопје 2000, стр.439-467: Дел осми. Лигата на народите и малцинските права на Македонците.

[15] Балевски Милчо, Балканските полтички прилики и дипломатските битки за манастирот Свети Наум, Скопје 1984 г,

[16] Во делото на Поповски Тошо, Македонското национално малцинство во Бугарија, Грција и Албанија, Скопје 1981 г, најповеќе вниманието е свртено кон периодот по 1944 година, додека на периодот меѓу двете светски војни е посветен Дел 3 (43-110 стр.);
Ортаковски Владимир, Меѓународната положба на малцинствата, Скопје 1996, на прашањето најповеќе се задржува во разгледување на правните аспекти, и, исто така, посветувајќи му повеќе простор на периодот по Втората светска војна се до 1991 година, а во Првиот дел направена е широка споредбена анализа на сите меѓународни договори во врска со заштитата на малцинствата за кои треба и се грижело Друштвото на народите. (стр. 52-194).

[17] Освен обемната монграфија (докторска дисертација), објавена по неговата смрт: Македонското прашање во Друштвото на народите. поставувањето на македонското прашање како малцинско прашање во Друштвото на народите, Скопје 2001, 230 стр., од проф. д-р Воислав Д. Кушевски ги најдовме и следниве значајни студии:

Обиди за поставување на мкедонското прашање во Друштвото на народите во 1920-1921 год., Историја, год. III, бр. 2, Скопје, 1967;

Реагирањето во Друштвото на народите на револуционерната ситуација во врска со поставувањето на некои национални и малцински прашања во периодот од 1920 до 1922, Историја, год. V, бр. 2, Скопје, 1969;

Петициите на "српското малцинство" од Егејска Македонија упатени во 1925 година до Друштвото на народите и нивната судбина, Историја, год. VI, бр. 2, Скопје 1970;

Од активноста на дипломатијата на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, Бугарија и Грција во врска со покренувањето на македонското прашање првите години по

Со оглед на поставената цел, да се осврнеме на ставовите на британската дипломатија, а и обемот на прашањата поврзани со ова, сметаме дека наместо хронолошки подход подобар приод е да се осврнеме на поставуваните прашања за секое одделно.

Дали извојувањето на правото за самоопределување и самоуправување, за кое толку многу се зборувало на и околу Мировната конференција, ќе биде прифатено и заштитувано и од Друштвото на народите како гарант на мировните договори. Проф. В. Кушевски за ова констатирал:

"Друштвото на народите (1920-1939) беше гарант на мировните договори, како и на заштитата на малцинствата. Потпирајќи се на дотичните клаузули за правата на расите, јазичните и верските малцинства, самостојните македонски организации го покренувале македонското прашање пред оваа меѓународна организација, но не како малцинско, туку врз основа на правото на народноста за самоопределување."[18]

Македонското прашање не можело да биде затворено по Мировната конференција и со санкционирањето на поделбата на Македонија извршена со Букурешкиот договор од 1913 г. Оттука и констатациите дека во првите години од делувањето на Друштвото на народите, до соодветните органи на оваа организација, биле упатувани бројни молби кои се однесувале на

---

стапувањето на сила на Пактот на Друштвото на народите., Историја, год.VIII, бр. 2, Скопје 1972;

Целта и карактерот на петиционерската мисија на Димитар Шалев, Глигор Анастасов и Димитар Илиев во Друштвото на народите., Историја, год. XVIII, бр. 1-2, Скопје 1982;

ВМРО (обединета) спрема поставувањето на македонското прашање пред Друштвото на народите., Историја, год.XXI, бр. 1, Скопје 1985;

За реагирањето и дипломатската преписка во Душтвто на народите по појавата на Абецедарот, во кн.: Нациите, малцинствата и балканската соработка, Делчево, 1987, стр. 193-211;

Реагирањето во Друштвото на народите во врска со поставувањето на македонското прашање врз принципот на народноста (од 1920 до Третата Асамблеја 1922 г.), вп кн.: Прогресивната мисла за македонското прашање и барање за самоопределување (1878-1945), Делчево, 1988, стр. 137-146.

Полемика за македонското прашање во "Лес миноритес националес" - органот на Меѓународната унија на здруженијата за Друштвото на народите во 1930 година, во кн.: Европа и македонското прашање, Делчево 1995, стр. 331-344.

[18] Кушевски, В.Д., Повод за споменувањето на еврејското малцинство во јужниот дел на Македонија пред Советот на Друштвото на народите во 1926 година., Историја, год. XXXI/XXXII, бр. 1-4, Скопје 1995/1996, стр. 35.

Македонија и на македонското прашање. "При тоа е бележливо што во овие писмени обраќања до ДН, барањата не се сведувале за заштита на Македонците како малцинство и сл., туку е барана политичка еманципација на Македонија со нагласка, на пример, дека македонскиот народ "..не бил консултиран според принципот на самопределување на народот" или да се исправи неправдата "која е сторена со Македонија, со делбата на нејзината територија помеѓу повеќе држави" и дека "таа земја треба да биде обединета и независна под заштита на Друштвото на народите". Упатувани се, значи, апели до ДН за почитување на принципот на самоопределување на народите" или се подвлекува гледиштето на "огромното мнозинство на Македонци" коишто се сведуваат на: независност на Македонија со администрација по примерот на демократска Швајцарија, а под протекторатот на Друштвото на народите" и сл."[19]

Групата на студенти на Универзитетот во Женева со телеграма до сер Ерик Драмонд, побарала (м. ноември 1920 г.) на претстојните заседанија на Советот да не биде "заборавена Македонија", бидејќи македонскиот народ не бил консултиран согласно принципите на самоопределување. Тие имале средба и со Пол Манту (Paul Mantoux) при што побарале "да стори нешто за да ја поправи неправдата што е сторена со Македонија, со поделбата на нејзината територија помеѓу повеќе држави."[20]

Прва петиција која е добиена во Друштвото на народите од Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија е од 22 XII 1920 г. адресирана до претседателот на Советот на Друштвото на народите. Во наредниот период до Друштвото на народите ќе бидат испратени повеќе петиции: "Во секој случај барањето автономија на Македонија е карактеристично за петиционерската активност по македонското прашање во текот на почетните го-

---

[19] Кушевски, В.Д., Реагирањето во Друштвото на народите во врска со поставувањето на македонското прашање врз принципот на народност (од 1920 до III-тата асамблеја, 1922 г.)., во кн: Прогресивната мисла за македонското прашање и барање за самоопределување (1878-1945), Делчево 1988, стр. 138.
[20] Кушевски, В.Д., Македонското прашање во Друштвото на народите..стр. 66-67.

дини од дејноста на ДН, како кај врховистичките извори на петиции, кои главно доаѓале од Бугарија, така и со оние петиции кои потекнувале од искрените поборници за ослободителното дело и правата на македонскиот народ."[21]

Одбивањето на овие петиции секогаш било со мотивација, дека не се работи за барање за заштита на малцински права, туку се во прашање постигнување на политички цели.[22]

Видовме дека британската дипломатија има особено силни позиции во Друштвото на народите и неговите органи. Нејзиниот став и ќе биде пресуден во поглед на обновувањето на македонското прашање преку петиции со кои ќе се поставуваат политички барања и ќе се загрозува веќе воспоставениот "ред" со мировните договори и нивната стрикна примена. Сепак, таа на еден или друг начин, порано или подоцна, самата ќе го поставува и прашањето за евентуалното поинакво решение на македонското прашање.

Дека на Мировната конференција во поглед на Македонија и е направена огромна неправда, на извесен начин, во 1922 г. забележал и еден од врвните креатори на мировните договори, британскиот премиер Дејвид Лојд Џорџ, кој во своите мемоари констатирал: "Според мнозина авторитети најтрагичниот случај за угнетување на малцинствата и нарушување на договорот од 1919 г. може да се смета тој во односот кон 600.000 Македонци, коишто сега живеат во границите на Југославија"[23]

---

[21] Исто, стр. 70.

[22] За да се прифати во Друштвото на народите и неговите органи петиција за разгледување и постапка, Советот на ДН во 1920 г. донесува одлука со која ги надополнува покрај членови на Советот право на поднесување петиција да имаат и државите кои не се членки, како и можноста за формирање на тричлена комисија, составена од членови на Советот, со обврска да ги разгледаат петициите, да предложат и изготват препораки до Советот во врска со потребата од преземање на акција. Во 1923 г. утврдена е следнава постапка со петициите: генералниот секретар одлучува дали петицијата ги исполнува бараните формални и други услови; петициите се доставуваат со коментар до заинтересираните влади; Малцинската секција изготвува меморандум со сите прилози; прелиминарно разгледување од одбор кој , ако смета дека има основа ќе ја препрати до Советотт, а може да бара и дополнителни податоци и постапката на Советот се одвивала со рамноправно учество на државата во која живее малцинството без претставници на малцинството. - види: Ортаковски, Вл., Меѓународната положба на малцинствата.. стр. 84-86.

[23] David Lloyd George, Memoirs of the Peace Conference, vol. II, p. 899, 901-902. Цитирано според: Македония.Сборник от документи и материали, София 1978, стр. 668.

Нешто подоцна, британскиот амбасадор во Драч, Хари Ејрес, во 1924 г., поаѓајќи од претпоставката дека албанскиот народ уште не е доволно зрел за самостоен живот, предложил три решенија (италијански протекторат; поделба на Албанија меѓу Италија, Југославија и Грција; под старателство на Друштвото на народите) определувајќи се за третото решение, во поглед на поделбата констатирал: "Дури и нешто повеќе, мислам дека е очигледно оти секој план за поделба неизбежно би создал отворена рана на Балканот, слична на онаа што е создадена во Македонија, но далеку поопасна"[24]

Британски дипломат во Софија, Р.Сперлинг (R.Sperling), до раководителот на Одделот за Југоисточна Европа во британското Министерство за надворешни работи, Серџент (Sergent), на 22 март 1928 г. од Софија, испратил Меморандум во кој се надоврзува на можноста да се примени системот од Локарно на Балканот.[25] По констатцијата што во свој Меморандум ја направил дипломатот Хауард Смит (Howard Smith), дека на Балканот таков систем не може да се примени поради фактот дека Бугарија се наоѓа во рацете на "Македонската револуционерна организација" чија цел е да "ги инкорпорира во Бугарија секциите од Македонија сега вклучени во Југославија и Грција. Со други зборови предмет на МРО е да ги модифицира границите одредени со договорот во Неј, а кои не соодветствуваат со разделбите на народностите на дадената територија." Сперлинг продолжил:

"Без сомнение, ова е прв случај во кој Силите се обиделе на Балканскиот Полуостров да наметнат такви граници, или да го распоредат неговото население, без да ги земат во предвид интересите на истите." Сперлинг прави, на две страници, преглед на мировните договори со кои се одредувани границите на Балканот во XIX-от век до Берлинскиот конгрес." По оваа дата, главен фактор во турбулентната историја на Балканот, кулминирајќи со вклучувањето на Бугарија на страната на централните сили во војната, биле незадоволените аспирации на Македонците."

---

[24] Аврамовски, Ж., Некои аспекти на македонското прашање во односите на Југославија со Грција и Бугарија од 1918 до 1925 година., Гласник на ИНИ, год.XVI, бр. 1, Скопје 1972, стр. 73.

[25] PRO, FO 371/12856 C 2670/42/7.

"Јас не се застапувам за Македонците, Бугарите или некоја од другите полуцивилизирани националности што живеат на Балканскиот Полуостров. Нема сентименталности во врска со овие националности, но мене сета историја како да ми укажува дека ваквите превртнички конспиратори и агитатори, какви што се Македонците, никогаш нема да бидат принудени или наговорени да ги напуштат своите аспирации, а на нив да се спротивставува само пролонгирање на судирите коишто постојат со генерации и да се повторуваат политичките грешки спомнати погоре."

Меморандумот завршува со следниот заклучок:"Секако, не може да се очекува Владата на Неговото Височество да одобри во моментов било какво прекршување на договорот од Неј, но неговите членови за војската пропаднаа во море и судејќи според претходното, територијалните членови веќе постојат долго време во споредба со претходните. Овие претходните, исто така, од Големите сили беа третирани како свети и неповредливи како и самиот Договор. Поради тоа, може би, би било вредно Владата на Неговото Височество да разгледа дали, кога ќе се случи неизбежната експлозија, таа слепо ќе истрае на политиката, којашто толку често покажа дека е погрешна, а во која сега, најпосле, не се опфатени вистински британски интереси, или дали таа ќе прифати извесна ректификација на границата, што е првенствен услов за воспоставување на мир на Балканот, врз основа на Локарно или било кој друг систем."

Во 1930 година меѓу британските високи дипломати ќе се најде и случај на сосема пореална и спротивна на британската званична политика слика за Македонија и македонскиот проблем. Во Софија од средината на октомври 1929 г. па до јануари 1934 г, амбасадор е Сиднеј Ватерлоу (S. Waterlow), кој во писмо адресирано до сер Роберт Ванситерт (Sir R. Vansittart), потсекретар во Министерството за надворешни работи, од Софија на 21 мај 1930 г., се обидува да наметне нов став и гледање врз македонското прашање.[26] Ословувајќи го со "Мој драги Вен", веднаш ќе подвлече:

[26] PRO, FO 371/ 7377 C 4187

"Македонскиот проблем е толку голем и опасен, што ние, мислам, треба да ја користиме секоја можност за создавање на таква атмосфера меѓу Југославија и Бугарија, како еден ден би се дошло до можно решение. Ова е моето извинување поради фрлањето на следниве семенки во мозокот на Министерството за надворешни работи (Форин Офис)."

Амбасадорот Ватерлоу поаѓа од официјалната констатација на Министерството направена во елаборатот "Аспекти на меѓународните односи во 1930" (Aspect of International Relations in 1930) и тоа, дека Бугарија "нема никакви територијални барања или амбиции од некое поголемо значење". Оценувајќи го ова како неточно, констатира дека: "Покрај Македонија, тука е и Добруџа, а постојат и три северни области каде Договорот од Неј приклучи чисто бугарско (не македонско) население во Србија, туркајќи ги границите кон Исток од стратешки причини" Откако констатира зошто се за Бугарија важни Добруџа и трите области: "Моја сугестија е таа, дека ние можеме да работиме на крајно враќање на овие области на Бугарија."

Откако ќе заклучи, дека враќањето на северните области, мали планински територии со неколку стотици Бугари, значително ќе го олесни и пристапувањето кон изнаоѓање на решение на македонскиот проблем, продолжува: "Разбирливо, тоа може да стане ако Друштвото на народите некогаш би интервенирало меѓу Југославија и Бугарија. Како и да е, јас сум убеден, дека остапувањето на овие области ќе повлече напред, ќе биде преземен чекор кон решавањето на македонскиот проблем. Самиот проблем ќе биде упростен и изолиран во неговата големина, а психолошкиот стимул на бугарската влада да го уништи Комитетот ќе биде голем." На долготрајните судири меѓу Југославија и Бугарија не им го гледа брзо крајот и излезот од оваа "семејна кавга". Поради тоа предлага:

"Зар не се лажеме самите себе, во овие околности, кога сметаме како докажано, дека проблемот ќе исчезне кога, како што ние се надеваме, на бугарска страна ќе бидат уништени воинствените револуционери, а од друга страна, Југославија на Македонците ќе им обезбеди добра управа и цивилизи-

ран малцински режим?[27] Обајцата Љапчев[28] и Невил Хендерсон (Nevile Henderson)[29], приоѓајќи кон проблемот од нивно лично гледиште, изгледа дека прифатиле, дека тој ќе исчезне ако овие две милости се извршат. Љапчев секогаш ми вели, дека ако Македонците во Југославија се пристојно третирани подлогата на револуционерното движење веднаш ќе отпадне; а Хендерсон всушност инсистира дека, се додека ВМРО беснее тука, не може да се очекува Белград да ја олабави железната рака. Природно, тие не се согласуваат во правиот начин за разбивање на маѓепсаниот круг; но изгледа дека се согласни во тоа дека нема друг начин тој да биде разбиен, туку, дека кога еднаш на овој начин тој ќе биде разбиен проблемот ќе биде автоматски решен. Така, Хендерсон (види неговото писмо од 22 април до вас) зборува за добра управа во Македонија (која би била можна со уништувањето на ВМРО во Бугарија) како за единствено решение. Ова е нешто кон кое јас станувам скептичен."

Продолжува со неможноста да види како некое подобрување на управувањето може толку да ја подобри атмосферата за да биде ВМРО елиминиран. Констатацијата е, дека тоа е можно преку давање автономија на локалните власти, менување на свеста, почитување на малцинствата и друго, но сепак: "Така, дури и нашите воинствени револуционери да бидат уништени, а Српска Македонија управувана со добра мудрост, отворената рана меѓу двете земји мора да остане."

"Од овие причини се фатив самиот себе како размислувам за можноста за некоја пофундаментална солуција која би можела да донесе вистински долготраен мир. Изгледа како фантазија да се рече дека мирот е

---

[27] За вакво гледање на британската дипломатија кон решавање на македонското прашање постојат бројни докази кои го натерале д-р Живко Аврамовски да костатира: "Британската дипломатија постојано го заговорувала status quo за македонското прашање, за да и се дало време за асимилација на Македонците и да се спречи создавањето на самостојна македонска држава, нешто што било оценето како спротивно на британските интереси на Балканот. Меѓу другото, тука бил и стравот таквата мала држава загрозена од своите соседи дека би можела да побара потпора во Советскиот Сојуз." - Avramovski, Z., Britanci o Kraljevini Jugoslaviji, knjiga prva (1921-1930), Beograd-Zagreb, 1986 g. str. 288 (бележка кон годишниот извештај за 1925 год.).

[28] Љапчев, Андреј Тасев од Ресен, во периодот 1926-1931 г. е премиер министер и министер за внатрешни работи на Бугарија.

[29] Хендерсон, Невил, британски амбасадор во Белград.

безнадежен, кога има толку многу добра волја меѓу двете страни - а дури и меѓу Македонците. Но јас прифаќам, дека можам да мислам за нешто што е практично."

"Автономна обединета Македонија? Понекогаш ќе се фатам да си го трошам времето со идејава, а на тој начин да се придружам со симпатии кон ВМРО. Поради една причина, таа е логична. Не го делам гледиштето на Министерството, дека Македонија никогаш не била географски или национално тело, идејата е длабоко апсурдна; тоа е претерување, наследено, мислам, од предоминацијата на српските погледи на Мировната конференција. А Македонците, ако бидат обединети и независни, можат да играат улога на Балканот, која изгледа Бог им ја одредил, но која изгледа човекот ја попречил - таа, имено, да делуваат како врска меѓу нивните браќа Срби и Бугари, наместо да бидат постојана причина за поделба. Истовремено, сосема издвоено од нејзината несуштинска практична политика во едни разбирливи услови идејата за обединување на расцепканите делови во една независна држава е одвратна. Ние не сакаме повеќе мали држави."

Писмото со горниве размислувања било подложено на анализа во Одделението за Југоисточна Европа на Министерството во Лондон. Опширен осврт направил дипломатот Т. Балфур (T. Balfur), а со неговото мислење се сложил и началникот на Одделението Серџант (Sargent). Балфур почнува со констатцијата: "Сугестиите за исправки во ова писмо се извонредни во теоријата, но кога ќе се дојде до практична примена не гледам дека ние можеме да направиме било што во работата за ретроцесија на Бугарија на трите северни области или за автономна Македонија." Смета, дека ова би предизвикало покренување на дузина слични барања. "Југословените, правилно од нивно гледиште, видоа дека овој предлог е ситен но може да предизвика поголеми последици и веднаш го одбија. Јасно е дека само европска војна може да ги принуди да се лишат од северните области, или доброволно да се согласат со основање на автономна Македонија. Пос
јасно, исто така ќе ги разбесни Грците, и пред да се свртиме ќе ги имаме

Албанците со поставено барање да им се вратат областите што се во Југославија, а населени предоминантно со Албанци."

"Се плашам дека не се согласувам со г. Ватерлоу во мислењето, дека автономна обединета Македонија е логична идеја. Повикувам било кого да ми одреди точно што е Македонецот. Г-дин Хендерсон и г-дин Љапчев (кои г. Ватерлоу ги сместува заедно) можеби грешат сметајќи дека македонското прашање ќе исчезне ако македонските револуционери се уништени, а Југославија на населението во Јужна Србија му даде пристојна и цивилизирана управа; но не постојат никакви други можни исправки надвор од рамките на договорите, а токму врз нив ние треба да се концентрираме."

За ставовите усвоени во британската дипломатија во поглед на создавањето на автономна Македонија и другите прашања што се поставувале во Друштвото на народите, повеќе податоци наоѓаме во еден обемен елаборат насловен: "Потеклото на Македонската револуционерна организација и нејзината историја по Големата војна."[30] Во врска со делувањето на ВМРО и односите меѓу Југославија и Бугарија, во овој елаборат при крајот се зборува и за "Позициите на Друштвото на народите" (Position of the League of Nations") при што се констатира:

"Во пресрет на сериозните кризи што ќе ги вовлечат директно владите на Југославија и Бугарија, Друштвото на народите би требало да интервенира за да го поврати мирот. Но, тешко е да се поверува дека делувајќи врз ова, тоа ќе може да го реши македонскиот проблем. Секако, интервенциите од Женева во вакви околности, со префрлање на проблемот за решавање на македонското прашање во оваа широка меѓународна арена, тешко ќе може да биде доведено до крај, со нараснувањето на такви силни страсти и предрасуди што Советот на Друштвото тешко ќе може да постигне неопходна едногласност за да донесе дефинитивна одлука."

"Но, соочувувањето со меѓународниот мир не е единствената причина поради која Друштвото на народите навлегува во ова прашање. Исто така,

[30] "The Origins of the Macedonian Revolutionary Organisation and its History since the Great War" -PRO FO 371/14317 C5316/82/7

постои Југословенски мировен договор склучен во Сен-Жермен во 1919 г., кој ги зафаќа сите територии приклучени кон Србија како резултат на Балканските војни, а чија примена е доверена на Советот на Друштвото. Веќе беа доставени до Советот на Друштвото неколку петиции од разни неофицијални тела и организации докажувајќи дека овој договор е применлив во Српска Македонија. Југословенската влада, иако подготвена да ги признае Власите, Евреите, Албанците и Турците за малцинства, сепак, досега одрекнуваше постоење на бугарско малцинство во Српска Македонија и во сите случаи Советот беше во можност да ги отфрла молбите базирајќи се на технички основи, без да се произнесува за прашањето дали југословенската влада е во право или греши во нејзиното тврдење дека нема бугарско малцинство. Одлука од Друштвото по оваа силно спорно прашање неизбежно ќе го вовлече на изнесување пред јавноста сиот македонски проблем во Женева, а нејзината одлука тешко ќе може да го спречи паѓањето во криза, која за Друштвото на народите може да биде тешко контролирана. Секако, штом ќе се прифати постоење на Македонска нација, макар и претпоставена, постои опасност сите мировни одлуки да бидат загрозени, доведувајќи ги во прашање не само границите меѓу Југославија и Бугарија, но, исто така, и оние меѓу Југославија и Грција и меѓу Југославија и Албанија. Разбирливо е настојувањето Советот на Друштвото да истрае во избегнувањето на прашањето и со воведување на некое привремено решение, или преку создавање на неутрална зона или со формирање на меѓународна жандармерија да ги чува граничните области, па дури и цела Македонија, и југословенска и бугарска. Ваквиот договор, сепак, би претставувал политика на очајување и премолчено признавање дека македонскиот тероризам е ендемична болест која е чувствителна на лечење, но не на излекување."

"Останува можноста некои "неутрални" Сили да го изложат македонскиот проблем пред Друштвото врз основа на член 11 од Договорот. Во постоечките услови вака би било отворено за дејствување на сите согледувања одбележани во претходните два параграфа и фактички нема да биде ништо друго туку опасен дел на нанесување штета. Поради овие вистински

причини, како и да е, може, во извесни непредвидливи ситуации, во него Владата да гледа како на желба за лов во матни води. Затоа за Владата на Неговото Височество и е тешко да ги предвиди околностите при кои би било или пожелно или неопходно да го постави македонското прашање пред Друштвото употребувајќи го своето право да постапи така врз основа на член 11 од Договорот."

Во "Заклучоци" (Conclusions) под точката 1 се исклучува можноста преку плебисцит да се најде решение поради јазична и верска измешаност. "Било каков плебисцит, поради ова, не е практичен предлог".[31] Во точката 2 се истакнува надеж, иако нема "готово решение за македонскиот проблем", истиот со време да се изгуби, сметајќи на слабеење на Македонската революционерна организација, подобрување на управата во "Јужна Србија", смена на генерациите и нивната нова преокупација и сл. Со точката 3 се истакнува готовноста на бугарската влада да се ослободи од "тиранијата на Организацијата", да ги подобри односите со Југославија и да остави впечаток на европска држава. Последната точка се препораките до владата:

"4. Во вакви околности, изгледа, дека Владата на Неговото Височество треба да ја прифати следнава политика спрема решавањето на македонскиот проблем:

(а) Извесно време користејќи ги недефинираните обврски на Друштвото, а уште во помал обем на Владата на Неговото Височество, со Договорот за југословенските малцинства, да одбива признавање на одделна Македонска националност, барање било на независност, или присоедунување со Бугарија, или некој друг вид на автономија на којашто Југославија нема доброволно да се согласи.

(б) Извесно време, сфаќајќи дека во случај на криза Друштвото може да биде присилувано да интервенира, да не ги охрабрува сугестиите дека македонскиот проблем може да биде упатен до Друштвото, освен во краен случај.

---

[31] "A plebiscite of any kind is therefore not practical proposition"

(в) Да го употреби своето влијание во Софија за да ја натера бугарската влада да ја искористи секоја можност за слабеење и да ја покори моќта на Внатрешната македонска револуционерна организација во Бугарија и да не дозволи последнава да ја одврати од политиката да работи на подобро разбирање со Југославија.

(г) Кај југословенската влада да ургира: (1) да се воздржи од помагање на бугарските политички бегалци на територијата на Југославија како база од која можат да ја напаѓаат бугарската влада; и (2) да ја подобри материјалната положба на бугарогласното ("Bulgarophone") население во Македонија со покачување на стандардите на локалната управа во Јужна Србија.

(д) Настојувајќи да ги спречи другите Сили, такви како Италија, да го употребуваат од чисто себични и цинички мотиви македонскиот проблем, а уште повеќе Македонската револуционерна организација, како средство да се бие Југославија, со цел на овој начин да се држи живо сегашната положба на кошкање и тензии меѓу Белград и Софија.

Накратно, изгледа дека најдобриот метод за третирање на овој Балкански рак не е драстична хируршка интервенција (т.е. со плебисцит и резултат на промена на границите, или со инсистирање на итно силно уништување на Македонската револуционерна организација, која би служела само да им даде многу посакуваната реклама и продолжување на животот), туку со употреба на здравственото својство на времето и употреба на радиумски третман на убедлива дипломатија, која, додека самата се базира врз територијалниот status quo, постепено ќе придонесе во зараснувањето на отворената рана која толку одамна и толку долго ги труе односите на Балканските држави."

Во погоре цитираните искажувања веќе е загатнат и ставот на британската дипломатија кон обезбедувањето на малцинските права и петициите поврзани со нив доставени до Друштвото на народите. Се наметнала и потребата во Друштвото да бидат разработени услови кои треба

една петиција да ги исполнува за да биде разгледувана.[32] Врз основа на статистиките на Друштвото, констатирано е дека во периодот 1919-1939 год. примени се: 81 петиција против Романија; 47 петиции против Југославија; 44 петиции против Грција; 13 петиции против Турција, а само 2 петиции против Бугарија.[33] За тоа колку и какви петиции со барање на обезбедување на малцински права се добиени во врска со Македонија истражувањата на проф. В. Кушевски обезбедуваат целосни и аналитички сознанија.

Петиции со барање за заштита на малцинските права во Македонија до ДН испраќала и самата бугарска влада, организациите на Македонците во Бугарија и во други земји, како и разни други бугарски организации. Оценувани како несоодветни со условите постави за една петиција од страна на Секретаријатот на ДН тие не биле прифаќани за процедура и не доаѓале пред Советот. Воглавно, се констатирало дека тие имаат или политички карактер или пак изворот на нивното потекло е во прашање. Во одделна студија проф. В. Кушевски се задржа опстојно на кој начин и зошто се реагирало во Друштвото на народите при поставувањето на македонското прашање врз принципот на народноста.[34]

После првите петиции, кои, воглавно, биле неприфаќани поради нивниот политички карактер, во 1922 година бугарската влада на Стамболиски презела организирање и испраќање на втор бран петиции до ДН за заштита на малцинските права на "бугарското население" во Кралството СХС и во

[32] Со резолуција од 23 септември 1923 година Советот на ДН ги определува попрецизно следниве услови кои треба да ги исплонува една петиција па да биде земена во постапка:а) треба да се однесува на заштита на малцинствата согласно договорните обврски; б) не смее да содржи прекин на политичките врски меѓу малцинството и државата во кое тоа живее; в) не смее да биде анонимна или неавтентична; г) не смее да биде напишана со груб јазик; д) треба да содржи информации за факти на кои се повикувала некоја друга петиција поднесена во редовна процедура во последно време. Самата постапка почнувала со оценката на Генералниот секретаријат дали петицијата ги исплонува бараните формални и други услови, за што непосредно биле ангажирани Малцинската секција при Секретаријатот и малцинските одбори.- види: Ортаковски, Вл., Меѓународната положба на малцинствата, Скопје 1996, стр.66.

[33] Hrissimova Ogniana, La Societe des Nations et les Balkans (1919-1939). Les frontieres et les minorites"- in.: Etudes balkaniques, Sofia, 2000, No 1, p. 98.

[34] Кушевски, Воислав Д., Реагирањето во Друштвото на народите во врска со поставувањето на македонското прашање врз принципот на народноста (од 1920 до III-тата асамблеја, 1922 г.) -во кн. Прогресивната мисла за македонското прашање и барање за самоопределување (1878-1945) -Тито и македонското прашање - Делчево 1988, стр. 137-146.

Грција. По правило, петиции се испраќале пред седница на Советот на Друштвото, а во случајот се настојувало да се искористи и Третото генерално собрание на Друштвото. Бугарската дипломатија, со помош и на врховистите, покрај повеќе петиции испраќани од Бугарија, во 1922 година организирала и испраќање на повеќе петиции од иселеништвото во САД. Во најголем дел од нив се барала независност или автономија на Македонија, така да тие веднаш не биле земани на разгледување. Интересно е дека и во случај кога немало вакво барање се наоѓала друга причина таа да не се зема во предвид. Така, на пример, за петиција испратена од иселениците од Стилтон, Пенсилванија, САД (август 1922 г.) коментарот на британскиот дипломат во Секретаријатот на ДН, Х. Ростинг е, иако не се однесува на барање на автономна Македонија "мошне е тешко да биде решавана како обична малцинска петиција" и тоа бидејќи "се говори за Македонија за која и Грција и Србија се особено заинтересирани: второ, никакви факти не се изнесени за повреда на договорите за малцинствата и трето: изворот на овие петиции не бил авторитативен."[35]

За тоа со какво внимание британската дипломатија се однесувала кон прашањата поврзани со петициите за малцинските права интересен е случајот кога од Софија погоре цитираниот дипломат Сперлинг настојувал, како дополнување на веќе во пролетта 1928 г. отпочната расправа со Министерството за надворешни работи, со писмо до началникот на Одделението за Југоисточна Европа, Орм Серџент (Orme Sergent), од Софија, 10 октомври 1928.,[36] да ги допрецизира своите ставови во поглед на националниот идентитет и постоењето на македонско малцинство, како и од потребата пред Друштвото на народите да се подржи петиција упатена од Македонскиот национален комитет од Софија. Во својот одговор под точка 2 настојува, врз основа на британски дипломатски извештаи да укаже, дека во Македонија постои малцинство кое себе се нарекува "Македонци", а кое е лошо третирано од српските власти. Во точката 3 се задржува на "Македонското малцинство и

[35] Кушевски, В.Д., Македонското прашање. .стр.110-111.
[36] PRO FO 371/12856 C 7743

Друштвото". Констатира дека од Договорот за малцинствата со Кралството СХС за Македонија се однесуваат не само чл. 11 (во кој се наведуваат териториите освоени по 1913 г.), туку и членовите 8 и 9 од истиот Договор. "Никогаш не чув некој член на Советот да го сврти вниманието врз македонското прашање, освен во Резолуцијата на Советот од 1925 г. (W.11419/4965/98), на која ме упатувате, а која само го зацврстува погледот, дека поради експедитивни причини се одбиваат, без врска со вредноста на некоја малцинска жалба. Советот се плашеше да интервенира во вакво прашање. Вистина е дека се дава неограничено право на петиција (без да е јасна намерата во договорот), но истовремено се одзема доста од вредноста на ова право со петте правила на процедурата. Прв пат Комитетот за малцинства испитуваше македонска петиција (јуни 1928 C.4756/42/7)[37] и реши дека петицијата не е прифатлива, не поради неизвршување и непокренување на некое од петте правила, туку, поради неизвршување и непокорување на ново правило измислено за овој случај, поточно дека петицијата потекнува од револуционерна и терористичка организација. Нивните информации, во поглед на природата на оваа посебна организација, беше утврдено, дека ексклузивно произлегуваат од вербалните тврдења на југословенскиот делегат во Женева. (Не искажувам било какво друго мислење за оваа органи-зација освен што би рекол дека таа не е Македонската револуционерна организација. Вие само ја нарекувате "зборлест пропагандист" C. 4279/42/7) Ако, сепак, ова е начинот на кој Друштвото ги интерпретира своите должности според договорот, зар можете да се чудите дека Бугарите и Македонците претпоставуваат да се потпрат на своите сопствени напори." На ова Сперлинг се надоврзува со констатции за местото на Македонците во Бугарија, можноста со позитивен одговор на нивните жалби да се намалат тензиите и потребата од анкетно испитување од кое Србите не треба да се плашат "ако рацете им се чисти".

---

[37] Се работи за петиција од Македонскиот национален комитет од 17 март 1928 год. која на 5 јуни 1928 г. била разгледувана од Комитетот на тројцата. Петицијата е во врска со извршени убиства во Кралството СХС, како аптекарот Генов, таткото и братот на Ванчо Михајлов и др. На 7 декември 1927 г. Комитетот на тројцата при Советот на ДН веќе ја беше одбило петицијата испратена од Македонскиот национален комитет во врска со студентскиот процес

Во Одделението за Југоисточна Европа овој пат коментар и одговор на писмото на Сперлинг подготвил Бетман. Се водела и дискусија за точноста на изнесеното во писмото од Софија. Повеќе простор е посветен на согледувањата околу националниот идентитет на Македонците (точката 2). Откако се задржува на констатациите на британски дипломати кои биле во посета на Македонија, како и на можноста Македонците да биле третирани во договорите како посебно малцинство, ако се имало таква јасна претстава за нив: "Факт беше дека нивната национална верност беше толку сомнителна што творците на Договорот за малцинствата се двоумеа да ги стават нив под некое специфично име. Најмногу како можат да бидат наречени, тоа е Македо-Словени.." Одговорот по оваа точка гласи: "Што се однесува до третманот на Македо-Словените од српските власти, г. Сперлинг не прави ништо во потврда на неговите обвинувања дека Југославија флагрантно го нарушува Договорот за малцинствата. Тој само вели дека тие се потврдени или ќе бидат такви, а јас мислам дека ние можеме да му укажеме, дека ако не може да го поткрепи со огин неговиот дим, подобро е да молчи."

Во врска со точката 3 Бетман дава повеќе појаснувања, во кои и го гледаме званичниот став на британската дипломатија во врска со петициите: "Забелешките на г. Сперлинг околу третирањето во Друштвото на петициите што доаѓаат од друштвата во Бугарија во врска со третирањето на Словените во Јужна Србија ми изгледа дека бараат малку поцелосен одговор. Г. Сперлинг тврди дека Советот ги крши своите сопствени правила одбивајќи да ја прими во постапка петицијата од Националниот комитет на македонските емигранти во Бугарија во април и измислува ново правило за овој случај. Тоа е погрешно. Г. Сперлинг вели дека Националниот комитет не е МРО. Никој не вели дека тој е. Кога петицијата дојде ние бевме доста заинтересирани да дознаеме кој го сочинува тој Комитет и кои се потписниците на петицијата. Разгледувајќи ги информациите добиени од најдобри бугарски авторитативни извори, најдовме, дека Националниот комитет не е ништо друго туку повеќе

---

во Скопје. Мотивација за одбивање била: "бидејќи е во прашање работа којашто се наоѓа пред редовен суд"- види: Кушевски, В.Д., Македонското прашање .. стр. 173-181.

или помалку " легален дупликат на ВМРО и дека тој е контролиран и раководен од последниов." Потписниците на петицијата, д-р Станишев (претседател на Комитетот) и г. Думев (секретар на Комитетот), најдовме дека биле опишувани како интимни пријатели на Протогеров. Во Софија името на Комитетот е Национален комитет на македонските братства[38], а испитувајќи откривме дека тој ги претставува најголемиот дел од македонските братства во Бугарија. Поради ова се корегираме и велиме дека овие петиции потекнуваат индиректно од револуционерни авторитети чија последна цел е директно спротивна на второто барање на кое петициите од малцинствата мора да одговараат. Мислам, ако ова му го укажеме на г. Сперлинг можеби ќе увиди дека одбивањето од Друштвото да ја прими петицијата не е неразбирливо." Потоа Бетман се задржува на прашањето дали ќе се стави крај на ВМРО ако сите македонски жалби бидат удоволени. Уште повеќе, зошто бугарската влада "не би била храбра и со двете раце да ја задави активноста на ВМРО" кога веќе таа не можела да биде толерирана. "Што се однесува до високапарното излагање на г. Сперлинг, мислам дека можеме да му укажеме дека, ако тој во неговиот извештај покажеше само дека има случај за спроведување на анкета, ние можеби ќе бевме расположени да се согласиме, но секако, дека не сме спремни да го изнесеме предметот пред Друштвото на наша сопствена иницијатива." На крајот Сперлинг е обвинет дека продолжува со недокажани обвиненија. Овие активности на британскиот дипломат од Софија го привлекле вниманието на бугарскиот историчар Василев кој во своја студија изнесува одделни делови од погоре цитираните документи и прави свои изводи.[39]

Врз основа на документите консултирани во Архивата на Друштвото на народите, проф. В. Д. Кушевски детално го проследил третманот на наведената петиција и ставовите на британската дипломатија.[40] Генералниот секретар Е. Драмонд ја препратил петицијата до владата на Кр. СХС. Во врска со интервенцијата на претеникот на Кр. СХС во Лондон во британското

[38] Името на Комитетот е наведено во оригинал а не во превод на англиски јазик.
[39] Василев, Васил Ат., Великкобритания и македонският въпрос (1924-1929 г.) - сп. Исторически преглед, год. XL, кн. 1, София 1984, стр. 40-42.
[40] Кушевски, В.Д., Македонското прашање..181-184.

министерство околу оваа петиција даден е одговор од кој можело да се заклучи "дека Форин Офис смета оти од Резолуцијата на Советот се гледа дека не би можело да се одбијат сите петиции en blok." Сепак, во Комитетот на тројцата британскиот дипломат Остин Чемберлен (Austen Chamberlain) и обезбедил подршка на владата од Белград, предложувајќи да се повика постојаниот делегат на Кр. СХС при ДН, Фотиќ "за да му ги појасни на Комитетот причините поради кои владата на Кр. СХС не ќе може да прими нити една петиција којашто потекнува од страна на МНК." Ова значи пресудување во Советот на ДН да не се примаат петиции и од сите други организации поврзани со Македонскиот национален комитет.

Многу повеќе внимание, не само во Женева, туку и во Белград и Софија предизвикале петициите поднесувани до Друштвото на народите од Димитар Шалев, Глигор Анастасов и Димитар Илиев. Нивното јавно настапување со конференција за печат во Женева, додавањето на потписите титулите што ги имале во Кр. СХС, скандалот во руската црква со организираниот помен и особено големиот одзив на нивната петиционерска дејност во бугарскиот печат, не останале незабележени и од британската дипломатија. Доставувањето на првата петиција до Белград предизвикало остри реагирања. Разгледувањето на оваа петиција имало опасност да доведе во Друштвото на народите најпосле да се постави и разгледа и прашањето за тоа дали во Македонија живеат Срби, како што тврдел Белград, или Бугари, како што тврди Софија со сите свои агентури. Ова посебно било компликувано бидејќи Грција веќе имаше признаено дека има бугарско малцинство во делот на Македонија што таа го владее. Поставувањето на вакво прашање не било од интерес ниту на британската дипломатија, но таа, од сопствени интереси завземала став на "политика на држање во зависност и спроведување на одредно влијание на државите на Балканскиот Полуостров"[41] Кога владата на Југославија се нашла во незгодна положба поради првата петиција од Шалев, Анастасов и Илиев (поднесена на 14 јануари 1930 г.) дипломатијата на В. Британија била таа што најмногу ја помогнала. За тоа проф. Кушевски

[41] Кушевски, В.Д., Македонското прашање.. стр. 225.

констатира: "Сепак, од ваквата неблагопријатна положба во која се нашла, југословенската влада била потпомогната од владата на Велика Британија. Зашто во случајов не се работело само за интересот на својата сојузничка лојалност од војната, туку и за британските интереси на ова чувствително подрачје на Балканот во кое и Италија на ваков начин ги мешала своите прсти, како и заради тоа што акцијата на Шалев и д-те значело и алузија на одлуката на Советот на ДН од 5 VI 1928 година, со кое се согласила и владата на Велика Британија.Затоа, истата се заинтересирала и по тајни дипломатски канали нашла за потребно да интервенира во полза на својата политика. За тоа дознаваме од контактирањето на Ерик Драмонд во ова време во Лондон, кога истиот помеѓудругото, се консултирал и по прашањето на акцијата на Шалев и д-те за постапката по однос на нивната петиција, што ја поднесле до Друштвото на народите. Во разговорите што ги водел, нему му е укажано од страна на сива еминенција во Foreign Office (Кадоган), дека владата на Велика Британија располагала со сигурни докази за врската на Шалев и д-те со ВМРО (се разбира таа на В. Михајлов В.К.)"[42]

До Друштвото на народите Шалев и Анастасов на 11 мај 1931 година поднеле и нова петиција во која тежиштето го ставиле на правото за сопствена црква и протераните егзархиски свештеници. Пристигнала и петиција од бугарската организација "Отец Паисиј". Во Секретаријатот на Друштвото се работело на понатамошна постапка со нив и консултации како со Лондон, така и со претставникот на Југославија. И во врска со овие петиции пресуден

[42] Дека зад оваа петиција стоеле врховистичките кругови на ВМРО и бугарската влада, веднаш било согледано и од страна на ВМРО(обединета) која овој свој став го изнела во "Македонско дело" - види: Кушевски, Воислав Д., ВМРО (обединета) спрема поставувањето на македонското прашање пред друштвото на народите, сп. Историја, год.XXI, бр.1, Скопје 1985, стр. 137. Во својата докторска дисертација Кушевски на петиционерската дејност на Шалев, Анастасов и Илиев во перидот 1929-1932 година ја посветил Глава VI-стр.187 - 232..Колку се работи за петиција поднесена од лица од Македонија без да бидат вмешани прстите на бугарската влада во тоа, проф. Кушевски откри и во неговиот труд: Целта и карактерот на петиционерската мисија на Димитар Шалев, Глигор Анастасов и Димитар Илиев во Друштвото на народите (од крајот на 1929 до 1932 год.- по повод објавувањето на нивната прва петиција до Друштвото на народите во зборникот "Македонија" на Бугарската академија нанауките, I и II дел. Сп. Историја, год. XVII, бр. 2, Скопје 1981 и год. XVIII, бр. 1, Скопје 1982.

е ставот на В. Британија и интересите што таа ги има. За ова проф. Кушевски констатира:

"Од своја страна, она што по повод акцијата на Шалев и другарите се случувало во ДН, го открива степенот на влијанието на Велика Британија во ДН, во регулирањето и канализирањето на малцинската политика на ДН на Балканот, посебно по македонското прашање. Така, соочувајќи се со одделна политика и од правно-формалната страна по однос на мисионерите (околу првата петиција), британската влада - за да му парира и на едниот од своите ривали на Балканот - Италија, како и за да ги отклони евентуалните политички реперкусии од оваа акција, директно учествува во ликвидирањето на првата петиција на Шалев и другарите. Меѓутоа, во натамошните контакти на генералниот секретар Драмонд со Калоган, ние се уверуваме дека британската влада е таа која и натаму преку Драмонд влијаела и сугерирала неодбивање на други петиции кои иделе од Бугарија, а кои биле во врска со овие петиционери. При тоа, посебно карактеристична била положбата на југословенската кралска дипломатија во Женева во текот на оваа кампања. Вештиот политичар и дипломат Драмонд успевал да остави впечаток кај југословенската влада како на срдечен застапник на сојузничките врски од војната, а во исто време да ја постави истата во неизвесност и зависност - всушност од британскиот став, скоро за секоја одделна петиција која се однесувала за Македонија."[43]

Во Друштвото на народите прашањето за заштита на малцинствата во Грција не било затворено со потпишувањето на Договорот за малцинствата со Грција на Мировната конференција, а следењето на неговото извршување било обврска на Друштвото, а ниту и со Конвенцијата за доброволна размена на население меѓу Бугарија и Грција, исто така потпишана на Мировната конференција. Дипломатијата на Велика Британија е особено активна како при склучувањето на мирот во Лозана, по неуспешната интервенција во Турција заедно со Франција, Италија и Грција, така и во Друштвото на народите во изнаоѓање начини за заштита на нејзините интереси главно на

[43] Кушевски, В.Д., Македонското прашање.. стр. 231.

Блискиот Исток и на Дарданелите. За таа цел и било потребно да се средат и контролираат односите меѓу балканските држави и преку третманот на малцинствата. За посредник при започнување на преговорите за определување на взаемните односи меѓу грчката и бугарската влада бил ангажиран професорот Гилб'рт Мари (Gilbert Murray) "претставник на Јужноафриканската унија во ДН и еден од најзагрижените застапници на политичките концепции на Велика Британија во ДН, посебно по прашањето на малцинскиот проблем."[44] Со негова посредничка улога на 29 септември 1924 г. во Женева се потпишани помеѓу грчката и бугарската влада т.н. "Мали протоколи" за заштита на грчкото малцинство во Бугарија, односно на бугарското во Грција. Според потписниците на овие Протоколи истите се познати и како "Конвенцијата  Калфов-Политис" (Христо Калфов, министер за надворешни работи на Бугарија и Николаос Политис на Грција)[45] "Протоколите јасно ја покажуваат политиката на одредените политички фактори во Советот на ДН спрема македонското население во Егејска Македонија и бугарското население во Западна Тракија. Имено, додека трае т.н. "доброволно иселување" односно до ликвидацијата на овие словенски народности во Грција, со протоколите би требало да се избегнуваат секакви несогласија, нереди, инциденти и она што би можело да ги загрозува интересите на великите сили во Југоисточна Европа."[46] Бугарската влада и во овие инструменти гледала можност за интервенции и остварување на своите политички цели кон Македонија и набрзо по потпишувањето овие протоколи биле ратификувани во Народното собрание. Ова не се случило во Грција. Тука бил силен притисокот на националистите, а и на владата на Кр. СХС (поради признавањето на "бугарско малцинство" во Егејска Македонија), дошло до отфрлање на потпишаните во Женева протоколи. "Оваа постапка на новата грчка влада (се работи за републиканскиот пресврт во Грција - заб. С.Г.) го тангираше и авторитетот на Советот на ДН, како извршен политички орган на ДН, како и суетата на некои англиски дипломати (Гилб'рт Мари, Остин Чемберлен дури и самиот

[44] Кушевски, В.Д.,  Македонското прашање.. стр. 120.
[45] Катарџиев, Ив., Историја на македонскиот народ, том четврти, Скопје 2000, стр.445-448.
[46] Катарџиев, Ив., Историја на македонскиот народ, том четврти, Скопје 2000, стр.445-448

секретар на ДН Ерик Драмонд), дотолку повеќе што англиската дипломатија ретко трпела неуспеси, и што ова откажување на ратификацијата на спогодбата беше прилично резигнирано примено и во англиската општествена јавност, која ја нападна новата републиканска грчка влада и воопшто политиката на ДН по однос на македонското прашање."[47]

Дури и интервенцијата на самиот Венизелос пред Советот на ДН не ја оправдало постапката на грчката влада и по предлог на Остин Чемберлен Советот усвоил барање од грчката влада за одговор на прашањата: што сторила, какви мерки во иднина смета да преземе за извршување на малцинските одредби и какви мерки и потреби, според мислењето на грчката влада, е неопходно да се преземат во поглед на образованието и јавното вероисповедание за словенското малцинство. Во Друштвото на народите сега веќе се зборува само за малцинство кое говори словенски јазик со цел да се избегне навлегување во прашањето дали Македонците се Бугари или Срби. Грчката влада во својот одговор (29 мај 1925 г.) ги навела подготовките што се правеле во овој поглед и го доставила тукушто објавениот "Абецедар" - буквар наменет за основните училишта на македонски јазик (дијалект). Истовремено се јавува и акцијата на владата на СХС со петиции во Друштвото на народите и ноти во Атина да бара заштита на "српското малцинство" во Грција, т.е. во Егејска Македонија.

На петициите испраќани со барање на заштита на "српското малцинство" во Грција опширен осврт, врз основа на документите во Архивата на Друштвото на народите, има направено проф. Кушевски,[48] за тоа како на сето тоа гледала британската дипломатија и кои ставови ги презела ќе откриеме повеќе во "Меморандумот за српското "малцинство" во Грчка Македонија" составен на 3 март 1926 год. во Одделението за Југоисточна Европа и потпишан од Ц. Х. Бетман (C.H. Bateman).[49]

---

[47] Кушевски, В. Д., Македонското прашање .. стр. 122-123
[48] Исто.. стр. 140-151.
[49] PRO FO 371/11337 C 3041/102/19 - Memorandum on Serbian "Minorities" in Greek Macedonia"

Во воведот (I-Introductory) веднаш констатира: "Ова прашање, изгледа дека, стана акутно во времето на неуспешните Грчко-бугарски малцински протоколи од 1924. Пред тоа време, иако ние слушавме за многу Словени во Грчка Македонија, изгледа дека имавме малку или ништо чуено за некое српско малцинство таму. Всушност, српско-хрватско-словенечката влада во 1921 г. пројави толку малку интерес за судбината на Словените во Грчка Македонија, што таа беше укорена за нејзината негрижа од г. Јован Ќирковиќ, познат српски автор за македонското етничко прашање и член на Скупштината." Од она што го наведува во Уводот авторот на Меморандумот ги изведува следниве заклучоци:

"(а) Дека пред да станат загорчени односите меѓу Грција и Југославија во 1924 год., Србите не беа наклонети сериозно да го разгледуваат третманот на Словените во Грчка Македонија.

(б) Дека бројот на вистинската српска националност којашто била сурово третирана бил релативно мал - инаку владата на СХС би била должна тоа да го забележи, а немаше да чека да биде принудена на активност од неколку автори шовинисти."

Во делот посветен на "Историски и етнички состојби" (II-Historical and Ethnical Considerations) се повикува на констатциите во врска со националностите во Македонија направени во меморандум за "Македонија и комитаџиите" (26 ноември 1925 г.) и обрнува внимание да се земе во предвид следново: сите статистики за националноста на Македонските Словени се лажни; независни авторитети во поглед на етнолошките и јазични особености сметаат дека Македонските Словени се поблиски со Бугарите одошто со Србите; националната свест кај поединците се менува според околностите; националното изјаснување во најголем дел е работа од пропагандите, Србија во овој поглед била зад Бугарија и Грција, но не се откажала и ги користела грешките на овие две. Што се однесува до историските моменти укажува дека Грција и Романија во 1913 г. размениле ноти за третманот на влашкото малцинство во Егејска Македонија и дека со Договорот за малцинствата,

потпишан во Севр, Грција го призна постоењето на бугарско, турско и влашко малцинство.

Во наредниот параграф "Укинувањето на Српско-грчкиот сојуз" (III-Denunciation of the Serbo-Greek Alliance) се открива и главниот мотив на српската акција: "Во нотата од српската влада до грчката влада од 7 ноември 1924 год. (Прилог 1), српската влада не го крие фактот дека една од главните причини зошто го раскинаа нивниот сојуз со Грција беше фактот дека во Грчко-бугарскиот малцински протокол се содржеше признавање од страна на Грција дека Славофонското население во Грчка Македонија беа од бугарска народност. Српската редица на аргументи употребени тогаш, беше дека таков протокол бил сосема непотребен, бидејќи постапката утврдена во малцинските договори беше сосема адекватна за заштита на Словените во Грчка Македонија (параграф 6 од српската нота). Овој аргумент треба да се има на ум сега, бидејќи, како и ќе се види подолу, Србите сега зборуваат во директно спротивна смисла."

Во делот "Текот на настаните во 1925." (IV-Course of Events in 1925") прво е укажано дека во м. мај 1925 печатот во Белград отпочнал со гласни жалби дека Србите од Грчка Македонија се принудувани да емигрираат во Бугарија и Југославија."Британскиот вицеконзул во Скопје, кој е во најдобра положба да процени, сепак, мислеше дека овие извештаи во најголем дел се лажни, а во некои случаи и премногу претерани. Сметаше дека таквото емигрирање, какво што се случува, се однесува на Македонски Словени кои беа привлечени во Југославија поради евтината цена на земјата тука, предизвикана од големата распродажба од муслиманите од Јужна Србија кои емигрираат во Анадолија." Откако во јули во Атина била предадена нота со жалба за третманот на "нашиот елемент" од страна на српскиот вршител на работите, во декември во Друштвото на народите се доставени три петиции од лица кои живеат во Грција, а се "Срби". Грчкиот одговор на овие три петиции, според британскиот дипломат бил добар: поради неписменост на поднесувачите на молбите, секако, петициите "се резултат на агитација и пропаганда однадвор"; земјата што е одземена припаѓала на иселените Турци, а

"причината зошто нема училишта и цркви во кои се зборува на српски, е таа дека никој од жителите Словени во селата не го зборува тој јазик." Вистинската состојба, се смета дека најдобро ја знаат членовите на Комисијата за размена на грчко-турско население и Комисијата за згрижување на бегалците. Се повикува на сознанијата на полковникот Корф (Colonel Corfe) за голема српската пропаганда во овие области, а вистински може да се види преку масовниот митинг организиран во Битола на 27 декември, "сосема е јасно дека протестниот митинг е организиран од Белград."Исто така зборува и за од британските дипломати забележена појава поедини Македонци иселени во Бугарија врз основа на размената на население, потоа да бараат српски пасоши и да се доселуваат во Југославија со цел од тука подобро да наплатат за оставениот имот во Грција.

Пасосот насловен "Грчкото држање" (V-Greek Attitude") во целина гласи: "Главните црти на грчката одбрана се:

(1) Словенското малцинство во Грчка Македонија не се Срби, а владата на СХС нема никакво право да интервенира за нивната судбина. Нема сомнение дека во сето ова како главен аргумент ова е сосема вистинито.

(2) Двете земји и Грција и Југославија се членки на Друштвото на народите и Советот на Друштвото е компетентно тело кое треба да ги разгледува жалбите какви што сега ги истакнуваат Србите."

Во "Сегашната состојба" (VI.- The Present Position) се констатира дека СХС настојува од Грција да изнуди ист таков протокол каков што е со Бугарија, да се признаат Срби во Грција и потоа со разни притисоци и маневри да се добере до Солун. Овој пат СХС тврди дека мешањето на Советот на Друштвото на народите во оваа расправија би било напад на суверенитетот на СХС. Овој аргумент авторот на меморандумот го отфрла со фактот што истиот Совет многу често разгледува малцински прашања во врска со Романија и други земји без да биде нарушен суверенитетот на било кој начин. Сумирајќи го одговорот на Грција на последните српски ставови, истакнува: дека Грција не е готова да склучува нов протокол за Словенското

малцинство во Грција. "Таа признава дека Грчко-бугарскиот протокол за малцинствата, наметнат врз Грците од професорот Гилб'рт Мари[50] бил тактичка грешка која таа нема намера да ја повтори."; прашањето за Словените во Грција е нејзино внатрешно прашање и сугерира СХС да го постави проблемот пред Друштвото на народите.

На крајот на меморандумот се изнесени следниве "Заклучоци" (VII-Conclusions): Српските жалби се наменети како притисок по прашањето за пругата Солун-Гевгелија. Србите имаат многу малку право да интервенираат во врска со националноста на Македонските Словени, а Грците се во право сметајќи го ова како свое внатрешно прашање. Под (2) " Грчкиот предлог е не само најдоброто решение, тоа е и еднственото; а нивниот случај заслужува силна поткрепа. (3) Посебната подршка на Грците во ова би била согласно со балканската политика на владата на Неговото Височество, која е: (а) да се зајакне влијанието и престижот на Друштвото на Балканот, и (б) да ја сопре Србија во нејзиното се повеќе борбено расположение." Во точката 4 искажано е сомневање дека во врска со пругата Французите стојат зад овие активности." 5. Причината поради која Србите го одбиваат грчкиот предлог е таа, ако Друштвото се зафати сериозно да го разгледува прашањето ќе испливаат малоумностите во српскиот случај. 6. Ако Грците би биле доста луди да постигнат аранжман со Србија, со кој тие ги признаваат Словените во Грчка Македонија дека се Срби, ќе дојде до една неизбежна реперкусија во Бугарија, а старото македонско прашање ќе се здобие со нов живот во моментот кога владата на Бугарија изгледа дека добро ја држи ситуацијата во свои раце."

Несомнено дека покрај ставот на британската дипломатија по прашањето за српските петиции, од меморандумот со откриваат и ставови за односите меѓу балканските земји. Она што се провлекува во повеќе британски документи е и прашањето за националната определба. Кон изнесените во

[50] Францускиот амбасадор од Лондон, Де Флериан (de Fleurian) во извештај од 26 декември 1924 год. го известил своето министерство, дека професорот Гилб'рт Мари во Друштвото на народите делува без консултации со британското министерство за надворешни работи.- ДАРМ М 1922 - AMAE, Paris, S. Europe, 1918-1929, Bulgarie, vol. 45, p.137r-v.

овој поглед ставови од Бетман, на меморандумиот се приклучени, по ова прашање, забелешки направени во Министерството од Р. А. Галоп (R.A.Gallop).

Во почетокот на своите согледувања во врска со наведениот Мемоар, Галоп веднаш подвлекува: "Во целост се согласувам со заклучоците на г. Бетман. Македо-Србите од двете страни на границата, општо е прифатено, дека се една етнографска целина" Иако може одделни лица меѓу Словените во Грција и да се Срби, тоа не ја нарушува целината. "Србите гледаат, ако се признае дека Македонците во Грција се Бугари се ослабува нивниот случај дека Македонците во Јужна Србија се Срби."

Галоп ги наоѓа забелешките на Бетман во врска со националното чувство сосема точни и забележува дека пред пропагандите "Нема сомнение дека Македонските Словени себе се нарекуваа "христијани".. Денешна нивна тенденција, изгледа дека е себе да се нарекуваат "Македонци"". Не се согласува со Бетман во поглед на поголема блискост на Македонците кон Бугарите. Укажува и на случајот со Ќирковиќ, кој од истакнат пробугарин станал српски шовинист, употребата во црквите на старословенскиот јазик, како општ и на Србите и на Бугарите, како и имињата на потписниците на петициите (3 од Грција) зад кои се кријат "србизирани Власи".

Сите овие настани, како и ангажирањето околу нив како на британската дипломатија така и на владата на СХС нашле соодветно место и во годишниот извештај на британскиот амбасадор во Белград за 1924 година.[51]

Интересни спротивни ставови меѓу одделни британски дипломати по прашањата поврзани со петициите во кои се барала заштита на Македонците како малцинство, наоѓаме и во случајот со Меморандумот поднесен од претседателот на бугарската влада, Александар Стамболиски на Меѓународната конференција за економски прашање организирана во Ѓенова.[52] На 17 мај

---

[51] Avramovski, Z. Britabci o Kraljevini Jugoslaviji.. kn. I, str. 235-236.

[52] Меѓународната европска конференција за економија, од 10 април до 19 мај 1922 година, е прва меѓународна конференција по Мировната конференција во Париз на која учествувале и земјите поразени во војната, меѓу другите прв пат е поканет и СССР, со цел да се разрешат бројните тешкотии настанати по војната, а кои се тесно поврзани со развитокот на стопанствата и извршувањето на обврските од мировните договори, како и исплаќање на заемите. Иницијативата за ова конференција дошла од британска страна, поточно од премиерот Дејвид Лојд Џорџ. Како член на бугарската владина делегација на оваа европска конфе-

1922 г. А. Стамболиски поднел лично од него составен меморандум со цел на конференцијата да го сврти вниманието на економските тешкотии на Бугарија настанати, помеѓу другото и поради огромниот број на бегалци, неможноста да се извршат обврските во поглед на мировните договори поради ограничувањата на воените сили, како и барање да се ангажира Друштвото на народите и присутните делегации да ги " наметнат клаузулите за заштита на малцинствата во сите Балкански држави."[53] Вистинските причини кои го натерале Стамболиски да настапи со вакво барање проф. В. Кушевски сестрано ги анализира и се задржува и на содржината на овој документ.[54]

Конференцијата, која по два дена и завршила со работа, воопшто не се впуштила во разгледување на овој документ, туку, истиот го препратила "без коментар" до Друштвото на народите. Веќе на 20 јуни 1922 г. Советот на ДН го разгледувал мемоарот поднесен од Стамболиски и ја информирал бугарската влада дека "поради тоа што не содржи конкретни решенија и има

---

ренција бил Димитар Влахов кој во своите сеќавања го забележал следново: "Интересно е да се одбележи дека на таа конференција разните држави се стремеа да создадат помеѓу себеси врски и да ги зајакнат постојните. Главната виолина на оваа конференција ја свиреше Лојд Џорџ, либерал, министер - претседател на Велика Британија во тоа време, еден од најугледните луѓе на таа земја" ( Димитар Влахов, Мемоари, Скопје 1970, стр. 217). Иако предвидена за разгледување на економски прашања, на неа била неизбежна и појавата на некое чисто политичко прашање. Види: Историја дипломатије, свеска 3, Београд, 1951, стр. 154-172. За македонскиот интерес кон оваа Конференција податоци изнесува и М. Пандевски, Македонското ослободително дело во XIX и XX век, т. петти, стр.434-435.

[53] Василев, Васил Ат.,Правителството на БЗНС, ВМРО и българо-югославските отношения, София 1991, стр. 148-149. Самиот мемоар препратен до Париз, го најдовме и во ДАРМ, М-1923 - од АМАЕ, S. Europe, 1918-1929, Bulgarie, vol. 61, p. 80-85.

[54] "..владата на Стамболиски до т.н. Нишка спогодба всушност играла на две карти во меѓународните, а посебно во односите со соседните земји. Имено, постоењето на ваквата терористичка организација која фактички во овој период пречела на консолидирањето на власта во прв ред во Вардарска Македонија, како и постоењето на бројната емиграција од Македонија, претставувала една политичка резерва која во погоден момент можела да се ползува за постигнување на одредени надворешно-политички цели на владата. Овој инструмент во создадените повоени политички услови попримил посебен квалитет и во миноритетните договори, кога Бугарија веќе не претставувала некој особен воен и политички фактор на Балканот. Затоа тој бил прифатлив и за една влада на Земјоделците, а и скоро за сите влади на Бугарија по Првата светска војна, бидејќи им дава можност да се наоѓаат во положба на активен и офанзивен актер, кога тоа било потребно, пред меѓународните форуми." Кушевски, В.Д., Македонското прашање.. стр. 82-83.

општ карактер" истиот се одбива.[55] Појавата на овој документ пред Советот на ДН особено ги вознемирила владите на СХС, Грција и Романија и тие настапиле со заедничка нота, на 14 јуни до владата на Бугарија, со обвинувања, дека ги помага и подржува четничките акции од нејзината територија и ги нарушува одредбите на мировните договори. Бугарската влада настапува не со одговор до владите на колективната нота, туку со нота до Генералниот секретар на Друштвото на народите со барање да интервенира Советот за заштита на малцинството и со анкетно испитување на теренот.[56] На 17 јули е свикана седница на Советот на која била поставена за разгледување и оваа нота на бугарската влада. Британската дипломатија врши подготовки каков став да заземе по ова прашање. Бугарскиот историчар Василев врз основа на британски документи[57] прави опширен преглед од кој се гледаат два различна става на британски дипломати:

"За седницата на Советот се подготвуваа не само директно заинтересираните, туку и тие, коишто ќе ги донесат решенијата. Во Форин офис е подготвен специјален меморандум за "бугарските комитациски акции за информација на британските претставници на претстојната седница на Советот на Друштвото на народите".[58] Неговиот автор е познатиот Харолд Николсон, којшто активно учествуваше во изработката на неблагопријатниот за Бугарија британски став по Нејскиот договор. И во овој документ тој останува верен на своите предубедувања кон Бугарите и нивната државна политика. Коментирајќи го предлогот од бугарската влада за меѓународна анкета, Николсон подвлекува, дека ова само на лице одговара на целите и задачите на ДН, а всушност повикот на Бугарија не бил "направен со добра волја". Не требало да му се верува на Стамболиски, како целина бугарското јавно мис-

---

[55] Василев, В.Ат., Правителството..стр. 148-149 - Всушност во документот биле дадени три конкретни предлози: "1. Да се даде амнестија од сите балкански држави, за да бегалците се вратат во своите домови; 2. Да им се вратат имотите; 3. Што поскоро да се применат предвидените клаузули во мировните договори за правата на малцинствата."
[56] Кушевски, В.Д., Македонското прашање.. стр.85-90.
[57] PRO, FO 371/7371.
[58] ДАРМ М 1034 - PRO FO 371/10667 C 15185/2332/7.

лење останувало "во целост шовинистичко". Во овој момент тој шовинизам, главно, бил насочен кон придобивањето на Западна Тракија, но не требало да се заборави, дека неговите "Македонски амбиции се повеќето задремени отколку заборавени." Скриена цел на предложената анкета била, од една страна, да се сврти вниманието на Големите сили врз неопходноста за ревизија на воените клаузули од Нејскиот договор, коишто ја ставале Бугарија во неможноста ефикасно да ги чува своите граници, а од друга страна, да се откријат "божем скандалозните методи на управување применувани од југословените во Македонија". Покрај тоа, Бугарите сакале да им го истријат носот на соседите, покажувајќи им, дека иако се обезоружени тие не се без заштита и можат да сметат на подршката од ДН."

"Бугарската влада можела многу лесно да се справи со четничкото движење, но таа не сакала тоа да го направи. Една анкета сигурно би покажала, дека "положбата на селаните долж бугарско-српската граница е извонредно очајна", но замешувањето на ДН не можело ништо да промени. Единствената разумна политика била "да се прави се што е можно сите страни да прифатат, дека нема македонско прашање, и да му се утуви на населенито во свеста, дека сега е во Југославија и таму ќе остане. Дотогаш, докога населението од двете страни на границата си вообразува дека со побуни и колежи може да ги принуди големите сили или Друштвото на народите да му дадат автономна Македонија, ние треба да бидеме сигурни, дека немирите и колежите ќе продолжат. Една анкетна комисија од Друштвото на народите нема да постигне ништо другу освен да ги оживее овие надевања." Во етнички поглед Македонците биле нешто средно меѓу Србите и Бугарите. Тие биле нескротливи по природа, а "и под кое управување да бидат поставени, тие сакаат да одат под друго." Идеално разрешување можеби би "било една автономна Македонија", но тоа се покажа невозможно. Друга можност за разрешување на македонското прашање била создавањето на вистинска јужнословенска федерација, со вклучена Бугарија. Во таа федерација автономна Македонија би служела како обединувачка алка меѓу Срби и Бугари. Иако ова не било остварливо при тогашното поколение, вредело британската

дипломатија да работи во иднина да се постигне оваа цел. На тој начин би се избегнало обновувањето на македонското прашање во неговата традиционална форма: "Бугарија спротив Србија или Србија спротив Бугарија."

"Како заклучок Николсон предлага бугарскиот предлог за меѓународна анкета да биде одбиен."- Ова е поради можноста Друштвото на народите да биде затрупано со слични бугарски барања."Откако претполага дека Италијанците можат да ја завземат страната на Бугарија, за да го притиснат Белград, а Французите да се искажат во корист на анкетата за да им создадат непријатности на Грците, Николсон предлага британскиот претставник во Советот на ДН да достави една компромисна резолуција. Во текстот на истата, што тој го составил, се препорачува земјите - авторки на колективната нота, "да не превземаат накажувачки дејствија против Бугарија, без да допуштат на Советот на Друштвото на народите можност да го проучи прашањето и да се произнесе дали би можело да се постигне решение со други ненасилни средства". Бидејќи никоја од земјите што се спорат не го оспорува постоењето и дејствувањето на комитските чети, испраќањето на анкетна комисија на лице место би било безпредметно. Истовремено, бугарската влада требало енергично да биде посоветувана"да употреби поголеми усилби, не само на своите граници, но и во поглед на извесни комитети и организации, коишто, добро е познато, дека постојат во внатрешноста на земјата, а од кои се организирани и заповедувани тие безредици и акции".

Василев од ова заклучува дека со овој предлог Николсон сакал да ја префрли сета вина за односите со соседите врз Бугарија., и потоа се задржува на ставовите на други британски дипломати:

"Идеите, развиени од Николсон, меѓутоа, наишле на неодобрување на британскиот претставник во Секретаријатот на ДН полковникот Е. Абрахам. Веднаш по добивањето на бугарската нота во Советот на ДН тој напишал до Лондон, дека предлогот за меѓународна анкета го смета добар, бидејќи немало друг реон во Европа, кадешто интервенцијата на ДН може да биде толку корисна. Полковникот не го променил овој свој став и откако се запознал со меморандумот на Николсон. Целосно основано тој истакнува,

дека предложената во меморандумот резолуција само ќе ги одложи проблемите, коишто треба да бидат што поскоро во суштина разгледани. Освен тоа, таа со ништо немало да ја подобри положбата и да ги спречи соседите да преземат насилнички дејствувања против Бугарија."

"Ова мислење исцело го делел и В. Лампсон, кој бил на важна позиција во Одделението за Југоисточна Европа на Форин офис. Тој поддржувал, дека откако Бугарија се обратила кон ДН за содејствување, таа постапила согласно Пактот на Организацијата и нејзините права како член. Воопшто немало корист британската дипломатија и Советот на ДН да ги затвораат очите пред реално постојните проблеми. Порано или подоцна настаните ќе наложат во овој поглед да се превземе нешто. Ете затоа, Лампсон предлага, дури и да не излезе со иницијатива по прашањето, британскиот претставник во Советот да не се спротивставува на неговото разгледување и на составувањето на од Бугарите барана комисија."[59]

Настаните се одвивале така, што заканите дури со воена интервенција да се принуди Бугарија да ги спречи упадите на четите, го принудиле Советот да донесе одлука дека со сите средства ќе ги спречува можните конфликти и не формира анкетна комисија.

[59] На изнесување подолго прикажување на овие документи од страна на Василев сме принудени поради неможноста сите овие документи, како и редица други, да ги добијам од Државниот архив во Лондон. Во тој поглед Василев бил во многу подобра позиција бидејќи Бугарската академија на науките за својот Историски институт, како и Академијата на науките во Атина ги имаат микрофил,увано документите од периодот меѓу двете светски

## 2. Во одделни тела формирани од Друштвото на народите

Друштвото на народите и има забележено во својата историја успешна акција во спречување на ширење военен конфликт меѓу Бугарија и Грција. [60] Овој настан е тесно поврзан со ситуацијата во која се нашла Грција по разгледувањето на прашањето за заштита на македонското малцинство и обврските кои требало да ги исплонува. "Барајќи излез од оваа положба и со цел да го скршне вниманието на заинтересираните фактори и меѓународната јавност, како и на народните маси од внатрешното незадоволство, грчката влада на 19 октомври 1925 година испровоцирала вооружен инцидент на грчко-бугарската граница кон Петрич. Имено, поради навлегувањето на еден одред грчки војници на територијата на Бугарија, Советот на ДН бил принуден да преземе итни мерки. Тој им упатил апел до обете влади веднаш да ги запрат воените акции, а војските на обете држави да се повлечат зад своите граници. Истовремено, Советот формирал Анкетна комисија (Investigation Committee) за испитување на инцидентот." [61]

Бугарскиот историчар Огнена Хрисимова, исто така, во овој воен судир гледа како на последица од потпишувањето на Конвенцијата за размена на население меѓу Бугарија и Грција: "Конфликтот отпочнал поради

---

војни од интерес за нивната земја и се ставени на увид на своите научни работници. На елаборатот подготвен од Х. Николсон ќе се задржиме подолу.

[60] Во дваесетите години во Друштвото на народите на неколку пати со помал или поголем успех се одлучувало за спречување на воени судири во духот на основачкиот акт на Друштвото на народите. Во врска со Балканскиот Полуостров покарактеристичен е случајот со грчко-италијанскиот судир на островот Крф, кога прашањето било префрлено за понатамошна надлежност на Конференцијата на амбасадорите, а со цел да се избегне наметнување на обврска на една голема сила, Италија, која таа, де факто, и немало да ја прифасти. (види: Hasluck, E.L. Foreign Affairs 1919 to 1937, Cambridge, 1938, p. 325-326) Дека ДН наскоро ќе се најде и во целосна неможност ефикасно да делува е констатирано со следниве зборови: "Престижот на Друштвото на народите со време отпочнува да опаѓа. Америка никогаш не му се приклучи; Германија го напушти поради прашањето за обезуружување; Јапонија го напушти поради прашање околу Манчуко; Италија беше ангажирана да ги укине нејзините обврски како спрема Друштвото така и нејзиниот договор со Абисинија. Русија, навистина, неодамна се приклучи кон Друштвото но со намера сосема непозната. Друштвото, фактички беа Велика Британија и Франција и "останатите" - педест држви повеќе или помалку моќни за војна или оддалечени од Европа, или и двете заедно." (види: Somervell, D.C., Modern Europe, 1871-1950, London 1957, p. 171)

[61] Кушевски, В.Д., Македонското прашање.. стр. 126.

територијални причини, но вистинските мотиви се закотвени во расипувањето на односите меѓу Бугарија и Грција како последица на остварувањето на Конвенцијата за грчко-бугарска размена на етнички малцинства, потпишана меѓу двете земји во истиот ден кога и потпишувањето на Договорот за мир од Неј." Грчката војска навлегла 30 километри и 10 километри ширина. Бугарската влада веднаш испратила (22 октомври) нота до сер Ерик Драмонд, а на 29 октомври Советот на Друштвото на народите веќе ја формира специјалната комисија да го проучи овој бугарско-грчки инцидент. Во составот на комисијата влегле делегати од Франција, Италија, Шведска и Холандија, а нејзин претседател бил британскиот амбасадор во Шпанија, Хорас Румболд (Horace Rumbold), по кого и била наречена "комисијата Румболд".[62]

Интересно е да се одбележи дека и при формирањето на ваквите специјални комисии и во нивната работа доаѓало до спротивставување на интересите на дипломатиите на Велика Британија со тие на Франција. Така Французинот Де Ла Бара (de La Bara) до Советот на Друштвото на народите поднел Меморандум со предлог да се формира специјална комисија која ќе работи на грчко-бугарското помирување и зближување. На францускиот претставник во ДН во Женева Керлет (Cuerlet), го изнел следново" г. Де Ла Бара мисли дека во сегашната ситуација неговиот предлог ќе биде добро примен: Комисијата со која претседава Хорас Румболд е овластена да направи предлози коишто се однесуваат на мирно регулирање на разликите кои ќе се појават меѓу Грција и Бугарија. Г. Де Ла Бара верува дека овие предлози ќе бидат над се британски инспирирани и дека влијанието на Англија на Балканот ќе се здобие со извесни бенефиции на штета на Франција."[63]

Комисијата на Румболд по тримесечна работа доставила извештај кој во Советот на Друштвото на народите бил разгледуван (7-14 декември 1925 г.), а "извештајот беше претставен од сер Чемберлен, министер на надвореш-

[62] Hrissimova, Ogniana, La Societe des nations et les Balkans (1919-1939).. p. 94-95.
[63] ДАРМ, М 1923 - AMAE, Paris, S. Europe, 1918-1929, Bulgarie, vol. 47, p27 - Geneve, 9.XI.1925.

ните работи на Англија, политичар кој длабоко ги познавал бугарско-грчките контрадикции."[64]

На резултатите од испитувањата и извештајот на Анкетната комисија, врз основа на документацијата во Архивата на Друштвото на народите, проф. В. Кушевски ги прави следниве констатации:

"По тримесечна работа Анкетната комисија ја завршила работата. Врз основа на извештајот, Советот на ДН ги наложил обештетувањата и за жртвите и штетите на обете земји. (Грција требало повеќе да плати, бидејќи нејзините трупи навлегле на бугарската територија). Се покажало дека Советот на ДН бил во овој случај најмногу заинтересиран, за спречување на натамошни инциденти за кои постоела латентна опасност, и во таа смисла се усвоиле некои предложени мерки во врска и со малцинското прашање. Комисијата наводно дошла до заклучок дека неговото нерешавање може да доведе и до нови инциденти. И "да се отклони таквата опасност" таа сугерирала што побрзо да се ликвидира со Конвенцијата за грчко-бугарското иселување од 1919 година. Во врска со ова Советот го усвоил предлогот на Комисијата, грчката влада во најкус рок да ги обештети сопствениците на имотите на оние бегалци кои се иселиле од Грција во Бугарија и на тој начин "со ова прашање да се ликвидира". По овој инцидент, покрај постојните претставници (Corf i Ruver) Советот на ДН испрати уште двајца шведски офицери како набљудувачи во бугарско-грчкиот пограничен реон." Понатаму проф. Кушевски го изведува следниот заклучок:

"Од ова јасно произлегува заклучок дека и во овој случај Советот на ДН бил дотолку заинтересиран за решавање на покренатото малцинско прашање во Грција, доколку истото претставувало или не непосредна опасност за мирот во овој регион."

"Со брзото ликвидирање на овој инцидент, големите сили го избегнале непријатното изненадување (од овој инцидент) бидејќи не сакале да го видат на Балканот компромитираниот системот за колективна безбедност за која нивните дипломати се залагале во Женева, а особено по првите денови

---

[64] Hrissimova, O., La Societe des nations et les Balkans.. p. 95.

од потпишувањето на спогодбата во Локарно. Ова го потврдил и делегатот на Велика Британија Остин Чемберлен на седницата на Советот на ДН од 29 X 1925 година."[65]

Уште попрецизно за улогата на дипломатијата на Велика Британија во овој случај Кушевски констатира: "Овој пат со установувањето на т.н. Анкетна комисија на ДН, Големите сили, а пред се В. Британија го обезбедија своето мешање во решавањето на односите помеѓу две скарани балкански влади за да го обезбедат мирот на границите и сигурноста на своите интереси на Блискиот Исток и на Балканот."[66]

Од страна на Друштвото на народите ова не е прва анкетна комисија формирана да испитува или следи некое прашање поврзано со Балканот, или поблиску со инцидентите, положбата и спроведувањето на одлуки поврзани на извесен начин и со Македонија. Во м. декември 1920 година во Женева е формирана специјална комисија задолжена за извршување на Конвенцијата за доброволна размена на население меѓу Грција и Бугарија составена од по еден претставник на Грција и Бугарија и два претставника на неутрална земја именувани од Советот на Друштвото на народите. "Улогата на овие последниве двајца е посебно значајна поради фактот дека преку посредство на овие бил доставуван извештај за работата на комисијата до Советот на ДН.[67] Во февруари 1921 г. седиштето на Комисијата било пренесено од Женева во Софија, а потоа во Атина. Прерогативите на ова помошно тело на Друштвото на народите биле значајни: Комисијата била овластена да ги примени сите неопходни мерки поврзани со остварувањето на Конвенцијата и за сите прашања да донесува документ."[68] Подолу повеќе за нејзината работа е согледано врз одделни извештаи.

---

[65] Кушевски, В.Д. Македонското прашање.. стр.138-139.

[66] Исто.. стр. 153. Повеќе на извештајот на оваа Анкетна комисија се задржува Ортаковски Владимир во кн. Меѓународната положба на малцинствата, Скопје 1996, стр.147-149.

[67] Првиот извештај на оваа Мешовита комисија во врска со реципрочното и доброволно емигрирање меѓу Грција и Бугарија насловен како "Извештај за работата на Комисијата од датата на нејзиното формирање до 16 август 1921 година"е поднесен во Друштвото на народите во м. ноември 1921 г. Види: ДАРМ, М 1923 - AMAE, Paris, S. Europe 1918-1929, Bulgarie, vol. 61, Geneve 11.XI 1921. P.40-51.

[68] Hrissimova, Og., La Societe des nacions et les Balkans..p. 98-99.

Специјална комисија на Друштвото на народите, раководена од д-р. Нансен (Nansen) била составена во 1923 год. со цел да ги испитува случаите на постојаните насилства врз негрчкото население во Егејска Македонија и Тракија со кршење на одредбите од Конвенцијата од страна на Грција. Меѓу другото, тој извршил анкета и за состојбата на разменетото население, особено на Грците дојдени од Источна Тракија, а посебно на оние што со грчката војска ги напуштиле своите домови во Мала Азија.[69]

Пристигнувањето на големиот број бегалци од Мала Азија довело до насилства и разни притисоци врз останатото население од Турци, Бугари во Тракија и Македонци во Егејска Македонија. Бугарската влада реагирала пред Друштвото на народите, а грчката влада се бранела дека лошата состојба е причинета од упадите на комитски чети. Грција со цел да ги денационализира и асимилира Македонците продолжила со прогонувања, малтретирања, затворање, осудување на големи казни и протерувања на островите.

Меѓу другите забележени насилства и "инциденти" посебно бил тежок случајот со селото Тарлис, за чие испитување Друштвото на народите ја задолжило Мешовита комисија.[70] Мешовитата комисија утврдила дека инци-

---

[69] Повикувајќи се на анкетата спроведена од д-р Нансел во 1922 г. за Друштвото на народите во својата книга La Macedoine -son evolution contemporaine, Paris 1930, познатиот француски научник Жак Ансел (Jacques Ancel) на стр. 114, настојувајќи да ја истакне потребата од финансиски средства, се задржува на прашањето колкав број на бегалци се донесени на територијата на Македонија. Откако констатира дека со иселувањето на Турците и Македонците, кои во добар дел биле насилно протерани уште во времето на Балканските војни, бројката на жителите на Егејска Македонија се преполовила, а грчката влада во неа населува половината од 1.221,849 бегалци дојдени од ИсточнаТракија и Мала Азија, Ансел го цитира извештајот на д-р Насел во кој вели дека положбата на бегалците била очајна и во крајна мизерија и добиената помош од американскиот Црвен Крст не била доволна. Од 30 јуни ваквото делење на помош го презел британскиот Помош за Блискиот Исток (Near East Relief).

[70] "Инцидентот што се случи во близина на селото Тарлис, во кој беа стрелани 17 македонски селани, предизвика внимание и згрозување во пошироката светска јавност. Имено, на 27 јули 1924 година, на селскиот пазар, во близина на грчки офицери и цивили, по националност и Грци и Македонци, биле испукани истрели од кои, за среќа, никој не бил повреден. Во селото живееле Македонци, но и околу 50 семејства грчки бегалци населени по Првата светска војна. Грчки командир потоа уапсил осомничени 60-70 Македонци кои ги испратил до соседното село. Но по неколку часови стражата се вратила сама, со образложение дека била нападната од комити. Притоа, наводно, затворениците се обиделе да избегаат, а војниците пукале на нив и убиле 17." - Ортаковски, Вл., Меѓународната положба..стр. 124. Види и: Commission mixte d'emigration greco-bulgare (CMEGB), t. X: Rapports des membres neutre sur les incidents de Tarlis, Sofia, 1924. Во м. август 1924 г. во Солун престојувала Мешовитата комисија во состав: полковникот А.С.Корф, мајорот Сандерс и В. Робев. Во Тарлис бил мајорот Сандерс. ДАРМ М 1922 - AMAE Paris, S. Europe, 1918-1929, Bulgarie, vol. 44, p. 193-195.

дентот бил заговор на локалните Грци да се ослободат од Македонците. Комисијата заклучила дека немало никакво оправдување за масакрот бидејќи било докажано оти немало напад врз конвојот затвореници. Тогаш во Советот на ДН е усвоен и Извештајот на претставникот на Велика Британија за бугарското малцинство во Грција.[71] Следните чекори кои биле, после овие извештаи преземени во Друштвото на народите, биле потпишувањето на Протоколите за размена на население во Женева меѓу Грција и Бугарија, т.н. "Протоколи Калфов-Политис", во чие креирање, видовме погоре, била пресудна улогата на британски дипломат.

По потпишувањето на Договорот за мир меѓи Турција и Грција во Лозана на 24 јули 1923 год, истиот ден е потпишана и Конвенција за задолжителна размена на население меѓу Турција и Грција. За спроведувањето и на оваа Конвенција од страна на Друштвото на народите е формирана комисија. Друштвото на народите во врска со згрижувањето на огромниот број бегалци настојува да обезбеди и соодветни заеми од Англиската банка и за Грција[72] и за Бугарија.[73] Од Меѓународното биро за работа при Друштвото на народите биле испратени анкетни комисии кои доставиле извештаи врз основа на кои Финансиската комисија на Друштвото на народите настапувало пред Советот со предлози да се обезбедат за бегалците посебни заеми. За карактерот на овие заеми проф. В. Кушевски го има констатирано следново: "..со добивањето на овие заеми (за стабилизација на левот и бегалскиот) всушност Бугарија била ставена во извесна зависност од ДН, кое токму преку давањето на тие заеми остварувала влијание, во помала или поголема мера, на суверенитетот преку редовна контрола на нејзините државни финансии."[74] Како се користел заемот во притисоци покажува случајот од 1927 година. При заедничка интервенција на британскиот и францускиот амбасадор во Софија, последниов во извештај до своето министерство истакнува дека неговиот

---

[71] ДАРМ М 1922 - AMAE Paris, S. Europe 1918-1929, Bulgarie, vol.45, p. 59-60. - Minorite Bulgare en Grece - Rapport du Representant de la Grande Bretagne (adopte par le Conseil).
[72] Ancel, Jacques, La Macedoin - son evolution contemporaine..Paris, 1930, p.115-116, 126-127.
[73] Димитров, Георги В., Бежанския заем от 1926 г., сп. Исторически преглед, год. XL, кн. 1,Софија, 1984, стр.43-57.
[74] Кушевски,В.Д., Македонското прашање.. стр. 155.

британски колега при интервенцијата се повикал и на добивањето на заем. "Но треба да се одбележи, дека, што се однесува до мене, јас не можев воопшто да се носам со мојот колега од Англија, бидејќи Финансискиот комитет на Друштото на народите е инструмент во рацете на владата од Лондон, а групата повикана да го одобри заемот е англо-американска".[75]

Британските дипломати ангажирани во работата на сите овие комисии, по правило, иако биле во мисија од Друштвото на народите, контактирале и испраќале информации и до британското Министерство за надворешни работи. Оттука и констатацијата, што веќе ја наведовме цитирајќи меморандум,[76] за нивната добра информираност за состојбите во Македонија. Од тие причини се задржуваме и на активноста на британскиот дипломат полковникот А. С. Корф (A.C. Corfe), претседател на Грчко-бугарската комисија за емиграција.

Во месец април 1926 година Југославија и Грција ги посетува висок дипломатски претставник од Одделението за Југоисточна Европа, на британското министерство за надворешни работи и при враќањето во Лондон поднесува (на 6 мај 1926 г.) "Белешки"[77], непотпишани, од доверлив карактер, со констатации за состојбата на повеќе прашања од интерес за британската дипломатија, при што посебно са задржал и на работата на двете комисии во надлежност на Друштвото на народите, кои се задолжени за прашањата поврзани со размената на население меѓу Грција и Турција и меѓу Грција и Бугарија.

Во Мешаната комисија за размена на население меѓу Грција и Турција биле ангажирани британските дипломати г. Хоуланд (Howland) и сер Џ. Кембел (Sir John Campbell). "Нема толку голема пофалба за извонредната работа направена од Комисијата. Од сите страни се оддава признание на способностите и совестноста на г. Хоуланд и сер Џ. Кембел, и навистина е катастрофа дека обајцата ќе бидат разрешени есенва." Сепак, се наведува дека од страна на грчките влади Комисијата наидувала на пречки. Во перио-

---

[75] ДАРМ М 1923 - AMAE, Paris, S. Europe 1918-1929, Bulgarie, vol.50, p. 17r, Sofia, 2.XI 1927.
[76] PRO FO 371/11337 C 3041/102/19 - Memorandum on Serbian "Minorities" in Greek Macedonia.

дот на делување на Комисијата таа "требаше да работи со неколку разни влади, а нејзини службеници биваа затворани и нејзини барања игнорирани." Во случаите на конфликт со локалните власти грчката влада ги подржувала локалните власти. "Ваквата погрешна опструкција ја следеше значајна природна неефикасност." Сеуште не е завршено сместувањето на сите бегалци и не е пристапено кон обработка на целата земја. Финансиските средства завршуваат, а "Сер Ерик Драмонд, кој неодамна ја посети Атина, на генералот Пангалос му предал список со услови што треба да се исполнат пред да може да се добие заем."[78]

Многу поголем осврт се прави врз работата на комисијата задолжена за размената меѓу Бугарија и Грција, а која и се одразила особено на судбината на Македонците од Егејскиот дел на Македонија, и од друга страна преку овие искажувања, кои ги пренесуваме во целина, се гледа и односот на Друштвото на народите, како и дејствувањето на британските дипломати:

"Грчко-бугарска мешана комисија за доброволно иселување.

За жалење е дека оваа комисија не може да покаже забележано иста таква енергија и капацитет. Назначена врз основа на Грчко-бугарската конвенција од Неј, од ноември 1919, таа се состои од еден делегат Грк и еден делегат Бугарин, заедно со двајца неутрални, а чија задача е да го оценува и откупува имотот на Грците и Бугарите доброволни иселеници. Таа вработи армија на архитекти, надзорници и преведувачи, има канцеларии во Атина, Софија и Солун и е поделена на безброј подкомитети. Во Атина како шега се вели дека таа чини 150.000 фунти, а досега среди побарувања за 10.000 фунти. Друштвото на народите директно се грижи само за продолжување на номинацијата на двајцата неутрални претседатели, полковникот Корф и г. Де Рувер, во се друго комисијата е под заповедите на двете влади и самата нема извршна власт."

---

[77] PRO FO 371/11245 C 6013/6013/62.- Notes on a Visit to Jugoslavia and Greece, April 1926.

[78] Во врска со изградбата и сместувањето на бегалците во Грција подетални податоци изнел и францускиот научник Жак Ансел - види: La Macedoine - son evolution contemporaine.. стр. 105-195.

"Полковникот Корф е Новозеланчанец и силно про-бугарски. За жал неговите добро познати симпатии и недискретни разговори на јавни места не им влеваат на Грците доверба во неговата непристрастност. Скандалот од приватниот живот на г. Де Рувер беше одвише за Атина и тој беше принуден да замине под некој изговор или инаку ќе беше на удар на потсмевање и пцовки, вонредни дури и за грчките весници. Но, ми кажаа дека весниците не ставија точка на случајот. (Врв достигна кога дојде извештај дека зетот на г. Де Рувер ќе дојде на негово место, верувам ќе излезе дека ова е неточно)"

"Комисијата малку има што да покаже за себе. Обврзен сум да кажам дека полковникот Корф ми рече оти направил најдобро за воведување на побрзи методи во проценување на имотите, но дека двете влади инсистирале на прецизни инвентари во кои треба да биде опишана секоја квака на врата или секоја колиба (ќумез); оттука и армијата на функционери и акумулацијата на досија во ужасни димензии. Предложениот метод да им се излезе во пресрет на барањата е да се плати 10% во кеш од целата вредност на имотот и да се издадат бонови за покривање на остатокот. Но толку колку што јас открив, практично ниту едно барање на сопственици не е задоволено бидејќи владите не сакаат да исплатат а комисијата не е во состојба да ги натера. Според полковникот Корф, Бугарите полесно прифаќаат одошто Грците, а ова е можеби верно. Грците воопшто немаат предмет, бидејќи тие со месеци дури и одбиваа да назначат делегат во комисијата. Набрзина беше именувано лице пред доаѓањето на сер Е. Драмонд, но кога го видов полковникот Корф, неколку дена по заминувањето на истиот, грчкиот делегат тукушто беше разрешен."

"Толку опструктивни беа Грците што полковникот Корф мисли дека зад нив мора да има некого, може би Србите? Друга причина поради нивното несакање да платат може би лежи во стравот од грчките избеглици, коишто не добија ништо за своите имоти во Турција."

"Со работата се поврзани, исто така, големи тешкотии. Практично не постои никаков званичен договор или остварување на вистински надзор. Со цел за идентификување прифатен е методот да се донесат делегации на

иселеници назад во нивните села и да се сретнат со претставниците на комисијата. Сето влијание на Македонската организација се употребува да се спречат бугарските емигранти за оваа цел да се враќаат."

"Сегашната состојба на оваа работа е безнадежна. Ако значајна работа во ликвидирање на бугарските имоти во Грција, како што ургира Румболдовата комисија, некогаш треба да биде завршена, треба да бидат применети други методи. Армијата на архитекти мора да биде распуштена, а мали поподвижни комисии да бидат испратени наоколу да направат ефикасни проценки врз основа на кои веднаш треба да се исплатат 10%. Полковникот Корф е на мислење дека при сведување на балансот ќе се види дека грчката влада ќе им должи на Бугарите околу 500.000 фунти, мала сума за да се дојде до финална спогодба. Но, како што е сега, грчката опструкција им паѓа директно во рацете на Македонската организација, а полковникот Корф и неговата комисија, кои се таму веќе пет години, ќе бидат таму уште педесет."

"Полковникот Корф, фактички, изјави дека тој би одбил да превземе одговорност за постапка со натамошни барања поврзани со предложеното продолжување на ограничување на времето за доброволно изјаснување ако и додека не се направи последователен напредок во плаќање со 10% во кеш на оригиналните барања. Ова е чесно и коректно држање, и ако до Друштвото на народите може да биде направен извештај за овој ефект (кое ќе ги притисне двете влади да се согласат со вакво продолжување) тоа може да ги посрамоти Грците и да останат без нивните опструкции. Во секој случај, не треба да се дозволи да продолжи сегашното уредување и двајцата именувани од Друштвото треба да инсистираат и со закана за оставка, на една поекспедитивна постапка. Оваа комисија сега е редуцирана на една свечена фарса; оставајќи го настрана и тоа дека нејзината дискредитација се нанесува и врз самото Друштво. Макар што работата е таква со која Грците најмногу добиваат, евидентно е дека нивна намера е оваа да пропадне. Номинираните од Друштвото не би требало да дозволат да бидат вовлечени во ова."

"Овие комисии во Грција се јасни лекции за значењето при изборот на лица со неоспорива непристрастност и совестност при назначувањето во

Друштвото. Исто така, би било пожелно секогаш да биде одредувано и време на траење на нивната работа, кога е поврзано со комисија на Друштвото. Инаку, бидејќи платите се секогаш високи, приликата за одолговлекување ќе биде посакувана. Таквото ограничување на времето, исто така, ќе го открие и одолговлекувањето правено од дотичните влади."

Извештаите што ги правел самиот полковник Корф, од неговите посети на одделни региони на Егејска Македонија, покрај тоа што содржат објективна слика за состојбите во кои се нашле Македонците, на што ќе се задржиме во наредните глави, ги откриваат и неговите настојувања во духот на овластувањата да придонесе во правичност при размената на населението. Од неговите обиколки своите согледувања ги доставувал во вид на "Белешки" и до Министерството за надворешни работи. Така во јули 1923 г. ги обиколил селата во западниот и централниот дел на Егејска Македонија и за тоа ги составил следниве "Белешки од обиколката направена во Западна и Централна Македонија од Мешаната комисија за грчко-бугарско иселување."[79]

Обиколката ја извршила делегација составена од три члена: претседателот Корф, делегатот на бугарската влада Владимир Робев[80] и мајорот Џ. А. Саундерс (J. A. Saunders), претседател на поткомисијата во Грција. Целта на обиколката била: 1. Да утврди како се применуваат Правилата донесени од Мешаната комисија, а прифатени од владите на Грција и Бугарија и 2. Да утврди колку населението "кое зборува бугарски" е свесно за правата и привилегиите што ги има од овие Правила.[81] Во белешките се осврнал на "депор-

---

[79] PRO FO 371/8566 C 15084 - Note on a tour made by the Mixed commission on Greco-Bulgarian emigration in Western and Central Macedonia by Colonel A.C.Corfe.

[80] Син на Димитар Робев од Битола, кој во бугарска дипломатска служба бил и како амбасадор во Полска.

[81] Со членот 10 од овие Правила се обврзувало: "Никаков притисок, директен или индиректен не смее да биде извршен од било кого за да спречи лице кое припаѓа на грчкото малцинство во Бугарија или на бугарското малцинство во Грција да емигрира, ако тоа истото го сака, или да принуди такво лице да емигрира, ако тоа лицето не го сака. Мешаната комисија и Поткомисиите и другите претставници на Мешаната комисија ќе го штитат слободното и доброволно извршување на правото на емигрирање."

тирањето на семејствата и лицата кои ја одбегнале воената служба" и "притворање врз основа на информација и затворање без судење поради сомневање за врски со комитациски банди". Во врска со сместувањето на грчките бегалци констатира дека сеуште во селата во кои се зборува македонски нема бегалци, а само во турските села. Во делот насловен "Општо" констатира дека во селата во Западна Македонија најмал број на села во кои се зборува македонски е 150, што значи дека има 150.000 население.[82] Се задржува и на начинот на кој го спроведувале анкетирањето во смисла на нивната национална свест и односот на грчките власти.[83] Во заклучоците Корф истакнува: 1. Немало притисок за емигрирање и 2. Односите меѓу малинството и грчките власти не се добри.[84] "Сето ова мајорот Сандерс и јас слободно им го објаснивме на грчките службеници."

Во делот посветен на Централна Македонија веднаш се истакнува: "Делегација од селата во кои се зборува бугарски, од околијата на Кукуш (на север од Солун), ја посети канцеларијата на Поткомисијата во Солун и поднесоа декларација за масовно емигрирање, тврдејќи дека врз нив е извршен притисок што ги тера да емигрираат."

Пред да појдат во обиколка на овој реон, Корф со мајорот Сандерс разговарале со генералниот гувернер за Македонија, Ламброс, во врска со сместувањето на бегалците и тој им рекол дека "има намера нив да ги смести во бугарските села".

Корф за во овој дел на Македонија заклучува, дека во селата во централниот дел таа е сосема поинаква од положбата во западниот дел. Оттука најголем дел од населението се иселило во текот на војните во 1912 и 1913 и Првата светска војна, многу места, како и самиот Кукуш биле сосема срушени, а на жителите од истите, кои сега се во Бугарија (Петрич, Невро-

---

[82] "In Western Macedonia alone the minimum number of Bulgarian-speaking villages is 150. Average these villages at 200 families and you have a minimum population of 30.000 families, that is to say a Bulgarian-speaking population of 150.000."

[83] "Ние сакаме добра управа. Ние сме Македонци, ниту Грци ниту Бугари ... Сакаме да не остават на мир."

[84] "Повисоки грчки службеници, такви како префектите на Лерин и Воден, беа желни да ги унапредат овие односи, но самите не можеа да си допуштат да му веруваат на малцинството;

коп и Горна Џумаја), Грците не им дозволуваат да се вратат. "Според одредбите на Емигрантската конвенција тие имаат право на вредноста на имотот што го оставиле во Македонија, но на несреќа, водачите на македонските братства во изминативе три години ги притискаа овие луѓе по никаков начин да не се согласат на ликвидирање на нивните имоти преку Мешаната комисија. Толку далеку го одбиваа ликвидирањето на имотите бидејќи мислеа дека со ова ги губат сите идни права за враќање во Македонија." Очекува дека присилното иселување, предизвикано од притисоците извршени врз останатите Македонци во некои села во централниот дел, од страна на грчките бегалци и власти, "во иднина ќе ја комплицираат работата." Белешките завршуваат со следнава констатација: "со неколку исклучоци на високи грчки функционери, со кои сум разговарал за тоа како да се оствари оваа работа, кои сметаат дека најмудрата политика е да се негува пријателството со овие Македонци што зборуваат бугарски, но на несреќа длабоката недоверба од обете страни ова го отежнува."[85]

Пред Друштвото на народите било поставено и прашањето за одредување на недефинираната во 1913 година граница меѓу Албанија и СХС кај манастирот Свети Наум на Охридското Езеро. Најголем дел од расправата по ова прашање се водела во Конференцијата на амбасадорите, а биле испраќани и одделни комисии за утврдување состојбите на лице место. Бидејќи во овој случај претежно се работи за ангажирање на британската дипломатија во односите меѓу две балкански држави, на ова прашање се задржуваме во наредната глава.

Во врска со Друштвото на народите интересна е појавата британски организации да се обраќаат со барање на поставување на прашањето за заштита на малцинските права во Македонија, посебно во Југославија.

Така, во 1928 година до Советот на Друштвото на народите се обратил со молба Балканскиот комитет од Лондон "да се формира анкетна

потчинетите службеници, а особено жандармеријата, прават многу за влошување на овие односи."

комисија која ќе ги испита условите под кои Македонските Словени и останатите малцинства се принудени да живеат, жалбите што тие ги изразуваат како и правата стекнати врз основа на договорот за малцинствата потпишан од Југославија и главните Сојузнички сили на 10 септември 1919 година."[86] Разгледувањето на оваа молба, според проф. Кушевски предизвикало и нов пристап во поднесувањето на молби од страна на Бугарија.[87] Советот на ДН ја разгледувал оваа молба на 11 декември 1928 г. во Лугано, а за тоа како се изјаснил и британскиот претставник дознаваме од извешајот што истиот ден француското претставник Касиљи (Kassigli) го упатил до своето министерство во Париз.[88] "Еден Комитет за малцинствата, во кој партиципира г. Бриaнд (Briand) одлучи ова попладне да не проследи една петиција од "Балканскиот комитет" во Лондон за режимот што се применува врз Македонците во областа на Јужна Србија. Г. Брианд направи јасно да се види дека е тешко да се засновува врз една жалба дојдена од странска организација или територија и дека ризикуваат да создадат едно политичко малцинство во еден регион кадешто националните разлики се екстремно тешки за прецизирање. Сер Огист Чемберлен, исто така член на Комитетот, се приклучи кон неговите аргументи. Има место на Белград да му се сигнализираат заклучоците на Комитетот, во најголем дел заслуга на г. Брианд, кои го регулираат во задоволувачки услови за владата на СХС едно деликатно прашање, а како што тука ни потврди и нејзиниот претставник, тие за ова имаат огромен интерес."

Лордот Ноел Бакстон (Lord Noel Buxton), претседател на Балканскиот комитет во Лондон и еден од потписниците на горенаведената петиција до Друштвото на народите, како член на Парламентот, на повеќе пати поставу-

---

[85] Прашањето околу иселувањето на Македонците од Егејска Македонија е предмет на кој се осврнале повеќе историчари, тука сакавме само да фрлиме поглед како е тоа одразено во британските дипломатски извештаи.

[86] Види: документ бр. 38 во кн. Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том втори, Скопје 1981, стр. 71-72. Молбата од Балканскиот комитет заедно со одговорот од владата на СХС ги најдовме и во: ДАРМ М 2171 - AMAE, Paris - S. S.Europe, 1918-1929 - Yougoslavie, vol. 68, p. 100 r - 112 r..

[87] Кушевски, В.Д., Македонското прашање.. стр. 191-192.

[88] ДАРМ М 1923 - AMAE, Paris - s. S.Europe, 1918-1929, Bulgarie, vol. 52, p. 192.

вал и прашања поврзани со Македонија. Така, во врска со прашањето што го поставил во јуни 1932 г. во Министерството за надворешни работи од дипломатот Балфур (Balfour) е подготвен Меморандум - Македонскиот проблем.[89] Според Меморандумот, лордот Н. Бакстон слично прашање поставил и во јуни 1931 г., а во името на владата одговорил лордот Пармур (Lord Parmoor), при што се повикал на ставот на Југославија по ова прашање. "Краткото упатување на лордот Пармур на Југославија, без сомнение, беше диктирано од заедничкото гледиште дека е полтички немудро да му се дава значење на македонскиот проблем, но бидејќи лордот Ноел Бакстон годинава може да направи специјален поен покренувајќи го, може би лордот Хајлшам (Lord Hailsham) ќе сака да знае во неколку раченици каква е позицијата во Македонија." Откако констатира дека не се познати жалби од Албанците во Југославија до Друштвото на народите, вели: "Меѓутоа, жалбите од Бугарите или Македонците против Југославија се многу позначајни. Лордот Хајлшам подобро ќе биде за нив да зборува како за жалби од Македонци, не Бугари. Употребата на изразот Бугари во Југославија предизвикува прашање. Македонија е еден прифатлив географски термин и не е отворен за политички лоши конструкции."

Осврнувајќи се на сегашната положба на македонското движење ("Современото Македонско движење е многу слично на она што било во деновите на Гледстон"), односот кон него во Бугарија и Југославија констатира дека: "Македонското движње во Југославија добива форма која е многу слична на бугарски иредентизам, а последиците се дека тоа е причина за интензивен и горчив антагонизам меѓу двете соседни влади. Тука се и добрите причини зошто Друштвото на народите не би сакало да се вовлече во расправата за која фактите од случајот не сугерираат јасно или едноставно или трајно излекување."

Понатаму Министерот го запознаваат со тоа колку и од кого се поднесени жалби до Друштвото на народите ( осум на број од 1929 до 1932 год.) и

[89] PRO FO 371/15896 C 4930/46/7 - FO Memorandum -The Macedonian Problem, 14 June,1932.

нивното одбивање од Комитетот на тројцата (со мотивите за одбивање), за да се заклучи:

"Причините поради кои Комитетот на тројцата ги одбиваше петициите се тајни и за нив не треба јавно да се зборува. Уште повеќе, исто така не треба да се прави алузија за генералната политика којашто, мислам, во моментов треба да биде превземена во мислата на Комитетот на тројцата."

Очекува лордот Бакстон да го постави барањето пред Меѓународниот суд во Хаг, да биде од страна на британската дипломатија поставено за одговор прашањето "дали Бугарите во "Македонија се "малцинство"". Констатира дека Друштвото на народите настојувало било како да не пресуди по ова прашање. Самото Министерство за надворешни работи никогаш не одлучило јасно по ова прашање, бидејќи разни автори имале спротивни ставови. Задржувајќи се на тоа, дали Велика Британија, како потписничка на договорите за малцинството во Југославија, треба да се изјасни дали во Југославија има или нема малцинство, што е обврска на чест, констатира дека ако јавно го направи тоа ќе ја исполни својата должност. Но "од друга страна, ако се земат во вид дипломатските, одошто моралните погледи на случајов, нема да биде тешко да се најдат аргументи со кои би се покажало дека ние немаме обврски да се вмешаме во ова тешко прашање покренувајќи го во Женева или Хаг. Од политичка и заедничка точка на гледање постојат јаки причини зошто треба да го оставиме прашањето настрана толку долго колку што можеме, а во Парламентот преку него да се минува толку бегло колку што тоа е можно. Ако лордот Ноел Бакстон на лордот Хајлшам му прави тешкотии барајќи да каже нешто по оваа точка, лордот Хајлшам во неколку збора може да одговори: (а) фактите се многу опскурни; (б) разни заклучоци се извлечени од постојните факти од страна на лица и влади најдобро квалификувани да го знаат и разберат; (в) самото Друштво внимателно и експлицитно одбегнуваше да изрази било какво мислење по оваа точка; (г) поради тоа би било сосема неразумно да се очекува Владата на Неговото Височество јавно да го обелодени; (д) дека Македонската револуционерна организација - релик од турските денови - сега го форсира целото прашање, бидејќи тоа вне-

сува елемент на политички тероризам и ја компромитира бугарската влада од чија територија тоа делува; (ѓ) дека е евидентно како со минување на времето и појавата на нови генерации МРО ќе ја изгуби својата истрајност за таканареченото македонско малцинство во Јужна Србија (е) дека треба да се надеваме дека македонскиот проблем, ако политичките страсти бидат дефинитивно обезхрабрени, самото ќе се реши преку постепеното асимилирање на таканареченото македонско малцинство во југословенската националност, бидејќи ниту од точка на гледање во расен, религиозен или лингвистички има фундаментални разлики меѓу Србите и таканаречените Македонци, такашто ваквата асимилиција нема да ја прави невозможна; но (ж) ако настаните докажат дека после се овој македонски проблем неможе да биде решен на истиот начин како што е гореиндицирано, тогаш, секако лордот Ноел Бакстон е сосема во право велејќи дека Друштвото би требало евентуално да го прифати прашањето како дали таканареченото македонско малцинство во ЈужнаСрбија, или не едно малцинство според целите на Мировните договори."

Гореизнесеното јасно ја илустрира политиката на британската дипломатија во врска со македонското прашање што ја застапувало во Друштвото на народите, а чие влијание било особено силно.

## IV глава

# ВЛИЈАНИЕТО НА БРИТАНСКАТА ДИПЛОМАТИЈА ВО ВРСКА СО ОДНОСИТЕ НА БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ И МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ

## 1. Британската дипломатска активност по Првата светска војна

Какво е и од што се раководи влијанието на британската дипломатија во врска со меѓусебните односи на балканските земји, а во рамките на поставувањето на македонското прашање, станува многу појасно ако се имаат во предвид основните преокупации и смерници на британската дипломатија по Париската мировна конференција. Во таа смисла разгледувајќи го развојот на диломатијата, американскиот истакнат дипломат од најново време, Хенри Кисинџер ќе констатира: "Согласно на сите принципи од дипломатијата на баланс на силите, применувани во Европа после Вилијам III, Велика Британија и Франција би требало да образуваат антигермански сојуз, за да ги зауздат реваншистичките импулси на својот немирен сосед. Зар не Велика Британија и Франција одделно се послаби од Германија - дури и од победената Германија - а нивната верба да и се спротивстават би била единствено во коалицијата. Велика Британија го напушта она што било карактеристично за нејзината политика во тек на три века, а тоа е самостојно да ја следи рамнотежата. Таа се нишка меѓу прекаленото стриктно применување на принципите на баланс на силите и нараснувачката предност кон новиот принцип за колективна безбедност, а чие што наложување не сака да го форсира. Франција ја следи политиката на очај, фрлајќи се меѓу опстојувањето врз Версајскиот договор, за да го успори издигнувањето на Германија и половичните обиди за смирување со својот северен сосед."[1] Односите меѓу Велика Британија и Франција "вешто ги користи Германија, особено со стравот од болшевизмот присутен во Лондон, кој гледа во Германија како во одлучувачка тврдина против ширењето на болшевизмот."[2]

[1] Кисинджър Хенри, Дипломацията, София, 1997, стр. 232.
[2] Исто..стр.237.

За да се смири стравот на Франција за нејзините граници кон северниот сосед, а да се одговори и на барањето на Германија да и се признае еднаквост во вооружувањето "како quid pro quo за германското плаќање на репарациите", дипломатијата на ВеликаБританија се согласи со новиот пакт потпишан во швајцарскиот град Локарно, со кој се гарантираат од агресија границите меѓу Франција, Белгија и Германија, но не и тие со Полска и во Источна Европа. Таа, заедно со Италија го гарантира постигнатиот договор ветувајќи помош за одбивање на секоја агресија преку границите во Рајнската област, било од каде таа да доаѓа.

Настаните по Локарно се одвиваат така што Велика Британија, за разлика од Франција, гледа во помирувањето со Германија единствен можен курс. "Периодот по Локарно е сведок на француското отстапување чекор по чекор од Версајските договори - против сопственото убедување и при постојан британски (и американски) притисок да се дојде подалеку."[3] Откако се задржува на усложнувањето на ситуацијата во Европа со постигнатото во Локарно, Кисинџер констатира: "со Локарно, поздравен во 1925 г. како повратен момент кон постојан мир, всушност започнува крајот на Версајскиот меѓународен ред. Оттука натаму разграничувањето меѓу победник и победен станува се понејасна положба."[4]

За односите меѓу земјите во овој период и ставовите на дипломатиите, особено на Франција и Велика Британија, свои согледувања изнесе и српскиот историчар Вук Винавер во осврт посветен на англиското јавно мислење за Македонија.[5]:

"Секое и најмало движење на победените и угнтените држави - Германија, Австрија, Унгарија, Бугарија, францускиот милитаризам сакаше да го задуши со меч уште во зачетокот, додека Англија настојуваше таквите движења да ги смири со отклонување на жалбите што ги изнесуваа победените. Затоа, Англија настојуваше да ја заузда француската хегемонија и тоа

---

[3] Исто..стр.243.
[4] Исто ..стр. 240.
[5] Винавер, Вук,. Англиското јавно мислење за Македонија од 1919-1926.- Гласник на ИНИ, год. IX, бр. 1, Скопје, 1965, стр. 29-63.

пред сé - за да ја предупреди реваншистичката експлозија на победените (говорејќи дека воените сојузи ги раздразнуваат и возбудуваат победените земји), а истовремено Англија со недавањето подршка на францускиот милитаризам всушност ја тераше француската постојна влада да склучи цел систем сојузи и пактови за хегемонија (во Париз се сметаше дека сојузите ги држат победените во мир и во земјата). Додека размислуваше Англија дали да го чува мирот со помагање на победничките држави (Франција и нејзините сателити) - кои затоа се оглушуваа од сите англиски предлози да се изменат најлошите нешта од мировните договори, или да им помагат на победените (кои затоа бараа се повеќе и повеќе), создаден е остар блок на Франција против "ревизионистичките држави" и Англија оставаше да работи по своја волја оној кој е најсилен - прво француските милитаристи, а после фашистичките освојувачи и ревизионистите на мировните договори. Така Англија беше постојано готова да ја сузбие силата и агресивноста на француските влади (и на нејзините сателити) но, и да им помага на победените, да ги слуша нивните жалби - но, и едното и другото во ограничени размери. Всушност Англија навистина не ја ни заудуваше Франција (туку само се залагаше за ублажување на некои "агресивни острици") ниту навистина им помагаше на победените (туку само "имаше разбирање за неправилностите и неправдите" што ги поднесуваат тие). Со тие благи методи версајскиот систем во сушност се чуваше исто како и со француските груби методи. Па сепак, за победените држави и за угнетените народи ова сепак беше една можност да ги изнесат своите жалби и да ги постават своите проблеми."[6]

На Балканскиот Полуостров како држави победнички со значително проширени територии се најдоа: Кралството на Србите, Хрватите и Словенците (од 1929 год. Југославија), Кралството Романија и Кралството Грција, додека Кралството Бугарија, Унгарија и Турција како победени останаа и со намалени територии и исплаќање на високи репарации. Албанија остана во нејзините граници од 1913 год, (со мал исклучок) и сеуште неоформена, растргнувана со внатрешни немири и разни влијанија однадвор (и со присус-

[6] Винавер Вук, Англиското јавно..стр. 30-31.

тво на странски војски). Наместо на поранешниот судир на Австрија и Русија, на Балканскиот Полуостров доаѓа до судир на интересите на Франција и Италија. Секако, тука се и интересите на Велика Британија, на прво место најсилно изразени околу Грција. Судирите меѓу државите победници и државите победени, неизбежно водеа кон потребата во нив да се ангажира на извесен начин и британската дипломатија. Во судирите, особено меѓу Кралството СХС и Бугарија, потоа меѓу Бугарија и Грција, како и меѓу Грција и СХС, а и околу прашањата поврзани со Албанија, избиваше, на еден или на друг начин и македонското прашање.

Кралството на Србите, Хрватите и Словенците со големината на територијата, бројноста на населението и геостратешката положба на Балканскиот Полуостров, секако, било од интерес на големите сили да биде во нивната орбита и да имаат влијание во неговата политика. Општо, за тоа колку преостанатите во Европа две големи сили се мешале во политиката на Кралството СХС присутна е следната констатација:

"Франција, големата континентална сила, многу подиректно се мешала во југословенската политика од Велика Британија. Британската политика ја одредуваа некои општи постулати на геополитиката, економските интереси и светската стратегија, при што таа водела, пред сé, сметка за принципот за рамнотежа. Како империјална сила таа не можела, а да не води сметка за позадината на своите светски патишта, а заедно со Франција и за одржување на антиболшевичкиот санитарен коридор и воопшто на версајскиот систем на меѓународни договори. Стекнатото искуство со Австро-Унгарија на Велика Британија и нејзините дипломатски претставници и помогнало, заедно со праксата во колониите, да ги разбере разнородните институции на новите држави, вкрстувањето на верите, културите, јазиците, управните системи и поделби, со еден збор психологијата на државната администрација и политиката."[7]

[7] Petranovic, Branko, Istorija Jugoslavije 1918-1988, Prva knjiga, Kraljevina Jugoslavija 1914-1941, Beograd, 1988, str. 35.

Од друга страна, треба да се истакне дека, спротивностите, коишто по склучувањето на мировните договори, постоеја помеѓу државите победнички и победените во Првата светска војна, пред сè, нерешените територијални прашања, допринесувале балканските земји својата судбина да ја поврзуваат со големите сили во кои барале поткрепа и сојузник за да ги сочуваат стекнатите позиции или да остварат одредени аспирации. Ова придонесувало сите европски проблеми релјефно да се одразуваат и на Балканот.

Осврнувајќи се на британската дипломатија и нејзиното делување на Балканот во рамките на нејзините пошироки светски интереси, д-р Ж. Аврамовски ја изнесува следнава констатација:

"Англиската политика на Медитеранот и на Балканот била обусловена од општото зацврстување на Франција како водечка континентална сила со системот на нејзините политички сојузи во Источна и Југоисточна Европа, како и со нејзините цврсти позиции во Северна Африка и Сирија. Ако се има во предвид пропаѓањето на англиската светска стопанска доминација, тогаш е јасно дека нејзе и понатаму најповеќе и конвенирала политиката на рамнотежа на силите во Европа. Во таа смисла таа и ја прифаќала италијанската улога на Балканот и во Средоземноморието. Покрај настојувањето со стопанско - политичкото оправување на Германија да создаде противтежа на Франција во Западна и Средна Европа, со истурањето на Италија, Англија настојувала да создаде противтежа на Франција на Медитеранот и на Балканот. Англиските интереси во балканските земји, особено во Југославија и во Романија првенствено биле од финансиска природа, т.е имале за цел обезбедување на пласираниот капитал во стопанството на овие земји." [8]

---

[8] Avdamovski, Zivko, Balkanske zemlje i velike sile 1935-1937.,Beograd 1968, str. 11.

## 2. Влијанието врз Грција

Од постојната литература и од документите, некои од нив и погоре цитирани, се издвојува посебното внимание што дипломатијата на Велика Британија го посветувала на Грција, како и нејзиното влијание врз таа држава. Во почетокот на втората глава изнесовме како на Грција се гледало во британските дипломатски кругови во актите со кои се размислувало за пристап кон решенијата на престојната мировна конференција. Во 1916 година се размислува: на Грција "која заслужува само малку обзири од страна на Сојузниците", ќе и биде понуден само Северен Епир.[9] Во пролетта 1917 год. веќе се забележува друг подход кон Грција во идните планови, секако врз основа на промените што во меѓувреме настанаа поради ангажирањето на Е. Венизелос, така што се дошло до сугестија, ако пропаднат плановите со привлекување на Бугарија на страната на победниците, да се смета на Грција, во која се сомневало дека тешко би имала големо значење за големите интереси на Велика Британија, за да документот заврши со констатацијата, дека "јака и просперитетна Грција, истовремено би одговарала и на нашите симпатии и на нашите интереси."[10]

Видовме дека на Париската мировна конференција барањата на Грција, изнесувани преку Е. Венизелос, наоѓале на силна поткрепа од страна на Велика Британија. Ова најдобро го изразил британскиот премиер Дејвид Лојд Џорџ во писмо до Венизелос од 17 ноември 1919 год. :"Длабоко сум задолжен од вашата љубезна порака. Британскиот народ негува најтопли и најпријателски чувства кон народот на Грција. Вие можете да останете сигурни дека Велика Британија ќе ја подржува Грција во сите нејзини легитимни аспирации, со постојана надеж дека под вашето мудро и цврсто раководење, таа ќе стане моќен фактор, либерална и стабилизатор на политиката во Источниот Медитеран."[11]

---

[9] PRO CAB 29/1-No 5, "Territorial Settlement in Europe", by Politic Intelligence Foreing Office.
[10] PRO CAB 29/1-No 17, "Possible Terms of Peace", by L.S. Amercy, 11 Avril 1917.
[11] Kitsikis, Dimitri, Propagande et pressions en politique internationale, Paris, 1963, p.372.

Во оваа смисла интересно е и излагањето на британскиот министер за надворешни работи, А. Џ. Балфур направено на седница на шефовите на делегациите на петте големи сили, кога се разгледувало прашањето за границите на Бугарија во Тракија, во прилог на позицијата на Венизелос: "Г. Венизелос беше единствениот државник на Балканот кој искрено се обидуваше да и помогне на Конференцијата и чија политика придонесе во воспоставувањето на мирот на Балканот."[12]

Британската дипломатија е таа која на Мировната конференција силно го подржала изнесениот од Е. Венизелос предлог за размена на население меѓу Грција и Бугарија, а кое се усвојува преку соодветни акти потпишани во Неј на Сена на 27 ноември 1919 година.[13] Што всушност за македонскиот народ претставува донесувањето и спроведувањето на оваа Конвенција? На ова прашање, врз основа на обемна документација, во македонската историографија продлабочени согледувања изнесе Лазар Мојсов.[14] Во случајот се поклопуваат интресите на Грција да ја измени сликата на етничката состојба во Егејска Македонија, а и на Бугарија, преку признавањето од страна на Грција постоење на "Бугари" во Егејска Македонија и понатаму да го користи за свои цели македонското прашање.

Македонските прогресивни средини веднаш го согледале злосторството направено кон македонскиот народ преку потпишувањето на оваа

---

[12] Notes of a Meeting of the Heads of Delegations of the Five Great Powers Held in M. Pichon's Room at *the Quai d'Orsay, Paris, on Monday, Sptcmbcr 1, 1919,at 11 a.m. - in: Thc Complaints of Maccdonia.No.* 4-5-6. Geneva, 1979. - p. 428. Современ британски историчар вака го оценува Е. Венизелос: "Во текот на втората деценија на дваесетиот век, Венизелос покажал дипломатска способност и политичка интелегенција со што ги надминувал сите останати балкански државници. Меѓутоа, неговиот префинет шарм и оштроумност биле лажливи. Тој бил брилјатен и прецизен техничар во спроведување на власта - воспоставување и уцврстување на својата политичка позиција и, пред се, во убедувањето на своите сојузници, големите сили, а посебно Британија, дека токму тој би требало да ја одигра главната ролја во нивната стратегија за рушење на Отоманското царство."- види: Gleni Misa, Balkan 1804-1999. (II deo), Beograd 2002, str. 48.

[13] Konvencija izmedju Grcke i Bugarske o reciprocnoj emigraciji.- vo: Balkanski ugovorni odnosi 1876-1996., II tom (1919-1945) , Beograd, 1998, str. 94-97. Оваа Конвенција е заснована на вториот став од членот 56 од Договорот за мир, склучен истиот ден, во истото мсто, меѓу сојузничките и здружените сили и Бугарија. Конвенцијата е потпишана за Грција од Е. Венизелос и Н. Политис, а за Бугарија од Ал. Стамболиски. Истата стапила на снага по предавањето на актите за ретификација и нејзината регистрација во Лондон на 25 август 1920 година.

[14] Мојсов, Лазар, Околу прашањето на македонското национално малцинство во Грција, Скопје, 1954, стр. 214-240.

Конвенција, при што се осудува и политиката на Велика Британија по ова прашање. Во едно обраќање од ВМРО (обединета) до македонскиот народ во почетокот на октомври 1927 год., а по повод "последните атентати во Македонија под српска власт", откако се задржува на пресудната улога на големите сили за тешката положба во која се наоѓа Македонија се истакнува: "Нели беше истата таа империјалистичка Англија, која за да ја обезбеди пљачката врз Македонија од страна на нејзиниот вазал - Грција, ја принуди Бугарија да ја потпише чудовишната и варварска конвенција за "доброволно" иселување, преку која Јужна Македонија во својот поголем дел е веќе без автохтоно месно население? Нели беше тој Чемберлен што на неколку пати изјави во Друштвото на народите дека за Грција македонското прашање веќе не постои, дека таму тоа прашање дефинитивно е ликвидирано? Нели властодршците на таа иста Англија се оние кои денеска препорачуваат разрешување и ликвидирање на македонското прашање во Србија преку истиот начин со иселување на месното население, начин кој веќе даде толку "благотворителни" резултати во Грција?"[15]

---

[15] ВМРО (Обединета), документи и материјали, кн. 1, Избор, редакција и коментар Иван Катарџиев, Скопје, 1991, документ бр.26, стр. 143. Во поновата бугарска историографија во врска со потпишувањето на оваа Конвенција и нејзиното значење се наидува, исто така, на констатацијата дека таа е причина за промена на националниот состав во Егејска Македонија. Васил Ат. Василев во "Правителството на БЗНС, ВМРО и българо-югославските отношения, на стр. 31-32 го констатира следново: "Уште од самиот почеток грчката делегација предлага малцинското прашање меѓу Грција, Бугарија и Турција да биде решено преку "доброволна размена на население"По овој предлог не се развиваат особени дискусии, ако не се смета отказот од владта на СХС да земе учество во ваква размена. На 27 ноември 1919 г. заедно со Нејскиот договор бугарската делегација потпишува Конвенција за "доброволна размена на население со Грција"Конвенцијата е неоспорен успех на грчката дипломатија, бидејќи грчкото малцинство во Бугарија е несразмено помалубројно од бугарското во Грција. На овој начин се потпомага обезбугарувањето на Егејска Македонија и Западна Тракија, во која после Меѓусојузничката војна се населени илјадици бегалци од деловите на Македонија завладеани од Грција и Србија. На тој начин потпишувањето на Конвенцијата од бугарската делегација предизвика големо незадоволство и остри протести од македонските братства и партиите од опозицијата. Единствената за Бугарија и за македонските бугари полезна последица од потпишувањето на Конвенцијата е, дека во еден авторитетен меѓународен документ не само фактички, туку и формално се признава, дека словенското население во Егејска Македонија е бугарско. Од ова логично излегува, дека истот се однесува и на Вардарска Македонија" - Од друга страна, други бугарски историчари настојуваат да го сокријат и вака дискретното изнесување на вистинската причина што Бугарија ја натерало да ја потпише Конвенцијата. Така, Крсто Манчев зборува само за користа што ја имала Грција, а за Бугарија штетата од "насилничкото менување на етничкиот вид." Види Манчев, К., Великите сили и националният въпрос на Балканите между двете световни войни, во: Великите сили и Балканите в ново и най-ново време, София, БАН, 1985, стр. 194.

Британската дипломатија не само што искажувала препорака дека ваквото решавање на малцинското прашање треба да се прифати и од други балкански земји, ова го констатиравме и при изнесување на содржината на записниците од седниците на Комитетот за нови држави и заштита на малцинствата (седниците 49, 54, 55, 61 и 62), туку нејзини членови се вистинските автори на текстовите на договорите поврзани со Грција. Така, веќе неколкупати цитираниот Харолд Николсон бил задолжен и го изработил текстот на "Договорот помеѓу главните сили и Грција за нејзината независност и правата на малцинствата" потпишан во Севр на 10 август 1920 год.[16] Истиот Х. Николсон како член на британската делегација е особено активен во т.н. Грчки комитет. [17] Тој ја составил и образложил пред Врховниот совет на 18-19 ноември 1919 г. Конвенцијата за размена на население, при што се констатирало дека "Нацртот се прифаќа и Грција е расположена да го потпише, а на Бугарија да и се дадат два дена за да одговори."[18]

Личноста на британскиот дипломат Харолд Николсон се сретнува многу често како во британските дипломатски извештаи, така и во документите од дипломатиите на соседните држави бидејќи во Министерството за надворешни работи на В. Британија него го сметале како еден од најдобрите познавачи на македонското прашање, а високите раководни места, што ги потоа имал во Одделнието за Југоисточна Европа, значеле и можност неговите погледи да се прифатат како државна политика. Тој е авторот на еден од првите поцелосни материјали за македонското прашање изработени по Првата светска војна. Ние делови од него веќе наведовме во претходната гла-

[16] Види: Ортаковски, Вл., Меѓнародната положба.. стр. 119. Како и делови од извештаи и преписка на Х. Николсон објавени во: The Complaints of Macedonia, No 10-11-12, str. 201-202.
[17] Кои прашања и со кои личности се сретнувал при работата во овој Комитет забележал во неговиот Дневник од кој делови се објавени во: Тхе Цомплаинтс оф Мацедониа, Но 10-11-12, стр.139-156. Историчарот Глени М. го оценува Х. Николсон како "еден од најдаровитите и најпросветени британски преговарачи во Париз" иако и кај него наоѓа примена на двојни стандарди и покрај неговото одлично познавање на ситуацијата на Балканот. - види: Gleni, M. Balkan 1804-1999.. str. 62.
[18] The Complaints of Macedonia, No 10-11-12..str. 202-203.

ва, се работи за меморандумот насловен "Македонското прашање и комитската активност" од ноември 1925 година.[19] Неговата дипломатска активност и мотивите што го воделе биле и основната причина да се напише веќе неколкупати цитираниот "Портрет на еден британски дипломат - Харолд Николсон".[20] Искажани се оценки и за негвите извонредни способности.[21]

Истовремено со поставувањето на Нацртот на конвенцијата за разгледување пред Врховниот совет на Мировната конфренција, Харолд Николсон го испраќа Нацртот и до британскиот дипломат Ерик Колбан (Erik Colban), кој во Друштвото на народите раководи со Одделението за малцински прашања.[22] Во пропратното писмо се изнесуваат и тешкотии што се појавиле околу потпишувањето на овој Нацрт договор (во крајната фаза Конвенција меѓу две држави): "Извесни тешкотии, како и да е, искрснаа во поглед потпишувањето на овој Договор. Од една страна Србите одбија да прифатат дека сличен договор може да биде склучен меѓу нив и Бугарија, образложувајќи дека нема Срби во Бугарија (воопшто немаа смелост да кажат дека сега нема Бугари во Србија). Од друга страна делегацијата на Соединетите држави во последен момент го истакна гледиштето дека предметов, воопшто, треба да е договор меѓу Грција и Бугарија, а главните сили и сојузниците нема потреба да интервенираат."

---

[19] PRO FO 371/10667 C 15185/2332/7. -Васил А. Василев наведува дека автор наовој мемоар е дипломатот Бетман - види: Великобритания и македонският въпрос 1924-1929 г. - Исторически преглед, год. 40, кн. 1, София 1984, стр.25.

[20] The Complaints of Macedonia, No 10-11-12, .. str.7-44.

[21] "Што беше најбитно за Харолд Николсон? Неговата книжевна работа, неговата репрезентативна функција како дипломат или неговите извештаи до разузнавачките служби. Изгледа дека овој комплкс е неразделив. Секоја функција беше покриена со друга и тие не можат да бидат дезинтегрирани.Харолд Николсон се оценува како брилјантен претставник на британскиот естаблишмент. Кај него или кај било кој друг, функците се претпоставуват како да се вродени,.. Неговата енергија ќе биде вложена во пасионирани проучувања на грчката или средновековната дипломатија, а неговиот дух обикновено ќе се вивне во амбициите на фасцинантни идеи и споредување или рефлексии, кога не беа ограничени на ниското ниво на современата дипломатија." - The Complaints of Macedonia, No 10-11-12 .str. 37.

[22] Писмото датирано на 18 ноември 1919 година ја открива големата ангажираност на Е. Венизелос во донесувањето на ваков договор: "Процесот на размена е омилена шема на г. Венизелос, и тој е тоа, де факто, кој ургира при разните делегации дека договоров треба да биде донесен и потпишан под покровителство на Конференцијата" На крајот од писмото Николсон изразува очекување дека од страна на Врховниот совет ќе биде одредено Друштвото на народите да го следи реализирањето на овој договор.- The Complaints of Macedonia, No 10-11-12. .str.203.

Колку британската дипломатија е пристрасна во поглед на "решавањето" на малцинските прашања на ваков начин, потврдува и одговорот на Е. Колбан до Х. Николсон од 24 ноември 1919 година, во кој се вели: "Шемата на г. Венизелос, како што е претставена во Нацртот на договорот, секако, е многу интересна. Одамна чуствувам дека тешкотиите што се однесуваат на малцинските прашања на Балканот можат да бидат поставени во посакувано олеснување и охрабрување на меѓусебна миграција меѓу заинтересираните држави. Ми изгледа, дека формата којашто г. Венизелос ја дал како идеја, е добро избрана."[23] Понатаму дискусиите се водат околу тоа Мешовитата комисија што ќе се формира од претставници на Друштвото на народите и по еден од Бугарија и Грција, дали да се состои од пет или три члена, дали одлуките ќе се донесуваат со мнозинство и сл. Ние веќе за Мешовитата комисија и некои согледувања за нејзината работа во рамките на Друштвото на народите изнесовме во претходнта глава. Оваа Комисија, формирана во м. декември 1920 год. освен задачите поставени пред неа со Конвенцијата за размена на население, поради костатирани пропусти во заштитата на малцинствата, во 1924 година добива попрецизни задачи во овој поглед врз основа на така наречените "Мали протоколи" потпишани во Друштвото на народите. Во сашност, се работи за "Предлог поднесен од бугарската влада, а прифатен од Советот на Друштвото на народите, во врска со заштитата на грчкото малцинство во Бугарија, Женева, 29 септември 1924"[24] и "Предлог поднесен од грчката влада, а прифатен од Советот на Друштото на народите, во врска со заштитата на бугарското малцинство во Грција, Женева, 29 септември 1924."[25]

Во овие два документа дотогашните членови на Мешовитата комисија полковникот А. К. Корф и мајорот Марсел Де Рувер (Marcel de Roover), се задолжуваат за следење и спроведување и на одредбите за заштита на мал-

[23] The Complaints of Macedonia, No 10-11-12, ..str. 204.
[24] Balkanski ugovorni odnosi, t.II,.. str. 213-215.
[25] Исто, ..стр.215-217.

цинствата врз основа на Договорот меѓу Главните сили и Грција за нејзината независност и правата на малцинствата, потпишан во Севр на 10 август 1920 година.[26] Овие дипломати, британскиот претставник Корф и белгискиот претставник Де Рувер се истите за чија дејност реферира во своите "Белешки од посетата на Југославија и Грција, април 1926 ." Д.Џ. Футмен (D.J. Footman) од британското министерство за надворешни работи,[27] а делови од кои беа разгледувани во претходната глава. Воочливи беа задоволството од работата на Мешовитата комисијат за размена на население меѓу Турција и Грција, додека веќе петгодишното работење на Мешовитата комисија за спроведување Конвенцијата меѓу Грција и Бугарија доби повеќе забелешки. Пред се, констатирано е дека Грција во оваа Комисија дури избегнувала да именува свој претставник и правела разни опструкции. Делувањето на полковникот Корф, поради неговиот пристап на теренот, е оценето како "пробугарско", а неговите интервенции кај грчките власти не вродувале плод.[28]

На Конвенцијата и начинот на кој е донесена со силно британско влијание, одделивме повеќе простор поради тешките последици за Македонците што истата ги имаше.[29] Би можело да се помисли дека во случајот јасно дошло до израз "стекнатото искуство од колониите"[30], на британската дипломатија.

На Балканскиот Полуостров како политичко прашање во кое Велика Британија била директно заинтересирана е да се сочува интегритетот на Грција, поради значењето на нејзината стратешка положба во Источното Средоземноморие. Да се сочува интегритетот на грчката територија за дипломатијата на Велика Британија значело и да се спречи на бреговите на

---

[26] Balkanski ugovorni odnosi, t. II..str.113-119.

[27] Види и: Rossos, Andrew,- The British Foreign Office and Macedonian National Identity, 1918-1941.- in: Slavic Review, vol. 53, No. 2- Summer 1994.- p 378.

[28] PRO FO 371/11245 C 6013/60/62. - PRO FO 371/8566 C 15084. Поопширно врз основа, пред се на бугарски дипломатски извештаи, за односте меѓу Бугарија и Грција, а особено околу размената на населението и работата на Мешаната комисија види кај: Косев Димитър, Външната полиика на България при управлението на Андрей Ляпчев 1926-1931, София 1995, стр. 104-119.

[29] Види: Историја на македонскиот народ, том четврти, Македонија меѓу Балканските и Втората светска војна (1912-1941), д-р Иван Катарџиев, Скопје, 2000, стр. 445-447.

[30] Petranovic, Branko, Istorija Jugoslavije 1918-1988, Knjiga prva, Beograd, 1988, str. 35.

Егејското Море да се појави една словенска држава, а од таму да се дојде врз панславистичка основа под влијанието на Советскиот Сојуз. Велика Британија никако не сакала да дозволи на овој начин да го има на ова подрачје присуството на Советскиот Сојуз.

Традицијата Велика Британија да се јавува како покровител на Грција е присутна оддамна, од создавањето на новата грчка држава, во случаите на грчко-турските војни, а и особено со поткрепата на "легитимните барања", како што ги нарекол Д. Лојд Џорџ, изнесувани од Е. Венизелос на Париската мировна конференција и потоа пред Друштвото на народите, а кои не се ништо друго туку завојувачки аспирации и настојување да се реализира "Големата идеја". [31]

Начинот и образлагањата со кои британскиот министер за надворешни работи, Балфур, во највисоките тела на Париската мировна конференција, особено поради ставовите изнесени од претседателот на САД, се тие што ја определиле понатамошната судбина на земјите на Балканот. Тој, залагајќи се прашањето за Тракија да не се решава веднаш со донесувањето на мировниот договор со Бугарија, туку "сугерира да бидат прифатени границите од предлогот на договорот со Бугарија, а припадноста на териториите јужно од неа да биде резервирано," образлагајќи, дека "ако биде спроведена американската политика во Источна Европа, од сите држави, Грција ќе помине најлошо. Србија добива трипати повеќе територија од онаа што порано ја имаше. Романија и покрај нејзиниот постојан инает на Конференцијата ќе го дублира нејзиното население. Полска и Чехословачка беа создадени на самата Конференција. Грција, ако големото грчко население во Тракија не и биде доделено, тешко воопшто ќе може во нешто да напредува..

Тој мисли, дека сето ова не е фер на овој начин да биде третиран г. Венизелос.."[32]

---

[31] На ваков заклучок наведува настојувањето на Грција да добие голем дел од бреговите на Мала Азија на Егејското Море, како и цела Тракија и Епир. Кон Македонија нејзиниот интерес, воглавном го реши со Букурешкиот мировен договор.

[32] Notes of a Meeting of the Heads of Delegations.. in: The Complaints of Macedonia.. No 4-5-6-, Geneva, 1979, p. 428.

Грција потпирајќи се и на бројното присуство на грчко население во Истамбул и на егејскиот брег на Мала Азија (особено во Измир-Смирна), со одобрување на британската и францускатa дипломатија, во м. мај 1919 г., (присутно е и мислењето дека оваа грчко-турска војна е организирна од трите сили - Британија, Франција и Италија, бидејќи првите две повеќе ја сакале подршката на Грција против Турција одошто италијанска доминација над Турска, што би ги оневозможило британските и француските интереси на Блискиот Исток), [33] ќе испрати грчки воени единици во Измир и ќе отпочне со воена окупација на делови од Мала Азија, додека сојузничките војски (британски, француски и италијански) го окупираат Истамбул и Источна Тракија. Истовремено грчки воени единици заедно со британски, ќе се најдат и во борбите против болшевиците на територијата на Украина. Иако Грција е држава која од Првата светска војна излегува и со значително зголемување на својата армија, само додека трае Конференцијата по потпишувањето на примирјето нејзината армија се зголемила од 9 на 12 дивизиона,[34] сепак, во војната со Турција во Мала Азија во летото 1922 година ќе биде поразена и во паничното бегство од Мала Азија со грчките војски бега и грчкото население од Мала Азија.[35] Во Лозана се одржува Меѓународна конференција (со прекин од 20 ноември 1922 до 4 февруари 1923 г. и од 23 април 1923 до 24 јули 1923 год. со учество на Британија, Франција, Италија, Јапонија, Грција, Романија и СХС од една страна и Турција од друга страна), на која на 24 јули 1923 година е потпишан Договор за мир со Турција и неколку други документи.[36] како и

---

[33] Повеќе податоци за директното влијание особено на британскиот премиер Лојд Џорџ за експанзијата извршена од Грција во Мала Азија изнесува М. Глени при што констатира дека иако генералот Вилсон и В. Черчил не го одобрувале овој чекор "претседателот на владата бил убеден дека Грција мора да се здобие со превласт на Медитеранот како регионална голема сила. За Британија било од суштествено значење да ја охрабри Грција во воспоставување на целосна контрола врз Западна Анадолија. Тогаш Лондон и Атина заедно би го контролирале Блискиот Исток." - Gleni M., Balkan 1804-1999, II deo, str. 62, 78-81.

[34] "Грција беше единствената земја која по потпишувањето на примириeто ја зголеми својата армија" - види: The Complaints of Macedonia, NO 4-5-6, p. 428-429.

[35] Sophocles, S.M., A History of Greece, Thessaloniky, 1961, p. 354-355.

[36] Balkanski ugovorni odnosi 1876-1996, tom. II..str.162-181. Истиот ден потпишани се и: "Конвенција за границите во Тракија" - ист стр. 181-184; "Протокол за некои концесии дадени во Отоманското царство и Декларација" - исто стр. 185-188; "Протокол за евакуирање на турските територии окупирани од страна на британските, француските и италијанските сили" - исто стр. 189-191; "Протокол кон Договорот склучен во Севр меѓу Големите сојузнички

Конвенцијата за размена на грчко и турско население со Протокол. Првите идеи за размена на население- припадници на малцинствата, се јавиле во 1913 год., после балканските војни, од страна на Турција, со цел да бидат иселени Грците од Измир и околината и да бидат заменети со Турците од Македонија. Масовните ѕверства, извршени во грчко-турската војна 1919-1922 година, го направиле ова прашање актуелно, така со овој документ, освен од Истамбул, од Турција се иселуваат христијани - Грци и Турци кои го примиле христијанството, како и од други националности.

Резултати од оваа војна не се само масовното бегство на грчкото население, туку и паѓањето на грчката монархија.[37] Во Атина отпочнува процес против политичките водачи кои довеле до ова фијаско и пет министри од редовите на "ројалистите" биле осудени на смрт и егзекутирани кон крајот на м. ноември 1922 год. На овој чин бурно реагирало британското јавно мислење, а дошло и до заладување на односите меѓу Лондон и Атина, сепак Британија и понатаму ги одобрувала сите мерки на грчката влада, реорганизацијата на војската и испраќањето единици во Западна Тракија.[38]Потпората од Британија е особено значајна при доделувањето на заеми за решавање на проблемите настанати со приливот на огромен број бегалци. Така, преку Друштвото на народите, а всушност од британски и американски извори, Грција ќе добие заем во износ од 60.000.000 долари,[39] а веќе видовме дека доделувањето на ваквите заеми, и во случајот со Бугарија, редовно се користат за притисоци и влијание.

Интересот на британската дипломатија да се сочува интегритетот на Грција го наоѓавме и при разгледувањето на нејзините ставови во врска со петициите поднесувани во Друштвото на народите, било за заштита на

---

сили и Грција, 10 август 1920 во врска со заштитата на малцинствата во Грција и Договорот склучен истиот ден меѓу истите сили во врска со Тракија" - исто стр. 193.; "Декларација (за слободна пловидба во Мореузите)" - исто, стр. 194-195; Конвенција за населување и јурисдикција" - исто, стр. 195-202.

[37] На изборите одржани на 14 ноември 1920 година, Е. Венизелос и неговата партија се победени од "ројалистите" кои го повикуват кралот Константин да се врати на тронот. По претрпениот пораз во Мала Азија Константин абдицира во корист на неговиот син Георгиос.- Sophocles, S.M., A History of Greece,.. p.360.

[38] Todorovic, Desanka, Jugoslavija i balkanske drzave.. str.194.

[39] Sophocles, S.M., A History of Greece,.. p.356.

малцински права, било за признавање на постоење на одделна македонска нација и создавање на автономна држава во Македонија. Веќе го наведовме документот насловен "Потеклото на Македонската револуционерна организација и нејзината историја по Големата војна"[40] во кој образлагајќи зошто Советот на Друштвото на народите мора да ги отфрла сите петиции во кои на извесен начин се поставува македонското прашање и не треба да донесе одлука дека постои бугарско или друго малцинство во Македонија, констатира дека: "Одлука од Друштвото по ова силно спорно прашање неизбежно ќе го вовлече на изнесување пред јавноста сиот македонски проблем во Женева, а нејзината одлука тешко ќе може да го спречи паѓањето во криза, која за Друштвото на народите може да биде тешко контролирана. Секако, штом ќе се прифати постоење на Македонска нација, макар и претпоставена, постои опасност сите мировни одлуки да бидат загрозени, доведувајќи ги во прашање не само границите меѓу Југославија и Бугарија, но, исто така и оние меѓу Југославија и Грција и меѓу Југославија и Албанија." Го имаме и случајот од 1922 година кога британскиот дипломат Х. Ростинг во Друштвото на народите одбивајќи петиција од македонска иселеничка организација во САД за малцински права образложил, дека е тешко по неа да се одлучува бидејќи "се говори за Македонија за која и Грција и Србија се особено заинтересирани."[41]

Се осврнавме и на активноста на британската дипломатија во врска со донесувањето на "Малите протоколи" во 1924 година. Натамошниот развој на настаните, особено настанатиот спор меѓу Грција и Кралството СХС околу постоењето и признавањето на "српско малцинство" во Егејска Македонија, кога Грција декларира дека прашањето за Словените во Грција е нејзино внатрешно прашање и "признава дека Грчко-бугарскиот протокол за малцинствата наметнат од професорот Гилб'рт Мари бил тактичка грешка која таа нема намера да ја повтори", кај британската дипломатија јасно се гледа силна

[40] PRO FO 371/14317 C 5316/82/7 -The Origins of the Macedonian Revlutionary Organisation and its History since the Great War".
[41] Кушевски, В.Д., Мекедонското прашање.. стр. 110-111.

поткрепа на Грција изнесена во заклучоци на "Меморандумот за српското "малцинство" во Грчка Македонија".[42] Таа во српските ставови гледа притисок врз Грција во врска со пругата Солун-Гевгелија, Србите немаат право да интервенираат во врска со националноста на Македонските Словени, а Грците биле во право да го сметаат ова за внатрешно прашање, како и "Посебната подршка на Грците во ова би била согласно со балканската политика на Владата на Неговото Височество, која е: (а) да се зајакне влијанието и престижот на Друштвото на Балканот, и (б) да ја сопре Србија во нејзиното се повеќе борбено расположение." За британската дипломатија е многу важно: "Ако Грците би биле доста луди да постигнат аранжман со Србија, со кој тие ги признаваат Словените во Грчка Македонија дека се Срби, ќе дојде до една неизбежна реперкусија во Бугарија, а старото македонско прашање ќе се здобие со нов живот во момент кога владата на Бугарија изгледа дека добро ја држи ситуацијата во свои раце."

Загрижен да не се "создадат непријатности на Грците" од страна на Франција е и Х. Николсон кога образлага зошто не треба да се прифати бугарскиот предлог за формирање анкетна комисија од Друштвото на народите по повод обвинувањата од страна на Грција, СХС и Романија дека Бугарија испраќа чети за упади на нивните територии.[43]

Настаните околу грчко-српските односи во врска со слободна зона во Солун и прашањето за пругата Гевгелија - Солун, внимателно се следеле од британската дипломатија. Амбасадорот во Белград во своите годишни извештаи посебно внимание посветувал и на овие прашања. Овие прашања, всушност не се поставувани како такви вон едни пошироки интреси. Нивното покренување и решавање е тесно поврзано со односите кои ги имаат во моментот одделните балкански држави и како тие можат да се одразат и на интересите на големите сили. Така, "во почетокот на годината (1923) Грција беше вознемирена од приближувањето меѓу Бугарија и Југославија, до кое дошло под Стамболиски и неуспехот од Југославија да добие смирувачко ве-

[42] PRO FO 371/11337 C 304/102/19 - Memorandum on Serbian "Minoritis" in Greek Macedonia.
[43] PRO FO 371/10667 C 15185/2332/7 - ДАРМ М 1034.

тување во врска со нејзиниот став во случај на обновување на непријателствата меѓу Турција и Грција."[44] Во тој годишен извештај (за 1923 год.) се констатирани и притисоците од СХС врз Грција околу слободната зона во Солун; потпишаните конвенции меѓу Грција и СХС, меѓу нив и за железничката врска Солун-Гевгелија; откупот на пругата од Солун до Врање и од Солун до Лерин и "Грција после непотребните стравови дека зад разговорите во Ниш се крие договор за заедничко пробивање на Југославија и Бугарија на Егејското Море, најпосле здивна, кога со државниот удар во Софија и падот на Стамболиски се заврши српско-бугарското приближување, од кое таа толку многу се плашеше." Интересно е дека и Владата на Велика Британија "се плашеше Србија да не и постави на Грција премногу тешки услови при својата намера да оствари словенска пенетрација кон Егејското Море,[45] а која е загрозена со грцизирање како последица на приливот од Турција, или да не превземе, со евентуално охрабрување од Италија, продор кон Солун."[46]

Дипломатијата на Велика Британија, како и тие на балканските држави, особено внимание посветувале на односите меѓу балканските држави во смисла на следење на секое приближување меѓу некои од нив како загрозување на другите. Во таа смисла британската дипломатија гледа и на подобрувањето на односите и зближувањето на Бугарија и СХС со договорите во Ниш (во времето на Стамболиски), како и на Бугарија и Турција, како опасност за Грција. Британската влада по потпишувањето на гарантниот пакт од Локарно меѓу Германија, Франција и Белгија превзела иницијатива за пренесување на "локарнскиот дух" и на другите делови на Европа, па и на Балканот. Оттука и нејзиниот интерес кон предлогот кој во 1925 година го изнел грчкиот министер за надворешни работи, Рентис, за склучување на еден гарантен и арбитражен пакт на Балканот. Грчкиот предлог предвидувал да го

[44] Avramovski, Z., Britanci.. knj. I, str. 174-175.
[45] Услови поврзани со Слободната зона во Солун ипругата - види: Avramovski Z., Britanci.. str. 236-237.
[46] Од Годишниот извештај за 1924 год.- Исто.. стр. 236-237.

потпишат Грција, СХС, Романија и Турција, а се предвидувало Бугарија да може да му пристапи на пактот подоцна, со тоа што претходно да исполни определени услови кои се сведувале на потврдување на постојните граници. Тука се вклучени и границите исцртани во Македонија, нешто што е став на дипломатијата на Британија.[47] Амбасадорот во Белград во годишниот извештај, меѓу другото ќе констатира дека: "македонското прашање, исто така, би можело да биде пречка во склучување на балкански пакт.."[48]

Во врска со идеите за создавање соодветен балкански пакт во "духот на Локарно" и на Балканот, д-р Живко Аврамовски ги сумира интересите на британската дипломатија на следниов начин: "Политичкото прашање во кое Англија била директно заинтересирана било да се сочува интегритетот на Грција, поради важноста на нејзината стратешка положба во Источното Средоземноморие. Таа, исто така, покажувала интерес да се сочува независноста на Австрија и за Малата Антанта, ама се спротивставувала на создавањето на една профранцуска балканска антанта, бидејќи со тоа премногу би се зајакнала положбата на Франција на Балканот. Оваа политика на Велика Британија на Балканот дошла до израз особено по склучувањето на Локарнскиот гарантен пакт меѓу големите западни сили во 1925 година. Нерешените територијални проблеми меѓу балканските земји добиле вид на остри конфликти, коишто се заканувале да прераснат во вооружени судири. Ова можело да предизвика големи социјални потреси и пребрзано да го зајакне револуционерниот движење, нешто што можело да биде опасно за цела Средна Европа. Во такви прилики дипломатијата на големите сили се ангажирала да се стабилизира ситуацијата со создавање на балкански гарантен пакт. Меѓутоа, овие настојувања немале успех поради несложувањето на интересите на големите сили на Балканот, како и поради спротивностите коишто постоеле меѓу балканските земји. Во ова прашање особено се ангажирала Англија, која настојувала идниот "Балкански Локарно" да го подреди на своето влијание и на тој начин во извесна мерка да ја ослабе француската

---

[47] Аврамовски Ж., Проект балканского гарантийного пакта (1925-1926). Acres du Premier congres international des etudes balkaniques et sud-est europeenes, V, Sofia 1970, p. 170.
[48] Avramovski Z., Britanci .. str. 283-284.

доминација на овој простор, а особено во Југославија. Иницијативата, под англиско влијание, ја презела Грција, бидејќи таа после поразот во војната со Турција и раскинувањето на сојузот со Србија од 1913 година имала најмногу интерес да излезе од политичката изолација на Балканот и да ги зајакне своите позиции. Нејзиниот предлог го исклучувал учеството на Бугарија, Албанија и Турција. Со самото тоа тој рағал нови спротивности меѓу балканските земји и големите сили. Југославија и Романија кои биле повикани да влезат во овој пакт, исто така, не го прифатиле со благонаклоност грчкиот предлог. Југословенската влада инсистирала пред тоа да се расчистат нерешените прашања во југословенско - грчките односи и склучување на билатерален пакт. Овој пакт, меѓутоа, неможел да се реализира поради барањето на југисловенската влада да го добие управувањето со пругата Гевгелија - Солун. Франција го подржувала југословенскиот став и инсистирала и на вклучување на Турција, се со цел да ја оневозможи англиската доминација врз проектираниот пакт. Италија била против јакнењето на француското влијание на Балканот и работела против југословенско-грчкиот билатерален пакт, бидејќи тој претставувал силна брана на италијанскиот продор на Балканот, а особено во Албанија. Поради тоа, таа настојувала да ја ослабне Југославија и обиколи со свои сојузници. За таа цел работела врз зближување на Грција со Турција.. Поради сето тоа проектот за балкански гарантен пакт - Балканско Локарно - неможел да се оствари."[49]

Видовме дека британската дипломатија ги следела склучувањата во 1923 година на повеќе конвенции меѓу Грција и СХС за решавање на неколку отворени прашања (особено околу пругата и Слободната зона во Солун), до чија ратификација не дошло пореди промените во Грција. Во 1926 година во Атина на 17 август, по неколку месечни преговори, потпишани се: политички договор за разбирање и пријателство (како замена на договорот од 1913 година); 4 конвенции за пругата Солун-Гевгелија и Слободната зона во Солун; договори за малцинствата (Конвенција за примена на одредбите за малцинствата од Сенжерменскиот и Севрскиот договор врз српското малцин-

[49] Avramovski Z., Balkanske zemlje..str. 11-12.

ство во Грција и vice versa под покровителство на Друштвото на народите; Конвенција за признавање југословенско државјанство на 450 семејства на грчката територија; размена на ноти со кои се признаваат привилегиите на српскиот манастир Хилендар на Света Гора).[50] За тоа какви биле интервенциите на британската дипломатија околу овие преговори кои долго траеле сведочи амбасадорот во истиот годишен извештај: "Двете страни во взаемните односи покажуваа знаци на мрзоволност и апатија. Владата на Неговото величество, гледајќи со загриженост како нивните погледи се повеќе се оддалечуваат, беше наклонета на двете страни да им препорача спорот за солунската железница и српската слободна зона во тој град да ги доверат на Техничкиот и советодавниот комитет за сообраќај и транзит при Друштвото на народите. Додека Грците беа готови во границите на можностите благосклоно да го разгледаат овој предлог, кај Србите тој не најде добар прием, веројатно поради тоа што претпоставувале дека решението што ова тело би им го препорачало нема да го оствари она политичко влијание коешто го сакаа."[51]

Сепак, до дефинитивно усогласување на односите и решавање на отворените прашања, и покрај силните залагања на В. Британија, дошло дури во пролетта 1929 година (17 март) кога во Женева се потпишани пет протоколи за спроведување на конвенциите од 1923 година.[52] Истата година на 27 март во Белград двете држави ќе потпишат "Пакт за пријателство, мирење и судско расправање помеѓу Југославија и Грција."[53] Британскиот амбасадор во

[50] Avramovski Z., Britanci.., kn. I, str. 369-370 (Spoljni odnosi, 2. Balkan, Grcka), godina 1926.
[51] Исто, стр. 369.
[52] Исто, стр. 599- Годишен извештај за 1929 година.
[53] Balkanski ugovorni odnosi..kn. II, str. 315-323 - Авторот на книгава кон овој документ сметал за потребно да ја даде следнава забелешка: "Во југословенско-грчките односи во претходниот период немало отворени проблеми, само имало несогласувања поврзани со македонското прашање и регулирање на југословенските интереси во Солун (пругата Гевгелија-Солун). Врз подобрувањето на нивните односи влијаела британската политика насочена кон создавање на "Балканско Локарно", но ги пореметувал карактерот на грчко-италијанските односи. Со потпишувањето на овој Пакт за пријателство, мирење и арбитража се надминати проблемите во односите."

Белград, сепак, во годишниот извештај за 1930 година констатира: "Во почетокот на годината, благодарение на решавањето на сите спорни прашања, изгледаше дека грчко-југословенските односи се подобри од било кога. Меѓутоа, откако е склучен грчко-турскиот договор[54] во тоа пријателство се вовлече црвец на сомнеж, иако за него и понатаму се зборува во сите официјални соопштенија. Се верува дека Италија донекаде е заслужна за грчко-турското зближување и дека сега Турција ги нуди своите добри услуги за решавање на грчко-бугарскиот спор. Изјавите на г. Венизелос ја уверија југословенската влада дека Грција нема да се приклучи кон било каква антијугословенска комбинација, иако г. Венизелос, со желба да го ублажи чувството на дефетизам и изолација во која Бугарија се наоѓа, предложи едно прилично чесно решение по прашањето за малцинствата, а кое би придонело за смирување на ситуацијата на Балканот.

Ова решение, за кое г. Маринковиќ[55] разговарал со г. Венизелос при неговата посета на Атина во почетокот на декември, предвидувало Бугарија да се придобие да ги признае своите сегашни граници како конечни, а во замена за тоа Југославија да признае постоење на бугарско малцинство во Македонија и да објави дека француско-југословенската спогодба нема да биде обновена, туку ќе биде заменета со тројна спогодба."[56]

По потпишувањето на грчко-турскиот пакт, грчката и турската влада настојувале да ја придобијат и Бугарија да се приклучи кон пактот, со што тој би станал трипартитен. Турскиот министер за надворешни работи Тефик Ристи Арас пред британскиот амбасадор во Анкара ја развивал тезата, дека со пристапувањето на Бугарија кон овој пакт таа ќе се ослободи од стравувањата за своите две граници и "би била во состојба да пријде кон прашањето за дефинитивна спогодба со Југославија во еден либерален и широкоград дух.

[54] Прво во Анкара на 10 јуни 1930 г. е потпишана "Конвенција помеѓу Грција и Турција за конечно решавање на прашањата кои произлегуваат од примената на Договорот од Лозана и спогодбата од Атина во врска со размената на население" - Balkanski ugovorni odnosi kn.II, str. 332-342., а потоа пак во Анкара на 30 октомври 1930 година Договор за пријателство, неутралност и арбитража помеѓу Грција и Турција". - Balkanski ugovorni odnosi.. kn. II, str. 344-350.

[55] Министер за надворешни работи во југосленската влада.

[56] Avramovski Z., Britanci.. kn. I, str. 654.

За да би можело тоа да се реализира, Арас сметал дека претходно требало да се создадат два предуслови: 1. Македонскиот народ да добие апсолутна слобода за да може сам да одлучи на која држава сака да и припадне и 2. Дека дефинитивно требало да биде раскината спогодбата или сојузот помеѓу Југославија и Романија, за кој Бугарија верувала дека бил насочен против неа. Грчкиот амбасадор во Анкара, Полихрониадес, кој пред тоа бил амбасадор во Белград и важел како добар познавач на приликите во Југославија, истотака, во една прилика на англискиот амбасадор му зборувал за напорите на грчката и на турската влада да создадат трипартитен пакт со Бугарија, со што би била создадена јака сила за сочувување на мирот во источниот Медитеран."[57]

Се развиле повеќе дипломатски активности и на турската и на грчката дипломатија во смисла на привлекување на Бугарија во пактот. Во Женева во Друштвото на народите (пред Е. Драмонд и директорот на Секцијата за малцинства при Друштвото на народите, Аскарат Флорез) настапил тускиот министер Арас, а во Лондон грчкиот амбасадор Политис изјавувал "дека грчко-турскиот пакт бил само чекор кон општа спогодба и дека Грција се надевала дека ќе се постигне спогодба и со Бугарија." Од своја страна Венизелос и јавно преку "Тајмс" во интервју изнесол увереност во можноста да се оствари балкански пакт откако Бугарија ќе се приклучи кон пактот на Грција и Турција, сметал дека главните разлики во грчко-бугарските односи ќе може да се преминат. Приклучувањето на Југославија кон овој трипартитен пакт, според Венизелос, би станало со услов "југословенската влада да го признае постоењето на малцинство во Македонија, а бугарската влада да ги признае границите како дефинитивни. Тој, меѓутоа, сметал дека југословенската влада не морала безусловно да именува за какво малцинство се работело, туку македонските Словени да ги признае како расно малцинство, односно да констатира дека нивните културни и религиозни барања биле понешто поразлични од српските, хрватските и од словенечките и дека требало да

[57] Аврамовски Живко, Британската дипломатија и македонското прашање (1929-1930).- во: Прилози за Илинден, III, Скопје, 1979, стр. 419.

бидат задоволени. Тој додал, дека ги увидувал тешкотиите што стоеле на тој пат, како што биле влијанието на ВМРО во Бугарија, длабоко вкоренетите аспирации на Бугарите кон Македонија, и од друга страна, крајната крутост на српскиот став спрема Македонија, но сепак се надевал дека ќе можело да се постигне напредок, и изјавил, дека за тоа ќе разговара со југословенскиот министер за надворешни работи Маринковиќ и со крал Александар."[58]

Видовме дека британскиот амбасадор во Белград бил запознат со разговорот што го имал Венизелос со Маринковиќ. За таа средба и острото реагирање на југословенскиот министер известил и британскиот амбасадор во Атина, Ремзи, кој бил "известен дека на Венизелос едвај му пошло од рака да го смири Маринковиќ, тврдејќи дека Југославија не мора да го признае постоењето на бугарското малцинство, но дека Грција и Југославија би требало да го признаат постоењето на словенското малцинство во своите земји, бидејќи тој во Женева би изгледал смешен кога би тврдел дека во Грција не постои словенско малцинство."[59]

Венизелос на овие прашања инсистирал и во 1931 г. Така британскиот амбасадор од Белград во годишниот извештај за таа година го констатирал следново: "Односите меѓу двете земји (Грција и Југославија - заб. С.Г.-Ј.) беа пријателски и меѓу нив немаше инциденти. Сепак, постои одредена опасност г. Венизелос со неговата желба да го унапреди балканското единство и ги подобри грчко-бугарски односи, да ја повреди чувствителноста на Југословените. Во еден разговор со амбасадорот на Неговото Величество во Атина, во м. април, тој изјавил, дека би сакал, откако со Бугарија ги среди сите отворени финансиски и економски прашања,[60] на последнава да и приреди задоволување со тоа што би го признал постоењето на нејзино малцинство во Грција, под услов Бугарија официјално да ги признае како дефинитивни нејзините сегашни граници со Грција. Малцинството за кое станува збор е кон-

---

[58] Исто, стр. 422.
[59] Исто, стр. 423.
[60] До средување на овие прашања дошло по потпишувањето во Женева на 9 декември 1927 год. "Финансиска спогодба помеѓу Бугарија и Грција за процдурата врз основа на која ќе биде обештетено разменетото население, и за решавање на долговите коишто врз основа на ова

центрирано во област близу до југословенска Македонија, прилично далеку од Бугарија. Доколку, значи, г. Венизелос би го признал тоа малцинство како бугарско, таквата одлука несомнено, длабоко би ја повредила Југославија. Меѓутоа, треба да се верува дека неговата намера е Македонците, за кои станува збор, да ги признае како словенско малцинство, во кој случај југословенската влада, природно, не ќе може да упати отворен приговор."[61]

Предлозите изнесувани од Венизелос и од турскиот министер за надворешни работи биле анализирани во британското министерство за надворешни работи во одделен меморандум за македонското прашање составен од дипломатот Балфур. Постоело и сомневање во мотивите што ги терале да ги изнесат нивните предлози, што ги искажал во одделна белешка Орме Серџант,[62] бидејќи се надзирале и интереси на Италија вперени против Југославија. И во меморандумот на Џон Балфур се откриваат сеуште недефинирани ставови на британската дипломатија во поглед на македонското прашање, за кое "Балфур сметал, дека било премногу рано да се претпоставува дека македонското прашање нема да биде решено." Врз основа на овие оценки "британската влада одлучила да се воздржи од давање совети на Белград или од подршка на предлогот на Арас и на Венизелос, а вниманието да го концентрира на отклонувањето на тешкотиите што стоеле на патот на подобрување на грчко-бугарските односи. Таа советувала и на грчката и на бугарската влада да ја прифатат спогодбата за арбитража за нерешените прашања, со што би се отворил пат за политичка спогодба помеѓу нив со што пак би се помогнало за општо попуштање, а македонското прашање да се остави да мирува."[63] Сугерираното склучување на политичка спогодба помеѓу Грција и Бугарија до Втората светска војна не се остварува, дури и во Балканскиот пакт, на кој ќе се осврнеме подолу, Бугарија не е член.

---

ќе ги имаат двете влади", а ратификуван од двете влади во првите месеци на 1929 година. - види: Balkanski ugovorni odnosi, kn. II.. str. 281-286.

[61] Avramovski Z., Britanci.. knjiga druga (1931-1938), str. 20.

[62] Аврамовски Ж., Британската дипломатија и македонското прашање.. стр.424.

### 3. Влијанието врз Бугарија и бугарско-југословенските односи

Македонското прашање е во значителна мерка присутно и во односите меѓу Велика Британија и Бугарија по Првата светска војна. Во Бугарија биле присутни британски воени единици и воена мисија врз основа на потпишаниот мировен договор. Британската влада во јануари 1920 год. во Софија испраќа Висок комесар за Бугарија, сер Херберт Гај Деринг (Sir Herbert Guy Dering). Во Парламентот во Лондон во м. април 1920 год. на одделни сесии разгледуван е Мировниот договор од Неј, при што се искажувани мислења и околу решенијата во врска со Македонија. Така, на 23 април 1920 г. во Домот на лордовите висконтот Брајс (Viscount Bryce) осврнувајќи се на Договорот и мотивите кои воделе истиот да биде таков, искажува значителни резерви во поглед на применетите принципи, како принципот за самоопредувањето, а и за тоа што може да се очекува од Друштвото на народите. Во неговото излагање поголем дел е со наслов "Македонска автономија". Искажува дека со патувањата во Македонија имал можности да го проучува и карактерот на населението. Смета дека е населена со Бугари и не се согласува таа да и припадне на Србија. Секако, на Бугарија како на непријател од војната не може да припадне: "Ова е силен аргумент кој во целост го прифаќам. Но, имаше и друга насока, насока, која според гласини, била предложена и разгледувана на Конференцијата, а која, секако, и била подржана од некои сили на Конференцијата. Таа насока беше да се направи Јужна Македонија автономна; да се оформи од неа одделно Кнежество, некој тешко би ја нарекол Држава и на тој начин да се извлече од управата на Србија. Таа нема потреба да биде соединета со Бугарското кралство... За несреќа оваа насока не беше прифатена и тоа е многу за жалење. Создадовме не само Австрија Иредента во Тирол туку и Македонија Иредента на Балканот. Ова го велам без чувство на приврзаност кон една страна. Мислам дека должност е на еден Англичанец да не биде приврзан меѓу овие земји, како во поглед на Србите, Македонците, Грците, Бугарите или Романците." Укажал дека Србија добила како награда

[63] Исто, стр. 425-426.

премногу и може да се откаже од Македонија. Се осврнал и на неправдите направени со мировните договори во минатото, за да заклучи: "Ова не е мир што го очекува народот на Британија, а тоа не е и мирот очекуван од пореметениот свет."[64]

Во Долниот дом на Парламентот на 14 април 1920 год. и полковникот Малон (Colonel Malone) во своето излагање сугерирал "дека би било подобро на Македонија, или на дел од неа, да и се признае комплетна автономија и да се употреби влијанието на Друштвото на народите да донесат зближување меѓу Србија и Југославија и народот на Бугарија."[65] Сомневање во "трајноста на решенијата коишто биле донесени за Македонија" искажал и лордот Роберт Сесил (Lord Robert Cecil).[66] Во Домот на лордовите во врска со Нејскиот мировен договор се искажале дури седум члена. Наведеното искажување на висконтот Брајс е најопширно во поглед на Македонија.[67]

Александар Стамболиски како претседател на владата на Бугарија посветил особено внимание на придобивање наклоноста на Велика Британија. За таа цел во м. октомври 1920 година престојувал во Лондон и имал средби со значајни личности од политичкиот живот, со премиерот Лорд Џорџ и повеќе министри и високи дипломати. Се разговарало за повеќе прашања, како што се: приемот на Бугарија во Друштвото на народите за кое добил поткрепа; односите меѓу двете земји; помош на Бугарија да воспостави соработка со соседните земји; прашањето за излез на Егејското Море; заштитата на малцинствата во Југославија, Романија и Грција; можност за ревидирање на мировниот договор и др. "Иако многу срамежливо, Стамболиски го поставил пред лордот Карзон прашањето за автономија на тој дел од Македонија

---

[64] The Complaints of Macedonia. No 4-5-6, . str.568-570.

[65] Исто, стр. 573-574.

[66] Topalov Vladislav, Restoration of Anglo-Bulgarian diplomatic relations after World War One (November 1919 - December 1920) .- in Etudes Historique, XII, Sofia, 1984, p. 119.- Авторот се задржува и на сите излагања во двата дома на Парламентот во врска со Мировниот договор од Неј, при што поопширни изводи дава од излагањето на висконтот Брајс. - стр. 119-124.

[67] Џејмс Брајс, 1-в висконт (1838-1922). Истакнат член на Либералната партија. Бил сметан како голем авторитет по македонското прашање и "најголем бугарофил" меѓу англиската аристократија. - Topalov Vl., Restoration.. p. 122-124 i 140.

којшто беше вклучен во границите на Југославија. Државниот секретар за надворешни работи одговорил во смисла дека е сеуште многу рано да се зборува за амандмани кон Нејскиот мировен договор."[68] Во бројните интервјуа дадени во Лондон, Стамболиски ги истакнувал како најзначајни прашањата за воспоставување трајно пријателство со Британија и постигнување разбирање со соседите. Меѓу своите пробритански изјави дадени и пред британските личности во Лондон, тој пред "лордот Карзон отишол толку далеку што изјавил верување дека Велика Британија ќе најде прилика да ја употреби Бугарија како инструмент на својата политика на Блискиот Исток, какошто неодамна тоа го направи со Грција."Од британска страна добил неколку пати препораки за поблиски односи со Грција.[69]

За владата на Стамболиски (БЗНС - Бугарски земјоделски народен сојуз) од особено значење било кај големите сили да најде поткрепа во решавањето на проблемите настанати со огромниот број на бегалци во Бугарија, како од Македонија, Тракија и Добруџа, така и Белогардејци. Погоре изнесовме за некои чекори превземени од Стамболиски на Меѓународната конференција во Џенова. Тука, како и на Меѓународната конференција во Лозана (за мировен договор со Турција) и пред Конференцијата на амбасадорите во Париз, се барало, меѓу другото, да се овозможи на бегалците да се вратат во своите домови. Ова барање, како и петициите поднесувани во Друштвото на народите, не наишло на поткрепа од британската дипломатија.[70]

Владата на Стамболиски, благодарение на силната поткрепа од Британија, издејствувала Бугарија да биде примена за член на Друштвото на народите уште на Првото генерално собрание, кое отпочнало со работа на 15 ноември 1920 година, со што таа е првата држава од победените во Првата светска војна која станува член на оваа нова значајна меѓународна организа-

---

[68] Topalov Vl., Restoration.. p. 128-134.

[69] Исто, стр. 129. Подетално врз посетата на Стамболиски на Лондон Владислав Топалов се задржува во прилогот: Посещението на Александър Стамболийски във Великобритания, во: Изследвания по българска история. 3.- Външната политика на България (1879-1944), Софија. 1978, стр.267-302.

[70] Косатев Тодор, Политката на Правителството на Българския земеделски народен съюз по бежанския въпрос (1919-1923).- во: Известия на Института за история, XXVI, БАН, София 1983, стр. 68-69.

ција во која често ќе се најдат поставувани и прашања од интерес за македонскиот народ. Околу самиот прием пресудно било ангажирањето на лордот Роберт Сесил. "Грција, СХС и Романија (кои силно се спротивставувале на приемот - забелешка - С.Г.-Ј.) ја прекинале својата опозиција не како последица на некаков вистински прелом во нивните сфаќања по прашањето за влегување на Бугарија во новата меѓународна организација, туку под притисокот на британската дипломатија и настојувањето на повеќе држави членки на ДН да му се придаде универзален карактер." Несомнено, овој прием имал повеќестрано значење за самата Бугарија: обезбедување на територијалниот интегритет; излегување од меѓународната изолација и можност на еден светски форум да ги брани и застапува своите интереси.[71]

Во врска со македонското прашање и ставовите на Стамболиски кон него регистрирани се неговите изјави во Женева кога оди за Париз на Мировната конференција, на која, како што изјавил "бугарската делегација ќе се бори за автономна Македонија, а дури ако тоа не успее- за давање автономни права на македонското население во состав на СХС."[72] Познати се и неговите убедувања за создавање на јужнословенска федерација во која би била вклучена и Бугарија, како и неговите напори за зближување со соседните држави, посебно со СХС во која гледа природен сојузник. Неговите сфаќања и дејствување наидуваат на отпор и тешкотии што ги причинуваат неговите внатрешни непрјатели, меѓу кои и неоврховистичката ВМРО на Алаксандров и Михајлов, како и соседните држави кои се плашат од покренување на реваншистички барања, или имаат уште некои претензии кон Бугарија.

Кон Бугарија извесни непријателски чекори соседите Грција, СХС и Романија презеле при разгледувањето молбата за прием во Друштвто на народите во 1920 година. Во 1921 година со слични и некои нови обвинувања истите соседи до Софија испраќаат колективна нота со која бараат владата

[71] Топалов Владислав, Приемането на България в Обществото на народите.-во: Известия на Института за история, XXVI, БАН, София 1983, стр. 80-116.
[72] Аврамовски Ж., Некои аспекти.. стр.75-76.

на Бугарија да го спречи упадот на чети од нејзината територија на нивните територии и да ја контролира активноста на македонските организации уперена против нив.[73] Истовремено, јавно се искажувани и воени заканувања од Белград. Можноста сите овие настани да доведат до нестабилна ситуација на Балканот, особено кога спорот стигнува и до Конференцијата на амбасадорите во Париз, ја активираат британската дипломатија поблиску да се запознае со суштината на спорот и да интервенира. Оценка на британското министерство за надворешни работи била, дека навистина постои опасност од воени интервенции поради што и уследила интервенција во Белград со предупредување дека "окупирањето на допунски бугарски територии нема да биде толерирано", а во Софија "бугарската влада да биде спокојна бидејќи во случај на агресија ќе ги задолжат Србите да ги повлечат војските". Владата на Стамболиски итно реагирала на колективната нота од трите соседи со нота на 13 април при што побарала и меѓународна анкетна комисија за да ја утврди вистинската состојба. Вакво барање поставила и со втора нота на 13 мај, откако немала одговор од соседите на нотата од април, и тоа до големите сили. Формирањето на меѓународна анкетна кимисија значело можност во СХС и Грција да се открие насилничката денационализација и асимилизација врз македонското населени, што никако немогле да го прифатат, а и за големите сили покренувањето на ова прашање не било посакувано поради реакциите на нивните сојузници. До формирање на ваква комисија, преку која пред светската јавност повторно би се покренало македонското прашање, е

---

[73] Колективната нота на бугарската влада и била предадена на 11 април 1921 г. Нејзе и претходели неколку упади на чети, големи манифестации во Бугарија на кои се истакнувале барањата за примена на малцинските права во Македонија и враќањето на бегалците и барање на ревизија на мировниот договор, додека во СХС министерот за внатрешни работи Драшковиќ пред печатот давал изјави "дека постоењето во Македонија состојба на несигурност и немири не може повеќе да се трпи. Ги повикал сите илегалци да се предадат на властите, коишто ќе покажат добра волја кон нив. Во случај овој повик да не биде чуен, владата ќе испрати во областа дополнувања на војската и жандармеријата и "летечки одреди", со кои ќе дејствува како во окупирана територија - побунетите ќе биват убивани, блиските им интернирани и цели села опустошени." - Василев В., Правителството на БЗНС.. стр. 82. Се појавиле и гласови "дека ако бугарската влада не превземе мерки против комитите и не ги извршува своите задолженија според мировниот договор, ќе се наметне окупирање на некои бугарски погранични територии."- Исто, стр. 83.

избегнато со одговорите на британската дипломатија, дека ќе учествуваат во таква комисија ако се согласи и Франција, а француската дипломатија се повикува на британската. Сé се завршува со интервенции во Белград да пројави извесна умереност.[74]

Интересот на британската дипломатија бил свртен и кон преземените контакти на Стамболиски со Советска Русија и Ќемал Ататурк во Турција. Сепак, ги заинтересирал и предметот на тајните разговори меѓу Н. Пашиќ и бугарскиот министер Димитров. Преку српскиот амбасадор во Софија, Ракиќ, Лондон дознава, дека меѓу нив се разговарало и за тоа "дека непријателството меѓу двете земји ќе го снема само тогаш кога ќе се создаде јужнословенска федерација, со вклучени како автономни единици Бугарија и Македонија. Покрај тоа, била постигната согласност во принцип, при поволни услови, двете земји да соработуваат Солун да го добие Кр. СХС, а Дедеагач Бугарија. Оваа тема била предложена и од самиот Стамболиски, кој кога го посетил Ракиќ во претставништвото изјавил, дека ако Белград помогне при разрешувањето на тракиското прашање согласно со бугарските национални интереси, тој како министер-претседател ќе направел се што е можно Бугарија да влезе во јужнословенската федерација."[75] Секако, В. Британија ваквите опасности да се појават словенски држави на Егејското Море не би можела да го дозволи и со недоверба ќе гледа на можното зближување на Бугарија со СХС.

Во претходната глава посветена на Друштвото на народите поопширно се задржавме и на Меморандумот што Стамболиски лично го составил и поднел на Меѓународната конференција во Ѓенова, а бил предмет на разгледување во Советот на Друштвото.[76] Тука само би напомнале дека ова ја предизвикало и втората колективна нота од владите на Грција, СХС и Романија,

[74] Василев В., Правителството на БЗНС.. стр. 82-89 врз основа и на британски дипломатски извештаи дава поопширен приказ на овие настани, додека врз основа, пред се на српски извори, кус осврт на нив прави и Todorovic Desanka, Jugoslavija i balkanske drzave..str. 105-111.
[75] PRO,FO 371/5800, p.8, No 246, 6.VII.1921; НБКМ, БИА, f. 324, a.e. 1. L.2104-2105. - Цитирано според Василев В., Правителството на БЗНС.. стр. 94-95.
[76] Конференцијата во Ѓенова и активностите на бугарската делегација, советот на Лојд Џорџ на Стамболиски за однос кон Советска Русија, ставот на југословенската делегација и др. сл. се разгледувани и од д-р Д. Тодоровиќ - Todorovic D., Jugoslavija i balkanske..str. 159-163.

со обвинувања дека Бугарија го помага испраќањето чети на нивната територија. Изнесовме и колкаво внимание британската дипломатија посвети на овие настани. Таа настојувала од разни извори да ја дознае што подобро вистинската положба во Македонија, па во тие рамки дошло и до средба меѓу британскиот воен аташе во Софија и Александар Протогеров при што последниот "постојано спомнувал дека на македонската организација целта е да ја приклучи Македонија кон Бугарија, опфаќајќи го и Солун, дека тоа и одговара и на британската политика на Балканот, а сето тоа го зборувал со цел да добие британска подршка за своите планови."[77]

Секако, дека британската дипломатија ги следела не само односите меѓу Бугарија и СХС, туку посебно внимание посветувала и на внатрешната состојба во двете земји, при што положбата во Македонија и активностите на македонските организации и четничките акции на извесен начин претставувале опасност од поголеми немири на Балканот и меѓусебни конфронтирања на балканските држави. Настојувањата на британската дипломатија прво да се среди ситуацијата на Блискиот Исток (конференцијата во Лозана), оделе паралелно со будно следење на односите меѓу балканските држави и создавањето на извесни блокови меѓу нив, заедно со влијанието на двете останати големи сили Франција и Италија. Одржувањето на конференција на мешовита бугарско-југословенска комисија во Ниш во м. март 1923 година, а до која дојде по предлог на Стамболиски даден во Белград при неговата посета во м. ноември 1922 година, е една од настаните за која британската дипломатија имала интерес.[78]

[77] PRO, FO 371, Bulgaria, 7374, 46, 10.V.1922.- Според Тодоровиќ, исто стр. 165 - која се задржува и на колективната нота и југословенскиот став..

[78] Иако предлогот бил даден кон средината на ноември 1922 г. таа во Ниш отпочнала со работа дури на 1 март 1923 година и завршила на 17 март и.г. Истата своите аклучоци ги формулирала во неколку резолуции (донесени на 2, 3, 12, 15 и 17 март) а сите тие заедно ја формираат "Нишката спогодба". Во поглед на Македонија индикативен е составот на преговарачите. Од бугарска страна делегацијата ја сочинувале три генералштабни полковници:Стефан Нојков, Александар Давидов и Јосиф Петров. Во делегацијата на СХС биле: Живоин (Жика) Лазиќ; Драгутин Ристиќ, Богољуб Илиќ, Велимир Прелиќ и Милевој Милчиќ. За меѓународната ситуација при одржувањето на Нишката конференција повеќе согледувања најдовме кај Аврамовски Ж., Некои аспекти.. стр.75-87. Тодоровиќ Д. во својата дисертација на овие прашања посвети одделна глава: Todorovic D., Jugoslavija i balkanske drzave .. str. 191-206 (III Jugoslovensko-bugarski odnosi krajem 1922. I pocetkom 1923 (Sporazum u Nisu).

Британците располагале со податоци дека Французите особно се ангажирале за зближување на СХС и Бугарска. Тие знаеле дака бугарскиот генерал Савов, амбасадор во Париз, му сугерирал на Стамболиски, при неговиот боравок во Лозана, со Србите да постигне компромис: да им ја препушти Македонија, сметајќи дека ќе престанат и српско-бугарските натегања, да им го дозволи спуштањето кон Солун, во возврат од Франција, Чехословачка и СХС да добие гаранции за своите територијални претензии во поглед излегување на море кај Дедеагач.[79]

Во дипломатските кругови во Софија во врска со ова се ширеле разни гласини. Така, југословенскиот амбасадор Милан Ракиќ на конференцијата во Ниш гледал со извесна резерва во поглед на ефикасноста во обезбедувањето на границата. Кај него британскиот амбасадор Виљам Ерскин (William Erskine) се распрашувал за карактерот на спогодбата, особено дали е вклучена војна конвенција.[80] И грчкиот и романскиот амбасадор во Софија на британскиот амбасадор изнесувале, наводно сигурни податоци за тајна бугарско-југословенска спогодба. Сите анализи правени во британското министерство за надворешни работи укажувале на тоа дека настаните во Бугарија и во СХС и околу Нишката спогодба не оделе во интерес на В. Британија. Со резолуциите кои ја сочинуваат "Нишката спогодба", утврдени се взаемни мерки што имале за цел нормализирање на односите на границата и оневозможување на упадите на терористичките чети на автономистите на територијата на Вардарска Македонија. Во својот годишен извештај за 1923 г. британскиот амбасадор од Белград изнесува поблиски податоци за постигната спогоба во Ниш.Тој ќе констатира:

"Еден од резултатите од посетата на господинот Стамболиски на Белград во ноември 1922 година бил и спогодбата за воспоставување заедничка комисија којашто би ги разгледувала прашањата помеѓу Бугарија и

---

Секако и Васил Василев во неговата обемна книга за "Правителството на БЗНС, ВМРО и българо-югославските отношения.. со одделен поднаслов "Нишката спогодба"прави анализа за спогодбата, владата и ВМРО ( стр. 256-275).

[79] PRO, FO 371 Turkey, 8569, 215 - 17.III 1923.

[80] PRO, FO 371 Bulgaria, 8559, 12, Sofia 19.III.1923.

Србија. Првата работа што требало да биде земена во предвид била средувањето на проблемите со границата, а кои произлегувале од упадите на македонските банди. Во почетокот на март во Ниш се состанала комисија составена во прв ред од воени власти и службеници на јавната безбедност. Кон крајот на месецот дошло до спогодба за која се воспостави дека и покрај гласините од грчки извори за сеопфатни аранжмани, претставува збирка на прилично обопштени резолуции, без поголем домет."[81]

Бугарската влада овие резолуции ги доставила до Друштвото на народите, а тие се: 1. Зајкнување на стражите на границата; 2. Дозвола на патролите да ја минуваат граничната линија и да се разменуваат информации, воспоставување на телефонски линии, чистење на граничната линија од шума, регулирање на движењето на сопствениците на пограничните имоти; 3. Од близината на границата да се отстранат сите бегалци и дезертери, како и сите службеници кои учествувале во дејноста на револуционерните комитети, взаемно екстрадирање на сите лица што се кривично гонети до склучувањето на конвенција за екстрадиција. Бугарската влада го примила на знаење српското барање за прогонување на сите поединци коишто и припаѓаат на македонската револуционерна организација и ветува да го разгледа; 4. Српската делегација го прима на знаење бугарскиот предлог српската влада да издаде општа амнестија за сите политички злосторства и да им дозволи на поединците коишто направиле такви дела да се вратат во своите домови, и тие тој предлог ќе го поднесат до својата влада; 5. Зајакнување на јавните власти во околиите во позадината на опасната зона, за да се оневозможи организирање на банди.[82]

"По потпишувањето на Нишката спогодба која ветуваше да го неутрализира македонското прашање и со тоа да го отстрани основниот југословенско-бугарски спор, продолжи процесот на југословенско-бугарското зближување. Бугарската влада веруваше дека брзо и ефикасно ќе ги ликвидира сите терористички групи пред да се пристапи кон втората фаза на југсловен-

[81] Avramovski Z., Britanci.. str. 172.
[82] Исто .. стр. 172-173.

ско-бугарските преговори."[83] Наредната фаза, секако, биле преговорите за евентуална југословенско-бугарска федерација за која Стамболиски толку често зборувал, а за што посебен интерес пројавувала и британската дипломатија.[84]

Владеењето на БЗНС и Александар Стамболиски завршува со државниот удар извршен во ноќта на 8 и 9 јуни 1923 година организран од граѓанската опозиција, Воената лига, Здружението на резервните офицери, националистичкото друштво "Кубрат", активно потпомогнати од неоврховистите на Тодор Александров, кои ја одиграле и неславната улога на џелати на Стамболиски и на други видни првенци на БЗНС. [85]

Британската дипломатија после воениот удар од 9 јуни зела став на немешање и би се вознемирила ако би настапила покомпликувана ситуација со претпоставка да избие граѓанска војна. Во една белешка Харолд Николсон дал јасна слика кои биле учесниците: против Стамболиски биле Македонците поради спогодбата од Ниш, буржуаските партии- поради аграрното законодавство, и буржуаските офицери - поради отпуштањата од војската и создавањето на вооружената зелена гарда. Со други зборови, сите јаки актери, подготвени војнички и политички, поврзани со ситнобуржоаските елементи во градовите, наспроти масите на неуките земјоделци и неорганизираната така наречената селанска војска и наспроти работничката класа и Комунистичка-

---

[83] Аврамовски Ж., Некои аспекти.. стр. 81.

[84] Todorovic D., Jugoslavija i balkanske drzave.. str. 202-203. Во македонската историографија односот на БЗНС и Стамболиски кон македонското движење, посебно кон автономистичката ВМРО на Тодор Александров и однсот на последниов посебно во спречување на зближувањето меѓу Бугарија и СХС и учеството во јунските и септемврските настани во Бугарија во 1923 година го имаат привлечено вниманието на повеќе автори. Види: Златна книга- 100 години ВМРО, Скопје 1993, стр.165-167.

[85] За односот на британската дипломатија кон Стамболиски искажно е следново мислење: "Во последно време, Стамболиски се повеќе важел за државник ориентиран кон Франција. Дали неговата политика и пречела на Англија- тоа е дискутабилно. Невешт во дипломатските контакти и не настојувајќи да ги усоврши, без префинетите манири на европски дипломат- често бил изложен на англиски замерки, само не бил баш несакана личност. Англичаните секогаш се изјаснувале дека се за мир на Балканот, сепак е прашање дали биле и за бугарско-југословенска тесна соработка каква што сакал Стамболиски. Во надворешната политика, лавирањето на Стамболиски меѓу силите, барањето на заштитник и честото менување на премногу неискрните заштитници - создавал впечаток на нестабилност. Секоја од силите мислела за свое поголемо анагажирање, за своја поголема полтичка и економска корист, пласирање на својот капитал врз основа на една сигурна основа и со зрел режим." - Todorovic D., Jugoslavija i balkanske drzave .. str. 219.

ката партија која тие денови останала пасивна.[86]

До државниот удар во Софија во 1923 година македонското прашање сеуште немало таква острина и негативно влијание врз бугарско-грчките и бугарско-српско-хрватско-словенечките односи, какви што ги стекна во наредните години и поради тоа не е на преден план во согледувањата на британската дипломатија. После првите повоени години нејзиното внимание на Балканот е сконцентрирано главно околу дефинитивното доделување на Западна Тракија на протежираната од неа Грција и околу вознемирувачкиот за Британската империја развој на настаните во Турција.

Настаните во Бугарија во втората половина на 1923 год. во годишниот извештај на британскиот амбасадор во Белград се гледаат пред се во врска со односите меѓу двете соседни земји. Владата на Александар Цанков настојувала да покаже дека ги продолжува добрите односи со СХС и другите соседи, оттука и доаѓа до продолжување на работата на заедничката комисија. Истата се остварила дури кон крајот на годината откако настаните во септември биле една од пречките порано да дојде до таква средба.[87] Изнасајќи ги постигнатите резултати од ова средба, британскиот амбасадор констатирал: "Меѓутоа, малку се напредувало по важното прашање за мерки што бугарската влада треба да ги преземе за сузбивање на македонските комитски организации во Бугарија. Било судено ова прашање да порасне до огромни размери во почетокот на оваа година."[88]

Појавата на уфрлање чети од Бугарија во вардарскиот дел на Македонија отпочнала организирано во пролетта 1920 година со цел да се оневозможи брзото консолидирање на режимот на Кралството на СХС и да се сврти

---

[86] Todorovic D., Isto str. 221.

[87] Амбасадорот известил: "Веќе подолго време српската влада изјавуваше дека има информации како македонските комитети подготвуваат изненадни напади врз широка основа кон средината на септември.. Поради тоа превземени се широки воени одбрамбени мерки на границата, вклучувајќи и формирање на српски чети со доброволци. До бугарската влада се упатени предупредувања во кои се укажувало на нејзината сериозна одгворност доколку би дошло до навлегување на чети. Во Софија се појавила страхување дека српските единици би можеле да извршат инвазија на бугарската територија доколку би се дошло до инцидент." - Avramovski Z., Britanci.. str. 173.

[88] Исто.. стр. 174. - се мисли на 1924 година.

вниманието на европската јавност на нерешеното македонско прашање и предизвика евентуална интервенција на големите сили.[89] Во почетокот на 1924 година во Белград бил присутен стравот од поголеми навлегувања на чети и предизвикување на поголеми немири во Вардарска Македонија во која смисла пред британскиот амбасадор во Белград интервенирал и кралот Алакесандар.[90]

Во почетокот на 1924 година покрај засилените упади на чети од Бугарија во Вардарска Македонија, во Лондон новата влада ја формира Лабуристичката партија на чело со Џејмс Ремзи Макдоналд, а во која биле вклучени лордот Ноел Бакстон и генералот Томпсон, познати со своите ставови, кои внесуваат загриженост во Белград и извесно охрабрување во Софија. Оваа влада во кусиот период на нејзиното опстојување, од јануари до ноември 1924 година, сепак, не ќе промени нешто битно во поглед на македонското прашање, а со враќањето на Конзеравтивната партија, во чија влада е ерлот Карзон, познат како еден од креаторите на британската надворешна политика во периодот 1915 - јануари 1924 год., британската дипломатија кон македонското прашање ќе обрне повеќе внимание настојувајќи да следи една зацртана линија, кон која ќе се држат и владите на лабуристите подоцна.[91]

Дипломатијата на В. Британија во врска со упадите на четите извршува притисок врз владата на Ал. Цанков во Софија, со тоа што на 22 февруари 1924 година, британската влада на својот претставник во Софија дала налог "кај бугарската влада да изрази најсериозни укажувања дека не ќе може да смета на надворешна подршка" ако не ги спречи активностите на четите. "Овие укажувања најпосле го предизвикале саканото дејство, иако бројните апсења на македонските водачи во Софија во Белград се оценети дека немаат никакво вистинско значење."[92] Амбасадорот, меѓу другото, констатира дека меѓу владите се разменети "неколку горкасто-сладуњави ноти во врска со

[89] Види повеќе во Златна книга - 100 години ВМРО.. стр.160-161.
[90] Vasilev Vasil A., Great Britain and the Macedonian Question 1923-1931.- in: Etudes Historiques, Tome XII, Sofia 1984, p. 202.
[91] Василев В., Великобритания и македонският въпрос 1924-1929).. стр.22-23.
[92] Avramovski Z., Britanci. Kn.I..str.229. vidi i: Vasilev V.A., Great Britain and the Macedonian Question.. p. 203.

заедничките акции против четите и бугарските убедувања, но облаците постепено се растераа под притисокот на британскиот претставник.."

Во 1924 година британската дипломатија, во рамките на нејзиното интензивно следење на болшевистичката опасност во Европа, обрнала посебно внимание на комунистичките активности во Бугарија и Кралство на СХС. Во Бугарија во септември 1923 год. било неуспешното комунистичко востание, а постојано се очекувала и појава на немири организирани од земјоделците. Поради тоа, "во почетокот на август 1924 година британската влада им наложи на своите преставници во Софија и Белград да јават за значењето што го придаваат двете земји на опасноста од болшевистичко востание во Бугарија."[93] За интересот кон поврзаноста на македонското револуционерно движење со руските болшевици кај Британците наоѓаме и во документи изработени врз основа на нивните разузнавачки служби. За нив не останале непознати во 1922 година посетата во Берлин на Протогеров и разговорите што ги имал со Чичерин,[94] срдечните односи со Раковски[95] при одржувањето на конференцијата во Ѓенова и продолжување на нивните разговори потоа во Рим. Одделно е обрнато внимание и на изјавите на Протогеров во врска со односите со Москва што ги имале и тој и А. Стамболиски, бидејќи "и двајцата сфатиле дека тие следат иста политика во однос на болшевиците, и наскоро ќе бидат соочени со алтернативата за доаѓање до спогодба или да работат еден против друг во Москва."[96]

Активностите на Третата интернационала на Балканскиот Полуостров привлекувале внимание и на британскиот печат во рамките на опасност по мирот. Кон еден таков натпис во "Тајмс" од 9 март 1925 година во која се раз-

---

[93] Avramovski Z., Britanci.. kn. I. . str. 231.

[94] Чичерин Георгиј Василевич (1872-1936), учесник во руското револуционерно движење, од мај 1918 до 1930 народен комесар за надворешни работи на РСФСР (од 1923 г.-СССР).

[95] Раковски Христијан Георгиевич (Георгиев Станчев Крсто) (1873-1941), бил претседател на Советскиот народен комесаријат на Украина, до октомври 1925 г. е политички претставник на СССР во Англија.

[96] PRO FO 371 7375 C 10313/1088/7 - ДАРМ M 1034. Се работи за два дела од обемен материјал и тоа "Генералот Протогеров и руските болшевици" и "Односите помеѓу генреалот Протогеров и Стамболиски. Последните односи со руските болшевици". Документот е датиран на 17 јули 1922 година.

гледувал односот на Москва кон Мајскиот манифест од 1924 г. и убиството на Тодор Александров во Министерството за надворешни работи го извлекле следниов заклучок: "И покрај фактот дека на изглед Балканот би бил најнеповолната почва за цветање на комунистичките доктрини, комунизмот во последниве месеци цврсто се воспоставил."[97]

Собираните информации по ова прашање се обопштени, со цел да се завземе став, во Меморандум што за потребите на Министерството во Одделението за Југоисточна Европа го составил Бетмен (Bateman) и доставил на 3 април 1925 година, со наслов "Белешки за активностите на советската влада на Балканот".[98] Во него се констатира дека Виена е базата на Третата интернационала за делување на Балканот и во неа "во мај 1924 се одржа тајна конференција на балканските партии под претседателството на Голдштајн."[99] Британскиот дипломат како предмет за кој се дискутирало на конференцијата го обопштува следново: "1. Да ја направат Југославија политички и воено импотентна; 2. На местото на Југославија и Бугарија да воспостават серија на мали држави номинирани како федерални, но всушност во зависност од Русија; 3. Да ја ослабат Романија преку внатрешни немири и ја земат Бесарабија; 4. Да се задоволат Македонските автономисти со давање во нивни раце на голем дел од она што сега е грчка територија." Доказите за ваквата активност на советската влада Бетман ги гледа во следново: во Бугарија во револуционерната пропаганда меѓу незадоволните бегалци; "поддршката што се дава на федералистичкиот дел од македонските комитаџии, кое резултира со упади и противупади на српско-бугарската граница"; поттикнување на крвавата расправија меѓу бугарските комунисти и владата на Цанков од која произлегоа голем број на политички убиства и барањето на бугарската влада да ги зголеми своите воени сили заради самоодбрана, а со тоа и сомневање кај соседните земји во вистинските мотиви на Бугарија; во

[97] PRO FO 371 10694 C 3653/251/62. - ДАРМ М 1034.
[98] PRO FO 371 10694 C 4916/251/62 - ДАРМ М 1034.
[99] Се работи за Пленум на Извршниот комитет на БКФ одржан на 16, 18 април 1924 г. Се однесува на Ефрем Голденштајн-Черски. За усвоените документи види: Поповски В. и Ленина Ж., Македонското прашање во документите на Коминтерната, Том I, Дел 1: 1923-1925 г., Скопје 1999, стр. 410-429 и Том I, дел 2:1923-1925, стр. 1453-1455.

Југославија во расправијата меѓу Србите и Хрватите и приоѓањето на Радиќ кон Селската интернационала, која е орган на Третата интернационала; во Грција помошта во организирање штрајкови и немири меѓу бегалците и поранешните војници.

Од страна на дипломатот Хауард Смит (C. Howard Smith) во прилог на Меморандумот на Бетман е наведено дека материјалот настанал поради престојни подготовки и се изнесува генералниот став на британската влада: "Бидејќи политиката на Владата на Неговото височество е да го унапредува мирот, толку далеку колку што може, во сите делови на светот, болшевистичките активности на Балканот мора да бидат следени. Предмет на овие активности е да се создаде незадоволство од постојната состојба на работите кај сите балкански земји и поради тоа може да се каже дека таа е антибританска." Оттука и секое поврзување на македонското ревоилуционерно движење со комунистичките партии, какво што е во основа и делувањето на ВМРО (обединета), кај британската дипломатија можеше да наиде само на сомнеж и неодобрување.

Во 1925 година продолжиле упадите на чети, но не е забележена нова британска дипломатска интервенција во односите меѓу Бугарија и СХС. Британската дипломатија во ноември 1925 година во Друштвото на народите била ангажирана во врска со грчкиот воен упад кај Петрич, на што се задржавме во претходната глава. Исто така, предмет на посебно внимание биле и односите на Кралството на СХС со Грција. Атентатите и немирите во Бугарија биле редовно следени. Во Одделението за Југоисточна Европа, по наредба од неговиот раководител Мајлс Лемпсон (Miles Lampson) составен е "Меморандум за Македонското прашање", на кој ние поопширно се задржавме во претходната глава.[100]

---

[100] Овој Меморандум е предмет на анализа и од бугарскиот историчар Васил Василев, кој во него ја гледа "обелоденета битната британска позиција во македонското прашање: потполно просрпска заснована единствено на правото на појакиот и базирана на верувањето дека империјалистичките мировни договори после Првата светска војна имаат карактер на дефинитивни решенија." Како заклучок во анализата на овој документ Василев наведува дека овие просрпски и прогрчки ставови во Меморандумот дипломатот Бетман, за штета на Бугарите ги вметнал по инструкции од Лемпсон. Види: Vasilev V.A., Great Britain and the Macedonian Question.. p. 205-207. Исто и во: Великобритания и македонският въпрос.. стр.25-27.

Во врска со односите меѓу Велика Британија и Бугарија во времето после деветојунскиот удар од 1923 год. присутна е недоверба кон владата на проф. Александар Цанков бидејќи "во нејзе се застапени крајните националистички елементи, коишто под влијание на ВМРО ќе предизвикаат опасни усложнувања на Балканот."[101] Уверени во вистинитоста на овие свои сомнежи во Лондон и покрај големата настојчивост на владата на Цанков да се здобие со симпатии, неможеле да преминат преку очигледниот терор спроведуван во Бугарија, а да не отпочнат со притисок да се смени владата на Цанков. Прва шанса за ваков притисок се јавила при барањето на Бугарија да и се додели заем во есента 1925 година. Одоворот на Лондон бил "дека прв услов за отпочнување на вакви разговори е да се состави нова влада, којашто би уживала поголема доверба во странство и поширока подршка во земјата.[102] Кон овој економски притисок се придружиле и соодветни дипломатски чекори, коишто изиграле голема улога за извршената на 4 јануари 1926 год. промена на владата во Бугарија."[103]

Конзервативната влада на Стенли Балдуин (Stanley Baldwin), како и потоа таа на лабуристите со Ремзи МакДоналд,[104] излегуваат во пресрет на бугарски барања поставувани од владата на А. Љапчев, иако никогаш не пропуштаат да го постават барањето за контрола врз ВМРО и македонското прашање. А. Љапчев како претставник на Демократскиот зговор бил испратен во Лондон во м. март 1924 г. да се застапува за бугарските интереси. При оваа посета тој во британското министерство за надворешни работи "оставил

---

[101] Василев В.А., Великобритания и македонският въпрос.. стр 27.

[102] Во оваа смисла категорично барање изнел Х. Николсон пред бугарскиот амбасадор во Лондон и О. Чемберлен пред бугарскиот министер за надворешни работи. Види: Mitev Dimitar, The Refugee Loan of 1926 and Britain.- Etudes historique, T.XII, Sofia 1984, p. 176-177.

[103] Василев В. А., Великобритания и македонският въпрос ..стр. 27.

[104] Во Велика Британија во периодот меѓу 1918 и 1935 година се забележени следниве влади: владата на Лојд Џорџ од либералите, која била и во воениот период, есента во 1922 година, после неуспешата афера во Турција, се повлекува пред конзерватиците. На новата влада неколку месеци е премиер Бонар Лоу (Bonar Law) кој се повлекува од здравствени причини и бива заменет од Стенли Балдуин. Лабуристичката влада прв пат доаѓа на власт со изборите на крајот на 1923 годин со Ремзи МакДоналд и опстанува само 9 месеци (јануари- септември 1924 г.). Новата влада на конзервативците опстанува се до изборите во 1929 година, кога по втор пат е избрана владата на лабуристите со Ремзи МакДоналд. Оваа влада опстанува до летото 1931 год. и паѓа поради кризата со Банката на Англија. Во 1931 година се формира "национална влада" заедничка од конзервативците и лабуристите која добива на изборите во

многу импресивен впечаток, а Форин Офис со задоволство би го видело како претседател на владата во Софија."[105]

Во 1926 година се случуваат повеќе настани и потреба од интервенција на британската дипломатија во односите меѓу Кралството на СХС и Бугарија. Уште во 1925 година Грција ја прифатила идеата на Лондон за создавање на "Балканско Локарно". Љапчев и министерот за надворешни работи Буров изјавуваат дека ќе одржуваат лојални и добри односи со сите големи држави, разбирање и мир со соседните земји и дека имаат желба во политиката да го следат духот на идеите од Локарно. Ова наишло на добар прием во Лондон, кој посебно ја поздравил миролјубивата бугарска политика кон соседите. [106]

Идеата за склучување на балкански гарантен пакт и со обврска за задолжителна арбитража според примерот од гарантниот пакт од Локарно од 16 октомври 1925 година, поттикната од В. Британија прв пат го изнела Грција, во 1926 година ќе се најде и во акциите на министерот за надворешни работи на СХС, М. Нинчиќ, бидејќи европаската дипломатија била доста окупирана со ова прашање, а посебно и со француската верзија за "Балканско Локарно". Британската дипломатија, согледувајќи ги намерите на Франција и можноста од понатамошно создавање од Кралството на СХС една особено силна држава на Балканскиот Полуостров, е активна во интервенции и во Софија и во Белград за регулирање на нивните затегнати односи, при што секогаш на преден план се појавува македонското прашање, т.е. активностите на ВМРО

---

1931 година и останува на власт се до 1935 година, при што како премиери се менуваат Балдуин и МакДоналд.

[105] ДАРМ М 1923 - Извештај од францускиот амбасадор Де Сент-Олер (de Saint-Aulaire) до Минстерството за надворешни работи на Франција, Лондон 12 март 1924 г.-Францускиот амбасадор во разговор со Љапчев настојувал за потребата од преземање на одлучни мерки "спрема македонската закана." При ова Љапчев се повикал на последните затварања на Македонци, кои, иако не се законски, се наметнале како државна потреба и сведочеле за добрите намери на бугарската влада. Од друга страна во британското министерство сер Ајри Кроу (Sir Eyre Crowe) изјавил дека на Љапчев му биле дадени најкатегорични препораки во врска со "македонската агитација".

и контролата врз нив. Британскиот амбасадор во Белград во својот годишен извештај за 1926 година односите меѓу двете земји вака ги сумира: “Се сметаше дека напорите на господинот Нинчиќ да се обезбеди балканско Локарно ќе можат да доведат до зближување со стариот непријател на Србија, а предлогот што во м. април беше даден во Софија за склучување на договор за арбитрирање, според некои мислења, претставувал чекор во тој правец.[107] За жал, во нацртот се вклучени две клаузули во врска со Македонскиот революционерен комитет, коишто предвидувале сопирање на секаква пропаганда со цел измена на "status quo" и дека нема да се толерира дејност на здруженија и поединци коишто би могле да ги загрозат добрите односи меѓу двете земји. Бугарската влада не била подготвена да ги прифати тие клаузули, и согласно на тоа, преговорите биле прекинати."[108] Самиот предлог за Балканско Локарно меѓу Софија и Лондон не бил усогласен и на него не се гледало еднакво. Лондон никако неможел да прифати одредбите од мировните договори за заштита на своите малцинства во други земји да имаат важност и во поглед на Бугарија кон Македонија, додека Бугарија ќе настојува кај Велика Британија во овој поглед да наиде на содејство.[109] Британската дипломатија постојано се интересира за врските меѓу бугарската влада на Љапчев и ВМРО, сметајќи дека бугарската влада го користи македонското револуционерно движење како инструмент за завладување на територии. Ова прашање постојано било поставувано, но од бугарска страна е одрекнувана било каква врска. Така, уште во јануари 1926 г. на ова прашање зададено од Мајлс Лемсон, бугарскиот претставник во Лондон, Хаџи Мишев одговорил како раководството на Демократскиот зговор немаат врски со ВМРО и ма-

---

[106] Според изјава на Мајлс Ламсон од 11 јануари 1926 год. Види: Косев Димитър, Външната политика на България при управлението на Андрей Ляпчев 1926-1931, София 1995, стр. 148.

[107] Прв предлог за создавање на Балкански пакт од страна на СХС изнел во Софија претставникот Милан Ракиќ, на што Љапчев одговорил дека "времето сеуште не е зрело за таков пакт", а со ова се согласил и британскиот амбасадор во Софија Ерскин ( W. Erskine). Во м. мај 1926 г. званично е понуден на Софија нацрт на договор за арбитража, всушност вперена против ВМРО, со кој двете влади се обрзуваат да спречат секаква пропаганда, било каде, вперена против постојниот ред и положба во другата земја и да не "толерираат на своите територии здруженија или поединци чија активност е од таква природа што би ги расипувла добрите односи меѓу двете земји". Ерскин веднаш изјавил дека не верува бугарската влада да

кедонската организација не влијае врз политичкиот живот во Бугарија. Лемпсон во ова не поверувал.[110] За блиските врски меѓу бугарската влада и раководствата на ВМРО во македонската историографија постои јасна слика, а јавните манифестации, понекогаш, на тие врски не можеле да не бидат забележени и од британската дипломатија.[111]

Во 1926 година продолжуваат и уфрлањата на чети од Бугарија во Вардарска Македонија, како и поедини атентати. Така на 1 мај во Струмица се фрлени бомби, на 3 јули е убиен во Битола издавачот на весникот "Јужна Звезда" Спасение Хаџи Поповиќ, упадот кај Крива Паланка на 28 јули[112] при што се убиени две лица. Сето ова довело до затегнати односи меѓу двете држави и размена на ноти. Тогаш е упатена од СХС, Романија и Грција и колективната нота до Софија, за која зборувавме во претходната глава, а од која понатаму се развива и расправата во Друштвото на народите. Во сето ова се испреплетуваат интресот на Бугарија да добие заем преку Друштвото на народите, така наречениот бегалски заем, кој е толку многу неопходен во тешката економска ситуација во која се наоѓала; напорите на Кралството СХС преку разни дипломатски и други интервенции да го спречи доделувањето на овој заем, тврдејќи дека тој ќе ја зајакне активноста на ВМРО против СХС и Грција; а посебно на дипломатијата на Велика Британија да спречи секакво менување на состојбите на Балканот и загрозување на постигнатото со мировните договори.[113] Така, на 5 август 1926 г. во врска со

---

прифати ваков договор. Навистина, бугарската влада уште истот месец го одбила овој нацрт договор. - Види: Mitev D., The Refugee Loan of 1926 and Britain.. p. 183.

[108] Avramovski Z., Britanci.. kn. I, str. 367. Повеќе за активностите на Бугарија во врска со идејата за склучување на гарантен пакт во духоs на Локарно и на Балканот, види: Косев Д. Външната политика.. Стр. 54-68 "Отношение към решенията в Локарно".

[109] Косев Д., Външната политика на България .. стр. 151-152.

[110] Исто .. стр. 152-153.

[111] Тодоровски З., ВМРО 1924-1925 .. стр. 101-107. Исто на стр. 80-82 за интересирањето на ВМРО да воспостави посебни врски во Лондон и гледање на улогата на британската дипломатија. Тесните врски меѓу царот Борис и ВМРО ги истакнува и Димитров И., Българо-италианските.. стр.106.

[112] Сите овие настани детално се регистрирани во спомнатиот годишен извештај на британскиот амбасадор во Белград. Известува дека "двајца членови на Македонската револуционерна организација влезле во Струмица, фрлиле две бомби кои убиле две лица и раниле седумнаесет". Во врска со убиството на Спасое Хаџи Поповиќ ги наведува податоците до кои дошол, дека тоа е дело на војводата Крсто Љондов кој планирал и други атентати. Види: Avramovski Z., Britanci ..kn.I, str. 367-368. Тодоровски З., ВМРО.. стр. 140-141 ги открива

активностите на ВМРО во Вардарска Македонија британската влада во Софија упатува остро предупредување со закана дека нема да се одобри бараниот заем. Во Лондон цврсто стојат на ставот ништо да не се менува и одбиваат секаква дискусија околу тоа од каква националност се Македонците. Британската дипломатија интервенира и во Белград да се воздржи од заканите за воена интервенција како одговор на активностите на ВМРО. Бугарската влада настојува многу прозирно да го убеди Лондон дека "министерскиот совет завзел дефинитивна одлука да ја уништи македонската револуционерна организација".[114] Годината се завршува со одобрување на бегалскиот заем на Бугарија, без нови инциденти во есента и зимата, а посебно внимание на двете земји привлекува пактот склучен меѓу Италија и Албанија,[115] што го навело британскиот амбасадор да заклучи дека "начелото Балканот на Балканците можеби со тек на времето ќе доведе до зближување на двете земји". [116]

Британската дипломатија и натаму со големо внимание ги следи односите меѓу Бугарија и Кралството на СХС, а сето тоа во рамките како тие ќе се одразат во целина на Балканот. Во својот годишен извештај за 1927 година амбасадорот од Белград констатирал дека постоеле извесни надежи за зближување откако од СХС за дипломатски претставник од највисок ранг во Софија е поставен М. Нинчиќ, а во летото во "незванична" посета на Софија,

---

вистинските цели на ВМРО со овој атентат, да се отстранат Хаџи Поповиќ кој им служел на Србите и да се ликвидира и војводата К. Љондов кој се повлеков во мирен живот во Битола.

[113] За тешката положба во која се нашле Македонците како бегалци во Бугарија и улогата на бегалскиот заем повеќе податоци изнесува Крсте Битоски "За положбата на македонската емиграција во Бугарија меѓу двете светски војни (до 1934 година), Гласник на ИНИ, год. 6, бр. 1-2, стр. 97-194. Како се одвивало ангажирањето на британската дипломатија повеќе податоци наоѓаме во повеќепати цитираната статија на Митев Димитар, а посебно ова го регистрирал и амбасадорот во годишниот извештај дека притисокот на британскиот дипломат во Белград бил еден од факторите за поумерениот тон на колективната нота. Види: Avramovski Z., Britanci .. kn. I, str. 368. За активностите на бугарската влада околу добивањето на овој заем види и кај Косев Д., Външната полтика ..стр. 17-35 "Усилия за устройване на бежанците".

[114] Василев В.А., Великобритания и македонският въпрос.. стр.28 . Околу колективната нота и односите меѓу балканските држави види и кај Косев Д., Външната политика.. стр. 36-53, "Влошаване на отношенията със Сърбия, Гърция и Румъния".

[115] Пакт за пријателство и безбедност помеѓу Италија и Албанија, Тирана 27 ноември 1926 г. - Види: Balkanski ugovorni odnosi , kn. II, str. 260-261.

[116] Avramovski Z., Britanci.. kn. I, str. 369.

со знаење на владата, бил и д-р Корошец со цел да подготви некој сојуз меѓу јужнословенските народи. Во зимата и пролетта 1927 година се забележало извесно примирје од активностите на чети, но во летото ситуацијата нагло се менува. Амбасадорот ги бележи сите извршени атентати и подметнати бомби. Секако, најповеќе простор завзема убистото на генералот М. Ковачевиќ на 5 октомври 1927 (во извештајот на амбасадорот е 6 октомври - забел. С.Г.-Ј.) во Штип и потоа, како освета убиството на таткото и братот на И. Михајлов.[117] Присутно е мислењето дека во активирањето на четите и атентатите битно е влијанието на Италија (ова го тврдел лично и кралот Александар на британскиот амбасадор) како и неспособноста на владата на Љапчев да се справи со ВМРО.[118]

Од страна на Белград, после убиството во Штип, во Софија е извршен не толку силен притисок но се преземени мерки, како што е затворањето на границата меѓу СХС и Бугарија, освен за потребите за транзит, а дадени се и инструкции до својот дипломатски претставник во Лондон да бара да не се дава нов заем на Бугарија и да се изврши силен притисок врз Софија да ги спречи сите активности на ВМРО.[119] Во Софија е објавена "воена состојба" во Ќустендилскиот и Патричкиот округ.[120] Британската дипломатија се истакнува со поголема ангажираност во настојувањата да се реши кризата која настанува меѓу двете држави. Во Лондон чекорот направен со прогласувањето на "воена состојба" и изјавите дадени притоа во Народното собрание, ги сметаат за сосема незадоволувачки и по дипломатски пат се бара превзе-

---

[117] Исто, стр. 431. За атентатот врз генералот Михајло Ковачевиќ и другите атентати види и кај: Тодоровски З., ВМРО 1924-1934, стр. 141 и др.

[118] Во овој поглед во бугарската историографија присутно е и следново мислење: "До крајот на своето управување владата на Љапчев не наоѓа време и начин да расчисти со ВМРО. Можноста за спротивставување на притисокот од Белград таа ја наоѓа во повеќе кратно изразената кон него добра наклонетост од страна на Лондон и Париз. Управувачките кругови во Англија ја одобруваат настанатата политичка и стопанска стабилизација во Бугарија во времето на владата на Љапчев и се задоволни од нејзината антикомунистичка и антисоветска позиција.. Втората можност на владата на Љапчев за спротивставување на надворешниот притисок е подршката од Италија." - Косев Д., Външната полтика на България.. стр. 90-91.

[119] Avramovski Z., Britanci . . . str. 431.

[120] Тодоровски З., ВМРО. . стр. 142.- Во врска со ова констатира: "Со ваква мерка, донесена, пред се, да ги задоволи реакциите на големите европски сили и на Кралството на СХС, бугарската влада сакала само привремено да го заплаши раководството на ВМРО за евен-

мање на решавачки мерки против ВМРО. Прво се настојува, како и во случаи од предходните години,[121] пред бугарската влада заеднички да настапат трите големи сили: В. Британија, Франција и Италија. Во таа смисла Лондон интервенирал во Париз и Рим. На 26 октомври 1927 година британскиот амбасадор Вилијам Ерскин на бугарскиот министер за надворешни работи го пренел барањето од О. Чемберлен, бугарската влада "да даде што поскоро конкретни докази, дека ги отфрла терористичките акции и дека решила да го прекине нивното организирање на нејзината територија". При ова се поставило во прашање и доделувањето на заемот.[122] Истиот ден и францускиот амбасадор во Софија Анри Камбон (Henri Cambon) поднел исто барање во името на Франција.[123] Италија својата интервенција настојува да ја усогласи со нејзината заштитничка улога спрема ВМРО. [124]

Британската влада, за да ги спречи понатамошните влошувања на Балканот, истовремено, превзема енергични мерки во Белград барајќи од него умереност во постапките. Интересно е и тоа што британските разузнавачки служби доставуваат по дипломатски пат до владата во Белград "за намерите на ВМРО да се освети за убиството на таткото и братот на И. Михајлов, испраќајки терористи за да извршат атентати врз шефот на југословенската полиција Жика Лазиќ, командантот на жандармеријата ген. Томиќ и дури против самиот крал Александар. Кралот официјално ја искажува својата бла-

---

таулните импликации на државата на меѓународен план, непреземајќи, притоа, посериозни мерки за апсење на виновниците на инцидентот и забрана на натамошната дејност на организацијата."

[121] Таков е примерот кога сите три сили во 1925 година интервенираат во врска со воведувањето дополнителни воени контигенти надвор од Мировниот договор-Види: Димитров Илчо, Българо-италиански политически отношения 1922/1943, София 1976, стр.71-73.

[122] Се работи за т.н. стабилизационен заем. Косев Д., Външната политика на Бѝлгария ... стр. 89.

[123] Во извештај до Министерството за надворешни работи во Париз, во врска со ова, А. Камбон соопштува: " Всушност Амбасадорот на Англија и јас настапивме од збор до збор со ист јазик. Алузијата што тој ја направи во врска со заемот беше, природно од негова страна." Иако му било сигерирано и тој да направи слична алузија се откажал со оглед на тоа дека заемот е како "инструмент комплетно во рацете на Лондон." Види: ДАРМ. М 1923 - AMAE, Paris, S. Europe, 1918-1929, Bulgarie, vol. 50, Sofia, 2.XI.1927.

[124] Димитров И., Българо-италиански. . . стр.113-116. За одбележување е и приемот на Наум Томалевски, како пртставник на ВМРО во Рим и неговите разговори и поднесени барања. Исто, стр. 112.

годарност кон британската влада, истакнувајќи, дека никоја друга голема држава не направила толку многу за да се парира на дејствувањето на ВМРО и да се спречи поголемото изострување на бугарско-југословенските односи.[125]

Во текот на целата 1928 година од бугарска страна по дипломтски пат се ургира Лондон да превземе чекори како Белград би го укинал затворањето на границата, кое економски им нанесувало големи загуби. Белград настојува, да на овој начин успешно ги спречувал уфрлањата на чети и атентатори од Бугарија. Британската страна во овој поглед не превзема некои чекори и до укинувањето на одлуката за затворање на границата дошло дури во почетокот на м. февруари 1929 година.[126] Добар пример за ова е и кажувањето на самиот министер за надворешни работи О. Чемберлен пред бугарскиот претставник во Лондон, Хаџи Мишев на 20 јануари 1928 г. при што истиот изјавил "дека политиката на Англија е да ги насочува бугарската и југословенската влада да стават крај на терористичките дејства, коишто се постојан извор на натегнатости и опасности во односите меѓу двете земји" а немањето на цврсти докази за преземени ефикасни мерки од бугарска страна не овозможува било каква интервенција, во оваа смисла, од Лондон во Белград.

Вниманието на британската дипломатија во 1928 година на Балканот ќе го привлечат редица настани кои претат да предизвикаат поголеми немири. Во Грција се одржуваат избори пропратени со крвави безредија, во Кралството на СХС во Скупштината се убиени и ранети хрватски претставници, меѓу кои и Стјепан Радиќ и како последица доаѓа до немири во Хрватска, се влошуваат и односите меѓу Бугарија и Романија. Сепак и македонското прашање се наметнува со сета своја острина. Во првата половина на 1928 година извршени се и неколку атентати, меѓу кои највпечатлив и најповеќе внимание привлекол атентатот извршен од страна на Мара Бунева во

[125] Василев В.А., Великобритания и македонският въпрос .. стр. 29.
[126] Косев Д., Външната политика .. стр. 92 и стр. 160 и 167. На ова прашање повеќе простор во својот годишен извештај за 1928 г. посветил и британскиот амбасадор од Белград. Види: Avramovski Z., Britanci, kn. I... str. 503-504.

Скопје врз Велимир Прелиќ на 13 јануари 1928 г., по него следеле и атентати во Кочани, Крива Паланка, Струмица, но во врска со сите нив од страна на британската дипломатија не се регистрирани превземени чекори, освен нивното евидентирање.[127] Со убиството на генералот Протогеров на 7 јули во британското министерство за надворешни работи се доаѓа до нови сознанија што предизвикуваат и нова посебна активност околу македонското прашање. Белград настојува и во Лондон и во Париз, како и во Софија, по дипломатски пат, да сугерира дека после ова убиство и настанатото крваво подвојување во ВМРО по него, на Протогеровисти и Михаиловисти, настапил најпогоден момент да се притисне владата на Љапчев да ја ликвидира дејноста на ВМРО. За ова соопштува и британскиот дипломатски претставник во Софија Ралф Сперлинг (Ralph Sperling), на кого ваква сугестија изнел Љуба Нешиќ, претстанвик на СХС во Софија. Иако Сперлинг во извештајот за овој разговор не се согласил со гледањето на Нешиќ, во Лондон оваа идеа наишла на разработка.[128]

Во Лондон се преземаат чекори за вршење енергичен притисок врз бугарската влада за дефинитивни уништување на ВМРО со тоа што трите големи сили ќе настапат заедно. Оттука на 3 август на италијанското министерство за надворешни работи од британската амбасада е доставен меморандум "со кој се поткрепува повикот на Белград за растурање на ВМРО и се изразува мислење, дека пред бугарската влада се укажувал поволен случај "да се ослободи од тиранијата" на организацијата и да не ја дозволи доминацијата на екстремистите. Големите сили требало да настојуват во Софија за енергични мерки против ВМРО, коишто би го попречиле натамошното крвопролевање и би го обезбедиле разбирањето со Белград. На тој начин бугарската влада би се оправдала од обвинувањата за соучество

---

[127] Во јули е извршен и атентат во Белград врз Жика Лазиќ, неуспешен, за кој се претпоставувала вмешаност на И. Михајлов. - Види: Avramovski Z., Britanci . kn. I, str. 504.

[128] Vasilev V.A., Great Britain and the Macedonian Question 1923-1931...str. 211.-О. Чембелен на 24 јули побарал разјаснување зошто Сперлинг е против ваквиот демарш. Види: ДАРМ М 1923 - AMAE, Paris, S. Europe 1918-1929, Bulgarie, vol. 51, p. 150.

во убиствата и би можело да се третира како "рамна меѓу цивилизираните народи". И само тогаш би го добила бараниот заем. На крајот се искажуваше надевањето, дека италијанскиот ополномоштен министер во Софија ќе се присоедини кон акцијата на своите колеги од Англија и Франција."[129] Дури на 10 август Рим негативно одговара на ова барање од Лондон со разни изговори кои всушност доаѓаат од интересот на Италија за и понатаму да го има ВМРО како еден од инструментите за притисок врз СХС.[130]

Што се однесува до ставот на Франција околу енергичниот притисок врз бугарската влада за уништување на ВМРО забележено е дека тоа е резултат и на нови односи меѓу Лондон и Париз.[131] Уште на 2 август од Министерството за надворешни работи во Париз до амбасадорот во Софија е испратена телеграма: "Британската влада оценува дека актуелните состојби се поволни да се дејствува во Софија и дека е од вистински интерес да се изврши еден енергичен притисок врз бугарската влада за да се натера да превземе мерки против македонската организација. Форин офис смета дека не треба да се пропушти ниту една прилика да се натера бугарската влада да разбере дека неможе да смета на симпатиите од Силите додека не го направи нужното да изчезне оваа организација; од друга страна, без да сака да интервенира во склучување на една бугарско-српска спогодба, смета дека е невозможен било каков детант меѓу двата народи во сегашната состојба на работите." Телеграмата завршува со барање францускиот амбасадор да ги усогласи со британскиот пред бугарската влада барањата за "енергични мерки против македонската организација", а во случај владата на Италија да не се приклучи кон овој демарш британскиот и францускиот претставник сами да делуваат.[132]

---

[129] Димитров И., Българо-италиански .. стр. 124-125.
[130] Исто . стр. 125-126 и стр. 129-131.
[131] Василев смета дека ова е резултат и на склучениот "Искрен сојуз" (Entente Cordiale) меѓу Британија и Франција "во средината на 1928 за вооружувањето на морнарицата, коешто одбележува почеток , исто така, на координирани акции на двете големи сили на Балканот." - Види: Vasilev V.A., Great Britain and the Macedonian question.. . str.212.
[132] ДАРМ М 1923 - AMAE, Paris- S. Europe, 1918-1929, Bulgarie, vol. 51, P. 154-155.

На 11 август 1928 година британскиот и францускиот претставник, еден по друг, во бугарското министерство за надворешни работи врачуваат енергичен протест и барање, во духот на добиените инструкции, "еднаш за секогаш ВМРО да биде уништена". При ова британскиот претставник Сперлинг поднел и список на македонски дејци кои треба да бидат затворени.[133] Како последица од британско-францускиот ултиматум доаѓа до владина криза и оставка на владата на Демократскиот зговор. Се судираат две струи во владата при што се настојувало, под притисок од Лондон, од владата да отпадне генералот В'лков истакнат како заштитник на ВМРО со неговата тесна повеќегодишна соработка. Сепак, на 12 ноември, во новоформираната влада пак останал како член на владата на Љапчев, но за кратко време, бидејќи, на прво место поради притисокот од Лондон, кон крајот на 1928 година, а за да се добие бараниот заем, тој ќе биде именуван за бугарски дипломатски претставник во Рим, со кој В'лков тесно соработувал.[134] И овој пат изостанале конкретни мерки против македонските организации. Во Бугарија во јавноста се присутни протести поради демаршот, а исто така и во извесни средини во Британија доаѓа до осуда на овој ултиматум и барања за преиспитување на британската политика кон Бугарија и македонското прашање. Надвор од реакциите на одделни весници и на Балканскиот комитет, се јавува и реакцијата на британскиот дипломат од Софија, Сперлинг до Министерството во Лондон. Ние во претходната глава се задржавме и на Меморандумот што на 22 март 1928 г. Сперлинг го испратил по повод можноста да се примени системот на Локарно на Балканот, [135] како и на писмото од 10 октомври 1928 г. и расправата по него.[136] Самиот Сперлинг со своето учество во дипломатски лов, организиран во Вардарска Македонија, кон сре-

[133] Василев В. А., Великобритания и македонският въпрос . . стр. 35.
[134] Косев Д., Външната политика на България. . стр. 96-97.
[135] PRO FO 371/12856 C 2670/42/7.
[136] PRO FO 371/12856 C 7743 - Бугарскиот историчар Василев В.А., Великобритания и македонският въпрос.. стр. 40-41 исто така, се задржува врз некои ставови на Сперлинг и на британската дипломатија.

дината на м. октомври, од страна на дипломатскиот претставник на СХС во Софија за неговите колеги од Франција, Чехословачка и на Велика Британија, предизвикал и редица реагирања во бугарскиот печат во поглед на Велика Британија, така што Сперлинг наскоро, поради сето ова, бил повлечен од Софија.[137]

Во почетокот на 1929 година, поточно на 6 јануари, во Кралството на СХС кралот Александар заведува апсолутистичка власт и диктатура, а истовремено настануваат и нови односи со Бугарија. Подготовките на кралот Александар кон ваков чекор се вршени со знаење и консултации со Париз,[138] а изгледа дека и Лондон би требало, на извесен начин, да знае за намерите на кралот Александар. Сепак, воведувањето на диктатурата не наидува на званични осуди, а во годишниот извештај на британскиот амбасадор во Белград за 1929 година опширниот "Општ дел" е посветен на приказ на суштината на диктатурата, причините за нејзиното воведување и очекувањата на повеќе позитивни резултати од воведувањето на диктатурата. Самиот нов амбасадор во Белград, Невил Хендерсон (Nevile Henderson), кој во средината на м. декември 1929 г. го заменил дотогашниот амбасадор Кенард (H.W. Kennard), вака ги правда своите позитивни очекувања: "Некој, можеби, ќе ми замери дека сум дал преголема светла слика на благосостојбата којашто диктатурата ќе ја донесе на оваа земја. Сигурно е дека не сакам читателот да го натерам да помисли дека во Југославија се гради свет најдобар од сите можни. За жал, најлесно е да се критикуваат слабостите на овој режим, како и слабостите на предходниот режим, бидејќи тие се повеќе од впечатливи. Шовинизмот букти, малцинствта се потиснати, постапките на полицијата се варварски, корупцијата, иако донекаде е истисната кај пониските чиновници, цути кај високите слоеви и така натаму и така натаму. Се плашам, всушност, дека списокот на прекршоци, според западноевропски мерки, би бил премногу долг. Па сепак, она што тука најмногу ме импресионира е големината на поставената

[137] Исто, .. стр. 38-39.
[138] Petranovic Branko, Istorija Jugoslavije 1918-1978, Beograd, 1980, str. 96.

задача: обединувањето на Кралството и нејзиното претворање во современо уредена и цивилизирана држава; оттука и желбата да не бидеме премногу строги во донесувањето на оценките."[139]

Во поглед на односите со Бугарија, новата влада на Југославија веќе во јануари настапила со предлог за формирање на мешовита комисија за проучување на пограничните проблеми. Со залагање на британската и француската дипломатија во м. февруари се укинува затвореноста на границата, а истиот месец, 26 февруари, во Пирот отпочнале и состаноци на заедничката комисија. Во текот на целата 1929 година меѓу Софија и Белград постојат префрлања и натегања околу решавањето на режимот во пограничниот појас, особено за сопствениците на имоти од двете страни на границата. Повремените инциденти на границите, како и судирот на жандарите со "два агента на македонскиот револуционерен комитет" на 14 јули кај Штип, како и подметната бомба на Симплон експресот кај Цариброд се едни од мотивите за одолговлекувањето околу успешното завршување на работата на мешовитата комисија. Сепак, најголем прекин на односите и реакција во Белград предизвикал престојот на д-р Анте Павелиќ и Г. Перчец во м. април во Софија и нивниот прием и договарање со ВМРО.[140] Од страна на британската дипломатија, иако се регистрирани сите овие настани,[141] не е забележена интервенција во Софија, додека во почетокот на јули извршен е притисок врз

[139] Avramovski Z., Britanci.. kn.I. str.591.

[140] За престојот на А. Павелиќ во Софија и односите со ВМРО види кај Тодоровски З., ВМРО... стр. 180 и 207-208. Околу овој настан и преплетеноста на интересите на големите сили во бугарската историографија е забележено: "Посетата на Павелиќ даде нов повод за оладување на бугарско-југословенските односи. Италијанскиот министер во Белград се надеваше, дека ова може да го успори спогодувањето меѓу двете земји, на што вредно работела француската дипломатија. Видно, посетата била во врска со усилбите на заинтересираните средини да ја провалат Пиротската конференција. И во Бугарија, и во Југославија се активираа противниците на взаемното разбирање. Пламна печатната кампања. Избувнаа нови гранични инциденти. Југословенската влада го откажа ратификувањето на конвенциите изработени во Пирот. Зад Белград стоеше Франција, а зад Љапчев-Италија. Ова и овозможи на Англија одново да ја превземе улогата на арбитер."- Димитров И., Българо-италиански политически отношения.. стр. 136.

[141] Avramovski Z., Britanci, kn.I .. str. 595-599.

владата во Белград "без одлагање да ја ратификува Пиротската конвенција, со која би се утврдила мешовитата комисија за разгледување на сите инциденти на границата".[142] Во врска со овие притисоци врз владата во Белград, Лондон настојувал да се настапи заеднички со Франција и Италија. Во овој случај Италија веднаш се придружила, додека Франција откажала учество.[143]

Македонското прашање и во текот на 1929 година било предмет на разговорите што ги воделе бугарските дипломати во британското министерство за надворешни работи. Како и претходните години, тие го поставуваат барањето Лондон да се застапи да се признаат малцински права, согласно мировните договори, од страна на Белград на "бугарското население" во Вардарска Македонија. Така, во почетокот на февруари 1929 г., по налог на министерот Буров, бугарскиот полномоштен министер Хаџи Мишев во раговор со шефот на Одделението за Централна Европа, Ормс Серџант, побарал Лондон и Париз пријателски да го посоветуваат Белград со спроведување на административна реформа да ги обезбеди малцинските права. При ова се повикал и на комунике издадено од Тодор Александров: "Еднаш бугарското население во Македонија задоволено, бидејќи ќе биде ослободено од сега постојниот режим на постојани насилија, самата ВМРО ќе ја напушти својата революционерна дејност." Во овие разговори од бугарска страна постојано се повторувало дека тие се готови да ја спречат активноста на ВМРО, но бараат време. Од друга страна постојано негирале дека имаат врски и влијание врз ВМРО, а активностите на истата биле потпомагани од Италија. Британските дипломати, како во случајот Серџант, а на друга средба (на 12 октомври 1929) и новиот директор на Одделението за Централна Европа, Хаурд Смит не превземаат обврска да интервенираат во Белград под изговор дека Софија е

[142] Исто, стр. 596.
[143] На ова повеќе простор посветува, врз осова на британски документи, Василев В.А., Great Britain and the Macedonian Question.. str. 219. Опширно за свикувањето на Пиротската конференција, прашањата што се разгледувани, причините за одолговлекувањето на нејзината работа, како и резултатите од истата, кои се однесуваат, воглавном, на Бугарите во т.н. "западни краеви" кај Ниш, види кај: Косев Д., Външната политика на България,, стр.98- 104.

таа што не прифаќа совети, а британската дипломатија дава совети само тогаш кога такви од неа се бараат.[144]

Во врска со поставувањето на малцинските права од страна на Бугарија во Лондон интересна е следнава констатција во бугарската историографија: "Се има впечаток, како да сите постапки на бугарската дипломатија во Лондон за заштита правата на бугарското малцинство се однесуваат главно на Бугарите во Југославија. Бугарската влада избегнува да се жали во Форин офис од антибугарските делувања на грчките власти во Егејска Македонија и Западна Тракија, во кои после масовното прогонување на бугарското население останале приближно малку Бугари.[145] Покрај тоа, во Софија се смета и на фактот, дека Грција е точно таков важен фактор за англиското влијание на Балканот, каков што е Југославија за Франција. Ете зошто бугарската дипломатија секогаш настојувала да ги претстави бугарско-грчките односи во таква благопријатна светлина, нешто што во Лондон се прифаќа со големо задоволство."[146]

Нов значаен елемент во британската дипломатија е промената на власта од која се очекувало во Бугарија и Југославија и поинаков однос кон нив. Во изборите одржани во м. мај 1929 г. во Парламентот во Лондон лабуристите освојуват 288 места, додека, дотогаш владеачката конзерватива партија 260 пратенички места.[147] За премиер на 5 јуни е избран, по втор пат после краткото владеење во 1924 год., способниот и истакнат политичар, Ремзи Макдоналд (Ramsay MacDonald). Во новиот кабинет секторот за надворешни работи е доверен на Артур Хендерсон (Arthur Henderson). Во случајов за одбележување е дека Макдоналд во својата политичка програма настапувал со следниве ветувања: ќе се обезбедат ефективни мерки за пацификацијата

---

[144] За ова поопширно види: Косев Д., Исто стр. 167-174. Кој констатира: "И покрај пројавената наклонетост, сепак, што се однесува до македонското прашање, британската влада се дистанцира од бугарските ставови.."

[145] Во претходната глава изнесувајќи го согледувањата на членот на Грчко-бугарската комисија за емигрирање, полковмикот А. С. Корф ја дадовме и неговата констатција од обиколката на западниот дел на Егејска Македонија, дека во најмалку 150 села од тој дел македонски зборува 150.000 население (PRO FO 371/8566 C 15084) што, секако не е мал број, интересот е во други политички побуди.

[146] Исто.. стр. 170.

[147] Taylor A.J.P., English History 1914-1945, Oxford, 1965, p. 270.

на Европа; ќе се отстранат неравенствата меѓу победниците и победените; ќе се применуваат правата на малцинствата одредни со мировните договори; за да се спречи опсаноста од вовлекување во војна ќе се преземеле мерки за поништување на разликите меѓу државите, јаки, слаби, победници, победени и сл.; би се редуцирале меѓународните тензии и би се развила светската трговија и би се решил проблемот со големата невработеност, нешто што во тие години е особено тежок проблем за Британија. Лабуристите ветувале дека ќе водат отворена дипломатија, зајакнување на Душтвото на народите со вклучувањето на Германија и Советскиот Сојуз, ограничување на вооружувањето и средување на расправите меѓу државите преку преговори или меѓународна арбитража.

Владата на лабуристите морала во текот на своето владеење, сепак, да се држи до базичниот предмет на британската дипломатија - да не допушти во Европа хегемонија на некоја друга голема сила, да ги сочува прекуморските поседи, да ги контролира поморските патишта кои се од витално значење за Империјата. Што се однесува од зацртаното во програмата, настојувала да се намали вооружувањето и да се смалат тензиите во меѓународните односи и се обидува да ги смирува контрадикциите меѓу Германија и Франција, но во голем дел од нејзините идеолошки принципи се повлекува судрувајќи се со практиката во реалната политика.[148] Владата во Софија сметајќи на програмските определби на лабуристите, очекува дека со нејзина помош во Друштвото на народите ќе се пристапи кон разгледување на оспорените малцински права. Оттука и појавата на петицијата од Националниот комитет на македонските братства, на која се задржавме во претходната глава, како и веднаш во почетокот на 1930 година поднесувањето во Женева на петиција од Шалев и Анастасов, на која, исто така се задржавме во претходната глава. Видовме дека британската дипломатија, во овие случаи, не го промени порано усвоениот став да не се допушти во Друштвото на народите да се изнесе македонското прашање, особено кога се имало сознанието дека зад овие чекори стои ВМРО на Иван Михајлов. За тоа колку големи биле очекувања-

[148] Vasilev V.A., Great Britain and the Macedonian Question. . p. 218.

та на Софија од владата на лабуристите сведочи и испраќањето во Брајтон, на конгрес на лабуристичката партија на 30 октомври 1929 г., на И. Борисов, како гост од името на Националниот комитет на македонските братства, а всушност испратен од И. Михајлов. Истиот само можел да констатира дека во моментов лабуристите воопшто не мислеле да го покренат прашањето за малцинствата и посебно македонското прашање. [149]

Во 1930 година атентатите извршени во Пирот, потоа во Струмица и на други места, исто така, се преокупација и на британските дипломати во Софија и Белград. Надвор од очекувањата на Софија од доаѓањето на лабуристите на власт, атентатите придонесуваат и натаму врз бугарската влада од британска страна да се упатуваат строги демарши во врска со толерирањето и непревземањето мерки против ВМРО. Таков е и случајот од 27 јуни 1930 година,[150] од страна и на трите претставници на големите сили во Софија и Белград се давани "совети да се воздржуваат со цел да се избегнат последици од последните трагични инциденти."[151] Бугарската влада и затвора три учесника во атентатите, откако Постојаната мешовита комисија доставила список со дванаесет, но во Белград "овие напори на бугарската влада да ја спречат активноста на Македонската револуционерна организација" се оценети како несериозни.[152] Всушност, во Лондон се има следнава слика за самата интервенција и резултатот од неа: "Владата на Неговото височество и француската влада ургираа кај бугарската влада да превземе драстични акции во откривање и спречување на слични инциденти во иднина. Кај југословенската влада истовремено беше ургирано да исполи трезвеност и смиреност, а како

---

[149] Исто, стр.220.

[150] Исто, стр. 228. Во опширната анализа на создавањето и дејноста на ВМРО после Првата светска војна направена во Лондон во 1930 година, посебно е истакнато дека Пиротската конференција и мерките усвоени и применувани од Мешовитата комисија биле на добар пат за зближување на двете држави: "Со цел, без сомнение, да го поништи добриот ефект од Пиротските преговори и да го прекине договорот и да ги вовлече уште еднаш двете влади во судир една спротив друга, македонските револуционери подготвија серија на уцени со бомби (атентати) во Југославија, една од нив се случи во самиот Пирот на 3 март 1930, со резултат еден мртов и дваесет и пет ранети, додека втората бомба фрлена во Струмица на 9 март уби југословенски офицер и рани петанесет други личности.Овие атентати доведоа до состојба на затегнатост меѓу Југославија и Бугарија што бараше интрвенција од големите сили во Софија и Белград." - PRO FO 371/14317 C 5316/82/7.

[151] Димитров И., Българо-италиански. . стр. 156-157.

влог за нејзината добра волја, јасно да покаже дека таа не ги заштитува и охрабрува субверзивните бугарски елементи на југословенската тариторија.

лада го следеше првиот дел од овој совет, но е веројатно дека таа сеуште ги охрабрува и помага некои од бугарските политички бегалци во Југославија, употребувајќи ги како контрашпиуни со намера, ако потребите нараснат, да ги употребат како оружје за била каква освета против идните терористички акти извршени од македонските револуционери. Од своја страна, бугарската влада итно реагираше на советот и изврши известен број затворања; но во моментов кога ова се пишува, не е можно да се оцени дали ќе постигнат успех во декларираната намера да ги изведат сите револуционери, директно или индиректно вмешани во атентатите, пред судовите, без оглед на нивните позиции, соодветно да се накажат оние што ќе бидат најдени за криви."[153]

Потребата од повеќе сознанија за македонското револуционерно движење и завземањето ставови околу него, наметнале во Одделението за Југоисточна Европа во 1929 година да се подготви посебен материјал на оваа тема. Нацртите на подготвениот материјал биле испраќани за мислење и до британските дипломатски претставништва во Софија, Белград, Атина. Повеќе надополнувања се направени од амбасадорите во Белград и во Софија. Како дефинитивен овој материјал е умножен на 1 јули 1930 година со наслов "Потеклото на Македонската револуционерна организација и нејзината историја по Големата војна"[154] На овој документ се имаме веќе осврнато. Тука ќе ги дадеме само костатациите во врска со британското ангажирање околу македонското прашање во Софија и Белград.

Откако ќе ги констатира состојбите во кои се наоѓаат бугарската и југословенската влада во поглед на можноста за нивна поблиска соработка и пречките што во тој поглед ги претставува ВМРО, се истакнува следново: "Владата на Неговото височество, дури веднаш после војната завзеде линија,

---

[152] Avramovski Z., Britanci.. kn. I, str. 645.
[153] PRO FO 371/14317 C 5316/82/7.
[154] PRO FO 371/14317 C 5316/82/7. "The Origins of the Macedonian Revolutionary Organisation and its History since the Great War."

дека работа на бугарската влада е да стане господар во својата куќа и да ја држи Македонската револуционерна организација во ред, додека, истовремено, југословенската влада мора да ја подобри локалната администрација и да го помири локалното население со владеењето на Југославија." Натаму се набројуваат направаните интервенци на кои веќе се задржавме и тоа: во ноември 1927 година; во јули 1928 година, во почетокот на 1929 година и јули 1929 година во врска со ратификација на одлуките од Пиротската конференција и последната од 1930 година после атентатите.

Односите меѓу Бугарија и Југославија и влијанието што треба да се изврши врз нив, а во врска со решавање на македонското прашање, се предмет на расправа меѓу новиот британски амабсадор со Софија, Сиднеј Ватерлоу (Sydney Waterlow) и министерството во Лондон. Во претходната глава изнесовме поопширно од мислењето на Ватерлоу околу решавањето на македонското прашање и одговорот на ова мислење во Министерството.[155] Тука би укажале на посебната активност што ја развива овој дипломат, а на која постои и поопширен осврт во бугарската историографија.[156] Меѓу другото Ватерлоу превзел и патување во Белград да се запознае одблизу со југословенските ставови, додека и британскиот амбасадор од Белград Хендерсон, со истата цел, ќе престојува во Софија.[157] Информации прибирал од разни извори. Преку аташето за печат, Тахауер, кој бил особено близок со членови на ЦК на ВМРО, како и со претседателот на Националниот комитет на македонските братства д-р А. Станишев, на одделни средби, покрај дознавање за ставовите на ВМРО имал за цел и да порача дека треба да се прекине

---

155 PRO FO 371/7377 C 4187/82/7

156 Vasilev V.A., Great Britain and the Macedonian Question. .. p.224 -230. "Посебно активен беше британскиот ополномоштен министар во Софија, Сиднеј Ватерлоу, кој после избивањето на новата криза во бугарско-југословенските односи буквално секој ден ги прашал Љапчев и Буров за информации околу напредокот на мерките против ВМРО. Со цел да биде повеќе користен на својата влада тој превзел сериозно проучување на Македонското прашање и за сржот на бугарско-југословенскиот спор." На стр. 224.

157 Врз основа на италијанските дипломатски извештаи постои мислење дека главна цел на Посетата на Софија на британсјиот амбасадор од Белград, Хендерсон, била преку италијанскиот амбасадор да се влијае Италија и Британија да го истиснат влијанието на Франција од Југославија. Види: Димитров Илчо, Българо-италиански политически отношения, София, 1976, стр. 156-157.

со револуционерната активност и дека времето сеуште не е дојдено за поставување на македонското прашање.[158] Негова заслуга се сметаат и внесувањата на некои елементи во новиот меморандум многу по поволно, според гледањето на бугарските историчари, за бугарските претензии. Интересен е и случајот кога истиот дипломат преку дописникот на "Тајмс" од Софија, Никола Антонов, настојувал да дознае за идните намери на Михајловистите. При ова, преку посредници, од страна на ВМРО се настојувало пред Друштвото на народите да се постави прашањето за малцинските права, во која смисла и британскиот дипломат ургирал во Лондон, но тоа не е прифатено.[159]

Во 1931 година иако се регистрирани неколку помали погранични инциденти и упади од бугарска територија, не е забележано некое позначајно затегнување на бугарско-југословенските односи (освен во случајот со нападот врз југословенското претставништво во Софија), и исто така, нема ангажирање во овој поглед на британската дипломатија.[160]

Пограничните инциденти и упади од бугарска територија продолжиле и во 1932 година. Во врска со нив се настојувало да се бара решение преку Мешовитата комисија. Од југословенска страна е побарано Велика Британија да интервенира во Софија да се спречат евентуалните манифестации и протести во Софија против Југославија на ден 27 ноември (кога е потпишан мировниот договор). "Амбасадорот во Софија сметаше дека стравувањето на неговиот југословенски колега не е без основа и добил овластувања да ја извести бугарската влада, дека владата на Неговото височество од неа чека да даде придонес на европското попуштање, заудувајќи ги непослушните македонски елементи."[161]

[158] Vasilev V.A., Great Britain and the Macedonian Question.. . стр. 224-225.
[159] Исто ... стр. 229-230.
[160] Avramovski Z., Britanci o Kraljevini Jugoslaviji. Kniga druga (1931-1938), Zagreb, 1986 str. 17-19.
[161] Исто ... стр. 90.

## 4. Односот кон балканските конференции и Балканскиот пакт

Во 1933 година веќе настанува нова ситуација како во односите меѓу големите сили, така и во односите меѓу балканските држави. Во изминатите години влијанието на големите сили врз односите и положбата на балканските држави, неоспорно, било силно и значајно. Во погоре изнесеното настојување и на Балканскиот Полуостров да се пренесе "духот на Локарно", иако под влијание на одредена голема сила, сепак се содржи и еден елемент на согледување меѓусебните односи балканските држави да ги решаваат сами без влијание од големите сили. Ваква идеја особено била актуелизирана во 1929 година кога идејата за зближување на балканските народи и нивната еманципација од влијанието на големите сили ќе биде поттикната, меѓу другото, и од предлогот за создавање на паневропска унија, а и од настапувањето на големата економска криза која предизвикала во заштита на своите економски интереси балканските држави да побарат начин за солидарно заедничко настапување на европскиот пазар.[162] Откако не наишла на прием првата идеја, изнесена од грчка страна, да се свика една интерпарламентрана балканска конференција, на Дваесет и седмиот конгрес за мир (во организација на Лигата за мир и Бирото за мир) одржан во Атина (6 до 10 октомври 1929 г.), прифатена е резолуција со која се предвидува свикување на балкански конференции на кои би се разгледувало прашањето за обединување на балканските народи. Предвидено било и првата ваква конференција да се одржи во Атина, за кое Бирото за мир испратило покани до сите балкански држави. Оваа иницијатива, покрената од незванични владини организации, била, всушност, прифатена и зад неа стоеле и владите на балканските држави. Во британското министерство за надворешни работи се собираат инфор-

[162] Аврамовски Живко, Енглеска и питање Балканског пакта 1930-1933. године, во: Светска економска криза 1929-1934 године и њен одраз у земљама Југоисточне Европе.- САНУ, Балканолошки институт, Посебна издања, Књ. 6, Боеград, 1976, стр. 115.

мации за одзивот кон оваа идеја и се донесува оценка "дека идејата за балканска унија сеуште е утопија, додека незваничните балкански конференции би можеле да помогнат да се создаде подобро разбирање меѓу балканските земји."[163] Може да се констатира дека британското влијание е пресудно Бугарија да прифати да учествува на Првата балканска конференција.[164] Во наредните години се одржуваат вкупно четири Балкански конференции со учество на сите балкански земји и во разни градови.[165] И за бугарското учество на Вто-рата балканска конференција забележена е интервенција на британската дипломатија како пресудна. При ова, се настојувало бугарската делегација на конференцијата да не го покренува малцинското прашање, нешто, што редо-вно предизвикувало расправии при организирањето на конференциите пора-ди упорнаста на Бугарија преку овој форум да се наметне на Југославија признавањето на "бугарски" малцински права во Вардарска Македонија. Во овој поглед во прилог и било и покренувањето за малцински права во Југо-славија од страна на делегцијата од Албанија пред организирањето на Третата балканска конференција, зад што стоеле интересите на Италија.

Кога ги изнесовме гледањата на британската дипломатија во врска со предлозите за создавање на извесни сојузи и доближувања меѓу Грција и Бугарија се задржавме и на активностите на турскиот министер за надворешни работи, Арас и на Е. Венизелос по склучувањето на Договорот меѓу Бугарија и Турција,[166] Пактот за пријателство меѓу Југославија и Грчка[167] и

---

[163] PRO FO 371 14350 C 3520/62 - белешка кон извештајот од Атина од 17. 05. 1930, направена од Серџант на 5. 06. 1930. - Цитиран според: Аврамовски Ж., Енглеска и питање.. стр.116-117.

[164] Аврамовски Ж., Енглеска и питање.. . стр. 118-119.

[165] Првата Балканска конференција е одржана во Атина од 5 до 12 октомври 1930 година; Другата Балканска конференција одржана е во Цариград од 20 до 25 октомври 1931 година; Третатта Балканска конференција во Букурешт од 22 до 26 октомври 1932 година и Четвртатта Балканска конференција во Солун од 5 до 11 ноември 1933 година.- Види: Историја на македонскиот народ, том четврти... стр. 191-192. Опширно кај Аврамовски Ж., Енглеска и питање. . стр. 115-136.

[166] Ugovor o neutralnosti, pomirenu, sudskom poravnjanju i arbitrazi izmedu Bugarske i Turske, Angora 6. Mart 1929. -Vo: Balkanski ugovorni odnosi..II tom, str. 309-315.

[167] Pakt prijateljstva, mirenja i sudskog raspravljanja izmedu Jugoslavije i Grcke, Beograd, 27. Mart 1929, Vo: Balkanski ugovorni odnosi. . II tom, str. 315-323.

Договорот меѓу Грција и Турција[168] да се склучат такви договори и меѓу Бугарија и Грција и Бугарија и Југославија. Британската дипломатија, видовме дека ги охрабрува активностите на меѓусебно разбирање на балканските држави, но, истовремено и настојува да согледа во некои од нив и скриени намери за изолирање на друга држава, под влијание на Франција или Италија, особено на последнава со нејзината политика на Балканскиот Полуостров. Одржувањето на Балканските конференции со учество на неофицијални личности било можност за изнесување и предлагање на чекори кои во најголема мерка ќе ги доближат балканските држави за склучување на соодветен пакт меѓу нив. Така и под влијание на веќе постојни договори за пријателства и соработка на Третата Балканска конференција веќе се разгледувал и еден нацрт за балкански пакт, но не се донесува одлука поради одбивањето на Бугарија.

Во 1933 година со доаѓањето на власт во Германија на Националсоцијалистичката партија на Хитлер положбата во Европа значително се менува. Малите балкански држави се плашат од можниот директориум на четирите големи сили (В. Британија, Франција, Италија и Германија) и настојуваат својата одбрана да ја зајакнат со меѓусебните договори, а и со склучувањето на Балканскиот пакт, за кој веќе се расправало во предходната година. Оттука и на Четвртата Балканска конференција во Солун на 11 ноември 1933 година дошло и до потпишување на проект за балкански пакт од страна на сите балкански држави учеснички. При потпишувањето на овој проект бугарската делегација поставила резерва дека тој може да биде склучен само под услов на Бугарија да и се признаат еднакви права во односите со останатите балкански држави и стриктно да се применуваат договорите за малцинствата.[169] Балканските конференции ја завршиле својата улога и натаму владите на земјите директно ќе ги продолжат договарањата околу создавањето на Балканскиот пакт. Во есента 1933 година продолжува и трен-

[168] Ugovor o prijateljstvu, neutralnosti i arbitrazi izmedu Grcke i Turske, Ankara, 30. Oktobar 1930- Vo: Balkanski ugovorni odnosi…II tom, str. 344-350.
[169] Аврамовски Ж., Енглеска и питање Балканског пакта.. стр. 144.

дот на склучување нови договори,[170] а пред нив, во Женева на 16 февруари 1933 година е потпишан и Пакт за организацијата на Малата антанта, со цел поголемо обезбедување на овој сојуз формиран по Првата светска војна, под закрила и настојување на Франција, да се постигне подобра заштита од опасноста која се насетува од Германија.[171] Создавањето на Балканскиот пакт со цел балканските држави да не се напаѓаат меѓу себе и да се прифати арбитража со цел да се сочува status quo на територијалните прашања, во рамките на Друштвото на народите, наидува на поткрепа од Франција. Есента 1933 година и Британскто министерство за надворешни работи го анализира прашањето за склучување на Балкански пакт и заклучува: "Балканските држави, освен Бугарија, предвидуваат дека е пожелно да го обезбедат својот полуостров од проширување на можни судири северно од нив. Дали тие очекувања се основани или не се, збратимувањето што тие го покренаа исцело е во сообразност со британските интереси".[172]

Самиот Пакт е потпишан во Атина на 9 февруари 1934 година,[173] од министрите за надворешни работи на Југославија, Грција, Романија и Турција, додека Бугарија не се приклучува бидејќи одбивала да го признае територијалниот status quo, а Албанија, под влијание на Италија, исто така не го потпишува овој Пакт.[174] Јасно е дека и овој пат обидите за обединување или пак соработка меѓу балканските држави и натаму ги спречува постоењето на македонското прашање кое оневозможува било каква вистинска и трајна соработка меѓу Југославија и Бугарија, бидејќи и пацификацијата на Балканскиот Полуостров не е можна без југословенско-бугарското зближување.[175]

---

[170] Pakt o srdacnom savezu izmedu Grcke i Turske, Ankara, 14. Septembar 1933. - Vo: Balkanski ugovorni odnosi . .II tom, str. 373-374; Ugovor o prijateljstvu, nenapadanju, arbitrazi i izmirenju izmedu Rumunije i Turske, Ankara, 17. Oktobar 1933. - vo: Isto.. str. 374-379. - Ugovor o prijateljstvu, o nenapadanju, o sudskom raspravljanju, o arbitrazi i o koncilijaciji izmedu Kraljevine Jugoslavije i Republike Turske, Beograd, 27. Novembar 1933. - vo: Isto.. str. 379-386.

[171] Pakt o organizaciji Male Antante -Vo: Isto. . str. 360-363.

[172] Цитирано според Аврамовски Ж., Енглеска и питање Балканског пакта.. стр. 144.

[173] Pakt balkanskog sporazuma izmedu Jugoslavije, Grcke, Rumunije i Turske, - Vo: Balkanski ugovorni odnosi.. . II tom, str. 387-388.

[174] Британскиот амбасадор од Белград во својот годишен извештај за 1933 година го констатира следново: " За жал заокружувањето на балканското Локарно уште не може да биде остварено, делумно поради италијанскиот став кон Албанија, а делумно бидејќи Бугарија сеуште не е готова да ги заборави своите понижувања од 1913 и 1919, да отстапи од своите

Во 1933 година и доаѓа до извесно зближување меѓу Југославија и Бугарија, што го регистрира и британскиот амбасадор во Белград. Заслуги за ова се припишуваат на посетата на делегација од Српската православна црква на Бугарија во м. мај 1933 г. и на трите средби во текот на есента, истата година, меѓу Кралот Александар и царот Борис (на 18 септември на железничка станица во Белград при враќањето на цар Борис од Париз; на 2 октомври во Евксиноград кога Александар ги обиколува балканските држави за да се потпише Балканскиот пакт, а од 10 до 13 декември Борис е во официјална посета на Белград). Амбасадорот известува: "Најголема пречка во успешното збратимување не претставува толку бугарскиот народ колку македонскиот елемент во Бугарија. Сепак, и во врска со Македонија се осмелувам да изнесам еден парадокс којшто во иднина може да се обвистини. Денес Македонија е јаболко да раздор, но таа најпосле може да стане спојка меѓу двата народа." Во моментов, смета амбасдорот, Југославија не е подготвена за било какви територијални отстапки за да ја задоволи бугарската влада. Понатаму амбасадорот препорачува:

"Исто така, не е препорачлива, ниту целисходна, било каква измена на положбата во Македонија. Од чисто македонско становиште, најдобро би било населението од оваа покраина да се остави на мир и да не биде мачено со нови измени на неговата и онака пореметена положба.... А што се однесува до автономија, за која наводно се залага Македонската револуционерна организација, во интерес е на самите Македонци, со оглед на заостанатоста на оваа покраина, таа мора да се отфрли."[176]

---

поранешни политички амбиции, да се повлече од барањата за ревизија на границите, односно да воведе ред во сопствената куќа со заузудување на македонскиот елемент во редовите на своето население." - Avramovski Z., Britanci.. Knjiga druga, str. 150.

[175] За Балканскиот пакт види: Krizman Bogdan, Vanjska politika Jugoslavenske drzave 1918-1941, Diplomatsko-historijski pregled, Zagreb, 1975, str. 66-68. - Bystricky Valerian, Diplomatski razvoj u Jugoistocnoj Evropi 1932-1934. (Nastanak Balkanskog pakta 1934.), Radovi 11, Sveuciliste u Zagrebu-Institut za hrvatsku povijest, Zagreb 1978, str. 281-407. - Цветков Пламен, Европйските сили, Балканите и колективната сигурност 1933-1935, София 1990, 208 стр. - Аврамовски Живко, Европске силе и склапање Балканског споразума, во: Понови проучувања на Југоисточна Европа, Скопје 1981, стр. 311-326.

[176] Avramovski Z., Britanci... Knjiga druga, str. 150-151.

Во врска со Балканскиот пакт и неговото непотпишување од страна на Бугарија во бугарската историогафија постои мислење дека "непосреден повод за Балканскиот пакт беше настојувањето да се попречи на бугарско-југословенското зближување. Во името на разбирањето со Белград во 1933 г. бугарската влада го одби предлогот да се приклучи кон турско-грчкото групирање. Истовремено југословенската влада одлучи да подржи една четворострана соработка нацочена против Бугарија."[177] Обиколена Бугарија излезот пак го побарала преку зближување со Југославија да ја намали острината на Балканскиот пакт против Бугарија. Владата на Народниот блок ја продолжи линијата за договор со Белград воспоставена од Демократскиот зговор. Кон зајакнувањето на оваа линија ќе дојде по превратот во Софија на 19 мај 1934 година. "Во конкретниов случај таа беше олеснета од околноста, дека и по потпишувањето на Балканскиот пакт Југославија не ја криеше желбата да го продолжи зближувањето со Бугарија, а оваа желба беше поткрепувана од Англија, Франција и Чехословачка."[178]

Во своите настојувања за прикажување на што покомплетна слика на настаните во Бугарија и особено на нејзината надворешна политика во периодот кога балканските држави веќе се наоѓаат пред потпишувањето на Балканскиот пакт, британскиот амбасадор во Софија, Ватерлоу, во извештај упатен до министерот Џон Сајмон (John Simon) од 16 ноември 1933 год., констатира: "Меѓу факторите кои сега придонесуваат кон подобрување на односите на Бугарија со соседните земји, а посебно со Југославија, се чувствата на одбојност кон македонските револуционери предизвикани од нивните крвави расправии, кои и нанесуваат многу штета на Бугарија во странство. Иако, ова чувство не е доволно силно за да надвладее врз општите

[177] Димитров И., Българо-италиянски политички отношения.. стр. 228. Види и: Данева-Михова Христина, Нóкои аспекти на дипломатическата подготовка на Балканския пакт (1934).- В чест на акдемик Димитър Косев, БАН, София, 1974, стр. 293-307. За бугрската надворешна политика и посебно односите Балкански пакт и Бугарија, види: Бистрицки В., За българската външна политика през 30-те години, во: Иследвания по българската история т. 2, Външната политика на България (1878-1944), БАН, София,1978, стр.336-383. Извесно сумирање на договарањата околу склучувањето на Балканскиот пакт, во посебен дел од својот годишен извештај за 1934 година напишал и британскиот амбасадор од Белград.Види:Avramovski Z., Britanci. . kn. 2, str. 240-243.

[178] Димитров И., Българо-италиянски.... .стр. 228-229.

симпатии кон легитимните македонски аспирации, тоа сепак помогна јавното мислење да ја одобри акцијата на владата на задржување во концентрационен логор лицата од ривалските фракции затворени минатиот јули во Софија како сомнителни, меѓу кои дванаесет Михајловисти и седумнаесет Протогеровисти, вклучувајќи ги двајцата водачи, Шанданов и Главинчев, сеуште останати во притвор."[179]

Амбасадорот продолжува со следнава констатација: "Општо верување е дека задоцнетата одлука вака да се покаже се должи на директивата диктирана од царот Борис, кој самиот се убедил дека е дојдено времето да се отстранат клеветите нанесени од срамните банди врз бугарскиот карактер. Како и да е, ова може да бидат превентивни мерки приспособени по нив да уследи комплетен прекин на македонската крвна освета."[180]

Во 1934 година не се забележени интервенции од британска страна, било во Софија било во Белград, во врска со решавање на некои судири меѓу нив, а кои беа присутни особено во дваесетите години. Напротив, годишниот извештај на британскиот амбасдор од Белград регистрира повеќе значајни високи посети разменети меѓу двете земји (меѓу кои и таа на кралот Александар на Софија 27-30 септември), манифестации на добри односи и зближување, нешто што се постигнало со "потполнување на јазот меѓу двата народи со остатоците од Македонската револуционерна организација."[181]

---

[179] PRO FO 371/16651 C 10615/66/7.

[180] Дека затворањето на македонските револуционери на 25 јуни 1933 година е извршено "со личното ангажирање на царот, наредувајќи му на претстедателот на владата Н. Мушанов да се справи "со македонската организација", констатирал и З. Тодоровски во цитираната книга "ВМРО 1924-1934", стр. 231, при ова интернирањето на протогеровистите: П. Шанданов, М. Шкартов, Л. Главинчев и М. Чегански го смета како настојување да бидат "заштитени од куршумите на михајловистичките терористи".

[181] Avramovski Z., Britanci.. knjiga druga, str. 238.

## 5. Односот кон Албанија

Од интрес за британската дипломатија било и следењето на сите настани поврзани со Албанија, посебно во врска со заштита на свои интреси, интресите на Грција и делувањето на овој терен на Италија, Кралството на СХС и на Франција. Британскиот интерес бил пред сѐ од економски карактер да се обезбеди за Англиско-персиската компанија исклучив монопол за експлоатација на нафтата.[182] Во повеќе прашања кои на меѓународната сцена се поставувале во врска со Албанија дипломатијата на Велика Британија секогаш поаѓала од тоа да спречи превагнување не влијанието на Франција, посебно во дваесетите години, а потоа и да ги зауздува, колку може и аспирациите на Италија. Во врска со Македонија и македонското прашање, што се однесува на некоја британска акција поврзана со Албанија доминира до 1925 година прашањето за разгриничување меѓу Кралството на СХС и Албанија, поточно прашањето за границата кај Манастирот Св. Наум на Охридското Езеро. Иако границата меѓу Србија и Албанија, воглавно, е одредена во Лондон 1913 и 1914 година, поради избивањето на Првата светска војна, еден мал дел од Грамос до Охридското Езеро останал неутврден. Прашањето за оваа граница било поставено прво пред Друштвото на народите, а потоа пренесено на решавање кај Амбасадорската конференција.[183] Владата на

---

[182] Todorovic D., Jugoslavija i balkanske drzave.. str. 236. За интересите нз В. Британија во Албанија сведочи и британскиот министер за надворешни работи Остин Чемберлен, кој во септември 1926 година бил со семјството гостин на Мусолини и со него разменил повеќе мислења за односите меѓу двете земји и посебно за Албанија. Чемберлен го "убедил Мусолини, дека Британија има само економски интереси во Албанија и дека тие се коректно регулирани со Италијанско-англиската спогодба за нафтата." -Види: Gleni Misa, Balkan 1804-1999. (II deo), Beograd 2001, str. 117-118.

[183] Во македонската историографија за разграничувањето кај Св. Наум посебна монографија објави Милчо Балевски врз основа на документи од Дипломатскот архив во Белград, како и на литература. Види: Балевски Милчо, Балканските политички прилики и дипломатските битки за манастирот Св. Наум, Скопје, 1984, 267 стр.

Одделна студија по ова прашање објави и д-р Десанка Тодоровиќ. - Тодоровиќ Д., Проблеми на разграничувањето меѓу Кралството на СХС и Република Албанија кај манастирот Свети Наум, Гласник на ИНИ, год. 20, бр. 1, Скопје 1976.

Кралството на СХС со цел да изврши притисок околу решавањето на овој граничен спор, во 1924 година во Белград објавува збирка "Документи о питању границе са Албанијом код Манастира Св. Наума. Министарство спољних послова Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца".[184] И во овие документи се изнесени одделни мислења за британскиот став по ова прашање, а во прилог е објавен и Меморандумот поднесен од Британската амбасада во Париз до Амбасадорската конфренција од 14 април 1924 г. за разгледувањето на ова прашање од 1913 година па до 1924 година и британската определба по него.[185] На прашањето за границата кај Св. Наум во своите годишни извештаи се задржува и амбасадорот од Белград, и тоа: во извештајот за 1922 г. кога констатира дека отпочнала со работа Меѓународната комисија за утврдување на границата;[186] во извештајот за 1924 година, кога покрај Амбасадорската конференција во прашањето е ангажиран и Меѓународнот суд на правдата, цврстиот став на СХС и работата на Географскиот комитет при Амбасадорската конференција;[187] и во извештајот за 1925 година кога дошло до "крајното разграничување меѓу двете земји" со осврт на текот на преговорите и доближувањето на ставовите на Албанија и СХС, што било и пресудно.[188] Секако, едно истражување на согледувањата на британските офицери ангажирани во Меѓународната комисија за одредување на границата во секторот од Грамос до Св. Наум, како полковникот Џајлз (Giles), а и на британскиот дипломат Лампсон од посетата во 1924 година на Охрид,[189] би ги откриле состојбите на македонското население во тој крај.

Во врска со македонското прашање, поточно во врска со делувањето на македонски револуционери од територијата на Албанија, британската дипло-

---

Во наведените дела се зафатени и ставовите на британската дипломатија и причините за нивното вакво делување поради што тука на нив не се задржуваме.

[184] Неколку италијански документи во врска со ова прашање неодамна се објавени во превод на македонски јазик. Види: Италијански дипломатски документи за Македонија, том 1, книга 1, 1918-1924, Скопје, ДАРМ, 2001. -

[185] Исто, стр. 334-336.

[186] Avramovski Z., Britanci.. . kn. 1, str. 103.

[187] Исто.. стр. 234-235.

[188] Исто . . стр.291-292.

[189] Тодоровиќ Д., Проблеми. . стр. 75-76.

матија се има ангажирано во 1928 година. Всушност, во м. февруари 1928 година владата на СХС упатила до албанската влада нота да превземе соодветни мерки во спречување на "активностите на македонските агитатори на албанската граница, особено во близината на Корча, кадешто, според мислењето на тукашните власти, им е одобрен азил на албанската територија".[190] Во врска со ова е и интервенцијата на претставникот на СХС во Лондон кој барал поткрепа против "активностите и интригите на Македонците во Бугарија и Албанија. Во британското министерство за надворешни работи на Ѓуриќ му е "речено дека сер Остин Чемберлен примајќи го неодамна албанскиот амбасадор во Лондон, му укажал на потребата неговата влада да се спротивстави на сите македонски агитации на својата територија - се смета во Форин Офис дека ова мислење сигурно ќе биде пренесено во Рим."[191]

Во врска со дипломатската активност на В. Британија на Балканот во периодот 1932-1934 година присутно е мислењето дека "Велика Британија не покажува премногу голем интерес за конкретна и дипломатска активност на Балканот."[192] До активирање на британската дипломатија ќе дојде по посетата на грчкиот министер за надворшни работи, Максимос, на Лондон во почетокот на м. февруари 1934 г., иако амбасадорот од Софија и порано и препорачувал на британската влада службено да се ангажира на југословенското-бугарското зближување. На бугарскиот цар Борис, кога во есента 1933 година го посетил Лондон, му се давани сугестии од британски политичари да ги подобри односите со Белград. Претседателот на Балканскиот комитет Е. Бојл (E. Boyle) барал британската влада да се ангажира во зближувањето на двете земји, но владта на ова не реагирала. Дури кога разговорите за Балканскиот пакт стигнале во завршна фаза дошла изјавата на министе-

[190] Avramovski Z., Britanci.. . kn. 1, str. 507-508.
[191] ДАРМ М 1923 - AMAE, Paris, S. Europe. 1918-1929, Bulgarie, vol. 51, p. 7r-8r - London, 2.03. 1928. Извешај на францускиот амбасадор Флерио до Министерството во Париз. - Треба да се очекува дека на Лондон му била позната големата поткрепа што ВМРО и македонските револуционери ја имале од Италија. Во ова смисла интересен е и престојот на Н. Томалевски во Рим, во 1927 г., кога барал да се обезбеди преку Албанија префрлање на чети од ВМРО во Македонија. Види: Димитров И., Българо-италиански политически отношения.. стр.112.
[192] Bystricky, Valepian, Diplomatski razvoj u Jugoistocnoj Evropi 1932-1934. ..str. 391.

рот за надворешни работи Џон Сајмон (John Simon) дека В. Британија нема да се меша во преговорите, но ставил на знаење дека предлага и Бугарија да се приклучи кон планираниот пакт.[193] Околу ангажирање на британската дипломатија да биде и Бугарија вклучена во Балканскиот пакт, врз основа на британски дипломатски извештаи, повеќе податоци дава Аврамовски во студија посветена на "Европските сили и склучувањето на Балканската спогодба".[194]

---

[193] Исто, стр. 391-392.
[194] Аврамовски Живко, Европске силе и склапање Балканског споразума.- во: Понови проучувања на Југоисточна Европа, Скопје 1981, стр.323-326.

## V глава

# ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ВО ВЕЛИКА БРИТАНИЈА ЗА МАКЕДОНИЈА

## 1. Пропагандите и јавното мислење во Велика Британија

Јавното мислење во Велика Британија, само по себе, претставува една обемна и сложена материја во која се испреплетени повеќе чинители. Во македонската историографија присутни се неколку прилози во кои на еден или друг начин се расветлувани поедини моменти присутни во британското јавно мислење, посебно околу Илинденското востание[1] и Париската мировна конференција.[2] Повеќе пати цитираната од нас Британска библиографија за Македонија од проф. Христо Андонов-Полјански, на свој начин, дава извесна слика и за ова прашање. За јавното мислење во Велика Британија во врска со Македонија присутни се и некои прилози на автори од други земји. За периодот кој ние го зафаќаме покомплетна е студијата на историчарот од Белград, Вук Винавер која е достапна на македонската јавност.[3] Веќе во претходните глави го цитиравме зборникот со одбрани статии за Илинденското востание од англискиот печат објавен во Софија.[4] Нашиот интерес, во случајов, би бил повеќе свртен кон тоа да откриеме, колку тоа е можно, како и од

---

[1] Андонов-Полјански Христо, Илинденските одгласи во Велика Британија.-сп."Разгледи" г.2, кн. 5 (1955); Истиот, Илинденското востание и меѓународната јавност. Кон осумдесетгодишнината од Илинденското востание (1903-1983), Скопје, Мисла, 1985; заедно со други автори: Странскиот печат за Илинденското востание, Скопје 1953.
Пандевски Манол, Македонофилското движење во Западна Европа во 1903 година - Документи, Скопје 1995.
Катарџиев Иван, Хенри Ноел Брејлсфорд и ослободителнта борба на македонскиот народ, Во книгата: Хенри Ноел Брејлсфорд, Македонија, 2002, стр. 11-43.

[2] Андонов-Полјански Христо, Велика Британија и македонското прашање на Париската мировна конференција во 1919 година, стр.59-68 "Британското јавно мислење за поставеноста на македонското прашање на Париската мировна конференција"

[3] Винавер Вук, Англиското јавно мислење за Македонија од 1919-1926. - во Гласник на Институтот за национална историја, год. IX, бр. 1, стр. 29-63.

[4] Английският печат за Илинденско-Преображенското въстание 1903 г., Съставител Златина Николова, Македонски научен институт, София, 1998.

што зависело формирњето на британското јавно мислење за Македонија и неговото користење, како од британската дипломатија, така и од државите заинтересирани околу македонското прашање.

Без да навлегуваме во прашањето за тоа што претставува јавноста и јавното мислење,[5] во Велика Британија него го наоѓаме изразено во печатот (весници, списанија, книги), посебно во активностите на одделни друштва и здруженија (организирање на предавања и други манифестации, објавување на резолуции и други документи и материјали преку кои се искажуваат ставовите), како и искажаното во највисокиот законодвен орган во Парламентот. Да се влијае врз британското јавно мислење во своја корист преку разни средства на пропаганда, а со тоа, на извесен начин, и на одлуките што ги донесувала британската влада за поедини прашања, биле парашања на кои се посветувало големо внимание. Секако, кај јавното мислење во Велика Британија најголем интерес се појавува во моментите на револуционерни и воени активности и на поголеми ангажирања на дипломатијата по одделни прашања. Така и македонското прашање уште во XIX-от век се појавува не само на страниците на весниците во Лондон, туку и во Парламентот.[6]

Веќе го засегнавме интересот кај британската јавност за настаните во Македонија, особено по Илинденското востание и при одржувањето на Париската мировна конференција, но е доста присутен и во врска со настаните во Македонија и односите меѓу балканските држави и во годините 1924 - 1926, а потоа и во 1928-1934.

---

[5] За ова прашање интересни се согледувањата на Меѓународната комисија за проучување на проблемот на комуникацијата, формирана од УНЕСКО, а изнесени во нивниот извештај објавен како книга: Mnogo glasova jedan svet, Izd. TANJUG, Beograd, 1980 str. 217-223.

[6] Таков е случајот кога после српско-бугарската војна во 1885 година се појавуваат статии за тоа дали Македонија е"бугарска" или "српска" и какво е влијанието на пансловените, така што во весникот "Pall Mall Gazette" (2.01 и 16. 02 1885 год.) се застапувани бугарскиот и српскиот поглед на македонското прашање. Забележена е по ова прашање и бурна дебата во Парламентот на 24.02 1885 г. која довела "до поделба на пратениците".- Види: Растовиќ Александар, Велика Британија и Србија 1878-1889, Београд 2000, стр. 141-146 "Британска политика и штампа о Старој Србији и Македонији".

Британската дипломатија во формирањето на сопственото јавно мислење, како и на прашањето за влијанието на пропагандите од другите земји, било да се непријателски или сојузнички, во формирањето на британското јавно мислење, посветува посебно внимание и ангажирање на сите можни средства со кои се располага. Ова било посебно важно за време на војните, како што е случајот со Првата светска војна кога "веројатно пропагандата играше најголема улога."[7] Во постојната литература се одбележува организацијата на британската пропаганда за време на Првата светска војна, а и потоа, како најефикасна, и се одвивала при домашната јавност преку Бирото за печат, а во дипломатскиот домен преку Одделението за информации при Министерството за надворешни работи, додека за воената пропаганда биле формирани посебни служби (Wellington House) и потоа Министерство за информации.[8]

Какви ставови завземале овие специјални служби, посебно во врска со македонското прашање може да се дознае во рамките на поширокиот интерес на британската дипломатија по прашања, какви што се привлекувањето на Бугарија на страната на Алијансата, односите со Србија и Грција, како сојузници во војната, кои и какви да бидат наследниците на големите империи поразени во војната (Австро-унгарија и Отоманската империја). По сите овие прашања се ангажирани врвни познавачи меѓу британските научници и новинари.[9] Од телата формирани за пропагандни активности до британската

---

[7] Lloyd Geoge David, The Truth about the Peace Treaites, 2 vol., London, 1938, vol. II, p. 1.118.

[8] Kitsikis Dimitri, Propagande et pressions en politique international.. p.14-15.

[9] Доста илустатвен во оваа смисла е примерот на истакнатиот новинар Хенри Викам Стид (Henry Wickham Steed), од весникот "Times", од 1919 г. и негов директор, член на британската делегација на Париската мировна конференција, кој во врска со пропагандните активности во 1916 година изнесува следни заклучоци: "Согласувајќи се потполно дека расцепкувањето на Австро-Унгарија и ослободувањето на народите завладеани од Хабзбурговците е неопходно за да се спречат пангерманските планови, одлучивме да не ја ограничуваме нашата пишувана пропаганда и истовремено да формираме со нашето списание "New Europe" едно друштво од нас наречено: Српското друштво во Велика Британија (The Serbian Society of Great Britain)"- Ова Х. В. Стид го изнесува во неговата двотомна книга на сеќавања Through Thirty Years, 1892-1922. London 1924, а преведена е и на француски во 1927 г., со ова тој го открива и вистинскиот мотив и интерес во извесно пропагандно дејство (во случајот Австро-Унгарија). Во оваа пропагандна дејност биле ангажирани: проф. Масарик, подоцна прв претседател на Чехословачка, д-р Ситон Вотсон (Seton- Watson), ректорот на Кралскиот колеџ од Лондон д-р Роналд Бароус (Ronald Burrows) и самиот Стид, кои одлучиле да го издаваат списанието "New

влада се упатуваат предлози за завземање на став по одделни прашања. Секако, на прво место и најголемо внимание е посветувано на сузбивање на германската пропаганда, додека за делувањето на Балканот, според искажувањето на Х. В. Стид, "непостоењето кај сојузничките влади на една чисто одредена балканска политика.. ја правеше скоро непрактична вистинската пропаганда во Бугарија". Така, на 25 мај 1918 година, од Британската војна мисија (British War Mission) која го заменува Одделението за непријателска пропаганда (Enemy Propaganda Department) до министерот за надворешни работи Балфур е испратен меморандум во кој се разгледуваат прашањата за пропагандата во врска со Бугарија, а во рамките на ова се предлага и решение за македонското прашање.

Интересот да се отргне Бугарија од Централните сили (сојузот со Германија и Австро - Унгарија) и со тоа да се олесни на Алијансата во тешките моменти кога веќе не може да се смета на Русија,[10] наметнал и во документот што бил испратен до министерот Балфур од лордот Нортлиф (Northeliffe)[11] да се појават старите размислувања на британската дипломатија за отстапување на делови од Македонија од страна на Србија и Грција на Бугарија, или ако тоа неможе да се постигне да се работи на "создавање Автономна Македонија". На ова писмо на лордот Нортлиф министерот, на 6 јуни 1918 година, одговорил дека "е наполно согласен со генералната линија

---

Eourope". Што се однесува до Српското друштво, Стид наведува дека целта била"да го подготви развитокот на обединувањето на Словените на југот и да подготви пат за договор меѓу Јужните Словени и Италија, погоден да ги неутралзира лошите ефекти од Лондонскиот договор. Друштвото треба да има во составот само британски државјани." Прв претседател бил лордот Кромер (Cromer), потоа претседател бил Стид. Во него членувале истакнати политичари, научници (Sir Edward Carson, Ronald McNeill, lord Treowen, H.M. Hyndman). Под претседатлство на лордот Кромер на Лондон, на првата седница на ова Друштво одржана на 24 октомври 1916 г., одлучено е".. Главната задача на Српското друштво е да го охрабри создавањето на една Држава на Јужните Словени.." - Цитирано според: Kitsikis Dimitri, Propagande et pressions en politique internationale, Paris 1963, p. 125-127.

[10] За ова повеќе види кај Катарџиев Иван, Борба до победа, 4, Студии и статии, Скопје 1983, стр.180-184.

[11] За моќниот магнат во британскиот печат,сопственик на "Times" и на "Daily Mail", кој предизвикувал и смени во британската влада, Алфред Хамсворт (Alfred Harmsworth) повеќе познат под името лорд Нортклиф, види кај Kitsikis D., Propagand et pressions..p. 127, каде е цитирано и мислењето: "Лордот Нортклиф организираше план на пропаганда најефикасна од која било позната во модерната историја".

на оваа политика."[12] Овие предлози од компетентна британска служба и нивното прифаќање од страна на министерот за надворешни работи се повод за засилување на пропагандните и други активности на Србија и Грција во Лондон, предводени од Јован Јовановиќ и Андре Михалакопулос. Така Ј. Јовановиќ, кој е еден од столбовите на српската пропаганда за Македонија, во Лондон, не случајно, ја има задачата да влијае кај британската влада во врска со решавањето на македонското прашање, а истовремено со Н. Пашиќ и да го насочуваат и српското дејствување.[13]

Андре Михалакопулос во 1918 година лично од Венизелос и од грчкиот министер за надворешни работи, Николас Политис, е поставен да раководи, советува и надгледува со работата на лицата веќе ангажирани во грчката пропаганда во Лондон.[14] Во долго писмо упатено до Венизелос и Политис, А. Михалакопулос ќе направи осврт врз состојбата на грчката пропаганда во Лондон, во кој треба да се направи "најголемиот дел од работата, не само бидејќи бугарофилијата, за жал, тука е длабоко вкоренета, но исто така бидејќи во повеќе домени Лондон влијае, исто така, и врз Соединетите Држа-

[12] Писмото на лордот Нортклиф е составено од експертите во наведената служба: Х. В. Стид и Ситон Вотсон., обајцата познати поради нивната блискос со грчките и српските дипломати во Лондон и врски со Атина и Белград. Самиот Стид подоцна во своите сеќавања за ова вели: "Всушност работата на Балканот беше повеќето негативна одошто позитивна. На 25 мај 1918 редактиравме за лордот Нортклиф писмо упатено до г. Балфур во кое се предла-гала основата врз која може да отпочне сојузничката пропаганда против Бугарија, а која го содржела следново: "Ако е невозможно со убедување и притисок доброволно Србија и Грција да ја отстапат етнографска Македонија на Бугарија, може да се основа Автономна Македонија." - види: Kitsikis Dimitri, Propagande et pressions .. .p. 134-135.

[13] Катарџиев Иван, Борба до победа 4, стр. 183-190 разгледува извештаи на Јовановиќ до Пашиќ со сугестиите за делувањето на Србија, а го цитира од писмото на лордот Нортклиф делот за Македонија:"Ако се покаже дека е невозможно да се постигне успех со убедување или притисок, за да го примат Србија или Грција етнографскиот принцип за бугарска Македонија, - само автономијата на Македонија, создадена со меѓународна жандармерија би дала достатен отпор против српската или грчката и бугарската пропаганда и би воспоставила ред и мир во Областа. Посебната полза од создавањето на една автономна Македонија би била уште во тоа што самите македонски Бугари ќе ја претпочитаат автономијата пред непосредното присоединување кон Бугарија"

[14] Види писмата на Венизелос и Политис до Михалакопулос објавени кај Kitsikis D. Propagande et pressions.. p. 99-104.

ви.."[15] Во него и изнесува сугестии како и со кого да се реализира поставената му задача.

Британското јавно мислење и британската јавност, во врска со македонското прашање, покрај тоа што се изложени на делувањето на пропагандите од Грција, Србија и Бугарија, ќе се сретне и со апелите од Македонците за помош во решавање на македонското прашање во полза на македонскиот народ. Така, на 16 август 1919 г."The Times" со наслов "Македонски апел до Париз", го објавува упатениот директно до уредникот на весникот апел од Генералниот совет на македонските друштва во Швајцарија.[16] Истиот весник на 17 октомври 1919 г. објавува и втор апел од македонските друштва во Швајцарија.[17] Сепак, во Лондон и во Велика Британија нема ниту од страна на британски институции и јавни работници, ниту од страна на македонски организации, здруженија или поединци Македонци формирано било какво тело кое ќе ги застапува, пропагира и брани вистинските интереси на македонскиот народ, како што тоа го правеле македонските друштва преку нивниот Генерален совет во Швајцарија.

Во македонската историографија забележени се намерите на ВМРО, изнесени во "Извештај" за пропагандната активност на ВМРО во странство, поднесен од Ив. Михајлов во кој се залагал за "засилување на активностите во Англија која до тогаш била препуштена на Балканскиот комитет"[18] Инте-

---

[15] Писмото од 3/16 јуни 1918 г. содржи повеќе податоци за грчката пропаганда и во поглед на Македонија поради што врз него ќе се осврнеме и понатаму. Објавено е во целина од Кицикис. Исто.. стр. 104-115.

[16] Во превод на македонски јазик, овој апел е обајавен во: Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том први, Скопје, 1981, стр. 618-619. За него податоци дава и Андонов-Полјански Хр., Велика Британија и македонското прашање.. стр. 60.

[17] Андонов-Полјански Хр., Велика Британија и македонското прашање.. стр. 60.

[18] Тодоровски З., ВМРО...стр.80-81. Истиот од преписката меѓу И. Михајлов и А. Протогеров наведува дека И. Михајлов "се залагал за формирање на "Англиско-бугарски или Македонско-англиски комитет" во Лондон со задача "како што имал Балканскиот комитет" и би работел "само на македонските проблеми". При ова, интересно е што од таа преписка се извлекува став на И. Михајлов "каузата на Македонците не може да се идентификува со онаа на официјална Бугарија", а при тоа да се испуштат од вид изнесените констатации, дека во својата пропагандна дејност во странство "ВМРО имала и свои легални претставници во бугарските дипломатски и конзуларни претставништва во Рим, Виена, Истамбул, Тирана и Белград, кои паралелно работеле и за оганизацијата"., како и тесната поврзаност на Организацијата на И. Михајлов со бугарската влада (Цанков и особено Љапчев) и бугарскиот

ресите на ВМРО да развие пропагандна дејност биле, во Велика Британија "како една од најголемите европски сили и мошне влијателна во меѓународните политички конференции и форуми, да добие дипломатска подршка во решавањето на македонското прашање. Наоѓајќи подршка кај политичките лидери на Либералната партија, кои го застапувале мислењето дека македонското прашање е неправилно решено по Првата светска војна, раководството на ВМРО полагало големи надежи во англиската дипломатија за реализирање на својата "минимална програма", односно остварувањето на малцинските права на "македонските Бугари" во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија".[19] Со ставови на британската дипломатија кон ВМРО и нејзината дејност имавме можност делумно да се запознаеме и преку изнесеното во претходните глави, како на пр. односот кон петициите до Друштвото на народите зад кои стои ВМРО, како и во упорните барања на британската дипломатија упатувани во Софија да се спречи и укине делувањето на ВМРО како пречка во односите со Југославија и Грција. За дејноста на ВМРО и воопшто на македонското револуционерно движење, ќе се најдат значаен број на прилози во британскиот печат, на што посебно ќе се осврнеме.

---

кралски двор. - Исто, .. стр. 82. Истиот автор во "Златна книга -100 години ВМРО" Скопје, 1993, на стр. 172 наведува, дека ВМРО "успеала да организира своја надворшно политичко-дипломатска мрежа со силно развиена разузнувачко-информативна служба со свои постојани и повремени претставници во: Рим, Тирана, Истамбул, Париз, Лондон, Загреб, Белград, Солун и други центри. Исто така, Организациата располагала и со свои легални претставници во бугарските дипломатски и конзуларни служби... благодарение на личното посредување на Иван Михајлов и Александар Протогеров со претседателот на бугарската влада Андреј Љапчев и со министерот за надворешни работи, Атанас Буров."

[19] Исто..стр. 81-82.

## 2. Делувањето на Балканскиот комитет

Нашата констатација, погоре изнесена, дека во Лондон и Велика Британија нема оганизација или институција организирана од властите во таа земја за заштита на вистинските интереси на македонскиот народ, не го исклучува постоењето на организации, друштва, поединци кои пројавуваат не само интерес за настаните во Македонија, туку и со средствата со кои располагаат делуваат да се измени или олесни положбата на македонскиот народ, се во духот на една длабока хуманост. Тие се и значаен фактор во формирањето на јавното мислење, а како такви и со извесно влијание и врз британската дипломатија. Во Лондон најжива активност, покрај грчките и српските организации и пропагандни средства, во врска со Македонија, пројавува Балканскиот комитет. Во врска со него и неговата дејност во македонската историографија искажана е следнава констатација: "Македонската јавност, исто така, не е доволно суштински запозната со конкретната активност на разните невладини организации. Особено не е доволно проучена активноста на Балканскиот комитет во Лондон. Тој многу повеќе од бројните културни, научни, хуманитарни и др. здруженија , имал значајно место во формирањето на политиката на Форин Офис спрема македонското прашање. Често бил трансмисија на британската политика кон македонското, како балканско, но и како македонско, национално прашање"[20] Оваа и други слични упатувања на дејноста на Балканскиот комитет се обврска поопширно да се задржиме на неговото основање, состав, делување и гледања искажани за неговата активност.

---

[20] Катарџиев Иван, Хенри Ноел Брејсфорд и ослободителната борба на македонскиот народ.- Предговор во книгата: Брејлсфорд Хенри Ноел, Македонија. Нејзините народи и нејзината иднина, Скопје, 2002, стр. 12. - На ова место авторот продолжува: "Постои во тој поглед одреден фонд на сознанија како резултат на проучувањата на покојниот Христо Андонов-Полјански. Тие се сврзани со одгласот на Илинденското востание во Англија, ангажирањето на одредени асоцијации од хуманитарен карактер во ублажување на последиците од поразеното востание, како и со односот на некои политички партии. Меѓутоа, тој фонд на сознанија има ограничен временски период. Тие главно се сврзани со периодот пред, во време и по Востанието. А тоа повеќе од сигурно не е доволно за продлабочено познавање на

Балканскиот комитет е формиран кон крајот на м. јули 1903 г. Неговото формирање, составот и целите што си ги поставува при формирањето на јавноста се соопштени преку весникот "Daily News".[21] Со наслов "Балканската опасност. Формирање на комитет за да го пробуди општествениот интерес" во статијата се соопштува: "Во врска со константните немири на Блискиот Исток, за кои се смета дека ја достигнаа својата врвна точка, неколку истакнати општественици формирале "Балкански комитет". Претседател е високопочитуваниот Џемс Брајс,[22] член на Парламенотот... Ни соопштија дека основна цел на Комитетот е да придонесе за вистинското разбирање на сегашната состојба во Европска Турција и одново да го пробуди интересот на јавноста кон судбината на балканските народи, нешто што го бараат како хуманитарните цели, така и одговорноста што нашата земја ја презеде со Берлинскиот договор.

Комитетот ќе настојува со помош на предавања, памфлети, статии во печатот и прашања во Парламенотот да се добие и да се распростани точна информација не само за секојдневните страдања на селаните, угнетувањето од земјопоседниците, војниците, даночниците, одмаздувањата од револуционерните чети, меѓусебната завист на христијанските народи и повеќе од вообичаените варварства од оваа година; но исто така и факти, коишто, иако се помалку очигледни, не се помалку фундементални - од една страна безнадежот во чекањето на "реформи" како резултат на дејствувањето на турската влада и, од друга страна - прогресот , направен од слободните луѓе."[23]

---

интересот на Англија и на англиското општество кон македонскиот проблем, карактерот на тоа интересирање, и особено на сознанијата што во Англија се формулирале за суштината на прашањето."

[21] "Daily News", 28 July 1903.- Английският печат за Илинденско-Преображенското въстание 1903 г., София 1998, документ бр. 25, стр. 119-122.

[22] Џемс Брајс (J. Bryce), (1838-1922) бил истакнат историчар и дипломат, по потекло од Шкотска, професор по граѓанско право на Оксфордскиот универзитет, на истакнати положаи во владата на В. Гледстон, потсекретар во министерството за надворешни работи, 1907-1913 г. бил амбасадор во Вашингтон, од неговите дела од областа на историјата најпозната е книгата "Светата римска империја". Претседател на Балканскиот комитет бил до 1907 г., кога го заменува Ноел Бакстон.

[23] Во продолжение на статијата се наведува дека Комитетот ќе соработува со слични организации формирани во Италија и Франција заради заедничко делување во подобрување на судбината на балканските народи. Во статијата се дадени и имињата на лицата коишто се

Весникот "Manchester Guardian" веднаш по формирањето на Комитетот ќе го објави следново соопштение: "Силниот Балкански комитет, којшто беше формиран за да информира и да го усмерува јавното мислење во врска со Блискоисточното прашање, е радосен бидејќи го има за свој претседател г-нот Брајс. Во тек на многу години - многу пред англиско - ерменската агитација - г-нот Брајс непрекинато работел во корист на христијаните на Исток. Задоволувачки е исто така да се одбележи, дека разликите во религиозното воспитување не им попречија на епископот од Востер и Кенан Скот Холанд и на д-р Клифард, одново да се обединат во името на старата кауза за слободата на Истокот, за која што во минатото тие направија херојска услуга. Исто така заслужува да бидат одбележени и имињата на двајцата помлади приврзаници на каузата - г-н Д. Маколи Тревелиан, автор на "Англија од времето на Виклиф" и г-н Хју Лоу, син на ирскиот претседател на Домот на Лордовите и претставник на еден од окрузите на Донигал. Да се надеваме, дека новиот Комитет ќе направи за Македонија сѐ и повеќе одошто направи за информирање на англиското јавно мислење за Ерменија комитетот Гронер Хаус."[24]

На формирањето и задачите на Балканскиот комитет поопширно ќе се осврне во 1930 година неговиот тогашен претседател сер Едвард Бојл (Edward Boyle)[25], кога се нашол побуден да го брани Балканскиот комитет од нападите, дека "тој понекогаш е претставуван како збирка на интриганти, вдахновени од пристрастни погледи, исклучиво бугарски и без било каква важност. Во друг случај него го сметат како зла сила, која заткулисно има голе-

---

приклучиле на Балканскиот комитет: опатот Барнет, Х. Н. Брејлсфорд, Чарлс Бакстон, Ноел Бакстон, Џорџ Кедбарн, д-р Клифард, Џ. П. Гуч, лорд Е. Фицмориц член на Парламентот, Х. Гледстон член на Парламентот, епископот од Хардворт, опатот Скот Холанд, Хју Лоу член на Парламентот, Ф. У. Лоуранс, опатот МакКол, К. Ф. Г. Мастарман, Х. Невинсон, мис Ричардсон, Ф. Г. Томас, К. П. Тревелиан член на Парламентот, Џорџ Тревелиан, Л. Вилари, П.У. Вилснон, епоскопот од Востер и како секретар Р. А. Скот Џемс. - Со некои од овие имиња и натаму ќе се среќаваме и при тоа ќе настојуваме да дадеме повеќе податоци за нив.

[24] "Manchester Guardian", 30 July 1903.- види: Англиският печат... док. Бр. 26, стр. 122-123.

[25] Едвард Бојл, како претседател на Балканскиот комитет, со својата дејност и ставови се покажува како еден од "групата на англиски политичари кои биле пробугарски ориентирани и ја застапувале тезата за бугарската националност на Македонците" - Аврамовски Ж., Британската диплоатија и македоското прашање.. стр.415.- Во прилог на ова посебно јасно зборуваат неговите блиски контакти со бугарскиот претставник во Лондон Хаџи Мишев,

мо влијание во политиката на Велика Британија".[26] Откако ќе ги цитира имињата на истакнати англиски научници, познавачи и почитувачи на грчката историја и меѓународните односи, ќе наведе: "Комитетот е основан пред скоро 30 години од г. Ноел Бакстон и неговиот брат г. Чарлс Роден Бакстон. Семејството Бакстон во сеќавањето на јавноста било со цели поколенија поврзано со разни хуманитарни каузи. Фоуел Бакстон беше една од најистакнатите фигури во кампањата за ослободувањето на робовите, точно пред 100 години, а оттогаш наваму семејството Бакстон заземаше истакнато место во изнесувањето пред јавноста на правата на поробените внатре и надвор од границите на Велика Британија. "[27]

За целите што си ги поставил Балканскиот комитет, Е. Бојл во статијата наведува:"Две беа целите што ги инспирираа основачите на Балканскиот комитет: да го помогнат делото на слободата во Југоисточна Европа; да ги помогнат оние балкански земји кои неодамна си ја извојуваа слободата

---

посетите и приемот во Софија и ангажирањето околу поткрепа на петициите на Шалев и др. во Друштвото на народите. (види Косев Д., Външната политика на България.. стр. 175-180)

[26] Статијата "Балканскиот комитет", како одговор на честите српски и грчки обвинувања, дека "бил бугарофилски или под влијание на македонскиот комитет" од сер Едвар Бојл е објавена во весникот "Македонска Трибуна", год. 4, бр. 195 од 6 ноември 1930 година. Делови од оваа статија се објавени во книгата Михайлов Иван, Спомени, кн. 3, стр. 102-104.

[27] Ноел Едвард Бакстон (Noel Edward Buxton) (1869-1948) - лорд - истакнат јавен и политички деец; член на Лабуристката партија и на Парламентот. Од 1907 г. претседател на Балканскиот комитет, во 1924 г. министер за земјоделие во лабуристичката влада. Автор на повеќе статии во весници и списанија за Балканот, како и на книгата (заедно со братот Чарлс) "The War and the Balkans", London 1915 - во која ја покренале идеата за автонома Македонија. Од неговиот голем интерес за Македонија и неколку патувања во неа прооизлегле и повеќе статии во весници и списанија и книгите: "Europe and the Turks", London 1907, и второ издание во 1912 година. (Ги опфатил и прашањата за реформите, за автонимија на Македонија "Македонија на Македонците", активноста и составот на Балканскиот комитет и др.); "Future of Macedonia" London, s.a.- памфлет, издание на Балканскиот комитет. Балканскиот комитет го објавил и памфлетот составен заедно со De Bunsen V. "Macedonian Massacres. Photos from Macedonia." London 1907, кој всушност е повик за помош. Во врска со Мировната конференција ја објавува книгата заедо со Leese L.C., "Balkan Problems and European Peace", London 1919. За неговите впечатоци од Балканските војни ја напишал книгата "With the Bulgarian Staff", London 1913. За неговиот живот види: Andersen M., Noel Buxton; a life, London 1952.

Чарлс Роден Бакстон (Charles Roden Buxton) (1875-1942), јавен и политички деец, член на Лабуристичката партија и на Парламенот, автор е на книгата "Turkey in Revolution", London 1909, како и на објавената заедно со братот "Војните и Балканот", а третиот брат Леланд Бакстон е автор на книга за Македонија: Leland Buxton, The Black Sheep of the Balkan, London 1920.

да се зајакнат; и второ, да издејствуваат некои мерки за правата на оние малцинства коишто останаа турски државјани,"[28] Ваквите поставени цели привлекле повеќе истакнати личности од британската јавност, кои, на еден или друг начин, биле во контакт со Балканот. "Членството на Балканскиот комитет секогаш било составено од независни и незванични лица... има членови на двата дома, бивши официјални лица, бивши конзули и аташеа, чиешто минато искуство е од огромна цена."[29] Комитетот немал своја просторија и седниците се одржувани во просториите на Парламентот, свикувани, најчесто, да се чујат впечатоците од патување во балканските земји или прием на некоја истакната личност или делегација од некоја од балканските држави. [30]

Дејноста на Балканскиот комитет во истата статија, Е.Бојл ја дели на три фази: "Во првата фаза на предна линија беше македонското прашање. Комитетот најде за неопходно од почеток да притекне со помош во пари, којашто на самото место беше раздавана од г. Брејлсфорд... Другата фаза, којашто дојде по оваа, беше Балканската војна, во текот на која Комитетот ја подржуваше политиката на Балканскиот сојуз. Најпосле, имаме период по војната, којшто е значаен со постапките на Комитетот да се омекнат строгите услови наметнати врз Бугарија со договорите за мир, да се дојде до едно разрешување на македонското прашање и да се расчисти патот за враќање на политиката на Балканскиот сојуз во интерес на мирот и напредокот на целиот Полуостров."[31]

Собирањето и делењето на помош на македонското население настрадано во Илинденското востание наишло во британската јавност на широк одзив. [32] Веќе спомнатата група водена од Брејлсфорд за делење на помошта на лице место, а која престојувала повеќе месеци, остави траги за оваа деј-

---

[28] Михайлов И., Спомени, кн. 3, стр. 103.
[29] Исто. Стр. 103. Во статијата се наведени: Едит Дархам; сер Артур Еванс; полковникот Обреј Харберт и новинарите Хенри Невинсон и Ноел Брејлсфорд."Еден од најредовните и најмногу ценетите посетувачи беше покојниот Џемс Баучер, дописникот на в. "Тајмс"".
[30] Исто . . стр. 103.
[31] Исто, стр. 103.
[32] "Daily News, 3 October 1903; "Times", 9 October 1903 .

ност со објавување на книги за Македонија и македонското прашање или статии во весници и списанија. Со групата извесно време бил и Ноел Бакстон, а и леди Гроган. Сепак, највпечатлив е прилогот од самиот Брејлсфорд преку објавувањето на книгата "Македонија", кон која, како релевантен извор се однесувале и во Министерството за надворешни работи во Лондон,[33] а и современата македонска истриографија.[34] Во Лондон во 1918 година се подготвувало ново издание на ова дело. Ова предизвикало реакција кај грчките претставници во Лондон со организирање објавување на книги кои се во прилог на нивната пропаганда.[35]

Ако се осврнеме на дејноста на Балканскиот комитет, во третата фаза, според одредувањата од Бојл, на прво место се активностите поврзани со Париската мировна конференција. Во духот на традиционалниот интерес на Комитетот и неговите членови за Македонија и нејзината судбина тие внимателно ги следат настаните околу Конференцијата и истапуваат со предлози и мислења во приватни писма до високи функционери во Министерството за надворешни работи или со резолуции донесени на седници. Таков е случајот со обраќање на лордот Брајс до лордот Роберт Сесил со писмо, на 1 април 1919 г., во кое се искажува за потребата од плебисцит во Македонија.[36] Ноел Бакстон ќе оствари повеќе контакти со британските дипломати и неговите предлози за решавање на македонското прашање ги изнел и во посебен ме-

---

[33] PRO FO 371/14317 C 5316/82/7 - Книгата од Брејлсфорд е наведена во користената литература за изработката на елабортот "Потеклото на Македонската револуционерна организација и нејзината историја после Големата војна"

[34] Види предговорот на Катарџиев кон : Брејлсфорд, Македонија.. стр.11-43..

[35] Во еден од своите први извештаи по назначувањето на местото амбасадор во Лондон, на 29 јуни 1918 г., Д. Какламанос (Caclamanos), пред министерот за надворешни работи во Атина, настојува да се објави книга која би зборувала во прилог на грчките интереси, без оглед колку тоа би чинело, бидејќи "Разбрав дека фамозната книга на Брејлсфорд за Македонија, којашто е извор на толку грешки во пресудувањето на балканските работи , е исцрпена и на пат да биде преиздадена. Ние треба на нејзе да спротивставиме едно значајно дело, добро документирано, колку е можно во наш интерес." - Kitsikis D., Propagande et pressions.. p.141-142; 164-165.

[36] PRO FO 608/38 - Lord Bryce-Lord Robert Cecil, 1.IV.1919.- Андоновски-Полјански Х., Велика Британија и македонското прашање.. стр. 65.

моар до министерот А. Ј. Балфур во прилог на писмо од 16 мај 1919 година.[37] Проблемот на плебисцитот и малцинските права ги поставил во писмата до: Е. Крове (E. Crowe) од 21 јули 1919 г.; Хедлам - Морли (Headlam-Morley) од 24 јули 1919 г. и Г. Кларк (G. Clarc) од 27 јули 1919 г.[38] Лордот Н. Бакстон заедно со Лис Л. Ц. во 1919 г. ја објавил и книгата "Балканските проблеми и европскиот мир".

Во врска со Мировната конференција и предлози за начинот на решавање на македонскто прашање, Балканскиот комитет на седница на 3 јули 1919 г. усвојува резолуција со која се бара плебисцит на Балканот и се залага и за принципот за самоопределување.[39] По донесувањето на мировните договори Комитетот на седница на 2 декември 1919 г. донел резолуција со која се протестирало против територијалните решенија на Конференцијата како флагрантно кршење на принципот за самоопределување.[40] Дејноста на Комитетот веднаш го привлекла вниманието на грчкиот амбасадор во Лондон и тој на 8 јули 1919 г. телеграфски ја известил делегацијата во Париз за содржината на резолуцијата на Б. Комитет.[41] Од неа, особено ја подвлекол опасноста од непризнавањето на одлуките на Букурешкиот договор.

Членовите на Балканскиот комитет, покрај упатувањето писма и усвојувањето на резолуции, во периодот на Мировната конференција развиле жива активност во придобивање и заедичко делување со претставници на

---

[37] PRO FO 608/30 - Андоновско-Полјански Х., Велика Британија и македонското прашање... стр.65 се осврнува на содржината на меморандумот: самоопределување, гаранции од Друштвото на народите, плебисцит "гарантирањето автономија на Македонија" и алтернативни решенија за Солун.
[38] PRO FO 608/44 – Исто. стр. 65.
[39] PRO FO 608/44 - Исто.. стр. 64.
[40] PRO FO 608/44 - Исто ...стр. 64.
[41] Телеграмата испратена од Какламанос гласи: "Балканскиот комитет оживеа заради потребите на каузата, на седница усвоија резолуција велејќи дека тие ги разгледале со длабока вознемиреност "тенденциите да се заснова уредувањето на Балканот врз принцип кој се состои од рекомпензација на пријателите и накажување на непријателите". Тој бара да биде применет и во работите на Балканот принципот на самоопределување преку плебисцит и анкети спроведени од неутрални. Го изразува особено своето длабоко верување дека сите проекти "на поделба на Македонија меѓу Грција и Србија, без да биде консултирана желбата на населението, ќе се судрат со длабоката желба на мнозинството и ќе предизвикаат востание кое ќе води кон неизбежна војна". Комитетот го осудува договорот од Букурешт од 1913 и тајниот договор од Лондон со Италија" - Kitsikis D., Propagande et pressions. . p.275.

САД во решавањето на македонското прашање. За овие активности го наоѓаме следново сумирано искажување околу развиената голема пропаганда во печатот по македонското прашање: "Така во оваа борба за придобивање на печатот, во април и септември 1919, ги наоѓаме на ова поле особено про-Бугарите Брејлсфорд, Баучер, Бакстон, Лиз кои наидоа на прием во весниците на левите, либералите и социјалистите, какви што се "Manchester Guardian", "Daily Chronicle", "Daily News" и "Daily Herald", а кои се наоѓаа и околу стариот Балкански комитет. Овие личности не само што бараат Бугарија да ја сочува Тракија,[42] но инсистираат врз нивните стари убедувања според кои Македонија е етнолошки бугарска и според тоа треба да и припадне на Бугарија, или најмалку да се оформи во автономна држава со одземање од Србија и Грција. Тие се потпираат врз Вилсон и неговите приврзеници во САД и упатија повик за помош до американскиот претстедател. Така во почетокот на август 1919 Баучер и Бакстон му телеграфирале на Вилсон во оваа смисла.[43] Всушност, врските меѓу мировниците, либералите и социјалистите од Англија со тие од САД датираат од времето на војната."[44]

Не случајно грчкиот историчар меѓу имињата на лицата од Балканскиот комитет како најактивен го наведува и името на Џемс Баучер (James David Bourchier).[45] Тој е дописник на в. "Times" од Балканот од 1888 година.

---

[42] На Париската мировна конфренција прашањето за Тракија е оставено отворено за подоцнешно решавање, и тоа по инсистирање на претставникот на В. Британија. Тоа дефинитивно е решено со договор од Севр, 10 август 1920 г.

[43] Изгледа се мисли на Меморандумот од Џемс Баучер од 26 фвруари 1919 г. (види Документи за борбата.. кн. 1, док. Бр. 393, стр. 606-607), при што при испраќањето на овој документ до претседателот В. Вилсон обезбедил подршка од видни британски, американски и француски општествени, научни и културни дејци. Андонов-Полјански Х., Велика Британија и македонското прашање.. стр. 87.

[44] Kitsikis D., Propagande et pressions.. p.287. Понатаму, истиот автор на стр. 289 открива повеќе детали околу врските на Н. Бакстон и Х.Н. Брејлсфор посебно со полковникот Хауз (colonel Edward Mandell House) и редакцијата на неделното списание "New Republic", уредувано и од Волтер Липман (Walter Lippmann). До полковникот Хауз, член на делегацијата на САД на Мировната конференција, сметан за "десна рака на претседателот Вилсон", се упатувани и молбите на Македонците организирани во Женева. - види: Историја на македонскиот народ, т. четврти, стр. 124. Види и The Intimate Paperss of Colonel House, vol. I-iv, London 1926-1928.

[45] По смртта на Баучер неговата сорабитничка и активен член на Б. комитет, Лејди Гроган објавува книга за неговиот живот. (Lady Grogan, The Life of the J. D. Bourchier, London 1926.)

Како и Брејлсфорд бил на о. Крит за време на востанието во 1896 год. и многу одблизу ги следел сите настани на Балканскиот Полуостров. Присутно е мислењето дека преку "двата главни извори за информации, коишто биле, исто така, и најзначајни на светот, агенцијата Ројтер и в. "Times" се влијаело на меѓународното јавно мислење," а со тоа е и големото влијание на Баучер врз британското јавно мислење.[46]

Активноста на Џ. Баучер во информирањето на британската јавност за положбата во Македонија не секогаш наидувала на поткрепа од званичните власти, а во некои случаи бил спречуван. Од интерес да не се наштети на Турција, а подоцна и на Грција, било спречувано објавување на негови вести и статии. Ваков е случајот од 1914 г. кога за ова се жали во писмо до Н. Бакстон,[47] а ние во претходните глави видовме со каков коментар за меморандумот на Баучер се однесол дипломатот Харолд Николсон. Сепак, одржувањето на Мировната конференција е прилика Баучер да ги вложи сите свои сили, до смртта во 1920 година, македонското прашање да се постави и реши соодветно на желбите на народот во Македонија. Во в. "Times", објавува на 8 јануари 1919 г. статија за новите граници на Балканот.[48] Во статијата објавена во в. " The Manchester Guardian " на 30 јули 1919 г. со наслов "Македонското прашање" се залага македонското прашње како интегрално балканско прашање единствено да се реши со автономијата.[49] Во статиите што ги објавил во текот на Мировната конференција во списанија доследно ја брани потребата од автономија за Македонија и го осудува односот кон македон-

---

[46] Kitsikis D., Propagande et pressions.. p. 85. Авторот во делувањто на Баучер до Балканските војни гледа и како одраз на британските интереси да го истисне руското влијание од Бугарија и да наметне свое влијание во таа земја, како, во моментот најпогодна за делување на Балканот.

[47] Писмо од 7 март 1914 од Софија: "Непрекинато доаѓаат стотици бегалци во оваа земја од Македонија, пред се од деловите коишто сега се во владеење на Грците... Неможам ништо да објавам. Старата "конспиративна тишина" во корист на Турците, а сега обновена во корист на Грците, изгледа ги опфати сите главни лондонски весници. Дури ни списанијата не сакаат ништо да прифатат што е против нив, а за кланицата на Константин никогаш ништо не се открива." - Kitsikis D., Propagande et pressions. . . p.89.

[48] Андоновски-Полјански Х., Велика Британија и македонското прашање. . стр. 59.

[49] Исто . . стр. 61.

ското прашање на Конференцијата.[50] Неговиот Меморандум од 26 февруари 1919 г. упатен до британската влада со посредство на Ноел Бакстон, е игнориран од британската дипломатија, иако тој ќе најде подршка во Лондон кај Балканскиот комитет и други прогресивни научници и општествени дејци, а со благодарност бил примен и од Привременото претставништво на бившата Внатрешна организација со посредување на Пол Христов.[51]

Џ. Баучер бил убеден дека, сепак, настаните се одвивале така што е можно наскоро да дојде до остварување на идејата за создавање на автономна Македонија. Ова, според преписка од ноември 1920 година меѓу Ал. Протогеров и Христо Стаматов, го констатирал бугарскиот историчар В. А. Василев.[52]

Балканскиот комитет и неговите членови, видовме, дека веднаш по потпишувањето на Нејскиот договор реагирале со резолуција (2 декември 1919 г.) во знак на протест на усвоените решенија на Мировната конференција. Своите неслагања со ваквиот мировен договор, пратениците кои се и

[50] Исто... стр. 62 - Ги наведува статиите и основните ставови во нив. Во статијата објавена во "International Review" - The Fate of Macedonia, јули 1919, во залагањето за давање автономија на Македонија, покрај другото го напишал и следново: "Ако населението во Македонија не е ниту бугарско, ниту српско, ниту грчко, јавното разрешување на прашањето би бил да се создаде една автономна држава... Македонците, коишто својата народносна свест ја искажаа во многу очајувачки востанија и ја осветија со сопствената крв, имаат право барем да знаат врз која основа би биле предадени на нежната милост на нивните најголеми непријатели и потчинети на едно управување многу полошо од она на Турците." - види Михайлов И., Спомени, кн. 2, стр. 728-729.

[51] Андонов-Пол;јански Х., Велика Британија и македонското прашање. . . стр. 66-68.

[52] Василев Васил А., Правителството на БЗНС, ВМРО и българо-югославските отношения, София 1991, стр. 35 - "Специјално требе да се одбележи дејствувањето на познатиот публицист Џемс Баучер, признат познавач на македонското прашање, којшто се движи меѓу европските и балканските престолнини, се задржува со месеци во Софија и насекаде енергично ја истакнува неопходноста од давање самоуправа на Македонија. Во есента 1920 г., малку пред неговата смрт, тој ги охрабрува бугарската влада и јавноста, дека развитокот на меѓународните настани создал реални можности за остварување не само на автономијата на Западна Тракија, туку и на Македонија." - Во м. октомври 1920 г. Џ. Баучер бил особено ангажиран околу посетата на бугарскиот претстдател на владата, А. Стамболиски на Велика Британија. При оваа посета Стамболиски покрај средбите со претставниците на британската влада имал средби со повеќе членови на Балканскиот комитет на кои секогаш бил присутен Баучер (ручек приреден од Н. Бакстон, голем прием приреден од лејди Гроган, средба со лордот Брајс), а тој е и еден од организаторите на средбите во Кембриџ и во внатрешноста на Англија. - види: Топалов Владислав, Посещението на Александър Стамболийски във Великобритания, - во: Външната политика на България (1878-1944), Софија 1978, стр, 291-293.

членови на Б. комитет ги искажале во домовите на Парламентот при претресите на истиот. Овие говори, повеќето во прилог на бугарските интереси, во одделна брошура во Лондон ги објавил Џ. Баучер,[53] ги најдовме преиздадени во Женева,[54] а со содржината на некои од нив, посебно на излагањето на лордот Брајс во прилог на автономна Македонија веќе се задржавме во претходната глава.[55] Уште на 7 ноември 1918 г. во британскиот парламент во врска со судбината на Македонија поврзана со Мировната конференција, било поставено прашање од лордот Ноел Бакстон, со тоа што ја прашал владата како мисли да се ангажира во идната поделба на Балканот.[56]

Во 1919 година, есента, постои извесна врска меѓу лордот Н. Бакстон и Генералниот совет на Македонците во Швајцарија. Кога Генералниот совет му го доставил на Бакстон својот орган "L'Independance Macedonienne", тој со писмо од 20 ноември нерешавањето на македонското прашање го окарактеризирал како "кратковидна политика на Мировната конференција, која го игнорира овој критичен проблем на Балканот и тоа токму во часот кога и се пружила единствена поволна можност за трајно и мирољубиво решение."[57]

Во врска со активностите на Балканскиот комитет во периодот од 1920 до 1926 година немаме информации за некоја позначајна активност, иако не се исклучени одржувањата на состаноци и предавања и разговори на седници на Комитетот. Во овој период, а посебно за времето на владата на Александар Цанков, кога британската дипломатија работи и на симнувањето од власт на Цанков, Комитетот се држал во извесна резервираност и не се појавува. Со доаѓањето на владата на Андреј Љапчев настапуваат односи меѓу

[53] J. D. Bourchier,The Bulgarian Peace Treaty. London, Speeches delivered in the British Parliament, 1920.
[54] The Complaints of Macedonia, No 4-5-6, Geneva 1979. P 562-587.
[55] Интересна е забелешката направена од грчкиот историчар Китцикис во врска со говорот на лордот Брајс во Домот на лордовите: "Но овој последниов /се мисли на лордот Брајс - забелшка - С.Г.-Ј./ не ги постави под прашање правата на Грција ниту во Македонија, ниту во Тракија. Тој се зафати само со Србите и со Романците, коишто, според него, неправедливо присвоиле бугарски територии."- Kitsikis D., Propagande et pressions. . .p. 166.
[56] Андонов-Полјански Х., Велика Британија и македонското прашање. . . стр. 64.
[57] Кушевски В.Д., Македонското прашање во Друштвото на народте. . стр. 63.

Велика Британија и Бугарија кои влијаат и Балканскиот комитет да пројави извесна активност, пред сè во врска со поднесувањето петиции за признавање на малцинските права во Вардарска Македонија, што бугарската влада и ВМРО го имаат зацртано во моментот како ефикасно средство во својата пропаганда.[58]

Во 1927 година членови на Балканскиот комитет се во посета на Софија. Кога во октомври 1927 г. во Софија престојувал синот на Вилијам Гледстон со сопругата, се организирале манифестации пред хотелот во кој отседнал, во траење од два часа минувале манифестанти, меѓу кои најмногу бегалци од Македонија, носејќи пароли, меѓу кои и "Да се вратиме во својата земја, тоа е она што го бараме".[59] Сопругата, лејди Гледстон, била британски делегат на Советот на Меѓународниот сојуз на друштвата за Друштвото на народите кој одржал седница од 7 до 9 октомври. По нивното враќање, на седница одржана на 31 октомври, Балканскиот комитет усвојува резолуција во која се констатираат насилства врз населението во вардарска Македонија, тортури врз затворените студенти во Скопје, атентатите и др... "Балканскиот комитет смета, дека Британската влада треба да го подигне ова прашање во Советот на Друштвото на народите во духот на чл. 11, став 2 од Пактот на ДН, за на тој начин да се постигне спогодба меѓу Белград и Софија. Само една сериозна анкета, под покровителството и авторитетот на Друштвото на народите, може да доведе до едно прифатливо разрешување на ова прашање."[60] Иако како поткрепа на оваа резолуција во Парламентот се искажал лордот Ноел Бакстон, истата не е прифатена од Министерството за надворешни работи бидејќи се сметало дека "Ако некогаш воопшто Друштвото на

---

[58] "Политичко-пропагандната дејност на михајловистичката ВМРО во странство главно се остварувала:... ., а особено со бројните мемоари и меморандуми до Друштвото на народите во Женева, михајловистичката ВМРО настојувала да ја придобие европската општествена јавност за решавање на македонското прашање, задоволувајќи се, притоа, со признавање на малцинските права на населението во вардарскиот дел на Македонија." - Златна книга - 100 години ВМРО, .. стр. 185

[59] Василев В.А., Великобритания и македонският въпрос... стр.31.- види и Кушевски В.Д., Македонското прашање во Друштвото на народите ... стр.191-192.

[60] Михайлов Ив., Спомени, кн. 3. . .стр. 317.- Списанието "Near East" на 17 ноември 1927 г. објавува коментар на оваа реззолуција .- Исто . .стр. 317.

народите треба да се замеша во македонската расправија, тоа треба претходно да има обезбедено успех, а во моментот не постои ваква увереност. Полумерките не се корисни". [61]

Во 1927 год., октомври-ноември, Ч. Х. Греј патувал низ Македонија и ги соопштил своите согледувања од теренот. Врз основа на овие негови сознанија, Балканскиот комитет на 10 јули 1928 г. до Советот на Друштвото на народите испраќа петиција со барање да се формира анкетна комисија која ќе ја испита положбата на Македонците во Југославија. За оваа петиција и нејзината судбина веќе зборувавме во последните страници на третата глава.[62]

Ново ангажирање на Балканскиот комитет за малцинските права ќе уследи заедно со акцијата покрената од Софија (владата на Љапчев и ВМРО)[63], преку Македонци дојдени од вардарскиот дел на Македонија да се покрене прашањето во Женева. Тоа е познатата тричлена делегација: Димитар Шалев, Глигор Анастасов и Димитар Илиев, југословенски државјани и на одредени функции во вардарскиот дел на Македонија, кои преку Софија со петиции доаѓаат во Женева, а и во Лондон.[64] Намерата на делегација-

---

[61] Василев В. А., Исто стр. 31-32.

[62] Исто. . стр. 33 - Се задржува и на содржината на констатациите направени од Чарлс Греј за состојбата во Македонија. При разгледувањето и усвојувањето на петицијата на седницата на Балканскиот комитет "бил присутен и истакнатиот бугарски правник и народен пратеник, Петко Стајнов. Неговиот говор за меѓународната положба на Бугарија, опфаќајќи го и прашањето за бугарските малцинства и изгубените после војната територии, било ислушано со внимание од присутните членови на Комитетот."Поврзано со оваа петиција е и поставувањето прашање во Парламентот од лордот Пармур што има намера владата да превземе во врска со договорите за заштита на малцинствата. Одговорот бил дека не е соодветно времето за тоа.

[63] Косев Д., Външната полтика... стр. 174 :"Кон крајот на 1929 г. прврзениците на легалната борба во Македонија решиле да испратат во Женева делегација.. ' За улогата на ВМРО во испраќањето на оваа делегација во Друштвото на народите види: Тодоровски З., ВМРО. . стр.206.

[64] Врз петиционерската дејност на оваа тројка опширна ализа во македонската историографија направи проф. д-р Војо Кушевски. Види: Глава VI. Улогата и карактерот на петиционерската мисија на Димитар Шалев, Глигор Анастасов и Димитар Илиев во Женева (1929-1932). Во кн. Македонското прашање..стр. 187-232.Истиот, Целта и карактерот на петиционерската мисија на Димитар Шалев, Глигор Анастасов и Димитар Илиев во Друштвото на народите (од крајот на 1929 до 1932 година), I, II, Историја, Скопје, бр. 2, 1981, бр. 1, 1982.

та била да ги посетат Рим, Париз и Лондон, но "ЦК /на ВМРО- заб. -С. Г.-Ј./ се спротивел на намерата на Шалев и неговите другари да ги посетат Париз и Рим, одобрувајќи го само патувањето во Велика Британија со оглед на "силниот интерес за македонското прашање и можноста да се добијат големи резултати посебно во Лондон". Секако, на ваква одлука влијаел и фактот дека во 1929 г. на изборите повторно победува Лабуристчката партија со МекДоналд. И покрај овие препораки, сепак, петиционерите отишле во Париз и презеле и други чекори од нивната иницијатива".[65] Во Лондон[66] делегацијата била примена на една седница на Балканскиот комитет во која ги изложиле своите барања и зборувале за приликите на Балканот. Меѓу присутните на оваа седница биле забележени: Ноел Бакстон, Чарлс Бакстон, лордот Дикинсон, пратеникот Бен Рајли (Ben Rilay)[67] и други.[68] Пред оваа посета во Парламентот Чарлс Бакстон на 12 февруари 1930 год. поставил прашање до министерот А. Хендерсон, дали во Министерството е примена петицијата од Шалев, "а на таа петиција треба да и се обрне специјално внимание, бидејќи доаѓа направо од малцинството во земјата."[69]

Паралелно со активностите околу петицијата од Шалев и др. забележани се повеќе активности на Балканскиот комитет, посебно на неговиот претстедател Е. Бојл. За ова повеќе податоци има од извештаи на бугарскиот амбасадор Хаџи Мишев, испраќани до Софија. Така на средба (пред 1 март) Е. Бојл, "наш предан пријател", му дал од него подготвен, од името на пет

---

[65] Vasilev Vasil A., Great Britain and the Macedonian Question 1923-1931.- in: Etudes Historique, T. XII, Sofia 1984, p.221.

[66] Делегацијата со посредување на бугарскиот дипломатски претставник во Лондон и на Балканскиот комитет престојува кон крајот на м. јули 1930 г. и покрај сите настојувања таа не била примена од министерот А. Хендерсон, само била присутна на седница на Комитетот која ја водел Б. Рајли, во отсуство на Е. Бојл - Види: Косев Д., Външната политика на България. .. стр. 179 - 180.

[67] Во м. септември 1932 година во Скопје престојувале и се интересирале за положбата, пратенците Бен Рајли и Рајс Џ. Дејвис (Rhys J. Davis) и по враќањето објавиле брошура со впечатоци од Хрватска и Македонија - види: Михайлов И., Спомени, кн. 4, стр. 160.

[68] Исто. . стр. 130.

[69] Исто . . . стр. 128.

члена на Комитетот, меѓу кои и истакнатиот археолог Артур Џон Еванс (Sir Arthur John Evans)[70], меморандум. "Со тој меморандум, пишува Хаџи Мишев, Бојл го подготвува теренот за поактивно дејствување на Балканскиот комитет во корист на Бугарите во српска Македонија, при што се настојува на примена на клаузулите од мировниот договор за малцинствата. По молба на Бојл препис од меморандумот и писмото до Буров се испратени на Љапчев".[71] Бојл во меморандумот најавил, дека Балканскиот комитет, кој досега бил само набљудувач и не превземал никаква акција, сега, кога прашањето се покренувало и во Друштвото на народите, ќе се ангажирал за решавање на за Комитетот "најглавното прашање од проблемот на малцинствата на Балканот.. прашањето за Бугарите во српска Македонија."[72]

Во меморандумот од Бојл биле истакната два начина за решавање на македонското прашање. Првиот начин преку договор и "чесни пријателски отстапки" меѓу српската влада и раководството на македонското националноослободително движење.[73] Вториот начин преку Друштвото на народите, а "бидејќи веќе е решено прашањето за малцинствата да се постави пред ДН, тој не гледа како Комитетот би можел да избегне а да не завземе став кон ова."[74]

---

[70] Артур Џон Еванс, 1851-1941, истакнат археолог, особено познат по археолошките откритија на о. Крит. Често боравел во разни делови на Балканскиот Полуостров и бил еден од добрите познавачи на приликите на него, меѓу другите бил и во Македонија. Се ангажирал доста во политиката како во прилог на интересите на Австро-Унгарија, така и во прилог на Србија и Југославија. Според Б. Петрановиќ "бил осведочен пријател на Југославија уште од времето на Првата светска војна" - vidi: Petranovic B., Istorija Jugoslavije 1918-1988, Prva knjiga, Kraljevina Jugoslavija 1914-1941, Beograd, str. 291-292 - Растовиќ А., Велика Британија и Србија.. стр. 114. Забележена е акивност на српски дипломати во 1919 г. во врска со резолуцијата на Балканскиот комитет за плебисцит во Македонија: "Секретарот на југословенското претставништво Колиќ разговараше со сер А. Еванс и со сер Е. Бојл, големи пријатели на Србија во Светската војна и настојуваше да внесе раздор меѓу членовите на Комитетот, да ја спречи нивната акција.." Види: Винавер В., Англиското.. стр. 35.

[71] Косев Д., Външната политика на България . . . стр. 175.

[72] Исто . . стр. 175-176.

[73] Бојл истакнал, дека пред 2 години преку Викам Стинд во таа смисла имал разговори кај министрите Титулеску (на Романија) и Бенеш (на Чехословачка), а тој лично кај д-р Станишев, при ова "Србите ќе требе донекаде да ги задоволат барањата на бугарогласните Македонци, а тие, од своја страна ќе треба да направат некои отстапувања, при што да се задоволат да добијат нешто помалку од сегашните нивни барања." - Исто . . . стр. 176.

[74] Исто . . стр. 176.

Понатаму во мемоарот Бојл истакнал дека од некои членови на комитетот, коишто го подржуваат "во помал или во поголем степен српското тврдење, дека Македонецот не е Бугарин, туку македонски Србин и дека немирите се резултат на пропаганда", очекувал критики.[75] Го навел и неговиот одговор во прилог на тоа, дека Македонците биле Бугари. Иако не очекувал Србите позитивно да одговорат на притисокот од ДН, Бојл, сепак, сметал, дека штом прашањето ќе биде покренато, Комитетот треба да ја даде својата поткрепа. При ова, сметал многу на лордот Дикинсон, темелно запознат со малцинските прашања, а кој ветил да биде присутен на седницата на Комитетот.[76]

Според извештаите од бугарскиот дипломат, седницата на Комитетот се одржала на 6 март, а дискусиите водени на истата се сметале "строго доверливи". Последново, бидејќи Претседателството имало деликатна задача. "Некои од неговите членови се веќе придобиени од српската антибугарска пропаганда. И покрај тоа, пред овој компетентен аудиториум е невозможно да се одбрани тезата, дека Македонците се Срби. Додека, божемски научната "теорија" на некои истакнати српски историчари и етнографи, според која Македонците не се ниту Срби, ниту Бугари, туку "Македонски словени", изгледа за некои членови на Комитетот, во помал или во поголем степен, е особено прифатлива и згодна." "[77]

---

[75] Исто . . стр. 177.

[76] Исто . . стр. 177. Во меморандумот Бојл предлагал Претседателството на Комитетот на седницата да ја предложи следнава резолуција: "Се задолжува Комитетот да ги покани своите членови да проучат какви постапки би можеле да се направат на еден корисен начин во поткрепа на барањата, коишто, веројатно, ќе бидат доставени од балканските малцинства на претстојното Општо собрание на Друштвото на народите во месец септември. Исто така, собранието му наложува на Комитетот да подготви една резолуција или меморандум, којашто ќе биде испратена до сер Ерик Драмонд пред септемвриската сесија на ДН. Да се поканат членовите на Комитетот да го разгледаат прашањето, дали да се побара од премиерот и од министерот за надворешни работи да примат една делегација од страна на Комитетот, којашто пред нив ќе настојува да ја поткрепат каузата на малцинствата во Женева.."

[77] Исто .. стр. 178.

На седницата, по двочасовни расправии, Комитетот решил да се испрати една делегација кај МекДоналд, да му се истакне особено значењето на петицијата врачена од Шалев, Атанасов и Илиев и да го замоли најупорно англискиот министер-претседател во ДН да се заложи Југославија да биде принудена да го признае бугарското малцинство во Македонија.[78]

Бугарскиот дипломат и покрај "строго доверливите" дискусии, до својата влада пренел опширно од искажувањето на сер Артур Еванс, кое во случајот било во полза на бугарските ставови.[79] Она што е за посебно одбележување, е тоа дека во Министерството за надворешни работи, како и владата не прифатиле ниту да се сретнат со делегација од Комитетот, ниту да дадат поддршка на петицијата од Шалев и др., која во ДН била одбиена,[80] за тоа веќе претходно имаме зборувано, благодарение и на ставот на британската дипломатија. Она што треба да се истакне во случајов, тоа е пројавеното силно бугарофилство од страна на лордот Е. Бојл, а од друга страна, дека и меѓу членовите на Балканскиот комитет тезата што британската дипломатија ја застапувала во случајот со Македонија да се зборува не за Бугари или Срби, туку за "Македонски словени" наишла на прием и била прифатена.

Во месец септември 1931 година во Женева дошла и делегација на Бугарската православна црква. Од Женева се упатила во Ватикан, а потоа се упатила и во Париз, Лондон и Берлин со цел да побара поддршка на поставените барања во петицијата до Друштвото на народите и да ја запознае јавноста со положбата во Македонија.[81] Во Лондон својата петиција ја предала на Кентерберијското архиепископство и на претседателот на Балканскиот комитет сер Едвард Бојл, а потоа имала средба и со лордот Бакстон.[82]

---

[78] Исто . . стр. 178.
[79] Исто.. стр. 178.
[80] Исто.. стр. 179-181.
[81] Кушевски В.Д., Македонското прашање... стр. 233-245. - Глава VII, Покренување во Друштвото на народите на црковното прашање во Вардарска Македонија и Егејска Македонија од група свештеници на Бугарската егзархија (1931-1934).
[82] Михайлов И., Спомени, кн. 4, стр. 458-462 и 873-876. - Пренесена е и изјавата на Нишкиот епископ Иларион дадена по враќањето во Софија. Во неа, меѓу другото, известил за средбите што делегацијата ги имала во Лондон. Е. Бојл членовите на делегација ги примил во својот дом, заедно со членовите на своето семејство. Останале два саати, а Бојл при ова

Неоспорно е дека со своите патувања на Балканот и посебено во Македонија, сер Е. Бојл бил еден од ретките Англичани познавачи на состојбите.[83] При неговата посета во м. октомври 1933 година, заедно со сопругата лејди Бојл, бил примен од претседателот на бугарската влада Мушанов, а посебно внимание и прием наишол во Македонскиот национален комитет.[84] При овие приеми Бојл, во името на Балканскиот комитет, ја истакнувал традицијата што Комитетот ја наследил од В. Гледстон. Меѓу основачите на Балканскиот комитет и негови најистакнати членови, секако, се на прво место членовите на Либералната партија на Гледстон, како што биле браќата Бакстон, лордот Брајс и др., а со нив биле и привржениците на социјалистичката партија, каков што бил при основањето новинарот Х. Н. Брејлсфорд.[85]

---

изјавил:"Многу добро го познавам мекедонското дело. Веќе 30 години како ја проучувам Македонија. Македонското дело е блиско до моето срце и вие сметајте на Англичаните. Многумина истакнати Англичани сочувствуваат на вашето дело и порано или подоцна вие ќе ја видете Македонија слободна. Можеби ние нема да го дочекаме нејзиното ослободување, но по нас, уверен сум, вие ќе ги добиете своите права."Со лордот Бакстон се сретнале наредниот ден (5 октомври) и во разговорот и тој им ветил: "Како што секогаш сум дејствувал за доброто на Македонија, така и сега ќе дејствувам како добар христијанин."

[83] За една посета на Е. Бојл на Балканот и Македонија во 1924 година и неговите ставови, во телеграма до своето министерство во Рим јавува италијанскиот амбасадор во Софија. - Види: Италијански дипломатски документи за Македонија, т. 1,кн. 1, стр. 360-361.

[84] Михайлов И., Спомени . . кн. 3, стр. 842-843.

[85] За делувањето на Балканскиот комитет во периодот пред 1912 година зборувајќи за положбата на грчката пропаганда во Лондон, во своите сеќавања А. А. Палис (објавени во Атина 1954 г.) напишал: "Во тој период - 1902-1907 - македонската борба многу се заостри. Англискиот печат секој ден објавуваше дописки и коментари и размислувања не толку поволни за одважното дело на разните чети, грчки, бугарски и српски, кои што го посакуваа владеењето врз Македонија. Грчкото право беше созбивано од она што се наречуваше Балкански комитет во Лондон, во кој главна улога имаа професорот, подоцна лорд Брајс, браќата Бакстон и новинарот, социјалист, познатиот Брејлсфорд. Овој, последниов, беше подолго време поврзан со мојот татко, кого го познавал од Крит. Порано Брејлсфорд беше еден воодушевен филхелен и се борел на наша страна во грчко-турската војна во 1897. Но, подоцна, во македонското прашање тој ја прифати страната на Бугарите и дури, по едно патување што го направил на Балканот, објави една книга за Македонија, која предизвика доста шум, во која ги брани бугарските барања. Што се однесува на браќата Бакстон, верувам дека тие се со добри намери, но бугарската пропаганда ги преварила. . " - цитирано според: Kitsikis D., Propagande et pressions.. p. 85-86.

Што се однесува на периодот после војната и браќата Бакстон и Х.Н. Брејлсфорд се членови на Унијата за демократска контрола, во периодот на Првата светска војна, во која влегувале и Радикалните либерали (браќата Бакстон) и независните социјалисти (Х.Н. Брејлсфорд), за подоцна да се најдат во Лабуристичката партија на Макдоналд. -види Kitsikis D., Propagande et pressions. . .p. 288-289.

Од она што досега е изнесено, јасни се тесните врски меѓу лордот Бојл и бугарските владини претставници, како и со претставниците на Македонскиот национален комитет и тие од ВМРО. За неговата посета на Софија и какви се ставовите околу зближувањето на Југославија и Бугарија на македонските револуционерни организации известил и британскиот амбасадор од Белград во својот годишен извештај за 1933 г.[86] "Организацијата /се мисли на ВМРО - заб. С.Г.-Ј./, според ноемврискиот извештај на британскиот пратеник, е во состојба на поголемо растројство од било кога порано. Се јавува за притисокот од бугарската влада. Сер Едвард Бојл, од Балканскиот комитет и Долниот дом, ја посетил Бугарија и horribile dictu бил во контакт со водачите на Организацијата, од кои добил писмена изјава, дека, од почит кон мислењето на своите пријатели во Англија, во периодот од 1 декември до 1 април ќе ги сопрат сите револуционерни активности против Југославија."[87] Тој е еден од најупорните во докажување на "бугарски" права врз Македонија. Така, во веќе цитираната статија од "Македонска Трибуна" за Балканскиот комитет, откако настојува да ги отфрли "обвинувањата што најмногу се фрлаат на Комитетот , дека тој е само бугарски, но не и Балкански", наведувајќи зошто верува дека Македонците се Бугари, со аргументи употребувани и од Софија, и повикувајќи се дека порано се ангажирале и во прашања од интерес за Грција (за Егејските острови) завршил со: "Ако изгледа дека Бугарија се радувала на една поголема симпатија од страна на Комитетот, тоа е бидејќи Комитетот верува, дека само кога ќе се најде едно задоволувачко решение за разните прашања, коишто ја интересираат Бугарија, ние можеме да се надеваме да видиме мир и разбирање на Балканите."[88] Колку ваквите сфаќања на Е. Бојл се во рамките на политиката на британската влада и колку има различни сфаќања од ова меѓу членовите на Балканскиот комитет , како што забележал во својот извештај бугарскиот пратеник Хаџи Мишев, особено кога меѓу нив се и лица со социјалистички убедувања и

[86] Avramovski Z., Britanci ... kn. 2.str. 157-158.
[87] Исто . . стр. 157-158.
[88] Михайлов И., Спомени. . . кн. 3 . стр. 103-104.

кои со престој во Македонија стекнале и поинакова претстава. Би потсетиле и на случајот со веќе цитираниот Чарлс Х. Греј (Charles H. Grey), публицист, приврзеник на Лабуристичката партија, кој по патувањето констатирал дека во Македонија "не живеат ни Срби ни Бугари туку - Македонци",[89] а чии согледувања и предизвикале Балканскиот комитет да упати петиција до Друштвото на народите.[90]

Во македонската историографија на делото на Х. Н. Брејлсфорд се задржува д-р И. Катарџиев во предговорот кон неодамна обајвениот превод на книгата "Македонија".[91] Според изнесеното од него во статијата "Македонското малцинство и Друштвото на народите"[92] тој треба да ја посетил Македонија некаде пред 1927 година, бидејќи изнесува нови впечатоци. Неговите спомени од Првата светска војна со осврт на македонското прашање ги објавил во 1939 г.,[93] а за време на Втората светска војна активно се вклучил "со предавања во полза на Македонија по радио Лондон".[94]

Како член на Независната работничка партија на Англија од 1907 г., познат лидер на социјалистичкото движење, од страна на весникот "La Federation Balkanique" Н. Брејлсфорд бил поканет да учествува во анкетата на весникот. На ставовите искажани при ова укажување д-р Даринка Пачемска-Петреска: "Меѓу првите одговорил големиот познавач на приликите на Балканот и во Македонија уште од почетокот на 20-от век, Х.Н. Брејлсфорд. Тој сметал дека ни еден од тогашниот меѓународен фактор во Европа нема да се ангажира за решавање на македонското прашање, а најмалку владите на балканските држави, кои се крајно шовинистички и националистички и нема да направат било какви напори за создавање на Балканска Федерација. Според него Балканската федерација е вистинско решение на сите прашања

[89] Винавер Вук, Англиското јавно мислење . . . стр.61.
[90] Кушевски В.Д., Македонското прашање. . . стр.191.
[91] Брејлсфорд Х.Н., Македонија, Скопје 2002, стр. 17-43.
[92] Објавена во списанието "New Leader", а делови од која цитира Михайлов И., Спомени .. кн. 3, стр. 101-102.
[93] Brailsford H.N., Balkan Retrospect. - The New Statesman and Nation, 17 (1939), p 597-598.
[94] Влахов Димитар, Мемоари, Скопје 1970, стр. 52-53. За средбите со Брејлсфорд.

на Балканот, но за тоа треба да се исполнат повеќе услови. Првиот е да се оствари сојуз на селанските маси и работниците, а вториот услов - да се воспостават секаде демократски режими."[95]

[95] Пачемска-Петреска, Даринка, Федеративната идеја во Македонското национално ослободително движење од 1918 до 1941 година, Докторска дисетрација, Скопје 1986, стр. 279-271 и 376.

## 3. Друштвото за Блискиот и Средниот Исток и други друштва во Лондон

Во Лондон со прашањата поврзано со Балканот се бавело и Друштвото за Блискиот и Средниот Исток /Near and Middle East Assiciation of London/. Во врска со Македонија посебно внимание привлекла седницата на Друш-твото одржана на 25 јануари 1924 г. посветена на македонското прашање, особено со говорот на генералот Томсон и искажувањето по него на лејди Гроган. Во едно вакво приватно друштво, со членови од високите кругови на Лондон, секако, на прво место биле прашањата поврзани со Блискиот и Средниот Исток одошто со Балканот и посебно со Македонија. Сепак, настаните околу Македонија и односите меѓу Бугарија и СХС, биле една од причините и на собир на ова друштво да се разговара околу македонското прашање, посебно кога било обезбедено и присуството на лица кои преку престои во Македонија имале можност да се по одблизу запознаат со положбата во неа. Генералот Џозеф Џон Томсон /Joseph John Thomson/, како што и сам истакнал во воведот на своето излагање, како воен аташе во времето на Балканските војни одблизу ги следел воените дејствија на српската, бугарската и грчката војска во Македонија, што му овозможило да се здобие со повеќе сознанија за македонското прашање. По него се искажала и лејди Гроган, која веќе ја сретнавме како особено активна при делењето помош по Илинденското востание, а и блиска со Балканскиот комитет. Генералот Томсон, како член на Лабуристичката партија од почетокот на 1924 година е министер за авијација во владата на Џ.Р. МекДоналд, а негов колега, веќе погоре наведовме, како министер за земјоделие е Ноел Бакстон, еден од најистакнатите меѓу Англичаните од овој период во ангажирање околу македонското прашање. Излагањето на генералот Томсон на 31 јануа-

ри 1924 г. го објавува "The Near East".[96] Се осврнал на составот на населението во Македонија, на активностите на ВМРО, искажал восхит од начинот на кој Тодор Александров ги организирал четите и се заложил за решение на македонскиот проблем, иако населението "во најголем дел е бугарско", кое "верува дека лежи во една автономна Македонија во федерална Југославија." Лејди Гроган, потоа, се застапувала дека во Македонија нема Срби.[97]

Како резултат од овие настапи во Друштвото за Блискиот и Средниот Исток, на 7 февруари 1924 г. од името на Друштвото, неговиот претседател лордот Едвард Глејчан /Edward Gleichen/ до Министерството за надворешни работи испраќа меморандум во кој остро ги нападнал насилничките и денационализаторски режими воспоставени од грчките и српските власти во Македонија и се барало покренување на македонското прашање во Друштвото на народите.[98]

Ваквите јавни искажувања на еден министер, особено во време кога во повеќе весници во Лондон се појавува и застапува мислењето за создавање на една автономна Македонија во рамките на федеративна Југославија, а и искажувањето на Т. Александров дека се залага за создавање на "независна Македонија"[99] ќе наидат на остра реакција на Белград при што се ангажирал и кралот Александар.[100] Југословенскиот претставник во Лондон официјално и во Министерството за надворешни работи вложил протест во врска со

---

[96] ДАРМ М 1922 - AMAE, Paris, S. Europe,1918-1929, Bulgarie, vol. 43, London, 27 Fevrier 1924, amb. Clement-Simon do Poincare- Францускиот амбасадор во Лондон во неколку извештаи се задржува на изјавите на генералот Томсон, а од Париз му се барани повеќе податоци за ставовите на Ноел Бакстон и генералот Томсон околу македонското прашање. Види и писмо од 13 февруари 1924 како и телеграма од Министерството.

[97] Василев В.А., Великобритания и македонският въпрос.. стр.22.

[98] Vasilev V.A., Great Britain and the Macedonian Question…p. 202.

[99] Види: Винавер В., Англиското јавно мислење.. стр. 44.

[100] Во годишниот извештај за 1924 г. амбасадор од Белград сите овие настани, концизно ги изнел: "Вистина г. Макдоналд во очите на владата на СХС се здоби со голем углед со енергичната интервенција во Софија, во раната пролет, кога постоеше страв од идна комитска инвазија во Македонија со такви размери што српската војска во својата контраофанзива не ќе може да ја задржи на границата. Оваа интервенција, беше делумно и резултат на еден неспретен говор на генералот (лордот) Томсон, при крајот на неговата политичка кариера, којашто, изгледа ги охрабри бугарските здруженија во барањата за независна Македонија. Говорот на генералот Томсон, заедно со познатите промакедонски симпатии на останатите истакнати приврзеници на Лабуристичката партија, и поранешниот интервју на Тодор Алек-

ставовите на генералот Томсон. Во врска со ова добиен е одговор од Харолд Николсон дека, "Томсон нема поим кој е и што е Александров".[101] Во Белград и министерот за надворешни работи Нинчиќ лично интервенирал кај британскиот претставник тврдејќи "дека Томсон и на него слични ја поттикнуваат комитската акција која може да доведе до војна, а пратеникот објасни дека сето тоа е изговорено на еден приватен собир."[102] Заострените односи меѓу Бугарија и СХС, заедно со меморандумот на лордот Глејчан и тој на Ноел Бакстон,[103] наложиле во британското министерство да се направи нова анализа по покренатите прашања и да се завземе став. Од овие интервенции од наведените истакнати личности и друштва во врска со Македонија не се прифатени поставените барања, со став дека овие прашања се поврзани со ревизија на мировните договори, а секое доделување на автономија на Македонија би било поопасно за мирот, отколку "асимилацијата на македонското население" од Србите.[104]

Генералот Томсон, пред да биде министер во новата лабуристичка влада, своите погледи на положбата во Македонија и сугестии за најдобриот начин како да се реши македонското прашање ги искажал во одделна статија во весникот "The Observer" на 21 ноември 1923 г. Во истата искажува мислење за Т. Александров како "човек со нескршлива енергија и железна волја" на кого "идеалот е да ја види Македонија независна во рамките од 1912 година..". Негов заклучок е: "Ако балканските држави можеа да се разберат врз едно решение, еднодушно прифатено, за македонското прашање, без интервенцијата на големите сили, би присуствувале на една пријатна слика на солидарност на Балканот. Во спротивен случај не треба да се заборава, дека

---

сандров, објавен во "Times", го натераа кралот Александар да му изјави на британскиот амбасадор дека, одговорноста за било какви непредвидени настани на границата во голема мерка лежи на Англија." - Avramovski Z., Britanci..kn.1, str. 240-241.

[101] Винавер В., Англиското јавно мислење. . стр. 43.

[102] Исто . . стр. 43.

[103] Н. Бакстон со меморндум на 29 февруари 1924 г. побарал од Министерството за надворешни работи остро да реагира во Белград за примена на малцинскиот договор и од меѓународна анкета да се испита ситуацијата во Вардарска и Егејска Македонија.

[104] Vasilev V.A., Great Britain and the Macedonian Question.. p. 203.

западните влади, Европа и Соединетите американски држави заедно се одговорни за сегашната положба."[105]

Друштвото за Блискиот и Средниот Исток од Лондон во м. јануар 1924 г. се обратило со писмо до редакцијата на списанието "The Near East" во кое го поздравува објавувањето на статија во врска со заштитата на малцинствата и настојува и понатаму да објавуваат прилози за да се измени положбата наметната од српската власт.[106]

Видовме дека властите од Белград остро реагирале во врска со изјавите на генералот Томсон во 1924 г. Секако, српското дипломатско пртставништво во Лондон една од основните задачи имало и следење на пропагандите на други земји, особено на Бугарија, за да реагира соодветно на истите,[107] како и да создаде своја пропагандна мрежа преку која ќе ги наметнува своите интереси пред британското јавно мислење и преку него и до властите во Лондон.[108] Сепак, настаните од Првата светска војна, кога Србија исцело е на страната на Сојузниците и е една од земјите која поднесува големи жртви пред агресијата на Централните сили, имаат пресудно значење во односот на британското јавно мислење и се една од причините за подршка на српски ба-

---

[105] Михайлов И., Спомени... кн. 2, стр. 176-177.
[106] Исто... стр. 760 - види и Андонов-Полјански Хр., Британска библиографија за Македонија. стр. 377.
[107] Ова посебно дошло до израз пред ордржувањето на Мировната конференција. Така, во Лондон српската пропаганда настапува со книга од проф. Т. Р. Ѓорѓевиќ "Македонија", на англиски јазик /во 1920 г. објавена и на српски во Панчево /, а Стеван Симиќ од Кратово е автор на двотомната книга излезена под псевдонимот Овчепољски "Срби и Бугари у прошлости и садашњости". При Врховниот штаб на Српската војска која во 1918 г. се наоѓа во Солун, Глигорије Хаџи Ташковиќ бил ангажиран во изработка на елеаборат за пропагандата во Македонија.- види Hrabak B., Sile antante. . .str. 102-103. - Ваквата дејност продолжила и во наредните години. Така, во 1924 г. во Лондон е објавена и са растурала во 4.ооо примероци меѓу дипломатите, политичарите и јавните работници книгата од д-р В. Јовановиќ "The Comitadji Question in Southern Serbia". Види: Винавер В., Англиското јавно мислење. . . стр.42.
[108] Така, во 1919 г. секретарот на српското дипломатско претставништво во Лондон во разговори и средби со лордот Бојл и проф Артур Еванс настојувал истите да се застапуваат за српските интереси во Македонија. Види: Исто . . стр. 35.

рања, се разбира сето тоа во рамките на основните интереси на Велика Британија. Во првите страници на оваа глава веќе изнесовме дека во 1916 година во Лондон, само од британски поданици, е основано Српското друштво на Велика Британија /The Serbian Society of Great Britain/, кое ќе работи "на развивање обединувањето на Јужните Словени и да подготви пат кон договор меѓу Јужните Словени и Италија, со можност да ги неутрализира лошите ефекти од Лондонскиот договор".[109] Од 1917 година претседател на ова Друштво е уредникот на в. "The Times" Хенри Викам Стид /Henry Wickham Steed/, кој како член на британската делегација на Мировната конференција во Париз имал доста значајно влијание во "борбата за формирањето на Југославија".[110] Секако, неговото влијание не било мало и во весникот на кој станал и директор, како и во списанието "The New Europe", што го основал и продолжил да ја насочува неговата уредувачка политика со тоа што не се објавувале прилози во полза на Бугарија.[111] Сепак, видовме дека Х. В. Стид е еден од авторите на меморандумот на лордот Нортклифт, со кој се бара и создавање на автономна Македонија, за кој зборувавме погоре, а од друга страна ќе го најдеме и како еден од докажаните пријатели на Југославија кој остро ја осудува диктатурата на крал Александар.[112] Како автори на споменатава статија, покрај Викам Стид се потпишани и проф. Артур Еванс, за кого погоре изнесовме повеќе податоци и професорот Ситон Вотсон /Robert Wiliam Seton-Watson/ .[113] Во врска со него посебна е врската што ја имал со

---

[109] Се работи за тајниот договор со кој на Италија и се ветени значително поголеми територии на Балканот за да се приклучи во војната на страната на Сојузниците. -Види: Kitsikis D., Propagande.. str. 126.
[110] Isto .. . str. 276-277.
[111] Isto . . str. 277.
[112] "The Times", 3.05.1933 - Статија потпишана заедно со проф. Артур Еванс и проф. Ситон Вотсон. - види; Михайлов И., Спомени, кн. 4, стр. 525.
[113] Роберт Вилијам Ситон Вотсон /Robert William Seton Watson/, 1879-1951, слависта, кој патувал често на Балканот, го најдовме меѓу основачите на Српското друштво во Велика Британија, од 1923 г. професор на Кралскиот колеџ во Лондон. Автор е на повеќе книги и статии во списанија поврзани со Балканот., а во кои го зафаќа и македонското прашање. За него види: Berrs R.B., Robert W. Seton Watson (1879-1951), -The Slavonic and East European Review, vol. XXX /74 (1951), 252-255. За односот меѓу Ситон-Вотсон и британската дипломатија види во книгата на неговите синови: Hugh and Cristopher Seton-Watson, The Making of a New Europe, London 1981; Boban Ljubo, R.W. Seton Watson i Jugosloveni. 1906-1941, kn. I i kn.II, Zagreb 1976.

претседателот на Југословенскиот одбор, Трумбиќ за време на војната и потоа. Ситон Вотсон се смета, заедно со Х. В. Стид, за еден од "најзначајните пријатели во странство" на Трумбиќ.[114] "Мислењата на овие луѓе имале значајно влијание врз деталните преговори што се водени во Париз во врска со Јужните Словени."[115] Како славист тој уште во 1913 г. во статија потпишана со псевдоним, ќе тврди дека "македонскиот словенски не е ниту бугарски ниту српски, туку нешто између двата јазика."[116] Во осудувањето на диктатурата на кралот Александар нема да се задржи само на заедничката статија со Стид и Еванс. Во 1931 и 1932 г. во списанија објавува прилози за карактерот на диктатурата во Југославија,[117] а по убиството на кралот Александар држи предавање за ефектите од убиството на кралот на која тема дискуирале Е. Бојл, А. Еванс и Е. Дархам.[118] Во 1936 г., следејќи ги настаните во Југославија, а во рамките на интересот на В. Британија да ги зајакне своите позиции на Балканот пред престојниот светски судир, Ситон Вотсон, како приватно лице ги искажува своите ставови во посебен меморандум за начинот на кој да се реши кризата во Југославија настаната од меѓунационалните судири. Меѓудругото, се застапува и за создавање на федерални единици, меѓу кои една би била Македонија.[119]

За разлика од неможноста српската пропаганда, а потоа и таа на Југославија, во Лондон за својата кауза да ангажираат поголем број истакнати личности, грчката пропаганда, благодарение на одамнешното постоење на филхелинизам и повеќевековниот интерес за грчката античка култура, многу полесно и поуспешно ќе ја постигнува својата цел. Вакви личности се и на

---

[114] Gleni Miša, Balkan 1804-1999 (II deo), Beograd 2001, str. 67.
[115] Isto.. str. 67.
[116] Scotus Viator, Rigths of Racial Minorities in the Balkans.- The Spectator, vol. III (1913), 113-134.
[117] Андонов-Полјански Х., Британска библиографија... стр. 392-393 (единици: 3626, 3627 и 3628).
[118] Исто .. стр. 393 (3629).
[119] Petranovic B., Istorija Jugoslavije, knj. prva, str. 291-292.

истакнати места во британската дипломатија. Видовме дека Харолд Николсон дури и објавувал книги во врска со историјата на грчката дипломатија. Неговата улога за време на Мировната конференција во прилог на Грција ја засегнавме во третата глава. Грција ќе ги одликува со ордени и ги контактира и секретарите на Лојд Џорџ на Конференцијата. Познати како "особено про-грчки"[120] биле Џозеф Т. Дејвис (Joseph T. Davies) и Филип Кер (Philip Kerr), последниот подоцна станал маркиз од Лотиан (marquis de Lothian) и завзема високи постови во британската дипломатија меѓу двете војни. "Филип Кер, подоцна маркиз од Лотиан, не само што можеше да влијае врз политичките одлуки на премиерот, но исто така тој можеше лично да влијае врз јавното мислење, бидејќи раководеше со списание, "Round Table". Се разбира, тоа беше про-грчко."[121] Англиски владини службеници објавуваат книги во прилог на Грција, каков што е случајот и со Џ. Селден Вилмор (J. Selden Willmore), од министерството за пропаганда, кој во својата книга "The Story of King Constantine as revealed in the Grek White Book", според грчкиот дипломатски претставник во Лондон:"зборувал со ентузиазам за учеството на Грција во војната и за "брилијантните" победи на грчката армија" и настојувал истата да се отпечати со грчка финансиска помош.[122]

Свои приврзеници и застапници на нејзините интереси грчката влада нашла и меѓу научните работници во Велика Британија. Меѓу поистакнатите, секако, е ректорот на Кралскиот колеџ во Лондон, проф. д-р Роналд М. Бароу (Ronald M. Burrows), од групата на Стид, Ситон-Вотсон, Масарик и др.[123] Посебни врски биле воспоставени и со универзитетскиот професор од Оксфорд В. Џ. Селиман, автор на книга со впечатоци од англискиот фронт

---

[120] Kitsikis D., Propagande. . . 373.
[121] Исто .. стр. 372-373.
[122] Исто .. стр. 204-205.
[123] "Што се однесува до универзитетскиот професор Роналд Бароу - професор по грчки-ректор на Кралскиот колеџ на Универизитетот во Лондон и потпретседател на извршниот комитет на англо-хеленската лига, тој беше еден од најревносните филхелени и еден од главните актери на грчката пропаганда во Лондон. Бил во скоро секојдневен контакт со грчкиот амбасадор." - Kitsikis D., Propagande. . . p. 228.

во Македонија "Macedonian Musings" (London, 1918, 188 p.).[124] Грчкиот амбасадор Какламанос настојувал да влијае пред британската јавност и со познатиот историчар и новинар д-р Вилијам Милер (William Miller).[125] Овој историчар како активен новинар често престојувал на Балканот и во неговите книги и статии во периодика има доста искажувања за историјата и за положбата во Македонија, посебно во книгата "Travels and Politics in the Near East" (London, 1898) во која се застапувал македонското прашање да се реши или преку создавање на автономна покраина на Турција или со создавањето на независна држава.[126] Меѓу другите професори, посебно ангажирани за интересите на Грција, за одбележување е и името на Спенсер Вилкинсон (Spencer Wilkinson) кој се јавувал во печатот.[127]

Во Лондон постоеле и делувале и разни друштва, составени од Англичани и Грци кои тесно соработувале со грчката амбасада и со Бирото за печат при истата. Веќе погоре ја спомнавме Англо-хеленската лига (Anglo-Hellenic League). Претседател на истата бил Вилијам Пембер Ривес (William Pember Reeves), директор на Лондонското училиште за економисти (London School of Econimics), бил на повеќе истакнати функции во Нов Зеланд, а во 1919 г. прогласен и за почесен доктор на науки на Атинскиот универзитет. Истата година објавил преку лигата брошура: "Апел за ослободување и обединување на грчката раса" (An Appeal for the Liberation and Union of the Hellenic Race). Англо-хеленската лига, како и останатите друштва со слични цели во Лондон, била во тесна врска и помагана од официјални органи на грчката влада во Велика Британија.[128] Нејзин секретар бил Гркот Џон Маврогорда-

---

[124] Неговата втора книга со впечатоци од Македонија "The Salonica Side-Show", London 1919, 259 p. содржи цела глава посветена на грчката армија. Со помош од грчката амбасада објавува и книга за Венизелос.- Исто ... стр. 200-201.

[125] Исто .. стр. 279.

[126] В. Милер бил роден во 1864 г., најдолго бил дописник на "Morning Post" од Атина и Рим.За негови книги и прилози види: Андонов-Полјански Х., Британска Библиографија.. единиците: 178, 189, 255, 256, 257, 315, 316, 394, 568,569, 894, 1015, 1449, 1450, 1451, 1529, 1688, 1730, 2516, 3098 и 3270.

[127] Според едно писмо на грчкиот амбасадор, проф. С. Вилкинсон е"еден од најзаслужените филхелени". -Kitsikis D.,Propagande...p. 221.

[128] Kitsikis D., Propagande.. p.175-176.

тос, директно врзан со грчкото биро за печатот во Лондон, а задачите на Лигата се состоела и во објавување на серија брошури од англиските филхеленисти.[129] Извесен период во Лондон делувал и Лондонскиот комитет на неослободените Грци (The London Committee of the Undeemed Greeks).[130]

Во Лондон, каде видовме дека делувале разни друштва, составени од Англичани, или во кои имало личности и од други националности, поврзани на извесен начин со застапување и пропагирање на целите на владите во Софија, Белград и Атина, за одбележување е и постоењето на друштво кое се застапувало за интересите на Албанците. Се работи за Англо-Албанското друштво (Anglo-Albanian Society), во кое почесен секретар била сликарката Мери Едит Дархам (Mary Edith Durham).[131] Веќе името на Дархам го сретнавме кога зборуваме за мисијата на Македонскиот комитет за помош после Илинденското востание. Таа е со Брејлсфорд во Македонија и, исто така, своите впечатоци од виденото ќе ги изнесе во книги и статии.[132] Погоре регистриравме дека Дархам учествувала и на јавни собири на кои се разгледувала состојбата на Балканот и истапувала против диктатурата во Македонија, како што е тоа случајот при предавањето на проф. Ситон-Вотсон.

Покрај постоењето на друштвата, чие влијание, на извесен начин, врз јавното мислење е важен фактор, несомнено голема е и улогата на поединци, Англичани или по потекло од Балканот, кои со стекнатата економска, политичка или друга позиција се во можност да влијаат врз јавното мислење. Вакви случаи најмногу наоѓаме во реализацијата на грчката пропаганда во Лондон, а која, во добар случај се поклопува и со моменталните интреси и на Велика Британија. Меѓу поизразитите случаи се истакнува вклучувањето на

---

[129] Исто ... стр. 147-148.
[130] Исто ... стр. 203.
[131] Исто ... стр. 291.
[132] Во книгата "The Burden on the Balkans", London 1905, 331 p.- која имала и второ издание во 1912 г., изнесени се впечатоци од Македонија по Илинденското востание со илустрации изработени од неа. Своето учество во делењето помош во Македонија го опишува во посебна глава во книгата "Twenty years of Balkan tangle", London, 1920, 295 p. Се јавува во списанија со неколку статии- види: Андонов-Полјански Х., Британска библиографија - единици: 1767, 1879, 2458, 3557 и 3696. Објавувала и прилози во врска со третманот на Хрватите и на Албанците во Југославија.

"Ројтер" во грчката пропаганда.[133] Меѓу англиските благородници има и такви кои блиску соработуваат со грчката амбасада и се јавуваат со свои писма и прилози во печатот во заштита на грчките интереси. Таков поистакнат е случајот со сер Артур Кросфилд (Sir Arthur Crosfield),[134] кој бил близок и е од кругот на богатата англичанка од грчко потекло, Елена Скилици (Helena Schilizzi), која во 1921 г. се омажила за Венизелос, како негова втора сопруга.[135] Идната сопруга на Венизелос не била единствената богата натурализирана англичанка која ативно во Лондон се ангажирала во прилог на грчките интереси (таа и подарила своја зграда за амбасада на Грција во Лондон). Меѓу бројните Грци економски јаки во Велика Британија посебно се истакнуваат со своите блиски врски со највисоките личности во владата на Велика Британија и можните пресудни влијанија, двајца кои биле прогласени за благородници: сер Џон Ставриди и сер Васил Захаров.

Сер Џон Ставриди (Sir John Stavridi) бил еден од најинтимните пријатели на Лојд Џорџ. Како финансиер бил претседател на старата и моќна со влијание и во Британија и посебно во Грција, Јонска банка (Ionian Bank Limited), бил генерален конзул на Грција во Лондон. Тој ги одржувал контактите меѓу Лојд Џорџ и Венизелос уште од 1912 година. Неговата улога посебно е значајна во текот на Првата светска војна и на Мировната конференција во Париз. Венизелос го приклучил во својата делегација во Париз, на кој начин остварувал поблиски контакти и влијание врз Лојд Џорџ.[136]

---

133 "Еден од најзначајните адути на грчката влада во напорите да влијае врз англискиот печат, во прилог на своите барања, беше агенцијата Ројтер. Тогаш со славната англиска агенција раководел г. Х. П. Сергент (H. P. Sargint), кој станал пријател на Какламанос. Уште повеќе меѓу Ројтер и грчката амбасада во Лондон бил потпишан и договор. Всушност на директорот на Ројтер работата со пропагандите му била блиска, бидејќи бил шеф на секција во англиското министерство за информации." - Kitsikis D., Propagande. . . p. 221

134 "Сер Артур Кросфилд беше еден од најактивните пријатели на Грција" - Isto .. p.220 - Авторот донесува и дел од негова преписка и повеќе податоци за неговите активности.

135 Исто. . стр. 220.

136 Kitsikis D., Propagande . . p. 368-372.

Сер Васил (Базил) Захаров (Sir Basil Zaharoff) е посебно интересна и влијателна личност.[137] Како еден од големите индустријалци на оружје, бил на чело на англиската фирма Vickers, која по моќ била веднаш зад најглавната Armstrong, а поголема и од Круп, "тој бил најповеќе меѓународна фирма за оружје која имала свои интереси и во Италија, Германија, Канада, Шпанија, Јапонија, Русија, Турција, а посебно во Франција."[138] Неговата финансиска моќ му ги отварала вратите кај најистакнатите државници во Лондон и Париз. Грчката влада во случаите кога тешко постигнувала на друг начин да се избори за својот интерес, го користела моќното влијание на В. Захаров да изврши притисок на највисоко место. [139]

Англичани, или Бугари кои стекнале британско државјанство и се пробиле во високите кругови на англиското друштво, покрај веќе некои од наведените членови на Балканскиот комитет, ангажирани за интересите на Бугарија во Лондон, бројно се многу малку, во споредба со тие за Грција. За одбележување е активноста на професорот по бугарски јазик на Кралскиот колеџ при Универзитетот во Лондон, Џорџ Клентон Лоџо (George Clenton Logio),[140] како и таа на леди Надежда Мјур (N. Muir), член на Кралскиот институт за надворешни работи во Лондон која се јавува со написи за Македонија, а во прилог на Бугарија.[141]

---

[137] "Encyclopaedia Britannica" vol 23, 1960 - за сер Васил Захаров ги дава следниве податоци: "Финансиер и политичар. Роден во Мугла, Анадолија, од родители Грци, на 6 октомври 1849. Многу малку се знае за неговите млади години, освен дека студирал во Лондон и Париз. Всушност, еден превез на мистерија го покрива најголемиот дел од неговиот живот. Имал репутација на еден од најбогатите луѓе на светот, неговата среќа се заснивала и врз поседување во фабриките за муниција, за изградба на бродови, во претпријатијата за нафта и други. Извршил силно влијание, секако индиректно, во текот на Првата светска војна и на Конференцијата во Париз, како интимен пријател и политички советник на Лојд Џорџ, Венизелос, Клемансо и Бриaнд. Во тој период, дал особено значајна финансиска помош на англиските и француските влади, а подоцна од овие две влади бил чествуван поради неговите услуги за време на војната. За време на балканската војна само во една година и подарил на Грција 2.500.000 долари, а половина од таа сума во текот на Првата светска војна.... Умрел на 27 ноември 1936."

[138] Kitsikis D., Propagande . . p. 352.

[139] Исто .. стр. 349-367.

[140] Меѓу другото, тој во 1919 г. во "New Europe" објавил прилог во кој како решение на македонското прашање, на крајот го предлагал "создавањето на една автономна Македонија". Редакцијата на списанието од овој предлог се оградила коментирајќи:"дека авто-

## 4. Печатот и одразот на неговите ставови кај владите на балканските држави

Несомнено, во формирањето на јавното мислење една од најзначајните улоги го има печатот. Што се однесува до британскиот печат и тој, во значајна мера, ги одразува ставовите и интересите на сопствениците, т.е. политичките партии на кои се блиски, или, помалку или повеќе се приклонуват да бидат и во интерес на некоја друга држава, нешто што во случајот со македонското прашање ќе го користат балканските држави.[142] Без да се задржуваме на бројните примери на субвенции од Атина или Белград на весници и издавачи во Лондон,[143] би ги истакнале веќе присутните мислења, дека весници блиски до "левите партии, либералите и социјалистите, какви што се "The Manchester Guardian", "The Daily Chronicale", "The Daily News" и "The Daily Herald", широко ги отвориле своите страници за лицата од Балканскиот

---

номна Македонија, во бугарска насока, всушност независна Македонија надвор од границите на Југославија, е невозможно во политички, практичен и непожелен поглед.." - Исто... 278.

[141] Михайлов И., Спомени, кн. 3.. стр. 841. - Надежда Мјур била ќерка на бугарскиот дипломат Димитар Станчов, ангажирана како преведувач во бугарската делегација на Мировната конференција и на првите седници на Друштвото на народите. Омажена за благородник од Шкотска, сер Александар Кеј Мјур. Автор е и на прилогот објавен во сп. "Journal of Royal institute of International Affairs, vol. VI (1927), 88-104 - "Present position of Bulgaria" -за бегалското прашање, македонските емигрантски организации во Бугарија и др.

[142] Во овој поглед интересен е еден заклучок од состанок во британското Министерство за надворешни работи на 15 февруари 1921 година, на кој биле присутни: лордот Ридел (Lord George Riddell), новинар, пријател на Лојд Џорџ; Филип Кер за кого се сметало дека е една од најзначајните личности во Министерството и сер Вилијам Тајлер (Sir William Tyrrell). Разгледувајќи го односот меѓу Министерството и печатот дошле до заклучок "дека британските весници биваат користени од странски влади во одбрана на нивните погледи, дури без да биде британската кауза претставена".- Kitsikis D., Propagande . . p. 213.

[143] Особено многу вакви примери изнесува грчкиот историчар Кицикис, а дава и Винавер Вук во повеќепати цтираната студија. Вообичаена практика била странските претставништва до редакциите на големите весници да доставуваат изјави и документи, така и секретарот во бугарската амбасада, Маџаров "дал изјави и доставил редица документи за објавување во весниците "The Times", "The Near East" (види: Косатев Т., Политиката. .стр.69). Ангажирање на странски дописници е забележено и од страна на организациите од македонското револуционерно движење. Така, во тект на 1926 и 1927 година од страна на ВМРО се исплатени 700 француски франци на Л. Неманов, дописник на парискиот весник "Последни вести"(види: Тодоровски З., ВМРО. . стр 38)

комитет,"[144] додека блиските на конзервативците весници "The Morning post", "The Daily Telegraph", "The Westminster Gazette" ги застапувале и бранеле грчки- и бранеле грчките гледишта.[145]

Колку и како е застапено македонското прашање во британскиот печат? Иако во самото Министерство за надворешни работи било присутно и мислењето дека "европскиот печат се бави со балканските народи кога тие едни на други ги сечат грлата или им нанесуваат штета на странци",[146] евидентно е дека македонското прашање во британскиот печат е присутно, во најголем дел, поради неговата политичка заднина одразена и во различните интереси на големите сили, заедно со настаните во Македонија и околу неа.

Погоре веќе изнесовме дека со цел за спроведување на политика да се постигне обединување на Јужните словени, од Х.В. Стид и неговите сомисленици, од 1916 година во Лондон излегувал неделниот весник "New Europe".[147] Од 1919 година со директно ангажирање на грчката амбасада во Лондон се појавува и списанието "Balkan Review".[148] Забележено е дека во водечките англиски весници активни и влијателни биле и поедини Грци, како што е случајот со братучедот на основачот во Атина, во 1904 г, на "Македонскиот комитет", Димитри Е. Калапотакис, Димитри М. Калапотакис, од "Morning Post", кој како евангелист остварувал мисии во корист на Грција и во САД.[149] Сето ова, како и дневните весници кои по својот значај ги надминуваат границите на Англија, а кои погоре ги наброивме како блиски, било до левите партии, било до конзервативците, е добра илустрација на тоа дека јавното мислење во Велика Британија пред себе имало широка лепеза на искажувања за Македонија со застапување на често спротивставени интереси.

---

[144] Kitsikis D., Propagande.. p. 287.
[145] Исто.. стр. 215-219 и 290.
[146] Macedonia, Historical Section of the Foreign Office, No 21, London 1920, p. 32.
[147] Kitsikis D., Propagande.. p. 126.
[148] Исто. . стр.230-231.
[149] Исто. .. стр. 197-198.

Меѓу весниците погоре наброени не се наоѓа името на еден од најстарите и највлијателни весници "The Times". Иако во приватна сопственост, неговата блискост со владеечките кругови во Велика Британија, присуството на постојан дописник од Балканот, отвореноста преку писма да се искажуваат разни мислења, се некои од моментите кои придонесле во овој весник да се најдат и повеќе прилози во врска со Македонија.[150] Во овој весник редовно се известувало за работата на Парламентот, па така, и поставувањето на прашањата во врска со Македонија биле широко достапни до јавноста преку овој весник. Колку многу се придавало значење на тоа да се изнесе свој став во овој весник покажува и случајот со Тодор Александров, кој примил и давал изјави на негов дописник со цел не само да ја информира светската јавност, туку на овој начин и да влијае пред владата на Бугарија.[151]

За да се добие слика како и колку е информирана британската јавност преку овој водечки весник, ќе се осврнеме на хронолошко изнесување податоци зе некои написи објавени во него. Ова го правиме бидејќи во цитираната студија на В. Винавер направен е тематски пристап,[152] кој ние на овој начин само би ја надополниле, свесни дека без да се има можност да се консултира самиот печат ќе останат празнини.

Во 1919 година во "The Times" се објавени неколку прилози во кои се осврува на положбата во Македонија, како што се: за грчката администрација во Егејска Македонија (20.03.); вандализмот во Македонија (29.03.); за активности на комити (14.07 и 24.11); за економската иднина на Македонија и британските интереси (21.06). Донесува осврт на прашањето за можна федерација на Балканот (10.02.; 8.08; 4.12.1919). Во врска со Мировната конференција и решавањето на македонското прашање, веќе во претходните глави

[150] Во Британскта библиографија од Андонов - Полјански Хр. ова е потврдено со регистрирањето на повеќе написи и писма објавени во овој весник.

[151] Ова е регистрирано и во Историја на македонскиот народ.. т. 4, стр. 334. Се работи за средбата на дописникот Волтер Колинс (J. W. Collins) со Т. Александров остварена во м. август 1924 година, интервју објавено во "The Times" на 16 септември 1924 г. Види: Михайлов И. Спомени, кн. 2, стр. 318-319.

[152] В. Винавер изворите за оваа студија ги црпи од Дипломатскиот архив во Белград, од архивата на Посланството во Лондон.

изнесовме дека овој весник ги објавува и двата апела од Македонските друштва во Швајцарија за давање независност на Македонија (16.08 и 17.10), потоа во посебен прилог за предлозите да се даде автономија на Македонија (5.02.), за новите граници и поделбата на Македонија (8.01; 25.01 и 24.02), како и за малцинското прашање (5, 10 и 11.09). Објавена е вест за одржувањето на Конгресот на македонските емигранти во Софија (30.12.1919), а за сферите на окупацијата во Македонија прилог објавен во почетокот на годината (10.01.).

Во 1920, простор е посветен на посетата на Стамболиски и неговите изјави (11 и 12.10.), а во еден прилог се зборува за грчките аспирации кон Македонија (18.05.). Објавена е и вест за седница на Балканскиот комитет и нивни став кон Македонија (16.04.), а и неколку статистички и други вести од економски карактер (1.01.; 14.02. и 22.05).

Во 1921 г. пак се сретнува прилог за прашањето за федерација (4.02.), прилози за градбите и домовите во Македонија (5 и 12.03), како и за водената сила во Македонија (2.04.).

Во 1922 год. весникот известил за инцидентот кај Неврокоп (2.11.); за бугарските ставови кон македонското прашање (22.12.), положбата на православната црква (8.03.) и на муслиманите во Македонија (11.12.). Неколку прилога се однесувале на борбата за позиции во Македонија на Англиско-персиската нафтена компанија (25.07 и 3, 15, 26.08).

*Револуционерното движење во Македонија во 1923 година е предмет* на неколку написи (3 и 19.03.; 4, 12 и 30.04; 22 и 23 05 и 6.06.). Одбележена е и пославата на 20-годишнината од Илинденското востание со осврт на новите услови во Македонија (7 и 23.08).

Погоре веќе видовме дека британската дипломатија во 1924 година ќе пројави поваќе интерес за македонското прашање, како поради засилената активност на четите во Вардарска Македонија, настаните во Бугарија, во кои е вовлечена и македонската емиграција, затегнатите односи меѓу Бугарија и СХС и односите меѓу Грција и СХС, посебно и поради поставувањето на малцинското прашање и гледањето на извесна болшевичка опасност на

Балканот. За овие прашања прилози објавувал и "The Times". Во самиот почеток на годината (4.01.) е објавен првиот интервју на Т. Александров со дописникот на весникот.[153] Веќе наредниот ден (5.01) со наслов "Клучот на Балканот" од истиот дописник објавена е подолга статија за македонското прашање.[154] Истиот месец посебен прилог се однесувал на односите меѓу Бугарија и СХС и Македонија (18.01.), а на 6 март веќе донесува воведна статија: "Македонија-Бугарија и Југославија" со која се вклучува во развиената дискусија во печатот за тоа какво решение е најдобро за македонското прашање и се застапува Македонија да биде федерална единица, а не независна држава.[155] Во прилог на оваа дискусија е и писмото од лејди Елинор Ф.Б. Гроган со наслов "Бугарија и Македонија" (8.03.) во кое ги истакнува српските угнетувања и се застапува за анкетно испитување на состојбите.[156] Македонското прашање во оваа и наредната година во англискиот печат се користи и во врска со истакнување на болшевистичка опасност, посебно на Балканот, а што го покренале конзервативците против новата влада на лабуристите. "The Times" се вклучува со неколку прилога на ова тема, [157] меѓу кои за одбележување е искажувањето на либералниот политичар, експерт за малцински прашања, сер В. Дикинсон (W. Dickinson) кој сметал дека Антантата е крива за создавањето на толку големи малцинства (4.08) и дека Коминтерната го користи незадоволството на Македонците и "во Македонија може

---

[153] Со наслов: "Револуционери: Александров од Македонија. Ода за еден ставен надвор од законот." При што дал и изјава дека: "Населението нема да толерира да биде управувано од Србите, Грците или Бугарите."Истакнал дека е неможен компромис меѓу срската власт и револуционерните организации, очекува дека едно општо востание на сите угнетени во СХС ќе го собори режимот и СХС ќе се распадне. Се залага Македонија да биде под протекторат на една голема држава и дека се борат за "Македонија на Македонците". Види: Винавер В., Англиското. .. стр. 44. - Михайлов И., Спомени кн. 2, стр. 173-174.

[154] Во неа покрај впечатоците од средбите со револуционерите одделно се задржува на прашањето зошто Македонија е клучот на Балканот и изнесува ставови како да се реши македонското прашање. Истакнува дека е штета што на Мировната конференција не се земени во предвид залагањата на Џемс Баучер.- Види: Михайлов И., Спомени, кн. 2, стр. 174-175.

[155] Винавер В., Англиското . . стр. 44.

[156] Михайлов И., Спомени, кн. 2, стр. 735-736.

[157] Винавер В., Англиското.. стр. 45-46.

да избие комунистичко востание".[158] На 9 јули во статија од дописникот од Софија, со наслов "Интригите на Москва во Македонија-Ветување на пари и муниција", се констатира дека по неуспешното септемвриско востание од 1923 г. Третата интернационална, со оглед на положбата во Бугарија, решила да се прилагоди на новите околности, при што обрнува посебно внимание на македонските револуционерни организации, кон автономистите кои се нај-силни, со ветување на пари и оружје, убедувајќи ги Македонците "дека само тие самите можат најефективно да помогнат Македонија да стане автономна".[159]

Веќе го спомнавме интервјуто што во август 1924 г. го имал дописникот со Т. Александров, а е објавено на 16 септември. Во истот број е објавена и веста за убиството на Александров. Со ова интервју се оспорени вестите објавени и во "The Times", дека Александров престојувал во Лондон и се сретнал со советскиот амбасадор Раковски (19.05 и 19.07.). Дадени се податоци за остварените контакти со Москва во 1923 г., поставените услови од него во преговорите и дека не го потпишал Манифестот во Виена бидејќи "не е против капитализмот туку само за Македонија", и тоа во федеративна Југославија.[160]

Најголем број од прилозите објавени во 1924 г., се однесуваат на при-ликите и нередите во Македонија (26.02.; 28.03.; 19.07.; 13.11.; 25.11.; 24 и 25.12.). Поставуваното прашање за давање автономија на Македонија во бри-танскиот парламент и развиената дискусија по него (27. и 29.02.; 13.03.), а посветува и два написа за барањата на автономија од македонските револу-ционерни организации (19 и 27. 05). Во врска со ова прашање тесно се поврза-ни и написите за ВМРО (обединета) и комунистите (17.06.), а одделно опшир-

---

[158] Исто.

[159] PRO FO 371/9671 C 10881/6524/7.

[160] Винавер В., Англиското.. стр. 47-48. Целото интервју, во превод, го објавува Михайлов И., Спомени, кн. 2, стр. 318-319.

но внимание е посветено на "Манифестот" како плод на болшевистички интриги (9, 17, 19, 28.07.; 1.08.) и околу начинот на кој е донесен (2, 5.08). Положбата на македонските бегалци во Бугарија е предмет на два написа (15.04. и 6.06.). Во оваа година, во врска со спорот околу железницата во Македонија меѓу СХС и Грција, весникот донел и два написа (25.10. и 8.12.). На особеностите на јазикот на Македонците посветен е посебен напис.[161]

Во 1925 година во "The Times" објавени се статии скоро по сите прашања, што ги разгледувала и британската дипломатија. Така, на размената на населението посветена е воведна статија (4.08), а посебно за Македонците во Грција, како малцинство, има неколку осврти (27.01.; 12.03.; 6.04. и 5.06.). Забележено е и негирањето од Белград за постоење на малцинство во Македонија (23.05). Одделни осврти се објавени за населението во Македонија (12.05.; 23.05.; 27.05. и 5.06.) при што се зборува за "Словенско население во Македонија".[162] Настаните во Македонија, посебно упадите на чети и начинот на кој се споведува управувањето, исто така, се предмет на повеќе прилози (17.01.; 16.02.; 24.02.; 26.02.; 9.03.; 10.03.; 17.03.; 6.04.; 23.05. и 1.09.). Прашањето за можната автономија на Македонија сеуште е присутно (29.08.), како и положбата на македонските бегалци во Бугарија (31.08.), а два написа се посветени на Тодор Паница (2 и 27.10.).

Во 1925 година бројно биле присутни и написи во врска со ширењето на комунизмот на Балканот, посебно во Бугарија и Југославија и улогата на Коминтерната и СССР. Ова посебно се засилило откако рускиот емигрантски весник на П. Миљуков, "Последни вести", од Париз, донел вест за состанок во близина на Виена на претставник на Коминтерната (Мануилски) со делегати на балканските комунистички партии со договор да се искористи нерешеното национално прашање и судирот меѓу СХС и Бугарија (22.04.).[163] Во ширењето на секакви вести, со цел заплашување од болшевизмот, се оде-

---

[161] Macedonia -Dialect, The Times 14.03. 1924.

[162] "The Times", 29. 12.1925 - Macedonia. Slav Population.

[163] Винавер В., Англиското... стр. 52-53.-Macedonia.Third International.

ло до таму што се тврдело дека Чаулев и Александров биле убиени од Коминтерната бидејќи ја повлекле соработката со "болшевичките агенти" (6. 04.).[164] Се тврдело дека СССР нуди помош за осамостојување на Македонија (2.05.). Специјален дописник на весникот од Софија испраќа опширен напис, објавен на 6 април, со наслов "Вознемиреност во Бугарија - Крвави освети- Македонија и комунистите" во кој се поаѓа од тоа дека преку Виена (Pan-Balkan Comunist Union) и преку морските патишта, Бугарија е загрозена и се прави осврт на кои сили може да се потпре владата во својата одбрана.[165] Потоа, еден дел од статија е посветен на убиствата и репресалиите (Murder and Reprisal) како дело на ВМРО, односите со соседните земји на Бугарија и влијанието на автономистите и комунистите (Bulgaria's neighbours), за последниот опширен дел да биде посветен на бегалското прашање (The Refugee Quetion) поставувајќи го и прашањата како влијаат на односите со СХС и Грција, нивните барања за автономна и обединета Македонија, при што се загрозува и Грција, барањата за малцински права, црква, училишта, јазикот и др. Опширната статија завршува со следниве констатции: "Секако на Бугарија и е потребна и посакувана подршка од Западна Европа и од соседите како против комунистите, така и да биде во состојба да ги решава проблемите со бегалците. Но не е можно да се имаат симпатии кон оние Маке-

---

[164] Исто . .52.

[165] "Против револуционерната коалиција се наоѓаат смирените селани, средната класа и малата, но ефикасна армија за која се верува дека е верна, и најголемиот дел од македонските борбени бегалци. Овие припаѓаат на "автономистите" и јаката бугарско-националистичка секција на познатата "Внатрешна македонска револуционерна организација". Тие уште од минатиот август ја отпочнаа борбата да го осветат нивниот амбициозен, безмилостен и магнетичен шеф, Тодор Александров, убиен од убијци кои работеле за интересите на Третата интернационала и од тогаш немаат ништо друго цел освен освета. Очајните луѓе, кои крвната освета ја нучеле од своите соседи Албанците, кај антикомунистите го заседоа најводечкото место во крвавата игра со репресалии. Дури владата и воената лига да се обидат со сила да ги спречат интервенциите на овие вредни но компромитирани сојузници, тие нема да успеат. Нивната организација сеуште е моќна во Јужна Бугарија, нивната бројност е голема, нивната дисциплина немилосрдна. Младиот Македонец, кој неодамна го уби комунистот член на парламентот на улиците во Софија, за да го освети убиството на Никола Милев, изјавил во полицијата, дека му биле дадени три дена за да го убие својот човек, со закана за смрт ако не успее. Тој го нашол доцна на третиот ден."

донци и Бугари кои ги повикуваат големите сили да создадат една мала држава..."[166]

Во 1926 година продолжува интересот за населението во Македонија (16.01.-Slavs in Greece). Во повеќе написи направен е осврт на положбата во Егејска Македонија (14,16.18,19. 04 и 3.05). Следени се состојбите во Македонија и во два написа (23.03. и 5.07), а објавена е и вест за убиството во Битола (28.07). За комунистите и нивниот став кон автономија на Македонија е посветен посебен напис (25.02.). Како и британската дипломатија и печатот обрнува повеќе внимание на односите меѓу балканските држави, а посебно врз можностите да се постигне Балканско Локарно. "The Times" разгледувајќи го ова прашање истакнува, дека проблемот на Македонија, односно на комитите и теророт се пречка за југословенско-бугарско зближување и остварување на Балканско Локарно (17.04. и 29.05.). Весникот објавил напис и за упад преку границата од СХС во Бугарија (26.06.), а посебно за упадот и водените борби кај Крива Паланка (3.08. - Comitaji raids in Yugoslavia). Упадите и судирите на границата, кои наишле на поголем одек во англискиот печат, можноста и за воен судир меѓу двете земји, и најавеното од југословенска страна гонење на комитите и преку границата "The Times" го гледа како многу опасно и сугерирал "македонскиот парадокс" мора некако да се реши во интерес на мирот, Бугарија многу и не барала - само исполнување на обврските за малцинствата, а Љапчев неможел да ги созбие комитите (5.08).[167] Околу малцинските права во Југославија и упадите преку границата, како пречка на зближувањето на двете држави, весникот се навратил уште во два написа (26.06. и 6.08.). Во писмо до весникот своите впечатоци од тешката положба на македонските бегалци во Бугарија ги соопштил Артур Салтер по

---

[166] Написот го најдовме во прилог на меморандумот на Батмен за "Активноста на советската влада на Балканот" - PRO FO 371 /10697 C 4916/251/62. - Овој напис го привлекол вниманието и на францускиот амбасадор во Лондон и тој за него испраќа опширен извештај во Париз - види: ДАРМ M 1921 AMAE, Paris, S. Europe, 1918-1929, Bulgarie vol. 31 , 8.VIII 1925.

[167] Винавер В., Англиското .. стр.57-58.

неговата посета на Бугарија.[168]

Активноста на македонските револуционерни организации весникот ќе ја следи и во наредната 1927 година (29.08 и 10.10.), особено со тешкотиите на границата на СХС и Бугарија, а посебно се осврнува и на активностите на федералистите групирани во Виена, околу Димитар Влахов, т.е. на ВМРО (обединета). На малцинските права и положбата во Македонија посветени се два написа (30.08. и 30.09.). Судењето на македонските студенти во Скопје е предмет на три написа (30.09.; 12.10. и 7.12.) при што се истакнувани и контрадикторности во соопштенијата на властите, дека се работи за автономисти и потоа за федералисти.[169]

По убиството на А. Протогеров на 10 јули, врз основа на добиената претстава во Британсктоо министерство за надворешни работи, дека со настанатиот расцеп во моментов ВМРО е слаба и со притисок врз бугарската влада ќе се постигне истата да биде уништена, уследил заедничкиот демарш по што и до паѓањето на владата на Љапчев. Весникот "The Times" ја осудил ваквата погрешна оценка на британската дипломатија и излезот на македонското прашање и понатаму го бара во признавањето на малцинските права (7.09.). На искрснатите нови крвопролевања при поделбите во ВМРО и чекорите што треба да ги преземе британската дипломатија посветени се неколку написа (23.07.; 23.08 и 30.11.). Донесени се информации и за ставот на владеачките кругови во Југославија кон Македонија (24.11).

Односите меѓу Бугарија и Југославија и прашањата поврзани со Македонија и во 1929 г. се третираат во написи на "The Times" (1. и 10. 08.). Истиот месец (2.08) еден напис е посветен на начинот на кој Грција управува со Егејска Македонија.

Во 1930 г. во врска со поднесување на петиција во Друштвото на народите објавен е напис за положбата во Македонија (11.09.). Се осудуваат мерките превземени од Србите во Македонија (14.04.) и се прави осврт врз

---

168 Битовски Крсте, За положбата на македонската емиграција во Бугарија меѓу двете светски војни (до 1934 година). Скопје, 1962, стр 126.

169 Михайлов И., Спомени. Кн.3, стр. 314.

прашањето за Балканска федерација (27.09 и 1.10.). Положбата во Македонија посебно е разгледувана во два написа (14.04. и 14.08.).

Освен неколкуте написи за земјотресот во Македонија (9, 10 и 11.08.) и општи написи за Југославија во 1931 година не се забележени посебни написи поврзани со македонското прашање.

Во 1932 година само поставувањето на правата на малцинствата го привлекле вниманието на весникот, како дискусијата во британскиот парламент (16.06.) и односот на српските власти (22.01.). На положбата во Егејска Македонија е посветен написот со наслов "Macedonia.Grecian" (26.11.).

Положбата во Македонија поврзано со поднесените петиции до Друштвото на народите се предмет на напис и во 1933 г. (10.11.), а на оваа тема се навраќа и во 1934 г. (1.03.). Македонското прашање на страниците на овој весник во 1934 г. најповеќе се третира во статија на Ноел-Бакстон (Noel-Buxton) "Political change in the Balkans (12.11.).

Сликата за одзивот во британскиот печат на настаните во и околу Македонија ќе ја надополниме со осврнување и на неколку покарактеристични написи во други весници и списанија. Весникот, а извесно време излегува и како списание, "The Near East", не само поради бројноста, туку и поради содржината на прилозите што ги објавува се издвојува од останатите поради што се задржуваме на некои негови написи. Како што и самото име на весникот укажува, се работи за орган наменет да ги следи и да информира за настани во и околу Блискиот Исток, па оттука и редовната појава на бројни написи за Балканот, во целина, или за одделните држави во него, како и за односите и ставовите кон овие држави на големите сили, а посебно интересите на Велика Британија на ова подрачје.

"The Near East" по Првата светска војна продолжува со објавување на прилози за Балканот. Забележено е дека за време на војната во овој весник се објавувани прилози со мислење на истакнати јавни личности за положбата и иднината на Полуостровот. Такви во 1917 г. се прилозите на А. Н. Р. Тејлор, како и тој на Чарлс Вудс "Новата положба на Балканскиот Полуостров" (15.

05.1917.).[170] Во 1919 година во врска со Мировната конференција во овој весник се појавиле прилози во кои се застапувало барањето македонското прашање да се реши со давање на автономија и преку плебисцит. Ваквите написи придонеле владата од Белград поради овие написи на 14 април 1919 г. да ја укине субвенцијата што ја исплаќала на весникот. Укинувањето на субвенцијата било само неколку дена бидејќи на 27 април и. г. субвенцијата веќе била вратена.[171] На ова укажуваме бидејќи не само Белград, туку и Атина и Софија, како и други земји, преку финансиска подршка на извесни весници и списанија настојуваат да влијаат во своја корист.

Во првите години по војната, кога во англискиот печат се објавувале повеќе прилози упатени против СХС и за нејзините односи со Бугарија и Албанија, "The NearEast" во прилог укажува, дека не се работи само за лоши односи меѓу Бугарија и СХС, туку и за политичко угнетување на Македонија (17.11.1921).[172] Хрватскиот политичар Стјепан Радиќ при посетата на Лондон во 1923 г., во излагање, се заложил Кралството СХС да биде уредено како федерација во која и Македонија би го нашла местото како рамноправна, а дека во СХС Македонците се масакрирани од властите (31.051923).[173] Само два месеци пред ова во весникот е застапено мислење прашањето за упадите на чети,"комитско прашање", кое во минатото било интернационално, одсега ќе "стане внатрешно прашање на секоја држава, на која и припаѓаат делови од Македонија"(22.03.).[174]

Изнесувајќи за дејноста на Лондонското друштво за Блискиот и Средниот Исток, се задржавме на предавањето на генералот Томсон, одржано во Друштвото, а објавено на 31.01. 1924. Во весникот "The Near East". Во заштита на српските интереси во истиот весник се јавил лекторот за југословенска книжевност во Лондон, Д. Суботиќ со напади врз Т. Александров и тврдења

[170] Hrabak V., Sile Antante... str. 236-237.
[171] Винавер В., Англиското.. стр. 35.
[172] Исто .. стр.38.
[173] Исто .. стр. 41.
[174] Todorovic D., Jugoslavija i balkanske zemlje. . str. 204.

дека во Вардарска Македонија населението се вклучило во политичкиот живот на СХС (7.02.1924.).[175] Истиот весник во опширен напис (28.02.) ги побива тврдењата на Суботиќ со истакнување дека: Македонија во кралството СХС е вклучена насилно, без да се праша месното население, кое во политичкиот живот воопшто не учествува, бидејќи "тешко е да се тврди дека едно толку немирно население, за кое да се држи покорно требаше да се посегне кон воена сила, зема учество во политичкиот живот". Се настојува Т. Александров да се прикаже во позитивно светло и завршува со: "Начинот на кој Србите би можеле да го ликвидират ова прашање, е да спроведат плебисцит под контролата на една неутрална сила - на пример Шведска. Ако населението се искаже за останување на српскиот режим, Т. Александров ќе престане да игра било каква улога. Се што би било потребно да се поднесе за приложување на оваа мерка, самите Македонци ќе го поднесат."[176]

Во м. март (13.03.1924) весникот објавува напис посветен на "македонската опасност" во која се подржува бугарското барање поднесено до Друштвото на народите во врска со заштитата на малцинските права во СХС, обврските на големите сили по ова прашање, осуда на држењето на Белград, завршувајќи со предлог: "ако белградската влада не може да стапи во преговори со Тодор Александров, една меѓународна анкета би можела да придонесе за разрешувањето на прашањето."[177]

Во други два написа (6. и 13. 03. 1924.), кои дојдоа како последица на веќе развиената дискусија во весникот по предавањето на генералот Томсон, основното за кое ќе се залагаат авторите на написите е решението да се бара во федерално уредување на СХС со Македонија како федерална единица во неа. [178] Весникот се вклучил и во донесувањето написи во врска со опасноста

---

[175] Винавер В., Англиското.. стр.44.
[176] Михайлов И., Спомени.. кн. 2, стр. 734-735.
[177] Исто . . стр. 760-761.
[178] Винавер В., Англиското. . стр. 44.

по Балканот од комунистите и посебно со донесувањето на Манифестот и негирањето на Т. Александров. Се сметало дека Александров се повлекол од манифестот и одбил да соработува со болшевиците, поради што и бил во Лондон, па авторот на написот се залагал "да се задоволи Македонија - или да се пуштат болшевиците во Македонија."[179]

Дописник на "The Near East" на 17 април 1924г., заедно со француски новинар бил во Ќустендил "за да ги види македонските бегалци". Неговите впечатоци објавени на 5 мај 1924 г., од сретнатите триесетина семејства, од повеќето илјади избегани во последните неколку месеци, се, дека побегнале откако им се уништени домовите и имотот поради тоа што на изборите гласале за комунистите, иако сам констатирал дека кај некои причина за бегањето е и да не служат во српската војска. Меѓу другото, констатира: "Сите овие бегалци беа облечени во нивните животописни национални костуми, како мажите, така и жените, оставаа впечаток со своето здравје и сила. Интересно е да се одбележи, дека сите бегалци својата надеж ја гледаат во автономна Македонија, и иако се избегани во Бугарија не сакаат да бидат регистрирани во таа земја, во која ги има на број околу четврт милион. Нивната способност самите да управуваат со себе, можеби е спорна, но човек го има чувството, дека такви луѓе, на крајот од краевите ќе го добијат своето.."[180]

Прашањето за правата на малцинствата, посебно македонското во Грција и СХС ќе го свртуваат вниманието и на овој весник на неколку пати. За одбележување е подолгиот прилог објавен во 1925 г. (бр. 28), посветен на малцинствата во Грција, во која покрај објавената кореспонденција меѓу грчката влада и Друштвото на народите, по прашањето за малцинствата, посебно се задржува на положбата на Македонците во Грција.[181] Во истиот

---

[179] Исто. . стр. 48.

[180] Михайлов И., Спомени.. кн.2, стр. 755-756.

[181] Андонов-Полјански Х., Британска библиографија. . стр. 356, ед. 3156.

број објавен е посебен прилог за Румболдовата комисија (Rumbold Commission) формирана при Друштвото на народите за Македонија.[182] Во 1925 година во субвенциониран додаток од владата на СХС, во прилог на "The Near East - Monthly Supplement" објавена е карта на "Кралството на Србите, Хрватите и Словенците", во која, меѓу поделените покраини, прво со име Македонија е прикажана територија и од СХС и од Бугарија и од Грција, а по интервенцијата од Белград е извршена исправка, со тоа што на истата територија е наслов "Јужна Србија".[183]

Разгледувањето на прашањето за заштита на малцинските права, посебно во Македонија, во рамките на Друштвото на народите е застапено и во 1926 г. кога се појавил и посебен напис "Македонија и Друштвото" (4.11.), како одзив на дискусиите водени во Лозана на седница на Советот на унијата за Друштвото на народите.[184] Како и во петходните години, се појавуваат повеќе написи со разни прашања поврзани со Македонија и ситуацијата во неа.[185]

Во 1927 година, известувајќи за одржаниот конгрес на македонската младина во Софија, дописникот се задржува и на усвоените резолуции и протестите во врска со затворањето и судењето на македонски студенти во Скопје (6.10.).[186] Во непотпишана долга статија (22.12.1927), изнесени се впечатоци од патување во Македонија и средби со државници во Софија и Белград и македонски револуционери. Прави впечаток дека кога зборува за Македонците тој ги нарекува само како "Македонски Словени" и употребува само термин "Македонци", не прифаќа да зборува за Срби или Бугари.[187] Во истиот број објавени се и впечатоци од патување во Македонија во 1923 и

---

[182] Исто .. ед. 3159.

[183] Винавер В., Англиското... стр. 54.

[184] Исто... стр. 58. - Андоновски-Полјански Х., Британска библиографија .. ед. 3155.

[185] Види: Андонов-Полјански, Британска библиографија, ед. 3432, ед, 3412 и други стр.372-381.

[186] Михайлов И., Спомени. ..кн. 3, стр.315.

[187] "За нас ќе биде доста да признаеме, дека после Балканските војни, југословенската влада требаше да се справи, не со едно население, составено од Словени со неопределена народностна припадност, готови да станат Срби или Бугари, по силата на влијанието извршувано

1926 година на М. Хаслак (M. Hasluck), со наслов "Македонци".[188] Се појавуваат и статии посебно посветени на "македонскиот проблем".[189]

Односите кон македонското прашање во СХС се следат и во наредната 1928 година. Во рамките на разгледување на внатрешната положба во СХС, по одделните провинции, на Македонија се осврнува во напис Џ. А. С. Биг (J.A.S. Bigge),[190] а објавен е и посебен напис за Бугарија и македонската емиграција.[191] Се следи и проблемот со малцинствата и неговото поставување во Друштвото на народите.[192] Со наслов "Македонското прашање" објавена е воведна статија (6.12.1928) во врска со односот кон ова прашање на Бугарија, СХС и големите сили. Последниве се повикуват "да ја поканат владата во Белград да објави амнестија во српска Македонија и да ја смени својата политика на безмилосна примена на поранешните потфти на насилства".[193] Авторот ги одобрува барањата упатени кон Бугарија да ги забрани и уништи македонските организации но уништувањето на ВМРО го поврзува со барањето промени и во СХС во Вардарска Македонија.[194]

Во рамките на следење на настаните на Балканот, во 1929 г. е посветен напис на "Меѓудржавните односи на балканските држави",[195] а посветено е внимание и на прашањето околу границата меѓу Југославија и Бугарија, актуелно по затворањето на истата во предходните години.[196]

---

врз нив, но со едно население сравнително високо образовано и со силни симпатии кон бугарското. . " - Михайлов И., Спомени . кн. 4, стр. 671-673. - за жал овој пасос Михајлов не го пренел целосно, додека има пренесено повеќе делови со согледувања за состојбата во Македонија, односите на властите, ставот на населението и др. сл.

[188] Андонов-Полјански Х., Британска библиографија .. стр. 372, ед. 3362.

[189] Исто. . стр. 378, ед. 3436 - стр. 379, ед. 3460.

[190] Исто . . стр.373, ед. 3375.

[191] Исто . . стр. 377, ед. 3431.

[192] Исто. . стр. 356, ед. 3157.

[193] Михайлов И., Спомени. . кн.3, стр. 403.

[194] Василев В., Великобритания и македонският въпрос. .стр. 38.

[195] Андонов-Полјански Х., Британска библиографија . . стр.363, ед. 3248.

[196] Исто. . стр. 364, ед. 3257.

На македонското прашање како нерешено прашање меѓу балканските држави "The Near East" посветува посебен напис и во 1930 година.[197] Отпочнатите конференции на балканските држави за меѓусебна соработка, исто така, се предмет на одделни написи.[198] Активностите на македонските емигрантски организации и положбата во Македонија привлекуваат посебни осврти.[199]

Балканската конференција и во 1931 година се следи од весникот во одделни написи,[200] како и политичките прилики на Балканот.[201] Во оваа година во грчкиот печат се развива кампања на напади врз Велика Британија во врска со о. Кипар. Во подолг напис "The Near East" (5.11.1931.) возвраќа со прикажување на состојбите на о. Кипар и во Македонија околу користење на малцински права, со сугестија на грчкиот печат да се заложи деловите на Македонија да се вратат на Бугарија од страна на Грција и Југославија, а В. Британија би го вратила Кипар на Грција, иако со ова тешко би се согласила Франција.[202]

Во 1932 година прашањето за ревизијата на мировните договори се поставува повеќе и во дипломатските кругови, а и во печатот. Оттука и третирање на ова прашање во посебен напис за мировните договори и приликите на Балканот и македонското прашање.[203] Со наслов "Југославија и Македонија" направен е посебен осврт на југословенската политика кон Македонија.[204] Во оваа година весникот продолжува од претходните години воспоставената практика да објавува британски конзулски извештаи, меѓу кои и делови од извештаите испраќани од Скопје.[205]

---

[197] Исто.. стр. 393, ед. 3633.
[198] Исто .. стр. 360, ед. 3203.
[199] Исто .. стр. 390, ед. 3597.
[200] Исто.. стр. 360. ед. 3207.
[201] Исто.. ед. 3205.
[202] Михайлов И., Спомени .. кн.3, стр. 105-106.
[203] Андонов-Полјански Х., Британска библиографија. . стр. 367, ед. 3294.
[204] Исто . . стр.390, ед. 3589.
[205] Исто . . стр. 387, ед. 3543.

Прашањата за Малата антанта и балканска федерација и овој весник ги третира во 1933 г. во одделен напис,[206] како и југословенско - бугарските односи и прашањето за Македонија.[207] Политиката на бугарската влада и македонските емигрантски организации,[208] како и положбата на македонските емигрантски организации во Бугарија, активноста на македонските федералисти,[209] и односите на македонските емигрантски организации во Бугарија со земјоделците[210] се разгледувани во одделни написи.

Во 1934 г. специјален известувач на весникот од Софија испраќа дописка посветена на ВМРО и нејзините активности.[211] Во врска со Македонија се разгледуваат и југословенско - бугарските односи,[212] како и во таа година склучениот Балкански пакт.[213]

Друг англиски влијателен дневен весник, "The Manchester Guardian", на своите страници донесувал вести и правел анализи за состојбите во и околу Македонија. Иако не толку бројни, како во случајот со горенаведените гласила, како надополнување за она што се изнесувало и мислело во британското јавно мислење, ќе се задржиме само на неколку на коишто наидовме. Развиената четничка активност во првите години по завршувањето на Мировната конференција, а во склоп на натегнатите односи меѓу балканските држави, наоѓаат одзив во разни вести и согледувања и во овој весник. Разгледувајќи ја загрозеноста на Кралството СХС од четничките акции, овој весник напишал (19 мај 1922 г.), дека "најопасни се четите на Протогеров во околината на Охридското Езеро, коишто соработуваат со четите на Бајрам Цура и Хасан Приштина."[214]

---

206 Исто .. стр. 364, ед. 3262.
207 Исто .. стр. 364, ед. 3252.
208 Исто.. стр. 389, ед. 3573.
209 Исто .. стр. 390, ед. 3599.
210 Исто.. стр. 391, ед. 3600.
211 Исто .. стр.390, ед. 3598.
212 Исто .. стр.364, ед. 3252.
213 Исто .. стр.360, ед. 3208.
214 Todorovic D., Jugoslavija i .. str. 165.

Во овој весник истакнатиот член на Балканскиот комитет, Н. Бакстон, кој истовремено е и министер во владата на лабуристите, пишувал (5 ноември 1924 г.), дека на Балканот е потребен мир, а него го нема зашто Југославија не им дава права на малцинствата во Македонија."[215] Осврнувајќи се на правата на малцинствата и нивното постоење во Вардарска Македонија, во "The Manchester Guardian" (3 март 1925 г.) се изнесени осуди на белградските власти: "Пашиќ се однесува како некогаш Австрија во Босна, само што неговата надворешна жртва не е Србија туку Бугарија, која ја обвинува за се."[216]

Овој весник бил еден од оние што ја осудиле британската дипломатија во врска со нејзиниот притисок во 1928 година врз Софија, заедно со Франција, искажувајќи дека ваквата постапка на британската дипломатија не само што предизвикала негодување во бугарската јавност, туку ќе наишла и на вознемиреност кај дел од меродавното британско јавно мислење. За оваа интервенција, на која се задржавме во претходните глави, "The Manchester Guardian" сметал дека е спротивна на принципите на Друштвото на народите.[217]

Македонското прашање и неговото решавање биле предмет на написи и во овој весник. Така, на 23 јули 1928 г., весникот посветува воведна статија на македонското прашање, при што прва констатација е: "Македонскиот проблем си останува неразрешен". Се опишуваат начините на угнетување од српските власти врз Македонците. При тоа, за ставовите на големите сили се констатира:"Сега, како секогаш, Балканот е расцепкан од соперништвото на големите сили: само што местото на Хабзбуршката монархија го завзедоа Франција и Италија. Југославија е јужниот бастион на оној обрач од вооружени сојузи, коишто Франција ги држи во еден крепоснички систем, заградувајќи ги победените централни сили."[218]

---

[215] Винавер В., Англиското .. стр. 42.
[216] Исто .. стр. 54.
[217] Василев В., Великобритания и македонският въпрос.. стр.35-36.
[218] Михайлов И., Спомени.. кн. 4, стр. 676.

Воведувањето на диктатурата во Југославија во почетокот на 1929 година, веќе во септември од страна на "The Manchester Guardian" (24 септември 1929 г.) се оценува како пропадната и неуспешна. Се оценува дека е неизбежно распаѓање на Југославија.[219] Поради тоа, дека може би, за да се избегне ова, најмногу би можела да направи Велика Британија преку Друштвото на народите за стабилизирање на Балканот, преку притисок врз Југославија за признавање на постојните малцинства во неа и давање на правата согласно мировните договори.[220]

За тоа во кого ја гледа вината весникот "The Manchester Guardian", околу постоењето и нерешавањето на македонското прашање, сведочи и напис објавен во врска со атентатите во Пирот, м. март 1930 г. во кој се тврди: "Во врска со оваа положба бламажа паѓа и врз самат југословенска влада, бидејќи таа непрекинато откажува да признае дека постои некакво македонско прашање, кога сиот свет знае за неговото постоење уште од времето на Берлинскиот конгрес.

Токму поради вакви мачни случаи проф. Гилберт М'реј уште во 1922 г. на генерално собрание на Друштвото на народите предложи во оваа област да се назначат комесари на Друштвото, коишто би известувале објективно за примената на договорот за малцинствата.

Самиот факт, дека неговиот предлог, тогаш беше отфрлен скоро едногласно од заинтересираните земји, е доказ за неговата вредност."[221]

---

[219] "Скоро да нема место за сомневање дека распаѓањето на Југославија може да стане само со силата на оружјето. Со други зборови, Хрватите и Македонците неможат да се здобијат со независност, која што ја посакуваат, освен преку востание. На Балканот, каде што луѓето не се двоумат да грабнат оружје; каде што пограничните инциденти се нешто вообичаено; каде што е скоро невозможно да се каже кој е напаѓачот; каде што, откако еднаш ќе почне борбата, таа ќе продолжи до крај и каде што страстите се силни и раздразнувањата несмирливи, - еден конфликт, сличен на овој што го предвидува распаѓањето на Југославија, е опасност за редот во Европа."

[220] Михайлов И., Спомени.. кн. 4, стр. 676-677.

[221] Исто.. кн. 3, стр. 459-460.

Натамошни истражувања би не вовлекле и во осврт и врз пишувањето на други познати и влијателни весници, како и на редица неделни, двонеделни или месечни списанија во кои се појавуваат написи и осврти за Македонија и македонското прашање.[222] Останува и вака, фактот, дека британската јавност била повеќестрано информирана за настаните во и околу Македонија и дека јавните гласила, на извесен начин настојувале и да влијаат врз британската дипломатија и нејзините ставови.

Колку ставовите изнесени во британскиот печат имаат влијание и во меѓусебните односи на В. Британија со Југославија, сведочи британскиот амбасадор од Белград во својот годишен извештај за 1930 година, кога констатира, дека ставот на британскиот печат не само што ги намалува симпатиите кај многуте почитувачи на Англија во Југославија и ги охрабрувал прврзениците на Франција, и тоа во време кога постоела желба за поблиска соработка со В. Британија, туку, исто така, бил и сериозна пречка на британската трговија и предпиемаштво.[223]

Во својот годишен извештај за 1932 година, амбасадорот во врска со печатот го констатирал следново: "Што се однесува до коментарите во печатот во Обединетото Кралство, со задоволство можеме да забележеме, дека "Тајмс", когошто тука го сметаат за толкувач на просветениот дел од британското јавно мислење, ги ублажи своите критики за сметка на тукашниот режим. Од друга страна, бескрупулозната кампања против Југославија во која земаат учество некои други весници, одделно "Sundey Express" и "Daily Express", остави многу лош впечаток на тукашното јавно мислење, коешто уште нема научено што значи вистинска слобода на печатот, а покрај тоа и наклонетоста на некои истакнати англиски политичари да ја подучуваат југо-

---

[222] Пример за ова се бројните библиографски единици собрани во трудот на проф. Христо Андонов-Полјански од кој веќе цитиравме повеќе во врска со пишувањето на весниците "The Times" и "The Near East".
[223] Avdmovski Z., Britanci.. kn. 1, str. 649.

словенската влада како да управува со својата земја, тука се смета како нетактична, ако не и дрска."[224] Во овој извештај е и веста, дека во м. мај 1932 г. била протерана од Југославија г-ѓа Самсонова, бивш дописник на "Тајмс" од Белград.

За тоа, дека британските власти, посебно Министерството за надворешни работи, се ангажирале и околу тоа како и што се пишува во печатот и интервенции за промени во ставовите, наоѓаме во годишниот извештај на амбасадорот од Белград за 1931 г., токму во врска со г-ѓа Самсонова и дописникот на истиот весник Ламбиј, кој допатувал во Југославија и имал два интервјуа со кралот Александар.[225] Околу г-ѓа Самсонова амбасадорот напишал: "Форин Офис ја презеде работата околу "Тајмс" и ѝ препорача на г-ѓа Самсонова во своите проценки да биде поумерена. Таа овој совет не го прифати и нејзините написи, особено по прогласувањето на новиот Устав, се одликуваат со изразена пристрастност и непријателство кон владата. Работите дојдоа до таму што кралот во ноември му рекол на г. Хендерсон како таа не е повеќе толкувач на ставовите на опозицијата, туку дека е водач на опозицијата. Најпосле, "Тајмс" одлучи да ги искористи бројните преместувања на новинарите во Југоисточна Европа и да се ослободи од нејзините услуги во наредните два месеца."[226]

---

[224] Исто. . .кн. 2, стр. 99.

[225] ""Тајмс" воопшто, а особено неговиот тукашен дописник г-ѓа Самсонова, руски емигрант, во текот на цела година објавува антијугословенски и антивладини написи. Во средината на февруари, по посетата на Загреб, кралот имал долг и доверлив разговор со г. Ламбиј, балкански дописник на "Тајмс". Подоцна, по три дена "Тајмс" објави два долги написа, во кои се оспорувал успех од посетата на кралот и се нагласувало непријателството меѓу Србите и Хрватите, Всушност, статиите биле напишани и упатени до редакцијата пред да бидат дадени интервјуата, но кралот, разбирливо, бил прилично навреден и отворено се пожалил кај г. Хандерсон. Изјавил, дека е решен да ја протера од земјата г-ѓата Самсонова, а на г. Ламбиј да му забрани враќање во Југославија. Последниов, поради штедење, е премесетен на друга должност, а на негово место никој не е поставен." - Avramovski Z., Britanci. . kn. 2, str. 45.

[226] Исто.

## VI глава

# БРИТАНСКАТА ДИПЛОМАТИЈА ЗА НАСТАНИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА И МАКЕДОНИЈА 1918-1934

### 1. Сознанија за идентитетот на Македонците

Во разгледувањето на ставовите и делувањето на британската дипломатија во врска со македонското прашање: во рамките на нејзините интересни сфери во периодот до Париската мировна конференција; на самата Конференција; како и во разните меѓународни организации; влијанието на истата врз балканските земји во периодот маѓу двете светски војни; како и за односот со британското јавно мислење, во претходните пет глави, меѓу другото, беа изнесени и констатации кои биле потребите за да се прифатат и применат одредени ставови.

Во периодот меѓу двете светски војни британската дипломатија во поглед на македонското прашање, на прво место, си поставува задача да не дозволи истото да се постави на широката меѓународна сцена за разгледување, како што тоа било кон крајот на XIX-от век и во првите две децении на XX-от век. Штитејќи ги решенијата од Париската мировна конференција, од една страна, и поаѓајќи од своите пошироки интереси да се сочува мирот во Европа, како и да се спречи опасноста од ширењето на комунизмот и револуционерните движења, британската дипломатија, всушност, го брани и настојува да го сочува поредокот што таа, во најголема мерка, го наметнала. Оттука и нејзиното ангажирање околу спречување на секој можен судир меѓу балканските држави и настојување на одржување извесна рамнотежа спротивставувајќи се на влијанието, во прво време на Франција, а потоа и на Италија и Германија, во чие влијание гледала опасност од нарушување на воспоставениот ред. Поставувањето на македонското прашање за неа претставувало опасност од нарушување на мировните договори, загрозување на нејзините интереси, најсилно изразени во третманот и влијанието во Грција, а

ова придонесувало и да се ангажира во разгледување и поткрепа на решенија, кои, во сите случаи се далеку од вистинските интереси и барања на македонскиот народ, какви што се размената на население маѓу Бугарија и Грција, асимилацијата на Македонците и уништување на револуционерните движења на Македонците. Сето ова избиваше при разгледувањето на прашањата што ги третиравме во претходните глави.

Колку британската дипломатија ги следела и имала сознанија за состојбите и настаните во Македонија и дали овие нејзини сознанија можеле и имале влијание во нејзините ставови поврзани со македонското прашање во дадениов период? Ќе се задржиме на прашањето за стекнатите сознанија околу идентитетот на Македонците; на македонското револуционерно движење и на состојбите и настани во самата Македонија.

Прашањето за тоа кои се Македонците и каков е составот на населението во Македонија, поставено во XIX-от век, а посебно наметнато и на Париската мировна конференција, во рамките на разгледување на предлозите од американскиот претседател В. Вудроу, не било и неможело да биде затворено со решенијата на Конференцијата, ниту со состојбите во кои се нашле Македонците во периодот меѓу двете светски војни.

Присвојувањето на Македонците од страна на соседните народи кои успеаја да создадат свои национални држави, а со цел за остварување на нивните завојувачки апетити, изразено преку силно развиената пропагандна дејност, прибегнувајќи и дури до оружје, не само што го попречи развојот на националната свест кај македонскиот народ, туку придонесе и за создавање на претстава кај дипломатиите на големите сили, кои одлучуваа за судбината на Македонците, дека не постои посебен народ Македонци, а се работи за население во чиј состав има Бугари, Грци и Срби, па соодветно на тоа и правата што овие држави ги полагаат врз Македонија. Како едно од посилните средства во пропагандите биле користени статистики кои владите на балканските држави ги составувале и широко распространувале заради остварување на своите интреси. Се објавуваат етнографски карти, се ангажираат и истакнати научници од поедини европски земји за застапување на одреди мислења

и погледи, пропагандниот апарат во самата Македонија, црквата, училиштата, поедини платеници, како и вооружените чети, се ставени во служба на спречување Македонецот да ја искаже својата вистинска национална определба.[1]

Британската дипломатија, несомнено, ги знае и следи пропагандните и други активности на Бугарија, Грција и Србија во врска со прашањето за составот на населението во Македонија и за неговото национално чувство. Иако во британските дипломатски извештаи многу често се зборува за Бугари, Грци и Срби во Македонија, кога се поставувало прашањето таа самата да искристализира свој став по ова прашање, во периодот меѓу двете светски војни најмногу ќе се задржи на прифаќање став да се зборува за "Словени" или "Македословени". Дека ваквиот став не се наметнува само од моменталните односи меѓу балканските држави, туку се работи за согледувања базирани на испитувања на теренот, наидуваме потврда и во документи од XIX-от век, како и тие до Париската мировна конференција.[2]

Секако, врз основа на дипломатските извештаи, на прво место, а потоа и на постојната литература,[3] во Историската секција на Министерството за

---

[1] За тоа колку и како се настојувало да се злоупотребат статистиките за составот на населението во Македонија, во минатото, па и во современата историографија во соседните земји еден од примерите е и прикажувањето на ова прашање од страна на српскиот историчар Владан Јовановиќ. Види: Jovanovic,Vladan, Jugoslovenska drzava i juzna Srbija 1918-1929. Makedonija, Sandzak, Kosovo i Meothija u Kraljevini SHS, Beograd 2002, str. 22-25.

[2] За теренски истражувања од страна на британски дипломати и други лица, посебно со состојбите во Македонија, како и населението во неа, се наидува на податоци не само во извештаите испраќани од дипломатските претставници, туку и од новинари, научници и други кои во даден момент се нашле , по разни поводи, во допир со македонското население. Цитираната погоре на неколку пати студија од И. Катарџиев "Антантата и македонското прашање во текот на Првата светска војна" донесе податоци за особено силната заинтересираност, според српски извори, на британските воени претставници во Македонија за составот на населението и неговата национална определба. Проф. Хр. Андонов-Полјански објави и писма од британска мисионерка во Солун, во кои укажува, врз основа на долгогодишно познавање на состојбите, дека македонското население бара и има потреба од автономна држава "под заштита на Силите" и дека "ова е земја каде господари "стравот" над сите работи-Тие не смеат да говорат." Види: Велика Британија и македонското прашање.. стр. 74-75.

[3] . Се работи за список на користена литература, со наслов "Authorities", во која се наведени познати дела на англиски, француски, германски и италијански јазик, објавен на крајот на прирачникот бр. 21 на Историската секција "Македонија", стр. 99-102.

надворешни работи дошле, до констатации, кои треба да ги има британската делегација на Мировната конференција во вид, за населението во Македонија, а на кои во превод укажавме во Втората глава, дека "овој регион го населуваат пет главни националности: Турци, Грци, Власи, Албанци и Словени."[4] Присутна е и констатацијата дека "Македонските Словени го составуваат најголемиот дел од населението. Изолирани, до најново време, од Словените од Србија и Бугарија, тие до 1870 г. беа одделен народ."[5] И за јазикот е присутна констатација, дека: "Македонските Словени зборуват дијалект, или поправо разни многу слични дијалекти на словенски јазик."[6] Истакнато е местото и улогата на црквата и пропагандите во поделбата на ова население во Бугари, Грци и Срби, со укажување на тоа во кои делови доминираат едните или другите.[7]

До ваквите констатации во Историската секција можело многу лесно да се дојде бидејќи добрите познавачи на состојбите во Македонија и пред Мировната конференција зборуваат за Македонци кои потпаднале под влијание на странските пропаганди. Еден ваков пример е и извештајот на британскиот вицеконзул во Битола, Чарлс Грег (Charles Greig), кој на 2 јуни 1914 година му бил препратен до министерот за надворешни работи Едвард Греј. [8] Настојувајќи што поточно да извести за "граѓанските и верските слободи во овој дел од српска Македонија" вицеконзулот изнесувајќи и статистички податоци,[9] зборува за "Срби, или уште подобро "србомани", создадени од страна на српската пропаганда".."Бугари или егзархисти".."прогрчки Македонци". Потоа констатира, дека "во самиот град и во казата Битола немаше Срби". Ваквата слаба позиција на српската пропаганда во однос на другите,

---

[4] Macedonia.- Historical Section of the Forign Office.-No. 21., London, 1920, p.11.
[5] Исто.. стр12.
[6] Исто.. стр. 13.
[7] Исто.. стр.13-14.
[8] Овој извештај во превод е објавен во: Британски конзули во Македонија 1797-1915, Документи, Скопје 2002, стр. 431-440. Иако се работи за согледувања поврзани со територијата на бившиот Битолски вилает, истите се адекватни и за Косовскиот вилает.
[9] Како што напишал, базирани врз основа на статистика од м. јануари 1911 г., направена од Комитетот на Партијата за единство и прогрес, со тенденциозни зголемувања на бројките на Србите во Вилаетот. Исто. . стр. 431.

српската власт, воспоставена по Балканските војни, настојува да ја измени со сите можни средства, при што, како што констатира вицеконзулот Грег, во својата политика "си поставила три основни цели, а тие беа:

1. Креирање на едно етнографско тврдење во однос на окупираните територии врз база на претпоставка, а не произлезено од историјата, дека сите македонски Словени се Срби.

2. Брза асимилација, на чесен или нечесен начин, на што е можно поголем број христијани - несловени.

3. Присилна емиграција или уништување на муслиманите и конфискација и продажба на нивниот имот на емигранти заведени да дојдат во Македонија од Австрија и од Новиот Свет."[10]

По овие воведни констатации во извештајот се пристапува кон изнесување на положбата на секоја одделна етничка или верска група. Така, под бр. 1 со наслов "Егзархистите, или пробугарските Македонци", прикажувајќи ги мерките преземени од српските власти, меѓу другото, ќе констатира: "Вистина е дека егзархиската црква постоеше само од политички цели, за кои религијата беше само потпорна скала, таа ги едуцираше и консолидираше хибридните Словени од Македонија и ги вдахновуваше со национално чувство за што тие бескрајно се жртвуваа, додека српските настојувања во оваа област беа незначителни. Вистина е дека егзархискиот систем беше инструмент на бугарските територијални амбиции, што Србите беа приморани да ги неутрализираат, но српските репресии, како прво, имаа за цел, не легитимна самоодбрана, туку уништување на секој начин на секое несрпско национално чувство."[11]

Во извештајот под точка бр. 2. со наслов "Православните Македонци-гркомани" е забележан поинаков подход на српските власти кон уништувањето и затворањето на грчките цркви и училишта, иако и кај нив е забележено кршење "на нивните природни права". [12]

---

[10] Исто .. стр. 431-432.
[11] Исто . . стр. 433.
[12] Исто стр. 433-434.

Во Министерството за надворешни работи во Лондон, сознанијата стекнувани од теренот, дека се работи за постоење на одделен народ, со посебна национална свест, се повеќе се искристилизирале и наметнувале во перидот меѓу двете светски војни, но неможеле да бидат прифатени лесно од следнава основна причина, на која укажува Андреа Росос: "Со оглед на преовладувачкото прифаќање на принципот за самоуправување на нациите, признавањето на Словените Македонци како посебна нација би ги легитимирало македонските барања за автономија или, во краен случај, за признавање на малцински права. Ова би значело поништвување, или најмалку ревизија, на мировните договори и на границите, нешто што не било прифатливо ниту за клиентите на Британија, Грција и Југославија, или, секако, и за самата Велика Британија."[13]

За постоењето на македонско национално чувство, на еден или друг начин, во Лондон се добиваат информации кои, сепак, од погоре наведените причини, не биле доволни да се прифати став на дефинитивно признавање на идентиттот на Македонците. Така, во годишниот извештај за 1922 година за Бугарија, во точката "8-Македонија", амбасадорот од Софија, Ерскин, констатира: "Провинцијата позната како Македонија, се разбира, интегрално не постои. Како единица таа суштествува единствено во аспирациите на луѓе од македонски род или потекло, растурени под власта на Југославија, Грција и Бугарија."[14] Констатирајќи го незадоволството на "Македонците" од Стамболиски и неговото владеење, продолжува: "Сепак, доколку силна националистичка влада ја замени онаа на г-динот Стамболиски и доколку бугарските претензии за територијално зголемување во Македонија бидат оживеани, повеќе од возможно е дека водачите од македонското движење, кои, ако не се Бугари по род, такви се по усвојување и симпатии, а кои играат важна улога во советите на најјаката од буржоаските опозициони партии, Демокра-

---

[13] Rossos Andrew, The British Foreign Office and Macedonian National Identity, 1918-1941.- In: Slavic Review, vol. 53, No 2, 1994, p382.
[14] PRO FO 371/8568 C 7224/7224/7

тите ќе ја поддржат таа влада... "[15]

Известувајќи за убиството на Ѓорче Петров, сер Артур Пил (Sir Artur Peel) ќе нагласи: "Господинот Петров беше Македонец..." кој по Војната "го посветил неговото внимание во грижата за интересите на неговите земјаци во Бугарија."[16]

Разните британски дипломати ангажирани во мисии на Друштвото на народите при престој и испитување на состојбите во Македонија, меѓу другото, давале податоци и за составот на населението. Таков е случајот и со полковникот А. К. Корф, претседател на Мешаната комисија за размена на население меѓу Грција и Бугарија. Делови од неговиот извештај за извршена обиколка на делови од Егејска Македонија, во месец јули 1923 г., во рамките на обврските во Комисијата, пренесовме во Третата глава. Во поглед на составот на населението и неговата националн свест неговите констатации се: "Само во Западна Македонија најмал број на села во кои се зборува бугарски е 150. Помножено во овие села по 200 семејства и ќе добиете минимум население од 30.000 семејства, што би се рекло, население што зборува бугарски од 150.000. Во мал број случаи се наидува на мал процент на Турци во овие села."[17] Понатаму истакнува, дека "не се двоумам да кажам дека овие Македонци се најдобри вредни работници во Македонија. Грчките власти го признаваат ова."[18] Бугарскиот делегат во Мешаната комисија, Владимир Робев е заедно со Корф во обиколката низ Егејска Македонија. Сепак, "Беше тешко од Македонците кои збируваат бугарски да се постигне отворено да ги изнесат своите мислења дури и пред г. Робев, бугарски делегат, самиот Македонец, добро познат на сите нив. Ништо не зборуваа се додека во близина се наоѓаше службеник Грк од било кој вид. Но навечер, во нивните сопствени домови, или кога ќе ги отпуштевме службените лица, ги охрабрувавме пред нас слободно да зборуваат. Тогаш без измени ја слушавме следнава приказна

[15] Исто.
[16] PRO FO 371/5800 C 14173/440/7.
[17] PRO Fo 371/8566 C 15084/6058/7.
[18] Исто.

- "Лоша управа. Тие сакаат да не присилат да станеме Грци, во јазикот, со верата, во чувствата, во секој случај. Бевме на служба во грчката војска и се боревме за нив: тие сега не навредуваат нарекувајќи не 'проклети будали Бугари'".

"На моето прашање "Што барате вие? Автономна Македонија или Македонија под Бугарија?" Одговорот секогаш беше истиот: "Бараме добра управа. Ние сме Македонци, ниту Грци, ниту Бугари. Дајте ни добар татко и ние ќе бидеме добри деца. Не сакаме во нашите села да доаѓаат чети. Бараме да бидеме оставени на мир."[19]

Констатцијата, дека кај населението е присутен страв слободно да ја искаже својата национална свест, е честа пред британските дипломати. За страв да ги изнесат своите вистински желби зборувала во 1918 г. и сестрата Августина Бевике од болницата "Св. Павле" во Солун.[20] Во оваа смисла забелешки прават и дипломатите што подоцна го обиколуват вардарскиот дел на Македонија со кои ќе се сретнеме.

Проблемот со добивањето на потполни информации за населението и состојбата во Македонија ја констатирал во јуни 1925 година, само по осуммесечен престој во Скопје, и вицеконзулот Д. Џ. Футмен (D.J.Footman) во опширен извештај доставен до амбасадорот Х. В. Кенард (H.W.Kennard). Како пречки ги наведува: српското гледање во секое интересирање за состојбите во Македонија како на мешање во внатрешните работи на нивната држава; недовербата на Муслиманите во големите сили; развиеното меѓусебно шпионирање во спротивставените страни на македонското револуционерно движење и "4. Скоро сите постоечки статистики и монографии не се меродавни за верување. Секој публицист посетувајќи ја Македонија е сигурен дека ќе најде некоја група која ќе даде материјал за поддршка на секоја однапред замислена идеја до која веќе дошол; а условите за живот не се такви што би го довеле во искушение да го продолжи својот престој."[21]

---

[19] Исто.
[20] Андонов-Полјански Х., Велика Британија и македонското прашање.. стр.74.
[21] PRO FO 371/10793 C 9288/199/92.

Вицеконзулот Футмен во својот извештај под точка 1. Зборува за "Населението во Македонија" и констатира: "Мнозинството од жителите на Јужна Србија /службен назив на покраината во кралството СХС во која дел бил Вардарска Македонија - забел. на С.Г.-Ј./ се православни христијани Македонци, етнолошки се малку поблиски до Бугарите отколку до Србите. До српското освојување тие се нарекувале и се сметале за Бугари. Големото мнозинство се селани без силни политички склоности, но интелигенцијата е претежно школувана во бугарски училишта, основани тука во времето на Турците, а поради ова бугарско - македонското движење добива најмногу локална помош."[22] Како втора поголема група на население се задржува на Албанците. "Би рекол, дека тие претставуваат 80% од населението коешто живее на запад во полукругот што ги опфаќа Пеќ, Кос. Митровица. Приштина, Брод и Охрид. Ова ќе предизвика потешкотии во утврдувањето на западната граница за независна Македонија, доколку таа малку веројатна можност се појави."[23] Како помали групи набројува: "1. Исламизирани Македонци и Срби и вистински Турци кои се држат до Џемиет партијата; 2. Срби, во најголем број војници и чиновници" и понатаму Албанци католици; Евреи, Куцовласи, Грци и Цигани. Додека за Грците забележува дека во најголем дел ја напуштиле земјата, за Власите тврди, дека тие "без сомнение би ја поздравиле независна Македонија, доколку ваква држава може сигурно да се создаде, бидејќи богатството и нивната интелегенција би и дале големо влијание, но тие немаат никакви наклоности кон анархија и политичко убиство".[24]

Во точката 4 од извештајот "Бугарско-македонска состојба", како прво се осврнува на тоа зошто Македонците се ориентирале кон Бугарија и констатира дека: 1. "Македонците етнолошки се нешто по сродни на Бугарите" и тоа по заслуга на ефикасната бугарска пропаганда и тоа што до

---

[22] Исто.
[23] Исто.
[24] Исто.

1912 г. бугарската цивилизација била на повисоко рамниште од српската.[25]

Во 1925 година, сепак, и покрај ваквите децидни искажувања на вицеконзулот од Скопје, во Министерството во Лондон, сеуште не се прифаќа да се зборува за Македонците како припадници на одделна нација. Засилените активности на четите испраќани од Бугарија, бројните политички убиства меѓу припадниците на Македонското револуционерно движење, како и опасноста истото потесно да се поврзе со Третата интернационала, се основна причина во Централното одделение на Министерството да биде изработен посебен опширен меморандум "Македонското прашање и комитаџиската активност" со настојување да се даде сумирано неговата историја.[26]

Во воведот на овој меморандум се даваат географски податоци и бегол историски преглед врз основа на кои се заклучува, дека "тврдењето за народна или економска автономија на Македонија е модерна креација...", а историски, само Грција има права на Егејското крајбрежие.

Податоците за тоа кој народ ја населува Македонија и кои јазици се зборуваат, се преземени од прирачникот за Македонија бр. 27 и тоа: Грци, Турци, Албанци, Словени (1.150,000) и Власи во 1912 г. со забелешката "половината од населението се Словени, а до 1870 година Македонските Словени се народ сосема оддвоен и одделен од Словените во Бугарија и Србија."[27] Откако во посебна глава ќе се разгледа текот на "Македонското прашање" од почетокот до 1925 г., како заклучоци се даваат следниве "Коментари":

"1. Македонија не може да се смета како етничка или економска единка. Територијално, таа најверојатно секогаш ќе биде поделена.

2. Барањата на Грција за Егејското крајбрежие се засновани на историски факти, но српските и бугарските барања во Јужна Македонија се малку измислени заради политички мотиви. Затоа, македонското прашање не може да се смета како уште едно Алзас-Лорен прашање.

---

[25] Исто.
[26] PRO FO 371/10667 C 15185/2332/7.
[27] Исто.

3. Главниот проблем во Македонија е фокусиран на Македонските Словени, кои сочинуваат нешто помалку од половината на сето население во провинцијата. Сепак, можно е поголемиот број од овие Словени да се, или биле, про-Бугари и не е некоректно да им се обраќа не поинаку отколку Македо-Словени. Во овие рамки и српските тврдења дека се Јужни Срби и бугарските тврдења дека се Бугари се неоправдани."

Понатаму во наредните четири точки, воглавно, се констатира, дека во Македонија не е можен плебисцит, населението е измешано и тешко би се рагарничило, а бугарските барања за неспорната зона само ќе ја спречат Србија од излезот на Егејското Море, за да заклучи, дека извршената поделба на Македонија е добра "и нема реална причина или постоење на политичка целисходност која би можела да доведе до потребата од преуредување на сегашните граници."[28]

Втората опширна глава на меморандумот, со наслов "Комитите" е посветена на развитокот на Македонското револуционерно движење во минатото, состојбата по војната со соодветни заклучоци како да се гледа на ова движење во дадениот момент.

Во 1925 година меѓу Грција и Кралството СХС доаѓа до затегнати односи, за што повеќе податоци изнесовме во четвртата глава. Да се согледа суштината на проблемот и завземе од страна на В. Британија соодветен став, било потребно Одделението за Југоисточна Европа во Министерството да изработи соодветен опширен документ. Така, веќе во м. март 1926 година се појавува "Меморандум за српското "малцинство" во Грчка Македонија".[29]

Размената на Малите протоколи меѓу Грција и Бугарија, во 1924 г. во Женева, како и српските настојувања за извесни привилеги во врска со пристапот до Егејското Море (железницата и Слободната зона во Солун), се едни од основните причини Кралството СХС да го постави прашањето за "заштита на правата на српското малцинство во Грција". Секако, една од главните причини е што Грција признава во нејзините граници постоење на

---

[28] Исто.

"бугарско малцинство", а ова е спротивно на упорното тврдење од страна на Кр. СХС дека во оваа држава не постои такво малцинство, а дека во Македонија живеат само Срби. Во Меморандумот опширно се иснесени текот на поставувањето на прашањето, како и неговата суштина и можност за решавање. Оттука, како прво и се поставило да се направи осврт за тоа од каква националност е населението за кое изникнал спорот. Разгледувајќи ги "историските и етнолошките околности" се пренесуваат во целост веќе истакнатите согледувања по ова прашање во погоре цитираниот Меморандум за македонското прашање и комитаџиите. Тоа значи: сите статистики за националноста на "Македонските Словени се нереални"; етнолошки и јазично, според некои авторитети, "Македонските Словени се поблиску до Бугарите одошто до Србите"; кај "Македонските Словени" националната свест кај индивидуите се менува "според околностите" и неговата национална свест е во зависност од пропагандите на кои бил изложен.[30] Во меморандумот се подржува грчкиот став за непризнавање на постоење српско малцинство во Грција и опасноста од поставувањето на македонскто прашање во Друштвото на народите. Составувачот на овој Меморандум бил вториот секретар во Министерството за надворешни работи Батмен (C.H. Bateman), кој во прилог побарал и мислење по ова прашање од третиот секретар во Амбасадата во Белград Р. А. Галоп (R.A.Gallop). Галоп во текот на м. април 1926 г. престојувал една недела во Вардарска Македонија[31] и неговото мислење, како познавач на состојбите на теренот е приклучено кон Меморандумот на Батмен.

---

[29] PRO Fo 371/11337 C 3041/102/12.

[30] Исто.

[31] По враќањето од посетата на Вардарска Македонија Галоп во својот извештај истакнал:"Најшоканто нешто за некого кој ја познава Северна Србија (права Србија), којшто е навикнат да слуша како Македонците се прикажувани како Јужни Србијанци, а нејзиното население како Срби, беше комплетно поинаквата атмосфера којашто ја забележува скоро веднаш откако ќе ја помине границата од пред 1913 на неколку милји јужно од Врање. Човек се чувствува како да влегува во странска земја. Изгледа дека ова го чувствуваат, исто така, чиновниците и офицерите од Северна Србија, а јас забележав, особено во кафеаните и хотелите во Скопје, како тие самите се собираат во групи и малку се мешаат со Македо-Словените. Оние од последниве, што ги сретнав, скоро еднакво инсистираат самите да се нарекуваат ниту Срби ниту Бугари, туку Македонци... Изгледа дека таму во многу места е

Во белешката, составена на 23 април 1926 г., Галоп веднаш истакнува, дека во целост е согласен со заклучоците направени од Батмен, бидејќи "Македо-Србите од двете страни на границата, општо е прифатено, се една етнографска целина. Секако, српските барања се засновани не врз аргументот дека меѓу Словените во грчка Македонија постојат некои кои би можеле да се излечат како Срби, туку врз аргументот дека населението е од сосема ист состав на двете страни од границата. Србите гледаат, дека прифаќањето Македонците во Грција да се Бугари го ослабнува нивниот случај, дека Македонците во Јужна Србија се Срби."[32]

Веднаш по оваа констатација продолжува: "Нема сомнение дека пред деновите на пропагандите Македонските Словени имале навика себе да се нарекуваат "Христијани", побргу одошто Срби или Бугари, а забелешките на г. Батмен во 2-иот дел (3) и (4) се сосема точни. Денес изгледа дека нивна тенденција е себе си да се викаат "Македонци"."[33]

Ваквото недвосмислено тврдење за постоењето на национална Македонска свест изнесено од Галоп, врз основа на согледувања стекнати на теренот, ќе ги потврди и Оливер Харви (Oliver C. Harvey) од Министерството за надворешни работи во Лондон, кој во м. април 1926 ги посетил Југославија и Грција. Во неговите белешки (Notes on a Visit to Jugoslavia and Greece, April 1926),[34] за патувањето кое траело 10 дена во придружба со Галоп, истакнува дека имал можност да се сретне и разговара со повеќе разни лица и своите впечатоци ги носи од тие средби. Известувајќи за патувањето во Вардарска Македонија, Харви под бр. 1 тврди: "Славофонското население во српска Македонија дефинитивно на себе гледа како на посебни од Србите. Ако ги прашате за нивната националност тие велат дека тие се "Македонци" и дека зборуваат на македонски говор."[35]

---

изгубена љубовта кон Бугарите. Нивните бруталности во текот на војната ги оставија без симпатии дури кај оние коишто пред Балканската војна биле нивни пријатели..."- PRO FO 371/ 11405 C 5022/101/ 92.- "Conditions in Macedonia." - Rodney A. Gallop, Belgrade, April 19, 1926..

[32] PRO FO 371/11337 C 5279/102/19.

[33] Исто.

[34] PRO FO 371/11245 C 6013/6013/62.

[35] Исто.

Во Грција, О. Харви ќе констатира, дека од западниот и централен дел на Егејска Македонија "практично сето Славофонско население било емигрирало "доброволно", а нивното место е завземено од 500,000 Грци бегалци. "Доброволно емигрирање" е еуфемизам; дојдените Грци беа сместувани во селата на Славофоните во толкав голем број што за овие животот стануваше неподнослив и тие се принудуваа да се иселат... а останаа некои 100,000 - 150,000 Славофони во областа околу и јужно од Лерин (Florina). Секако, овие треба да го претставуваат толку бараното "српско" малцинство. Но тие не се повеќе Срби од Македонците во Србија - зборуваат македонски, самите се нарекуваат Македонци, а нивните чувства повеќе се свртени кон Бугарија одошто кон Србија."[36]

Осврнувајќи се на сите овие сознанија кои пристигнале во Лондон, како и за нивното третирање во британската дипломатија, А. Росос го има констатирано следново: "Изгледа дека преку сета оваа внатрешна дебата во Министерството за надворешни работи стигнале до виртуален консензус дека Македонските Словени не се ниту Срби, ниту Бугари, ниту Грци, а де факто се потврдува дека тие претставуваат одделна национална група на јужните Словени."[37] Причините поради кои и официјално не се пристапило кон признавање на посебна нација или народ, А. Росос ги гледа во следново: "Министерството за надворешни работи се надева дека ќе види македонскиот проблем да исчезне со евентуалната асимилација на овие во трите нации што владеат со нив."[38]

Во почетокот на 1928 година британскиот вршител на работите во Софија, Чарлс Е. С. Дод (Charles E.S. Dodd) го убедувал Министерството во Лондон, како ВМРО би престанал со активности ако во Вардарска Македонија биде одобрена извесна верска и просветна автономија.[39] За овој предлог бил консултиран и вицеконзулот во Скопје, чие што мислење амбасадорот од

---

[36] Исто.
[37] Rossos A., The British Foreign Office ... p. 384.
[38] Исто...стр. 384.
[39] Исто ... стр. 385.

Белград, Кенард, го пренел до Лондон.[40] Вицеконзулот Футмен застапувал мислење, дека очекувањата во Вардарска Македонија да се одобри верска и просветна автономија ќе наиде на бројни практични потешкотии и како таква се сведува на утопија. Меѓу пречките на кои би наишло отворањето на училишта во кои "наставата би се одвивала на локален дијалект"[41] наведува непостоењето на учебници, "освен неколку народни песни, нема пишувана литература"; потоа, кој јазик би се употребувал во црквите "македонскиот дијалект или бугарскиот јазик"; ставот на населението во кое училиште би го праќале детето (споредби со Алзас) и како последно, дека од српските власти не е дозволена никаква политичка активност или формирање на национални партии (го наведува и случајот на забрана на муслиманската партија Џемиет). Во врска со овие искажувања во Министерството преовладал ставот на дипломатот Орм Серџант: "сосема е јасно дека неможе да се очекува Југословенската влада да прифати мерки со кои населението во Јужна Србија би се признало како политичко малцинство."[42]

Ваквата пристрастност на О. Серџант кон интересите на југословенската влада, на штета на барањата на Македонците, наишла на спротивставување кај амбасадорот во Софија, Сперлинг. Во третата глава веќе изнесовме за неговите ставови во врска со поставувањето на прашањето за давање малцински права на Македонците во Кр. СХС, а се задржавме на некои негови активности и во четвртата глава. Во своето лично писмо упатено до О. Серџант, од 10 октомври 1928 г.,[43] амбасадорот Сперлинг во врска со "третманот на македонското малцинство од југословенската влада" поставува две прашања коишто тоа ги содржи: "(а) дали постои нешто такво како македонско малцинство?; (б) ако постои, дали е лошо третирано од Србите ?"[44] Како

---

[40] PRO FO 371/12856 C 1311/42/7.
[41] Исто.
[42] Rossos A., The British Foreign Office.. p. 385.
[43] Во неколку пати цитираната студија на А. Росос направен е поопширен осврт на реакциите во Лондон и разментите писма со Сперлинг во врска со неговиот став., стр.386-387.
[44] PRO FO 371/12856 C 7743.

доказ дека постојат Македонци, Сперлинг се повикува на, веќе погоре цитираните, мислења на Галоп, Харви и Футмен.[45] Во реакција на ова писмо дипломатот Батмен (C.H.Bateman), меѓу другите аргументи за побивање постоење на одделна нација Македонци, како најбитно истакнува: "Но, она што треба да се нагласи е дека во Јужна Србија нема домородно народно малцинство кое може навистина да се нарече Македонци, едноставно затоа што таму немало автономна држава наречена Македонија. Доколку таму имало некакво јасно дефинирано малцинство кое би можело да се нарече Македонци од страна на составувачите на малцинските договори, не мислам дека тие составувачи воопшто би се двоумиле него да го вклучат во овие малцински договори. Се разбира, факт е дека нивната национална лојалност била толку сомнителна, што составувачите на малцинските договори се двоумеле да го споменат под било кое конкретно име. Најмногу што тие би можеле да се наречат е Македо-Словени."[46]

Во претходните (трета и четврта глава) направивме осврт и врз некои согледувања од меморандумот изработен во 1930 год. (датиран со 1 јули 1930), со наслов "Потеклото на Македонската револуционерна организација и нејзината историја после Големата војна".[47] Со него е извршена извесна ревизија, а и надополнување на сознанијата коишто Одделението за Југоисточна Европа прво ги поставило во еден нацрт на меморандум во 1929 г. "Македонското прашање и комитската активност". Иако опширен, посебно во врска со развитокот на Македонското револуционерно движење и состојбата во која тоа се најде по поделбите меѓу протогеровисти и михајловисти, мемоарот од 1930 година не го зафаќа прашањето за идентитетот на Македонците, а основно остануваат настојувањата македонското прашање и натаму да се држи како затворено и да не се појавува на меѓународната сцена.[48]

---

[45] Исто.
[46] PRO FO 371/12856 C 7743/42/7.
[47] The Origins of the Macedonian Revolutionary Organisation and its History since the Great War - PRO FO 371/ 14317 C 5316/82/7.
[48] Rossos A., The British Foreign Office...p. 389-390.

Во текот на 12 дена во м. мај 1930 г. во обиколка на Вардарска Македонија бил воениот аташе во Амбасадата во Белград, мајорот В. Х. Оксли (W. H. Oxley), придружуван од вицеконзулот во Белград, Блекни (Blakeney). Мајорот Оксли, пред сè, во својот извештај се задржува на прашања поврзани со војската и безбедносните сили. Во врска со населението добил впечаток, дека на Косово и во западниот дел од Македонија доминира муслиманско население. "Во другите делови на Вардарската бановина населението изгледа како да е составено со мешање на Срби, Бугари, Грци и Куцо-Власи, со друг збор, Македонци... а иако значаен број можеби има бугарски симпатии, тие се, малку или повеќе, помирени да станат Југословени."[49] Вицеконзулот Блекни, кој "добро ги познава јазиците и дијалектите што се зборуваат во оваа земја,"[50] во врска со населението констатирал: "Од разговорите со селаните по патот и во селата и трговците и дуќанџиите во градовите, човек може да стекне впечаток дека, иако мнозинството од населението има малку, или некоја симпатија кон Србите, а повеќе би претпоставувало да биде под Бугарите, тоа е премногу заморено од постојната положба и би било готово да ја прифати југословенската доминација, ако беше сигурно во добриот однос и му се дозволува непречено да ги извршува своите разни дејности."[51]

За составот на населението, пред да ја направи горната забелешка, вицеконзулот Блекни известил: "Иако најголемиот дел од жителите на Македонија се Словени, тие, сигурно, не се Срби. Нивниот јазик и обичаи и нивните наклонетости се бугарски. Постојаниот одговор од селаните на патот, кога прашавме за нивната националност, е: "Јас сум од овие места." Видливо, тие не сакаат да се нарекуваат Југословени или Срби, а се плашат да речат Македонци или Бугари."[52]

По повлекувањето на Сперлинг од амбасадорската должност во Софија, неговиот наследник Сиднеј Ватерлоу (Sidney P.P. Waterlow), наскоро

---

[49] PRO FO 371/14316 C 3840/82/7. - Major Oxley to Mr. N. Henderson, Belgrade, May 9, 1930.
[50] PRO FO 371/14316 C 3840/82/7 - Mr. N. Henderson to Mr. A. Hendreson, Belgrade, May 13,1930.
[51] PRO FO 371/14316 C 3840/82/7. - Memorandum by Vice-Consul Blakeney.

по неговото доаѓање во Софија, се обидел своите согледувања за македонското прашање да ги постави на разгледување во Министерството во Лондон со писмо упатено до сер Роберт Ванситарт (Sir R.G. Vansittart),[53] кој бил назначен за постојан потсекретар во Министерството за надворешни работи (заменик на министерот). Во третата глава се осврнавме на мислењето изнесено од С. Ватерлоу за можноста како да се реши македонското прашање преку неговото поставување во Друштвото на народите, за улогата која треба да ја има В. Британија во овој поглед. Го пренесовме и ставот на Министерството. За разлика од Сперлинг, кој зборува за Македонци со изградена национална свест, кај Ватерлоу покрај терминот "Македонци" се употребува и "Бугаро-Македонци".[54] Поради тоа и основната забелешка што на предлогот за создавање на автономна Македонија, ја прави во Министерството дипломатот Т. Балфур, е: "Се плашам дека не се согласувам со г. Ватерлоу во неговото мислење, дека автономна обединета Македонија е одлична идеја. Повикувам било кој да е да одреди што точно е Македонец. Како што еден француски дипломат духовито го сумираше прашањето: "Не се работи за прашање за Македонија, туку Македонија во прашање"..."[55] Во врска со чувствата на населението Балфур истакнува дека "бугарско - македонска свест" може да се најде "овде онде во Јужна Србија, но јас не можам да го спречам чувството дека кај најголемиот дел од населението во оваа област е желбата да бидат оставени на мир и да им се дозволи своите лични работи да ги средуваат без постојаните мешања на едната или другата партија што се во расправија."[56]

---

[52] Исто.
[53] PRO FO 371/7377 C 4187/82/7.
[54] Таков е случајот кога зборува за трите северни области (кај Пирот и Тимок), дадени со Договорот од Неј на Кр. СХС, вели дека тие се со "население чисто Бугари (не Македонци)". Од друга страна, зборува и за "бугарско-македонски чувства", коишто се очекувало дека ќе се изгубат со добро управување во Вардарска Македонија. - Исто.
[55] Исто.
[56] Исто.

Амбасадорот Ватерлоу, во 1932 година се осврнува и на можностите населението во трите дела на Македонија да биде асимилирано. Во таа смисла тој наоѓа примери во искажувања на архимандритот Јосиф, заменик на митрополитот во Неврокоп, кој го прикажува населението во Пиринска Македонија, како подложно на асимилација. Ватерлоу смета дека е слична положбата и во другите делови на Македонија.[57]

Во 1932 г. меѓу бугарските интелектуалци амбасадорот Ватерлоу ќе забележи дека се појавуваат мислења за евентуалната можност преку асимилација во Југославија да се создаде население со нова свест за припадност на југословенска нација, што претставувало опасност ако Бугарија не се приклучи на една јужнословенска федерација.[58]

Можностите Македонците во Вардарска Македонија да бидат асимилирани како резултат на "поефикасниот режим", од кој ќе бидат задоволни, е прашање кое амбасадорот Ватерлоу му го поставил на Симеон Радев, "истакнат Македонец, којшто се пензионираше од местото бугарски амбасадор во Вашингтон, и се посветил на литературна дејност."[59] Во одговорот С. Радев прво укажал, дека британските посетители на "Југословенска Македонија неможат да ја дознаат вистината, бидејќи никој нема да се осмели да им ја каже вистината", а не очекува дека ќе се поправи положбата на населението, коешто нема ниту малцински, ниту основни човекови права. Од искажувањата на С. Радев за националната свест Ватерлоу пренел: "Господинот Радев премина на објаснување дека македонското чувство за националност не е чувство на бугарска националност. Тој го зема случајот особено со помладата генерација, за аспирациите за автономија. Го спомна Алзас како аналогија. Со овој идеал симпатизира секој Бугарин, и покрај расните антипатии (постои љубомора меѓу Бугарите од Кралството и Македонците, нешто како меѓу Саксонците и Келтите во Велика Британија), и покрај општото неодобрување кое падна врз терористичката организација и нејзината деј-

[57] PRO FO 371/15896 C 5414/46/7. No 155 Sofia, June 30, 1932.
[58] PRO FO 371/15896 C 5413/46/7. No 154, Sofia, June 30, 1932.
[59] PRO FO 371/16651 C 7067/66/7. No 203, Sofia, July 21st, 1933.

ност. Бугаринот сеуште нема научено да ги идентификува Државата и нацијата емотивно, а неговиот патриотизам е толку рудиментален што тој со задоволство би видел македонската област од Бугарија да се отцепи од бугарската држава, ако со тоа може да се создаде слободна и обединета Македонија. Ако се смета чудно дека еден идеал така визионерски би можел да добие облик, објаснувањето лежи, според г. Радев, во повоената психологија на победените. Во 1913 никој не можеше да помисли на повторното обединување на Полска, Бесарабија да се приклучи на Романија, Далмација и Босна да се приклучат на Србија беше практична можност. Сега сите овие меѓу другите сништа станаа вистина, и меѓу оние коишто сеуште се "угнетени" создаваат еден вид на масонство на страдање и надеж. Водечката сила на Македонското движење денес, во основа, е верувањето дека секое нешто, колку и да е невозможно, може да стане менливо во светот."[60]

Британскиот амбсадор во Истамбул, сер Џорџ Клерк (Sir George Clerk), до Министерството во Лондон пренел изјава на Венизелос направена пред него во октомври 1933 г. Венизелос рекол: "дека југословенската влада треба да направи сериозни напори за да го задоволи Словенското Македонско малцинство ... г. Венизелос забележа дека овој народ, од кој Грција има мал дел... не се чисто Бугари, но нешто помеѓу Бугари и Срби, а тој бил, рече, секогаш подготвен на Славо Македонците да им даде училишта и други разумни привилегии."[61]

Настаните после 1934 година, опасноста од фашизмот, зајакнувањето на комунистичкото движење во Македонија, особено активноста на ВМРО (обединета) и нејзината поврзаност со Третата интернационала, секако, довеле и до промена на ставот на британската дипломатија кон идентитетот на Македонците. Ова посебно се наметнало во 1940 и 1941 година на што укажува повеќепати цитираната студија на А. Росос.[62]

---

[60] Исто.
[61] Rossos A., The British Foreign Office .. p. 392.
[62] Исто ... стр. 393-394.

## 2. Македонските организации и револуционерни дејци

Вниманието на британската дипломатија кон македонското револуционерно движење и учесниците во него не само што се намалило во периодот меѓу двете светски војни, туку имаме и појава на засилен интерес кон дејноста на македонските организации и поедини истакнати личности. Ова се наметнало бидејќи во активностите на македонското револуционерно движење се гледала опасност и пречка во спроведувањето на политиката на Велика Британија во Југоисточна Европа и загрозување нејзини интереси и тие на државите што биле под нејзината директна закрила. Сето ова можеше да се согледа и при изнесувањето на ставовите на британската дипломатија во Друштвото на народите, а и интервенциите на истата во односите меѓу одделни балкански земји. Пред сè, тука е настојувањето да се спречи македонското прашање повторно да избие на меѓународната сцена, а дејствувањето на македонското револуционерно движење е токму во правец да се сврти вниманието на европската и светската јавност врз неправилното решавање на македонското прашање, тешката положба во која се најде македонскиот народ поделен во три држави и под силен притисок за асимилација. Оттука и постојаниот интерес на британската дипломатија што поблиску и посестрано да биде информирано за состојбите во македонското револуционерно движење, особено кога се забележливи и неговото силно влијание во политиката на Бугарија, настојувањата на некои негови делови да се приближат кон Третата интернационална и комунистичкото движење, а делови и кон фашистичките влади во одделни балкански земји или на Италија и Германија.

Информации во Лондон се добивале не само од дипломатските и други служби, туку и преку контаки на британски јавни личности, новинари и граѓани со одделни учесници во македонското револуционерно движење. Обемот на ваквите информации, исто така, е сведоштво за интересот на британската дипломатија. Од нив извлекуваме само некои покарактеристични, коишто ни беа достапни.

Британскиот амбасадор од Софија, Ерскин, во својот годишен извештај за 1921 година посветил одделна глава на Тракија и Македонија.[63] Откако констатирал дека има малку информации за настаните во самата Македонија, се осврнува на Македонското револуционерно движење: "Македонскиот комитет во Бугарија, поделен во јавна или отворена и тајна или субверзивна секција, со Каранџулов, Протогеров и Александров како водачи, секој за себе, го играа истиот злочинечки дел од бугарската политика како во минатото на земјава."[64] Упадот на чети преку границата кај Ќустендил и Петрич довел до познатите затегнати односи меѓу Бугарија и Кр. СХС: "овие комитети продолжуваат да ги зголемуваат тешкотиите преку двата активни членови спомнати погоре и комитаџиски водачи како Чаулев и Алеко Константинов, додека Каранџулов, и покрај внатрешното спротивставување, делуваше за покривање на комитетот со упатување на повик до Друштвото на народите во име на бегалците од Македонија, коишто продолжуваат да пристигнуваат. Во Женева Македонците отворија биро за поднесување поплаки до Друштвото на народите."Посебно внимание е свртено на настојувањето на советски емисари да контактираат со македонските и тракиски комитети во Софија, но поради завери и против завери тешко се добивале информации: "Овие револуционери се толку многу склони на интриги едни против други и да се неутрализираат еден со друг, и толку често ги менуваат односите со владата што ниту една доследна политика не се следи долго."[65] Амбасадорот за бугарскиот министер Димитров искажува мислење, дека "Откако напразно се обидувал да ги придобие македонските водачи, отпочнал отворено непријателство против нив подготвувајќи против-комитаџиска организација, која броеше неколку луѓе, дури и погрешни за партијата, и воопшто го ослабна Македонскиот комитет, внатре веќе поделен со раздор кој се должел на дезертерство на неколку луѓе во служба на Димитров, и издвојување на еден

---

[63] PRO FO 371/7377 C 4512/4512/7.
[64] Исто.
[65] Исто.

цел негов дел во врска со прашањето за македонската независност."[66] Смета дека еден дел бил за автономна Македонија, а друг дел за "бугарска Македонија". Убиството на Димитров го припишува на луѓето од македонскот комитет, а истакнува дека и Стамболиски "се плаши за својата сопствена позиција и живот, што резултирало тој да ја прифати линијата усвоена од г-нот Димитров. Развојот на настаните ќе биде интересен."[67]

На поделбата во македонското революционерно движење, се осврнал и британскиот политички претставник сер Артур Пил (Sir Arthur Peel), во извештајот во кој соопштил и за убиството на Ѓорче Петров.[68] "..Македонскиот комитет е поделен на две секции, едната која е приврзаник на директна активност, додека другата би претпоставувала политика на чекање и опсервирање, а токму на оваа група и припаѓал г. Петров, со оглед на погледите што ги искажувал имал репутација дека е човек на Стамболиски. Се зборува дека веќе извесно време на него се гледало со сериозна недоверба од страна на членовите на екстремната фракција, па така на еден од нивните тајни состаноци било решено да биде тргнат од патот, а уште потемни се озборувањата дека следен на ред е г. Стамболиски."[69] Вниманието на Пил понатаму е врз бугарско-српските односи, предлозите за создавање на јужнословенска федерација од Стамболиски, во која Македонија би била автономна држава, а и настојувањата Бугарија да го добие Дедеагач, а Кр. СХС во замена Солун.

За некои согледувања на амбасадорот Ерскин во неговиот годишен извештај за 1922 г., изнесовме во точната 1. од оваа глава. Не само што амбасадорот го забележал присутното расправање меѓу владите во Софија и Белград околу активностите на македонските бегалци во Бугарија, туку и силната спротивставеност на автономистите кон Стамболиски и неговата влада. Посебно внимание посветува и на една друга спротивставеност: "Контрастните односи на македонските револуционери со комунистичките елементи во Југославија и Бугарија се секој за себе значајни. Додека се покажа

[66] Исто.
[67] Исто.
[68] PRO FO 371/5800 C 14173/440/7.

дека во првата земја комунистичката агитација е силно подржувана, од друга страна во бугарско-македонската област револуционерите од московски вид се тероризирани ... ова се објаснува со желбата на македонските лидери да ги ослабат националистичките идеи во Југославија, а да ги зајакнат тие во Бугарија; оттука и наполно може да се сфати дека гласањето за комунистите во српска Македонија всушност не е ништо друго туку протест на едно национално малцинство против српското владеење."[70] Во 1922 г. и специјалната британска разузнавачка служба СИС ги следела активностите на македонското револуционерно движење, а посебно врските со руските болшевици. Од оваа служба во м. јуни се доставени неколку извештаи со заеднички наслов "Македонското револуционерно движење", во кои е посветено внимание на престојот на Протогеров во Берлин и Ѓенова со настојување да се воспостават контакти со советската влада, односот кон движењето на Кемал Ататурк и осврт врз меморандум составен од Протогеров и Карајовов, составен во Берлин, за ставот кој треба да го завземе македонското револуционерно движење кон големите сили и Русија. Од наведениот меморандум истакнато е: "Не смееме да се двоумиме да направиме сериозни напори за да дојдеме во договор со Велика Британија. Ваквиот напор не смее да биде направен од никаков надворешен посредник..."[71]

Во друг таен извештај од м. јули, од истата служба, посветен на Балканот, престојот на Протогеров во Берлин и во Ѓенова и неговите контакти со Чичерин и Раковски одделно привлекле внимание, како и истовремените настојувања на Протогеров и Стамболиски за врски со советската влада и недовербите и кај двајцата во еден кон друг.[72]

Амбасадорот во Софија ќе регистрира во јули 1922 г. формирање на нова македонска организација во Бугарија со име "Друштво на македонските католици". Основачи на ова друштво биле: д-р Стаматов, учител во францус-

---

[69] Исто.
[70] PRO FO 371/8568 C 7224/7224/7.
[71] PRO FO 371/7375 C 8386/1088/7.
[72] PRO FO 371/7375 C 10313/1088/7.

ки колеџ од Истамбул и Хаџи Риндов, претседател на Сојузот на македонските студенти. За целите на ова Друштво, амбасадорот известил: "Основен предмет на ова Друштво е да предизвика симпатии и интерес кај католиците во цела Европа за каузата на една независна федеративна држава Македонија "во нејзините географски и економски граници". Создавањето на оваа држава треба да биде првиот чекор кон федерација на сите балкански држави (вклучувајќи ја и Македонија), а реализирањето на овој идеал е со единствена цел да се поврати мирот на Балканскиот Полуостров... "[73]

Во 1924 година забележено е поголемо интересирање за Тодор Александров и неговите активности. Веќе во четвртата глава изнесовме како на него се гледало, и на интервенцијата на британската дипломатија во Софија за да се спречат упадите на чети во вардарскиот дел.[74] Се задржавме, во истата и во петата глава и на интервјуата со дописник на "The Times", а посебно говорот на генералот Томсон во Друштвото за Блискиот и Среден Исток во Лондон, во кој искажал особени пофалби за организационите способности на Т. Александров и неговото "праведно" барање. Ја регистриравме на ова реакцијата не само на највисоките личности во Белград, туку и на британски дипломат, каков што е Х. Николсон. Неговото потпишување на Мајскиот манифест од Виена и сето она што се случувало во врска со него било со особен интерес следено од печатот. Се појавувале и вести за негов престој во Лондон.[75]

Британското восно аташе во Софија, секако, било во состојба поблиску да се запознае и го следи македонското револуционерно движење, како и делувањето на самиот Тодор Александров. Така, во неговиот опширен извештај, откако ќе истакне дека не е уверен дека може да дојде до општо востание во Македонија и каква е тактиката на делување на четите, военото

---

[73] PRO FO 371/7375 C 11548/1088/7.
[74] Avramovski Z., Britanci. . kn. 1, str. 229-230.
[75] За ова не бевме во можност да најдеме податоци во британските дипломатски документи, иако негови блиски соработници зборуваат за престој на Т. Александров во м. мај 1924 г. во Лондон. Види: Шанданов Петар, Спомени, Скопје 2002, стр. 110.

аташе посебно се задржува на улогата на Т. Александров во ВМРО, поточно неговиот успех во доведување на истата на еден висок организационен степен. Го забележува и големиот авторитет кој истиот го уживал во Вардарска Македонија, во сета Бугарија, а особено во бугарскиот дел на Македонија, без при тоа да се соочи со опозиција на бугарската влада.[76] Во овој извештај се регистрини и големи симпатии и подршка кај населението во пограничните реони, а ова наложувало од страна на Бугарија ангажирање повеќе воени единици на границата. Аташето известува дека симпатии кон македонското револуционерно движење се присутни и меѓу офицерите во бугарската војска, особено кога се знае дека добар дел се по потекло од македонски семејства пребегнати во Бугарија.[77]

Убиството на Т. Александров е настан за кој амбасадорот Ерскин веднаш известил во Лондон (извештај од 18 септември 1924 г.). На овој настан, како и на убиството и на "други македонски лидери во текот на минатите недели" со осврнува во извештај на 23 септември, со тоа што констатира дека убиството на Т. Александров "продолжило да го окупира вниманието на јавното мислење и на печатот со изземање на секоја друга тема, без притоа да се даде повеќе светлина на предметот. Во голем број весници се појавија статии, очигледно поттикнати од владата, во кои како факти го изнесуваат она што го пронашле во списите на Алеко Василев и Атанасов за доказ дека имало намера да се прогласи советска република во Петрич на 14 овој месец - гласини за кои известив, но на кои сеуште гледам со скептицизам..."[78]
Во врска со ова пренесува ставови изнесени во статија на в. "Бугарија" (на француски јазик) и ја пренесува во превод на француски Декларацијата на ЦК на БКП по овој повод, изнесувајќи и свои коментари за нив.[79]

Во Министерството за надворешни работи во 1926 г. е составен опшир-

[76] ДАРМ М 1922 - AMAE, Paris, Serie Europe 1918-1929, Bulgarie vol. 44. p. 37-43.
[77] Исто.
[78] PRO FO 371/9662 C 15173/195/7.
[79] Исто.

ниот меморандум "Македонското прашање и комитската активност"[80] и на одделни делови од истиот се осврнувавме во пертходните глави. Врз основа на повеќето сознанија во овој докумет, во делот "Комитите", македонското револуционерно движење е прикажано од почетокот на поставување на македонското прашање, а во посебен дел е "Позицијата по Првата светска војна":

"Сеуште постои Македонска револуционерна организација и еден од нејзините весници, наречен "Македонска слобода", е регуларно испраќан во Форин Офисот. Комитската активност долж српско-бугарската и бугарско-грчката граница во Македонија е постојан извор на иритација помеѓу трите засегнати држави, но особено помеѓу Бугарија и Југославија. Македонските Словени во оспоруваната зона сеуште треба да донираат пари на Македонската револуционерна организација во Софија, под носот на српската жандармерија, преку агенти во Македонија, а доколку неможат изложени се на губење на нивните животи и имот."[81]

Понатаму во документот се наведува: "Самата Македонска револуционерна организација е поделена на два табора: автономисти и федералисти, последниве се остаток од старата партија "Голема Бугарија". Постојат многу докази дека федералистите потпаднале под влијание на Москва, а поради овие причини веројатно ја изгубиле позицијата во Софија. Моменталната политика на Македонската револуционерна организација изгледа не е ништо повеќе од одржување на константните немири долж бугарската граница во Македонија, а бугарската влада, или директно или индиректно, ги помага со константно потенцирање на правата за заштита на бугарското малцинство во Македонија... "

"Автономијата на Македонија, природно, подразбира раскинување на сегашните мировни договори и ревизија на границите, додека заштитата на

---

[80] ДАРМ М 1034 - PRO FO 371/10667 C 15185/2332/7.

[81] Исто. На ова место веднаш се осврнува на состојбата во Грција, за која очекува дека во иднина нема да има вакви проблеми поради размената на население, која е во тек, а Кралството СХС нема ваква спогодба, бидејќи "Македонските Словени погрешно се нарекувани од југословенската влада "Јужни Срби".

малцинствата подразбира работење во рамките на договорите. Најверојатно бугарската влада ја усвоила последнава формула за да ги сокрие автономистичките или федералистичките планови, но во секој случај, конфузијата и недостатокот од некаква реална конструктивна цел мора конечно да го засл аби ефектот на делувањето на Македонската револуционерна организација, која, сепак, е сеуште моќна во Софија и во голема мера е одговорна за доаѓањето на власт на сегашната влада на Бугарија. Постојат сите причини да се претпостави врска меѓу бугарската влада и Организацијата, а верувањето во соучесништвото на бугарската влада во дејностите на македонската револуционерна организација е толку општо прифатено, што тоа мора да се земе како факт и не е потребен понатамошен доказ..."[82]

Откако се осврнува на обидот на Стамболиски да се спротивстави на Организацијата, кои "го чинеле со неговиот живот, а показателите велат дека ниедна влада во Бугарија нема да се осуди да и се спротивстави на Организацијата. Од страна на Организацијата не биле преземени поголеми операции уште од војната, па дури и заканите од вакви операции изгледа исчезнале по убиството на автономистичкиот лидер, Тодор Александров. Навлегувањата направени во српска Македонија во Штипската област се пресретнати од слични случаи од Српско-Хрватско-Словенечката влада, а постојат и докази кои укажуваат дека активните духови во движењето се потикнати повеќе поради грабеж отколку од огнот на патриотизмот."[83]

Се констатира и можност "во случај на вонредна состојба македонската револуционерна организација сеуште може да биде покорена на волјата на бугарската влада." Ова поради односот кон владата на Цанков од страна на големите сили, ангажирање на 2,300 припадници на Организацијата во инцидентот на грчко-бугарската граница (упадот кај Петрич), потоа постоењето на околу 3,000 во бугарската армија и постоење на "држава во држава".[84]

---

[82] Исто.
[83] Исто.
[84] Исто.

Со оглед на фактот, дека ова е прв по војната документ во кој се прави поопширен осврт врз македонското револуционерно движење, а изнесеното во него се зема во вид и во наредните документи во врска со ова прашање, привлекуваат внимание и на крајот усвоените "Заклучоци":

"1. Македонската револуционерна организација постои веќе 30 години. Нејзината првобитна причина за постоење исчезнала и таа најверојатно сега продолжува да постои затоа што со вака воспоставени институции полесно е да се продолжи постоењето отколку да се распушти;

2. Дали е или не е бугарската влада во блиски врски со македонската револуционерна организација е работа на мала доследност, бидејќи Организацијата има сеуште доста влијание со бугарската влада да протестира, што подоцна ќе биде безкорисно;

3. Македонската револуционерна организација ги загубила нејзините најдобри водачи, а рангот и согледувањата за нејзе се во дегенерација. Нејзините централи се претвориле во ловишта за лоши карактери и ништо друго;

4. Сега таа практично нема никаков конструктивен крај на повидок, а во дадена ера на компаративен мир на Балканот, таа најверојатно ќе умре од природна смрт. Затоа се советува врз неа да не се оди со фронтален удар, бидејќи тоа добро би им послужило за толку потребната реклама и долг заем за живот;"[85]

Во точките 5 и 6 се констатира значајот од успешното фаќање на "македонските агенти" во Вардарска Македонија и се настојува владата на СХС преку подобрување на управата во истата да придонесе во отстранувањето на упадите. Констатирајќи во т. 7 намалување на "комитската активност", се искажува надеж во зближување на Бугарија и Кр. СХС, "а pro-tanto идеата за Српско-Бугарско-Словенска конфедерација ќе стане по изводлива. Формирањето на ваква Словенска држава на Балканот ќе го реши македонското прашање еднаш за секогаш. Други размисли кои се појавуваат, со формира-

---

[85] Исто.

рањето на ваквата конфедерација, мора да бидат оставени за во иднина."[86]

За состојбите во и со македонското револуционерно движење свои сознанија доставил и британскиот вицеконзул во Скопје, Футмен, во опширниот извештај од кој некои делови цитиравме и во првиот дел на оваа глава.[87] Во точката "4. Бугарско-македонската состојба" со наслов "федералистичкото движење", откако во претходниот пасос констатирал дека во Бугарија постои огромна маса бегалци од Македонија, "Србофоби", кои работат на припојување на Македонија кон Бугарија, во овој нов пасос истакнал: "Истовремено таму се развива една друга тенденција, т.е. кон независна Македонија со Солун како главен град. Ова движење, исто така, има свои приврзаници во Македонската колонија во Бугарија. Тоа е подржано од партиите на левицата во Бугарија, и, барем теоретски, од страна на голем број Македонци. Го наоѓам за многу тешко следењето на постојано променливите ставови на оваа партија. Заклучив дека цел и е независна Македонија, федерарирана со Бугарија, а одржувајќи пријателски односи со Србија. Делови од ова движење, исто така, биле за Македонија под заштита на некоја од незаинтересираните сили, како што е Велика Британија или САД.."Падот на владата на Стамболиски во 1923 бил знак за редукција на федералистичкото движење." Дава несигурни податоци за некои водачи меѓу федералистите.[88]

"(Ц) Македонска револуционерна организација.-" е дел посветен на ВМРО и се даваат некои податоци: дека Протогеров е "глава на Организацијата" по убиството на Тодор Александров; жали дека "поради атмосферата на тајност и високиот степен на смртност, не сум во состојба да ги дознаам имињата на сегашните потчинети лидери. Верувам дека тие скоро сите се

---

[86] Исто.
[87] PRO FO 371/10793 C 9288/199/92. - Vice-Consul Footman to Mr. Kennard, Skoplje, June 30, 1925.
[88] Исто.

млади луѓе со матно потекло."[89] Повеќе обрнува внимание на начинот на кој се собирале средства за Организацијата, наведувајќи и случај кога во Скопје на "С. локален трговец од македонска националност" му се барани пари и начинот на кој се собирале. "Собраните суми одат во милиони динари годишно"[90]

Известувајќи за "методите на дејствување" на Организацијата, наведува дека "кампањата на атентати е насочена против (а) угледни Срби; (б) Македонци кои развиле србофилски тенденции; и особено (в) дезертери од МРО кои се ставиле во служба на Србите. Два неодамнешни примера се убиствата на Мишев и Пандурски."[91]

Последниот пасос во точката 4. е мислење на вицеконзулот за натамошното делување на Македонското револуционерно движење. "Можно е МРО да може да постигне изолирани успеси; сигурно е дека српските репресалии ќе бидат жестоки и драстични. Верувам, никој не верува дека постои некоја шанса за успех за востание во Македонија проектирано и потпомогнато од страна на МРО. Од друга страна, Организацијата е моќна и немилосрдна. Не верувам дека е возможно да се стави крај на нивните активности додека во Софија не се појави влада која е желна и способна сесрдно да соработува со Србите. Дури тогаш борбата ќе биде долга и жестока. Во меѓувреме, Македонија нема да биде задоволна и среќна се додека српската администрација значително не се подобри."[92]

Во годишниот извештај на амбасадорот од Белград за 1927 г. во делот за состојбите во земјата одделно е разгледувано "Македонското движење" во Вардарска Македонија. "93. Заживувањето на комитски напади одново го сврте вниманието на состојбите во Јужна Србија и влијаеше на влошување во односите помеѓу Југославија и Бугарија. Вознемирувачката леснотија со која комитите секој пат успевале да им избегат на полициските и воени потери,

---

[89] Исто.
[90] Исто.
[91] Исто. Дава и кратки податоци за двајцата поранешни војводи кои "биле активни во организирање на анти-комитска кампања."
[92] Исто.

укажува на тоа дека тие могле да се потпрат врз пасивна, ако ли не и активна, поткрепа од локалниот елемент. За верување е, дека најголемиот дел од населението е еднакво рамнодушно кон бугарските како и кон српските претензии, но додека Србија не биде во состојба да им пружи ефикасна заштита од комитските освети, тоа нема да сака да се изложува на непријателство кон Македонската организација. Многу внимателно треба да се прими пишувањето на печатот дека божем селаните активно соработуваат со властите. На ваква соработка тие се согласуваат единствено под присила и мирно може да се каже дека несреќното население се наоѓа помеѓу чекан и наковална, а дека најмногу би сакало да биде оставена на мир и од двете страни."[93]

Информации за делувањето на Организацијата доставува и амбасадорот од Белград, Кенард, во извештај со кој пренесува моменти од судењето на атентаторот врз генералот Ковачевиќ во Штип, Кралев.[94] Откако известува дека судскиот процес во Штип завршил со "изречување на престроги пресуди дури за Сибир"[95] констатира дека "со пресудата е изјавено дека поттикнувач на убиството бил "полуофицијалниот" Централен комитет на Македонската револуционерна организација, чија што крајна цел била издвојување на Јужна Србија од Југославија, дека на Македонската револуционерна организација и помагала Италија, а добивала оружје и муниција од бугарските државни магацини".[96] Од изјавите на Кралев, дадени на судењето, пренесени се податоци за вмешаноста на Иван Михајлов, бугарски офицери, помош која се собира и добива од Италија, а Поп Христов и Протогеров често престојувале во Италија. "Кралев, исто така, се задржа и на големото

---

[93] Avramovski Z., Britanci... kn. 1. str. 466.
[94] PRO FO 371/12856 C 2398/42/7. - Mr. Kennard to Sir Austen Chamberlain, Belgrade, March 20, 1928.
[95] Исто. Дава податоци дека Кралев е осуден на смрт, од другите деветнаесет обвинети повеќето се осудени на затвор од дваесет до дванаесет години, седум (меѓу кои и две жени) се ослободени, а професорот Славко Нетков е оставен за друго судење.
[96] Исто.

влијание на комитите во јавниот живот на Бугарија".[97] Од судењето пренесува и впечатоци и искажувања, меѓу кои и на семејството на убиениот генерал кое барало Бугарија да биде дадена на Меѓународен суд заради обештетување.[98]

Секако, најмногу и најблиски податоци околу делувањето на Македонското революционерно движење испраќал британскиот амбасадор од Софија. Таков е и случајот околу убиството на генералот Протогеров на 7 јули 1928 г.[99] Известувајќи за убиството и кој стои зад него, амбасадорот, меѓу другото, забележал дека се пласирале и гласови со факти како зад убиството стои третиот член на Комитетот, Георги Попхристов. "2. Мотивите се скоро наполно јасни. Иван Михајлов ги претставува младите и најзапалени елементи на Македонското движење, кои го фаворизираат продолжувањето на кампањата со насилства. Генералот Протогеров, кој од секогаш бил еден од најпочитуваните членови на Комитетот, се застапуваше за помирни методи."[100]

Убиството на Протогеров ја довело во тешка положба и владата во Софија "на која позицијата во моментов не е сигурна". Иако најголем дел од министрите се изјасниле на владина седница дека се за затворање на И. Михајлов, "но тие не беа во можност да го надвладеат одлучното спротиставување на генералот В'лков, министер на војната."[101] Одделно внимание во извештајот е посветено на погребот на Протогеров.

Во Министерството за надворешни работи во Лондон, по убиството на Протогеров и расцепот на две спротивставени страни во ВМРО, како и можноста дефинитивно да се уништи оваа Организација, која во овој момент им се видела многу ослабена, осетиле потреба од нова детална анализа посветена на македонското революционерно движење. Оттука и составувањето на

---

[97] Исто.
[98] Исто.
[99] PRO FO 371/12856 C 5473/42/7. Mr. Sperling to Sir Austen Chamberlain, Sofia, July 12, 1928.
[100] Исто.
[101] Исто.

обемниот меморандум "Потеклото на Македонската револуционерна организација и нејзината историја после Големата војна",[102] кој е разгледуван како нацрт во 1929 г., а на 1 јули 1930 година е дистрибуирана неговата дефинитивна верзија. На овој документ и податоци од него укажувавме и во претходните глави. Во него, откако се дадени географски податоци за Македонија, податоци за составот на населението и за употребуваните јазици, е пристапено кон "Историски преглед од 1870 до 1914" во кој се зборува за поставувањето на македонското прашање, појавата и дејноста на македонските револуцинерни организации, како и односите на големите сили и соседните балкански држави со нивните пропаганди.

Во наведениот меморандум, пред да се пристапи кон изнесување на податоци за Македонското револуционерно движење по Војната, даден е краток осврт на положбата на македонското прашање. Останала поделбата направена со Букурешкиот договор, а со Договорот од Неј, е корегирана границата кај Струмица, а "анектирањето кон Југославија на овие северни области /се работи кај р. Тимок и кај Цариброд - заб. С.Г.-Ј/, коишто не се делови од Македонија, беше користено од Македонската револуционерна организација во поттикнување на тешкотии меѓу двете земји."[103] Се смета дека со размената на населението меѓу Бугарија и Грција "многу е олеснета ситуацијата и е одбегната опасноста од револуционерни немири" во Грција, за да се констатира веднаш дека е штета што ваков договор немала и Југославија, која нема свое малцинство во Бугарија и Албанија, а одбива да признае постоење на "бугарско малцинство". "Проблемот понатаму се комплицува благодарение на фактот дека во Бугарија има некои 500,000 до 600,000 Македонци", а меѓу нив околу 200.000 протерани после 1913 г., воглавно лица од интелегенцијата и средната класа," кои "заедно со бегалците од погоре спомнатите северни области, се организирани во комитети коишто, практич-

---

[102] PRO FO 371/14317 C 5316/82/7. - The Origins of the Macedonian Revolutionary Organisation and its History since the Great War.
[103] Исто

но, се органи на Внатрешната македонска револуционерна организација. Есенцијата на македонското прашање, како меѓу Југославија и Бугарија, лежи во фактот дека ова е семејна кавга околу еден регион чиешто население, иако е поблиску до Бугарите одошто до Југословените, сепак, какошто е укажано во делот од овој меморандум за јазиците, е потесно поврзано до Србите. Во вакви околности, југословенските власти се принудени да работат на усилена асимилација на Словенското население во српска Македонија, и состојбите на работите во овој регион можат поради тоа да бидат опишани единствено како опасен малцински проблем, којшто е отежнат поради фактот дека Македонците се најтврдокорните и тврдоглави луѓе на Балканот."[104]

Во делот "Македонската револуционерна организација после Големата војна" се констатира дека во поставувањето на прашањето за донесување програма за натамошно делување, во македонското револуционерно движење дошло до застапување на два става и од 1921 г. во поделба на два блока Федералисти и Автономисти. Ги изнаса залагањата на федералистите за создавање на Балканска федерација, нивното приближување кон Москва, како и делување повеќе во странство. "Фракцијата на федералистите повеќе нема улога во Македонската револуционерна организација, а во последно време малку се слуша за нивната активност."[105]

Поголемиот дел, посветен на автономистите, почнува со: "Свртувајќи се кон нивните успешни ривали, Автономистите; оставени сами на полето, оваа фракција официјално продолжува да проповеда за непрактичниот идеал кон една автономна Македонија, но всушност реално и практично е абсорбирана во проблемот за методот... кој автоматски доведе до положбата на поствоената ситуација." Овој проблем во меморандумот се разгледува како судир на постоење на Задгранично претставништво и Централен комитет на ВМРО, и двете се најдоа во Софија, судир кој довел и до убиството на Прото-

---

[104] Исто
[105] Исто.

геров, а потоа и повеќе меѓусебни убиства. И. Михајлов се наметнува и го реконструира ЦК на ВМРО, става рака на огромните средства со кои располага Организацијата, ги именува претставниците за во странство. "Нивната политика е спектакуларно и деструктивно делување против властите и институциите на Југославија и Грција, базирани во Бугарија и користејќи, на среќа, секој погоден момент и место."[106]

За протогеровистите се наведува, дека во 1929 г. одржале конгрес во Смилево, "во српска Македонија", на кој бил избран нов Централен комитет со Георги Попхристов и Петар Шанданов. Овие делувале од албанска територија и дошло до поделба на делување на десниот брег од Вардар на протогеровистите, а на левиот брег на михајловистите. И едните и другите тесно соработувале и добивале помош од Италија.

Откако ќе констатира за состојбата во Пиринска Македонија, во која вистинската власт е во рацете на ВМРО, како и нејзината поврзаност со властите во Бугарија, присутноста во војската, како и дека "на прво место нејзините водачи /на ВМРО - заб. С. Г. - Ј./ за жал тесно се идентификуваат со политиката на бугарските партии и во земјата имаат моќ којашто бугарските политичари неможат да ја игнорираат..",[107] во одделен пасос ќе заклучи:"Накратко, изгледа сеуште времето не е зрело за уништување на оваа балканска чума. Од друга страна, сегашната конфузија во редовите на македонските револуционери може да предизвика подолго ослабување на ефектот од нивното делување..." кое би довело и до губење на популарноста и подршката меѓу Македонците.[108]

Повеќе простор е посветен на тоа како се одразува делувањето на Македонското револуционерно движење врз односите меѓу Бугарија и Југославија, при што поблиску се набројуваат и сите интервенции направени од страна на британската влада во Софија и Белград во поглед на усогласување на меѓусебните односи и како треба да делуваат за загушување на движење-

---

[106] Исто.
[107] Исто.
[108] Исто.

то. "Владата на неговото височество, веднаш по војната, ја прифати линијата дека, работа на бугарската влада е да стане господар во својата сопствена куќа и да ги држи македонските револуционерни организации во ред, додека, во исто време, југословенската влада мора да ја подобри локалната управа во српска Македонија и го помири месното население со југословенското владеење."[109]

Амбасадорот во Софија, меѓу честите информирања за состојбите во македонското револуционерно движење, а посебно во редовите на ВМРО, посветува одделно внимание на одржаните конгреси и други поголеми манифестации, истовремено доставувајќи ги до Лондон и документите донесени на вакви собири. При ова, не се изнесуваат само податоци за текот на настаните, туку се настојува да се направи извесна анализа и согледување на суштината на настанот. Во ваква смисла доста илустративен е извештајот на Ватерлоу за одржаниот Осми конгрес на ВМРО.[110] Во него истакнува, дека ги доставил записниците и резолуциите усвоени на Конгресот и нема нив да ги коментира бидејќи содржат веќе познат јазик и ставови, затоа ќе направи "осврт заснован на такви информации, коишто успеав да ги добијам, за сегашната положба и идната перспектива на Револуционерната организација."[111]

Како прво, Ватерлоу тврди дека и со промената на режимот (нова влада) во Бугарија ниту малку не се намалило влијанието на ВМРО во бугарската политика и врз бугарските власти. Како пример наведува случај со избор на три градски советници во Неврокоп, противно на став на ВМРО.

---

[109] Исто.

[110] PRO FO 371/15896 C 4178/46/7. - Mr. Waterlow to Sir John Simon, Sofia, May 14, 1932. -За Осмиот конгрес н ВМРО, врз основа на документи од самата организација и сеќавања на учесниците дава повеќе податоци З. Тодоровски, ВМРО... стр. 181 -182. Ние настојуваме само да ги изнесеме согледувањата и ставовите на британската дипломатија како прилог на постојното во македонската историографија.

[111] Исто. -Во прилог на ова се и сеќавањата на Христо Калајџиев за настаните во Неврокоп и Пиринска Македонија. Види: Премрежињата на македонското револуционерно движење, Скопје 2003, стр. 59-60.

Истовремено, потоа, констатира дека може да се заклучи како од извесно време влијанието на Организацијата, посебно во македонскиот дел, постојано опаѓа, а ова го заклучува и поради појавата во Пиринска Македонија да се гласа за земјоделско-демократската листа. Причината ја гледа: "Сите мои информации водат до ефектот дека бугарските Македонци се повеќе и повеќе стануваат непослушни под железното ропство на терористите." Во ова допринела и лошата економска состојба.[112]

Во начинот кога, каде и како е организиран и самиот Конгрес, амбасадорот согледува и сугестии за "распаѓање на комитетот и декаденција од почитуван национален орган во дискредитирана и нерегуларна банда.."[113] Пред сè, смета дека со него И. Михајлов успеал да се ослободи од Караџов и Развигоров од Централниот комитет и да наметне беззначајни личности блиски до него, Владимир Куртев и Георги Настев. "На кратко, Револуционерната организација сега дефинитивно стана грижа само на еден човек, претставувана практично само од еден итер и амбициозен конспиратор кој доминира врз неа, а кој со времето станал толку силен со можност да ја наметне својата тиранија во свој интерес и врз непријателското население. Изгледа не е неразумно да се заклучи дека организацијата е во напреднат стадиум на распад."[114]

За амбасадорот останува воцелост под прашање зошто владата сеуште е под силно влијание на ВМРО, се осврнува на повеќе моменти, гледа во претседателот на владата Малинов, човек кој "насекаде сака да создава непријатели" со желба во даден момент, без оглед на цената, да употреби драстична акција против нив. Разгледувајќи повеќе факти, ќе заклучи "дека револуционерната организација сега се приближува кон последниот стадиум на својата дегенарација, појасно да се рече, се води политика да и се подаде

---

[112] Исто.
[113] Исто.
[114] Исто.

јаже со кое самата да се обеси."[115] Пренесува и гласови дека кај народот во Пиринска Македонија веќе зрел револт против тиранијата на ВМРО и е можна "граѓанска војна", и се праша каков ќе биде ставот на владата која сега воопшто не реагира. На крајот изнесува податоци и за натамошни убиства од страна на михајловистите на приврзениците на Протогеров, соопштува за убиството на 9 мај во едно кафеанче во Софија на протогеровистот Трајков. [116]

Националниот комитет на македонските братства во Бугарија, со конгресите и ставовите што ги имал, особено со неговото ставање во служба на Ив. Михајлов, исто така, нашол место во извештаите на амбасадорот. Така, во писмото од 27 февруари 1933 г. посветено на одржаниот Општ македонски конгрес во Горна Џумаја во февруари 1933 г., се осврнува на Десетиот конгрес на македонските братства одржан во февруари 1932 г., а на кој "македонските водачи биле задолжени да помагаат во делото на официјална Бугарија. Силно било наблегнато врз идентичноста меѓу Македонците и Бугарите, крајната револуционерна цел беше нејасно дефинирана како создавање на една независна Македонија, рамноправен член на една општа федерација, а беше оставено на просоветскиот македонски елемент да ја прокламира каузата за независна Македонија, ослободени од туторството на бугарската влада, со која главниот дел од движењето тогаш беше тесно поврзан."[117]

Во одржувањето на Општиот македонски конгрес во Горна Џумаја како главна цел било "прифаќање на манифест со кој се изјавува дека единственото праведно решение на македонското прашање е обединување на македонските територии завземени од Југославија, Грција и Бугарија во една независна политичка единица во нејзините природни географски граници."[118]

---

[115] Исто.
[116] Исто.
[117] PRO FO 371/16650 C 1831/66/7.- Mr. Waterlow to Sir John Simon, Sofia, February 19, 1933. No 58.
[118] Исто.

Завземањето на ваков став од страна на ВМРО амбасадорот го толкува со потребата истата да се заштити од се посилното влијание на комунистите и протегеровистите и да го поправи кај бугарското јавно мислење лошиот впечаток докажувајќи се сеуште силна. Од друга страна, смета дека и гласовите што се појавиле во британскиот печат, дека Југославија е пред распаѓање, помогнале во донесувањето на ваква одлука.

"За прв пат по војната претставниците на македонската организација беа заедно донесени во бугарска Македонија, а пред овој собир бил одржан Единаесетиот годишен конгрес на македонските братства." Организирањето и одржувањето на конгресот било со намера да се подигне ентузијазмот кај населението и да се добие публицитет. Се набројуваат учесниците, говорниците и разните пропратни манифестации.[119]

Во истиот извештај забележено е и одржувањето на Дванаесетиот конгрес на македонските братства во Горна Џумаја (13 и 14 февруари), на кој не биле присутни братствата од источниот дел на Бугарија, пред се од Варна, за кои се смета "дека се под комунистите, а михајловистите ги држат само тие во Софија и во областите во Западна Бугарија".[120]

Истиот ден (19 февруари 1933 г.) Ватерлоу напишал и друг опширен извештај во кој се задржува на југословнско-бугарските односи и настојувањата на ВМРО да влијае врз нив.[121] Констатира дека во последно време прокламираното обединување на сите македонски организации за создавање на една независна Македонија ќе наиде на лош прием и реакција во Југославија, особено кога зад сето ова се наслутува влијание на Италија.[122] Заклучок во

---

[119] Конгресот го отворил претседателот на Националниот комитет, Кондов. Го поздравиле и зборувале Татарчев со сопругата, кои пред тоа беа поднеле петиција во Друштвото на народите, Марко Дошен во името на "Хрватски домобран", Х. Станишев, а од името на ВМРО зборувал Јордан Чкатров. Исто.

[120] Исто.

[121] PRO FO 371/16650 C 1830/66/7.- Mr. Waterlow to Sir John Simon, Sofia. - No 57.

[122] Амбасадорот пренесува во врска со ова прашање мислење на царот Борис искажано при една средба. Во разговорот "јас изнесов за новото заживување на тероризмот коешто изгледа се зајакнува и укажав дека ова не само што нанесува штета на репутацијата на Бугарија, туку е опасно и за општиот мир. Царот, како обично, благодарејќи за моите забелешки, за кои рече дека се многу драгоцени бидејќи доаѓаат од претставник на единствената влада која (покрај таа на САД), знае дека е сосема незаинтересирана... Во врска со заживувањето на

врска со сето тоа на Ватерлоу е дека "прва и единствена цел на михајловиститите е да го одржат во живот нивното постоење и нивната позиција како херои и патриоти раководејќи со една imperium in imperio. Единствениот начин со кој сега тоа можат да го постигнат е преку спречување на разбирањето меѓу Бугарија и Југославија."[123] Одделно внимание во извештајот е посветено на нападите врз протогеровистите и бугарската влада како нивен заштитник, искажани на конгресот во Џумаја и ставовите на бугарските политички партии.[124]

Затворањето на одреден број михајловисти (12) и протогеровисти (17) во јули 1933 г. од страна на бугарските власти, амбасадорот го коментира како директно барање до владата од царот Борис, и јавува дека протогеровистите заедно со останати федералисти отпочнале во Софија да издаваат неделен весник "Македонска правда", чиешто растурање во Пиринска Македонија било забрането.[125]

На прашањето како и зошто дошло до тоа бугарската влада да превземе одлучни чекори против дејствувањето на македонските револуционерни организации британските дипломати се навраќаат повеќе пати. Констатирано е дека царот Борис бил задоволен од начинот на кој се спроведени акциите во 1933 г., избегнато да се прикажат "Македонците како маченици", а е спречена и можноста за нивна одмазда. Во јули 1934 г. новиот амбасадор Џ. Балфур известува за запленетото оружје, за затворањето на Куртев, бегството на Настев, а за И. Михајлов вели "засега исчезнат".[126] Констатирано е отпуштање на Македонци од високи постови во управата, како Симеон

---

териризмот, рече дека тоа лежи длабоко во минатото. Историјата ја планирало револуционерната организација како произведувач на микроби за високи температури во бугарската внатрешна политика, а кога телото е болно, како што е сега со економската депресија, температурата се покачува автоматски. ' Царот сметал дека во ова се вмешани и раце на Москва. Исто.

[123] Исто.

[124] Исто.

[125] PRO FO 371/16651 C 10015/66/7. Mr. Waterlow to Sir John Simon, Sofia, Nobember 11, 1933.

[126] PRO FO 371/18370 R 3964/923/7. - Mr. Balfour to Sir John Simon, Sofia July 9, 1934. No 186.

Радев, а истовремено и одобрувањето на превземени мерки од страна на ЦК на протогеровистите.[127]

Државниот удар од 19 мај 1934 г. и мерките превземени од новата влада против ВМРО предизвикале и посебно внимание кај британската дипломатија. Во амбасадата во Софија е изработен опширен мемирендум "Некои аспекти за задницата на државниот преврат од 19 мај 1934 г.", кој е доставен до Министерството во Лондон.[128] Во пропратното писмо, сумирајќи ги констатациите изнесени во меморандумот амбасадорот напишал: "Овој историски преглед... формулиран е така да покаже дека, напаѓајќи го корумпираниот партиски систем, Внатрешната македонска револуционерна организација била во можност во текот на сите овие години да го постави своето влијание над последователните бугарски влади, ниедна од нив, дури и ако сакала, не била на позиција да се ослободи од кошмарот од страв од последиците, тргнувајќи по самите нив. Постојаното мешање во државните работи, дури и кога револуционерното движење влегло во период на распаѓање, се должело на непоколебливата подршка на армиската команда, која и дозволувала на ВМРО поле од кое таа делувала и како што е јасно потврдено по количеството воена муниција, неодамна фатено во Западна Бугарија, снабдувала со најпотребното оружје и муниција за нивните терористички кампањи. Исто така, не смее да се избегне забелешката кога ќе се чита овој меморандум, дека сè до 1933 на секој чекор, политиката на армиската команда спрема револуционерите уживала прекутно оправдување од Царот."[129]

Во изнесувањето на историјата на заговорот и делувањето на воените кругови од 1923 г. во врска со ВМРО во точка 17 е констирано: "За македонската страна на сликата, Владата во својата загриженост посетата на цар Борис на Белград во декември 1933 да не биде поврзана со терористички инциденти, во доцната есен изврши притисок врз Внатрешната македонска револуционерна организација за да се осигура дека никакви насилства нема

---

[127] Исто

[128] PRO FO 371/18376 R 4173/923/7.

[129] Исто.

да бидат превземени за да ја расипат атмосферата. Успехот од ова предупредување излегло на виделина, како што искуството веќе покажало, во месец јуни, дека Внатрешната македонска револуционерна организација била орудие, а не сојузник на Владата; нејзините револуционерни активности беа во потполност зависни од добрата волја на армијата."[130]

На 2 септември 1934 г. во Софија е свикан Собир на македонските братства, откако на 22 август бил распуштен дотогашниот Национален комитет, а неговото раководство депортирано во провинцијата. За нов претседател на новиот комитет бил избран Димитар Мирчев, потпретстедател Константин Пазов. Амбасадорот констатира: "како што стојат работите, контролата над легалната македонска организација во Бугарија премина во рацете на протогеровистите. Оние елементи во легалното движење кои овде, онде, се држеа резервирано од караниците помеѓу двете ривалски групи, се вели, дека негодуваат на ова решение, затоа што владата дефинитивно покажува дека фаворизира една фракција за сметка на друга."[131]

Британската дипломатија и понатаму продолжила да се интересира за случувањата во македонското револуционерно движење. Во таа смисла укажува и извештај од амбасадата во Софија во врска со ВМРО (обединета).[132] Во него продолжува со информирање за оваа организација, за која претходно (на 16 септември) веќе испратил извештај. Меѓу другото јавува: "Информиран сум дека оваа организација е основана во Виена во октомври 1925 од Димитар Влахов, македонски комунист, кој сега раководи со Централниот комитет во Париз. Му помагаат извесен број на прогресивни Македонци, кои се надеваа дека ќе можат да постигнат договор со михајловистите, протогеровистите и други и да создадат една обединета организација. Бидејќи ова не успеа, организацијата стапи во врска со Третата интернационала и во 1928 движењето стана дефинитивно комунистичко. Потоа Централниот комитет

---

130 Исто.
131 PRO FO 371/18376.
132 PRO FO 371/19486 R 5928/3/7., Sofia, September 26th, 1935 g.

со префрли во Берлин, а потоа во 1933 во Париз."[133] До м. мај 1934 македонските комунисти биле изложени на непријателствата од ВМРО и многу од нив станале жртви на теророт на Михајлов. "После државниот удар од минатата година, како и да е, македонските комунисти станаа многу поактивни, особено во Софија и во бугарска Македонија. Кажано ми е дека намерата била да се одвојат трите дела на Македонија кои им припаѓаат на Грција, Србија и Бугарија и да ги обединат во Советска република. Како што веќе јавив, Централниот комитет во Париз добива наредби и пари од Третата интернационала во Москва, и ги проследува до локалните комунисти. Истовремено, комунистичките партии во Бугарија, Југославија и Грција добиле наредба од Москва да ги подржуваат македонските комунисти."[134] Во извештајот јавува за затворања во Петрич, како и настојувањата на комунистите да делуваат и на село и меѓу жените, а кај младината преку разни спортски, културни, туристички организации.

[133] Исто.
[134] Исто.

### 3. Британската дипломатија за состојбата и настани во Македонија

Во периодот меѓу двете светски војни на теренот на Македонија постоеле две британски дипломатско-конзуларни претставништва, и тоа: Генерален козулат во Солун и вицеконзулат во Скопје. Хиерархиски тие биле под британските амбасади во Атина и во Белград и преку нив и доставувале извештаи за состојбите и настаните во Егејскиот и Вардарскиот дел на Македонија. Пиринскиот дел на Македонија бил следен од британската амбасада во Софија. Во обиколка на Македонија за запознавање со состојбите во неа се практикувале и посети на дипломати на разни постови во надлежните амбасади, како и посети на дипломати од Одделението за Југоисточна Европа на Министерството за надворешни работи во Лондон. Во Македонија биле ангажирани британски дипломати во извршување на задачи во рамките на одделни тела формирани од Друштвото на народите, каков што е случајот околу размената на населението. Овие дипломати свои извештаи доставувале не само до Женева, туку и до Лондон. Сепак, од најголемо значење се, покрај сумарните анализи направени за одделни прашања во самото Министерство или во амбасадите, во меморандумите, исто така и редовните извештаи доставувани, пред сѐ, од конузулатите на територијата на Македонија, како најинформирани за настаните, така и од амбасадите. Состојбите и настаните во Македонија наоѓале свое место, во зависност од оценката на нивното значање, и во редовните годишни извештаи на британските амбасадори за Бугарија, Југославија и Грција, како и во нивните поедини извештаи поврзани со одделни прашања. Некои од овие наведени извори, коишто ни беа достапни, ќе послужат да се фрли поглед за тоа како и колку британската дипломатија била информирана за состојбите и настаните во Македонија и како ги оценувала истите. За жал, во најголем случај ни беа достапни документи поврзани со Вардарскиот дел, а најмалку за Егејскиот дел. Во врска со ова прашање би било интересно какви биле и согледувањата на британските новинари или други британски лица кои ја посетиле Македонија по разни

поводи и своите впечатоци ги имаат објавено било во печатот било во одделни публикации, но ова бара одделни истражувања.[135]

За тоа колку добро се информирани британските конзуларни претставници и какви податоци содржат нивните извештаи, еден од најдобрите примери е објавениот од проф. Христо Андонов - Полјански извештај на генералниот конзул од Солун во 1920 година.[136] Конзулот В. А. Смарт (W. A. Smart) на 25 март 1920 г, својот опширен извештај за ситуацијата во Солун и окупираната од Грците територија на Македонија го испраќа до британскиот амбасадор во Атина, лордот Гренвил (Earl Grenville), а истиот бил препратен до Лондон со забелешка дека содржи корисни информации не само во поглед на економската ситуација, туку и значајни политички размислувања.[137]

Извештајот на конзулот Смарт е со цел, како што самиот истакнал: "пред да ја напуштам оваа должност, мислам дека ќе биде од значење да ве известам за импресиите што ги добив за ситуацијата во оваа провинција од лични набљудувања за време на мојот престој во Солун и за патувањата што можев да ги направам во западна и источна Македонија."[138]

Како прва констатација, истакнува, дека во западниот дел, "поштеден од крајно острата војна" ситуацијата е "напредна", а Халкидик "вегетира, назадничаво и спокојно. Надвор од овие две фаворизирани области, ситуацијата во Грчка Македонија е лоша. Оваа состојба на работите главно се должи на неспособноста на администрацијата да се бори со проблемите поставени со уништувањето на Солун за време на пожарот и Источна Македонија за време на траењето на војната."[139] Надоврзувајќи се на ова, конзулот известува за превземените чекори на реконструкција на Солун и посебно на уништените

---

[135] За постоењето на вакви извори податоци се наоѓаат во кн.: Андонов-Полјански Хр. Британска библиографија. ... стр. 343 - 403.
[136] Андонов-Полјански Христо, Еден извештај од 1920 година за ситуацијата во Солун и во Приморска Македонија, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, кн. 23, Скопје 1971, стр. 133-150.
[137] Исто, стр. 134-135.
[138] Исто, стр. 136.
[139] Исто, стр. 136.

села во источниот дел, при што се задржува на ангажираните британски фирми и лица и нивниот однос со грчките власти. Посебно се задржува на состојбата со здравствената заштита, патиштата, железницата, британски концесии за експлоатација на шуми, помалиот придонес на тутун, земјоделието и распределба на земја на доселеници од Кавказ и Турција, финансиската нестабилност, тешкотиите со прехрамбени артикли, трговијата, царините, значајот на солунското пристаниште за Србија. Повеќе простор посветува на транзитната трговија и улогата на солункото пристаниште, кое е "жртвувано заради Пиреј", нешто што произлегува од "пирејска клика немаше скрупули да ги потчини интересите на голема Грција, реализацијата на племенските долгоодгледувани соништа, да ја стесни кратковидата политика, во чии насоки е концентрирана грчката трговија пред портите на престолнината."[140] Како осетни пречки за развитокот ги наведува големата централизација на грчката администрација, неможноста преку неа ефикасно да се делува, потребата од децентрализација, при што се наидува и на големиот број на неспособен чиновнички апарат во локалната самоуправа. Во врска со ова е и односот на населението кон политичките партии, повеќе симпатии конројалистите одошто кон венизелистите. На трговија со Солун е посветено посебно внимание, како на таа што се одвива со Велика Британија, така и на трговијата што преку ова пристаниште ја обавуваат фирми од САД, Франција, Белгија, Шпанија и Италија. Според меморандум од вицеконзулот во Солун, Кусден (Cusden), забележен е упад во користењето на Солун од странски поморски компании.

Последините страници од обемниот извештај конзулот Смарт ги посветува на заклучоци во врска со иднината на Солун и интересите на Велика Британија да се зајкане неговата улога: "Заклучувајќи го овој преглед на економската ситуација во грчка Македонија, јас би сакал да го нагласам интересот што го има судбината на Солун за нас. Солун може единствено да го оп-

---

[140] Исто, стр. 143.

равда своето постоење како еден емпориум и транзитно пристаниште на Балканот."[141] Истакнува, дека поради недостиг на способни лица да ја водат администрацијата во новоосвоените крашта, Солун во догледно време не ќе има можност да се развива. "Се осмелувам да размислувам, дали ние ќе останеме пасивни гледачи на упадокот на Солун, кога ќе се јават ургентните проблеми. Во моментов ние сме главните увозници на Балканот, а Солун е нашата главна врата за влез."[142] Очекува кон Солун да се свртат и европските држави по нивното оправување од војната, бидејќи "Балканот е навистина пазар за европскиот континент повеќе, отколку Велика Британија. Нашиот предвоенен волумен во балканската трговија беше капка во океанот на британската светска трговија."[143] За да се донесе правилна оценка за мерките во врска со иднината на Солун предлага да се испита и политичкиот интерес на Велика Британија поврзан со Солун. Во таа смисла заклучува:

"Ако е во наш политички интерес, дека Грците треба да го држат егејскиот брег, ние можеме тешко да бидеме дезинтересирани за економскиот проблем на Солун. Тешко е да се верува дека енергичните словенски населенија од внатрешноста постојано ќе се согласуваат со економското исклучување од Егејот со една тесна линија на грчка крајбрежна земја. Нивниот немир ќе биде нагласен, ако нивниот пристап кон Јадранот е ограничен. Најсигурен пат да се консолидира грчката доминација долж егејскиот брег и да стивне балканската треска е, да се обнови Солун во неговата природна функција на емпориум за Југо-источна Европа."[144] Смета дека ова е можно само преку европска интервенција со прогласување на слободно пристаниште Солун под меѓународна контрола и воведување исто таква контрола врз пругите Солун-Гевгелија и Солун-Битола. Размислува за тоа да се создаде меѓународна комисија во која покрај Грција претставници би имале В. Британија и Франција: "Овие две сили, кои не можат да се осомничат за тери-

[141] Исто, стр. 148.
[142] Исто, стр. 149.
[143] Исто, стр. 149.
[144] Исто, стр. 149.

торијални барања во Македонија, изгледа дека се специјално квалифицирани за водечки удел во ваков еден план."[145] Смета дека во оваа комисија би требало да имаат свои претставници и Италија и Србија, а подоцна и Бугарија. Нејзиното формирање може да се обусолови преку доделувањето на економските заеми коишто Грција ќе ги бара.

Погоре спомнатите годишни извештаи на амбасадорите од Белград, Софија и Атина, секако, на Македонија се однесуваат не само во делот, кој е многу ретко, посветен на Македонија, туку и во повеќето нивни сегменти, како што се: внатрешното уредување на земјата, односите со другите земји, економската положба; верските прилики; безбедноста; финансиите; војската и др. кои, иако сумарни, помагаат во составувањето на општата слика за состојбите и во Македонија.

Во годишниот извештај за 1921г. за Кр. СХС, амбасадорот посебно внимание обрнал на работата на Уставотворното собрание, во кое преовладеале српските ставови за создавање на една централистичка држава, при ова не пропуштајќи да го забележи и залагањето на политичарот и бивш претседател и на влада, Стојан Протиќ, кој се залагал за создавање на 9 покраини во нивните историски граници со внатрешна самоуправа, и поради неслагање ја напуштил радикалната партија на Никола Пашиќ.[146] Во делот за внатрешните состојби посебна точка е посветена на "Разбојништво" во кој се задржува на делувањето на качаците во Косово и Македонија, амнестијата и мерки против нив.[147] Покрај мерките кои биле превземени против качаците, амбасадорот соопштува дека "како друга мерка за која се верувало дека во иднина ќе може да придонесе на мирот во јужна Србија, се состои во колонизира-

---

145 Исто, стр. 149-150,

146 Стојан Протиќ (1857-1923), автор и на неколку дела поврзани со Македонија: "О Македонији и Македонцима", "Срби и Бугари у Балканском рату", "Данашња Бугарска и њене претензија", "Неколико мисли о новом уставу" и др. Една од покраините требало да биде "Стара Србија со Македонија", Види: Petranovic Branko, Istorija Jugoslavije1918-1978, Beograd 1980, str. 51-52. - Avramovski Z., Britanci. . kn. I, str.38-39.

147 Avramovski Z., Britanci. . . kn. I, str. 49-50.

њето на пограничните области..".[148] Во точката "Попис на населението" Македонија не е издвоена туку е прикажана во "Србија", при ова не се земени во увид деловите добиени врз основа на Договорот од Неј.[149] Во точката "Вера" стои: "црквата во Македонија беше сеуште под владеење на Васеленскиот патријарх во Цариград."[150]

Во врска со настаната положба во Егејска Македонија во 1922 г., со доаѓањето на бегалци од Мала Азија, во односите меѓу Кр. СХС и Грција амбасадорот соопштил: "Искористена е приликата на г. Политис /грчки министер за надворешни работи кој бил во посета на Белград - заб. С.Г.-Ј./ да му се обрне внимание дека колонизацијата на грчка Македонија со бегалци од Мала Азија и Тракија оди на штета на населението од српско потекло коешто живее во тие краеви. Грците ги налути заклучокот којшто од ова доаѓа - дека оваа област се смета српска иридента, уште повеќе бидејќи нејзиното население било пред сè од бугарско одошто од српско потекло."[151] Во делот за надворешната политика на Кр. СХС во 1922 г. повеќе простор е посветено на односите со Бугарија, а во врска со уфрлањето на чети и барање за контрола врз македонските организации во Бугарија, како и на постигнатите договарања со Стамболиски, на што се задржавме во четвртата глава. Разгледувајќи ја состојбата внатре во земјата во точката "Цркви" се констатира дека иако прогласувањето на обединета автокефална српска црква станало уште во септември 1920 г., нејзиното признавање од страна на Васеленскиот патријарх било добиено дури во април 1922: "Тогаш делегација испратена од Цариград на Светиот синод во Белград му врачи "Томос", т.е. документ со кој се признава и посветува приклучувањето кон Обединетата автокефална црква на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците на разните православни цркви и епархии, коишто влегуваат во границите на оваа земја, согласно мировните договори. Финансискиот надоместок што требало да се

---

[148] Исто .. kn. I, стр. 50-51.
[149] Исто .. стр.53.
[150] Исто... стр.54.
[151] Avramovski Z., Britanci. .. kn. I, izvestaj za 1922 g. str. 95.

исплати на Васеленската патријаршија за ова признавање, изгледа дека достигнало до 1.000,000 франци, од кои половината требало веднаш да се исплати, а половината во некој подоцнешен термин."[152] Одделно внимание е посветено на новата поделба на земјата на жупании, окрузи и околии и од кои потреби е тоа направено - разбивање на етнографски целини. Во врска со економските состојби, одделно за Македонија е забележено само во врска со производството на опиум: "Во 1922 година е добиен помалку опиум од предходната година. Се проценува берба на 15 до 20 илјади кила. Но, со оглед дека цените на опиумот значително пораснале (800 до 900 динари за една ока, наспрема 60 до 70 динари во 1921 година) селаните од српска Македонија, наводно, се подготвуваат во текот на 1923 година да одгледаат повеќе papaver somnifera. Скоро сиот произведен опиум се извезува преку Солун, бидејќи трговијата со опиум се наоѓа во рацете на грчки трговци."[153] Во делот на извештајот посветен на војската се јавува за:"Во текот на годината немало воени операции, освен што помали воени единици и помагале на жандармеријата во операциите против бугарските комити во јужна Србија". [154]

Амбасадорот од Софија, во неговиот годишен извештај за 1922 г., во делот "8. Македонија", меѓу другото, констатирал дека во Пиринска Македонија бугарското владеење "е чисто номинално, а и такво какво што е со македонски иредентистички елемент кој не ја почитува ништо посилно од она со кое се судрува српско - хрватско - словенечката влада во соседната област."[155] Амбасадорот во врска со Пиринска Македонија и состојбите во неа цитира делови од таен извештај и тоа:"Автономистите се вистински господари на ситуацијата и на сите намери и цели на актуелната администрација. Во бројни случаи населението бара помош од автономистичките революционерни судови за решавање не само на криминални случаи или цивилни спорови, туку за семејни размирици за кои нормално би се обратиле на свештеници. Чиновниците на бугарската влада се игнорираат. Патувањето е несигурно без

---

[152] Исто .. стр. 116.
[153] Исто .. стр. 148.
[154] Исто .. стр. 156.

пропусница или писмо со препораки од друштвото "Илинден". Исто така, автономистите ја презедоа задачата за чување на редот и ја извршуваат нај-адекватно. Безбедноста на животот и имотот е поставена повисоко одошто во многу други области на Бугарија - на пример, многу повисоко од таа во Софија. Постои поштенска служба со центар во Горна Џумаја, која се однесува на македонската кореспонденција. Службата се обавува во најголем дел случаи со курири." [156]

Посебно се осврнува на Горна Џумаја како собирен центар на четите: "Горна Џумаја - позната како порта на автономистичкото кралство Македонија - е главното место за одмор на четите и др. во бугарска Македонија. Кога една чета е повикана за експедиција, во центарот на градот можат да се видат луѓе како ги вршат своите подготовки, менувајќи ги нивните капи со шлемови дизајнирани според стилот на оние носени од бугарските кралеви во старите времиња и ги изнесуваат нивните пушки Манлихер. На 4 февруари, вака вооружени 120 комити ја напуштиле Горна Џумаја за селото Бобошево од кое одвлекле петмина добро познати комунисти обвинети дека работат против македонската кауза. Откако им се заканиле со смрт доколку продолжат со активности во таа насока, ги ослободиле истите и се вратиле во Горна Џумаја. На 13 февруари во 9,30 попладне информатор видел чета од околу 150 силни, целосно вооружени и опремени, како ја напуштаат Горна Џумаја во правец на Царево Село."[157]

За 1923 година во својот извештај од Белград амбасадорот во врска со Македонија и ситуацијата во нејзе, најмногу се задржува на односите меѓу Бугарија и Кр. СХС во врска со активностите на четите од Бугарија и поднесувањето барања за малцински права во Друштвото на народите. Врз основа на информации во Белград, дека "македонските комитети подготвуваат препади на широка основа за во средината на м. септември" во Вардарска Маке-

---

[155] PRO FO 371/8568 C 7224/7224/7.
[156] Исто.
[157] Исто.

донија "се превземени широки војни одбранбени мерки на границата, вклучувајќи го и формирањето на српски доброволечки чети."[158] Ова се одразило и во организацијата на воените единици.: "И покрај укинувањето на пограничните единици во 1922 година, без нив не можеше да се издржи во Третата армиска област во која политичката ситуација, како внатрешната така и меѓународната, сеуште предизвикува вознемиреност кај воените и политичките власти. Добиено е одборување во Третата армиска област да се формираат помали погранични единици, од триесет и две чети. Во спомнатата област овие чети сега се распоредуваат долж албанската, грчката и бугарската граница."[159] Во делот за стопанството, сообраќајот, финансиите посебно е наведен само податокот дека е отпочнато со градење на пругата Велес-Штип, додека сите други податоци се сумирани за целата држава.[160]

За положбата во Егејска Македонија во 1923 г., меѓу другото, повеќе податоци изнел полковникот Корф во "Белешките од обиколката на Западна и Централна Македонија направена од Мешаната комисија за грчко-бугарска емиграција"[161] Така, констатира дека "во повеќето села што ги посетивме некои жители неодамна биле депортирани на островите или во Волос, бидејќи биле роднини на (оние кои зборуваат бугарски) дезертери од грчката армија; т.е. некој член на семејството или ја избегнал воената служба со пребегнување во Бугарија или дезертирал од армијата и ја поминал границата. Во сите села во Западна Македонија бројно машко население е во Бугарија и не му се дозволува да ја помине грчката граница: поради тоа и лесно се сфаќа дека селата во кои се зборува бугарски се под силни тешкотии поради депортирањето."[162]

Мешаната комисија ургирала кај грчките власти да престане со депортирањето, бидејќи и самата грчка влада не дозволувала враќање на бегалци-

---

158 Исто .. стр.173

159 Исто ... стр. 218.

160 Исто .,. стр. 212.

161 PRO FO 371/8566 C 15084/6058/7. - "Notes on a Tour made by the Mixed Commission on Greco-Bulgarian Emigration in Western and Central Macedonia".

162 Исто.

те. Била издадена наредба да се престане со депортирањето и полковникот Корф се надевал дека неговата комисија ќе успее да издејствува да бидат вратени депортираните. При тоа, констатирал дека "една од најглавните поплаки на Македонците е против грчката жандармерија, а во текот на нашата обиколка видовме многу примери на арогантни и недозволиви методи на жандармеријата, која од селаните бара секаква храна."[163]

Во посебна глава Корф се осврнува на "Арестување врз достава и затворање без судење поради сомневање за врски со "комитски" чети", и веднаш констаира: "За жал сите грчки чиновници во Македонија се опседнати со идејата за чети на политички "комитации", коишто, како што веруваат, се охрабрувани и помагани од бугарската влада. Македонија отсекогаш била дом на комитации, но тешко е да се каже колку од овие чети сега имаат било каков политички значај: или да се каже, колку работат за "Автономна Македонија", а колку од нив повеќето се разбојнички банди. Не можевме да добиеме инфрмации околу политички комитски чети. Сите селани не убедуваа дека тие не биле посетувани од такви чети, иако човек често ќе слуша за банди на крадци кои ги обикалаат планинските села. Возевме на преку 1, 500 милји пат, многу милји и низ планините, без придружба, но никогаш не бевме злоставувани од никого."[164]

Во врска со затворањата без судење и недозволувањето оружје на Македонците од грчките власти, полковникот Корф напишал: "Човек ќе наиде на многу малку села каде што жители не Грци, без судење, се затворени обвинети дека им помагаат на комитациите. Во селото Росен, близу до Лерин, најмалку шест лица се во затвор без судење повеќе од една година. На Македонците коишто зборуваат бугарски не им се дозволува од грчките власти да имаат оружје: поради ова тие се во многу тешка положба кога чета ќе дојде кај нив.. Во селото Серакиново, два дена пред нашето пристигнување биле затворени тројца селани коишто зборуваат бугарски поради давање леб на бугарска чета. Сето население во ова село е многу вознемирено. Ни

[163] Исто.

рекоа дека нивниот опстанок е невозможен; без оружје тие ништо не можат да направат против четите, а тие постојано имаат маки со грчките власти."[165]

Посебно ја истакнува улогата на месни доушници коишто грчките власти ги наоѓаат меѓу населението и обемно ги користат за лажно сведочење во случај да не најдат кривица.

Во врска со населувањето на Грци бегалци во западниот дел на Егејска Македонија, полковникот Корф констатирал дека при неговата посета овие биле населувани само во турски села и "во повеќе села веќе најдовме дека половината од турските куќи се одземени." Во врска со централниот дел на Егејска Македонија, во овој поглед го изнесува случајот на посета од делегација од села близу Кукуш која барала масовно иселување поради притисокот што се вршел врз нив. Ова му е потврдено и од високо место, пред да го посети овој регион го посетил, со мајорот Саундерс, генералниот гувернер на Македонија, и имал долг разговор со него. "Во тек на разговорот г. Ламброс дословно рече дека моментов е извонредна можност да се отарасат од Бугарите коишто останаа во овој крај, а коишто отсекогаш биле извор на немири за Грците. Јас подвлеков дека работа на Комисијата е да согледа дека никаков вид на притисок не е извршен врз луѓето за да ја напуштат земјата, г. Ламброс рече "Каде да поставам бегалци има проблеми. Во едно село велат "Ние сме Власи", во друго "Ние сме Албанци"; во другото се Бугари. Но јас имам намера да ги населам во бугарски села." "[166]

Во извештајот за 1924 г. амбасдорот од Белград посебно внимание посветил, според неговото мислење, на нешто поинаков пристап на владата на демократот Љубомир Давидовиќ, од таа на радикалите и Н. Пашиќ, во однос на состојбите во Вардарска Македонија и политиката што треба да се спрове-

---

[164] Исто.
[165] Исто.
[166] Исто.

дува во поглед на асимилацијата на Македонците.[167] "Кога во летото г. Давидовиќ го отпочна своето краткотрајно владеење, од Министерството за внатрешни работи комисии ги обиколуваа немирните срезови и испраќаа извештаи, коишто и беа ставани на увид на јавноста, залагајќи се за подобра соработка на локалните власти и народот со снагите на владата, за да може со спречување на доброволното или принудно јатакување да се парализира дејствувањето на комитските дружини. Комисиите, исто така, се залагале за зголемување на приходите на чиновниците запослени во овие краеви, за да се доведат подобри службеници коишто би останале на своите места подолго. Прогласена е амнестија за сите оние коишто не згрешиле пред законот, а претставниците на СХС во Бугарија добиле налог да им помагаат на бегалците од Македонија да се вратат во своите домови."[168]

Во поглед на упадите на чети, забележано е дека се верувало дека, со пролетта "бугарските македонски комитети ќе направат последен очаен напор за да со масовни упади на разбојнички дружини, локална револуција и, можеби, со усогласено дејствување со останатите незадоволни елементи, Албанците од Косовскиот комитет и Хрватите, прашањето за Македонија толку да го истакнат, што, ако тоа не е достатно за неговото решавање, барем ќе го привлече вниманието на Европа, а може би и го отвори патот кон автономија."[169]

Во истиот извештај, дел посветен на Македонија, се истакнува и: "Може да се каже, дека клучот на српската политика кон Македонија е во брзата и целосна асимилација на таа провинција со стара Србија, како не би останала ниту една област подложна на сепаратистички барања или посебен третман којшто во себе би го криел зародишот на такви барања. Поради тоа, не може да биде направена никаква концесија во правец на административен или верски партикуларизам."

---

[167] За прашањето во разликите во програмите и решенијата за уредувањето на Кралството СХС меѓу двете најголеми политички партии, Радикалната на Н. Пашиќ и Демократската на Љ. Давидовиќ види: Petranovic B., Istorija Jugoslavije 1918-1988 kn. I, str. 98.
[168] Avramovski Z., Britanci. .. kn. I, str. 247.
[169] Исто ... стр. 247.

Како подобрување во делувањето против четничките активности ги смета и промените во организирањето на војската во Македонија, како што се: формирање на нова Брегалничка дивизија во Штип (всушност префрлање на Вардарската дивизија од Скопје во Штип), преместувањето на штабот на 26 пешадиски полк од Сисак во Струмица и на штабот на Битолската пешадиска бригада од Битола во Дебар,[170] и свеченото отворање на новоизградената пруга Велес-Штип, во присуство на кралот Александар, а која ја смета "од големо економско и стратешко значење. Пругата во добар дел е изградена со работа на војници, а се очекува дека ќе биде продолжена до Кочани."[171]

Дел посветен на "Јужна Србија (Македонија)" е присутен во извештајот од Белград и за 1925 г. Почнува со: "Во текот на годината забележено е значајно намалување на активностите на качаците и на комитите, делумно поради енергичните мерки превземени од владата, а делумно и поради подобрувањето на општите прилики во јужна Србија. Иако упадите од Бугарија во текот на летните месеци беа доста чести, дружините биле бројно помали и обично бивале отфрлени со знатни загуби. За да ја заштита границата српските власти превзеле разни мерки, вклучувајќи и раселување на села и сеча на шума во близината на границата, упатување на јаки војни[172] и жандармериски патроли, создавање на посебни подвижни единици за фаќање на комити, формирање на посебни организации за борба против бугарските комити, во кои населението се запишува под присила, и најпосле, изградбата на пругата Велес - Штип."[173] Од сите овие мерки произлегло дека преку границата навлегувале само чети составени најмногу до десет лица, на куририте и собирањето помош за МРО било отежнато делувањето. "Дека Македонскиот

[170] Исто .. стр. 275-276.
[171] Исто ...стр. 278.
[172] За вакво зајакнување на воените единици во извештајот е даден податок дека, пешадиските полкови "во состав на 3-та армија (во Македонија) 12. 21, 22, 23, 24, 28, 31, 46, 49 и 50 се зајакнати на по четири баталјони секој" - Исто, . стр. 356.
[173] Исто ... стр. 327.

револуционерен комитет сега може да смета на многу помала помош од населението на српска Македонија потврдува и фактот дека во текот на годината немаше политички убиства, со исклучок на убиството на Пандурски, истакнат македонски ренегат."[174]

Одделно внимание се посветува на состојбата на муслиманите во Македонија. Се констатира ниваната тешка положба и големото иселување во Турција (на Турци, Албанци и Македонци муслимани), со исклучок на Турците од текот на р. Брегалница, чие задржување било потребно, бидејќи во тој дел не се успева со колонизацијата на доселеници, за да се притиска врз Македонците. Истата година, пред изборите, бива забранета и единствената "македонска муслиманска партија Џемиет"[175]

Во 1925 г. било забрането и делувањето на верски секти, и тоа: "Неколку методистички заедници во Македонија предизвикаа прилична загриженост на владата; овие заедници се тужени за пробугарско расположение, а во м. март во Скопје бил уапсен еден методистички свештеник, на кого по ослободувањето му било забрането понатаму да одржува методистички собири. Набргу потоа, Министерството за вера објавило указ со кој се распуштаат сите назаренски, адвентистички и методистички организации и за апсење и покренување на тужба против сите оние коишто би се обиделе да придобијат нови верници за својата секта."[176]

Амбасадорот дошол и до следниве констатции за состојбите во Македонија: "Иако управата во Македонија и понатаму е неорганизирана и корумпирана, не може да се рече дека народот навистина е угнетен. Во текот на минатата година владата одобри големи зајмови за изградба на патишта, пруги и мостови, јавни згради и училишта. Се смета дека во училишта одат двојно поголем број на деца одошто во турско време.... Воглавно, може да се каже, дека, нешто веќе е направено, иако останува уште многу нешта да се нап-

---

[174] Исто ... стр. 327.
[175] Исто ... стр. 327-328.
[176] Исто ... стр. 332.

рават во Македонија. Приликите сведочат за видно подобрување."[177] Во врска со ова мислење на британскиот амбасадор во Белград ќе цитраме и едно мислење што во 1925 г било присутно во Одделението за Југоисточна Европа на Министерството во Лондон, искажано во заклучоците на меморан-думот "Македонското прашање и комитската активност" во точката 6: "Вла-дата на Србите, Хрватите и Словенците може да го помогне процесот на пацификација со тоа што ќе настојува да ја отстрани номиналната причина за комитските упади. Бугарите тврдат дека нивното така наречено малцинство во српска Македонија е угнетено. За жал, во ова има нешто вистина, па на српско - хрватско - словенечката влада би било добро да се советува да ги испрати нејзините најдобри административци во Македонија и на нејзината жандармерија да плати надници за живот."[178]

Кога зборувавме за сознанијата на британската дипломатија за идентитетот на Македонците, како и за македонското револуционерно движење, неопходно беше да се дадат податоците собрани на лице место од британскиот вицеконзул во Скопје, изнесени во опширен извештај од 30 јуни 1925 г. Во овој извештај наоѓаме и согледувања за состојби и настани изнесени во посебни точки. Прави впечаток точката 2. "Наследство од турскиот режим": "Традиции воспоставени и предадени од Турците во Македонија се корупцијата, неефикасноста и тиранијата од страна на властите, запоставување на јавните работи, презир кон чистотата, организацијата и хигиената и отсуство на секаква јавна или приватна иницијатива. Додека, ова се, без сомнение, неразделни карактеристики на секоја муслиманска администрација, ситуацијата во Македонија била потенцирана од спротивставените интриги на странски сили со капитулирачка јурисдикција. Криминалци и одметници биле штитени и охрабрувани од страна на разни конзули и била воведена атмосфера на беззаконие и интрига, чии ефекти може сеуште да се чувствуваат кај качаците и во комитската активност."[179]

---

[177] Исто .. стр. 328.
[178] PRO FO 371/10667 C 15185/2332/7.
[179] PRO FO 371/10793 C 9288/199/92.

Вицеконзулот Футмен во наредната точка, "3." посветува внимание на "Ситуацијата на Муслиманите". На ова прашање истиот се задржувал и во одделни извештаи, посебно со иселувањето во Турција, при што ќе тврди: "Муслиманите во Брегалничката област, сепак, се охрабруваат да останат, бидејќи колонистите од северните делови на кралството не се способни да ја издржат климата, па е пожелно во овие делови да се задржи небугарско население."[180] Посебно се осврнува на делувањето на качаците, помошта што ја добиваат од Албанија и Италија, делувањето на Џемиет, констатирајќи дека со иселувањето во Турција ќе се намали и јачината на делувањето на качаците и на организацијата Џемиет.

Од овој извештај веќе наведовме доста податоци во врска со организацијата и делувањето на македонските револуционерни организации, на што е посветен и најголем дел од извештајот. Во врска со ова прашање вицеконзулот ги констатирал и силите ангажирани од српските власти во борбата против четите и македонскто револуционерно движење (војска; погранични трупи; жандармерија; Удружење против бугарских бандита, специјално здружени во Брегалница на линијата на Народна одбрана, кон кое Македонците и муслиманите се присилени да се зачленат; селаните, воглавно, вклучени во дејствијата под бајонетот) и како посебно "Ставови на населението": "Верувам, дека 80% од населението само посакува цврста, праведлива и просветена администрација, а национализмот го смета за помалку важен. Наскоро по напуштањето на турскиот режим дошла бугарската окупација со нејзината тиранија и барања, која била повторно заменета со сурова и корумпирана српска администрација. Во меѓувреме, бил наметнат данок од страна на МРО и од неодамна, од страна на федералистите, а оние кои мораа да го плаќаат, воглавно, малку знаеле, или ништо, за организацијата за која биле терооризирани да ја подржуваат. Но, по војната српските сили долж границата постоја-

---

[180] Исто.

но се зајакнуват и заведените селани почнале да го увидуваат тоа, каде и да лежат нивните сопствени симпатии, Србите се премногу јаки за да им се спротивставуваат."[181]

Посебна точка во извештајот е посветена на " 6. Српската администрација во Македонија": "Српската администрација е критикувана врз основа на тоа што го форсира српскиот закон во Македонија, без да води сметка за локалните услови и барања. Сепак, сметам, дека законите во овој случај се помалку важни отколку однесувањето на нивната администрација. Тука ги наведува "Слаб квалитет на српските службеници " (наведувани причини: недостиг соодветни лица за новите територии; мали плати и унапредување во зависност од припадност на партија), "Несовесни постапки на чиновниците" (корупција универзална и постојана - за што наведува повеќе разни примери). [182]

"Србизацијата на Македонија" е точката 7., која ја поделил на: "репресивни мерки" и "прогресивни мерки". Кај првите наведува: "Весници на бугарски и грчки јазик неможат да се издаваат, а локалниот турски весник бил забранет. Неможе да се отвори никакво грчко или бугарско училиште, а во муслиманските и албанските католички училишта најголемиот дел од наставата мора да се одвива на српски јазик. Чиновниците, генерално, одбиваат да разгледуваат било каква пријава или жалба на бугарско-македонски дијалект, а селаните кои не зборуваат српски, поради тоа мораат да прибегнуваат кон скапото посредување на адвокатите. На секое друштво кое не е наводно српско (на пр. Методисти) се гледа со сомнеж и е подложено на мешање. Тутунскиот монопол и државните банки често ги дискриминираат оние кои помалку можат да се докажат со србофилска ревност." Вицеконзулот истакнува дека "несрпските елементи повеќе сакаат да соработуваат со г. Давидовиќ и демократите", бидејќи радикалите се на власт и "за себе го држат монополот на патриотизмот."[183]

---

181 Исто.
182 Исто.
183 Исто.

Меѓу "прогресивните мерки" набројува неколку. Како број 1 го разгледува образованието. Иако било тврдено дека се изградени 100 нови училишта и дека е двојно поголем бројот на ученици од турско време, вицеконзулот констатира: "Сепак, одобрените кредити се неадекватни, а недостатокот на згради и учители е сеуште толку голем што, иако образованието е задолжително со закон, во многу региони законот останува мртва буква. Постојат големи тешкотии во сместувањето на српските учители во муслиманските села. Гимназијата во Скопје (изградена од страна на Бугарите во време на нивната окупација) била планирана за 800 ученици, а сега мора да смести 1,500. Последицата од губење на ефикасноста е огромна. Во истото училиште третина од професорите не се соодветно квалификувани."[184]

Меѓу "прогресивните мерки" ја сместува и улогата на православната црква: "иако делумно независна од државата, без сомнение помага во србизацијата на Македонија. Изградени се многу цркви, а во најголем дел на служба се ставени Срби или србофили попови. Сепак, изгледа на македонското клерство му е дозволена поголема слобода на дејствување. Неодамна црковен достоинственик од Струмица одбил да води служба за благослов на знаме на антикомитска чета." [185]

Колонизацијата, исто така, се смета како "прогресивна мерка" од страна на вицеконзулот: "Планот да се населат запуштените области со имигранти од Далмација, Хрватска и Банат бил одличен. Тој до сега во најголема мера не успеал должејќи се на: (а) лошата организација; (б) невнимание на природните услови и (в) недостаток на средства." Дава податоци за поголемо населување на Косово, нешто околу Скопје, Куманово и Битола, додека "поамбициозниот обид околу Штип бил целосно фијаско, што се должело на маларијата. Ниту еден колонист не останал во оваа област."[186]

Кон овој извештај вицеконзулот Футмен го дава следниов "8. Заклучок": "Иако сегашните услови во Македонија во многу случаи се незадо-

---

[184] Исто.
[185] Исто.
[186] Исто.

волувачки, не можам да замислам било каква практична алтернатива на српскиот режим. Србите се хендикепирани од нивниот инфериорен тип на администрација, поради недостатокот на средства, поради нивните вирулентни партиски политики и поради нивната генерална неспособност за организација. Нивната предност се нивната одлучност и нивните воени квалитети. Прогресот беше одложен поради одредено финансиско и административно запоставување на Македонија од страна на властите во Белград. Поплаки во тој поглед беа неодамна изнесени на Неговото височество кралот Александар, кој ветил дека ќе ги даде најпотребните инструкции. Сепак, моралниот и материјалниот прогрес во текот на последниве шест години, иако малку, е забележителен, а и јас сум на мислење, дека во отсуство на некое општо балканско незадоволство, Македонија ќе тежнее да стане повеќе сигурна, повеќе просперитетна и повеќе српска. Не смее да биде заборавено дека пред 40 години Ниш беше помалку српски отколку е Штип денес."[187]

За да ја проучи на лице место состојбата во Македонија, во м. април 1926 г. високиот дипломатски претставник на Одделението за Југоисточна Европа, Ламсон, врши обиколка на вардарскиот и на егејскиот дел од Македонија, во придружба на службеници од британските дипломатско - конзуларни претсавништва (Галоп и Футмен во вардарскиот дел и во егејскиот дел од вицеконзулот Кинг (King) и генералниот конзул Кроу (Crow) од Солун). Неговите "Белешки"[188] од ова патување ги цитиравме во врска со неговите согледувања за идентитетот на Македонците. Ги посетил Скопје, Тетово, Битола и Охрид, а имал средби со високи претставници на српската цивилна и воена власт (генералот Вукотиќ). Поопширно ги дал впечатоците од Скопје, за кое смета дека "после големата војна, или можеби после Балканските војни, благодарение на фактот дека престана да биде центар на транзитна тр-

---

[187] Исто.

[188] PRO FO 371/11245 C 6013/6013/62 - "Notes on a Visits to Jugoslavia and Greece, April 1926."

говија меѓу Солун и Албанија" изгледа дека претрпело опаѓање, "а сега останува значајно место како главен центар и пазар на самата српска Македонија. Тоа е, исто така важен воен центар, седиште на главната команда на три дивизиони во Македонија."[189] Впечаток му направила поделеноста на градот на христијански и муслимански, а и изградбата на две нови згради - театарот (отпочнат пред 1912 г.) и официрскиот дом (за кого помислил дека е катедрала). Впечаток му оставила и разрушена во војната Битола и замрената трговија во овој град, како и во Охрид.

Како свои лични впечатоци, базирани врз основа на личните согледувања и разговори, што ги водел со оние што добро го познавале овој регион, Ламсон дава општи заклучоци. Под бр. 1 се неговите согледувања дека "Славофонското население во српска Македонија дефинитивно на себе гледа како на нешто поразлично од Србите. Ако ги прашате за националноста велат дека тие се "Македонци".. "[190]

Втората точка од општи заклучоци на Ламсон е во врска со српскиот режим: "Српскиот режим дури не се согледува како посебно опресивен. Србите успеаја со ефективна политика, во една дива и тешка земја, така што разбојништвата како да се веќе работа на минатото, а со оглед на лошите средства за комуницирање, ова е видно достигнување. Сепак, каков и да е случај на комитска активност тој е во процес на изминување, не постои прашање на организиран тероризам или, секако, на честите индивидуални насилства, според она колку што можевме да видиме или чуеме. Се сретнавме со префектите на Скопје и Битола и подпрефектот на Охрид, и бевме многу импресионирани од нив. Тие сите се со долго службување во Македонија, а префектот во Битола, ако добро сум запаметил, е месен човек. Кога подпрефектот на Охрид, човек од Белград, во есента бил грабнат од албански разбојници, селаните од околијата доброволно се пријавија да го бараат. Исто така, се сретнавме и со извесен број на воени старешини, коишто ни се

[189] Исто.
[190] Исто.

видоа ефикасни и остри но не и насилнички. Немаше ниту никаков знак на насилничко држање на офицерите и војниците по улиците. Прифатен е систем на преместување на регрутите од север да служат во единиците на југ и vice versa. Ова е добар систем, иако природно не е популарен кога луѓе од софистицираните поранешни австриски провинции, на овој начин се принудени да служат во валканите градови и села на Македонија."[191]

Посебна точка во заклучоците Ламсон посветил на муслиманите. Констатирал дека нивното политичко влијание опаѓа и се верува дека нивната политичка партија ќе биде сломена. "Сето ова е добро. Муслиманите застанале на ретроградното минато и не даваат прилог за иднината. Разбрав дека се предлага за репатрирање на Турците; со тоа добро ќе се отарасаат, бидејќи се додека остануваат тие ќе се пречка на секаков прогрес. Албанците мора да останат како вознемирувачки елемент, но ние не видовме доволно од нив за да кажеме до која мерка тие можат да станат корисни членови под новиот режим."[192]

Последната точка е посветена на економски проблеми. Смета дека е неопходно да се развие трговијата, поврзување со Солун на Битола, изградба на пруги. "Иако велат дека селаните се добро, градовите умираат поради неразвиена трговија. А каде и да ги Србите трошат парите, изгледа дека тие тоа не го прават во Македонија. Секако, оваа област е, можеби, реално најголемиот проблем за Србите. Поранешните австриски провинции напредуваат поради загриженоста за нив и самата Србија е ставена под згрижување, но овој сектор на Македонија е сеуште занемарен. Тој, секако, не е активно незадоволен, но е сеуште пасивно вознемирен, а така ќе остане се додека не се воспостават тесни економски врски со останатиот дел на Југославија."[193]

При посетата на Солун, Ламсон, добил доста податоци и од Семс (Sams), кој во Македонија работел како претставник на "Фонд спасете ги децата". Покрај забелешката за добрата изградба на пругата Солун - Битола,

---

[191] Исто.
[192] Исто.
[193] Исто.

се осврнува на обновата на Солун и посебно на работите за исушување на делтата на р. Вардар, за која биле ангажирани една американска и една британска компанија. Во егејскиот дел на Македонија Ламсон најмногу го привлекло прашањето на размена на населението. Ние веќе погоре ги имаме констатирано неговите согледувања за националното чувство на Македонците, посебно во западниот дел. Наспротив согледувањата што ги имаше полковникот Корф за состојбите, Ламсон изнесува: "Настојував, колку што можев, да откријам колку овие луѓе /се однесува на Македонците - заб. С. Г. -Ј./ може да се рече дека се незадоволни или лошо третирани, но г. Семс, којшто има кујна за супа скоро насекаде во овој крај и во сите села коишто ги познава одблиску, ме уверуваше дека не постои активно незадоволство и дека секаде каде што бил немало прогонувања. Овие погледи ги делеа и други Англичани посматрачи, а јас сум склон да мислам дека тоа е суштински точно... Од друга страна, бев информиран дека грчката влада не пристапила кон обезбедување на училишта за малцинствата."[194] Најголемиот дел од извештајот во врска со посетата направена на Грција се однесува на прашањето на размена на населението меѓу Бугарија и Грција и работата на Мешаната грчко-бугарска комисија за доброволно емигрирање.

Ламсон истакнува: "Со елиминирање на Славофонското население од центарот и од источниот дел, активноста на Македонската организација престана на грчкиот дел од границата. Не се најавува нивно постоење и во Западна Македонија, а еден таков инцидент, каков што е фрлање на бомби во Лерин, воопшто, се смета како работа на генералот Пангалос за зацврстување на неговата позиција дома. Сепак, Македонската организација има извршено силен притисок врз Славофоните емигранти да не бараат компензации за нивните имоти во Грција или да се изјаснуваат дека се од грчка националност."[195]

Придружникот на Ламсон, дипломатот од Амбасадата во Белград,

---

[194] Исто.
[195] Исто.

Родни А. Галоп (Rodney A. Gallop), видовме дека со своја посебна белешка се искажал во поглед на идентитетот на Македонците. Од оваа обиколка на вардарскиот дел на Македонија, Галоп составил извештај "Состојбите во Македонија", кој, преку амбасадорот Кенард, е доставен и до Лондон.[196] Во опширните согледувања, веднаш истакнува дека не бил во можност да го посети источниот дел, Штип и деловите покрај бугарската граница, како и Дебар и Гостивар. Истата година, во текот на м. мај, во вардарскиот дел на Македонија и Косово, "Јужна Србија", според официјалните српски органи, како последна од посетите на покраините на Кралството СХС, британскиот амбасадор во Белград Х. В. Кенард бил во обиколка и своите впечатоци и тој ги доставил до Лондон во одделен "Извештај од патувањето во Јужна Србија (Српска Македонија)".[197] Во придружба на српски официјални личности и со нивни возила, со сите почести укажувани на еден толку висок претставник на така значајна земја, тој ги посетил "Скопје, Битола, Велес, Штип, Приштина, Митровица, Пеќ, Призрен, Тетово, Гостивар, Прилеп, Охрид, Струга, Кичево и други зафрлени центри".[198] Согледувањата на овие двајца дипломати, секако, морале да бидат земени во предвид во британското Министерство за надворешни работи.

И двајцата дипломати, меѓу другото, на прво место се интересирале за идентитетот на населението во Македонија. Додека Галоп имал можност да сретне лица од кои слушнал искажувања, дека не се ниту Срби ниту Бугари туку Македонци, амбасадорот Кенард се жали дека немал никако можност да направи некое испитување по ова прашање, додека званичните лица со кои се сретнувал "сите беа желни да ме убедат дека практично во земјата нема малцинства, а дека турскиот и албанскиот елемент што го видовме се состои

---

[196] PRO FO 371/11405 C 5022/101/92. - Rodney A, Gallop, Conditions in Macedonia, Belgrade, April 19, 1926.
[197] PRO Fo 371/11405 C 6187/101/92.- H.W. Kennard, Raport on Tour in Southern Serbia (Serbian Macedonia), Belgrade, May 26, 1926.
[198] Исто.

од исламизирани Срби..."[199] Посебно внимание посветуваат: на условите во градовите што ги посетиле ( развивањето на Скопје, а опаѓањето на Битола, Охрид и др.), потоа на патиштата (воглавно изградени заради стратешки цели, а не од економски причини); беабедноста (сретнуваат распоредини жандари многу често на патот, а и силите кои се ангажирани) при што укажуваат дека е постигната безбедност на високо ниво; за состојбата на селанството и колонизацијата; третирањето на муслиманите (иселување, просвета). Амбасадорот Кенард прави кратки осврти и врз: здравството; просветата; војската; свештенството и интересирањето на кралот Александар за Македонија.

Како заклучок Галоп го напишал следново: "Мојот општ впечаток е дека и покрај било какви недостатоци на администрацијата, а тие се без сомнение многу, во Македонија е направен голем прогрес. Селанството споредувано е подобро, а најголемиот дел од расположивата земја е обработена. Во многу краеви можат да се остварат по две жетви на пченка, иако земјоделците се хендикепирани со старинскиот начин на обработка и замената на пченката. Останува многу да биде направено особено во градовите. Изгледа дека Србите имаат тенденција да почнат од лошиот крај. Најистакнати згради коишто се градат во Скопје се театар и офицерски клуб; во Битола театар; во Градско, селце од некои дванаесет куќи, чиј огромен значај е што се наоѓа на спојот со теснолинејката за Битола (со која ниту еден патник не мисли да патува), доби најубава железничка станица во земјата и единствена со подземен премин! Од друга страна, вистински обид е направен да се справи со проблемот на маларијата, а во тој поглед веќе се забележени некои подобрувања во здравството. Македонија не може да се жали дека е тиранизирана од Белград, бидејќи најголемиот дел од чиновниците се месни луѓе. Чиновници од Стара Србија, коишто ги сретнав (великиот жупан во Скопје и Битола, префектот од Охрид) ми изгледаат како добри типови. Секако, чув дека последниов бил толку популарен меѓу селаните, што кога бил грабнат

---

199 Исто.

од разбојници, минатиот октомври, целата околија, христијани и муслимани заедно почнале да го бараат. Секако, изгледа дека мнозинството од населението се помирило со новиот режим. За незадоволствата што доаѓаат од економски причини, владата треба да примени економски палиативи. Ова, секако, ќе бара време и ќе чини пари, но според мене клучот на Македонското прашање сега е: просперитетна Македонија ќе биде самата задоволна."[200]

Амбасадорот Кенард како заклучок во својот извештај, ќе повтори со жалење дека бил спречен да се запознае подетално со вистинските состојби во Македонија, поради присуството на локалните функционери со него, "но морам да забележам, дека бев пријатно изненаден да откријам дека се покажува толку многу енергија во зафаќање со проблемите коишто се однесуваат на месното население, иако, секако, останува уште многу да биде направено. Склон сум да се согласам со скорешните посетители, дека сега е надмината опасноста од разбојништва, а е отпочнато со градење на училишта и болници, вистинското решение на овој проблем е заживувањето на економијата со подигање на цените, унапредување на комуникациите, исушување на блатното земјиште, а едно правично распределување на земјата и даноците, би довеле до очекуваниот правец."[201]

Иако Ламсон бил уверен дека нема организирани активности од страна на македонските револуционерни организации, настаните коишто уследиле во текот на 1926 г., како што забележал во својот годишен извештај за таа година амбасадорот од Белград, сосема го демантирале. Секако, за овие настани треба да се испраќани и одделни извештаи, но бидејќи тие се одразиле и врз односите меѓу Бугарија и Кр. СХС, амбасадорот се осврнува врз нив и во годишниот извештај: "До прв напад од бугарски комити, после минатата есен, дојде на 1 мај. Во Струмица влегле двајца членови на Македонската револуционерна организација и фрлиле две бомби, со кои убиле две лица и раниле седумнаесет. Земјата ја зафати прилична возбуденост, печатот изразуваше

[200] PRO FO 371/11405 C 5022/101/92.
[201] PRO FO371/11405 C 6187/101/92.

огорченост и бараше применување на драстични мерки против Бугарија, која одрекуваше секоја одговорност за овој инцидент. На 3 јули дојде до нов инцидент, издавачот на националистички весник, добро познат деец во редовите на српското малцинство во Грција, Хаџи Поповиќ е убиен во Битола од страна на непознато лице, на кое му успеало да побегне. Отпрвин се мислеше дека ова е дело на грчка терористичка организација, додека подоцна се утврди дека зад ова се одговорни луѓето од Македонскиот револуционерен комитет. Со сомневање за соучесништво притворени се триесет лица, од кои едно признало дека убиството го организарал Крсте Лондев, бивш комитски војвода..." за кого, наводно полицијата открила дека подготвувал редица атентати.[202] Нешто посилен одраз имал и нападот кај Крива Паланка, на 28 јули, од страна на три лица. Амбасадорот сето ова го поврзува и со односите во врска со зајмовите на Бугарија.[203]

Во 1926 г. во Белград е одржан меѓународен конгрес на Масоните (слободни ѕидари). Ова било повод амбасадорот во неговиот извештај да се осврне и на дејноста на оваа организација во минатото, а посебно и врз нејзината активност во создавањето и делувањето на Друштвото Свети Сава, кое било особено присутно и во Македонија.[204] Во делот за војската, се констатира дека во таа година е завршено продолжувањето на пругата од Велес до Штип и до Кочани, "благодарение на војската. Ова е пруга од нормален колосек, исклучиво од стратешко значење, изградена со цел брзо префрлање на трупите на бугарската граница."[205]

Организирањето на атентати и упади на чети од страна на ВМРО продолжило и во 1927 година, а тоа во годишниот извештај на амбасадорот од Белград посебно е одбележено во врска и со односите меѓу двете соседни земји врз кои се одразувале сите овие акции. Ги анализирал експлозијата на железничката пруга кај Гевгелија, подметнатата бомба во близина на офи-

---

[202] Avramovski Z., Britanci.. kn.I, str. 367-368.
[203] Исто. ... стр. 368.
[204] Исто ...стр. 397-398.
[205] Исто ... стр. 423.

цирски клуб во Кочани на 26 септември, на 29 истиот месец подметната бомба во југословенскиот конзулат во Солун, а најмногу се одразило убиството на генералот Ковачевиќ во Штип.[206] Во врска со ова убиство, амбасадорот наведува: "Едно од злостроствата до кои дојде по убиството на генералот може да се препише како освета од српска страна (иако, секако, Србите ова го одрекуваат). Таткото и братот на познатиот комитски водач Иван Михајлов на 31 октомври се убиени во Штип од страна на непознати лица."[207] Наведени се и неколку други убиства и откриени бомби на пругата, во Гевгелија, Струмица и др.[208]

Од 5 до 8 декември 1927 во Скопје било одржано судењето на "група од дваесетмина македонски студенти" затворени после еден неуспешен напад на пругата кај Пчиња. Овој процес печатот го следел со вонредно интересирање. "На деветмина оптужени им се изречени тешки казни, со кои се осудени на затвор до пет години, додека останатите, коишто и никогаш не требало да бидат притворени, се ослободени после шестмесечно незаслужено заточеништво. Присутни се извесни разлози да се верува дека кон студентите во затворот се постапувало лошо, а додека со тоа полицијата не го подигна својот углед поради текот на случајот, на македонскиот покрет многу лекомислено му е даден впечатлив публицитет. Големи сипматии кон оптужените се искажани во Бугарија и во текот на нивото судење во Скопје, градот бил обиколен со кордони од жандармерија, а претседателот на судот внимателно чуван."[209]

Дека британските дипломати испраќале посебни извештаи како за разните судења организирани во врска со револуционерна дејност, како и други слични настани, сведочи и извештајот на амбасадорот од Белград кој е воцелост посветен на судењето на Кралев во Штип, обвинет за убиството на гене-

---

[206] Исто. .. стр. 431.
[207] Исто . . стр. 431.
[208] Исто . . стр. 431-432.
[209] Исто . . стр. 432-433.

ралот Ковачевиќ, на кој повеќе се задржавме во делот за македонското револуционерно движење.[210] Убиствата меѓу припадниците на македонските организации, нивните манифестации, конгреси и сл. редовно наоѓале место во посебни извештаи. Така и покренувањето во 1928 г. на прашањето британската дипломатија да се заложи во вардарскиот дел на Македонија од српските власти да биде одобрено основање на училишта во кои децата би учеле "на својот мајчин јазик", како и воведување во црквите служби на народен јазик, како гаранција дека по задоволувањето на тие барања македонските револуционерни организации ќе престанат со секаква непријателска активност, бибило причина за анкетирање на вицеконзулот во Скопје за можностите и евентуалните последици. Неговите согледувања до Лондон ги пренел амбасадорот од Белград, и ние веќе се осврнавме на погледите на Футмен во врска со јазикот на кој би се предавало во училиштата и другите прашања поврзани со тоа.[211] Министерот за надворешни работи на Кр. СХС изјавил, поврзано со покренувањето на ова прашање, дека во Скупштината пратениците од Македонија воопшто не се жалеле. На ова вицеконзулот Футмен "укажува дека во Македонија не се одобруваат политички движења со тенденции да ја критикуваат Србија; иако никогаш не е објавена званична прокламација во врска со ваков ефект, многу добро се сфаќа фактот дека никој не смее ниту да се дрзне да сугерира формирање на македонска партија. Како илустрација г. Футмен го наведува случајот со партијата Џемиет. Опасноста по Србите од повторно завладување на Македонија од страна на Турците, секако, е доста далечна, а Џемиет имаше намера да соработува со било која од двете големи српски партии, којашто би им пружила најдобри условија. Но, партијата беше укината, делумно во крв (единаесет муслимани се убиени на улиците во Митровица во текот на изборите во 1923 г.), делумно со затворање (случајот на Ферад бег Драга во 1925 г.) и други слични методи. Уште, кога Хрватите направија полтичка обиколка на Јужна Србија, минатото лето, тие постојано

[210] PRO FO 371/12856 C 2398/42/7. Mr Kennard to Ser Austen Chamberlain, Belgrade, March 20, 1928.
[211] PRO FO 371/12856 C 1311/42/7., Belgrade, 16th February 1928.

беа напаѓани од хулигани организирани од Сокол, Орјуна и слични на нив, со соработка и охрабрување од полицијата. Практично, само радикалите и демократите можат да си дозволат да бидат на избори во Јужна Србија. И едните и другите мораат да делуват под претпоставка дека Македонија е Србија но, бидејќи демократите се повеќе отворени во критикувањето на администрацијата (која во најголем дел е составена од радикали), тие се предмет на повеќе притисок."[212]

Вниманието на амбасадорот од Белград, за 1928 г., посебно го привлекло и неуспешниот атентат врз Жика Лазиќ во зградата на Министерството за внатрешни работи извршен од Иван Момчилов по налог на ВМРО.[213] При разгледувањето на внатрешната положба во Кр. СХС, одделно се осврнува на ситуацијата и настаните во "Јужна Србија (Македонија)":[214] "Општата ситуација сега е подобра отколку што можеше да се очекува во почетокот на годината. На 15 јануари една жена го уби правниот советник во скопскиот срез, г. Велимир Прелиќ, а потоа и сама изврши самоубиство: се работеше, веројатно, за агент на Македонската революционерна организација, но овој злочин беше само последен од низата атентати од кои првиот беше извршен врз генералот Ковачевиќ на 6 октомври 1927 година. Властите настапија многу енергично и, иако поради тоа беа подложени на остри критики, ом појде од рака донекаде да го вратат редот во јужна Србија."[215] Со именувањето на генералот Наумовиќ за велики жупан во Скопје мерките против упадите од Бугарија се заостриле, и амбасадорот констатира дека такви скоро и нема, додека, скоро сите навлегувања биле извршени преку албанската граница, најмногу на качаци. "Во текот на годината во јужна Србија се извршени две убиства: жртви биле, во мај еден истакнат муслимански граѓанин во Приšти-

[212] Исто.
[213] Avramovski Z., Britanci.. kn. I, str. 504.
[214] За одбележување е дека во извештаите од дваесетите години се употребува постојано терминот "Македонија", некогаш сам, некогаш во придружба на терминот "Јужна Србија", едниот од нив во загради. Поради административната поделба, под "Македонија" се прикажуваат и места на територијата на Косово и Метохија и во јужниот дел на Србија.
[215] Avramovski Z., Britanci. .. kn. I, str. 545.

на, а во јули еден српски трговец во Велес. Се верува дека злосторствата ги извршиле припадници на "Народна одбрана", а само на рамнодушноста на полицијата може да се припише фактот дека убиецот ниту во еден од овие два случаи не е пронајден. Во текот на годината во Скопје се одржани неколку судски процеси, воглавно на лица обвинети за соучесништво во злосторствата на Македонската револуционерна организација и за поголемиот дел од обвинетите е утврдено дека се криви."[216]

Како одраз на осетното зближување меѓу Бугарија и Југославија во текот на 1929 г., со настојување преку создавање на мешани комисии да ги решаваат проблемите околу границата, забележени се и извесни активности со упади и атентати, за кои британскиот амбасадор во неговиот годишен извештај за 1929 г., само неведува кога и каде се случиле некои од нив, припишувајќи ги истите, во најголем дел, како настојување на ВМРО со нив да се попречи можното зближување на двете земји.[217]

Во 1930 година вниманието на амбасадорот од Белград, во врска со активности на македонските револуционерни организации, ќе го привлече само судењето во Софија на И. Михајлов: "Судењето на Михајлов за давање на наредба за убивање на познатиот привржeник на Протогеров, Пундев, завршило во ноември со негово ослободување и истовремено осудување на вистинските убијци. Ваквата завршница докажа дека водачите на Македонската револуционерна организација никако не можат да се приморaат на одговорност за своите злосторства и на југословенскиот печат, па дури и на владата, им даде нови разлози да не гледаат разлика помеѓу Македонската револуционерна организација и бугарската влада и на оваа втората да ги препишат неделата извршени од првата."[218]

Во обиколка на Вардарска Македонија, британскиот воен аташе во амбасадата во Белград, мајорот Оксли (Major Oxley), придружуван од вицеконзулот во истата амбасада, Блекни (Blakeney), ќе обезбедат, како што на-

---

216 Исто...стр. 545.
217 Avramovski Z., Britanci... kn. I, str. 597-598.
218 Avramovski Z., Britanci... kn. I, str. 653.

вел амбасадорот во своето пропратно писмо на извештаите добиени по извршеното патување,"информации од прва рака за ситуацијата во југословенска Македонија."[219] Амбасадорот Хендерсон во своето пропратно писмо се согласува и со гледањето на мајорот Оксли, дека "се додека активностите на Македонската револуционерна организација не бидат ставен под контрола на бугарската влада" ќе бидат потребни во Македонија несфатливо огромните воени мерки превземани во време на мир.[220] Во врска со извештајот од вицеконзулот ќе напише дека: "во основа се согласува со согледувањата на г. Блекни за тешкотии во ефикасноста и радикално подобрување на администрацијата се додека Македонија е изложена на пропаганда и упади преку границата. Во целина, од нивните известувања евидентно е дека југословенската влада направила многу за воспоставување на мир и безбедност во оваа провинција. Ако не е направено повеќе, тоа треба да му се препише, од една страна, на интригите на Македонците во Бугарија, и, од друга страна, на безвредноста на повеќето од југословенските пониски чиновници. Се плашам дека ќе биде потребно многу време и трпение пред некоја од овие две пречки за добро управување во Македонија дефинитивно да биде отстранета."[221]

Во својот извештај мајорот Оксли како прво ќе забележи: "На прво место странецот ќе биде вџашен од општиот впечаток на безбедност. Ние секако не чувме за чети или разбојници, а сите лица што ги сретнавме се согласуваа дека е безбедно да се патува било каде. Оваа пожелна состојба на работиве, без сомнение, е постигната со употреба на сила и сега се одржува преку сила. Бројот на вооружени луѓе употребени од државата во Вардарска бановина е приближно како што следи:

| | |
|---|---|
| Триесет и седум чети на погранична стража секоја со околу 100 стражари | 3,700 |
| Жандармерија | 10,000 |
| Вооружени селани | 25,000 |

---

[219] PRO FO 371/14316 C 3840/82/7 -Mr. N. Henderson to Mr. A. Henderson, -Belgrade, May 13, 1930.
[220] Исто.
[221] Исто.

| | | |
|---|---|---|
| Три дивизиони на редовна војска | | 16,000 |
| | Вкупно | 54,700"[222] |

Мајорот Оксли ги посетил пограничните сектори кај Крива Паланка и кај Царево Село. Во неговите испитувања за обезбедувањето на границата, прво се задржува на единиците на пограничната стража и нивната команда. Главниот штаб на овие единици бил во Скопје и директно потчинет на Белград. На самата граница регистрирал неколку појаси на обезбедување, при што се изградени утврдени објекти, командно поврзани преку секторски команданти во Струмица, Берово, Царево Село и Крива Паланка со Штабот во Скопје. Дава подетален опис на изгледот на границата и на платените лица ангажирани во овие трупи (1,500 до 2,000 динари месечно). Границата во ниту еден сектор во Македонија не смеела да биде минувана, ниту со документи, со исклучок на мал број селани кај Крива Паланка како сопственици на имот од двете страни на границата, коишто минувале со специјални одобренија. "Во сите села во пограничната зона, т.е. приближно во длабочина на 30 километри, забрането е секакво движење откако ќе се стемни, освен по главните патишта."[223]

Жандармеријата, чиј број варира во текот на годината и е поголем во периодот од м. април до м. октомври, е од 7-та вардарска жандармериска команда со главен штаб во Скопје. Главниот командат им бил Хрват, бивш австриски офицер, додека во срезовите жандарите работат под упатствата на префектите. "Се сретнавме со двајца или тројца од нив, тие сите беа Срби. Според она што ми беше кажано од непристрастни набљудувачи, заклучив дека може би овие префекти се најслабата карика во безбедносната организација. Како најпрво, тие практично уживаат неограничена моќ врз месното население, а од тука и видливиот екстремен почит, ако не и сервилност, што кон нив ја искажуваат селаните. Заклучив дека тие мора да применуваат многу строга контрола. Понатаму, бевме информирани, дека, земено во целина, тие се корумпирани и подложни да ја употребат нивната моќ, било за уцена

[222] Исто.

на нивното стадо, или да прифатат мито за премин преку границата, или да наредат да им се дозволи премин низ нивната територија на терористи."[224]

Со банот М. Лазиќ мајорот Оксли разговарал и во врска со 25,000 вооружени селани. Банот тврдел дека идејата била селаните да се направат одговорни за својата безбедност. Мајорот заклучува:"Секако, идејата изгледа доста добра, а таа може да значи и промена на сегашниот ригиден систем на контрола во нешто малку поеластично и помалку војничко во својата појава."[225]

Мајорот Оксли имал средби со командантот на 3-та армија во Скопје (генерал Недиќ) и командантите на дивизионите во Штип (генерал Радовановиќ) и во Битола (генерал Томиќ). Генералот Радовановиќ го информирал дека "во оваа област се е мирно и дека избувнување на тероризам во пошироки размери е невозможно. Подвелече дека е особено тешко да се спречат неколку очајници да ја поминат границата и фрлат бомби или пукаат по некој жандар."[226] Генералот Томиќ го информирал за уфрлањата во неговата територија од Албанија кај Охрид и преку Кајмакчалан од Грција.

Мајорот го завршил извештајот со: "Во заклучок, би сакал да подвлечам, дека ги прашав сите одговорни лица што ги сретнав, дали сложениот и скап систем за одбрана на границата и воопшто за безбедноста, бил реално потребен. Тие сите одговараа дека, сè додека Бугарите продолжуваат со нивната политика на притисок, ова е апсолутно потребно, инаку земјата би била преплавена со бандити и терористи. Ова можеби е така, но ова секако изгледа малку надвор од оваа беда, дека овој екстремно скап безбедносен систем е неопходен, а интересен е и фактот, предвидената сума за пограничната стража за 1930 -1931 е 125,450,093 динари (456,182 фунти), што значи зголемување од 10.187,846 динари (37,046 фунти) од минатата година."[227]

Вицеконзулот Блекни, исто така, на прво место во својот извештај ја истакнал безбедноста: "Без сомнение, Србите сега ја држат цврсто во свои

---

[223] Исто.
[224] Исто.
[225] Исто.
[226] Исто.
[227] Исто.

раце Македонија и било каква сериозна побуна или избивање на разбојништво е невозможно."[228] Образложува, дека тоа се должи на ангажираните сили. Посебно се осврнува на улогата на ВМРО со настојувањата да предизвикува несигурност. Во поглед на развојот на Македонија на економско поле заклучил:"Како резултат на сегашнава положба на немири, економскиот развој и прогрес, коишто би ја подобриле состојбата и воделе кон задоволување на населението, се премногу заостанати. Без сомнение, земјата има направено добар прогрес од турско времето, но човек не може да се отргне од чувството дека таа требало повеќе да напредува. Големи парцели на добра и богата почва сеуште се необработуваат. Ова, без сомнение се должи, пред сè, на фактот, дека Македонија е слабо населена. Од надлежните централни власти беа направени напори да го охрабрат мигрирањето во Македонија од другите делови на Југославија, но благодарение на несредените состојби во оваа провинција одговорот е бавен и колеблив."[229]

Во извештаите на британските дипломати, иако во помала мерка, и во 1931 година се зборува за упади и атентати извршувани од лица уфрлани преку границата од Бугарија (поставување на бомби на пругата Ниш-Скопје, убиство на полициски каплар во близината на Скопје, експлозивна направа кај Цариброд, судење и егзекуција на двајца заробени "комити" и др.), при што се констатира и дека сето ова не се одразило многу на натамошните односи меѓу двете земји, Бугарија и Југославија.[230] Она што посебно прави впечаток е пренесувањето на информации од близината на ВМРО во Софија до кралот Александар. Така во годишниот извештај амбасадорот Н. Хендерсон напишал: "Во почетокот на годината дописникот на "Тајмс" во Софија[231] повеќе пати го предупредил г. Ватерлоу за претстојната бомбашка кампања

---

[228] Исто.
[229] Исто.
[230] Avramovski Z., Britanci. . .kn. 2, str. 17-18.
[231] Дописник на Тајмс" во Софија бил М.Н.Антонов, истовремено и издавач на весникот "La Bulgarie", кој во 1932 г. објавил статија во списание во прилог на бугарско-српско зближување и заедништво при што, како што констатирал амбасадорот Ватерлоу од Софија "статијата е забележлива бидејќи го прифаќа фактот дека Македонците во Југославија се "асимилирани".." PRO FO 371/15896 C 5413/46/7. - Sofia, June 22, 1932.

против Југославија. Меѓутоа, кралот Александар пред амбасадорот на Неговото величество изрази увереност, дека двете фракции на македонската револуционерна организација премногу се зафатени во меѓусебните судрувања, за да би воделе активна заедичка политика, но, доколку дојде до обновување на упадите, во секој случај, нема да бидаат превземани непромислени мерки."[232]

За 1932 г. амбасадорот од Белград ќе констатира: "Во текот на летните месеци немаше поголеми инциденти, сепак, доаѓаше до вообичаените гранични напади, коишто со доаѓањето на есента зачестија до загрижувачки размери."[233] Поголем напад врз патрола бил извршен од припадници на ВМРО на 18 и 19 ноември 1932 г. Сепак, сето ова не довело до поголемо заострување на односите.[234]

Осврнувајќи се на дејноста на ВМРО во Бугарија, конгрес и слабеење на влијанието, амбасадорот Ватерлоу, известил: "Истовремено -а во ова лежи и парадоксалниот карактер на ситуацијата - јас скоро нималку не се сомневам дека вистинското влијание на организацијата опаѓа не само во земјава, во целина, туку исто така и во македонските области, таа е од извесно време во постојано опаѓање, а последниот конгрес може да се земе како знак на дефинитивна состојба на распаѓање. Сите мои информации потврдуваат дека населението во бугарска Македонија станува се повеќе немирно под железното ропство на терористите. Психолошки тие се преморени од пригушувањето со мистично влијание, а економски преморени од тоа што се уништени. Селаните во повеќето области се без пари, благодарение на колапсот на пазарот на бугарскиот тутун, така што терористите, чиј што извор на даноци беше трговијата со тутун, наидоа на невозможни тешкотии да ги зголемат приносите потребни за нивниот опстанок и пристапиле кон опресивни мерки, коишто понатаму го зголемуваа спротивставувањето од нивните осиромашени жртви. Уште повеќе, овие жртви се уморени од тоа да биваат исклучувани од политичките активности, толку скапоцени за бугарскиот селанец, а да биваат

232 Avramovski Z., Britanci... kn. 2, str. 17.
233 Исто... стр. 90.
234 Исто.

принудувани со пушки на секои избори да гласаат за македонските билети со исфабрикувана регуларност. Тука одново случајот со Неврокоп, спомнат погоре, е нешто што добро укажува. Така, ургирањето за нормална политика, го натера населението да и овозможи на листата на Земјоделци-Демократи да навлезат на општинските избори во забите на ветото на организацијата; и не само да навлезат туку и да добијат победувачко мнозинство (некои дветретини од гласовите, како што ми е речено) на изборниот ден, кога агентите на организацијата беа заштитувани со вооружени војнички стражи."[235]

Амбасадорот Ватерлоу 1932 година бил во обиколка на Пиринска Македонија, и во Неврокоп имал можност да се сретне, во отсуство на митрополитот, со неговиот помошник, архимандритот Јосиф. За него утврдил дека по потекло е од севрните предели на Бугарија, со извонредно познавање на германскиот јазик и ретко интелегентен бугарски свештеник, поради тоа и пренесува моменти од неговите искажувања, а сето тоа во рамките на истражувањата што ги прави самиот амбасадор за тоа дали постои и каква национална свест кај Македонците, а во рамките на нивната можна асимилација.[236] Амбасадорот констатира дека Македонците емигрирани во Бугарија "се вжештени националисти и тие се големото, активно, влијателно и интензивно политички обоено тело; но може ли сигурно да се рече дека нивните желби и аспирации вистински ги претставуваат состојбите и чувствата на сегашното селанство во Македонија, било тоа да е во Бугарија, во Југославија или во Грција?"[237]

Архимандритот Јосиф му рекол на амбасадорот, дека "селаните во Пиринска Македонија се лишени од квалитетите без кои вистинската национална свест не може да постои: тие не се лојални кон никого или ништо, немаат чувство за дисциплина или припадност на црква, круна или држава. Тие никогаш, рече, не напреднале од состојбата на ропски менталитет произведена во турското владеење." Во прилог на ова тврдење изнел случај на 10

---

[235] PRO FO 371/15896 C 1478/46/7.-Mr. Waterlow to Sir John Simon, Sofia, May 14, 1932.
[236] PRO FO 371/15896 C 5414/46/7.- Mr. Waterlow to Sir John Simon, Sofia, June 22, 1932.
[237] Исто.

семејства од Неврокоп кои од православни поминале во протестанти. "Така, нивната прва и најголема потреба е владеење со строга рака, без разлика чија. Македонската револуционерна организација, која управува со оваа област, со пасивна услуга од бугарската влада, им го пружа ова. Тој, поради ова, гледа на организацијата во целина како на драгоцена, и, секако, потребна институција од точка на локално гледање, иако сега има доста негодувања против нејзиното владеење, бидејќи времињата се тешки, а наметите во даноци се опресивни, а исто така бидејќи ситуацијата е комплицирана и конфузна поради развивањето на комунизмот, самиот како резултат на тешките времиња. Не е чудо што во вакви околности расте криминалот и насилството; самата Револуционерна организација беше разединета од комунистичката струја, управувана од Москва, преку Виена, со цел ослободување на Македонија преку болшевизација на Балканот, додека месното население, во замена остана разединето, околу половина биле за организацијата и половина против, а непријателската противничка половина во најголем дел со комунистички чувства."[238]

Од впечатоците што ги стекнал амбасадорот Ватерлоу заклучил дека и во Југославија селаните ќе имаат исти чувства и ист однос како во Пиринска Македонија, поради што изразува сомневање во успехот на асимилирање од страна на Србите, тврдејќи дека поради политички причини ќе бидат можни и понатаму немири. Искажувањата на архимандритот Јосиф ги гледа во општото непријателско држење на црквата кон комунизмот.[239]

Незадоволството во Пиринска Македонија од наметнатите давачки од страна на ВМРО, амбасадорот Ватерлоу го регистрира и во 1933 година: "Населението во бугарска Македонија, се вели, дека е многу незадоволно од неодамнешната одлука на Внатрешната македонска револуционерна организација да ги дуплира нивните месни увозни и извозни такси за сите купени или продадени нешта." [240]

---

[238] Исто
[239] Исто.
[240] PRO FO 371/16651 C 10015/66/7. - Mr. Waterlow to Sir John Simon. Sofia, November 11, 1933.

Амбасадорот од Белград и во годишниот извештај за 1933 г. зборува за постоење на терористички напади, без детално задржување врз нив, а само како одек на зближувањата, пример при посетата на кралот Александар кај царот Борис во Евксиноград.[241] Истовремено заклучува: "Во Македонија владее мир, и намалени се изгледите дека во таа покраина ќе дојде до безредие."[242] При излагањето за жандармеријата и пограничните единици ги дава следниве податоци: " Во текот на пролетта во Македонија и на бугарската граница жандармерија е значително зајакната. Пограничните единици се засилени со 1,000 луѓе, а кон нив е приклучен и голем број на војници од составот на регуларните трупи. Пролетта на организацијата "Народна одбрана" и се доделени 25,000 пушки за употреба во случај на евентуални немири во Македонија."[243]

Отпочнатиот процес на зближување меѓу Бугарија и Југославија во текот на 1934 г. се претвора во срдечни односи манифестирани со разни спортски, културни и др. манифестации. Амбасадорот од Белград известил: "Срдечното расположение кое на овој начин се одржуваше меѓу населението на двете земји не беше пореметено и поради двата помали инциденти, коишто се случија на македонската граница во март и април, кога мали банди на комити извршија упад на југословенската територија."[244] Од настаните во внатрешната политика на Југославија известил, дека во 1934 г. "Епископиите во Охрид и во Битола се споени во една епископија."[245]

Положбата во Пиринска Македонија во 1934 г., амбасадорот Ватерлоу ја дава преку изјава на министерот на војна, дадена на 6 јули, "за јавноста, тврдејќи дека нема вистина во озборувањата дека нови немири се случиле во бугарска Македонија, а дека напротив, таму преовладува апсолутно спокојство и смиреност."[246] Понатаму ќе соопшти: "Дознав од поуздани авторитети

---

241 Avramovski Z., Britanci. . kn. 2 str. 157.
242 Исто ...стр. 203.
243 Исто... стр. 206.
244 Исто ...стр. 237
245 Исто.. стр. 267.
246 PRO FO 371/18376 R 3964/923/7.- Mr. Waterlow to Sir John Simon. Sofia, July 9, 1934.

дека рациите на војската во бугарска Македонија резултирале со конфискување на 10,000 пушки, 80 митралези и 1 милион куршуми."[247]

Нешто повеќе податоци Ватерлоу ќе соопшти, надоврзувајќи се на извештајот од 9 јули, во нов извештај посветен исцело на состојбите по забраната на делување на ВМРО,[248] при што известува" дека, на 28 јули полуофицијалниот "La Bulgarie" објави кратка содржина на декрет со кој се предвидува конфискување на сиот движен и недвижен имот кој им припаѓа на илегални организации. Под закана од пет години затвор или тешка казна, сите личности кои поседуваат средства или имот од вакви организации се повикани да им го предадат на нив во рок од петнаесет дена.... Сходно на овој декрет се објави дека полицијата спровела бројни куќни претреси во главниот град, кои резултирале со апсење на неколку истакнати членови на Внатрешната македонска револуционерна организација, вклучувајќи го и Јордан Чкатров, претставник за Софија на Иван Михајлов. Голем дел од архивата на ВМРО бил запленет, истрагата била заснована врз односите на Македонската национална банка, а конфискуваниот имот на веќе фатените револуционери се вели дека достигнал сума околу 400,000,000 лева."[249]

Овие мерки биле превземени и против странски државјани, го дава примерот со Чех близок на ВМРО. Посебно ги пренесува информациите добиени во врска со Пиринска Македонија: "локалниот кореспондент наРојтерс, кој минатата недела се врати во Софија од посетата на македонските области во Западна Бугарија, ми рече дека тој лично можел да се убеди од прва рака дека локалното население го поздравило нивното ослободување од тиранијата на михајловистите. Селани од најоддалечени краеви на земјата го уверувале дека тие не само што се благодарни што се ослободиле од плаќањето систематски допринос на револуционерите од нивното производство и жива стока, туку исто така, се полни со благодарност кон властите што ги ослободиле од ноќната мора на гангстерско угнетување на кое тие долго време

---

[247] Исто

[248] PRO FO 371/18376 R 29/9/34. - Mr. Waterlow to Sir John Simon. Sofia, July 31, 1934..

[249] Исто.

биле подложени. Од овие опсервации, а и од импресиите добиени од други извори, уверен сум дека залоупотребувањето на автономистичките сили, што ВМРО ги вршело во Западна Бугарија, се покажало како важен елемент кој ги довел до нивното пропаѓање."[250]

[250] Исто.

## VII глава
# БРИТАНСКИТЕ ДИПЛОМАТСКИ ИЗВЕШТАИ КАКО ЗНАЧАЕН ИЗВОР НА ИСТОРИЈАТА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД

## 1. Државниот архив на Велика Британија

Во Велика Британија чувањето и користењето на архивските документи има долговековна традиција и тесно е поврзано со развитокот на државата. Чувањето на архивската граѓа не е централизирано и според списокот објавен во книгата "Чуварите на архивската граѓа во Велика Британија"[1] постојат повеќе видови на архиви и други установи во кои што се чува архивската граѓа:

- Јавните документи на централните владини институции и канцеларии и на судовите по правило се чуваат во Државниот архив во Лондон (Public Record Office), каде се чува архивската граѓа од Англија и Велс, а во некои категории и за целото Обединето Кралство; Државниот архив на Шкотска во Единбург (Scottish Record Office) и Државниот архив на Северна Ирска во Белфаст (Public Record Office of Northern Ireland). Сепак некои централни органи на власта и институции имаат формирано свои специјални архиви и нивната архивска граѓа не се пренесува во Државниот архив, како на пример: Парламентот, Царинарницата, Верската комисија, Поштите, Главниот нотаријатен регистар (Principal Probate Registry), како и Канцеларијата за документите на Индија (India Office Records).
- Локални канцеларии за архивска граѓа (Local Record Offices) тоа се архиви основани од локалните владини органи на прво место да ја чуваат и употребуваат нивната сопствена архивска граѓа, но исто така во нив се наоѓаат на чување и други значајни материјали. Скоро во сите области на Англија и во

[1] Records repositories in Great Britain, Historical Manuscripts Commission, London 1968.

неколку области на Велс, во нивните обласни центри се наоѓа Обласна канцеларија за архивската граѓа (County Record Office). Во нив се чува архивската граѓа на обласната администрација и правосудство и некои документи од локално потекло. Така што тие се местата во кои се депонираат и други архивски материјали што се однесуваат на областа, а посебно во нив се наоѓаат на чување значајни архиви на приватни семејства. Некои обласни центри и големи градови, како и други градови, имаат основано Градски канцеларии за архивска граѓа (City или Borough Record Offices) во кои се чува архивската граѓа или документите на нивната администрација и правосудство со депонирани извесни збирки кои се однесуваат на сопственост, население и локални настани. Овие локални архиви се управуваат и финансираат од локалните власти на кои што им служат и се независни едни од други (освен ако нема специјални меѓулокални договори), како и од Државниот архив. Од областите во Велс архивската граѓа е депонирана во Националната библиотека на Велс.

- Библиотеките, музеите, друштвата за археологија и антиквитети кои чуваат огромен број на ракописи и документи, исто така, овозможуваат нивно користење за научни цели. Многу од нив имаат збирки на документи од приватни семејства и приватни институции.

- Архиви се основани и од Црквата на Англија и други религиозни институции. Оние од Црквата на Англија во најголем дел се во Диоцезијални архиви (Diocesan Record Offices), нормално тоа се Обласни и други архиви одобрени од страна на Бискупот за чување на документите од диецезата или архиви основани од Динот или Капеланот на поедини катедрални цркви. Тука се вклучени и голем број на мисионерски друштва.

- Постојат и архиви основани од јавни институции кои не се владини тела, како што е Одборот на Британските железници.

- Библиотеките и архивите на универзитетите, колеџите и училиштата, исто така, овозможуваат пристап за научно проучување на нивната документација.

- Архиви основани од страна на бизнис куќи, банки, друштва и институции,

првенствено за нивна сопствена употреба, но пристапот за истражување мора да е со посебно одобрение.

Голем број на значајна архивска граѓа која понекогаш опфаќа и документи дури и од Средниот век, се наоѓа во приватна сопственост и извесен број на семејства ги чуваат фамилијарните архиви со тоа што овозможуваат на заинтересирани научни рабитници да ги проучуваат истите.

Само овие набројувања покажуваат сосема јасно дека во случајот со Велика Британија ние одделно треба да ги разгледуваме архивските установи кои, воглавно, собираат и поседуваат архивска граѓа од јавната администрација, потоа, архивите во состав на други установи од областа на културата или во состав на црквите, банките, фабриките, разни организации и друштва, како и најпосле архивите што се во сопственост на едно семејство или личност. Секако дека ваквата положба, заедно со настојувањето да се почитува и ненавлегува во приватната сопственост врз одредена архивска граѓа, се поодамна согледани како пречка во информирањето на заинтересираните научни работници за сите можни извори за историјата на Велика Британија, т.е. уште во XIX век се побарани форми и начини за пополнување на оваа празнина.

Иако првите согледувања за важноста на архивската граѓа во приватна сопственост датираат од XVII век, а особено засилено со работата на Комисијата за архивската граѓа од 1800 до 1836 год. (како резултат на што во 1838 година е основан Државниот архив во Лондон), систематската работа евиденција и овозможување на увид во архивската граѓа во било чија да е сопственост се бележи од 1869 г. наваму, со создавањето на Кралската комисија за историски ракописи (Royal Commission on Historical Manuscripts). Оваа Комисија, при која посебно делува Националниот регистар за архивите (The National Register of Archives), особено плодна активност развила по Втората светска војна со овозможување централизирани информации за архивската граѓа која се наоѓа во Велика Британија, без оглед на тоа во чија сопственост е таа, како и помагање во обработката на значајни приватни архиви и со развивање

на богата издавачка дејност (научноинформативни помагала, едиции на архивска граѓа и др.)

Составот на Кралската комисија за историски ракописи во изминатиот период од еден век и скоро четири децении опфаќал најистакнати личности од централната администрација како и од полето на науките и јавното делување. Од своето основање до 1970 год. има извршено преглед и објавено извештаи и прегледи за архивска граѓа која се чува кај 400 приватни сопственици и кај преку 200 други иматели (како што се катедрали, парохии, градови и места и др.). Оваа Комисија повремено поднесува извештаи познати како Извештаи на Комисијата до Круната (Commissioners' Reports to the Crown), а другата серија на извештаи е Извештаи од инспекторите до Комисијата (Inspectors' Reports to the Commissioners). До 1970 година големината на овие извештаи со прилозите веќе изнесувала преку 250 томови.[2] Во повеќе од 80 серии со поголем број на книги во секоја серија, објавени се прегледи на значајна архивска граѓа, а истражувачите на минатото на Балканот до XIX век не можат да го одминат нивното користење, како и другите одделни изданија на оваа Комисија.

Националниот регистер на архивите (The National Register of Archives) е основан во 1945 год. во кој се чуваат прегледи на архивска граѓа кај разни иматели со индекси на личности, предмети, места што особено помага на истражувачите.

Државниот архив (Public Records Office) како специјализирана установа за прибирање, чување и овозможување на користење на архивската граѓа настаната во работата на централните органи на власта на Велика Британија бележи долг и значаен развиток. Истовремено неговата дејност е тесно поврзана со развојот на архивистиката како наука и пракса.

Иако чувањето на документите има долга традиција, сепак прво организирана установа за документите се појавува во 1578 година со формирањето на Канцеларијата за државните документи (State Paper Office) со задача да

---

[2] Види: Publications of the Royal Commission on Historical Manuscripts. Sectional List No. 17. Her Majesty's Stationery Office, 1970.

ја преземе и чува архивската граѓа која до тогаш ја чувале кај себе државните секретаријати. Во оваа Канцеларија се прибирала најзначајната архивска граѓа од владините институции од XVI-от век па сè до промените што кон крајот на XVIII и почетокот на XIX век настануваат во органите на управата, кога, меѓу другите, е основано и Министерството за надворешни работи (Foring Office). Ова е неопходно да се има во предвид ако се сака да се истражува за надворешната политика на Велика Британија до XIX век.

Во Европа со Француската револуција од 1789 година се удираат основите на создавање специјализирани архивски установи. Веќе од 1808 година Националниот архив на Франција е во палатата Субиз ( Hôtel de Soubise) во чиј централниот дел се наоѓа и денес. Во текот на војувањата на Наполеон во Европа настанува до тогаш непозната огромна преселба на значајни архиви од освоените држави во Париз, а со нивното враќање потоа и побрз и современ пристап кон развитокот на архивистиката.[3]

Согледувајќи ги потребите од создавање на специјализирана архивска установа на современа основа, Парламентот на Велика Британија во 1838 година го донесува Законот за јавните документи (Public Records Act, 1838). Во натамошниот развој на Државниот архив и на архивската служба се наметнала потребата овој Закон да биде заменет со нови и тоа Закон за јавните документи, 1877 (Public Records Act, 1877); Закон за јавните документи, 1898 (Public Records Act, 1898) и Закон за јавните документи, 1937 (Public Records Act, 1937). По Втората светска војна повторно имало потреба од натамошно унапредување на работата со архивската граѓа и состојбата е анализирана од страна на Комитетот за министерските документи назначен од Канцеларот и од Господарот на ролните на 18 јуни 1952 год.[4] Својата работа овој Комитет, наречен Григов комитет по името на неговиот претседател (Sir James Grigg), ја завршил во 1954 година и во јули истата година на Парламентот и од страна на Канцеларот е поднесен Извештај на Комитетот за

---

[3] Види: Jean Favier, Les Archives, Paris, 1959, pp.31-51 и L`Histoire et ses mètodes, Paris, 1961, pp.1120-1138.
[4] R.A. Butler, Chancellor of the Exchequer и Raymond Evershed, Master of tne Rolls.

министерските документи (Committee of Departmental Records. Report). Репринтот на овој документ од 1966 година ни овозможува да дадеме подобра слика на промените извршени во организацијата и работата на Државниот архив. Обемниот извештај на Григовиот комитет (на повеќе од 80 страници) дава преглед, на прво место, на архивското законодавство врз основа на кое е регулирано работењето, т.е. чувањето, проценката, користењето на документите во министерствата и другите владини установи, употребата на соодветната терминологија и значењето на координираната дејност меѓу Државниот архив и установите во кои се создава архивската граѓа. Потоа се одредува по прецизно процедурата на валоризирање на архивската граѓа преку две инспекциски контроли. Првата инспекциска контрола се врши најдоцна до 5 години откако на одредени документи им поминала практичната употреба и тоа од страна на комисија во установата. Втората инспекциска контрола се врши пред предавањето на архивската граѓа во Државниот архив, пред истекот на 30 години од престанокот на употребата во секојдневното работење на установите, и тоа со контрола од надлежен инспектор од Државниот архив. Составувањето на соодветни прегледи на архивската граѓа е задолжително, а тие прегледи се и идните научноинформативни средства кои го олеснуваат користењето на архивската граѓа.

Во извештајот се изнесени причините кои ја наметнуваат потребата од донесување на нов Закон за јавните документи, промените во раководењето со Државниот архив (наместо дотогашниот Господарот на ролните со Државниот архив раководи Лордот Канцелар), третманот на документите создадени како резултат на употреба на новите технологии, правата за користење како и можностите за ограничување на истото, сместувањето и заштитата на архивската граѓа и др.

Препораките од Комитетот за министерските документи резултирале со донесувањето, од страна на Парламентот, на Законот за јавните документи, 1958.[5] Законот ги има следниве делови: 1. Генералната одговорност на

[5] Public Records Act, 1958-6&7 Eliz. 2 CH. 51.

Лордот Канцелар за јавните документи; 2. Државниот архив; 3. Селектирање и чување на јавните документи; 4. Места за депонирање на јавните документи; 5. Пристап кон јавните документи; 6. Уништување на јавните документи во Државниот архив или на други места каде се депонирани; 7. Документи за кои останува да одговара Господарот на ролните; 8. Судските документи; 9. Правната вредност на јавните документи и автентичните копии; 10. Интерпретирање; 11. Закони за Канцеларијата на јавните документи кои престануваат да важат; 12. Северна Ирска 13. Завршни одредби. Кон Законот се дадени и четири појаснувачки прилога. Овој Закон е сеуште во сила со тоа што во 1967 година е донесен Закон со кој се извршува измена само на рокот после кој може да се користи архивската граѓа и од 50 години се намалува на 30 години[6].

Пренесувањето на грижата за владините документи од Господарот на ролните (свитоци) на Лордот Канцелар е регулирано така, што со Законот на Лордот Канцелар е одредена општата одговорност за надзор на чувањето и заштитата на сите јавни документи, не само на тие во Државниот архив туку и во сите органи на централната власт. За директно раководење со Државниот архив се назначува Чувар на јавните документи (Keeper of Public Records).

Во Државниот архив, раководени од помошници, дејноста се одвива преку три одделенија: Одделение за општи служби; Одделение за владини служби и Одделение на заеднички служби. Во првото оделение се службите задолжени да ги обавуваат сите услуги што се бараат од Државниот архив и тоа: Служба за услужување на читателите, ги надгледува јавните читални и им дава информации на читателите и потенцијалните истражувачи; Службата за издавачки услуги ги подготвува општите и посебни информативни средства за документите и подготвува публикации; Службата за заштита во која е Депото; Лабораторијата за конзервација и реставрација на документи (и на оние што не се во Државниот архив); Служба за публикување и јавни

[6] Види: 1967 Charter 44.

односи, чија одговорност се сите активности надвор од тие на горенаведените служби. Одделението на владините служби е во составот на Државниот архив но, во него се прима и обработува сеуште неселектирана архивска граѓа, која е сопственост на создавачите и за која се грижат службеници на соодветните владини органи, а под назор и водство на службеници од Државниот архив. Во ова Одделение се извршува и конечната селекција ("втора ревизија") после која како архивска граѓа од трајна вредност поминува на чување во Државниот архив. Одделението за заеднички служби, воглавно, ги врши работите околу финансиите, персоналните проблеми и сл.[7]

Обавувањето на својата дејност Државниот архив го извршува во неколку згради на разни локации во Лондон и неговата околина. Зградата на Државниот архив изградена во 1851 година е една од ретките згради, ако не и прва во Европа, изградена според тогашните стандарди за современа архивска зграда. Подигната на локација на која отсекогаш се чувале владини документи (од 1290 година во зграда на оваа локација живееле службеници на Канцеларискиот суд, а најстариот од нив бил одговорен за јавните - државни документи кој од 1377 до 1837 година ја користи зградата како официјална резиденција, место за складирање на документи и суд). Во зграда на Канцелариската уличка (Chancery Lane) сега се чува архивската граѓа настаната до околу 1800 година. Најстарите документи (фондови) датираат од времето на Вилјем Освојувачот, тоа се познатите Domsday Book од 1086 година. Во депото документите се чуваат на 30. 500 линеарни метра полици. Во зградата на располагање се и три главни читални, вклучувајки ја микрофилмската читална и таа за документи од голем формат, со капацитет од 120 места. Во зграда е и Музејот на Државниот архив.

Зградата на Државниот архив во Кју, Ричмонд (Kew Richmond, Surrey) е подигната во 1977 година и располага со депоа во кои се наоѓа архивската граѓа настаната по 1800 година, а за која се инсталирани полици од 109.700

---

[7] Види: A Guide for Departmental Record Officers, London, Public Record Office, Third Edition, 1971 и Општите информации на Државниот архив на Велика Британија наменети за истражувачите, Лондон, 1995 година.

линеарни метра. На истражувачите им се на располагање три читални (од кои една за карти и докумети со голем формат и една читална за микрофилмови) со капацитет од 348 места. Се работи за современа архивска зграда во која се применети најновите барања за чување и заштита, компјутерирizирана и исто така компјутерски поврзана и со зградата на Чансери Лејн.

Во Хејз се наоѓа комплекс на згради претходно користени како фабрика за артилерија, а од 1950 година предадени на Државниот архив на Велика Британија за потребите на формирање т.н. преодно депо. Ова депо е во надлежност на Одделението за владини служби и е познато како Преодното депо во Хејз (Hayes Intermediate Repository). Депото располага со 346. 600 линеарни метри полици и се користи од страна на 58 министерства и други владини органи за чување и обработка на нивната документација пред да биде извршен подборот на архивската граѓа со трајна вредност и да биде како таква пренесена во зградата во Кју како дефинитивно во одговорност и натамошно чување и користење. Во оваа зграда на средување и изработка на соодветни прегледи при првата инспекција со предлози за елиминирање на безвредните документи, како и на обавување на работите за втората инспекција под надзор и со учество на инспектор од Државниот архив се ангажирани преку 400 лица, од кои само 60 се вработени во Државниот архив, а другите се персонал на министерствата кои ја депонираат својата архивска граѓа во ова преодно депо. Во ова преодно депо, во кое се чуваат предмети најдолго до 25 години по нивното архивирање (завршени), има само една мала читална со 5 места во која можат да истражуваат научни работници со специјално одобрение.

Според статитстичките податоци кои Државниот архив ги става на увид на јавноста, во него на 1 јануари 1991 г. биле вработени вкупно 436 лица. На гореизнесените расположиви за сместување на документи регали (во Ченсери Лејн 30.500 линеарни метри; во Кју 109. 700 линеарни метри и во Хејз 346. 600 линеарни метри) во 1995 година веќе била сместена архивска граѓа на трајно чување и тоа: во Ченсери Лејн на 23. 680 линеарни метри, во Кју на 101. 929 линеарни метри и во Хејз на 19. 607 линеарни метри, додека во ова

депо на 303.357 линеарни метри била документацијата сеуште сопственост и во надлежност на министерствата и другите владини органи.

## 2. Пристапот кон архивската граѓа

Гореизнесените податоци јасно укажуваат на тоа дека се работи за огромни количини на документација (како пример да наведеме дека само во 1970 година како безвредна е издвоена за уништување 360 тони архивска документација). Затоа, во Велика Британија е посветено посебно внимание на прашањата поврзани со постанокот, обработката и чувањето на архивската граѓа во писарниците на министерствата и другите органи на владата на Велика Британија. Ова е грижа на Министерството за граѓански служби (Civil Service Department) во кое специјалната Служба за управата (Management Services - O & M) е задолжена да обучува службеници за работа во писарниците на министерствата и органите на управата и објавува прописи и други материјали неопходни за работа во писарниците[8]. На овој начин постигнато е изедначено канцелариско работење, што е прифатено и од органите на локалната управа. Од своја страна Државниот архив за службениците во писарниците на органите на управата преку специјални упатства ги регулира прашањата околу подборот и вреднувањето на архивската граѓа, подготовката на прегледите на граѓа која треба трајно да се чува или документи кои можат да бидат уништени сè до пропишување на одредена опрема со која се чуваат документите и начинот на пренесување на архивската граѓа во Државниот архив[9].

Одделно се задржуваме на прашањето на прегледите (или списоците - lists) што ги подготвуваат во писарниците или преодното депо, бидејќи по примопредавањето во Државниот архив тие остануваат како едно од најваж-

---

[8] Види на пр. Registry services, may 1969 - една врста напатствие за канцеларискoто работење.
[9] Види: A Guide for Departmental Record Officers, London, PRO, Third edition 1971 и The Preparation of Records for Transfer (Revised), London, PRO, 1964 .

ните научно информативни помагала за депонираната архивска граѓа. Изработени под надзор на Службата за примопредавање тие мораат да ги содржат следниве елементи: насловот на фондот, серијата, подсеријата, датумите, описот на предметите. Тие се изработени еднообразно, во строго утврдена форма, а се настојува да содржат, по можност, што подетални податоци. Наликуваат на сумарните инвентари кои ги подготвуваат во Државниот архив на Република Македонија. Често пати одделни категории на документи се опишуваат и подетално во аналитички списоци.

Во Државниот архив на Велика Британија особено внимание се посветува на изработка и публикување разни општи информации како и други научно информативни средства кои се ставаат на увид на заинтересираните. Уште при првиот контакт се добиваат основни информации кои упатуваат на можностите да се пронајде бараниот документ, потоа на редот во читалните, можностите за копирање на документи и др. Во просторијата наречена Соба за информирање (Reference Room) се наоѓаат сите инвентари и картотеки за фондовите во Државниот архив и компјутери преку кои истражувачите ги прават порачките. Секако, Државниот архив објавува и поконцизни или опширни информации за одделни фондови или за одделни прашања.[10] Како пример на научноинформативно помагало од тематски карактер во кое се опфатени повеќе фондови ќе ја наведеме книгата од Џон Кентвел "Водич за Втората светска војна"[11]. Во овој водич на заинтересираниот научен работник презентирани се информации со соодветни сигнатури за 62 архивска фонда (архиви на органи на управата или други владини институции) во кои се наоѓаат документи поврзани со настани во Втората светска војна. Како таков тој е користен и за научните работници од Р. Македонија бидејќи, покрај основните податоци за установите и лицата кои раководеле

[10] Пр. PRO, Record Information, 22. The Record of the Foreign Office from 1782, London, April 1986, 7 p. и книгата: Louise Atherton, "Never Complain, Never Explain"-Records of the Foreign Office and State Paper Office 1500- C.1960, Public Record Office Readers' Guide No. 7. London, PRO Publication, 1994, 189 p.

[11] John D. Cantwell, The Second World War. A Guide to Documents in the Public Record Office PRO Handbooks. No 15 (Second Edition), London, 1993, 230 p.

со нив, се содржани и следниве податоци: во фондот на Кабинетот на владата да се погледа CAB 95 - War Cabinet Committees on the Middle East and Africa; CAB 107 War Cabinet, Co-ordination of Departmental Action in the Event of War with Certain Countries-Bulgaria. Во фондот на Министерството за надворешни работи се упатува на следниве сигнатури во кои треба да истражува научниот работник од Р. Македонија: FO 286 - Embassy and Consular Archives Greece: Correspondence; FO 388 - Embassy and Consular Archives Bulgaria: Correspondence; FO 421 – Confidential Print South-East Europe - Albania, Bulgaria, Greece, Yugoslavia; FO 434 - Confidental Print Southern Europe - Albania, Bulgaria, Greece, Yugoslavia; FO 536 - Embassy and Consular Archives Yugoslavia: Correspondence; FO 996 - Embassy and Consular Archives Greece, Salonika. Во фондот Министерство на војната (War Office) треба да се истражува во: WO 170 - War of 1939-1945. War Diaries, Central Mediterranean Forces (опфатени се и документите на британските единици на Балканот и Грција. Тоа се дневни документи за настаните, извештаи за операции, известувачки прегледи од штабовите и единиците и командантите); WO 202 - War of 1939 to 1945, Military Headquarters Papers. Military Missions (Yugoslavia); WO 204 - War of 1939 to 1945, Military Headquartes Papers: Allied Force Headquartes (воена помош на Балканот и во Грција и воено управување со окупираните територии) .

Секако, за проучување на британската дипломатија, организација, делување, основен извор останува архивската граѓа од Министерството за надворешни работи. Како орган на управата, тоа е формирано во 1782 година и од тој период постои и посебен фонд Foreign Office. Научните работници заинтересирани за проучување на Балканот пред 1782 година врз основа на британските дипломатски извештаи треба да ги бараат документите во фондот "Државни документи" (State Paper Office). Од особена корист во овие истражувања е веќе цитираната книга од Луис Атертон[12]. Во Англија во средновековниот период секретарот на кралот најчесто бил користен во дипло-

[12] Louise Atherton, Never Complain, Never Explain...

дипломатски мисии. Официјално првиот секретар бил именуван во 1377 година како чувар на приватниот печат. Во петнаесетиот век улогата на секретарот нараснала и веќе се назначувани два секретара од кои едниот е задолжен за надворешните работи. Од средината на 16-иот век два државни секретара ја контролираат рутинската работа во врска со надворшните прашања, а во 1640 година тие се организираат така што се формираат државни секретаријати за Северниот оддел и за Јужниот Оддел (Northern Department и Southern Department). Дипломатските односи со Отоманската Империја[13] биле во делокругот на Јужниот оддел. Со основањето на Форин Офис во 1782 година во него се пренесуваат сите дипломатски дејности, како наследник на Северниот оддел, додека од Јужниот оддел понатаму настанува Министерството за внатрешни работи (Home Office) и ги води работите во врска со колониите. Во периодот пред формирањето на Министерството за надворешни работи многу информации за состојбите во другите држави се добивале преку трговските заедници кои делувале во странство. Во случајот на Англија интересите на Левантската компанија (Levant Company) во Отоманската Империја биле заштитувани преку "амбасадор" назначуван од компанијата. Таа и ги основала и водела и конзулатите во разни градови во Отоманската Империја. Документите во врска со Левантската компанија го опфаќаат периодот 1606 до 1866 година и за нив постојат посебни прегледи. Од документите на Канцеларијата на државните хартии истражување треба да се изврши во класите SP 105 и SP 109, States Papers, Various, Ottoman Empire (1684-1691, 1766-1769).

За истражување на документи од Левантската компанија, подоцна споена со Источната индиска компанија (East India Company), и тоа оние од претставниците на Компанијата упатувани до централата на Компанијата во Лондон, т.е. конзулатите во Отоманската Империја, научниот работник треба да се упати не во Државниот архив на Велика Британија туку во Канцеларијата

[13] Мора да се напомене дека во западната историографија со терминот Отоманска Империја се нарекува Османлиската држава во текот на целиот период на нејзиното постоење.

за документи на Индија.[14] Користењето на архивската граѓа во овој архив е олеснето преку водичот од С. К. Сутон.[15]

За истражување во архивскиот фонд на Министерството за надворешни работи на заинтересираниот научен работник на располагање се неколку објавени научно-информативни помагала. Така, веднаш се добива концизната Информација бр. 22 која содржи податоци за "Архивата на Форин офис после 1782"[16]. Во општите водичи на Државниот архив, во објавените книги II и III, се содржани и описите на фондот на Форин офис,[17] како и во делот 1 (секција 802) и делот 2 на Тековниот водич (Current Guide). Сепак, како прирачник кој ја опишува историјата на Министерството за надворешни работи и дава детален преглед на канцелариската практика во него, чувањето на документите, регистрацијата на истите, оформувањето на предметите и индексирањето и др. и понатаму се препорачува Прирачникот на Државниот архив бр. 13 објавен во 1969 г.[18] веќе цитиран од нас. Што се однесува до последната книга посветена на овој фонд, како Водич бр. 7 за истражувачите во Државниот архив тој има добри страни што како водич упатува и во можностите за истражување на надворешната политика на Англија пред основањето на Форин офис (1782) т.е. од 1500 година наваму и, исто така, ги прикажува и сериите и подсериите во фондот на Форин Офис и како да се истражува во нив[19].

Во архивскиот фонд Министерство за надворешни работи најголемиот дел од архивската граѓа е распореден во седум главни категории: главна кореспонденција (преписка); регистри индекси; амбасадини и конзуларни документи; доверлива преписка; договори; лични документи и служба за лични

---

[14] India Office Records, Orbit House, 197 Blackfriars Road, London, S.E.I .
[15] S. C. Sutton, A Guide to the India Office Library, London, 1967. Види: The Records of the Foreign Office 1782-1939, London, 1969, p.31.
[16] PRO, Records Information, 22, The Records of the Foreign Office from 1782, April 1986.
[17] Guide to the Contents of the Public Record Office, London, HMSO, 1963, 1968.
[18] The Records of the Foreign Office 1782-1939, Public Record Office Handbooks, No 13, London, Her Majesty's Stationary Office, 1969, p. 18o.
[19] Louse Atherton, Never Complain, Never Explain: Record of the Foreign Office and State Paper Office 1500-C.1960, Public Record Office Readers' Guide No 7, London, 1994, p.189.

документи и документи од комисии и конференции. Во овие групи поделбата оди понатаму во серии или класи одбележени со бројки.

Главната (или општата) политичка кореспонденција ги содржи оригиналните документи на Министерството, тоа се извештаи и телеграми од британските претставници во странство со разни прилози кон нив; концепти од испратени телеграми и извештаи; записници; кореспонденција со странските претставници во Велика Британија; со други органи и тела на британската влада и со доверливи лица и органи.

Документите постари од 1906 г. се наоѓаат во класите FO 1 - FO 84, FO 90 - FO 92, FO 95 - FO 111. Најголем дел од нив се распоредени по држави. Секако, истражувањата во врска со Македонија во категоријата Општа кореспонденција за периодот до 1906 година секогаш отпочнува со барање во документите за земјата во чиј состав е во дадениот период Македонија. За Отоманската Империја или Турција документите од периодот 1780-1905 се во класата FO 78, а за париодот пред 1780 г. во State Papers Foreign, Turkey SP 97, а за преписката со Левантската компанија и со конзулатите до 1825 г. во State Papers Foreign, Archives of British Legations SP 105. Исто така од овој период, пред 1906 г., како држави отпочнале да егзистираат и некои на Македонија соседни земји поради што и документите за нив се во одделни класи. Така: Бугарија е во класта FO 18, Грција во класата FO 32 и Србија во класата FO 105.

После 1906 година општата кореспонденција веќе е класирана во мал број на предметни групи, а не по земји (на пр. Трговија 1906-1920 FO 368; Конзуларни од 1906 FO 369; Културни односи од 1944 FO 924; Весници 1916-1939 FO 395; Информации за Доминионот FO 627; Договори од 1906 FO 372 и класата која е најобемна и кон која има најголем интерес Политичка после 1906 FO 371. Во ова класа за периодот 1906-1920 предметите се по земји и предмети, дедека во периодот по 1920 година документите се средени според политичките одделенија одделно за секоја година. Во оваа класа се наоѓаат и документите од Одделението за политички разузнавања, 1918-1920. Во периодот меѓу двете светски војни во Министерството за надворешни работи во

Одделението за политички работи постоел и Отсек за Југоисточна Европа (1920-1933 и подоцна 1942-1946) кој бил заменет од Отсекот за Јужна Европа (1934-1941). Во овие отсеци е општата политичка преписка која се однесува на Балканот и државите кои во овој период постоеја на него, а во чии граници била Македонија.

Што се однесува до класата Регистри и индекси во неа се опфатени сите деловодни протоколи (регистри) и индексите кон нив кои се водени во Министерството, а кои денес служат како неопходно научно-информативно помагало со кое се открива на аналитичен начин постоењето на одделен документ или предмет за кој е заинтересиран истражувачот. Во веќе цитираната книга од Луиз Атертон е укажано на начинот на кој се водени регистрите и индексите и под кои сигнатури треба да се бараат. Така, регистрите и деловодните протоколи (и дневници) за париодот 1817-1920 се во FO 566; сериите на регистри и индекси на општата кореспонденција, а кои се водени во составот на Библиотеката на Министерството во периодот 1808-1890 се во FO 802/FO 605; индексите на општата кореспонденција од 1891-1905 се во FO 804/FO 738; Бројчаниот (централен) регистар на општата кореспонденција од 1906-1920 се во FO 662 додека индексите (печатени серии) на општата кореспонденција од 1920-1951 се во FO 409. За да го направи што подостапно користењето на регистрите и индексите Л. Атертон во одделна глава "Пристап кон истражување" на скоро 50 страници нагледно упатува на кој начин и како при истражувањето треба да се користат регистрите и индексите[20].

Класата Архиви на амбасади и козулати ја опфаќа оригиналната преписка водена во дипломатските претставништва на Велика Британија во странство како со Министерството во Лондон, така и со владата и другите месни власти во странска држава, со други британски претставништва и агенти како и со приватни лица. Меѓу нив се наоѓаат и разни предмети поврзани со британските државјани и институции во дадената земја, за трговијата и др.

---

[20] Louise Atherton, Never Complain, Never Explain...17. Registers, Indexes and Means of Reference: 1782-1960, p.113-116, 18. Approaches to Research, p. 117-165.

Во Државниот архив во Кју можат да се користат архивите на амбасадите и конзулатите во кои треба да има документи за Македонија и тоа: Бугарија - амбасадата, 1848-1948 во FO 388-390; конзулат во Пловдив, 1880-1922 во FO 868, конзулат во Софија, 1934-1940 во FO 864 и конзулат во Варна, 1851-1939 во FO 884. Грција - амбасадата, 1813-1937 и 1942-1946 во FO 286, 287, 381, конзулатот во Пиреа и Атина, 1841-1879 во FO 582. Србија - амбасада, 1869-1899 во FO 260. Турција - амбасада, 1776-1943 во FO 195-198, 261, 784, конзулатот во Солун, 1852-1915 во FO 294-297 и Југославија - амбасадата 1919, 1941-1951 во FO 536. За жал не се сочувани и достапни архивите од британските конзулати во Битола и Скопје, а и архивата од амбасадата во Белград во периодот меѓу двете светски војни е уништена при бомбардирањето на Белград во 1941 год. Од британскиот конзулат во Солун во периодот 1945-1946 г. сочувана е архивата во сигнатура FO 996.

Во класата Доверлив печат (Cofidential Print), отпочната после 1820 година се наоѓаат документи кои поради нивното значење биваат печатени во неколку копии и како такви дистрибуирани до одредени лица во Министерството, во Владата (Кабинетот), до други министерства и до британските дипломатски претставништва во странство како "доверлив печат". Оваа практика после 1850 година толку се развила, што практично до 1906 год. скоро секој значаен извештај или телеграма биле рутински печатени. Тие се бројно одбележени според нивното печатење, но постојат и паралелни 94 други класи во кои средувањето е по земји, географски региони или предмети.

За периодот после Првата светска војна постојат неколку класи на доверлив печат, по земји и регион во кој, воглавно, се истражува за минатото на Македонија. Сите тие класи се микрофилмувани и нивното користење е дозволено само на микрофилм. Тоа се класите:

- Доверлив печат - Бугарија, 1947-1957 - FO 469;

-Доверлив печат - Европа, Југоисточна, 1912-1935; 1942-1947 (Албанија, Бугарија, Грција, Србија и Југославија) - FO 421;

-Доверлив печат - Европа, Источна (Општо), 1948-1956 - FO 422;

-Доверлив печат - Европа, Јужна, 1934-1941 (Албанија, Бугарија, Грција, Југославија и др.) - FO 434;

-Доверлив печат - Грција, 1947-1957 - FO 476;

-Доверлив печат - Југославија и Албанија, 1947-1956 - FO 504.

Категоријата Договори се состои од: Протоколи од договорите склучувани во периодот 1778-1962 во FO 93 и Ратификација на договорите од периодот 1782-1966 во FO 94.

Категоријата на Документи приватни и од приватни канцеларии опфаќа преку триесет класи на приватни збирки. Со векови бројни министри за надворешни работи, дипломати и званични лица со себе земале како своја сопственост нерегистрирани документи од званичен карактер. Тие сега во значителен дел се вратени во Државниот архив во Кју, а некои, како што е случајот со архивата на Антони Идн, првиот Ерл од Авон, министер во периодот 1936-1938 и 1940-1945 се во класата FO 954, но во фотокопии бидејќи оригиналите се чуваат во Библиотеката на Бирмингенскиот универзитет.

Сепак, не сите лични архиви на британските дипломати и истакнати државници се наоѓаат во Државниот архив. Тие се кај разни иматели во Велика Британија или во странство. Достапот до нив за истражувачите е значително олеснет преку користењето на за таа цел специјално објавени прирачници. Такви се:

-J.M.Colling, Foreign Office Officials 1782-1870, Office Holders in Modern Britain VIII (Institute of Historical Research, 1979);

-Royal Commission on Historical Manuscripts; Papers of British Politicians 1782-1900, Guides to Sources for British History 7 (London, HMSO, 1989);

-Royal Commission on Historical Manuscripts, Private Papers of British Diplomats, 1782-1900, Guide to Sources for British History 4 (London, HMSO, 1985);

-C. Cook, Sources in English Political History 1900-1951, Volume 2, A Guide to the Private Papers of Selected Public Servants (London, 1975);

-C. Cook, Sources in English Political History 1900-1951, volume 3, A Guide to the Private Papers of Members of Parliament A-K (London, 1977);

-C. Cook, Sources in English Political History 1900-1951, volume 4, A Guide to the Private Papers of Members of Parliament L-Z (London, 1977);

-C. Hazlehurst and C. Wood, Guide to the Papers of British Cabinet Ministers, 1900-1951 (Royal Historical Society, London 1974);

-S.T.Bindoff, E.F.Malcolm, C.K.Webster,eds., British Diplomatic Representatives 1789-1852, Camden Society, 3rd Series (London, 1934).

На некои позначајни приватни архиви во Државниот архив истражувачот од Македонија треба да обрне посебно внимание. Така, во класата FO 800/264-271 се чува преписката на сер Невил Хендерсон од 1924-1941, кој е амбасадор на Обединетото кралство во Белград во периодот 1929-1935. Во класата FO 800/193 се чува преписката на сер Џералд Лоутер (Sir Gerald Lowther), амбасадор во Турција во периодот 1908-1913. Слична е ситуацијата и со класата FO 800/336-381, преписката на Артур Николсон од 1889-1916 како секретар на Амбасадата во Турција, генерален конзул и претставник во Бугарија (Arthur Nicolson, later first Lord Carnock), како и личната архива на сер Ендру Рајан (Sir Andrew Ryan) кој бил на разни дипломатски служби во Турција во периодот 1897-1914 год. Не помалку од интерес може да биде и преписката на професорот А. Вамбери (A. Vambe`ry), од Универзитетот во Будимпешта, истакнат турски научник, доверливо лице на Султанот, кој за настаните во Турција го известувал постојаниот државен потсекретар во Министерството за надворешни работи на В. Британија.

Колку е потребно да се истражува и надвор од Државниот архив во Лондон укажува и следниот преглед каде се чуваат личните архиви на британските министри за надворешни работи во периодот меѓу двете светски војни:

- архивата на Џорџ Натанаил Курзон (George Nathaniel Curzon, 1st Earl Curzon, 1st Marquess Curzon) министер во периодот 1919-1924, покрај во класата FO 800/149-158 во Државниот архив, ја има и во India Office Library, MSS. Eur. F.112;

- архивата на Џејмс Ремзи Мекдоналд (James Ramsay MacDonald), претседател во периодот јануари-ноември 1924 се наоѓа во класата FO 800/218-219 во Државниот архив;

- архивата на сер Џозеф Остен Чемберлен (Sir Joseph Austen Chamberlain), министер во периодот 1924-1929, во Библиотеката на Бирмингемскиот универзитет, а дел и во класата FO 800/256-263 во Државниот архив;

- архивата на Артур Хендерсон (Arthur Henderson), министер во периодот 1929-1931 год., само во Државниот архив во класата FO 800/280-284;

- архивата на Руфус Исаакс (Rufus Isaacs, 1st Marquess of Reading), министер во периодот август-ноември 1931 г., дел кај семејството на маркизите од Ридинг и дел во Државниот архив во класата FO 800/226;

- архивата на сер Џон Елсбрук Сајмон (Sir John Allsebrook Simon-1st Viscount Simon), министер во периодот 1931 - 1935 г., дел во семејството на висконт Сајмон и дел во Државниот архив во класата FO 800/285-291;

- архивата на сер Самуел Џон Гарни Хоер (Sir Samuel John Gurney Hoare,1st Viscount Templewood), министер во периодот јуни - декември 1935 г., дел во Библиотеката на Универзитетот во Кембриџ и дел во Државниот архив во класата FO 800/295.

Во фондот на Министерството за надворешни работи се наоѓаат и архивите на значаен број меѓународни комисии, било да се формирани за решавање на прашања од меѓународно значење, а во кои учествувале по неколку држави заедно со Велика Британија, било да се такви формирани за прашања меѓу Британија и друга земја. Во некои се наоѓаат само документите на британската делегација, додека во други се наоѓаат документите на комисијата во целина. Би навеле во кои класи се наоѓаат документите од комисии во чија надлежност било и решавањето на прашања поврзани со Балканскиот Полуостров. Такви се:

-Комисијата за одредување на границите на Србија, 1878-1880 во FO 96;

-Меѓународната комисија за контрола во Албанија (архивата на Британската делегација), 1913-1914 во FO 320;

-Комисијата за Источна Румелија, 1878-1879 во FO 901;

-Англо-Бугарски Мешан арбитражен суд, 1921-1927 во FO 325;

Архивите на мешани арбитражни судови, Арбитажа на клаузулата 4 (како клаузула 4 од анексот на разните членови на Договорите од Версај, Сент Жермен и Трианон, 1922-1930) во FO 328.

Одделни значајни целини претставуваат и архивите на британските делегации на меѓународни конференции. За периодот до 1906 год. документите на делегациите се наоѓаат во класата на соодветната земја или во Велика Британија и Општата класа FO 83. За Парискаta мировна конференција, 1919-1920, документите се, во најголем дел во: FO 373, FO 374, FO 608, FO 893 и во CAB 29. Од Меѓународната конференција во Ѓенова, 1923 во CAB 31. Од меѓународната конференција во Лозана, 1922-1923 во FO 839 и CAB 29. Од Лозана и другите меѓународни конференции документите се наоѓаат и во класите FO 839-840. Од Парискаta конференција, 1954 во класата FO 1086. Документите што се однесуваат на меѓународните контакти и договарања во текот на војните се по одделни класи од архивата на Владата (Кабинетот). За некои класи има ограничувања на користење и повеќе од 30 години, како на пример, Воените дневници на Централните медитерански сили (Балкан и Грција), од војната од 1939 до 1945 г., WO 170, ограничена е употребата од 75 до 100 години. Меѓу другите од интерес за истражувачите од Македонија се Архивата на Главниот штаб на силите на Средниот Исток, војната 1939-1945 во WO 201 и на Главниот штаб на сојузничките сили (делување на Балканот и во Грција со Американците) во WO 204.

Надвор од горенаведените категории во архивата на Министерството за надворешни работи се наоѓаат документи во врска со работата на одделни служби и тела на Министерството како и по одделни предмети. Такви се документите од Отсекот на генералниот секретар (The Chief Clerk`s Department), од Канцеларијата за пасоши, кралските писма, отсеци од воено време со специјални функции, карти, планови и 16.8 групата Меѓународни тела и организации. Во последната група во врска со Друштвото на народите постојат повеќе класи, а би ги одбележиле следниве:

- документите од генералните собранија и на Советот, 1920-1949 (ги содржи и документите на Канцеларијата на Друштвото во Лондон, званичните дневници и хартии на Д.Х. Богис-Ролф (D.H. Boggis-Rolfe), на делегацијата на Друштвото за испитување на финансиите на Бугарија, 1933.) во PRO 30/52;

- Секцијата на Друштвото на народите, разна преписка, 1935-1938; во FO 95/803;

- доверливиот печат, 1924-1941 во FO 411;

- преписка (од Одделението за Друштвото на народите) во FO 371;

- приватни канцелариски документи, 1918-1924 во FO 800/400, како и други поврзани со конференциите за економски прашања, земјоделството, трговијата, колониите и сл. Секоја во одделна класа.

Од интерес во Државниот архив, во фондот на Министерството за надворешни работи, секако, се и аналитичките материјали, работени во Историската секција на Министерството за проучување на одделни прашања. Овие документите можно е да се најдат и во соодветните досиеја во основната класа на општата преписка. Историската секција во Министерството е формирана специјално во текот на Првата светска војна со цел да подготвува соодветни материјали по одделни прашања, а кои со својата аналитичност ќе помогнат на британската делегација на Мировната конференција. Тие треба да се бараат во FO 373, Мировна конференција од 1919-1920, Прирачници (FO 373 Peace Conference of 1919-1920 Handbooks).

Задржување на вниманието кон само еден мал дел од архивската граѓа во фондот на Министерството за надворешни работи во Државниот архив на Велика Британија е наметнато не само од огромните количини на документи со кои треба да се справи научниот работник, туку и од огромното значење за историските науки кое го има овој Архив. Потребите на историчарите од Балканот во проучувањето на минатото на својата земја да се упатат кон Државниот архив во Лондон, како и нивното значење се истакнувани многу често. За да се задоволат таквите потреби на научните работници од Балканот, под заштита и со помош на УНЕСКО, а во соработка на неколку

балкански земји, во Софија повеќе години делува Центар за меѓународни информации за извори за историјата на Балканот и Медитаранот (Centre d`information international sur les Sources de l`histoire balkanique et mediterraneenne - CIBAL). Во своите настојувања да собере што повеќе информации за архивската граѓа и истата преку соодветни информативни печатени помагала да ја доближи до заинтересираните научни работници, овој Центар покрена и неколку серии на изданија. Така, во серијата Балканика II, Инвентари и каталози (Balcanica II, Inventaires et catalogues) во Софија во 1984 год. во соработка со Државниот архив на Велика Британија е објавен Попис на британски дипломатски документи за историјата на Балканот 1879-1905[21] . Во поднасловот на овој прирачник е истакнато дека овој Попис е направен врз основа на Општата преписка, класите: FO 32 (Грција), FO 103 (Црна Гора), FO 104 (Романија), FO 105 (Србија) и FO 78 (Турција). Според овој ред и се изнесени податоците и тоа: класата, годината, бројот на томот, од која земја или област, конзулат, дипломат и на што се однесуваат документите. Пред пописот на документите на 10 страници е објавен Вовед во кој покрај причините што го наложиле објавувањето на овој прирачник се дадени основни објаснувања за архивата на Министерството за надворешни работи и можностите за нејзино користење. Составувањето на овој Попис било овозможено преку пописите кои постојат во Државниот архив, а за кои веќе стана збор.

За да го олеснат истражувањето на научните работници од балканските земји, составувачите внесле и податок за тоа кој том како микрофилм се наоѓа во архивска или научна институција во Грција, Црна Гора, Романија, Србија или Турција. Така, во Грција во Атинската академија во Центарот за проучување на новата грчка историја[22] веќе на микрофилм биле на располагање сите томови од 1 до 770 од Општата преписка - Грција, со тоа што во пописот се прикажани томовите од 508 до 770 кои го зафаќаат периодот 1879-1905. На Црна Гора се однесуваат во периодот 1879-1905 во Општата преписка, вкупно 55 тома со дипломатска и конзуларна преписка. Нема податок

[21] List of British Diplomatic Records for Balkan History 1879-1905.
[22] Acadimia Athinon, Kentron Erevnis Istorias Neoterou.

дека истите се микрофилмувани и дали се наоѓаат како такви во Црна Гора. Што се однесува до Романија сите 170 томови за периодот 1879-1905 веќе во микрофилм биле достапни во Генералната дирекција на државните архиви во Букурешт[23]. За Србија е даден преглед на 158 томови со дипломатски и конзуларни документи со тоа што е одбележено дека истите се достапни во микрофилм но, во Државниот архив на Велика Британија. Секако, најобемна архивска граѓа има во Општата преписка за Турција. Во Пописот се прикажани томовите од бр. 2934 до број 5491 кои го покриваат периодот 1879-1905 год. Во овој список на томовите за Турција на скоро 200 страници малку има податоци за микрофилмови направени за потребите на некоја архивска или научна установа од Балканот. Така, за потребите на Бугарската академија на науките - Институтот за историја направени се микрофилмови на т. 2982, Извештаите на британскиот генерален конзул во Софија 1879, потоа на т. 2993 и 2994 (извештаите од британскиот генерален конзул во Солун 1879) и понатаму се сретнуваат микрофилмови направени за потребите на БАН но, и за Генералната дирекција на архивите при Министерскиот совет во Софија. За тоа дека во Централниот државен историски архив во Софија се наоѓа збирка со микрофилмови која содржи "значајна количина на документи од Државниот архив на Велика Британија, Министерството за надворешни работи, Политичка општа преписка" податок изнесува Галина М. Борисова во нејзиниот прилог поднесен на научниот собир во Солун, организиран од Институтот за балкански студии од Солун и Институтот за балкански студии на БАН во 1988 г.[24] Интерес секогаш се имало не само за дипломатските извештаи од Софија, туку и за извештаите на британските конзули од територијата на Македонија. Кон последниве извештаи интерес пројавувала и Атинската академија, што, исто така, е одбележено во овој прирачник.

Интересот кон британските дипломатски документи кај научните работници од Балканот не е присутен само за периодот до Првата светска

---

[23] Directia Generala a Arhivelor Statului, Bucuresti.

[24] Borissova, Galina M., The Greek Political Crisis of 1920 and the British Diplomacy-Relations et influences reciproques entre grecs et bulgares XVIIIe-Xxe siecle. Thessaloniki, 1991, p. 46.

војна. Овие извори се оценуваат како особено драгоцени и за најновата историја и настаните после 1918 година. Ова на најдобар начин го има искажано д-р Живко Аврамовски од Институтот за современа историја во Белград кој во Предговорот кон кн. "Britanci o Kraljevini Jugoslaviji, knj. Prva, констатира: Домашните извори за историјата на Кралство Југославија се нецелосни, бидејќи најважните фондови за политичката историја, како што се архивите на граѓанските политички партии, и за неговата меѓународна положба добар дел се уништени или развлечени и однесени во странство во 1941 година за време на бегството на членовите на владата и на други политички личности од земјата. Поради тоа, за проучување на историјата на Кралството Југославија во периодот меѓу двете војни, како на внатрешно политички, така и на надворешно политички план, големо значење добиваат странските архивски фондови, пред се фондовите на големите европски сили. Затоа, денес во нашата повоена историографија за Кралството Југославија нема сериозни историски студии кои во добар дел не се базираат на странските архивски извори."[25] Откако ќе ги наведе сите објавени збирки со архивски документи кои се однесуваат на Кралството Југославија, во земјата и странство, го констатира и следново: "Денес архивската граѓа за периодот меѓу двете светски војни е достапна за истражување во сите архиви на големите европски држави. Сите тие се многу богати, но сепак може да се каже дека најголема важност има Британскиот државен архив (Public Record Office) во Лондон поради неговата сеопфатност, среденост, опременост со информативни средства и либералниот режим за користење на документите. "[26].

[25] Živko Avramovski, Britanci o Kraljevini Jugoslaviji - Godišnji izveštaji Britanskog poslanstva u Beogradu 1921-1938, Knjiga prva (1921-1930), Zagreb, Arhiv Jugoslavije-Globus, 1986, str.11.
[26] Ž.Avramovski, Britanci o Kraljevini Jugoslaviji... str. 12.

### 3. Истражувања во Државниот архив во Лондон

Што се однесува до македонската историографија, потребата од користење на архивска граѓа надвор од границите на Република Македонија била согледана уште во првите години од постоењето на Катедрата за историја на Филозофскиот факултет и Институтот за национална историја. Првите истражувања во Велика Британија ги направил д-р Христо Андонов-Полјански во 1958 год., кога користи стипендија од Британскиот совет и од таа година отпочнува и неговата богата соработка со Архивот на Македонија (денес Државен архив на Република Македонија) со цел во Лондон, во Државниот архив и во Британската библиотека, да се пронајдат и микрофилмуваат или на друг начин копираат документи кои се однесуваат на Македонија. Вака широко поставената задача наметнувала не само обезбедување на престои во Лондон, туку и разработка на методолошки пристап во планираните истражувања. Со оглед на настојувањата да се врши комплексно истражување, не на одредени прашање од историјата на Македонија (во нејзините етнички граници), туку во целина, се пристапува кон хронолошко-фондовско истражување, т.е. за една година да се прегледаат сите фондови во Државниот архив и да се издвојат за копирање. Професорот Христо Андонов-Полјански отпочнатата соработка во 1958 г. ја продолжил до 1979 година, кога престојувал последен пат на истражување во Лондон.[27] Во Државниот архив истражувањата ги врши во фондот на Министерството за надворешни работи, со тоа што при истражувањата што ги направил во 1963 год. ги консултирал и фондовите :"Левантска компанија" и "Државни документи" (State Papers). При последниот престој во 1979 г. поради веќе ретки можности за истражување проф. Полјански заокружувајќи го интересот за хронолошко-фондовско истражување со 1912 год. настојува да пронајде и копира и доку-

[27] Виолета и Љубомир Герасимови, Соработката на професорот Христо Андонов-Полјански со Архивот на Македонија, во кн.: Христо Андонов-Полјански- живот и дело- По повод 10-годишнината од неговата смрт, Скопје, Филозофски факултет, 1996, стр. 113 - 121.

менти особено значајни и за периодот после 1918 година и Втората светска војна. Во хронолошко-фондовските истражувања во Државниот архив на Велика Британија учествувал и Љубомир Герасимов во 1969 г. и 1972 година (тогаш раководител на Архивот при Македонската академија на науките и уметностите) кој истражува и копира документи од фондот на Министерството за надворешни работи од периодот 1906 - 1911 год.[28] Во 1995 г. настојувано е да се обноват овие истражувања со ангажирање на лица кои престојуваат подолго во Велика Британија и од кои, исто така се направени истражувања и копирања на документи за Македонија за периодот по 1945 година. Најнови и обемни истражувања во Државниот архив во Лондон од Македонија врши научниот советник од Институтот за национална историја д-р Тодор Чепреганов. Од сите овие истражувања во Државниот архив на Република Македонија денес на располагање е обемна микрофилмувана и на друг начин копирана архивска граѓа од Државниот архив на Велика Британија. Така во 1986 год. објавен е податокот дека како резултат на дотогашните истражувања добиени се од "- Велика Британија: 160.384 снимки и 6.315 ксерокс копии. Најголем дел од снимената граѓа е од Државниот архив на Велика Британија од фондовите: Министерство за надворешни работи, Министерство на војната итн. Граѓата се однесува на периодот 1800-1926 година и незначителен дел на периодот 1939-1945."[29]

Преку објавувањето на одделни збирки со документи истите се прават достапни не само на заитересираните научни работници, туку и за поширокатa јавност. Познати се збирки со документи што ги подготвуваат и објавуваат самите нивни создавачи, во случајов Министерството за надворешни работи, научни установи, архиви и поедини научни работници. Во случајот со Министерствто за надворешни работи, т.е. Владата на Велика Британија за периодот до Првата светска војна би укажале на многу користената серија

[28] Види: Public Record Office - London - Regesti na dokumenti za Makedonija 1907 - 1908 g. Истражување на Љ. Герасимов 1969 г. - 4 свески и Истражување во ФО и ВО 1906-1913 од Љ. Герасимов, регести 1 свеска и Истражување во ФО 1909-1911 од Љ. Герасимов, регести 1 свеска.

[29] Архив на Македонија 1951-1986. Јубилејно издание по повод 35-годишнината на Архивот на Македонија, Скопје, 1986, стр. 81.

"Извештаи и документи" (Account and Papers), во која се и сериите "Correspondence respecting the Affair of South-Eastern Europe-Turkey".

За периодот меѓу двете светски војни од 1950 година наваму се објавуваат "Документи за британската надворешна политика, 1919-1939" (The Documents on British Foreign Policy, 1919-1939) во неколку серии.

Од обемните и повеќекратни истражувања на проф. Христо Андонов Полјански, вклопувајќи се во програмата за издавачка дејност на Архивот на Македонија, произлегоа и првите зборници со британски дипломатски документи за историјата на македонскиот народ. Така, во 1968 г. е отпечатен првиот том со 110 документи од периодот 1797-1839 г. донесувајќи ги истите на англиски и превод на македонски јазик, снабдени со сиот неопходен научен апарат.[30] Во вториот том веќе се презентирани 182 документа од периодот 1840-1847 г. и тоа само во превод на македонски јазик[31]. Со објавувањето на третиот том проф. Андонов-Полјански успеа да ја заокружи планираната четврта серија. Во него за периодот 1848-1856 год. се објавени 258 документи со повеќе прилози, само во превод на македонски јазик.[32]

Интересот на научниот советник во Институтот за национална историја д-р Тодор Чепреганов поврзан со неговите истражувања на историјата на македонскиот народ во текот на Втората светска војна и после истата, ја збогати македонската историографија не само со студии, туку и со зборници со британски документи кои расветлуваат значајни моменти од најновата историја и сега се достапни до најширокиот круг заинтересирани лица. Во издание на Институтот за национална историја е објавен првиот том со вкупно 84 документи во превод на македонски јазик[33]. Вториот том веќе

---

[30] Британски документи за историјата на македонскиот народ. Под редакција на Христо Андонов-Полјански, Том I (1797-1839)- Скопје, Изд. Архив на Македонија, 1968-320 стр.

[31] Британски документи за историјата на македонскиот народ. Под редакција на Христо Андонов-Полјански. Серија четврта (1840-1856), Том II (1840-1847) - Скопје, Изд. Архив на Македонија, 1977- 304 стр.

[32] Британски документи за историјата на македонксиот народ. Под редакција на Христо Андонов-Полјански. Серија четврта (1840-1856). Том III (1848-1856) - Скопје, Изд. Архив на Македонија, 1982-484 стр.

[33] Велика Британија и Македонија (18 август 1944-8 мај 1945), Документи, Том I. Избор, превод и редакција д-р Тодор Чепреганов, - Скопје, Изд. Институт за национална историја, 1995-214 стр.

опфаќа подолг период и содржи 46 документа во превод на македонски јазик[34]. Двата тома покрај неопходните воведни напомени се снабдени и со сиот неопходен научен апарат за вакви изданија. Во третиот том со документи за Велика Британија и Македонија, за периодот 1941-1945 година објавени се документи кои се однесуваат на македонското автономно движење во Севрозападна Грција.[35]

Продолжувајки го подготвувањето на збирки со документи пронајдени во Државниот архив на Велика Британија со наслов "Велика Британија и Македонија. Документи", д-р Тодор Чепреганов објавува во 2000 год. том кој содржи 406 документа од британските воени мисии во Македонија 1942-1945 год.[36] Во овој том, како што наведува и самиот приредувач, објавените документи се пронајдени во фондовите во Државниот архив на Велика Британија: Министерство за надоврешни работи (Foreign Office Papers, FO 371 - General Political Correspondence of the Southern Europen Department); Министерството на војната (War Office Papers WO 202: Military Headquarters Papers; Military Missions; WO 204 Allied Forces Headquarters) како и фондот Извршување на специјални операции (Special Operation Executive - Operations in the Balkans HS 5) чие користење станало достапно во 1997 година. За комплетирањето на овој значаен труд помогнало и истражувањето направено во Кралскиот колеџ во Лондон (King`s College- Lidde Hart Centre for Military Archives) во кој архив се наоѓаат сеќавања и документи на членови на британските воени мисии кои престојувале на територијата на Македонија. Д-р Т. Чепреганов ги користел фондовите: Mayers papers, Evans papers, Prentice/Wickstead papers. Примерот со послед-

---

[34] Велика Британија и Македонија, мај 1945-ноември 1948. Документи, Том II. Избор, превод и редакција: д-р Тодор Чепреганов-Скопје, Изд, Институт за национална историја, 1996- 180 стр.

[35]Велика Британија и Македонија. Македонското автономно движење во Северозападна Грција: Неговата поставеност и сегашна историја 1941-1945. Документи, т.III. Избор, превод и редакција д-р Тодор Чепреганов, Скопје, Институт за национална историја, 1998 - стр.

[36] Британските воени мисии во Македонија. Документи, 1942-1945. Избор, превод и редакција д-р Тодор Чепреганов-Скопје, Изд. Државен архив на Република Македонија-Матица македонска, 2000- 502 стр.

ниот том со британски документи за Македонија, приреден од д-р Т. Чепреганов, е уште еден силен доказ колку се значајни и неопходни истражувањата во Државниот архив во Лондон особено за пополнување на празнините во македонската историографија.

Државниот архив на Република Македонија во настојување да продолжи со објавувањето на британски дипломатски документи отпочнато од проф. Христо Андонов - Полјански, со ангажирање на Драган Ѓорѓиев објави како том IV (1857-1885) во 2003 година[37]. Во редакција на истиот Д. Ѓорѓиев во претходната година ДАРМ објави тематска збирка со британски дипломатски документи.[38]

Проф. д-р Христо Андонов-Полјански во прилог на неговата студија "Велика Британија и македонското прашање на Париската мировна конференција во 1919 година" објави 20 документи со прилози од Државниот архив во Лондон, како и два извода од статии на весникот "The Times" и 14 прилога објавени во книги, кои според негов избор ја надополнуваат презентираната научна студија.[39]

Одделни настани од минатото на македонскиот народ можеа да бидат расветлени и со објавувањето на поедини значајни документи пронајдени во Државниот архив на Велика Британија. Во овој поглед познати се повеќе прилози, меѓу кои би ги навеле оние на проф. д-р Христо Андонов - Полјански[40], на проф. Данчо Зографски[41], на д-р Тодор Чепреганов[42], потоа

---

[37] Британски документи за историјата на Македонија, том IV (1857-1885). Редакција м-р Драган Ѓорѓиев, избор и превод м-р Драган Ѓорѓиев и Зорица Божиновска, Скопје, 2003, 706 стр.

[38] Британските конзули во Македонија, 3, 1797-1915 година. Документи. Редакција м-р Драги Ѓорѓиев, избор и превод м-р Драги Ѓорѓиев и Зорица Божиновска, Скопје, 2002, 469 стр.

[39] Андонов-Полјански, Христо - Велика Британија и македонското прашање на Париската мировна конференција во 1919 година-Со избор од документацијата-, Скопје, Изд. Архив на Македонија, 1973, 167 стр.

[40] - Еден непознат статистички преглед за населението во Битолскиот вилает од 1897 година-Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје, кн.21,1969,стр.73-119.- самиот преглед е објавен како факсимил;

-Англиските дипломатски извештаи за текот на Илинденското востание во Битолскиот револуционерен округ- Современост, Скопје, 1958, VIII, бр.7-8, стр. 728-738;

-Кон британските извештаи за воените аспекти на Илинденското востание-Годишен зборник н Фил. Фак., Скопје,1983, кн.1о, стр. 5-32;

за балкански студии во 1993 г. е објавен зборник со документи кој содржи и британски дипломатски извештаи поврзани со Илинденското востание со наслов "Настаните од 1903 година какви што се претставени во преписката на европските дипломати"[47].

Најпосле, особено внимание заслужуваат и изданија со британски дипломатски документи, а кои се однесуваат на поширока територија во кој е опфатена и Македонија. Во овој поглед добар пример е книгата подготвена од д-р Живко Аврамовски во три тома во која се објавени годишните извештаи на Британската амбасада во Белград за периодот 1921-1940.[48]

---

[47] The Events of 1903 in Macedonia as Presented in European Diplomatic Correspondence, with an introduction by Basil C. Govnaris- Thessaloniki, 1993, 128 стр.

[48] Živko Avramovski, Britanci o Kraljevini Jugoslaviji.Godišnji izveštaji Britanskog poslanstva u Beogradu 1921-1938. Izd. Arhiv Jugoslavije - Globus, Zagreb - Knjiga prva (1921-1930); knjiga druga (1931-1938); knjiga treća (1939-1940)., 1986.

# ЗАКЛУЧОК

Интересот на британската дипломатија кон Македонија и настаните во неа и околу неа, несомнено во основа, треба да се гледа во рамките на интересните сфери на Велика Британија. Македонија, сама по себе, неможела да биде од посебен интерес надвор од рамките на Балканскиот Полуостров и земјите, државите и народите што го населуваат или владеат со него. Сепак, и односот кон Балканскиот Полуостров е во тесна зависност и од вкупната поделба на интересни сфери меѓу големите сили скоро на сите континенти, а одделно во Азија (посебно Блискиот Исток) и Африка. На овој простор интересите на Велика Британија во одделни периоди ќе се судруваат со тие на Русија, Франција, Австрија, подоцна Австро-Унгарија и од втората половина на деветнаесетиот век и со тие на Германија и на Италија.

Османската Империја и нејзиното владеење на огромни територии околу Средоземното Море, поставени на стратешките патишта на британски те колонијални завојувања и можностите за економска експанзија, е една од постојаните цели за стекнување на силно влијание во нејзиниот политички и стопански живот, како и со крајна цел завладување и доминација во одделни нејзини делови. Оттука на Балканскиот Полуостров за дипломатијата на Велика Британија како пречка, скоро постојано, се смета на интересите на Русија за излез на Средоземното Море, а потоа и францускиот продор во времето на Наполеон и подоцна настојувањата на Австро-Унгарија да се прошири кон јужните краеви на Полуостровот.

Британската дипломатија во присуството на словенските народи на Балканскиот Полуостров и неговите верски, културни и други врски со Русија, посебно со појавата и делувањето на пансловенското движење, гледа опасност на влијание и загрозување на нејзините стратешки интреси. Ваквото чувство е присутно дури и во времето на сојузништво со Русија во периодот пред и во текот на Првата светска војна, иако се наидува и на

размислување на Русија, по поразот на Отоманската Империја, да и биде отстапен Цариград со протоците, ќе се настојува, сепак, Словените да бидат држени без пристап кон Средоземното Море. Ова се одразува и во решенијата донесени на самата Мировна конференција во Париз, како и на идните чекори на британската дипломатија во решавањето на територијалните прашања меѓу балканските држави и интервенции во нивните меѓусебни односи.

Македонија и македонското прашање од страна на британската дипломатија биле следени, со соодветни интервенции, во сиот период од неговото наметнување на меѓународната сцена, посебно во времето на Големата источна криза и востанијата што македонскиот народ ги дигна за ослободување, за да биде во Првата светска војна користено и како инструмент за привлекување на одделни балкански држави на страната на Антантата. Силните пропаганди на Бугарија, Грција и Србија, заедно со нивните и вооружени интервенции на територијата на Македонија преку чети, создавале сознанија, не само во британската јавност, туку и во владеечките кругови, дека во Македонија се присутни, воглавно, Бугари, Грци и Срби, со извесен број на Турци, Албанци, Власи и Роми, иако кај одделни британски политичари, дипломати, научници, новинари и други лица, коишто имале блиски врски и сознанија за состојбите на теренот, била присутна увереноста дека доминантното словенско население во Македонија припаѓа на одделен народ, поинаков од Србите и Бугарите, а посебно од Грците. Ова придонесувало, следејќи ги своите интереси, британската дипломатија во своето делување да ги вклучува, на извесен начин и барањата и интересите на овие балкански држави, што особено дошло до израз како за време на Балканските војни, посебно во текот на Првата светска војна и на Мировната конференција во Париз. Сепак, кај британската дипломатија присутна била и идејата за создавање на една автономна Македонија, искажана не само од В. Гледстон и одделни научници, туку и преку делувањето за примена на реформи во Османската Империја, согласно решенија на Берлинскиот договор, како што се: предлозите за генерален инспектор христијанин, реформи во финансиите,

судството, жандармеријата и др. настојувања, кои во суштина воделе кон оформување на една автономна покраина со можност за прераснување во држава. Сето време, при ова, била присутна и идејата искажана и од В. Гледстон, дека најдобра иднина за малите балкански народи и нивните мали држави е во нивното здружување и формирање на заедничка федеративна држава. Оваа идеја, од време на време, меѓу британските дипломати е присутна и подоцна, во периодот по Првата светска војна.

Подготовките и почнувањето на Првата светска војна силно ја преокупираат британската дипломатија, заедно со другите два сојузника, Франција и Русија, да ги привлече малите балкански држави во својот табор, посебно Бугарија и Грција, за да се спречи преку нив Централните сили, Германија и Австро-Унгарија, со нивниот сојузник Отоманската Империја да ги загрозат британските интереси на Блискиот и Среден Исток и патиштата преку Средоземното Море. Придобивањето на Италија на своја страна со склучувањето на таен договор и ветување на територии по војната, истовремено одело паралелно со настојувања преку ветување на територии да се привлече и Бугарија и да се отргне од влијанието на Германија. По разни патишта се упатувани сигнали за предлози на Бугарија да и бидат дадени делови од Македонија, при што, истовремено, се разгледувала можност Србија да се откаже од делови кои и припаднале со Букурешкиот договор. Сето ова значело македонското прашање да биде пак во центар на внимание и да се разгледуваат начини како да се пристапи кон негово решавање. Значјно е да се напомене, дека британската дипломатија, во врска со ова прашање, не ги зема во предвид упатуваните до неа барања од страна на македонски организации и поединци, за создавање на одделна автономна македонска држава, иако со вакви размислувања настапуваат и поедини британски дипломати и јавни работници, коишто одблиску биле запознаени со состојбите во Македонија и македонското ослободително движење.

Привлекувањето на Грција на страната на Антантата, која поради блиските роднински врски меѓу грчкиот крал Константин и германскиот император била во поинаква положба од Бугарија, најуспешно било извр-

шено преку ангажирањето на премиерот Е. Венизелос, кој бил во блиски врски со Лондон уште од неговото делување на о. Крит пред 1912 г., а тие врски, поткрепени со присуството на сојузничките војски во Солун, британски и француски, и нивна војничка подршка, го означиле симнувањето на кралот Константин од престолот и приклучување на Грција кон Антантата. Не изостанале ветувања Грција да ги задржи деловите од Македонија окупирани во текот на Балканските војни, а и добивање нови територии на брегот на Мала Азија.

В. Британија, заедно со другите сојузници, кон крајот на 1915 година, на српската влада, која се наоѓала во Скадар, ветила, дека Србија ќе биде воспоставена во нејзината севкупност, што значело обврска деловите од Македонија окупирани од Србија во Балканските војни по завршувањето на војната ќе припаднат во нејзините граници. Во размислувањата да се спречи продорот на Централните сили на Балканскиот Полуостров, дипломатијата го поставувала и евентуалното создавање на конфедерација на малите балкански држави: Бугарија, Србија, Романија, Грција и Црна Гора.

Разните проучувања и согледувања на решавањето на македонското прашање во текот на Првата светска војна, правени во Министерството за надворешни работи во Лондон, го поставувале и евентуалното создавање на автономна држава Македонија на престојната мировна конференција. Текот на воените дејствија, превземените обврски и согледувањето на натамошните интереси на В. Британија во регионот, го исклучуваат ваквото поставување на македонското прашање на Парискиата мировна конференција. Таа, заедно со Франција, ќе настојува да го спречи и целосното реализирање на програмата на претседателот на САД, В. Вилсон, изнесена во познатите четрнаесет точки, за што сведочат и бројните договорања меѓу британската делегација и делегацијата на САД во Лондон и Париз, како и истапувањата на британските претставници на одделни тела на Мировната конференција, само на кои официјално било поставувано македонското прашање, не сметајќи ги разговорите во кулоарите. Тоа никогаш не било поставено пред највисокиот орган составен од четворицата шефови на државите победнички. При ова,

јасно се оцртале и две настојувања на В. Британија и на Франција, кои дури во себе носеле и спротивставување, што доаѓало од стратешките интереси на двете земји. Франција силно ја зема под заштита Србија и нејзините интереси за создавање на голема држава на Балканскиот Полуостров, која во сојуз со други (Романија и новосоздадената Чехословачка - познатиот сојуз Мала антанта) би била алка во веригата со која се стега Германија, да се спречи нејзиното повторно јакнење и загрозување на Франција. Велика Британија, на прво место, настојува да ја зајакне Грција, да ги обезбеди нејзините завојувања (во најголем дел во Македонија), со неа да го спречи излезот на некои од словенските народи на бреговите на Егејското Море (Бугарија мора да ги напушти териториите во Тракија и не и се одобрува излез на море, иако таков излез бил гарантиран со Мировниот договор од Неј), да го контролира продорот на Италија на Балканскиот Полуостров, како и во целина распоредот на интересите на Блискиот и Среден Исток, користејќи ги Грција и Италија против влијание на Франција. Со грчко-турската војна (1920-1922) пред британската дипломатија, покрај разгледување и превземање мерки против можната за неа опасност од евентуалното засилување на активноста на новата Советска држава за излегување на бреговите на Средоземното Море, нешто што се настојувало да се следи и во активностите на Третата интернационала во периодот меѓу двете светски војни, се наметнувало, во сите случаи, заштита на Грција преку соодветни финансиска и воена помош, а посебно на маѓународните односи.

На самата Париска мировна конференција застапувањето на дипломатијата на Велика Британија во интрес на Грција било особено силно, а со неметнувањето на размена на население меѓу Грција и Бугарија, таа многу придонесла Егејскиот дел на Македонија да го загуби својот демографски лик и Македонците од мнозинско население да се претворат во малцинство. Во ова британската дипломатија, во периодот меѓу двете светски војни, гледа како на особено корисно решение за да се сочува мирот во Европа и задржи наметнатиот поредок на Мировната конференција.

Присутна е меѓу истакнати британски јавни работници и искажаната мисла, дека на Париската мировна конференција, дипломатијата на Валика Британија се водела од принципите да ги награди сојузниците од војната и накаже победените, без да дозволи примена на принципите искажани од американскиот претстедател Вилсон и во делот на Југоисточна Европа. Таа е против создавањето на други мали држави на Балканот, нејзините најголеми стратешки и економски интереси во најголем дел се поврзани со Грција, нешто што е присутно во текот на дваесетите години по војната, а до промена доаѓа дури во триесетите години, наметната пред сè од согледаната опасност од Германија на националсоцијалистите на Хитлер.

Дипломатијата на Велика Британија одигрува една од пресудните улоги и во создавањето и делувањето на Друштвото на народите. Поставувањето на македонското прашање, во прво време како барање за создавање на една автономна држава, како од страна на македонските прогресивни организации, така и во барања диктирани од владата во Софија (прикриена желба за анексија во иднина), а потоа и за признавање на правата на Македонците како национално малцинство во кралството СХС (Југославија) и во Грција, наидувале на остро спротивставување на Лондон. Ова довело при поставувањето на прашањето за заштита на правата на национално малцинство во Македонија, во британското министерство за надворешни работи да се проучува и донесе заклучок за какво национално малцинство, во суштина, се работи, дали се тоа Бугари или Срби со соодветна национална свест. Резултатот бил, во Друштвто на народите да се зборува за Македо-Словени, одбивајќи да прифати национална свест на Македонци, иако за тоа биле присутни докази. Ова пред сè, за да не се поставува во никој случај пред Друштвото на народите македонското прашање, коешто со своето поставување, според согледувањата на британската дипломатија, во основа ќе ги поништи одлуките на Париската мировна конференција, навлегува во загрозување на интересите на Грција и Кралството на СХС и нарушување на воспоставениот мир во Европа.

Водена од поставените цели: да не се допушти натамошно создавање на мали држави на Балканскиот Полуостров; да се спречи секое поставување на македонското прашање на меѓународната сцена и да се сочува мирот и поредокот наметанат на Париската мировна конференција, британската дипломатија во периодот 1918-1934 година има значајно влијание во меѓусебните односите на балканските држави, како во нивната билатерала, така и во настојувањата на создавање сојузи по примерот на Локарно, подоцна и со Балканскиот пакт. Сето ова е тесно поврзано со некои од општите постулати на британската политика на геополитиката, економските интереси и светската стратегија, при што се водела, пред сè, сметка за рамнотежа.

Велика Британија најдиректно на Балканскиот Полуостров била заинтересирана за интегритетот на Грција, поаѓајќи од значењето на нејзината стратешка положба во Источното Средоземноморие. Тука, пред сè, е обезбедувањето на егејското крајбрежие за Грција, одземањето на Западна Тракија од Бугарија, извршено со силен притисок на В. Британија, а подоцна и следење и реагирање на можните загрозувања на Солун од аспирации на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците и дел од Егејска Македонија (Кавала) и Западна Тракија од аспирациите на Бугарија, нешто што се откривало во приближувањето на овие две држави, особено при управувањето на владата на А. Стамболиски. Во врска со македонското прашање особено значајно е ангажирањето на дипломатијта на В. Британија преку размена на население Грција да го намали и отстрани присуството на национално малцинство, како и следењето на активностите на македонските револуционерни организации, интервенцијата со финансиски средства во врска со решавањето на тешкотиите настанати со бегалците и економската обнова по војната. Присутно е и ангажирањето околу решавањето на споровите настанати меѓу Грција и Кралството СХС.

Посебен интерес е пројавен кон настојувањата и на Балканот да биде склучен договор по примерот на Локарно, со тоа што се настојувало со него да бидат опфатени сите балкански земји. Со интерес било следено и наста-

нувањето и потпишувањето на Балканскиот пакт во триесетите години со сугестии во него, исто така, да се вклучи и Бугарија.

Односите меѓу Бугарија и Кралството СХС (од 1929 г. Југославија), не само што внимателно се следени од страна на британската дипломатија, туку, таа во нив и интервенира на соодветен начин, а со некои од тие интервенции дури имала влијание на промени на влади и во држањето на дипломатиите на овие балкански земји. Секако, основна пречка во подобрувањето на односите меѓу овие две земји било македонското прашање. Југославија преку асимилација на Македонците, во што е силно подржувана од британската дипломатија, бара "решение" на владеењето со окупираните македонски територии, а Бугарија го користи македонското прашање за ревизија на Нејскиот договор при што како еден од најсилните инструменти го има делувањето на македонските револуционерни организации.

Односот на британската дипломатија кон македонското револуционерно движење во периодот по Првата светска војна се одликува со видно настојување и делување активностите на македонските револуционерни и други организации да бидат контролирани и спречувани бидејќи во нив се гледало како на опасност по нарушување на наметнатиот поредок и загрозување на мирот во Европа. Оттука и постојаните препораки до владите на Југославија преку обезбедување на правично управување во Вардарскиот дел на Македонија да се спречи подршката на македонското револуционерно движење, а врз владите во Софија упорни настјувања да се забранат и контролираат активностите на нелегалните и легалните македонски организации.

Британското јавно мислење било повеќестрано и добро информирано за настаните во Македонија и сосотојбите околу македонското прашање. Лондон е арена и на делување на пропагандите од државите заинтресирани за македонското прашање. Важноста на Лондон и на британската дипломатија во одредувањето на настаните во светот, била присутна и кај дејците од македонското револуционерно движење, иако тоа не успеало да добие поголема подршка во владеечките кругови на Велика Британија. За одбележување е

дека кај одделни британски јавни работници, научници, новинари, политичари не само што се искажани бројни симпатии кон настојувањата на македонскиот народ за создавање на своја држава и признавање на неговиот идентитет, туку и се превземани активности британската дипломатија да се ангажира во прилог на овие настојувања. Таков е примерот и со новинарите Џ. Баучер, Х. Брејлсфорд, научникот Ситон-Вотсон, политичарите Ноел и Чарлс Бакстон, полковникот Томсон и други, за чие делување има место македонската истоиографија во иднина да посвети повеќе простор, како и на ставовите на политичките партии на В. Британија кон македонското прашање, посебно односот на социјалистите и лабуристите, и печатот во кој се чувствува влијанието на одделни политички партии, а и е користен и од британската дипломатија во искажување или наметнување на одделни ставови.

Во врска со проучувањето на македонското прашање и ставовите на британската дипломатија, се наметнува сознанието, дека британската дипломатија располагала се мноштво информации за состојбите во Македонија и околу неа. Ова и ги прави британските архиви значајни за проучување од страна на македонските историчари, особено кога се има во предвид и пристапноста кон нив. Оттука и се наметна запознавањето со архивската служба во Велика Британија, начинот на чувањето и користењето на архивската граѓа и осврт врз досегашните истражувања направени во овие архиви од страна на македонските историчари и архивисти. Ова и од фактот дека со направениве согледувања во овој труд само се навлегува во една обемна материја која бара повеќестрани и обемни истражувања.

**Б И Б Л И О Г Р А Ф И Ј А**

## 1. НЕОБЈАВЕНИ ИЗВОРИ

Државен архив на Република Македонија:
- М 1034
- М 1921
- М 1922
- М 1923
- М 2171

Public Record Office:
- CAB 29/1
- FO 800/214
- FO 371/3146; 371/5800; 371/7371; 371/7375; 371/7377; 371/8559; 371/8566; 371/8568; 371/8569; 371/9662; 371/9671; 371/10667; 371/10694; 371/10697; 371/10793; 371/11245; 371/11337; 371/11405; 371/12856; 371/14316; 371/ 14317; 371/ 14350; 371/15896; 371/16650;371/16651; 371/18370; 371/18376; 371/19486.

## 2. ОБЈАВЕНИ ИЗВОРИ


AVRAMOVSKI Zivko, Britanci o Kraljevini Jugoslaviji, knjga 1 (1921-1930), Zagreb, 1986.

AVRAMOVSKI Zivko, Britanci o Kraljevini Jugoslaviji, knjiga 2 (1931-1938), Zagreb, 1986.

АНДОНОВ-Полјански Христо, Велика Британија и македонското прашање на Париската мировна конференција во 1919 година- Со избор од документацијата, Скопје, 1973.

АНДОНОВ-Полјански Христо, Еден извештај од 1920 година за ситуацијата во Солун и во Приморска Македонија.- Годишен зборник, Филозофски факултет на Универзитетот, кн. 23, Скопје, 1971, стр. 133-150, копија 1-25.

АНГЛИСКИЯТ печат за Илинденско-Преображенското въстание 1903, София, 1988.

BALKANSKI ugovorni odnosi, II tom (1919-1945), Beograd, 1998.

БРИТАНСКИ документи за историјата на македонскиот народ, том IV, (1857-1885), Скопје, 2003.

БРИТАНСКИТЕ конзули во Македонија 1797-1915 година, Скопје, 2002.

BOBAN Ljubo, R.W.Seton-Watson i Jugosloveni 1906-1941, Zagreb-London, 1976. (knj.I 1906-1917, knj.II 1918-1941).

BOURCHIER J. D., The Bulgarian Peace Treaty, Speeches delivered in the British Parliament, London, 1920.

ВМРО (Обединета), документи и материјали, кн. I, Скопје, 1991.
ДОКУМЕНТИ за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, т. 1 и т. 2, Скопје, 1981.
The EVENTS of 1903 in Macedonia as presented in European Diplomatic Corresspodence, Thessaloniki. 1993.
ИТАЛИЈАНСКИ дипломатски документи за Македонија, том 1, книга 1, 1918-1924, Скопје, 2001.
The COMPLAINTS of Macedonia. International documentation on Macedonia, No 4-5-6, Geneva, 1979.
The COMPLAINTS of Macedonia. International documentation on Macedonia, No 10-11-12, Geneva, 1979.
МАКЕДОНИЯ, Сборник от документи и материали, София, 1978.
ПАНДЕВСКИ Манол, Македонофилското движење во Западна Европа во 1903 година.Документи, Скопје 1995.
ПОПОВСКИ В.-ЛЕНИНА Ж., Македонското прашање во документите на Коминтерната, т. I, дел 1 и дел 2. Скопје, 1999.

## ЛИТЕРАТУРА

AVRAMOVSKI Zivko, Balkanske zemlje i velike sile 1935-1937, Beograd, 1968.
АВРАМОВСКИ Живко, Британската дипломатија и македонското прашање (1929-1930).- Прилози за Илинден, III, Скопје, 1979.
АВРАМОВСКИ Живко, Европске силе и склапање Балканског споразума.- Понови проучувања на Југоисточна Европа, Скопје, 1981.
АВРАМОВСКИ Живко, Енглеска и питање Балканског пакта 1930-1933 године.- Светска економска криза 1929-1934 године и њен одраз у земљама Југоисточне Европе, Београд, 1976.
АВРАМОВСКИ Живко, Некои аспекти на македонското прашање во односите на Југославија со Грција и Бугарија од 1918 до 1925 година.- Гласник на ИНИ, год. XVI, бр. 1, Скопје, 1972.
АВРАМОВСКИ Живко, Проект балканского гарантийного пакта (1925-1926).- Actes du Premier congres international des etudes balkaniques et sud-est Europeenes, V, Sofia, 1970.
ANDERSEN N., Noel Buxton, a life, London, 1952.
АНДОНОВ-Пољански Христо, Британска библиографија за Македонија, Скопје, 1966.
АНДОНОВ-Пољански Христо, Велика Британија и Македонија. Културно-историски поглед.- Македонското прашање, Скопје, 1990.
АНДОНОВ-Пољански Христо, Велика Британија и македонското прашање на Париската мировна конференција во 1919 година, Скопје, 1973.
АНДОНОВ-Пољански Христо, Вилјам Гледстон за Македонија и македонското прашање.- Македонското прашање, Скопје, 1990.

АНДОНОВ-Полјански Христо, Европските држави и македонското прашање.- Македонското прашање, Скопје, 1990.
АНДОНОВ-Полјански Христо, Мисијата на Виљем Мартин Лик во Македонија.- Годишен зборник на Филозофскиот факултет , кн. 21, Скопје,
АНДОНОВ-Полјански Христо, Прилог кон британската библиографија за Македонија.- Гласник на ИНИ, г. XXI, бр. 1, Скопје, 1977.
ANCEL Jacques, La Macedoine-son evolution contemporaine, Paris, 1930.
ATHERTON Louise, "Never Complain, Never Explain", Records of the Foreign Office and State Papers Office 1500- c. 1960. London, 1994.
БАЛЕВСКИ Милчо, Балканските политички прилики и дипломатските битки за манастирот Св. Наум, Скопје, 1984.
BYSTRICKY Valerian, Diplomatski razvoj u Jugoistocnoj Evropi (Nastanak Balkanskog pakta 1934).- Radovi, Sveuciliste u Zagrebu, Institut za hrvatsku povijest, t. 11, Zagreb, 1978.
БИСТРИЦКИ Валериан, За българската външна политика през 30-те години.- Иследвания по българската история, т. 2 Външната политика на България (1878-1944), София, 1978.
БИТОСКИ Крсте, За положбата на македонската емиграција во Бугарија меѓу двете светски војни (до 1934 година).- Гласник на ИНИ, год. V, бр. 1-2, Скопје, 1962.
БИТОСКИ Крсте, За Цариградската конференција.- Македонија во Источната криза 1875-1881, Скопје, 1978.
BORISSOVA Galina M., The Greek Political Crisis of 1920 and the British Diplomacy.- Relations des influences reciproques entre grecs et bulgares XVIIIe-XX siecle, Thessaloniki, 1991.
БРЕЈЛСФОРД Хенри Ноел, Македонија. Нејзините народи и нејзината иднина, Скопје, 2002.
BUXTON Leland, The Black Sheep of the Balkan, London, 1920.
BUXTON Noel Edward-BUXTON Charles Roden, The War and the Balkans, London, 1915.
BUXTON Noel Edward-LEESE L.C., Balkan Problems and European Peace, London, 1919.
BUXTON Noel Edward, Future of Macedonia, London, s.a.
ВАСИЛЕВ Васил Ат., Великобритания и македонския въпрос (1924-1929).- Исторически преглед, год. 40, кн. 1, София, 1984.
ВАСИЛЕВ Васил Ат., Великобритания и македонския въпрос през второто управление на лейбъристите (1929-1931).- Военоисторически съборник, год. 55, кн. 2 март-април, София, 1986.
VASILEV Vasil At., Great Britain and the Macedonian Question 1923-1931.- Etudes Historiques, tome XII, Sofia, 1984.
ВАСИЛЕВ Васил Ат., Последния опит за съглашение между правителството на БЗНС и ВМРО през 1923.- Македонски преглед, год. XIV, кн. 3, София, 1991.
ВАСИЛЕВ Васил Ат., Правителството на БЗНС, ВМРО и българо-югославските отношения, София, 1991.

ВИНАВЕР Вук, Англиското јавно мислење за Македонија од 1919-1926.- Гласник на ИНИ, год. IX, бр. 1, Скопје, 1965.

ВЛАХОВ Димитар, Мемоари, Скопје, 1970.

GATHORNE-HARDY G.M., A Short History of International Affairs 1920-1939, London, 1952.

ГЕРАСИМОВА-ЈОВАНОВСКА Симона, Извештај на еден британски дипломат од 1949 г. за генералот Михајло Апостолски.- Историја, г. XXXIV/XXXV, бр. 1-4, Скопје, 1998/1999.

ГЕРАСИМОВА-ЈОВАНОВСКА Симона, Предлог за решавање на македонското прашање на Мировната конференција.- Историја, г. XXXIX, бр. 1-2, Скопје, 2003.

ГЕРАСИМОВИ Виолета и Љубомир, Соработката на професорот Христо Андонов-Полјански со Архивот на Македонија.- Христо Андонов-Полјански, живот и дело, Скопје, 1996.

GLENI Misa, Balkan 1804-1999 (II deo), Beograd, 2002.

ГЪРНЧАРОВ Стойчо, Балканският свят, София, 2001.

GROGAN Lady, The Life of the J.D. Bourchier, London, 1926.

A GUIDE for Departmental Record Officers, London, 1971.

ДАМЯНОВ Симеон, Проблеми на политиката на Великите сили спрямо България в навечерието на Пѝрвата световна война.- България и света от древността до наши дни, том втори, София, 1979.

ДАНЕВА-МИХОВА Христина, Некои аспекти на дипломатическата подготовка на Балканскияt пакт (1934).- В чест на академик Димитър Косев, София, 1974.

DEDIJER Vladimir, Interesne sfere, Beograd, 1980.

ДИМИТРОВ Георги В., Бежанския заем от 1926 г..- Исторически преглед, г. XL, кн. 1, София, 1984.

ДИМИТРОВ Илчо, Българо-италиански политически отношения 1922 -1943, София, 1976.

ДОНЕВ Јован, Големите сили и Македонија за време на Првата балканска војна. Некои меѓународни политичко-правни аспекти на односот на големите сили кон Македонија за време на Првата балканска војна.- Скопје, 1988.

ДОНЕВ Јован, Македонија во Британско-руските односи 1907-1908. Тактика или стратегија, Скопје, 1994.

DURHAM Mary Edith, The Burden on the Balkans, London, 1912.

DURHAM Mary Edith, Twenty Years on Balkan Tangle, London, 1920.

ЗЛАТНА книга. 100 години ВМРО, Скопје, 1993.

ЗОГРАФСКИ Данчо, Британските воени мисии во Вардарска Македонија за време на НОБ.- Гласник на ИНИ, г. XXVI, бр. 1, Скопје, 1982.

ИЛИЕВА Александра, Британски документи за Македонија во 1904 година.- Литературен збор, г. XXVII, бр. 4, Скопје, 1980.

ИСТОРИЈА дипломатије. Св. 3 Дипломатија у периоду припреме Другог светског рата (1919-1939), Београд, 1951.

ИСТОРИЈА на македонскиот народ, кн. 2, Скопје 1969.

ИСТОРИЈА на македонскиот народ, кн. 3, Скопје, 1969.

ИСТОРИЈА на македонскиот народ, том четврти, Македонија меѓу Балканските и Втората светска војна (1912-1941), Скопје, 2000.

L`HISTOIRE et ses methodes, Paris, 1961.

JOVANOVIC Vladan, Jugoslovenska država i južna Srbija 1918-1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo i Metohija u Kraljevini SHS, Beograd, 2002.

ЈОВАНОВСКИ Далибор, Еден британски документ за населението во Македонија од 1897 година.- Историја, г. XXXVII, бр. 1-2, Скопје, 2001.

CANTWELL John D., The Second World War. A Guide to Documents in the Public Record Office, London, 1993.

КАТАРЏИЕВ Иван, Антантата и македонското прашање во текот на Првата светска војна.- Борба до победа, кн. 4, Скопје, 1983.

КАТАРЏИЕВ Иван, Хенри Ноел Брејлсфорд и ослободителната борба на македонскиот народ.- Хенри Ноел Брејлсфорд, Македонија, Скопје, 2002.

КИСИНДЖЪР Хенри, Дипломацията, София, 1997.

KITSIKIS Dimitri, Propagande et pressions en politique internationale. La Grece et ses revendications a la Conferance de la Paix (1919-1920), Paris, 1963.

КОСАТЕВ Тодор, Политиката на Правителството на Българския земеделски народен съюз по бежанския въпрос (1919-1923).- Известия на Института за история, БАН, XXVI, София, 1983.

КОСЕВ Димитър, Външната политика на България при управлението на Андрей Ляпчев 1926-1931, София, 1995.

KRI MAN Bogdan, Vanjska politika Jugoslavenske države 1918-1941. Diplomatsko-historiski pregled. Zagreb. 1975.

КУШЕВСКИ Воислав Д., ВМРО (обединета) спрема поставувањето на македонското прашање пред Друштвото на народите.- Историја, г. XXI, бр. 1, Скопје, 1985.

КУШЕВСКИ Воислав Д., За реагирањето и дипломатската преписка во Друштвото на народите по појавата на Абецедарот.- Нациите, малцинствата и балканската соработка, Делчево, 1987.

КУШЕВСКИ Воислав Д., Македонското прашање во Друштвото на народите. Скопје, 2001.

КУШЕВСКИ Воислав Д., Обиди за поставување на македонското прашање во Друштвото на народите во 1920-1921 година.- Историја, г. III, бр. 2, Скопје, 1967.

КУШЕВСКИ Воислав Д., Од активностите на дипломатијата на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, Бугарија и Грција во врска со покренувањето на македонското прашање првите години по стапувањето на сила на Пактот на Друштвото на народите.- Историја, г. VIII, бр. 2, Скопје, 1972.

КУШЕВСКИ Воислав Д., Петициите на "српското малцинство" од Егејска Македонија упатени во 1925 година до Друштвото на народите и нивната судбина.- Историја, г. VI, бр. 2, Скопје, 1970.

КУШЕВСКИ Воислав Д., Реагирањето во Друштвото на народите во врска со поставувањето на македонското прашање врз принципот на народноста (од 1920 до Третата асамблеја 1922 г.).- Прогресивната мисла за

македонското прашање и барање за самоопределување (1878-1945), Делчево, 1988.

КУШЕВСКИ Воислав Д., Реагирање во друштвото на народите на револуционерната ситуација во врска со поставувањето на некои национални и малцински права во периодот од 1920 до 1922.- Историја, г. V, бр. 2, Скопје, 1969.

КУШЕВСКИ Воислав Д., Целта и карактерот на петиционерската мисија на Димитар Шалев, Глигор Анастасов и Димитар Илиев во Друштвото на народите.- Историја, г. XVIII, бр. 1-2, Скопје, 1982.

ЛАПЕ Љубен, Идејни основи на Привременото претставништво на бившата Обединета внатрешна македонска револуционерна организација и неговата активност на Версајската мировна конференција во Париз 1919 година.- Македонија во XVIII, XIX и XX век, Скопје, 1992.

ЛАПЕ Љубен, Политичката активност на д-р Анастас Коцарев во Швајцарија од 1917-1919 година.- Македонија во.. . Скопје, 1992.

ЛАПЕ Љубен, Придонесот на македонските студенти во странство за развитокот на македонската национална мисла и одбрана на македонскиот национален индивидуалитет.- Македонија во. . . Скопје, 1992.

LIST of British Diplomatic Records for Balkan History 1879-1905, Sofia, 1984.

LLOYD GEORGE David, The Truth about the Peace Treaties, 2 vol, London, 1938.

MACEDONIA, Historical Section of the Forrign Office, No 21, London, 1920.

МАНЧЕВ Кръстю, Великите сили и националния въпрос на Балканите между двете световни войни.- Великите сили и Балканите в ново и найново време, София, 1985.

МАРКОВ Георги, Голямата война и българският ключ за европейския погреб 1914-1916, София, 1995.

МИНОСКИ Михајло, Соединетите американски држави и Македонија 1869-1919, Скопје, 1994.

MITEV Dimitar, The Refuge Loan of 1926 and Britain.- Etudes historiques, t. XII, Sofia, 1984.

МИХАЙЛОВ Иван, Спомени, кн. 1-2; кн. 3; кн. 4., София.

MNOGO glasova jedan svet, Beograd, 1980.

МОЈСОВ Лазар, Околу прашањето на македонското национално малцинство во Грција, Скопје, 1954.

ОРТАКОВ Владимир, Меѓународната положба на малцинствата, Скопје, 1996.

ПАНДЕВСКИ Манол, Македонија во меѓународните спогодби и договори во времето на Источната криза.- Македонија во Источната криза 1875-1881, Скопје, 1978.

ПАНДЕВСКИ Манол, Македонското ослободително движење меѓу 1903 и 1918 година.- Македонија во војните 1912-1918, Скопје, 1991.

ПАНТЕВ Андрей, Англия и реформската акция в Европейска Турция.- Исторически преглед, г. XXVII, кн. 6, София, 1971.

ПАНТЕВ Андрей, Англия срещу Русия на Балканите 1879-1894, София, 1972.

ПАЧЕМСКА- ПЕТРЕСКА Даринка, Федеративната идеја во Македонското национално ослободително движење од 1918 до 1941 година. - ракопис, Докторска дисертација, Скопје, 1986.

PETRANOVIC Branko, Istorija Jugoslavije 1918-1988, Prva knjiga, Kraljevina Jugoslavija 1914-1941, Beograd, 1988.

PETRANOVIC Branko, Istorija Jugoslavije 1918-1978, Beograd, 1980.

PETSALIS-DIOMIDIS N., Greece at the Paris Peace Conference (1919), Thessaloniki, 1978.

ПОПЛАЗАРОВ Ристо, Прилог кон проучувањето на историјата на Македонија за време на Првата светска војна.- Гласник на ИНИ, г. X, бр. 1. Скопје,

ПОПОВСКИ Тошо, Македонското национално малцинство во Бугарија, Грција и Албанија, Скопје, 1981.

ПРЕМРЕЖИЊАТА на Македонското револуционерно движење, Скопје, 2003.

The PREPARATION of Record for Transfer (Revised), London, 1964.

PUBLIC Records Act, 1958.

PUBLICATIONS OF THE Royal Commission on Historical Manuscripts. Section List No 17, London, 1970.

The RECORDS of the Foreign Office 1782-1939, London, 1969.

RECORDS Repositories in Great Britain, London, 1968.

РИСТОВИЌ Александар, Велика Британија и Србија 1878-1889, Београд, 2000.

РИСТОВСКИ Блаже, Напори на Македонците за афирмирање на националниот идентитет и за обезбедување на територијалниот интегритет на Македонија (1912-1913).- Македонија во војните 1912-1918, Скопје, 1991.

ROSSOS Andrew, The British Foreign Office and Macedonian National Identity 1918-1941.- Slavic Review, American Quarterly of Russian, Euroasian and East European Studies, vol. 53, No 2, Summer 1994.

SETON-WATSON Hugh and Christopher, The Making of a New Europe, London, 1981.

SMUTS C.J., The League of Nations. A Practical Suggestion, London, 1918.

SOMERVELL D.C., Modern Europe 1871-1950, London, 1957.

SOPHOCLES S.M., A History of Greece, Thessaloniki, 1961.

STEED Henry Wickham, Through Thirty Years 1892-1922, London, 1924.

СТОЈАНОВ Петар, Македонија во времето на Балканската и Првата светска војна (1912-1918), Скопје, 1969.

СТОЈАНОВ Петар, Македонија во политиката на големите сили во времето на Балканските војни 1912-1913, Скопје, 1979.

SUTTON S.C., A Guide to the India Office Library, London, 1967.

TAYLOR A.J.P., English History 1914-1945, Oxford, 1965.

ТОДОРОВСКИ Глигор, Реформите на големите европски сили во Македонија (1829-1909), Т. 1, 2 и 3., Скопје, 1984.

ТОДОРОВСКИ Зоран, ВМРО 1924-1935, Скопје, 1997.

TODOROVIC Desanka, Jugoslavija i balkanske drave 1918-1923, Beograd,

ТОДОРОВИЌ Десанка, Проблеми на разграничувањето меѓу Кралството СХС и Република Албанија кај манастирот Свети Наум.- Гласник на ИНИ, г. XX, бр. 1, Скопје, 1976.

TOPALOV Vladislav, Restoration of Anglo-Bulgarian diplomatic relation after World War One (November 1919-December 1920). - Etudes Historiques, t. XII, Sofia, 1984.

ТОПАЛОВ Владислав, Посешението на Александър Стамболийски във Великобритания.- Изследвания по българската история, кн. 3, Външната политика на България (1879-1944), София, 1978.

ТОПАЛОВ Владислав, Приемането на България в Обшеството на народите.- Известия на Института за история, БАН, т. XXVI, София, 1983.

ТУПУРКОВСКИ Васил, Обединетите нации и мирот, Скопје, 1982.

FAVIER Jean, Les Archives, Paris, 1959.

A HANDBOOK of Macedonia and Surrounding Territories, London, 1916.

HASLUCK E.L., Foreign Affairs 1919 to 1937, Cambridge, 1938.

HRABAK Bogumil, Sile Antante i Sjedinjene Americke Drave prema Bugarskoj 1915-1918, Vranje, 1990.

HRISSIMOVA Ogriana, La Societe des Nations et les Balkans (1919-1939). Les frontieres et les minorites.- Etudes balkaniques, No 1, Sofia, 2000.

ХРИСТОВ Александар Т., Македонија на Париската мировна конференција (1919) и македонската политичка мисла.- Прилози за историјата на македонската политичка мисла (1878-1919), Скопје, 1982.

ЦВЕТКОВ Пламен, Европейските сили, Балканите и колективната сигурност 1933-1935, София, 1990.

ЧЕПРЕГАНОВ Тодор, Британската управа за специјални операции (СОЕ) во Македонија: Британските воени мисии во Македонија (1942-1945), Скопје, 2001.

ЧЕПРЕГАНОВ Тодор, Велика Британија и македонското национално прашање (август 1944-1948), Скопје, 1997.

ЧЕПРЕГАНОВ Тодор, Судирот на британските и германските интереси на Балканот во текот на Втората светка војна, Скопје, 2000.

ШАНДАНОВ Петар, Спомени, Скопје 2002.